Алдо Климан

НЕ СИ ЈА ДАВАМЕ МАКЕДОНИЈА!

Додека Заев сееше лудило, а ние жнеевме пелин

SAMIZDAT
not censored

Прво, *e-book* издание, 2023
© Алдо Климан
URL: https://asnom.mk/

Ликовно-ѓрафичко решение на корицата:
Ласко Цуровски

Фотоѓрафија на корицата:
Дарија Андовска и македонски полицаец
Автор на фотографијата: Сашо Дамовски ©

Алдо Климан

НЕ СИ ЈА ДАВАМЕ МАКЕДОНИЈА!

Додека Заев сееше Лудило, а ние жнеевме Пелин

Република Македонија

15 јануари 2019 – 3 февуари 2023

SAMIZDAT
not censored

Сопствено издание: Алдо Климан, Пула, 2023

ISBN 978-953-48547-1-6

Содржина

17 // Иста птица „сос две глави“
19 // Хунто, спиј со отворени очи!
22 // Ab absurdo usque ad absurdum
30 // Не враќајте ме на нивата од која сум црпнат
35 // Со Заев до Троедна Голема Албанија
43 // Не, нема одјавување, Алек! Ти неизмерно ни требаш!
47 // Заев се Обиде да го „касне“ папата Франциск
55 // Или МК веднаш во ЕУ – или Европската Унија ќе биде изолирана
57 // Вадење на каменот на лудоста
62 // С’ поплакует чалам-Заев
63 // „Блескотен пример“ на европско-заевско фразирање
69 // Венко Андоновски без компас во заевското мртво море
80 // Преспанскиот договор ќе оди на ѓубриште
91 // Претсмртна политичка агонија на Зоран Заев
100 // Распит, притвор и робија за Русковска, Јовески и Заев!
105 // „Правдата во Македонија денес е грда како Вилма“
110 // Неколку илинденски пораци до македонскиот народ
112 // Политичка Содомија и ментално Бунило!
119 // Најсвежи фејк њуз од Северџанија и од ЕУ
121 // Монструозна политичка анестезија и отров до смрт
127 // За која цел се бори Таки Фити?
130 // Македонија во бестежинска состојба
146 // Голем ден за европското слободарство
151 // Дајте ни „датум“, ама во март! Во март! Во март!
160 // До македонските „граѓани од втор ред“
162 // Македонија е како фиќо – се пали со туркање
169 // За глупоста – само небото е граница

176 // Висок дострел на северцанската дај-газ филозофија
184 // Отворено писмо од Волтер до белообразната Б'лгарка Екатерина Захариева
189 // Час по Марко Цепенков – Online
191 // Жбогар, тргни го коленото – не можеме да дишеме
195 // Суви гурабии како амбасадорски афродизијак
200 // Неподнослив мачна колумна
207 // Нова етно-фашистичка „албанска платформа" на ДУИ
211 // Ms. Byrnes, Go Home!
218 // Бугарскиот наци-фашизам среде Европската Унија
224 // На Заев втора Нобелова *наѓрда* за етноцид
228 // Силите на Оската пак заедно
232 // Идиотите никогаш не се откажуваат
238 // Отворено писмо до Урсула Фон дер Лајен & EU--Company
243 // Писмо до Јане Ченто
250 // Тероризам и патриотизам
261 // Македонија во индуцирана кома
265 // Речник на македонските табу-теми: Слобода
266 // Отворено писмо до петмина истакнати европски политичари за ослободување на политичките затвореници во Република Македонија, осудени за настаните од 27 април 2017 година
271 // Речник на македонските табу-теми: Баучи
272 // Речник на македонските табу-теми: Индоктринација
274 // Порака од уставобранителите до уставоништителите
275 // Речник на македонските табу-теми: Омраза
279 // Речник на македонските табу-теми: Љубов – Република Македонија
281 // Речник на македонските табу-теми: Уставобранители

283 // Речник на македонските табу-теми: Големоалбанци
288 // „Ало, ало! Овде Земја!“
294 // Социјалдемократура во „фамилијата“ на дон Заев
298 // Раните на Македонија
300 // Против наци-фашистичката политичка стерилизација на македонскиот јазик
303 // Мисирот Бојан Маричиќ: „Од лајно судења преминуваме на онлајно судења“
306 // Борбата за македонските уставобранители продолжува!
308 // Од Заев нема никој да нѐ ослободи. Тоа мораме да го сториме ние самите.
312 // По 101 пат: нема ништо од започнување на преговорите со ЕУ
314 // Продолжува решавачката борба за Македонија!
317 // Народот се подготвува за промена на власта
319 // Кадровско зуење во маларичното легло на заевските комарци
321 // Без зборови
323 // Речник на македонските табу-теми: Разочараност
330 // Чекајки го „јуни“, кога нема ништо да се случи
332 // Помодноста на ЕУ-корсетот
334 // Отровниот мед од устата на Румен Радев
336 // Али Ахмети: големоалбански изненадувања (п. 005)
337 // ЕУ-тресигора и муртинскиот стаорец
341 // Накусо за малигното „зеленило“ на Али Ахмети
343 // Заев, нонпејпери, промени на границите
345 // По повод црната листа на конквистадорот Џо Бајден
347 // Манифест на слободата
352 // Конквистадор (п. 007)
353 // Македонија, нашиот изгубен алем-камен

355 // Одличните и обичните / мудреците и политичарите
357 // Пренасочување на историјата
360 // Душманот нема ни уши, ни очи (п. 008)
361 // До кога ќе слушаме бесмислици?
363 // Османи предлага, Заев процесуира
365 // Македонски писатели (2017 – 2021 година) (п. 011)
366 // ЕУ – расадник на „генијални македонисти“
367 // Испорачување (п. 012)
368 // Историски важна изјава на Мицкоски во Брисел (п. 013)
369 // Десетте заповеди на ЕУ (п. 014)
370 // Бал на злосторничките сеништа над Македонија
372 // Визитација на балканската колонија „РСМ“
377 // Порака до сите македонски синдикати и до работничката класа на Македонија
380 // Европското знаменце (п. 016)
381 // Нема слободна Македонија – нема Вестфалски мир!
382 // Има само еден начин...
387 // Неизлечливо (п. 018)
388 // Зошто го дозволивме тоа? (п. 019)
389 // Кумановски мез'л'к
391 // Меѓу најмрачни злосторници не се бира помало зло!
393 // Заев падна, но заевизмот не е поразен
396 // Преспанскиот договор е нацистички злосторнички документ
398 // Само поинаква номенклатура (п. 032)
399 // Беда на политичката филозофија (п. 033)
400 // Веслачи и пливачи (п. 034)
401 // Името посилно свети! (п. 035)
402 // Предвремени парламентарни избори
404 // Опасна воена реторика на губитничката ДУИ
407 // Големогрчка глупост на квадрат

408 // Асномска Македонија (п. 040)
408 // „Мало сутра“ (п. 041)
409 // Подвоена личност (п. 043)
410 // Дипломатски погон (п. 049)
411 // Споделена „државничка мудрост“ (п. 052)
412 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 1 (п. 053)
412 // Лидерите на ЕУ во паника (п. 054)
413 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 2 (п. 056)
413 // Политички самовозбуди (п. 057)
414 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 3 (п. 058)
414 // Актуелно од Брисел (п. 059)
415 // Стабилизација (п. 060)
416 // Заев ја отвора Европа како пупка
417 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 4 (п. 061)
417 // Авторитетот на Рецепи на проверка (п. 062)
418 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 5 (п. 064)
418 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 6 (п. 068)
419 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 7 (п. 069)
419 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 8 (п. 071)
420 // Што точно рекол Макрон? (п. 073)
420 // Утешение грешним (п. 074)
421 // На вистинската страна (п. 075)
422 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 9 (п. 079)
423 // Не... non... jo... (п. 080)
424 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 10 (п. 081)
424 // Секој петок оставка (п. 082)
425 // СДСМ го дава – ДУИ не го дава (п. 083)
425 // „Апсорпција“ (п. 084)
426 // Октроираниот (п. 085)
427 // Куртоазни политикантски „лекови“ (п. 086)
427 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 11 (п. 087)
428 // Хичкок: „Крик на стравот“ (п. 089)

428 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 12 (п. 090)
429 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 13 (п. 093)
430 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 14 (п. 094)
430 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 15 (п. 095)
431 // Датум (п. 096)
431 // Мартинки (п. 097)
432 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 16 (п. 098)
432 // Кризна состојба до крајот на Светот (п. 101)
433 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 17 (п. 102)
434 // Размена на итни депеши (п. 104)
435 // Ајвангарда (п. 105)
436 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 18 (п. 106)
437 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 19 (п. 108)
438 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 20 (п. 111)
439 // Квислингот Заев и големолбанецот Гаши – јазол од лудило и злоба
441 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 21 (п. 115)
442 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 22 (п. 119)
443 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 23 (п. 120)
444 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 24 (п. 121)
445 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 25 (п. 122)
447 // За Новата иднина и за Моторот
448 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 26 (п. 123)
449 // Хаос од кич ЕУ-датум календари (п. 124)
451 // Судбоносен брифинг на Заев (п. 126)
452 // Големо ЕУ-„НЕ“ (п. 127)
453 // ЕУ-бројчаникот на Рецепи 27 (п. 128)
454 // Какво значење има зборот „доктрина“ во политичкиот речник на доктринарот Мицкоски?
455 // Муволовка (п. 131)
456 // ЕУ-религија
458 // Столб

459 // Танц на политичките мртовци (п. 134)
460 // Само природниот мед е добар
466 // „Он лајно“ Маричиќ „мисли“ (п. 135)
467 // За жал, наскоро ќе има војна
468 // Милитаризацијата на Украина опасно го загрозува мирот во Европа и во светот
472 // Државата е трајно „во сигурни раце“
478 // „Елитна“ политичка импотенција (п. 138)
479 // Кутро „Таче“
483 // Ајде да си ја вратиме Македонија дома!
486 // Аирлија идејата, господинер Мицкоски
489 // Весела математика
491 // Бедна лудачка прегратка на два френетични фанатизми
493 // Прочитаниот „Mein Kampf“ од Бујар Османи
498 // Политичкиот бугарско-македонски цепелин
500 // Цинизмот на украинската војна, или војна на светските олигарси
510 // Меѓународи прематари (п. 143)
510 // Превисока цена за ЕУ (п. 144)
511 // Дипломатија со задоцнето палење (п. 146)
512 // „НАТО-територија“ (п. 147)
513 // Околу поимот „Територија на НАТО“ (п. 151)
514 // Дрвеното железо на ЕУ (п. 152)
515 // Систематично Зло (п. 156)
516 // „Едно општество за сите“ (п. 158)
517 // Заев ги „стабилизираше државата и патријата“ – сега Мицкоски го „стабилизирасветот“ (п. 160)
518 // Инфлација од Нобелови награди (п. 161)
519 // Дистинкција (п. 163)
519 // Северџанскиот идиотски слоган: „Свршена работа“ (п. 169)

520 // Кај е и што прави д-р Људмил Спасов?
522 // Две забелешки до Алфа ТВ
524 // Штрајк на просветните работници (п. 172)
525 // Патот кон ЕУ (п. 176)
526 // Nazi-Faschismus redivivus
528 // Бугарските барања и предлогот на Макрон
529 // Слогани
530 // Феномен (п. 184)
531 // Измама! Измама! Измама! (п. 185)
532 // Основната грешка (п. 195)
532 // Неостварлива фантазија (п. 198)
533 // Отровна „љубов“ (п. 200)
534 // Голема и мала политика (п. 203)
535 // Небиднина и Злодоба (п. 204)
536 // Опасни градежници: бетонираат и брусат (п. 205)
537 // Во престолнината на администраторите (п. 206)
538 // Квази-интелектуална клизма без крај! (п. 207)
539 // Људмил Спасов и бугарскиот фашистички Протокол (п. 208)
540 // Бесрамност без граници (п. 209)
540 // MONSTER (п. 210)
541 // Слобода за Јане Ченто! (п. 211)
541 // Џелати на Македонија (п. 212)
542 // Саможртва
547 // Оставка за нео-сталинистичката вештерка во XXI век! (п. 213)
549 // „Мајчини писатели“ (п. 214)
550 // Митологија и митоманија на неуспехот (п. 215)
552 // Парадокс (п. 216)
553 // Македонска криптобиоза (п. 217)
555 // Македонско политичко земјоделие (п. 218)
557 // „Задолжителна солидарност“ (п. 219)
559 // Две мафии и македонската национална агонија

На Гоце Делчев
најголемиот син на Македонија
и на македонскиот народ

НЕ СИ ЈА ДАВАМЕ МАКЕДОНИЈА!

Колумни, апели, реагирања, одбрани постови
(15 јануари 2019 – 3 февруари 2023)

15 јануари 2019

ИСТА ПТИЦА „СОС ДВЕ ГЛАВИ“!

Хистеричната врева и простачко кокодакање што ечи од велепредавничкиот и окупаторски кокошарник на партнерското акционерско друштво со натпис (со само две самогласки, поради што тешко се дише!) „СДСМ-ДУИ“, во кој на сите страни летаат пердуви околу тоа чии се всушност пердувите со кои се китат и примитивно се перчат и едните и другите заевско-големоалбански петли по незаконското „озаконување“ на „Законот за јазиците“, најсилно ја надвреска врескавиот компартиец Мухамед Зекири со пораката до ДУИ да не се кити со туѓи пердуви, бидејќи за „Законот“ била заслужна партијата на Зоран Заев.

Јас, пак, во намера да припомогнам во смирувањето на тие мрачни злодуси и на тој нивен крајно пријателски, граѓански, кокошарски меѓуетнички дијалог, го информирам ид(н)иот божемен консензуален претседател на „Северџанија“ Мухамед Зекири, кој очигледно воопшто не се разбира во науката за птици – орнитологија, дека пердувите кои предзвикаа толкава велепредавничка полемика се всушност пердуви од задникот на еден ист вид птица „сос две глави“, за што впрочем сведочи и познатата македонска народна песна „Црна птица сос две глави“ што ја приложувам на наредната страничка, и која наскоро ќе биде калиграфски изгравирана на две табли со европско знаменце, по една за секоја од страните во оваа крајно природно и емотивно, граѓански, наднационално трајно неразделна заевско-големоалбанска коалиција.

ЦРНА ПТИЦА СОС ДВЕ ГЛАВИ
или песна за Шарен-паша

Ајде ред се редат, мале, црните пучисти,
компартијци, мале, с' големоалбанци.
На чело им седит, мале, Зијадине Села,
до него ми седит, мале, Талат Џафер беѓот,
а до него, мила мале, Зоран-паша Заев.
Кафе пијат, молчат молкум, јадат шеќер-локум.

Проѓоварат црни Заев: „Нема, бре, Платформа,
Хуриет ви давам, браќа, с' мојава Проѓрама".

Одѓоварат Села јунак: „Не лудувај, Зоран-паша!
Ферман дојде од Тирана, Тирански тефтери,
ти ни даде љута беса – Хуриет за златна кеса!"

Збор збореа за барјакот в одајата на спикерот.
Тивко шепнит Шарен-паша: „Ако зѓрешил Џафер беѓот,
ќе си тргне црвен барјак со орелот сос две глави".

Се намурти Џафер беѓот: „Заев-паша, Шарен-паша,
од Муртино сарај-село с високи чардаци,
дилми бевме црни браќа при државен удар,
ме преѓрна, прв ме ѓушна, од синија не те делам.
Како сеѓа така збориш: Ако зѓрешил Џафер беѓот?
Добро да си чуваш, Заев, овој орел сос две глави!
Едната е моја, другата е твоја! Слушај што ти велам."

15 јануари 2019, Република.мк Online
Иста птица „сос две глави"!
https://republika.mk/kolumni/ista-ptica-sos-dve-glavi/

20 јануари 2019

ХУНТО, СПИЈ СО ОТВОРЕНИ ОЧИ!

Гора̄та т̄рае, не збори.
Ко̄га би г̄ора зборела
не би ја секла секира,
нӣт' би ја с̄тада г̄азеле.
(Македонска, народна)

За Црните фашисти и бесните пци

Македонски народе, бесните пци се многу опасни! Секој ден читаме за нивните крвави напади врз граѓаните, неретко со кобни последици.

О, да, и Црните Фашисти се ужасно, ужасно опасни! Така и за нивните постојани бесни напади врз граѓаните и врз граѓанските права и слободи секој ден дознаваме од неколкуте сѐ уште слободни домашни медиуми.

Но треба да се знае дека збеснатите Црни Фашисти се многу, многу поопасни од бесните пци! Зашто, кутрите кучиња збеснуваат поради негрижа и недостиг од човечка љубов и внимание. Црните Фашисти, пак, се Црни Нелуѓе збеснати од пусто аздисување и длабока патолошка омраза што не им е позната на невините животни.

Најголемиот број обични луѓе од сосема разбирливи причини се плашат од бесните пци и од збеснатите Црни Фашисти. И тоа е многу разумно; претпазливоста е нужна, зашто со тие безобзирни ѕверишта нема шега.

За среќа, има и такви луѓе што воопшто не им се плашат. И тоа е добро. Зашто, инаку, кој би ги ловел бесните пци по

запуштените улици на Скопје и низ другите градови на Македонија...

... И кој би им правел злосторнички профили на безумните, збеснати Црни Фашисти, за да не можат мирно да спијат, и за сторените злосторства кон народот и татковината никогаш да не можат да ѝ избегаат на правдата?

Во секој случај, за нив нема ловостој!

Бесните кучиња во шинтерај!

Фашистите, пак: профилирање, фаќање, па на суд и во затвор кај „командирите“!

За прекрасниот слон и за бедниот црвец

Во еден убав патеписен документарец снимен во индијската провинција Керала, еден махут (mahout), дресер и водач на индиски слонови (лат. Elephas maximus), му раскажува на авторот на емисијата:

„Погледнете го ова прекрасно, достоинствено, божествено царско суштество, големо и моќно, 6 метра долго и 5000 килограми тешко. Да сака, веднаш може да нè смачка, на самото место да нè сотре, од нас ни ковче да не остане. Но тоа убаво суштество, благородно и трпеливо, како и народот, има (до)верба. А погледнете ме сега мене, најобичен, мал, беден човечки црвец, видете што сè, какви бесмислици сега ќе му наредувам да прави и тој тоа покорно ќе го извршува“.

И махутот му наредува на слонот да клекне на колеици – и слонот клекнува, да легне – слонот легнува, да се тркала низ прав – и слонот се тркала низ правта, да се валка во кал – и слонот се валка во калта, па потоа да стане, да дограби и да искорне цело едно огромно стебло и со него да мавта лево-десно, горе-долу, да го носи напред-назад. Најпосле махутот му наредува на слонот внимателно да го земе него со сурлата

и да го качи на својот врат – и така махутот, тоа мало човечко црвче, му заседнува на вратот, го вјавнува импозантниот, божествен индиски слон и го тера да оди ваму-таму, онаму кај што сака тој, неговиот господар, а не кај што би сакал да оди слонот, тоа преубаво, раскошно и моќно, но благородно и трпеливо суштество.

Ете, така е и со бедните и ништожни Црни Црвци во власта: му прават на народот сè што ќе им падне на ум, го тераат до бесвест да се понижува, да коленичи, да се валка во калта, а тој, пак, обесхрабрен и несвесен за својата духовна убавина и благородност, за својата неизмерна големина, и вистинска сила и моќ што ги поседува – само си трпи, и трпи, и трае.

Но, мил мој македонски народе, разликата помеѓу првиот и вториот случај, со индискиот слон и човечкиот црвец, и народот и власта, е во тоа што махутот најискрено си го сака, го почитува и го обожава својот прекрасен пријател – слонот, а пак ступидната Црна Црвлива Власт длабоко го презира и го потценува својот народ, и не помислувајќи дека, за разлика од слонот кој живее според своите инстинкти, народот сепак размислува за тоа што секојдневно го гледа со свои очи, се буди од летаргија, се ослободува од бесмисленият зададен страв, просудува со својата сопствена глава, и одлучува еднаш засекогаш да се справи со бедните и одвратни фашистички, гнасни, Црни Црви, што се накотиле и паразитски смртно го разјадуваат.

Народот е посилен од Црните фашистички Црви!

20 јануари 2019, Република.мк Online
Хунто, спиј со отворени очи!
https://republika.mk/kolumni/hunto-spij-so-otvoreni-ochi-makedonija-e-polna-disidenti-do-seka-porta-disident-vo-seka-kukja-disident/

3 февруари 2019

AB ABSURDO USQUE AD ABSURDUM
Џонатан Свифт до Алдо Климан

Драг и почитуван пријателе,
одамна не си разменивме писма; јас овде, сериозно загрижен поради циркусот околу брегзитот и ирско-британската граница, а ти, пак, заради надреалните состојби во и околу твојата благородна и прекрасна татковина Македонија. Но, кога малку се замислив и ја одмерив тежината на нештата, сфатив дека тоа што се случува таму долу кај вас е навистина толку небулозно и неверојатно, а притоа одовде, од далечниот север, и сè појасно се гледа, па решив да го баталам брегзитот, и со тебе во ова писмо да ги споделам своите размислувања во врска со страшните, вознемирувачки вести за настаните во Македонија, што не да се граничат со лудило, туку претставуваат најординарно оживотворено општествено-политичко лудило без преседан. Затоа те молам да не ми замериш што на писмово му дадов наслов Ab absurdo usque ad absurdum (Од глупоста до бесмислата), но за тој нецивилизациски ужас под диктаторскиот режим на ултра-примитивецот Заев, со кој се потсмева и се подбива целиот свет – ужас низ кој минува мојот пријателски македонски народ, навистина не можев, а искрено, и не се ни обидував да пронајдам никакви еуфемизми.

Еве, штотуку во даблинскиот печат ги прочитав новинските известувања за завршниот збор на обвинителката Вилма Русковска во случајот на прочуениот македонски оперски пејач со светски глас Игор Дурловски, голем македонски патриот и достоинствен уставобранител, во кој таа за него бара најмалку 10 години затвор за кривично дело „терористичко загрозување на уставниот поредок“.

Е, толкава човечка злоба и толку искажани глупости на едно место не се голтаат ни со најфино инквизиторско рицинусово масло. Се разбира, глупоста и идеолошко-политичкото лудило се прашања на внатрешниот индивидуален психо(тично)-социјален хаос на секој поединец, па секако така е и во нејзиниот случај. Но овде сепак станува збор за работи кои се сосема инкомпатибилни со правната реалност на новосоздадената држава Република Северна Македонија, во која, нели, од пред неколку дена, сите нешта започнуваат од чиста нула (0), па така и востановувањето на правниот систем на таа и таква новоизмислена вештачка државна чорба-творба.

Но, подобро е со наведувањето на глупостите и толкувањето на постапките на обвинителката Русковска во случајот на Дурловски да почнам веднаш и да одам по ред.

–Пред сè, обвинителката Вилма Русковска сосема евидентно во моментов нема ама баш никакви компетенции да води таков судски процес. Не мислам притоа на нејзините квалификации, зашто верувам дека завршила некакво соодветно образование според старите и застарени критериуми во бившата застарена и сега погребана држава Република Македонија штом дотуркала до таков статус. Но, да се разбереме, таа сега веќе не живее во некогашната Република Македонија, туку во модерна евро-атлантска Република Северна Македонија, па се поставува прашањето каде, во која држава таа се здобила со својата диплома врз основа на која е вработена како обвинител? Ако тоа било во таа бивша застарена држава Република Македонија, па и да било и на некое друго место, госпоѓата обвинителка Русковска денес едноставно нема признаена, нострифицирана диплома за Република Северна Македонија, бидејќи во таа новоизмислена држава, стара неколку дена, сè уште нема донесено ни Пропис или Закон за нострификација на документите од таков вид, што, впрочем, би било невозможно веќе и со самото тоа што сè уште не се напишани ни граматика ни правопис

на новиот „северномакедонски“ јазик, а старата „Граматика на македонскиот јазик“ од Блаже Конески и вистинскиот, официјален „Правопис на македонскиот јазик“ во таа нова држава, поради придавката „македонски“ веќе не важат. Тоа едноставно значи дека таа госпоѓа Русковска всушност работи на диво, како најобичен надри-обвинител, што е најстрого казниво по разни основи, меѓу кои и по основа на давање лажни податоци за својот професионален идентитет.

– Понатаму, угледниот оперски пејач со интернационално реноме Игор Дурловски, на кој лудаците со мемлосан средновековен ум му судат, е обвинет и уапсен во Република Македонија, а судскиот процес се одвива во новата вештачка државна творба Република Северна Македонија. Колку што на целата светска јавност ѝ е познато, таа Република Северна Македонија досега не побарала официјално од бившата погребана правна држава Република Македонија екстрадиција, како што тоа се прави во такви случаи, т.е. предавање на обвинетиот Дурловски во рацете на правдата на Република Северна Македонија, зашто, нели, станува збор за две сосема различни држави, со различни устави и внатрешна и меѓународна дефиниција. Тоа значи дека за потребите на квинслишката власт и за идеолошката и психо(тично)-социјална реализација на надри-обвинителката Русковска угледниот пејач Игор Дурловски е буквално грубо, криминално киднапиран од бившата држава Република Македонија и, спротивно на неговата волја и на меѓународното право, префрлен во Република Северна Македонија, за што и Република Северна Македонија, а и надри-обвинителката ќе сносат тешка одговорност и ќе им се суди за кривично дело бесправно одземање на слобода, и според домашните и според меѓународните закони.

– А сега следува апсурдот над апсурдите. На храбриот и достоинствен уставобранител и светски славен оперски пејач Игор Дурловски му се суди за тероризам и уривање на уставни-

от поредок на државата Република Македонија. Сосема изгубена во хаосот на своето идеолошко-политичко лудило надри-обвинителката Русковска, опиено задлабочена во дудушовската рекла-кажала правна аргументација со која таа има намера еден чесен македонски граѓанин и патриот да го набута во зандана на најмалку десет крвави години, воопшто и не забележала дека за сето тоа време, зад нејзиниот обвинителски грб, а надвор од хаосот на нејзините шашардисани мисли, се случува нешто страшно, всушност, дека токму нејзиниот налогодавател, велепредавник и национален терорист бр. 1, Зоран Заев, на сите страни, низ Македонија, по странските амбасади, во други држави и во воени алијанси, држи „пламени говори" за уривање на уставниот и државно-правен поредок на Република Македонија и за создавање новоизмислена вештачка државна творба Република Северна Македонија. Грчовито зафатена со „спасувањето" на Република Македонија од невиниот Игор Дурловски кој, како и безброј искрени бранители на својата единствена татковина, стори сè за да ја спаси Република Македонија од квислиншката и големоалбанска клика на Заев, госпоѓата надри-обвинителка Вилма Русковска едноставно не успеа ни да види ни да сфати дека, додека македонските уставобранители, а со нив и угледниот оперски пејач со светски глас, Игор Дурловски, гниеја во затвор, чекајќи ја нејзината правна зае*анција, всушност требало Република Македонија да ја спасува токму од Зоран Заев и од неговата гангстерска компанија, т.е. веднаш да го уапси Заева со целата банда и да им суди за тероризам и уривање на уставниот и државно-правен поредок на Република Македонија. Па не ги потпиша Игор Дурловски капитулантските тапии: Договорот со Бугарија, Законот за албанскиот јазик и Преспанскиот договор! Не го раскопачи и не го менуваше Дурловски Уставот на унитарната држава Република Македонија, бришејќи ја од лицето на светот и претворајќи ја во некоја нова двенационална држава

Република Северна Македонија! Е, на тие гангстери и терористи што го направија тоа требаше будно да пази и да внимава надри-обвинителката Русковска! Да беше така, државата Република Македонија би била спасена, а на надри-обвинителката не би ѝ била потребна нострификација на нејзината застарена диплома од страна на вештачката државна творба Република Северна Македонија, и притоа уште преведена на некој непознат „северномакедонски" јазик. Од горе наведеното, сосема јасно и недвосмислено се гледа дека именуваната надри-обвинителка не си ја вршела совесно својата работа, апсејќи невини луѓе, а оставајќи ги на слобода терористите и уривачите на државата. Затоа, прва очекувана санкција за таа непрофесионалност со што е загрозен уставниот и државно-правен поредок на Република Македонија е Вилма Русковска веднаш безусловно да добие отказ од работа, а против нејзе Република Северна Македонија да покрене кривична постапка. Знам дека можеби тоа звучи малку чудно, но на новата вештачка ступидна творба Република Северна Македонија, која во овие неколку кутри денови на своето постоење од сè срце „се бори" за владеење на правото, никако не ѝ е прифатливо тоа што поради неодговорноста на една обична надри-обвинителка, која денес дава обвинителски услуги дури и без нострифицирана северномакедонска диплома, безобзирно е урнат и изгаснат уставниот и државно-правен поредок на една невина, благородна, меѓународно признаена земја – Република Македонија.

– Лудилото и надри-професионализмот на надри-обвинителката Вилма Русковска немаат крај. Имено, на Игор Дурловски му се суди за тероризам затоа што во Собранието на Република Македонија пламено ја пеел македонската национална химна „Денес над Македонија се раѓа ново сонце на слободата". А истовремено, човек да не поверува! – слободно си се шета и големоалбанчува низ Македонија човекот што во македонскиот законодавен дом ја пееше химната на друга, туѓа држава. И на-

место да биде спротивно, веднаш да се уапси и да му се суди на тој распеан големоалбанец за тој недвосмислено антиуставен и антидржавен чин, за тој чин на пламнато антидржавно пеење на странска химна во македонскиот Парламент, што претставуваше очигледен и најжесток повик за загрозување и уривање на уставниот и државно-правен поредок на Република Македонија, и наместо да им се суди на сите оние што го извршија безобѕирниот државен удар на 27 април 2017 година, на чело со повеќекратниот воен конвертит, лажниот спикер Џафери, кој веќе утредента дрско го забоде освојувачкото албанско знаме во срцето на македонската законодавност, Собранието – е уапсен, фрлен во зандана и му се суди на Игор Дурловски, на храбриот и достоинствен уставобранител и државобранител на Република Македонија, кој – да пукнат душманите! – веќе на голема врата е влезен во историјата како непоколеблив македонски патриот кој, со својот моќен и сугестивен, уметнички посведочен глас, практично беше последниот Македонец кој ја пееше македонската национална химна во тогашното, сè уште постоечко Собрание на слободна Република Македонија.

Драг мој и почитуван пријателе и брате по перо, ете, со вакви црни размисли за тоа невидено лудило денес тагував со сите вас на кои една бедна група криминалци и терористи ви ја откраднаа, на туѓински ѓубриња ви ја предадоа и ви ја продадоа државата Република Македонија, а ступидно и надреално, во име на таа на сила потоната држава, госпоѓата надри-обвинителка Русковска му суди на Игор Дурловски, и тоа во една сосема друга, само неколку дена стара држава, па така на досието на воведниот судски спис за Дурловски сè уште стои името Република Македонија, додека во пресудата, каква и да биде, ќе стои „Во името на Република Северна Македонија...“

Те молам затоа, од мое име и од името на сиот цивилизиран свет, порачај ѝ на предметната надри-обвинителка ВР, да не се бламира веќе вака бедно, зашто сите ѝ се смеат, и веднаш да

го ослободи Игор Дурловски, тој вдахновен македонски маж-славеј, да пее, да ги усреќува и да ги развеселува своите најмили, но и сите љубители на вечната класична музика низ целиот свет, а на сите Македонци, кај и да се, онака вдахновено како што знае, да им ја пее славната македонска национална химна „Денес над Македонија се раѓа ново сонце на слободата“.

Порачај ѝ на таа надри-обвинителка дека таа и целата заевска криминална братија сега привремено имаат сила да му го затворат телото на Дурловски, но ниту таа, ниту сите заевски дивјаци немаат и никогаш нема да се здобијат со таква сила и моќ да го затворат Духот – ниту Духот на македонскиот маж-славеј Игор Дурловски, ниту Духот на достоинствениот македонски народ.

Драг мој и почитуван пријателе, ете, толку за денес. Чувајте се од тие тамошни будали и бездушници!

Ти пожелувам добро здравје и длабока вдахновеност во твојата лична и во вашата (и наша) заедничка македонска борба против ова невидено правно кравјо лудило и зло.

Твојот Џонатан Свифт

Post Scriptum

Почитувани читатели, писмото од истакнатиот ирски писател и мој долгогодишен и длабоко почитуван пријател Џонатан Свифт овде го донесов интегрално, без какви и да интервенции и скратувања. Ја исфрлив само неговата забелешка во пост-скриптот, во која ме моли, по прочитувањето, писмото веднаш да го уништам за да не им падне в раце на ступидната заевска полиција и на актуелните домашни јавни обвинители, кои и натаму селективно, според заевскиот терк, си апсат или приведуваат на распит, особено за „пламени патриотски говори и пишувања, како и за пламено пеење на македонски песни“ што, според нив, претставува недвосмислен говор на омраза кон црните грчко-бугарско-големоалбански пријатели на велепредавникот Заев.

3 февруари 2019, Република.мк Online
Ab absurdo usque ad absurdum
https://republika.mk/kolumni/ab-absurdo-usque-ad-absurdum/

24 април 2019

НЕ ВРАЌАЈТЕ МЕ НА НИВАТА ОД КОЈА СУМ ЦРПНАТ

Кандидатот за „Орвелова награда“ за етноцид на сопствениот народ, за надреално велепредавство, незапомнето во светската историја, за цели тони и тони бесрамни лаги и измами, безочна корупција и непотизам во власта без срам и перде, како и за меѓународно признание за аболициран криминалец со тапија Зоран Заев, со големата буква „П(откуп)“ на челото, со сета негова квислиншка и големоалбанска, шарена и сосема партизирана братија, сега, по евидентниот потоп во првиот круг на претседателските избори („паника, тонем попут Титаника“ – Ѓ.Б.), имаат една нова ступидна мантра. Како расипани грамофони повторуваат: „Не смееме да дозволиме враќање назад!“

„Ах, многу згрешивме“, цимолат наоколу заевистите, на чело со својот премиер и министрите. „Вие сега на изборите ни одржавте лекција, нè предупредивте, и веднаш ја сфативме вашата порака, ќе метеме, ќе правосмукаме, по изборите тоа никогаш веќе нема да се повтори; ве молиме гласајте за нашиот candy кандиран кадидат! Да, да, ептен, ептен многу ни требаат и сите гласови на Река! Мораме да ја спасиме државата! Не смееме да дозволиме враќање назад!“

Оваа супер-паника, оваа супер-психотичност на заевистите навистина ни кажува многу за тоа колку се свесни што ги чека наскоро, но сепак да направиме и ние една кратка анализа на таа нивна нова шок-хистерија, зашто тука има и интересни работи што би требало малку да се доразјаснат.

Прво, за која „држава“ овде воопшто станува збор?! И што значи она „назад“? Зашто, Заев го употреби само зборот

„држава“, испразнет од сите други национално-политички вредности, содржини и белези; така соголен, зборот „држава“ е премногу широк, или уште поточно, премногу тесен и тенкичок поим, особено кога така бедно и лигаво се моли за помош на сите страни, па дури и од оние што ниту сакаат да го видат, ниту да го чујат, а не да му ги даваат своите скапоцени политички гласови.

Затоа еве ги можните критички читања на тоа негово „супер-државничко“ однесување:

Прво, општопознато е дека Заев под „држава“ си се подразбира само себеси, со својата велепредавничка и големоалбанска кримогена екипа што со „државата“ апсолутно си се идентификуваа и си прават сѐ што ќе им текне, па така мантрата „не смееме да дозволиме враќање назад“ за Заев буквално значи „не враќајте ме во село Муртино, на нивата од која сум црпнат. Овде во Владата ми е супер, затоа мораме да ја спасиме државата, која е – Јас!“

Второ, ако тој Заев и неговите потрчковци мислат на онаа пред неколку месеци насилнички измонтирана нова вештачка „државичка“, без национално-историски и културолошки корен во македонскиот народ, и тотално без смисла и значење, за која надуениот твит-др*ација Хан вели „како што ја нарекуваме новата Република С. Македонија“, – Заев воопшто да не се грижи, зашто таа, како најгруба, ’рѓосана шајка, цврсто и длабоко зачукана во тврдоглавозаевскиот дирек, никако не може да оди „назад“, зашто е заглавена на тоа исто место, а и дојдена е од „никаде“ и од „ништо“, па и нема каде да се врати „назад“; а пак за одење напред воопшто и да не зборуваме, зашто тој вештачки, квислиншки „државен“ гнас-производ претставува само најобичен, безличен, окупиран воено-политички протекторат, продаден и предаден на конзумација и целосна експлоатација на „големите пријатели“

на безобѕирната багра Заев, Шекеринска, Димитров, Ахмети, Џафери, Османи, Груби, и на сите тие фини „наднационални граѓани“ и „господа“ со „европски манири“ и со „европски знаменца“, и со сигурна иднина во Шутка.

Но тој северномакедонски граѓанин Заев и неговите северномакедонски лижачи на подот пред окупаторите, кога велат „не смееме да дозволиме враќање назад!“ всушност го мислат следново:

– „не смееме да дозволиме враќање назад“ на патот на демократијата што подмолно ја украдовме, ја поништивме со неуставни и незаконски постапки и узурпации на власта, и си ја претворивме во партитократска и кримогена диктатура

– „не смееме да дозволиме враќање назад“ кон вистинска правна држава, во која секој граѓанин ќе биде еднаков пред законот, и која нема да го познава поимот „политички прогон“

– „не смееме да дозволиме враќање назад“, и да му го вратиме достоинството на понижениот, навреден и изманипулиран македонски народ и секој поединец на кој на сите начини и во секој сегмент му е одземен личниот и национален суверенитет и интегритет

– „не смееме да дозволиме враќање назад“ кон слободата на татковината, во која со гордост и со крената глава, без страв дека ќе те уапсат, ќе се пее македонската национална химна „Денес над Македонија се раѓа ново сонце на слободата“

–„не смееме да дозволиме враќање назад“ и да си го вратиме поништениот македонски национален, културолошки и јазичен идентитет

– „не смееме да дозволиме враќање назад“ и сами да си ги пишуваме учебниците по историја, по мајчиниот македонски јазик и по нашето културно-историско минато

– „не смееме да дозволиме враќање назад“, та историјата да ја проучуваат и да ја пишуваат врвни научници, а не

дилетантски политичари и глупсони со сталинистичко-фашистоидни очила, кои како Заев знаат сè, и во сè совршено се разбираат: и во историјата, и во ајвар, и во јазикот, и во ајвар, и во демографијата, и во ајвар, и во културата, и во нашите национални традиции, и во ајвар, и дали во Втората светска војна Бугарите биле фашисти, и во ајвар...

– „не смееме да дозволиме враќање назад“ и да си бидеме духовно и на секој друг начин најцврсто поврзани со нашиот македонски народ во Егејска Македонија, во Пиринска Македонија, во Мала Преспа и Голо Брдо, и со сите сили да го помагаме нивниот општ развој и школување на сопствениот мајчин македонски јазик, како и негување на нивните столетни македонски национални традиции и обичаи

– „не смееме да дозволиме враќање назад“ па да не им дозволиме на грчките окупатори да им лепат на нашите историски споменици низ Македонија и по археолошките артефакти пронајдени на наша македонска почва и под нашето македонско небо ступидни, варварски плочки со налепници за некакво божемно елинско наследство, и дрско да ги преименуваат нашите аеродроми, автопати и стадиони

– „не смееме да дозволиме враќање назад“ и да се бориме против насилството над нашите изворни македонски брендови со кои ќе се перчат низ светот и на меѓународниот пазар ќе остваруваат профит црните непријатели на македонскиот народ и на македонската држава

– „не“, повторуваат квислингот Заев и неговите велепредавнички компањони, „никако не смееме да дозволиме враќање назад“, и слободно ERGA OMNES својата сакана татковина Македонија да си ја викаме со нејзиното вистинско и единствено можно и единствено природно и органски, низ тешката историја и столетни жртви и саможртви здобиено име РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Не, не, господине консензуален кандидату за „Орвелова награда“ од село Муртино, нашиот македонски народ и нашата македонска држава Република Македонија никој не може да ги врати „поназад“ од она колку што вие за само две страшни, хистерични предавнички години ги уназадивте и ги вративте назад цели 150 години, до тешките и црни времиња кога започнуваа најсложените решавачки национално-политички борби за афирмација на македонскиот национален идентитет, за создавање свој нормиран македонски литературен јазик и своја автентична и автохтона македонска култура, и столетната борба за создавање на сопствена национална држава.

Сите тие библиски искушенија ги помина македонскиот народ и со својата национална држава Република Македонија заслужено стана еден од меѓународно признаените и почитувани народи во светот, примен со најреспектабилни симпатии и пријателство, а вие, црн предавнички Јудо, само со неколку лудачки потези сето тоа мизерно го згазнавте и го поништивте.

Затоа македонскиот народ решително ќе си оди „напред“ кон Европа, истовремено одејќи „назад“ по своето национално Име и по своето национално Достоинство што вие така бедно го фрливте под нозете на нашите осведочени бескрупулозни непријатели. Да ни беа вистински пријатели, а не како што ви се „пријатели“ вам, тие на убав дипломатски начин ќе ви плукнеа в лице, како што, впрочем, цело време ви плукаа зад грбот, подсмевајќи ѝ се цинично на вашата надреална велепредавничка нискост и човечка беда.

24 април 2019, Република.мк Online
Не враќајте ме на нивата од која сум црпнат!
https://republika.mk/kolumni/ne-me-vrakjajte-na-nivata-od-koja-sum-crpnat/

30 април 2019

СО ЗАЕВ ДО ТРОЕДНА ГОЛЕМА АЛБАНИЈА

Додека се вее „муртинското велепредавничко знаме“ – над Македонија дрско ќе се веат и албанското и другите туѓински, освојувачки знамиња и знамења

На оној „супер невин“ големоалбански „фолклорист“ од големоалбанската политичка организација „Арбреши“ од Косово, што „од културно-уметнички причини“ ја нагрди со албанско знаме Самуиловата тврдина во Охрид, големо речиси колку самата таа, му е одредена петгодишна забрана за влегување во Македонија и протерување од државата. Казната е сосема заслужена но апсолутно незначителна, зашто сме навистина веќе не само изморени туку и дефинитивно згнасени од тој перманентен, примитивен, насилнички големоалбански освојувачки „фолклор“, и од тие големоалбански „фолклористи“ што подмолно и цинично танцуваат, и танцуваат, и танцуваат низ нашата татковина Република Македонија.

Се прашувам каква ли пак и колку голема казна, по паѓањето на валканата велепредавничка заевско-големоалбанска хунта, му следува на големоалбанскиот воено-политички конвертит со „европски манири“ и со „европско знаменце“ Талат Џафери, кој на еднаков таков насилнички „фолклорен“ начин, на 27 април 2017 година, со државен удар и со пеење на албанската химна во срцето на македонската државност, Собранието на Република Македонија, беше инсталиран за незаконски претседател на македонскиот парламент, и кој албанското знаме веднаш го „заводе“ на својата окупаторски запоседната „спикерска“ работна маса, кое оттогаш таму

„фолклорно“ се „вее“ како среде Тирана и Приштина, додека тој, еве, „културно-уметнички фолклорно“ си се подготвува за функцијата претседател на Република Македонија. Онаа кратенка „в.д.“ пак што евентуално ќе оди со тој највисок државнички прерогатив, всушност воопшто и не е важна, зашто на Балканот најпосле ќе имаме три држави со тројца албански „фолклорни“ претседатели, т.е. конечно во реалниот живот ќе ја имаме Троедна Голема Албанија. Се разбира, доколку македонскиот народ, аман, барем во овој последен, најтежок, решавачки момент за Македонија, не прогледа и не се свести дека е навистина премногу и доста, и оти мора, излегувајќи масовно на гласање во вториот круг на претседателските избори, да ја земе судбината во свои раце, да го покаже и да го искаже својот демократски потенцијал, да им одржи цивилизирана, граѓанска лекција на тие безобзирни крим-политички натрапници, и енергично да му стави крај на тоа хистерично шовинистичко и ограбувачко големоалбанско лудило однатре и однадвор.

Што се однесува до големоалбанската екстремистичка група што на Самуиловата тврдина го изведе грубиот напад на македонската државност, тие со нескриена гордост порачаа дека во Охрид и во Струга биле со предумисла за да прославаат годишнина од некакви битки на Скендербег, дека ова отсекогаш била нивна земја од која никогаш нема да се откажат, и оти Охрид е албански град.

Интересна приказна, но таа нивна сосема јасно декларирана политичко-терористичка цел е апсолутно во спротивност со „поетичната“ и „романтична“ реакција од страна на големоалбанската партија во Македонија Алијанса за Албанците на Зијадин Села, истакнат супер-големоалбанец alias Хасан Приштина, во која се вели дека истакнувањето на албанското национално знаме на Самуиловата тврдина не претставувало ниту законски прекршок ниту опасност за

никого, особено кога се знае дека, како што велат, „во Северна Македонија“ Албанците сочинувале една третина од населението и биле автохтон народ. Притоа уфрлија и неколку приземни диктаторски, нео-сталинистички соцреалистички флоскули и стигми со полициски предзнак, од типот „логика на дискриминаторскиот менталитет“ и „југословенски комунистички систем“.

Да им одговориме кратко на овие глупости:

Прво, Албанците од Косово, и притоа дури од Ѓаковица, воопшто не се автохтони Албанци во Република Македонија. Но природно е големоалбанците да се сметаат за автохтони и во Филаделфија или во Занзибар. Кај што има и еден Албанец таму е Албанија! Едноставно си го преземаа слоганот на Слободан Милошевиќ. Супер добро големо-национал-шовинистичко друштвенце!

Второ, истакнувањето на националното знаме на некоја друга држава во Република Македонија е строго дефинирано со законот, како впрочем и во сите држави во светот, и точно се знае во кои прилики тоа е можно. А овој варварски акт воопшто не спаѓа во тие и такви прилики, туку е израз на најобично дивјачко племенско слепило.

Трето, господа големоалбанци, ако сакате некој навистина сериозно да ве сфати, освен оној што слепо им верува на вашите безочни измислици и лаги, најнапред, како што е редот, цивилизирано почекајте „консензуално“ да направиме општонационален попис, па сите убаво да се увериме и едните, и другите, и третите, и сите заедно, дали етничките Албанци во Република Македонија навистина ги има една третина од вкупното население, како што не престанувате да лажете и да трубите на сите страни без каков и да е аргумент освен вашата панаѓурска проценка „од око“, па така и во врска со овој охридски племенски инцидент, или пак ќе се покаже дека всушност е точно, или многу, многу попрецизно

од вашите квази-демографски небулози, дека таа бројка едвај и да се доближува до 17 или 18 проценти.

Четврто, на вашите и заевско-големоалбански фашистоидно-сталинистички жигосувања од типот „дискриминациски менталитет“, „југословенски комунистички систем“ и слични глупости, здравото и освестено јадро на македонскиот народ не само што воопшто не им се плаши, туку ги гледа со длабок презир и сожалување кон вас. Па токму вие, цврсто сплотени со другата, подеднакво црна големоалбанска фела со која не сте на „добар ден“ само тогаш кога се во прашање вашите лични интереси и приватни и политички кариери, но супер функционирате во општата големоалбанска агенда против Република Македонија – да ве потсетиме, токму вие заедно го инсталиравте и го одржувате на власт најголемиот велепредавник во светската историја, Зоран Заев, благо речено роден нео-сталинист и диктатор кој го промовира вашиот заеднички проект за „граѓанска, наднационална неокомунистичко-космополитска држава со сите отворени граници, особено кон Албанија и Косово“, како и вашиот заеднички „дискриминациски менталитет“ кон мнозинскиот македонски народ, и тоа во неговата сопствена национална држава Република Македонија, што безочно ја дрпате како што ќе ви текне.

Ете, толку за „романтичната“, модерна евроатлантска и демократска Алијанса за Албанците и за нивниот струшки лидер Зијадин Села alias Хасан Приштина, кој не станува при интонирањето на македонската химна, ниту пак стои под македонското знаме, но затоа евроатлантски ужива во дивјачкиот, антицивлизациски чин на косовските „Арбреши“ во древната македонска престолнина Охрид, над која е развеано албанско знаме, големо како фудбалско игралиште.

По повод криминалниот случај со албанското знаме на Самуиловата тврдина се огласи уште еден модерен евроат-

лански хуманист, Талат Џафери, кој за Click Plus на ТВ21 изјави дека поставувачите на албанското знаме во Охрид биле „културно-уметнички работници“ и, според него, поради тоа казната требало да биде поблага. Префинетата уметничка душичка Џафери, ете, пак се покажа како голем разбирач и вљубеник во ваквите големоалбански шовинистички „фолклорни“ перформанси, а тоа е сосема разбирливо, зашто тој со својот досега ненадминат големоалбански собранискипучистички „културно-уметнички фолклорен“ перформанс и инаку се смета за заслужен родоначалник на тој досега најмрачен политички жанр во Република Македонија.

Јас можеби и не би напишал ниту еден ред за овие бедни политички свинштини, бидејќи во нив и нема ништо ново, ниту оригинално, зашто тоа е нашата тажна „граѓанска“, „наднационална“ заевска квислиншко-големоалбанска реалност со веќе одамна излитеното „европско знаменце“ и со приземните Хановско-балкански „европски манири и методи“, но имав потреба како vox populi, во предвечерјето на судбоносната разврска во вториот изборен круг, најискрено да им укажам на актуелните претседателски кадидати дека е премногу очигледно – па дури и непријатно да се гледа и да се слуша – како му се додворуваат на апсолутно рамнодушниот албански електорат, па што и да си мислат самите тие за тоа. Во таа смисла, границата на пристојноста на кандидатите спрема македонскиот електорат е навистина сериозно поместена кон неприфатливост. Зашто, да не се лажеме, освен не така бројните исклучоци на граѓани од албанската заедница во Република Македонија, кои се заинтересирани за соживот и заемно прифаќање на културните и етнички различности, зад крајно компактниот и национално јасно обоен албански електорат стојат три црни, подеднакво антимакедонски, големоалбански и, токму поради тоа, апсолутно антиевропски партии, кои имаат само една единствена и сосема иста политичка цел – соз-

давање Голема Албанија. Република Македонија нив воопшто не ги интересира, или ги интересира само како нужна меѓуфаза додека се создадат соодветни меѓународни предуслови своите големоалбански цели да ги доведат до крај.

Независно од слатката предизборна реторика, розовите, божем концилијантни наративи и наместените телевизиски насмевки на албанските политички лидери и коментатори, резултатите од првиот круг јасно и недвосмислено покажаа дека албанскиот електорат е крајно и строго контролиран и диригиран, за разлика од македонскиот, кој е дисперзиран и растурен на дивергентни, па и крајно спротивставени групации, поголеми и помали. Си спомнувате, нели, дека на денот на првиот изборен круг господин Река најави оти ќе добие 80.000 гласови, и промаши само за неколку десетици гласови, бидејќи и тие неколку гласачи што биле пресметани во таа бројка а не се појавиле на изборното место, веројатно одненадеж „настинале“, или, ете, им искрснале некои други непредвидени обврски. Но таквата милиметарски прецизна проценка е можна само кога е во прашање ултра-дисциплиниран и совршено, речиси „војнички“ подготвен електорат. Јасно е дека гласачите на ДУИ безмалу исцело го бојкотираа првиот круг, а на Алијанса за Албанците и на Беса им беше важно да си ги „покажат забите“, т.е. да покажат дека се релевантен политички фактор на кој треба да се смета во евентуалното преземање на власта од Заев. Но, повеќе одошто сигурно е дека и тие, заедно со ДУИ, еднодушно исцело ќе го бојкотираат вториот круг за да го урнат цензусот, зашто новата политичка криза што потоа би уследила, со безобзирниот големоалбанец Џафери како в.д. претседател на државата, на сите ним апсолутно им одговара, бидеќи води во за нив најпожелната заедничка политичка насока: конечно довршување на процесот на целосната деструкција и растурање на Македонија, јасно изложена и подвлечена со непреминливите „црвени линии“ во

Тиранската платформа, потпишана и доследно и ултра брзо, и координирано спроведувана од сите нив.

Па дури и ако постои нешто за што и околу што навистина не можеме да шпекулираме, некаква тивка дипломатија и договор „под маса“ помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и кандидатката Сиљановска, од една, и колицијата Алијанса за Албанците и Беса, од друга страна, првите мораат да знаат дека во таа смисла не се, ниту ќе можат да бидат, ни за нијанса поумни, поитри и повешти од Заев, и оти големоалбаците секогаш многу прецизно, многу јасно, ладнокрвно и немилосрдно, но дрско и јавно, за уцената да има што поголем јавен ефект, како безмилосни банкари што ви дале заем, ќе бараат договореното и ветеното да им се испорача до последната трошка, и тоа со дебели политички камати, а притоа секогаш ќе бараат уште, и уште, и уште, без крај и свршеток. Со тие и такви екстремни политики нема игра и коцкање. Со тие и такви безобѕирни политики се излегува на крај само со енергична, автентична, достоинствена, уверлива и доследна, неподелена, самостојна политика, со која не можат да манипулираат ниту внатрешните ниту меѓународните фактори. Но олку нагласеното свиткано приоѓање и додворување на албанските гласачи, за жал, воопшто не ги потврдува тие и такви карактеристики, и загрижувачки потсетува на неприфатливата, карикатурална и трагична заевската снисходливост. Безидејниот и сосема празен „евро-атлански“ и големоалбански фразер Пендаровски навистина и нема друго чаре освен да се обиде „да ги воодушеви“ Албанците со некои нови „ветер на магла“ ветувања, зашто нивното, заевското, веќе јасно се виде, особено на последниот собир во Берлин, на кој беа глатко „премочани“ (простете, но нема друг попрецизен збор за тоа), но на вистинскиот претседателски фаворит, кандидатката Гордана Сиљановска Давкова, со сиот нејзин импресивен интелектуален, хуманистички, па и политички потенцијал – тоа

навистина не ѝ е потребно. Зашто, таа или едноставно ќе биде препознаена како таква, или не кај албанските гласачи, а сè друго е одвишно и без какви и да е вистински ефекти, барем што се однесува до гласовите што евентуално ги очекува од нив.

Поради сето тоа треба да бидеме сосема свесни дека овојпат цензусот најмногу и пред сè ќе зависи од излегувањето на гласање на македонскиот електорат, како и од гласачите од останатите национални заедници што живеат и што сакаат во соживот и татковинска поврзаност да живеат во заедничка Република Македонија, а најмалку од етничките Албанци, кои, nota bene, со своето евентуално одбивање да учествуваат во очекуваниот албански политички бојкот на гласањето во вториот круг на претседателските избори само ќе придонесат кон доброто на целата општомакедонска, што значи и албанска заедница, а тоа значи и кон доброто на една вистински проевропска Македонија.

Затоа оној од двата кандидати што навистина сака изборите да успеат, т.е. да се постигне потребниот цензус на излезноста, во овие уште неколку преостанати денови до гласањето, мора да стори сè што поуверливо и што посилно да го покрене и да го мотивира македонскиот електорат да излезе на гласање и да ја исполни својата граѓанска должност. Само тоа е вистинската и последна шанса за една модерна, демократска и слободна Република Македонија. Во спротивното, за жал – се знае...

30 април 2019, Република.мк Online
Со Заев до Троедна Голема Албанија
https://republika.mk/kolumni/so-zaev-do-troedna-golema-albanija/

7 мај 2019

НЕ, НЕМА ОДЈАВУВАЊЕ, АЛЕК!
ТИ НЕИЗМЕРНО НИ ТРЕБАШ!

Отворено писмо до Александар Русјаков,
светлиот образ на македонската интелигенција

Драг и почитуван Алек,
прости поради овој присен тон со кој ти се обраќам, бидејќи сè уште лично не се знаеме, но едноставно не можам поинаку, како што веројатно не би можеле поинаку да ти се обратат ниту илјадниците и илјадници твои верни читатели, почитувачи и непознати пријатели на кои твојот прекрасен, беспрекорно чист, во најубава космополитска смисла македонски, но пред сè длабоко хуманистички, неспитомлив а всушност неизмерно благ, чувствителен, нежен и ранлив словенски дух со години им ја даваше онаа толку потребна надеж и им вдахновуваше нова сила во овие стравотни, драматични, библиски, разурнувачки историски премрежија низ кои минуваат нашата татковина Македонија и нашиот македонски народ.

Ах, многу добро знам, драг пријателе и брате, со какви ужасни демони на осаменост и постојана запрашаност над смислата на тоа што го правиш си морал секојдневно да се носиш во оваа нерамноправна борба за вистината, чесноста, достоинството и слободата, и колкупати си ги испратил во јавност своите благородни, умни, духовити и литерарно врвни колумни со чувство дека тоа е повторно само уште еден очаен крик во пустината, крик што не знаеш ниту каде патува, ниту каде и дали воопшто ќе стаса до некого подалеку од оние неколку стотици лајкови на секој твој објавен текст, и конечно дали тоа некому нешто му значи, дали воопшто може нешто

да смени, а надреалната премаленост и зашеметеност на твојот сакан народ да ја поткрене до толку потребната свест да се бори за својот единствен дом, за својата единствена татковина, и за своето исконско име.

Но знај, почитуван пријателе, дека ништо твое, ниту еден твој збор не е отиден низ ветер. Твојот дух што така силно и незапирливо постојано со иста сугестивност еманираше од секоја твоја реченица, од секоја твоја мисла, од секоја твоја сугестивна слика и вдахновена остра карикатура на целосно изопачениот кафкијански свет на оваа наша разнишана и разбуцана македонска микро-цивилизација, но и на целиот свет воопшто, страшно тешко заболен од црниот чир на бесрамна аморалност и неолиберално лудило – твојот чист и непоматен дух во ниту еден момент не леташе кон никаде како глуварица оддувната и носена од случајни развигори. Твојот благороден дух и твоите прекрасни, длабоко хуманстички пораки кои пред сѐ ѝ беа посветени на Македонија, но далеку ги надминуваа сите наши локални значења и бои, патуваше, стасуваше и стасува до нашите домови, до нашите срца, до нашите души, до нашите размисли, до нашите стравови, до нашите мачни себепреиспитувања и сомнежи, и не само тука во Македонија, туку и низ целиот Балкан, низ Европа, во Австралија, во двете Америки и насекаде низ светот.

Зашто, не е вмрежено само проклетото сотонско Зло. Длабоко е вмрежено и божјото Доброто, и сите ние, драг Алек, илјадници и илјадници за тебе непознати луѓе бевме и цврсто сме вмрежени во тоа твое Добро што ни го даруваш, во тоа твое Човечко што ти така штедро и низ саможртва ни го испраќаш од својата тивка, осаменичка соба, од својот осаменички компјутер, пред твојата осаменичка тастатура, а ние со нетрпение и надеж одново и одново ги чекавме и ги чекаме твоите умни и прекрасни текстови.

И навистина, не еднаш вчудовидуваше, збунуваше и беше речиси неверојатно и невозможно да се разбере од каде постојано и со толкава сила извираат сите тие твои така бистри, бескомпромисни и толку вдахновени согледувања, но и разиграни, сликовити синтагми, па неретко и смешни црнохуморни досетки, кои ќе ни измамеа (навистина) тажни насмевки – но сепак насмевки во ова ултра црно време! – и кои од текст во текст, од ред во ред, од збор до збор само незапирливо надоаѓаа и се прелеваа како непресушни, и во својот интензитет моќни каскади на литерарна ингениозност и оригиналност.

Сакам само да речам: Алек, не си сам! Постои цел еден голем, длабоко повреден, вознемирен и неизмерно тажен паралелен свет на твоите сонародници Македонци и на сите други за кои нашето топло македонско небо претставува единствен, ист, заеднички татковински покрив, свет за тебе сосема невидлив, но цврсто и нераскинливо сплотен со твојот Дух, со кој, знај, не е само силно пронижан и облагороден од него, туку врз него и се потпира како врз цврст столб и препознатливо рационално, духовно и емотивно место на кое ја обновува и ја крепи и својата внатрешна сигурност и надеж. Зашто, да не беше така, да не постоеше и тој чудесен, навидум неосознатлив паралелен свет, кој исто така невидливо, метафизички но моќно со сета своја позитивна енергија те потпираше и те вдахновуваше тебе, па зарем и самиот ти би можел толку долго и така достоинствено да издржиш и да устоиш на ова бесчувствително поприште на безобѕирни грабежливци и човечки и морално празни кариеристи, и секогаш одново и одново да изнаоѓаш нови и нови сили за својата хуманистичка борба и цел?

Знам, никој нема право од тебе да бара повеќе одошто ни даде досега низ својата голема реална, но и внатрешна жртва

и саможртва. Знам дека си изморен и разочаран (а кој не е?), и оти ти е доста од таа долга борба која, чиниш, воопшто не дава резултати. И навистина не е лесно да бидеш само еден од едвај неколкуте луѓе кои го преземаа врз својот грб претешкиот морален товар на општата шокантна македонска интелектуална апстиненција и молк, но, како што вели Хајне, „вистинската храброст ја покажува само оној што е сам“. Залогот на твојата борба, драг и почитуван Алек, е многу, многу голем, и ништо, ништо не е фрлено во празно ниту пропаднато. Зашто е сосема сигурно дека ти не си таков сејач; само, за жал, во Македонија и над неа сѐ уште хистерично врлува страшното домашно и меѓународно политичко и диктаторско невреме, и не е дојден вистинскиот час и твојот благороден посев нагло и плодно да никне насекаде околу нас. Но ќе никне, ќе тргне убаво, и ќе успее.

Затоа, од името на сите оние твои многубројни почитувачи и читатели во Македонија и низ светот, кои неизмерно ги ценат твоето творештво и твојата беспрекорна интелектуална и хуманистичка борба, те молам: не „одјавувај“ се. Па и така и така и самиот знаеш дека нема да успееш да се воздржиш и да молчиш пред црнилата, пред неправдите, криминалот, корупцијата, тотално распашаното политичко лудило и царството на забревтаната морална беда. А без твоите сјајни колумни, драг Алек, во Македонија веќе ништо не би било исто.

3 мај 2019, Република.мк. Online
Не, нема одјавување, Алек! Ти неизмерно ни треба̄ш!
https://republika.mk/kolumni/ne-nema-odjava-alek-ti-neizmerno-ni-trebash/

7 мај 2019

ЗАЕВ СЕ ОБИДЕ ДА ГО „КАСНЕ“ ПАПАТА ФРАНЦИСК

Зоран Заев веќе нема да „јаде живи луѓе“.
Неочекувано сѐтана морален вегетаријанец.

Со доаѓањето на папата Франциск во Скопје се случи чудо невидено. Големиот муртински гурман Зоран Заев, кој многу ужива да „јаде живи луѓе“, и потоа да си ги расчепкува меѓу забите, па пак да ги цвака низ обвинителства, судови и зандани, па да ги пушта, да ги уценува, да ги носи во Собрание на гласање, па повторно да ги апси, и да ги „јаде“ сè додека се живи и се прпелкаат, наеднаш – ама како со рака однесено! – го изгуби тој свој прочуен канибалски апетит, и цврсто реши веднаш да премине на морално вегетаријанство. Е бре папа, папа, кај беше досега да ни го просветлиш Заева, да го упатиш на таква здрава диета, на пост од „јадење живи луѓе“, и во него да го вдахнеш овој невиден благороден христијански дух на концилијантност и благост како кај вистински западнобалкански светител и беспрекорен доброчинител, визионер и антикорупциски, најчесен лидер во регионот, со еден збор „човечиште“, кое така копнежливо кон небо ги поддава своите валкани раце, наеднаш полни со милост и потреба од ширење заемна љубов, братство и „инклузивност“ (збор што му е особено мил, иако некој треба да му каже што значи тоа).

Но добро, сепак мораме да се согласиме дека меѓу папата Франциск и Заев се случила некаква чудна хемија, или пак можеби протоколот и швајцарската стража претходно го известиле папата дека на Заев многу, ама ептен многу му се „јадат живи луѓе“, дека умира од мерак по тоа ладно(крвно)

јадење што се готви по „балкански методи“, според рецептот на еврохуманистот Хан, и со црни големоалбански мирудии што во нашиот северџистански парламент се викаат „европски знаменца“, а ги патентираа четирите кралеви, Али Ахмети, Талат Џафери, Бујар Османи и Артан Груби, па едноставно папата се исплашил Заев и него да не го изеде. Зашто, лесно е „на пресно“ да ги „јадеш“ домашните невини „живи луѓе“, ама да каснеш барем малку од папата, уф, каков свечен залак... Па сите јасно и недвосмислено го видовме на ТВ тој опасен канибалски настан на аеродромот, што некогаш се викаше „Александар Македонски“, кога папата Франциск, како да го удрила струја, одненадеж панично отскокна на страна, бргу си ја тргна раката кога виде дека Заев нагло ѝ се доближува и се готви да ја касне. Дури не дозволи ниту да си ги допрат образите, зашто Заев можеше нагло да му се сврти и таму да го загризе. Море, добро е што сè се заврши така бенигно, зашто, знаете, Заев кога „јаде живи луѓе“ едноставно не знае да застане, „јаде“ и „чисти“ сè пред себе, па можеше така да ни го изеде и „живиот“ папа Франциск. И кој потоа ќе им докажеше на светот и на македонскиот народ дека тоа се случило само поради канибализмот на Заев затоа што многу сака да „јаде живи луѓе“, а не затоа што папата всушност го навредил него како орвеловски државник, именувајќи ја Република Македонија со ступидниот евроатлантски поим „ваша земја“, а македонскиот народ, т.е. нас Македонците, со евроатлантската бесмислица „ваш народ“. Зашто, знаете, кога некој така безобразно и така навредливо ги именува нашиот народ и нашата држава, тогаш Зоран Заев, тој патриот над патриотите, едноставно полудува од лутина и му иде веднаш да „јаде живи луѓе“, па дури кога е во прашање и самиот папа; ете, толку на западнобалканскиот канибал Заев што „јаде живи луѓе“ му се бескрајно важни нашето македонско име,

нашиот македонски национален идентитет и нашата држава Република Македонија, што е во состојба без двоумење да се омрси дури и со Светиот Отец.

Но да се јаделе папите така лесно како што лесно се „јадат живи луѓе“ во нашата кутра Македонија историјата би изгледала сосема поинаку. Иако Заев и тука е многу оригинален: си спомнувате, нели, кога профетски повторуваше дека е доста со минатото и оти „Македонија мора да создаде историја“, а тој тоа заевско „создавање историја“ го замислувал како „јадење живи луѓе“. Е сега само претставете си колку пак оригинална нова историја Заев би им создал на Европа и на Македонија да го изел папата Франциск!

Да констатираме: неуспехот на Заев да го касне папата конечно означи крај на „создавањето нова“ европска историја. Папата си замина од, како што рече, „вашата земја“, испратен од, како што рече, „вашиот народ“, цел и неизеден, дури ниту каснат, а Заев, пак, исполнет со папинскиот дух на толеранција, разбирање, соживот, се „покрсти“ во прекрасен „морален вегетаријанец“. Така прочистен, пречистен и причестен, испран однатре и однадвор со папинската духовна варикина, наеднаш бескрајно снежно бел во душата, Зоран Заев, тој оригинален создавач на новата македонска историја и хуманистички лидер на „Западниот Балкан“ што „блескоти“ и ги восхитува Европа и целиот свет со својата оригиналност на национално самоубиство и „јадење живи луѓе“, по своето метафизичко искуство со папата, вака ни се обрати:

„Јас верувам“, рече Заев, „дека сите ние треба да учиме од мисијата што Папата ја шири по светот, а тоа е поголема верба меѓу нас, да ги искорениме сите слабости што продуцираат многу непријатни ситуации. Тоа се болни прашања за граѓаните. Јас верувам дека треба да продолжиме да бидеме добри луѓе, професионално ориентирани секој во

својата област. Овде на Западен Балкан треба сите да се подобриме во сите тие области и да продолжиме да работиме во таа насока. Во Република Северна Македонија имаме многу работа на сите тие полиња, на лажните вести, на граѓанскиот концепт на живеењето, на прашањата на одговорноста и транспарентноста".

О, не, не, стоп, стоп, стоп!...Доста!

Зоране Заев, тоа кажувај си го себеси пред огледало. Ние многу добро знаеме кој си ти и нема до крајот на твојот беден живот да престанеме да те потсетуваме и тебе и целиот свет кој си ти и какви злостори стори:

Ти си еден расипан градоначалник кој, филмски документирано, бара ПОТКУП од 168.000 евра, „едно за Вицето, едно за црквата"...

Ти си шареноревулуционерниот организатор и уривач на националното добро и фрлач на куртони со боја по државните имоти

Ти си извршител на државниот удар во Собранието на Република Македонија на 27 април 2017 година

Ти си црн велепредавник што на своја рака и со еден единствен потег на Бугарите им го предаде целото наше македонско културно-историско минато, нашиот мајчин македонски јазик и нашиот национален македонски идентет

Ти си тој што ја прифати и до последната запирка, па и преку неа, заедно со својата кримогена партиска и големоалбанска клика ја спроведуваш црната големоалбанска агенда, зацртана во Тиранската платформа, претворајќи ја Република Македонија во бинационална држава и отворајќи процеси на насилна албанизација на Македонија, без какви и да е правни основи, втемелени врз етничките реалитети во нашата земја

Ти си тој што со Преспанскиот договор на Грците мизерно им го предаде нашето оригинално античко минато, и го

поништи постоењето на вистинската, историски создадена Република Македонија, создавајќи вештачка квислиншка творба со телефонски договореното име Република Северна Македонија, која нема да ви опстане, па што и да си мислите сите вие црни домашни фашистоиди, со сите оние надворешни фашистоиди со кои сте се скомпале во најневидениот етноцид во историјата

Ти си тој што варварски, дивјачки, насилно, со бедни уцени и криминални поткупи, застрашувања, и Бејлиевски и Хановски „балкански методи“ го отвори Уставот на Република Македонија за да ѝ го смениш името, и сосема да ги избришеш сите објективни и непобитни историски траги и белези на нејзините асномски темели од 1944 година

Ти си тој што се откажа од македонскиот народ во Пиринска Македонија, во Егејска Македонија, во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, и секаде низ целиот свет

Ти си тој што од ден во ден, од час во час пред целата светска јаност го понижуваше и го влечкаше низ кал македонскиот народ, тој наш стар, прекрасен народ, еден од најдревните во Европа, народ што на светот му ја подарил словенската писменост и создал дела од немерлива уметничка и духовна вредност, што одамна се приопштени кон светското цивилизациско наследство, како што се прекрасните македонски цркви, манастири, средновековните икони и живописи, и бесмртната македонска народна песна, што ја почитува и токму како македонска ја пее и ѝ се восхитува цел свет

Ти си тој што во македонските затвори во нечовечки, средновековни услови ги држиш вистинските македонски патриоти, а на слобода ги пушташ озлогласените криминалци и разбојничишта

Ти си тој што формира ступидни велепредавнички комисии да тргуваат со македонското културно-историско минато

и заради кретенско редизајнирање на историските вистини во учебниците преку кои со лаги, невистини и полувистини треба да се трујат нашите деца; тие твои велепредавнички слуги по комисиите, што заедно со тебе се спуштија во моралното подземје, треба да умрат од срам поради тоа што го прават; тие не се никакви комисии, туку најобични велепредавнички, дилетантски касапции на историските и културолошките вистини

Ти си тој што целосно ја партизира јавната администрација и сите јавни претпријатија, само затоа да можеш, како своите поданици така и оние што не можат ни да те видат ни да те смислат, егзистенцијално да ги уценуваш и бескрупулозно да ги злоупотребуваш за своите болни апсолутистички цели

Сето тоа си ти, Зоране Заев, и многу, многу повеќе и пониско од тоа.

И никаков папа, па ни папата Франциск, тој твој мрак не може да го просветли и ниту пред Бога ниту пред народот да го пребрише. Твоите празни политикантски флоскули и фразерски лигавења течат и се слеваат од клоаката на твоите поданички медиуми, морално и на секој друг начин загадувајќи го духовниот и рационалниот простор на македонскиот народ, кој многу добро знае и што е човечко и национално достоинство, и што е чест, и што е традиција, и што е сопствено и национално име, што е и што значи сопствениот идентитет, и што е и што значи имање сопствена суверена држава, а не држава велепредавнички, квислиншки претворена во импотентен северџански протекторат на големобугарските, големоалбанските и големогрчките освојувачи, кои, Господе поможи, благодарение на твојата мудра „големопријателска политика“, дури се готват со свои воени авиони да го „чуваат“ нашето македонско национално небо, се разбира, онака како што лисицата би го чувала пилето.

Е, со сево ова, со сите тие твои свинштини не се мириме.

Постои и ќе постои Македонија.

Постои и ќе постои Република Македонија.

Постои и ќе постои македонскиот народ.

Постои и ќе постои преубавиот македонски јазик.

Да, за жал, имавме таков к'смет да го добиеме најголемиот одрод и велепредавник во светската историја – Зоран Заев, со неговата квислиншка и големоалбанска клика, но тркалото на историјата се врти, и пак ќе дојде на нашето, на изворното, на реалното, на достоинственото. Ништо од овие хистерични сеништа нема да остане, освен длабоко црна и горчлива епизода во македонската историја.

Затоа, Зоране Заев, секојдневно ќе добиваш по една ваква порција на чиста Вистина за тоа кој си ти и што си ти, за да не се занесеш по папинската светост и да не си вообразиш, како штотуку си вообрази дека и ти си небаре некаков Балкански Папа – вистинско „чудо од дете". Зашто, твоите лигави „слатки" папизирани зборови се само најобични „слатки отровни балкански методи" на евтина, прозирна измама и заведување, кои, како што впрочем веќе и тебе ти е сосема јасно, вртолумно девалвираа кај македонскиот народот и кај сите граѓани на Република Македонија. Таа твоја политикантска „валута" е најобичен фалсификат и веќе одамна е сосема безвредна на моралната курсна листа, дури и кај твоите надворешни спонзори. Зоране Заев, разбери, следи сосема поинаква разврска од онаа што ти си ја замислуваше.

Во меѓувреме, во Ватикан веќе е оформен форензички тим кој, добро запознаен со твојот неспитомлив гурманлак за „јадење живи луѓе", воопшто не му верува на твоето преправање дека наеднаш си станал „морален вегетаријанец", и најсериозно и најфокусирано ги прегледува и ги проучува инкриминираните аеродромски канибалски снимки со тво-

јот терористички обид да го каснеш, или дури и да го изедеш „живиот“ папа. Е, тоа ти беше навистина глупаво, како што впрочем изгледаше глупаво и твојата шокирана муртинска фаца кога притоа папата те откачи, и нагло си ја тргна раката.

7 мај 2019, Република.мк. Online
Заев се обиде да го „касне“ папата Франциск
https://republika.mk/kolumni/zaev-se-obide-da-go-kasne-papata-francisk/

6 јуни 2019

ИЛИ МК ВЕДНАШ ВО ЕУ –
ИЛИ ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЌЕ БИДЕ ИЗОЛИРАНА!

Деновиве фрчат остри, заканувачки твитови од Зоран Заев кон лидерите на ЕУ, а најостар твит е упатен до Ангела Меркел: Слушајте, госпоѓо Меркел, јас како кандидат за Нобелова награда ве предупредувам: Европа нема време за чекање! Итно примете нè во ЕУ, или Европската Унија ќе биде изолирана земја. Оваа шанса за ЕУ ви ја нудиме само сега и никогаш повеќе. Или прием на МК – или изолација на ЕУ!

Ако имате проблеми со консензусот на 28-темина околу ова прашање, итно организирајте референдум во земјите на ЕУ, а ако се покаже дека ќе имате проблеми со цензусот, инклузивно ви го ставам на располагање мојот тим врвни стручњаци за брзо полнење на гласачките кутии.

Ако пак референдумот ви биде бојкотиран, е тогаш ви останува само да ги примените познатите „балкански методи“ што во силувањето на „нашава земја“ ги патентира вашиот ЕУ-прематар и мој голем пријател Јоханес Хан, а експертска логистичка поддршка ќе ви даде мојата, во тие нешта крајно искусна кримогена квислиншка и големоалбанска влада. Зашто, ох, Ангела, Ангела, ако не „блескаме“ – ќе ја оплескаме!

* * *

Во меѓувреме и Хан му твитна на Заев:

Еј, другарче, морав да ти се јавам. Баш на заминување од должноста во ЕУ, додека си ги собирав парталите, слушнав една работа, па ми се стори дека тебе ми те озборуваа, но можеби секоја сличност со тебе е сосема случајна. Но сепак,

Берија Спасовски нека провери кој тоа во ЕУ шири таков говор на омраза. Ти ја пренесувам целата соржина на инкриминираниот текст:

Еден евро-интегративец ѝ „побарал“ на некоја „шарена чупа“ од село Муртино, и тоа со многу недвосмислена цел. „Шарената чупа“ рекла: „Ок, ама ќе ми купиш златно прстенче?“ „Ќе ти купам, бе“ – ѝ ветил евро-интегративецот. „Добро, ама да ми купиш и фустанче!“ – пак се јавила „шарената чупа“. „У, збор да нема“, рекол тој. „Ама ќе ми купиш, нели, и бундичка?“ „Ма сѐ ќе ти купам“, ѝ ветил евро-интегративецот, и ја однесол во најблискиот мотел. Кога ја свршиле работата и излегле оттаму, „шарената чупа“ оптимистично вели: „Е, ајде сега да одиме да ми купиш златно прстенче“. „Ма какво бре прстенче, што ти паѓа на ум?!“ – ѝ рекол евро-интегративецот. „А фустанче? Нели и тоа ми вети?“ „Ама, нема ништо од тоа, заборави!“ – ѝ се свртел евроинтегративецот.

„Па, што е сега ова: нема прстенче, нема фустанче, а ми вети дури и бундичка?!“ „Точно, но тогаш кога ти ветував имав меко евро-срце и тврди евро-аргументи, а сега имам меки евро-аргументи и тврдо евро-срце“.

6 јуни 2019, Република.мк. Online
Или МК веднаш во ЕУ – или Европската Унија ќе биде изолирана
https://republika.mk/kolumni/ili-mk-vednash-vo-eu-ili-evropskata-unija-kje-bide-izolirana/

8 јуни 2019

ВАДЕЊЕ НА КАМЕНОТ НА ЛУДОСТА

Писмо од Хиеронимус Бош до Алдо Климан

Драг мој и почитуван пријателе,
морав да ти се јавам и најискрено да ти се извинам што при неодамнешниот наш (прислушкуван) разговор едноставно не ми се веруваше колкаво политичко лудило сè уште владее таму долу во Македонија. Мислев дека претеруваш сè додека во европските медиуми не видов дека тамошната актуелна власт на македонските гранични премини поставува големи државни табли со пеколниот натпис: „Во оваа земја откажи се од надежта".

Сега многу појасно гледам што се случува таму, но, од друга страна, исто така многу добро знам и што се случува овде – во Европа, па сакам од сè срце да ве охрабрам, и тебе лично, но и благородниот пријателски македонски народ, и да ви порачам дека мрачниот меѓународен велепредавнички проект „Заевштина" е на издишување. Можат колку што сакаат наоколу низ европските кафкијански лавиринти на разни ситнобитократски врати да тропаат и да цимолат бедните циркузанти со црни очила Димитров и Османи, забревтани и испотени со некакви велепредавнички „куфери полни со аргументи" – но знајте, мили мои, нема ништо од тоа. Овде никој не ги е.. ни за сува слива. А пак онаа заевски „уметнички" засладена „блескотна балканска слика" за божемна „модерна" држава, „држава лидер и фактор на стабилноста на Балканот", во која и од која течат мед и млеко, со сите успешно спроведени *деформи*, никако и никому нема да можат да му ја продадат на моментално стопираната евро-пристапна аукција, која, еднаш кога тоа

повторно ќе дојде на дневен ред, ќе се одвива во новиот, многу поизострен и позаострен бриселски политички „Sotebi's", со далеку поконкретни критериуми од бејлиевско-заевскиот квислиншки критериум на безочно велепредавство и понижување на сопствениот народ и на сопствената држава.

Имено, со штотуку завршените избори кај европските 28-темина „страшен камен е фрлен во мочуриштето на евро--парламентарните жаби", да го парафразирам историчарот Албер Матие, и сега едноставно настапува една нова, „Трета Европа", а ишчезнува онаа гнила унитаристичко-глобалистичка Европа што, заедно со САД и НАТО така подмолно ви ја инсталира таа црна велепредавничка и големоалбанска банда, тој морален џган и кримоген општествен херпес.

Тоа дека каменот на лудоста им е длабоко заринкан во мозоците воопшто не е тешко да се заклучи, само ако се погледнат нивните очајнички, мизерни пекања и изјави во врска со „денот на отпочнувањето на преговорите со ЕУ", како и бедните квази-дипломатски лигавења дури и пред оладените европски политички мртовци од типот на Јоханес Хан, кој – човек да не поверува, а Господ да чува! – дури и првенци од македонската опозиција сè уште си го титраат и му одат на исповед и „молитва", како некој вид „лобирање за ЕУ".

Еве какви сè панични крикови ечат од владините кругови;

Заев: „На потег е Европа да испорача одлуки! Датум летово!"

Димитров: „Ја ставаме ЕУ на тест!"

Пендаровски: „Ни треба фер шанса!"

Шекеринска: „Ја испорачавме државата, не заради ЕУ, туку заради нашите граѓани!"

Нелегалниот спикер на Собранието Џафери: „Очекуваме Извештајот да биде надополнет со датум за преговори!"

И ечи, ечи, ечат крикови..:

„Европа мора да покаже дека си стои на зборот“; „Европа мора да докаже дека ги почитува европските вредности“; „Европа не смее да нѐ излаже!“; „Ако Европа не го исполни ветеното сите европски процеси ќе се доведат во прашање!“

А еве каква е всушност европската стварност кон која летаат тие залудни лудачки крикови:

Хан се збогува со ЕУ, Могерини се збогува со ЕУ, си заминува Жан-Клод Јункер. Козиас падна, Ципрас Падна, Курц падна, а и бергзитерката Тереза Меј падна и си замина со солзи во очите. Меркел, со целосно разнишана позиција по изборите и со уште поразнишаната голема коалиција со СПД по оставката на Андреа Налес, сосема јасно каже „НЕ за брз датум“. Ставот и позицијата на Макрон, пак, кој исто така претрпе значителен пораз на изборите, а сериозно е разнишан и поради внатрешните општествено-економски напнатости во Франција, по однос на проширувањето на ЕУ е одамна познат и повеќепати повторен: „Прво средување на состојбите (читај: хаосот) во ЕУ, па потоа проширување“; тоа неодамна го повтори и еден висок дипломат од Елисејската палата, изјавувајќи: „Секогаш сме биле јасни дека избрзување во проширувањето е ризично, зашто за тоа треба многу време; всушност, секогаш станувало збор само за тоа дека продлабочувањето на ЕУ е на прво место“. Сликата во ЕУ радикално се промени и со јакнењето на позицијата на суверенистичките партии на Салвини, Марин Ле Пен и Орбан. А дека Холандија е апсолутно против проширувањето во оваа фаза на сосема несредени состојби во ЕУ е едноставно општопознато.

Па затоа се прашувам кому воопшто му се обраќаат сиве овие заевски и други политички лудаци, мислејќи дека тоа со датумот за преговорите е битпазарско уверување и наддавање

за арпаџик, и тоа со евтини моралки и „страшни“ закани дека Европа ќе се изневерила себеси? Па тоа е крик упатен кон најобични политички сеништа, како кон оние што веќе воопшто ги нема, и што и натаму ќе ги нема, или пак веќе нема ништо да значат во политичкиот живот на ЕУ, така и кон оние што сè уште ги има, но сега имаат со бубаќ затнати уши, затоа што работата со Македонија за нив за долго време е свршена, а од заевските „балкански методи“ и плитки муртински уценувања им се тресат коските; па, тие европски „балкански методи“ се измислени само за еднократна употреба во Македонија, така што ЕУ, таква каква што е во моментов, всушност би се изневерила себеси кога неочекувано би „паднала“ на примитивниот велепредавнички „шарм“ на Зоран Заев и на неговата матна и недоветна, мангупска братија.

Но, драг мој и почитуван пријателе, има и една алтернативна медицинска техника, која таму долу кај вас во Македонија, во која, како што видовме сè уште е сосема можна примена и на стари европски, инвазивни, „балкански методи“, би можела сосема добро да се покаже во решавањето на овој проблем. Таа техника се вика „Вадење на каменот на лудоста“, и бидејќи ние во Европа со тоа имаме вековно искуство, би можеле да ви помогнеме да им се извади каменот на лудоста на вашите сосема збудалени и зашеметени политичари, па македонскиот народ и Република Македонија пак да си зживеат нормално и убаво како некогаш.

Затоа, еве, ти го испраќам и ова сликовно упатство за целосната постапката при вадењето на каменот на лудоста што го насликав уште пред неколку стотици години, и кое со лудаците од типот на овие вашиве безумници се покажа многу лековито и навистина полезно. Упатството може да се најде и во секоја монографија за моето сликарство, а го има и на интернет, се разбира, ако господин Берија Спасовски веќе не го забранил и тоа.

Да си ми жив и здрав, и срдечен поздрав до македонскиот народ и до сите граѓани на Република Македонија.

Твојот Хиеронимус Бош

8 јуни 2019, Република.мк. Online
Вадење на каменоѿ на лудоста
https://republika.mk/kolumni/vadenje-na-kamenot-na-ludosta/

10 јуни 2019

С’ ПОПЛАКУЕТ ЧАЛАМ-ЗАЕВ
Една „оптимистична“ народна

С’ поплакует чалам-Заев, сон сонует,
на глава се, резил-Заев, поставует.
Две награди Нобелови ќе ми давет
сал за еден, шарен-Заев, ЕУ-билет.

Му зборует бај Димитров, многу чешит,
со куфери с’ аргументи ми го тешит:
„Анѓелица Меркел многу грешит
но со убо, северџанче – ќе се решит.

Да ѝ појдеш, Заев-маже, на колено,
бакнирака да ѝ сториш, на молено,
но стегни ѝ мрсно, луто и солено
ако не ти биде – задоволено.

Грчка фета од Галичник да ѝ дариш,
со Струмичко узо да наздравиш.
Покани ја, Заев, на Криволак
НАТО-екшн, бомб-ацилак,
ќе ти вети север-датум за иднина
и билетче ќе ти врачи за в пиздина“.

10 јуни 2019, Република.мк Online
С’ поплакует чалам Заев
https://republika.mk/kolumni/s-poplakuet-chalam-zaev/

12 јуни 2019

„БЛЕСКОТЕН ПРИМЕР“ НА ЕВРОПСКО-ЗАЕВСКО ФРАЗИРАЊЕ

Стево Пендаровски го виде Брисел – и толку!

Господине Туск и господине Пендаровски,

на својата плитка, импровизирана заедничка конференција за медиумите се удавивте во шупливи, евтини, салонски, евро-заевски политикантски фрази без каква и да е политичка и прагматична длабочина, тежина и значење. Тоа ваше заемно меѓународно глуматање под бриселските „холивудски“ рефлектори и микрофони претставува, што би рекол црпнатиот Заев, вистински „блескотен пример!“ на непремостливо длабока цивилизациска празнина и патолошко, голо и апсолутно бесрамно лицемерство, што едноставно веќе станува неподносливо, и не само за нас Македонците...

Но, мора да се признае, во едно нешто сосема успеавте: многу сугестивно, уверливо и надреално компатибилно си се претставивте како двајца вистински претставници на европската морална застоеност и гнилост, од една, и на таговната северџанска лудост и поместеност од животната стварност, од друга страна.

Најнапред, господине Туск, пред да му ги „послужите“ на својот дипломатски поддавалник, онака набодени на чепкалки, сладникавите канапе-комплименти и кока-кола-фрази на манекенот од заевско-големоалбанскиот пејзаж Стево Пендаровски, исфразиравте неколку интересни работи; но веднаш да се разбереме, не се интересни заради тоа што би биле оригинални, интелигентни и вдахновени, туку токму спротивното, а јас малку ќе ги разделам на нивните бедни составни делови, и ќе ги прокоментирам од аспектот на еден

обичен македонски граѓанин, заедно со сите мои сонародници што ве слушаат и го гледаат тој најскапо платен, а ужасно здодевен, ултра-рутински перформанс на сета таа „евро-интегративна“ мизерија со која со години нè малтретирате.

Туск, реченица бр. 1: Направивте сè што се очекуваше од вас, но да бидам искрен – не сите земји членки на ЕУ се подготвени да се донесе одлука за отворање на преговорите за членство во наредните денови.

Туск, реченица бр. 2: Прашањето е не „дали“, туку „кога“ ќе почнат.

Туск, реченица бр. 3: Внимателен сум за ова прашање бидејќи знам дека некогаш постигнувањето консензус меѓу 28-те земји членки трае подолго отколку што јас би сакал.

И токму овие три реченици најдобро говорат за подмолната, безобзирна и валкана, предаторска „политика“ на ЕУ кон Република Македонија и кон македонскиот народ, но и за вас лично, господине Туск, како еден од нејзините „искрени“ првенци.

Имено, кога ни соопштувате дека „не сите земји членки на ЕУ се подготвени да се донесе одлука за отворање на преговорите...“ – можете ли исто така „искрено“ да ни соопштите и кога, во кој момент вие лично дознавте за тој фак(т) (натаму: „fuck“) на одбивање? Ако вам како на претседател на Европскиот Совет не ви биле отсекогаш, или одамна познати таквите резолутни ставови на членките на ЕУ – тогаш, простете, но морам искрено да ви кажам дека вие сте сосема неспособен евро-политичар и воопшто не го заслужувате тоа важно политичко место. Зашто, господине Туск, тој „fuck“ на одбивање од страна „на некои земји членки“ што вие не го знаевте па наеднаш ве изненадил (?!), одамна си го знае секој најобичен македонски граѓанин, што значи дека тоа ваше место на претседател на Советот на ЕУ, господине Туск, би

требало да му го отстапите на некој Македонец. Па не може ЕУ да ја води некој што не знае такви релевантни „fuck“ нешта што му се случуваат во „ЕУ-дуќанот“.

Од друга страна, ако тој „fuck“ ви бил познат, а зборувам и за вас и за сета онаа бедна и варварска глутница европски лидери што бесрамно и надуено доаѓаа овде во Македонија и преку видео бимови ни ги истресуваа своите ступидни пораки: „Или Да за Преспанскиот договор (т.е. поништување на Република Македонија, создавање нова држава и национално самоубиство), или изолација“, и слични свинштини – тогаш сите вие, господине Туск, сте длабоко и непоправливо расипани и подмолни политичари, врз кои не може да се потпира една цивилизирана, хуманистичка и солидарна Европа, каква што некогаш во минатото ја познававме, и која токму таквите ја расшрафија и од неа направија легло на црно бирократско братство.

Од трета страна, пак, ако ова „fuck“ одбивање „на некои земји членки“ на Република Македонија да ѝ се даде датум за започнување на преговорите се случило одненадеж, пред ден-два-три, иако пред тоа сите вие таму до последниот момент до бесвест бевте бескрајно „за“ и бескрајно „искрени“, и врз нас ги применувавте првите екстремни експериментални „балкански методи“ за виртуелен етно-суицид, тогаш, господине Туск, каква ви е таа пос*ана Европска Унија, во која таквите „неочекувани“ пресврти се можни од вчера до денес? Па, секоја добра државна и секаква друга организација мора да има цврста, квалитетна и јасна проекција на иднината, а не да се однесува како некогашните дисфункционални земји од Третиот свет во кои од вчера до утре беа можни и се случуваа такви ступидни пресврти. Прво сите заедно бевте како еден, орук, „Македонија ќе ја правиме европска држава“, а потоа наеднаш „...некои земји членки“ велат „Не...“ И сега вие тоа

„искрено“ ни го соопштувате. Е, па многу ви благодариме за таа „искреност“!

Но да не го заборавам и оној ваш мал фантастичен „додаток“ на крајот од првата реченица кога рековте „не ...во наредните денови“. Ако се работи за „наредните денови“, господине Туск, тогаш нема никаков проблем. Па толку трпение имаме. Ако се работи за „наредните денови“, па не морал пенкало-манекенот Пендаровски да ви доаѓа дури во Брисел и да организирате „гламурозни“ конференции за медиумите. Ако се работело само за „наредните денови“, па не мораат низ Европа како напорни продавачи на правосмукалки од врата до врата да чукаат големобратските евроинтегративци Димитров и Османи. И на крајот, ако станува збор само за неколку „наредни денови“, не мора ниту црпнатиот Заев да оди кај госпоѓа Меркел да ѝ здодева и да ја уверува во она во што никако не може да ја увери. Значи, ако се работи само за неколку „наредни денови“, сите ние, целиот народ, сложно ќе си се стрпевме, и немаше потреба сите тие шутраци да трчаат наоколу и бадијала да ги трошат народните пари за „дипломатски убедувања“, однапред осудени на целосен неуспех.

Но не се работи само за неколку „наредни денови“, нели, почитуван и многу „искрен“ господине Туск? Се работи за малку повеќе време и малку повеќе проблеми, што мирисаат на „никогаш“.

Па, зошто тогаш, „искрен“ господине Туск, нè лажете вака јавно и вака бесрамно од „светата“ бриселска говорница?! Или пак е во прашање само вообичаениот „европски метод“ што на меѓународната сцена го донесе и го промовира вашата генерација безидејни а лицемерни европски политичари?

А целосната безидејност, господине Туск, настојувате да ја замените со некакви божемни шекспировски тези за почетокот на преговорите. Велите: Прашањето е не „дали“, туку

„кога“ ќе почнат. Но вие, „искрен“ господине Туск, не сте Шекспир. Вие сте само еден обичен здодевен евро-унитарен бирократ, со научени фрази. Зашто „шекспировскиот“ одговор што следува по вашата „хамлетовска“ досетка веќе го знаеме и самите ние, а гласи: „Да, преговорите можеби ќе започнат еднаш во иднината, а во бесконечно далечната иднина, пак, дури би можеле и да завршат, ако ЕУ дотогаш сè уште постои“.

И, ете, тоа нè доведе до вашата последна „искрена“ реченица: Внимателен сум за ова прашање – велите – бидејќи знам дека некогаш постигнувањето консензус меѓу 28-те земји членки трае подолго отколку што јас би сакал.

Тоа ваше „подогло“, господине Туск, е многу, многу, дури бескрајно подолго од оној ваш „искрен“ додаток: „... во наредните денови“.

Едноставно, господине Туск, ова ви беше еден апсолутно кутар и неуверлив настап на конференција за медиумите, големо промашување, и се виде дека едвај чекавте конференцијата да заврши, исто како што и госпоѓа Меркел сигурно едвај чека некако да помине претстојното најавено мачење со Заев на кој „железната фрау“ ќе мора да му каже: „Не, не, не Заев, нема брз датум“, и да го испрати во неговата Северџанија за натаму да лаже и да измислува дека сè е во ред, и оти, ако не биде јуни, ќе биде јули, ако не јули, тогаш август, ако не август, тогаш септември, можеби октомври, или ноември, или декември, или...

Ах, да, на конференцијата во Брисел учествуваше и „клајдерштокот“ Пендаровски и од своето несовитливо и нескршливо „државничко“ ниво свечено изјави: „Со договорот за добросоедство со Бугарија и со Спогодбата од Преспа се ослободивме од товарот на минатото“. А под „товарот“ се подразбираат изворното национално-историско и културно

минато на македонскиот народ, македонскиот јазик и македонскиот национален идентитет, со еден збор: „се ослободивме“ од сè што е наше, македонско.

Да, да, тоа беше една негова навистина искрена велепредавничка изјава, во духот на „лидерските и храбри одлуки“ на заевско-големоалбанските идеи за нивната новосоздадена, привремена вештачка државна творбичка Северцанија.

Аферим!

12 јуни 2019, Република.мк Online
„Блескотен пример“ на европско-заевско фразирање!
https://republika.mk/kolumni/bleskoten-primer-na-evropsko-zaevski-frazeraj/

16 јуни 2019

ВЕНКО АНДОНОВСКИ БЕЗ КОМПАС ВО ЗАЕВСКОТО МРТВО МОРЕ

Кога морализира и теоретизира човек од „платниот список“ на Заев!

Една од страшните несреќи што глобалистичкото лудило ги донесе и во Македонија, и со чиј деструктивен, а од хуманистички и духовен аспект и смртоносен вирус, за жал, трагично се инфицираа редица македонски (сега апсолутно трагикомични глобалистички) интелектуалци – тоа е дека Македонија им е многу мала, дека и Европа им е многу мала, па дека дури им е мал и целиот свет, а оти тие се веќе такви остварени незаобиколни светски големини што можат да си дозволат самозаљубено, од високо, надуено, ex cathedra, да зборуваат најординарни глупости, да морализираат и да развиваат свои сопствени и импортирани ступидни социо-политички тези и теории, не потпирајќи ги врз ништо, освен врз своите поместени фантазии и длабоката идеолошко-политичка индоктринираност, како да кажуваат најголеми, неодминливи и научно непобитни цивилизациски вистини.

Но не треба посебно да се докажува дека големината на егзистенцијалниот и национален простор воопшто не е важна за во него сè да биде навистина и големо и вредно. На секој чекор низ светот и низ севкупната историја на човечката цивилизација имаме безброј примери што го потврдуваат тоа, и како факт, и како правило. Така е и со Македонија. И токму оттаму доаѓа и сета онаа вековна бесна острвеност од сите страни за да ни го одземат тоа мало парче земја, но и огромното, оригинално богатство создадено од еден мал, вдахновен и тивок народ.

Затоа, колку и да е голем и непрегледен егзистенцијалниот простор, со сите негови опојни, најсуптилни, преубави, слоевити и инспиративни разнообразности, за оној си кутар, изгубен човек на кој неговата лична ментална и морална клаустрофобија не му дозволуваат да ја согледа и да ја доживее имаментната, космичка големина дури и на малите, прекрасни национални и духовни светови, вистински цивилизациски бисери, како што е впрочем и чудесниот мал-голем свет на нашиот древен и единствен македонски народ, и на целиот наш мултиетнички микрокосмос што се вика Македонија – на таков човек едноставно му нема помош, и за него би биле тесни, мали и клаустрофобични и сите бескрајни галаксии што нѐ опкружуваат, а пак „малите светови“ како македонскиот, според нив, секако би требало „прогресивно“ и неповратно да се „глобализираат“ (читај: уништат) до ишчезнување.

Сево ова го читаме и го ишчитуваме во таканаречението „мегаинтервју“ на Венко Андоновски под наслов „Не сме се поместиле ни чекор од IX век наваму во морална смисла“, што од црногорскиот онлајн-весник „Вијести“ го пренесе „Нова Македонија“. Не знам зошто баш „мегаинтервју“, но и тоа е веројатно затоа што во светскиот јавен живот на мега-глобалистите сѐ треба да биде „МЕГА“, не дај Боже мало, или пак само најобично „интервју“. Но дури и да не е во прашање такво импресивно „мегаинтервју“, тој текст секако ќе остане трајно запомнет само како нешто крајно минорно, како своевиден сукус на бедата на филозофијата на Венко Андоновски, кој конечно на скалата на моралните вредности од 1 до 10, цврсто се позиционира на 0, веднаш до Ферид Мухиќ и до Људмил Спасов.

Цврстото уверување и став на Андоновски дека „не сме се поместиле ни чекор од IX век наваму во морална смисла“, што тој, без каков и да е аргумент за такво тврдење, ниту пак со предлог како ние Македонците во морална смисла

би требало да изгледаме денес, и што очигледно сака да го воспостави како „парадигма“ за целиот македонски народ, тој слободно и неограничено може да си го применува врз себеси и врз своите истомисленици, меѓу кои многумина како него си се „насликани“ во велепредавничкиот заевски „платен список“, и бедно му слугуваат на Заев, на тој најнеморален македонски изданок во историјата, кој со својот „супер морален“ криминален поткуп од 168.000 евра сè уште пред целиот свет се врти на YouTube, а воопшто и да не зборуваме за сите негови надреални велепредавнички насилства и гнасотии што „супер морално“ ги изврши над македонскиот народ и над Република Македонија. Значи, ако Андоновски мислел на себеси, на Заев и на целата таа братија морални истомисленици, тогаш е сосема во право кога вели: „не сме се поместиле ни чекор од IX век наваму во морална смисла“, зашто црното зло на неморалноста и поткупот е и многу, многу постаро од далечниот IX век, па, се разбира, и од најдалечните предбиблиски времиња.

Но кога станува збор за македонскиот народ, развивајќи се низ историјата онака и онолку колку што се развивале и колку што дозволувале вкупните општествено-политички, економски и други околности во различни историски периоди, тој секогаш, и во минатото се одликувал, а и денес се одликува со највисоки морални стојности и достоинство, за што најдобро сведочи пребогатото македонско културно-историско и духовно наследство, втемелено токму врз тие и такви морални и етички вредности, и како такво признаено во целиот цивилизиран свет.

А тоа што најголемиот дел од македонскиот народ едноставно не сака да ги прифати и да ги живее оние „некаде надвор“ скроени морални норми што со сите сили ги наметнуваат безобѕирните глобалистички центри на моќ, тоа не значи, како што негативно-пропагандно тврди нашиот мега-моралист,

дека македонскиот народ во морална смисла „заглавил“ во IX век, туку токму спротивното, дека токму најздравата морална и етичка јатка во македонскиот народ е сè уште мошне жива, компактна, оти однатре силно зрачи и му дава жесток отпор на црниот ново-средновековен, ново-феудален и ново--фашистички морал што настојува како калливо морално свлечиште да се втурне, да се лизне врз нас, да преплави и да затрупа сè што нема исти цивилизациски, хуманистички и интересни исходишта.

Секој морал, се разбира, има свои пет минутки, па така, еве, сега течат и петте минутки на моралот на Венко Андоновски, чиј тренд во глобалистичкиот предаторски свет, на кој тој очигледно му припаѓа со сето срце и душа, е моментално „во мода“, а тој е несомнено „мега-помоден“ интелектуалец, и тоа во морална смисла, замислете, многу далеку од IX век.

Но на ова место следува нешто уште поимпресивно, Мега-Гран-Финалето на „мегаинтервјуто“ на Андоновски, т.е. трите тотално разголени, бедни, пропагандистички, антимакедонски тези, до последната буква научени или препишани од програмите и платформите на најцрните македонски непријатели, многу посликовити и многу посугестивни од она негово помодно испеглано глобалистичко морално палтенце за кое зборувавме погоре, во кое тој пред нас надуено се перчеше и се поткреваше на прсти како пред огледало.

Еве ги тие „чуда“ од мега-мудрости.

Андоновски, теза бр. 1: Таканаречената „антиквизација“ на македонската национална свест и покрај сите пропагандни напори на претходната влада (особено со подигање на споменициите на секој чекор) не успеа. И понатаму преовладува мислењето дека Македонците се Словени.

Андоновски, теза бр. 2: Но сè повеќе се јавува свеста дека дури и тој неоспорен словенски корен на Македонците не е пресуден за пристоен живот во македонската држава. Сè

повеќе приврзаници има политиката, која е свртена кон запад и интеграцијата на земјата во НАТО и ЕУ. Особено младите луѓе веруваат во таа опција и не се посебно оптоварени со националниот идентитет.

Андоновски, теза бр. 3: Тоа е сосема во духот на она што денешните филозофи и политиколози го тврдат: глобализацијата полека ќе ги избрише локалните и мали култури и семиосфери, така што национализмот, па дури и патриотизмот, ќе прејдат во заден план. Ми се допаѓало тоа мене или не, македонската држава оди во тој правец, како и остатокот од светот.

Коментар на тезата бр. 1: Егзалтирано користејќи ги во целост политичкиот речнички арсенал и теминологијата на најголемите непријатели на македонскиот народ, кои безочно му се нафрлија од сите страни и со сите средства, со апсолутно идентичен тон на големогрчката, големобуарската, големалбанската и сета онаа меѓународна политика што беше и е најдиректно инволвирана во уништувањето на Република Македонија, Андоновски речиси триумфално (во стилот: нели ви реков?!) констатира дека не успеално будењето на македонската национална свест, така што и натаму преовладува (но кај кого, Венко?!) мислењето дека Македонците се Словени. Така, според него, таа борба за поттикнување и будење на загрозената македонска национална самобитност и свест со сите расположливи средства едноставно била сосема бесполезна и бесмислена. Значи, според мега-теоријата на Андоновски, требало веднаш да се постапи „рационално“ и македонската политика – за да не губиме време – итно да стане квислиншка и велепредавничка како политиката на Заев и во рок додека речеш „кекс“ да ја растури државата, а Македонците да речат „добро, ние сме Словени“.

Андоновски, како и секој македонски граѓанин, многу добро знае дека Грците, до гуша потонати во длабоките ис-

ториски лаги и мистификации, никогаш нема да нѐ наречат тоа што сме – Македонци, исто како и Бугарите за кои сме Бугари, затоа што тоа се единствените релевантни концепти на нивните бедни и примитивни освојувачки политики кон Македонија. Но Андоновски смета, со оглед на тоа што тие и натаму ќе бидат упорни и настојчиви во својот варварски грабеж на нашата историја и на нашето национално име, дека воопшто и немало смисла да им се дава отпор и да се поткрева националната свест на македонскиот народ. Супер филозофија! Па таа херпес-логика не важи ни за најзафрлените и најзаостанати племиња на земјината топка денес, кои до последниот здив и до последното копје и камен ќе се борат за својот опстанок, а не пак за македонскиот народ кој ги мина сите најтешки и крвави столетни искушенија во создавањето на својата национална држава Република Македонија, што не ја создаде на тој начин што ги слушаше агресивните антимакедонски пропаганди и лаги на Грците, Бугарите, Албанците, Србите, на некојси Венко Андоновски, или било кој друг, туку затоа што го слушаше тоа што му велеа срцето и умот, и неговото неподелено чувство на македонска народносна припадност.

Ако современите меѓународни политички прилики и новите моќни пропагандни алати и освојувачки методи најдиректно и безочно ти ги загрозуваат самобитноста, татковината, идентитетот, па што има поприродно од тоа освен да реагираш, да ја разбудуваш свеста на својот народ на секој можен начин и да го подготвуваш на отпор и борба со сите можни расположливи средства? Но, ете, според рационалниот мега-глобалист Андоновски, тоа било сосема погрешно и непотребно, требало да се постапи „лапидарно“ – смртта на македонскиот народ да се прифати и да се прогласи веднаш, и фигуративно, цела Македонија, со сите нејзини споменици, и стари и нови, да се преора со булдожери, да се избетонира со

една огромна, рамна, глобалистичка сива бетонска плоча без историја, без име, без идентитет, без какви и да е национални емоции и тотално без смисла.

Коментар на тезата бр. 2: Овие мега-ступидни размислувања на Андоновски нѐ водат кон следнава негова теза дека, како што вели, сѐ повеќе се јавувала свеста оти дури и тој неоспорен словенски корен на Македонците не е пресуден за пристоен живот во македонската држава. Сѐ повеќе приврзаници, тврди тој, има политиката, која е свртена кон запад и интеграцијата на земјата во НАТО и ЕУ. Особено младите луѓе веруваат во таа опција и не се посебно оптоварени со националниот идентитет.

Прво и основно прашање е врз кои и какви научни истражувања, статистики, аналитики и анкети Андоновски ги употребува апсолутно произволните квази-статистички синтагми „сѐ повеќе ова“ и „сѐ повеќе она“, освен ако не се буквално препишани и аплицирани од класифицираните документи на странските разузнавачки служби што врлуваа и сѐ уште врлуваат низ Македонија. Имено, со оглед на тоа што, според неговата квази-социолошка инсинуација, „сѐ повеке“ се јавувала свеста дека ни словенскиот корен на Македонците не им е доволен за пристоен живот, тогаш произлегува дека единствената среќа за нив би била да си најдат некаков „друг национален корен“. Е такви „корења“ што ни се нудат околу нас има колку што сакаш: за Бугарите сме Бугари, а Грците дури великодушно велат: да ја пуштиме таа народна маса „во северната земја“ во иднината да си го пронајде својот идентитет, секој човек според сопствената волја.

Но Андоновски е многу попрецизен по однос на изборот на „новиот корен“. Употребувајќи ја повторно својата плитка, произволна квази-статистичка, квази-аналитичка и квази-научна исфантазирана формула „сѐ повеќе“, тој вели дека има сѐ повеќе првзаници на политиката која е свртена

кон запад и интеграцијата на земјата во НАТО и ЕУ. Тука глупоста доаѓа до своите крајни граници, зашто „свртеноста кон запад“, или „свртеноста кон исток“, не значи воедно и дека е нужно да се бара „нов корен“ кој не би бил словенски и македонски. Па тогаш сите оние народи што се „свртени кон запад“ би требале да си ги променат своите национални корени и да прифатат ново заедничко име нпр. „Западен народ“ или „НАТО народ“. На тој начин сите ние, и Грците и Бугарите и Албанците и Македонците, и сите други „свртени кон запад“ консензуално би се слеале во една непрегледна хомогена маса на тој „Западен или НАТО народ“, а тоа тогаш би била најздрава основа за општа среќа и пристоен живот во тој супер организиран западен ГУЛАГ, во таа заедничка „Западна или НАТО држава“.

И тоа не е сè. Уште една блескотна пропагандистичка, произволна квази-статистичка, квази-аналитичка и квази--научна исфантазирана формулација, преземена од туѓинските класифицирани антимакедонски документи ја „краси“ оваа теза бр. 2 на Андоновски. Тој вели: „Особено младите луѓе веруваат во таа опција (Западен народ, НАТО народ – б.м), и не се посебно оптоварени со националниот идентитет“. Би го замолил господин Андоновски, доколку тоа не му претставува голем проблем, јавно да ги презентира тие „научни факти“ со кои располага по однос на тоа дека во Македонија „младите луѓе... не се посебно оптоварени со националниот идентитет“. Национален идентитет, господне Андоновски, претставува нешто сосема нормално и апсолутно иманентно на секое нормално човечко суштество, а претставува „оптоварување“, како што вие тоа го нарекувате, само за оние со сосема испрани души и мозоци, за оние зомбирани псевдо-луѓе што, за жал, сè уште како вонземјани се маткаат меѓу нас, во нашата нормална човечка заедница, каква што постои и каква што, од исток до запад и од север до југ на земјината

топка, е општопозната во историјата од најстарите почетоци на нашата цивилизација па сè до денес.

Коментар на тезата бр. 3: Развивајќи го и натаму тоа надреално ништителско лудило дека младите, како што вели Андоновски, не се „оптоваруваат со националниот идентитет“, тој решително, и пак без да цитира некого или нешто, без каков и да е опиплив научен или статистички податок и аргумент, наведува дека „тоа е сосема во духот на она што денешните филозофи и политиколози го тврдат: глобализацијата полека ќе ги избрише локалните и мали култури и семиосфери, така што национализмот, па дури и патриотизмот, ќе прејдат во заден план“ – „Македонската држава“, вели Андоновски, „оди во тој правец, како и остатокот од светот“.

Значи, според „филозофот“ и „политиколог“ Андоновски, глобализацијата е единствениот можен пат на човештвото. И нема друго! Тоа е крај на сите цивилизациски избори! Глобализацијата едноставно е неповратен процес и во многу догледно време ќе ги избрише сите мали народи и култури, а македонскиот народ, ете, се најде прв на пописот за уништување, така што наскоро ништо друго на светот, ниту едно „народче“ веќе нема да постои, освен таа нова орвеловска, фашистичка хипер-неолиберална и хибер-глобализирана „Западна или НАТО држава“ во која ќе живее новиот, обединет „Западен или НАТО народ“, па затоа, сите вие народи во светот, веднаш знајте дека никаков национализам или патриотизам, а особено македонскиот, воопшто нема смисла. Се разбира, останува отворено прашањето зошто, токму во моментот на тој, според авторот, незапирлив генијален светски процес на „бришење на народите“, нашите соседи, Бугарите, Грците и Албанците се удавија во супер големопатриотизам, големонационализам и големошовинизам, и сето тоа на сметка на македонскиот народ и на Република Македонија. Кај нив, очигледно, за Андоновски тие „процеси“ се сосема во ред

и во духот на, кај него опеаната глобализација, зашто тој во своето „мегаинтервју“ за нив и за нивните патриотизми, национализми, шовинизми и идиотизми немаше потреба да најде место за ниту едно зборче, барем за некаква споредба.

Со оглед на погоре реченото, оваа фашистоидна фундаменталистичка глобалистичка трета теза на Андоновски, која очигледно е и типичен „интелектуален“ репрезент и урнек на оној дел од македонската „интелигенција“ која, за жал, зафатена од тешката заевска шарена морска болест, остана сосема изгубена без компас, без сикстант и без ориентација среде заевското велепредавничко безизлезно мртво море, најдобро ги објаснува сите причини на страшните тектонски поместувања, пореметувања и уривачки процеси што ги доживеаја македонскиот народ и Република Македонија во последниве неколку години од доаѓањето на новата квислиншка, велепредавничка и големоалбанска власт на Зоран Заев.

Морам сепак да признам дека поразително вчудовидува тоа неизмерно, длабоко слепило и црна средновековна заблуденост и збудаленост на еден „прозападен“ писател, кој пишува на „западен јазик“, претставник на „Западниот и НАТО народ“ во „Западната и НАТО држава“, кој не е во состојба да го види и да го доживее бескрајното прекрасно поле на илјадници национални и субнационални и културни цутови што цутат ширум светот и воопшто не им е гајле за глобалистичкото лудило кое сега така радикално бргу се доближува кон својот неминовен крах и крај. Па дури и да продолжи таа смртна, антихуманистичка неолиберализтичка и глобалистичка бесна хајка против сите видови човечки слободи, а на прво место против слободата на право на суверено постоење на секој божји народ, па така и на македонскиот, вие, господин Андоновски, мора да знаете дека не се сите како вас, веднаш и без задршка „филозофски“ и „политиколошки“

да „ги симнуваат гаќите“ и да им се предаваат на напалените неолиберални глобалисти.

Не, Венко, постои еден значаен поим, еден од најпознатите и најславни зборови во историјата на човештвото, а се вика БОРБА! БОРБА! Борба за својот народ, борба за својот национален идентитет, борба за својот јазик, борба за своето свето име и за својата држава. Па така постои и БОРБА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ЗА СВОЈАТА ЗЛАТНА СЛОБОДА И ЗА СВОЕТО СЛАВНО ИМЕ!

А дали треба да се плашиме од неолибералните насилни велеглобалисти, од нивните црни стелтови, дронови и крстаречки ракети?! Па зарем не е нормално да се плашиме од секое стравотно, безобѕирно, антицивилизациско, варварско, разурнувачко, геноцидно насилство од каде и да доаѓа, што впрочем секојдневно го гледаме токму од истите тие ваши и од вас воспеани глобалистички сили? Но тоа што нивните закани се страшни и апсолутно реални не значи дека нема на тоа и такво лудило да му даваме најжесток можен отпор до последниот човек и до последниот здив.

Штета, Венко, штета за потрошеното „мегаинтервју“; ако покажевте само малку повеќе пристојност, понизност и почит кон својот народ можеби од тоа интервју и ќе испаднеше нешто, но, за жал, оваа тоталната бљак-пропаганда на гнилите, полумртви глобалистички и антинационални идеали беше многу појака од секоја ваша граѓанска умереност и литерарна префинетост, па ете, и не сакајќи, до крај си ја симнавте својата шарена „интелектуална“, заевска, моралистичка маска. А под неа – ништо.

16 јуни 2021, Република.мк Online
Венко Андоновски без компас во заевското мртво море
https://republika.mk/kolumni/venko-bez-kompas-vo-zaevskoto-mrtvo-more/

16 јули 2019

ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР ЌЕ ОДИ НА ЃУБРИШТЕ!

Непоправливото не може ниту да се поправа,
ниту да се преправа!

Насловот на оваа колумна директно се реферира на изјавите на двајца политичари: прво, на онаа на новиот грчки премиер Кирјакос Мицотакис кој неодамна рече дека Преспанскиот договор не може едностранo да се поништи, и второ, на оној неколку пати, па и најсвежо повторен став на лидерот на македонската опозиција Христијан Мицкоски дека, ако се покаже волја од грчката страна, ќе се обидел да го поправи/преправи/подобри Преспанскиот договор.

Најнапред за апсолутно невтемелената и измамничка изјава на Мицотакис, која всушност во себе иманентно го содржи нескриениот и сосема разбирлив грчки страв дека едностраното поништување на договорот од страна на Република Македонија не само што е можно, туку е и апсолутно неизбежно!

Ќе потсетам на зборовите на големиот мислител Волтер, непобитно докажано поумен, и благодарение на својот неодминлив и ненадминлив фасцинантен хуманистички ум, глобално неизмерно позначаен човек од купчето современи ступидни, минливи и мандатно потрошни ситно-европски, ситно-балкански и ситно-македонски политичари и квазиполитичари, од типот на Мицотакис, и пречкртаните Ципрас, Kосиас, Хан, Могерини, Заев и ним сличните, кои се убија да нè уверат и да ни докажат дека невидениот фашистички злостор што е извршен врз Македонија и врз македонскиот народ е за сите времиња сосема свршена работа, и оти е потребно само со уште неколку идиотски административни потези на лакејската, велепредавничка заевска власт да се

закопаат и последните останки на нашето македонско национално достоинство и самопочит, и последните свети македонски национални симболи (името, химната, знамето) да се фрлат во масовната гробница на безимените жртви на светскиот холокауст и етноцид – па сè да си се смири во општата рајска градина. Волтер, и самиот сведок, а неретко и директен учесник во најсложената и најпревртлива европска дипломатија на неговото време, која денес е исто таква, само пософистицирана во својата подмолност и технолошка оперативност, во својата прочуена „Хроника на Карло XII“ вели: „Оттогаш откога христијанските владетели прават сè едните со другите меѓусебно да се измамат, и откога војуваат и создаваат сојузи, потпишани се илјадници договори, и водени се исто толку војни“. И додава: „Договорите меѓу владетелите се најобично попуштање пред неволјите додека не дојде прва нова можност посилниот да го притисне послабиот“ и сè да се започне одново.

Во последните сто и педесет години, во врска со судбината на Македонија на европското и на балканското рамниште се потпишани барем исто толку најразлични меѓународно релевантни и ратификувани договори – и, согласно со промената на општествено-историските околности во светот и во Европа, практично сите до еден се поништувани и заменувани со некакви други, нови договори, од кои пак повеќето, како впрочем и фашистичкиот Преспански договор, исто така ќе бидат поништени, и предадени на табиетливата и правлива историја. На крајот од краиштата, пред потпишувањето на тој беден капитулантски документ Република Македонија си беше ситуирана во општиот правен систем на меѓународната заедница врз основа на своите претходно потпишани меѓународни договори и конвенции, но ете, со фашистичката и криминална заевско-грчка безочност тие најгрубо се поништени со Преспанскиот договор. Значи, како што вели

Хераклит, „сè тече, сè се менува“, па така ќе биде и со тој злосторнички документ, како впрочем и со ступидниот, велепредавнички Договор со Бугарија, штом за тоа се создадат соодветни политички услови во Република Македонија.

Сè-на-сè, светската, европската и балканската историја – тоа е всушност историја на безброј потпишани, а потоа поништени, пребришани, изиграни, или едностранo, како неважечки, отфрлени меѓународни договори. Некои такви договори дури и до ден денес во светот не се поништени ниту раскинати но не значат ништо во современата меѓународна политичка реалност, ниту некој ги спомнува, ниту некој на нив се повикува, освен, се разбира, мртвиот Санстефански договор, врз кој се темели сета бедна, крајно неинвентивна но нескриено агресивна бугарска меѓународна политичка фантазија по Македонија. А впрочем и денес, еве, секојдневно сведочиме на едностранo „излегување“ дури и од глобално најважните меѓународни договори и конвенции на најголемите светски играчи (за мирот, за разоружувањето, за натпреварот во новите нуклеарни технологии, за меѓународната трговија, за климатските промени), што само најсугестивно и непобитно сведочи за тоа колку всушност се кревки (менливи и едностранo отфрливи) меѓународните договори, и колку реално се застрашувачки и нестабилни општите меѓународни односи и прилики во кои договорите ништо не значат, или значат многу малку. Па зошто тогаш Македонија би била исклучок?

Затоа, господине Мицотакис, и вашиот заевско-грчки фашистички и криминален Преспански договор, кој и така и така на сите правни рамништа е сосема незаконски потпишан документ, ќе биде едноставно фрлен на историското буниште, и тоа несомнено само на еден и единствен можен начин – со едностранo излегување од него од страна на Република Ма-

кедонија. А пак оние грчки бла-бла прикаски во врска со можноста или неможноста тоа да се стори поради НАТО и ЕУ – тоа се нешта за кои ќе разговараме тогаш кога до тоа отфрлување практично ќе дојде.

Од друга страна, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски смета дека, по очекуваната победа на претстојните вонредни или редовни парламентарни избори, ќе дојде на чело на извршната власт во Македонија и ќе има можност со грчката страна да испреговара „подобар Преспански договор од сегашниот". Таа своја крајно наивна проценка Мицкоски ја потпира врз уверувањето дека, како што рече, на меѓународната заедница ѝ е најважно меѓу Македонија и Грција да има договор, па каков и да е, и оти новата, конзервативна влада на Мицотакис веќе покажала дека е незадоволна од постигнатиот договор.

Прво, „меѓународната заедница" да сакала да се постигне „каков-таков договор", таа тоа без проблем би го реализирала, зашто тоа било многу полесно да се постигне одошто да се наметне овој најмонструозен фашистички „документ". Но таа сакаше да го постигне токму тоа што го постигна – изворната, низ сложени историски околности и процеси создавана и создадена асномска држава Република Македонија засекогаш да ја снема, и во форма на нова вештачка квислиншка државна творба под друго име да ја претвори во апсолутно, и однадвор и однатре, поробена земја, за да може со неа и со нејзините граѓани да прави сѐ што сака. И токму тоа го постигна. Таканаречената „меѓународна заедница" управува со Македонија на далнински управувач преку неколкуте амбасадорски намесници, губернатори, божемни „екселенции" од типот на Жбогар, Тимоние and Company и, се разбира, преку мизерната заевска слугинска велепредавничка и големоалбанска криминална организација, што тие официјално ја нарекуваат Влада.

Второ, изјавите на Мицотакис и на сите од ред грчки политичари за тнр. „неприфатливост“ на Преспанскиот договор се најобична, евтина и прозирна грчка фарса за внатрешна грчка дневно-политичка употреба, која, ете, очекувано се покажа многу успешна во добивањето на штотуку одржаните избори. Да беше и обратна ситуацијата, Мицотакис да беше на власт, а Сириза да се бореше да го смени – и Ципрас би ја докажувал „неприфатливоста“ на Преспанскиот договор, затоа што со фашистичката (специфично грчки обоена) безобѕирна суровост, сеопфатност, и освојувачка пронижаност и заплетканост на Договорот во сите дамари на нашата македонска национална и државна самобитност Грците добија сè, па дури и она што никогаш ни на сон не можеа да го видат. Затоа, господине Мицкоски, не само што е наивно, туку е и смешно да се очекува дека грчката страна, на чело со Мицотакис (можеби само затоа што тој му припаѓа на десниот, сестрински политички спектар?!), ќе прифати, и тоа во интерес на Република Македонија, да го менува, да го ревидира, да го подобрува за нив „златниот, дијамантскиот договор“, договор со кој е постигната вековната црна цел на сите грчки политички генерации, од безочните фанариоти до денес – Македонија сосема да се потчини, да се освои, да се елинизира, да се претвори во кутар и немоќен грчки протекторат, што, еве, веќе го „чуваат“ грчки воени авиони, а нема долго да чекаме Македонија да почнат да ја газат и грчки воени чизми, малку поцрвсти и погруби од оние со мали броеви што Шекеринска им ги „осигура“ на нашите македонски војници од „донации“ од нечии магазински вишкови.

Фашистичкиот Преспански договор едноставно мора да се фрли на ѓубриште!

Тоа треба да му биде изборен слоган на секој оној што сака да ги добие наредните парламентарни избори во Република

Македонија, а не некаква си бледникава и млака идеја за негово „подобрување“, па потоа да си останеме „фини соседи“ со оние што така исконски нѐ мразат и не нѐ признаваат.

Ако господин Мицкоски верува во можноста за „подобрување“ на Преспанскиот договор, тогаш треба веднаш јавно да обзнани и да наброи, точка по точка, што е тоа „добро“, кој тоа член, кој параграф, која ставка, која буква, која запирка во договорот би требало да се задржи во него за тој, како цивилизиран меѓународен документ да ѝ стане сосема прифатлив и на македонската страна. Ако господин Мицкоски верува во демократијата, а ние му веруваме дека верува, тогаш тоа не би требало да ни го таи, да го чува за себе, зашто во тој случај ќе биде само на чекор до истите методи, до истите тајни и нетранспарентни постапки на Заев, кој тие прашања со другата страна си ги решаваше во четири очи. Никој од нас не се плаши веднаш да ги чуе тие идеи на господин Мицкоски; напротив, таквата негова отвореност, особено ако станува збор за цврсти и несоборливи аргументи дека воопшто има нешто „добро“ во Преспанскиот договор, кој би требало само уште да се „подобри“, ќе му донесе масовна, плебисцитарна поддршка од македонскиот народ и од сите граѓани на Република Македонија, која, замислете! – во тој „договор што треба да се подобри“ воопшто не се ни спомнува.

ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР ПРЕТСТАВУВА СИЛУВАЊЕ, најгрубо и највулгарно, најодвратно меѓународно силување на македонската држава, на македонскиот народ и на душата и на националното и човечко достоинство на секој Македонец поединечно!

А силувањето, господине Мицкоски, е секогаш само силување! Најмрачен злосторнички чин! Силувањето никако не може да се „подобри“! За силувањето треба да се оди во

најстрог доживотен затвор, а не да се преговара за негово „подобрување“ или „преправање“.

Неприфатливо е Мудроста (ако е мудрост!) да се натпреварува со Глупоста во смалувањето на сторената глупост и зло. Мудроста може само да постапува мудро. Ако пак се обиде да ги преуредува, да ги дотерува, да ги поправа глупоста и злото што ги сторила Глупоста, тогаш веќе не станува збор за Мудрост, туку само за некој друг вид Глупост (со исто име, само со поинаков предзнак), која е уверена дека е барем малку помудра од својата конкуренција Глупоста (со исто име, но со поинаков предзнак). А јас... јас сум склон кон тоа волтеровски да верувам во мудроста на Мудроста, сè додека не се уверам дека таа се изневерила себеси.

На македонските граѓани веќе им е мачно и им се лоши од секаква кабинетска, компромисерска, колеблива бла-бла политика, и внатрешна и надворешна. Македонските граѓани сакаат да видат и да препознаат еден национален политички лидер што јасно и недвосмислено врз здрави основи ќе ја радикализира македонската национална и државна политика, со тоа што и на дело, а не само со патетични зборови, и особено не само во прво лице (често повторуваното „Јас ќе те победам“!), ќе ја покаже и ќе ја докаже силата на националната и моралната самобитност.

Неодамнешните изјави на Мицкоски, пред да ги добиеме последните, сосема очекувани, одбивни „крошнички“ од ЕУ, кога, понесен од заевскиот илузионистички „моментум“, речиси егзалтирано најави дека „заедно со владата ќе лобира за датумот за почеток на преговорите“ – беше една сосема непотребна и бесполезна, страшна, ужасно погрешна политичка порака на водечкиот опозициски лидер. Со која тоа и каква влада? Зарем со велепредавничката „влада“ на Заев? Со тие ординарни криминалци ли? Со таа изјава Мицкоски истиот момент ја дезавуира својата лична, но и севкупната

партиска битка за Македонија, и целосно ја ревалоризира „владата“ на Заев во очите на неговите „пријатели“, во очите на тој гнил „меѓународен фактор“ што ни го инсталира истиот тој беден велепредавнички разбојник. Неприфатливо е и претставува најгрда порака и одењето на челниците на ВМРО-ДПМНЕ Николовски и Ѓорчев на „аџилак“ кај отпишаниот примитивец Јоханес Хан, човекот што беше најотровната мирудија во сите мрачни пресвртнички настани во Македонија, кој за државниот удар во македонското Собрание рече дека „тоа е мало поттурнување на демократијата кон напред“, човекот кој се „прослави“ со низа глупи, фашистички твитови против демократијата во Македонија и против нејзината слобода и самостојност, меѓу кои секако „блескоти“ оној најмрачен криминален повик до Заев по пропаднатиот референдум: „Применете балкански методи!“ А како изгледаше „примената на хановските балкански методи“ и што остана од Република Македонија по нив – тоа сите го видовме и добро го запомнивме.

Вистински нов, храбар и уверлив политички лидер во Македонија, и сигурен добитник на наредните избори ќе биде оној што јасно ќе каже и ќе вети дека штом дојде на власт, со најостра правна закана ќе им забрани на Јоханес Хан, Федерика Могерини, Метју Нимиц, Никос Косиас и Алексис Ципрас воопшто да стапнат на нашата македонска почва, и оти веднаш ќе побара отповикување на неколкуте амбасадори што најдиректно и најгрубо учествуваа во уривањето на правниот систем на Република Македонија и во незаконското донесување на власт на криминалната заевско-големоалбанска организација.

За оние што се лулкаат и што се нишкаат на заводливите политички прогностички рејтинг-илузии, треба јасно да се рече дека резултатите на претстојните избори воопшто не можат да се „прочитаат“ од повремено објавуваните рејтинг-

-листи. Во медиумите често спомнуваната предност од некои десетина па и повеќе насто на ВМРО-ДПМНЕ во однос на СДСМ, па дури и да се оствари на денот на изборите, воопшто не е доволна и значи само едно: релативна, Пирова победа, а тоа недвосмислено значи натамошен опстанок на власта на сегашната заевско-големоалбанска криминална коалициска клика.

Оној пак што вистински сака разлеаната трагична судбинска река на Македонија да ја врати во нејзиното нормално цивилизациско и демократско „корито“ и во нормален „тек“, треба да оствари апсолутно чиста и со ништо непоматена, ГОЛЕМА ИЗБОРНА ПОБЕДА, за да може да формира суверена мнозинска влада без какви и да е идиотски, бесрамни, одвратни уличарски уцени и бедна меѓупартиска, етно-битпазарска криминална трговија од сите видови, на што во изминативе три години со гнасење сведочевме и сведочиме секој ден и секој час. Само еден таков апсолутен победник на изборите, ако притоа во себе носи и вистински надпартиски национален капацитет, ќе има можност да воспостави нова, цивилизирана меѓуетничка рамнотежа во Република Македонија, и за министри (и тоа не според некаков си лажен комуњарски етнички клуч) во својата влада да избира само најквалитетни професионални и морални луѓе, независно од тоа дали се Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми, Срби, или пак од некоја друга етничка припадност. Само тогаш Македонија ќе биде Швајцарија за сите.

Во спортивното, секое, сега присутно, компромисерско, тесно-партиско надмудрување и наддавање во fake-парламентот и околу него, лидерски средби ти-реков-ми-рече и други глупости, кабинетското и квази-дипломатско пимплање и лигавење со оние осведочени ѓубриња од „меѓународната заедница“ што ни ја уништија Македонија, води кон сигурен и длабок изборен пораз, а еден од неонски осветлените па-

токази во таа погрешна насока е и безидејната „идеја“ на господин Мицкоски со новиот грчки премиер Мицотакис да преговара за „подобрување“ на Преспанскиот договор, тој најцрн, силувателски и силеџиски, најсрамен и најпогубен документ во историјата на македонскиот народ.

На ова место морам уште еднаш да потсетам на зборовите на Волтер: „Договорите меѓу владетелите се најобично попуштање пред неволјите додека не дојде прва нова можност посилниот да го притисне послабиот“.

А во нашиов трагичен македонски случај „прва нова можност“ фашистичкиот Преспански договор решително и краткопотезно да се фрли на ѓубриште, каде што му е и местото, ќе бидат наредните, по сите овие тековни драматични разврски во заевското криминално милје најверојатно предвремени парламентарни избори, а пак најсилен, па и многу, неизмерно посилен од сите црни домашни и надворешни моќници, непријатели и предатори, може да биде само оној што околу себе ќе го има обединет сиот македонски народ, со кој заедно и слободно на сиот глас ќе ги пее народните стихови: „Ништо не те плаши Македонијо!“ Само со таа и со таква народна и морална сила Република Македонија може повторно достоинствено да застане на своите нозе.

Но за тоа не се доволни вообичаените компромисерски политички методи за козметички зафати во Преспанскиот договор, и префинети деск-разговори со оние бедни и безначајни човечки сурогати по амбасадите и низ Европа што ни ја растурија државата, што ни ги скараа очите во главата, и кои и натаму ни го држат заринкан насилничкиот политички нож во нашите национални дробови. За тоа е потребна стамена, храбра политичка личност на која народот безрезервно ѝ верува, личност способна веднаш, овој час, да направи радикално, решително свртување кон изразито освестена проевропска но истовремено суверенистичка политика, со сигурен и прецизен

компас насочен кон вистинските цивилизациски вредности кои го подразбираат универзалното право на секој народ на свое име, јазик и на своја суверена национална држава; политика која слатките, лажливи, заводливи, корумпирачки, подмолни зборови за нашата божемна „блескотност“, за „блескотниот, нобеловски грчко-македонски пример“ и слични европски глупости и лигавења што од европската уста одвратно ни се цедат во ушните школки за да ни ги затнат за вистината (кои, еве, веќе рутински ги презема и Урсула фон дер Лајен) – значи, политика која таа сладникава „однегувана хипокризија“ ќе ја прими без каква и да е егзалтација, туку со ширум отворени очи, со смирени мисли и со студена глава, способна достоинствено кичмата да си ја држи исправено, и јасно да им каже: „Не, не, господа, тоа едноставно не е вистина; тоа што со вашата квислиншка хистерична алатка, Заев, им го направивте на македонскиот народ и на Република Македонија се најобични свинштини и невидено насилство! Ајде да ги ставиме нештата на своето место и да започнеме одново, онака како што им прилега на цивилизираните народи!“

Да, знам, овој баран политичко-лидерски стандард е многу висок, зашто станува збор за политика и политичар со јајца како кокосови ореви. А притоа има и уште нешто многу важно: македонскиот народ не е собран само во една партија!

Така јас гледам на нештата, а вие видете.

16 јули 2019, Република.мк Online
Преспанскиот договор ќе оди на ѓубриште!
https://republika.mk/kolumni/prespanskiot-dogovor-kje-odi-na-gjubrishte/

21 јули 2019

ПРЕТСМРТНА ПОЛИТИЧКА АГОНИЈА НА ЗОРАН ЗАЕВ

На Македонија пак хистерично ѝ се втурнаа меѓународни мршојадци од разни страни за да го спасуваат „глупавиот македонски народ“ од себе самиот!

За оние читатели на кои не им е позната латинската поговорка Deus ex machina (*Бог од машина*) само кратко ќе објаснам: кога во античкиот театар дејствието би се закомплицирало, одеднаш, одозгора, со посебна „машина“, на сцената се спуштал лик на „Бога“, внесувајќи некаква нагла, макар и сосема бесмислена драмска разврска. Во фигуративна смисла тој израз денес се користи тогаш кога во одредени, да речеме политички околности, се вмешува некој надворешен елемент за да „разврзе“ некоја сложена внатрешна ситуација, но тоа го прави сосема спротивно на логиката на нештата и спротивно на здравиот разум.

Ако, да речеме, во некоја таква театрална ситуација, на „големите играчи“ нивното планирано „дејствие“ во некоја земја им се закомплицира поради тамошниот претседател на државата – веднаш настапува *Бог од машина* и брзопотезно му го урива авионот, претседателот си загинува, и драмата „успешно“ се разврзува натаму. Ако пак им стане пречка некој премиер, тогаш *Бог од машина* се појавува како некаков општествен тумор на правното ткиво во вид на Специјално јавно обвинителство, кое води дубиозен политички процес против тој премиер, а тој, за да не му се случи и нему ненадејно „да му падне авионот“, итно се евакуира во друга држава – и ете ти супер драмска, речиси филмска разврска.

И да не набројувам, сигурно и вие сте слушнале за такви ситуации во светот.

Е, така и македонскиот народ си го има својот *Бог од машина* / Deus Johannes Hahn ex machina, „надворешен“, „меѓународен“ „елемент“ што ги „решава“ нашите македонски внатрешни проблеми и ситуации, сосема спротивно на секоја логика и спротивно на здравиот разум. Ако само нешто запне во Македонија – ете ти го „надворешениот меѓународен елемент“ Бог Јоханес Хан од Машина, а со него, се разбира, стасува и драмската разврска, и веднаш настапува голема национална катарза од која македонскиот народ полудува од среќа и нескриено воодушевување!

Кога, да речеме, – а на тоа сите живо се сеќаваме, нели, – по одржаните парламентарни избори во 2016 година се одвиваше вообичаениот демократски процес на давање или недавање мандат за премиер на македонската влада, (процес кој, на пример, некаде во исто време, во Германија, по одржаните парламентарни избори, траеше дури и повеќе од шест месеци, и едвај се состави влада), Бог Јоханес Хан од Машина сакаше таа драмска разврска кај нас, тоа хистерично „свршување“ на Хан да се случи итно, „час поскоро“, како што простачки би рекол неговиот миленик Заев, па така, Бог како Бог, ќе си седнеше во авион од Брисел за Скопје, без воопшто некој да го повикал или да го прашал нешто, па дури и без вообичаеното најбанално усогласување на протоколот, и туку ќе ти се нацрташе на Водно да го тормози и да го уценува македонскиот претседател Иванов: „Дај му“, па „дај му мандат на Зоран Заев!“ – „Вашата земја нема време за чекање! Треба што поскоро да влезете во ЕУ!“ И, ете, најпосле сосема јасно се виде како стојат работите со „влегувањето“.

Недолго потоа, Бог Јоханес Хан од Машина при шарено-големоалбанскиот државен удар во македонскиот Парламент само „твитна“ и ни ја „поттурна демократијата кон напред“–

и еве нѐ, по таа црна криминална драмска разврска, „поттурнати“ сме многу, многу „напред“.

Кога пак македонскиот народ никако не сакаше да го прифати фашистичкиот капитулантски Преспански договор и да дозволи уличарски и криминални идиоти да му го менуваат историското име, најдлабоко впишано во неговата душа и во секој негов дамар и ќелија – ете ти го пак Бог Јоханес Хан од Машина да му „твитне“ на „нашиот народ“ и да го предупреди со заканувачка разврска на драмското дејствие: „Или менување на името – или изолација!“

А кога македонскиот народ до коска го избојкотира бедниот, измамнички, велепредавнички заевски референдум – тогаш Бог Јоханес Хан од Машина од европските чардаци со порака итна на Заев му „твитна“: „Сега примени балкански методи!“ И веднаш со „балканските методи“ добивме супер „разврска“ на трагичното драмското дејствие, со невидена, трагична национална жртва на крајот од криминалната претстава, и со нескриен восхит на пијаните будали.

И, еве, сега пак, во моментот на претсмртното политичко кркорење на Заев, кога македонското драмско трагично дејствие „неочекувано“ повторно заглави во агонијата на рекетарскиот скандал, со ултра-криминални, мафијашки димензии, во самото „срце и душа“ на инсталираниот евро-атлантски трагичен театар во Република Македонија што се вика Специјално јавно обвинителство, и тоа токму со веле-примадоната на зрнце грашок Катица Јанева, со сета нејзина професионално извежбана и разработена „артистичка“ трупа и многу надарени „режисери“ – ете ти го пак Бог Јоханес Хан од Машина : стасува во Скопје.

И бидејќи во литературата се дозволени и малку послободни уметнички изрази (licentia poetica), а овде станува збор за еден навистина трагичен театар од крим-жанрот, дозволете ми онака македонски, народски, и пак пристојно, да прашам:

„Што к*р бара Јоханес Хан сега во Македонија?“

Кој воопшто го викнал тој натрапник и наметник, или пак тоа е само она неизлечливо патолошко својство на еден болен бирократски евроартист и блефер што се соживеал со идиотската улога тука, во нашата татковина Република Македонија, доживотно да биде Deus ex machina?

Медиумите најавуваат дека Бог Јоханес Хан од Машина во Скопје ќе имал одвоени разговори со квислингот Заев и со лидерот на опозицијата Мицкоски. Се разбира дека главна тема, завиткана во некои други, целофански формулации, треба да биде токму спасувањето на задникот на Заев и на неговата евро-атлантска СЈО-банда од срамниот крим-полициски случај „Рекет“.

Бидејќи сум уверен дека Христијан Мицкоски не е тој што го поканил предметниот Бог Јоханес Хан од Машина на кафе, тулумби и на непотребен муабет, зашто сè е јасно како ден, јас, да сум на неговото место, „со убаво“ би му рекол на Бог Јоханес Хан од Машина дека „незакажниот состанок“ со него нема да се одржи, да си се врати во Брисел, и оттаму да гледа како во сопствените лајна се дави ништителот на Република Македонија и на македонскиот народ, и притоа докажан криминалец, Зоран Заев.

Знам дека тоа не звучи баш „реал-политички“, но затоа претставува цврст, непоколеблив став и храбро излегување на актуелното, сè повжештено политичко поприште во денес решавачката битка за Република Македонија.

Во овој клучен политички момент и во услови на вистинска и неповратна разврска на „криминалното драмското дејствие“, кога „артистите“ од СЈО и од бурлескниот театар на заевскиот „правен систем“ сосема си ги заборавија улогите заради кои се вклучени во ступидната евро-атлантска претстава, и пред целата македонска и светска „публика“ едноставно останаа без текст – само таква енергична разврска на оваа

тешка национална драма е апсолутно логична, прифатлива и исцело наша, македонска.

Таа голема шанса за Мицкоски политички и државнички храбро да исчекори од сенката на меѓународно миноризиран челник на една „опасна“ „националистичка“ партија, и да се наметне како општонационален македонски лидер, му се укажува токму сега, во овој момент, и само еднаш. Нема после.

Секој негов евентуален разговор и договор на тема „СЈО“ со Заев, со Бог Јоханес Хан од Машина, со Филип Рикер, кој исто така наеднаш си се самонајави дека доаѓа во Скопје, па со безначајното, злобно европско ултра-бирократиште Жбогар, кој ни е веќе тука и дави ли, дави... ќе претставува само најнепожелен политички чин – т.е. ќе претставува, или барем ќе остави мачен впечаток на заедничко, компромисерско СДСМ–ВМРО-ДПМНЕовско спасување на бедната криминална кожа на Зоран Заев, кој, во тој случај, од пеколот во кој сега се вари, ќе излезе појак, „пурифициран“ и „верифициран“ од најважната опозициска македонска партија, и со право наоколу ќе си се расфрлува со својата божемна непобитна „инклузивност“, со своето „државничко лидерство“ и со својата „политичка храброст“ за „донесување важни одлуки“.

А всушност станува збор само за тоа Заев (читај неговите налогодаватели!) да смисли (веќе е смислено!) и, според својот велепредавнички урнек да направи (веќе е направено!), а Мицкоски, под патронатот на Бог Јоханес Хан од Машина и другите инволвирани „меѓународни елементи“ – само да го аминува Законот за јавно обвинителство.

Зошто е толку важен тој закон, кој треба божем консензуално да биде донесен во Парламентот?

Затоа што, доколку се усвои онака како што го „напишал“ султанот Заев, тоа ќе биде последната шајка во мртовечкиот

сандак на Република Македонија, како предуслов за (и натаму!) теоретско добивање датум за почеток на преговорите со ЕУ, но сериозно условувано и со сите оние подмолни грчки и бугарски „црвени линии“ за кои деновиве читаме и слушаме на сите страни, а одден-наден ќе ги има сè повеќе и повеќе, и ќе бидат сè помачни, понепреодни и поодвратни.

Интересно е што токму во овие драматични моменти на коруптивни и криминални скандали во владеајчкото милје во Македонија, од Европската комисија се јави и нејзината нова претседателка Урсула фон дер Лајен со совршено прецизно не/одредена изјава дека таа е за проширување на ЕУ со земјите од тнр. Западен Балкан, но тогаш кога тие ќе ги исполнат сите услови. А кои се тие услови, освен оваа неприродна и неприфатлива политичка копулација меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ на која се надева успешно да ѝ кумува Бог Јоханес Хан од Машина, е, тоа прашајте ја Урсула и грчките и бугарските политичари и политичарчиња кои треба да им дадат зелено светло. За жал, тоа ќе биде кога на врба ќе роди грозје!

Во меѓувреме нашите домашни политичари, и особено провладините медиуми, не престануваат да ја прецвакуваат илузијата за божемното добивање датум во октомври годинава.

Да видиме: што ќе се случи во октомври 2019 година?

Па во октомври 2019 година ќе се случат две работи: 1. во Минхен ќе се одржи традиционалната забавна пивска манифестација Октоберфест и 2. Велика Британија дефинивно ќе си излезе од ЕУ, со или без договор, и ќе се спаси од ултра-бирократското евро-унитарно лудило. Тие два настани за октомври се сосема сигурни и веќе се стокмени.

Онаа, пак, трета „возбудлива“ работа која овде кај нас се очекува како небаре веќе нешто свршено – тоа едноставно нема да се случи: Република Македонија нема да добие датум за започнување на преговорите со ЕУ. Се разбира, сосема дру-

га работа е тоа што, дури и да се случи такво чудо, самото „добивање датум“ и така и така ништо не значи, или значи само – простете! – долгорочна, за Македонија повеќедецениска непредвидлива зае*анција од сите видови. Турција има „добиено датум“ уште пред триесетина години, но заради нејзината големина и нејзиното незаобиколно меѓународно воено-политичко и економско значење, „во ЕУ-чекалната“ не можат баш толку да ја тормозат и да ѝ изнудуваат колку што тоа, како што веќе гледаме, можат да ни го прават нам, особено вака реално неподготвени на ниедно рамниште ни за pro forma почеток на таа интеграција.

Но, како и да е, од добивање датум во октомври нема ништо. Не само затоа што, освен организациските дубиози и сериозните отворени и сложени прашања внатре во ЕУ, на кои, впрочем, постојано предупредува и еден од најклучните лидери, Макрон, а и сите други тоа добро го знаат, односите во ЕУ, и покрај медиумската евро-лакировка, насмеани лица, масонска заемна сплотеност, мачно салонско лигавење, јавно гушкање и бацување на тамошните „високи политичари“ пред ТВ камерите и тн., токму во октомври се случува последниот чин на излегувањето на Велика Британија од Унијата. И сега замислете си, во тој октомвриски европски хаос, само уште ваква Македонија, со сите свои комплексни проблеми и отворени прашања по општествената вертикала и хоризонтала ѝ затребала на ЕУ.

Затоа би било коректно, а и крајно време е, нашите здодевни и лажни политички „елити“, претседателот на државата, „премиерот“, „министрите“, шефовите на партиите и разни амбасадори и амбасадорчиња веќе еднаш да престанат (оние кои тоа го прават) да го спомнуваат октомви како можен датум за почеток на преговорите, како некое постојано поткревање на навивачката адреналинска ЕУ-возбуда на граѓа-

ните. Но бидејќи ова последново тие секако нема да го сторат, тогаш ние самите мораме да престанеме толку сериозно да ги доживуваме, и да си гледаме на кој начин однатре, со силата на сопствениот хуманистички ентитет, со огромниот а неактивиран, или сосема умртвен потенцијал на нашата народна меѓучовечка солидарност и заемно согласје да си ја оправиме заедничката татковина и животот во неа. Нека прават што ќе прават. Има време и место кога и ние јасно ќе си го кажеме своето – на изборите!

За крај, еве, уште еднаш да го спомнам самоповиканиот во Скопје Бог Јоханес Хан од Машина. Треба да се знае дека тој самозаљубен евро-бирократ штотуку едвај успеа да „помине“ во својата австриска база како потенцијален повторен кандидат за комесар во ЕК, но „само како кандидат!“, зашто Европската комисија воопшто не мора кандидатурата да му ја прифати, иако тој секако многу би сакал по третиот сладок бирократски мандат врз туѓ грб, па и врз нашиот македонски, да си ја дочека политичката ЕУ-пензија. А згора на тоа, па дури и да му го продолжат статусот на комесар, веќе е сосема познато дека тој нема повторно да биде комесар за проширување. Затоа тоа што тој Бог Јоханес Хан од Машина сега низ Скопје ќе го прави, тоа што ќе го зборува и што ќе им ветува на соговорниците има реална тежина само онолку колку што тие ќе му веруваат.

Она, пак, што тој Бог Јоханес Хан од Машина не успеа да го научи во текот на својот апсолутно промашен и за односите помеѓу балканските земји трагично штетен мандат на евро-комесар за проширување, тоа е дека единствениот вистински Бог во својата држава, во својата татковина – е само народот. Во Република Македонија, тоа се нејзините македонски граѓани, а не некој си Бог Јоханес Хан од Машина. Но, вистина е дека тоа и самите ние треба силно да си го освестиме како

најважен момент на една вистинска демократија во изворната смисла на зборот, која толку многу ни е потребна, како лебот наш насушен.

21 јули 2019, Република.мк Online
Претсмртна политичка агонија на Зоран Заев
https://republika.mk/kolumni/pretsmrtna-politichka-agonija-na-zoran-zaev/

23 јули 2019

РАСПИТ, ПРИТВОР И РОБИЈА
ЗА РУСКОВСКА, ЈОВЕСКИ И ЗАЕВ!
Никој не е над законот! Нема совршен злосторˊ!
Ве фативме, престанете да лажете!

Ова не е ниту шега, ниту жолта вест. Ова е многу сериозно, а се темели врз фактите со кои јавната обвинителка Вилма Русковска, во настојувањето Зоран Заев во очите на јавноста да го направи светски антикорупциски народен херој, барем по две основи се обвини самата себеси, обвинувајќи го и јавниот обвинител Љубомир Јовески, но и самиот Заев.

Политичко погодување во изборниот процес

Според изјавата на Русковска, Зоран Заев во месец април, меѓу двата круга на претседателските избори, т.е. меѓу 21 април и 5 мај, на состанокот по некој секундарен повод, нејзе лично и на обвинителот Љубомир Јовески, онака патем им рекол дека сака да пријави кривично дело *рекет*. Но што треба да значи тоа дека „сакал да пријави", кога многу добро се знае како се пријавува еден така сериозен криминал: во пишана форма, со конкретни податоци, лично потпишано и, се разбира, официјално предадено и заведено под класа, број и датум во приемната книга на судската писарница. Од изјавата на обвинителката Русковска, меѓутоа, дознавме дека Заев тоа го сторил само во приватен „муабет" во шест очи и уши, но не и дали поднесол пријава во официјална, пишана форма, или пак сето тоа си останало само на воздушесто-вербалното: „сакам да пријавам". Тие тројцата, Русковска, Јовески и Заев, значи, меѓу 21 април и 5 мај, во изборното меѓувреме од

првиот до вториот круг, беа единствените кои во тој момент знаеја за опасно разгорененото кривично дејствување рекет, и си дозволија таква криминална слобода тоа да не ѝ го соопштат на македонската јавност истиот момент, туку чекаа да поминат изборите, а потоа и уште два-ипол месеци.

Некој ќе рече: па не оди тоа така едноставно! Е не, баш оди токму така, јасно, едноставно и енергично, кога навистина се сака да се справи со најцрниот криминал што им ја изеде душата на македонските граѓани, и особено кога станува збор за криминал во највисоките општествени и правосудни кругови. И веднаш, „јавна обвинителке" Русковска, се испраќаат до заби вооружени специјалци да ги бркаат и на сите страни да ги фаќаат црните криминални гнасови од општественото дно до врвот на власта, како што тоа, по ваш налог и безочно, токму во таков „стил" го правеа со „спектакуларни приведувања" на низа сосема невини, угледни и чесни македонски граѓани, патриоти, од вас обвинети за „тероризам".

Еве ги тешките кривични дела на Русковска, Јовески и Заев, содржани во нејзината изјава.

Прво, со тоа што случајот „Рекет" е отворен со огромно задоцнување, дури во јули, односно од сите тројца тешкиот криминал и корупција свесно се прикривани од јавноста повеќе од два месеци по добивањето на наводно „првата" информација од Зоран Заев, и тоа токму во времето меѓу двата круга на претседателските избори, двата јавни обвинители и Заев извршија најдиректно пресудно влијание врз исходот на претседателските избори, т.е. извршија недвосмислено кривично погодување за остварување голема политичка и друга нематеријална полза, како за претседателскиот кандидат на СДСМ Стево Пендаровски, така и за самата партија СДСМ чиј кандидат беше тој, што конечниот избор на претседателот го става во длабока и најсериозна дубиоза.

Имено, сосема е сигурно дека навременото (т.е. во истиот момент!) покренување на кривичната постапка и гонење во случајот „Рекет“, и известувањето на целокупната јавност дека во и околу заевското Специјално јавно обвинителство се случува ваков криминал од невидени, мафијашки димензии, односно објавувањето на тие срамни, поразителни факти токму во моментот меѓу двата изборни круга, би имало недвосмислено и пресудно влијание врз личните одлуки на граѓаните на кој кандидат да му го дадат својот глас. Како гласачи, запрашајте се и самите, дали по овие сегашни, само вака делумно и перфидно дозирано, едвај исцедени информации за невидени криминални свинштини во врвот на заевската извршна и правосудна власт вашата одлука тогаш, при гласањето на претседателските избори, би била иста?

Обвинителите Русковска и Јовески, и со нив Зоран Заев, од јавноста ја сокрија и долго ја сокриваа таа информација, и со тоа свесно, и политички и професионално крајно неодговорно, апсолутно неетично и незаконски се вмешаа во текот и во исходот на изборниот процес и директно влијаеа врз создавањето искривена слика за политичката реалност во државата во моментот на одржувањето на претседателските избори.

Како и обвинителите, кои имаа професионална и морална обврска итно, односно истиот час да реагираат, да ги покренат обвинителниот и криминалистички процес, и на распит и евентуален притвор да ги приведат осомничените, исто така апсолутно подеднакво е одговорен и самиот Зоран Заев, кој, се разбира, нема ингеренции да покренува обвинителни постапки, но бидејќи неуморно, постојано на сите страни се расфрлува и треска секакви неартикулирани, ступидни, аналфабетски изјави и морбидни глупости, и го бламира македонскиот народ, исто така требало со македонската јав-

ност („транспарентно и инклузивно, нели!“), барем еднаш нормално и артикулирано да ја сподели и таа ужасна вистина за криминалните собитија во својот круг, таа невидена срамота, пред сè за неговото сдсмовско партизирано Специјално јавно обвинителство и за сите нешта околу него.

Погодување на криминалната организација

Второ, со непријавувањето и ненавременото покренување обвинителна и криминалистичка постапка повеќе од два месеци, Русковска, Јовески и Заев свесно ѝ овозможија на криминалната организација, собрана околу врвот на правосудната власт, непречено, слободно да продолжи да си се занимава со безочниот милионски рекет во целиот тој период, речиси до денес, со што незаконски, т.е. криминално ѝ погодуваа на рекетарската банда во извршувањето на низа криминални дејствија и дела, меѓу другото, и перење големи количества пари, како и психолошки и материјално да ги малтретираат, да ги уценуваат, и да ги истоштуваат жртвите на рекетот и нивните семејства.

Ако некој пожарникар е информиран, знае и гледа дека се случува стравотен пожар, а не презема ништо итно да го запре и да го изгасне, ниту пак за тоа ја известува пошироката јавност, тој станува директен виновник и соучесник во постојната несреќа и можната уште поголема трагедија. Токму тоа го направија овие тројца заевски неодговорни „пожарникари“ од врвот на извршната и правосудната власт, не преземајќи ништо да го запрат опасно разгорениот криминален пожар со кој беа запознаени, и рекетарските „супер-пиромани“ итно пред очите на јавноста да ги приведат кон правда, со што директно станаа нивни криминални јатаци и соучесници.

Распит, притвор и робија за Русковска, Јовески и Заев!

Ако меѓу актуелните „СЈО-кадии“ моментално нема баш никого против нив да поведе истражна постапка за овие извршени кривични дела, тоа нека го сторат самите тие, и нека си фатат автобус за Шутка, за да не мораат и по нив да доаѓаат специјалци со црни шлемови, целосна заштитна опрема, штитови, шок-пендреци и со долги цевки, според спектакуларниот стил и урнек што токму тие го афирмираа и го увежбуваа во насилните апсења на честите македонски патриоти.

23 јули 2019 Република.мк Online
Распит, притвор и робија за Русковска, Јовески и Заев!
https://republika.mk/kolumni/raspit-i-pritvor-za-ruskoska-joveski-i-zaev/

27 јули 2019

„ПРАВДАТА ВО МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС Е ГРДА КАКО ВИЛМА“

Слобода на мислење, ѓовор на омраза, или само прашање на естетика? Северцанија во филозофско-цензорски води!

Со оваа потврдна реченица во насловот сакам само да придонесам кон јавната расправа околу блескотната државничка намера на Зоран Заев, конечно, и како што доликува, цензорски да ја доведе во ред слободата на мислењето во Македонија, а еве, си дозволувам на тој „лидер во Регионот“ и да му сугерирам како на сериозен предлагач на Законот за цензура токму таа реченица да си ја земе како мошне илустративен урнек и окосница околу која би можела да се движи и да се развива сета плодна правна и научна аргументација: „Правдата во Македонија е грда како Вилма“. Звучи ефектно!

И додавам дека во дискусијата бездруго активно треба да се вклучат и „емеритусите“ од онаа институција со четири големи букви, ма онаа, која некогаш дури имаше и некакво достоинство (но добро...што било, било), и на чии претставници неодамна лично претседателот на државата (ej!) цврсто им вети дека отсега, кога веќе дефинитивно сѐ е раздржавено, растурено и расшрафено, никогаш и ништо веќе нема да се прави без нив да ги прашаат за уваженото им мислење и став.

Но да започнеме со анализа на воведната реченица: „Правдата во Македонија е грда како Вилма“.

Веднаш се наметнуваат низа правно-книжевно-лингвистички дилеми и прашања:

1/ дали таа реченица во себе сублимира елементи на транспонирана негативна естетика од реалниот свет во кој постои некоја си грда Вилма?

2/ или пак реченицата е само обичен производ на авторовата лирерарна фикција за таа грда Вилма, што нема никаква врска ни со правдата и ни со реалноста што нѐ опкружува?

3/ дали реченицата во себе носи елементи на обична случајна непристојност на некој автор кој можеби ја напишал без предумисла и без намера да ја повреди таа имагинарна многу грда Вилма?

4/ или е само стандарден израз на слобода на мислењето кога правдата во Македонија ја споредува со едно навистина физички грдо лице како лицето на Вилма, со што ѝ упатува директна критика на власта која правдата ја заменила со неправда; а, знаеме, неправдата сама по себе секогаш е грда?

5/ или (oops!) можеби тоа е обичен говор на омраза, како што го доживува моралозаштитникот и предлагач на Законот за цензура, г. Заев?; но омраза кон што и кон кого: кон грдата (не)правда или кон грдото лице на имагинарната Вилма?; или пак можеби воопшто не е во прашање нејзиното многу грдо лице само по себе, туку можеби станува збор само за споредба на правдата со грдата душа или стемнетиот ум на некоја си грда Вилма?

6/ или пак кога ќе речете: „Правдата во Македонија е грда како Вилма“, едноставно станува збор за едно чисто апстрактно прашање кое спаѓа во категорија на споредбената естетика (*убаво* наспрема *ѓрдо*!), па дури и на филозофија што се изучува на филолошките факултети кај нас и во светот?

7/ и дали таквата реченица, бидејќи предизвикува толку дилеми, воопшто смее да се користи и да се напише, или итно треба да се забрани, и треба ли во јазикот да се дозволи употребата на сликовитиот збор „грдо, грда“ кој веднаш сугес-

тивно ни го предочува грдиот лик, па дури и целата синтагма „грда Вилма“, иако, реално говорејќи за тоа нема основа, зашто ние не знаеме дали такво лице воопшто постои?; јас во тој дел не би го менувал законот, зашто со тоа само непотребно би се смалил или дури и би се изгубил експресивниот јазичен регистер. Нека си остане „грда Вилма“.

8/ од друга страна, внимавајте, и зборот „правда“ е многу, многу дискутабилен и опасен; веќе од овие неколку погоре наведени дилеми јасно се гледа дека со зборот „правда“ може навистина да се прави сè што ќе ти текне; например, правдата може да се третира како правда дури и кога е црна и неподнослива неправда; и обратно, неправдата да се возвишува како нешто блескотно, како сончев сјај на правната држава. Сме виделе дека во светот имало и такви примери, нели.

9/ реално, во Законот за цензура и воопшто во законите и Уставот зборот „правда“ би требало сосема и трајно да се исфрли како одвишен, за да не им создава главоболки и проблеми на оние што ќе ги спроведуваат последиците на нејзиното значење, а впрочем со време и така и така ќе си се навикнеме на тоа дека таа и таква „правда“ едноставно не постои. Па, еве и досега без неа убаво, европски и светски си живееме и си живееме.

10/ околу зборот Македонија, меѓутоа... е, тука воопшто нема дилеми, зашто предалагачот на цензурата Зоран Заев тој збор веќе брзопотезно го ликвидира и го замени со Северџанија, а така е и најдобро, зашто, ве молам, во еден релевантен северџански закон никако и не му е местото, и не смее, не дај Боже, да има такви зборови како Македонија, украдени од историјата на другите соседни народи.

Се разбира, има уште многу варијанти според кои може да се толкува потврдната реченица „Правдата во Македонија е грда како Вилма“, и предлагачот, ако сака цензурата

беспрекорно да му функционира, ќе мора да напише Закон подебел од „Капиталот“ на Маркс.

Освен тоа, за да се следат сиот печат, сите портали и сите ТВ емисии на кои ќе се појавуваат според Законот за цензура „дубиозни“ текстови, прилози и изјави, потребно е да се формира посебно специјализирано „разузнавачко“ тело – Цензорска комисија – што ќе се утепа од читање белетристички текстови, новински написи, колумни, гледање ТВ и проценување, пред и по објавувањето, за да утврдува што е забрането, што е сомнително, што е навреда, што е говор на омраза, и притоа веднаш да одредува според кој член и параграф на „Законот“ ќе треба обвинително и со судски прогон да се реагира.

Во секој случај, нужно е таа Цензорска комисија да се формира итно, дури и пред да се донесе Законот за цензура, за да може и самиот Заев, како и рускиот цар Александар I, конечната верзија на својот Закон да ја предаде на цензурирање пред неговото усвојување во Парламентот, за, не дај Боже, да не се најде и самиот на удар на сопствената цензура, доколку напишал некаков инкриминирачки член и параграф што е во спротивност со репресивниот дух на самиот Закон. Сигурно си е сигурно!

Следствено на тоа, нужно е веднаш да се формира и Специјално јавно обвинителство за прогон на поединци што го кршат Законот за цензура, кој истите лица ќе ги процесуира за „тероризам против државата и народот“.

Но, почитувани читатели, вие сфаќате дека јас овде сакав само малку да му ги разбранувам креативните хуманистички мисли на законоДавителот, а и на вкупната наша јавност, која од донесувањето на овој модерен апсолутистички, „инклузивен“, царистички закон ќе има многу, многу голема полза, или, како што би рекол самиот англо-саксонец, Заев – голем „бенефит“.

Но, ќе ви кажам уште нешто: писателите се сосема блесави и непресметливи луѓе. Баш им се е.. за цензорите и недопирливите, па и да се од Муртино село, па и да се викаат Вилма. Тие тврдоглаво си ја тераат и си ја бранат својата поетска и воопшто човечката слобода, па дури и ако им се заканува опасноста да бидат прогонети во оној „прозападен" Сибир што се вика Шутка, иако, колку што знам, тој Шутка-Сибир се наоѓа од оваа страна на Гринвич, значи дека е „происточен", односно апсолутно антидржавен.

Нејсе, ако на тие блесави писатели наеднаш им дојде инспирација да напишат токму ваква реченица: „Правдата во Македонија е грда како Вилма", тие тоа во својот неспитомлив творечки наплив и ќе го сторат, уверени дека со внатрешната разбудувачка енергија на таа едноставна потврдна реченица, и играјќи се со нејзиниот вистински естетско-моралистички контекст прават нешто добро за својот прекрасен, но длабоко понижен народ, со желба однатре да го релаксираат. А ако ништо друго, барем сите горчливо ќе се насмевнат. А во овој свет, па дури и во таа небиднина Северџанија, во која лудилото на властодршците и цензуро-законодавците е веќе со мур заверено и институционализирано – смеата, па макар и горчлива, и исмевањето на тие тешки будали ни се потребни како топлото татковинско, македонско изгрејсонце.

27 јули 2019, Република.мк Online
„Правдата во Македонија денес е грда како Вилма"
https://republika.mk/kolumni/pravdata-vo-makedonija-e-grda-kako-vilma/

29 јули 2019

НЕКОЛКУ ИЛИНДЕНСКИ ПОРАКИ ДО МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

* * *

Македонија, Гоце и Илинден не се само имиња. Македонија, Гоце и Илинден се состојба на духот на македонскиот народ.

* * *

На Хирошима и Нагасаки се фрлени атомски бомби. На Република Македонија е фрлен Зоран Заев.

Атомските бомби ги разурнаа Хирошима и Нагасаки. Зоран Заев ја разурна Република Македонија.

Хирошима и Нагасаки се опоравија и пак се кренаа на нозе. И Република Македонија ќе се опорави и пак ќе се крене на нозе.

Хирошима и Нагасаки ги возобнови јапонскиот народ. Република Македонија ќе си ја возобнови македонскиот народ.

Денес цел свет се срами од злото што му е нанесено на јапонскиот народ со бомбите фрлени на Хирошима и Нагасаки. Така цел свет ќе се срами и од црното зло што на македонскиот народ и на Република Македонија им го нанесоа големите сили преку својот злосторнички велепредавнички извршител Зоран Заев.

* * *

Македонски народе, „никој не може да ти го чуе лелекот додека главата ја држиш забиена во песок“ (народна поговорка).

* * *

И уште една поука од малиот, мудар народ Черемиси:

„Во шумата има бели брези, високи борови и елки, а постои и ситна смрека. Господ ги трпи сите и не ѝ вели на смреката дека мора да стане бор. Така и ние меѓу себе сме си како шума. Вие бидете бели брези, ние ќе си останеме смреки, а своите свети нешта нема да ги изневериме“ (според Херцен).

29 јули 2019, Република.мк Online
Неколку илинденски пораки до македонскиот народ
https://republika.mk/kolumni/nekolku-ilindenski-poraki/

7 авгӯст 2019

ПОЛИТИЧКА СОДОМИЈА И МЕНТАЛНО БУНИЛО!

Додека Заев сееше Лудило, а ние жнеевме Пелин, и по̄тоа...

Шарениот „месијанизам“ на Зоран Заев дефинитивно потона во целосно ментално бунило, а самиот тој и неговата гротескна квислиншка клика неповратно се изгубија во сопствениот ЕУ и НАТО мистицизам, при што за нив Европската Унија е нова Света Земја, НАТО милитаризмот нова Света Религија, европските и американските политичари нови Свети Евангелисти, нивните амбасадорчиња нови Свети Апостоли, нивните „мислења“ – нова Света Книга... а Македонија ја нема никаде.

Во таа виртуелна идолопоклонска ЕУ и НАТО фреска, пред тие неприродни, пластични, нераспадливи, однатре празни и надуени нови „божества“, кој ничкум, кој паднат на коленици, се молат „заевските нововерници“, опиени од „пуста надеж“ што, по цена на краен самопрезир и самоодречување, им ја влеа морбидната заевска политичка содомија со своите лигави, отровни ветувања и подмолни шиштења со расцепениот јазик, претворајќи ги тие кутри, заблудени и цинично злоупотребени невини човечки души во обневидени фанатици и следбеници на неговата и национално и хуманистички суицидна, велепредавничка, политичко-криминална секта. О, само да знаат колку бедно, колку неприродно всадени во просторот, и колку бескрајно изгубени во вселената делуваа на Мечкин Камен следбениците на таа од народот и од нацијата отпадната „секта северни белокапци“, отсекаде прибрани и со автобуси „депортирани“ во Крушево на техничкиот заевски митинг!

Прашањето за влегување во ЕУ и во НАТО беше и сè уште е нулто прашање на импортираната заевска месијанско-содомиска доктрина, доктрина на која требаше да ѝ се жртвува, и на која ѝ е жртвувано сè што е македонско. Зашто доктрината си е доктрина, и кога ќе се дотурка до тоа таа да стане „единствена можност“, единствено правило, единствена форма на мислење и на живеење – тогаш веќе од неа не може да се оди ниту чекор понатаму.

Доктрината ги заробува умот и душата, таа го заробува општеството, и не дозволува никакво слободно, поинакво мислење и оспорување на нејзините „вистини“. Затоа, како и во сите тоталитарни системи, таа станува безобзирно агресивна, насилна, и настојува со сите репресивни сили и средства, инквизициски, до искоренување на сè што ѝ се спротивставува и што ѝ стои на патот, да се наметне како единствен и недопирлив Супер-Закон. „Доктрината“, вели Херцен, „го исклучува сомневањето. Сомневањето е отворено прашање, доктрината е затворено, решено прашање“.

За ЕУ и за НАТО „случајот Македонија“ мораше да биде конечно „затворено, трајно решено прашање“, без какво и да е „сомневање“ во исправноста на сето тоа, и без какви и да е други отворени нешта. Тие решија да одат до крај. Тоа беше и остана единствената нивна непоколеблива доктрина. А тоа можеше да се реши само со супермистификација на проблемот и со супермитологизирање на оние организации и на оние ликови што тоа прашање требаа беспоговорно да го „затворат“, па и со невидени, насилни, криминални и хибридни терористички методи (ЕУ, САД, НАТО, и суријата велепредавници: Заев, Димитров, Шекеринска... а за големоалбанските „лидери“, со нивните непоколебливи тирански агенди, Ахмети, Џафери, Османи, Груби... и да не зборувам).

Доктрината е врвна точка на секоја мистификација и на секој мистицизам. Мистицизмот, пак, верски, идеолошко-политички, етнички и каков и да е друг, опстојува исклучиво врз своите крути и неменливи доктрини, секогаш воопличени во кратки, застрашувачки и заканувачки формулации, со сила и значење на божји заповеди. Мистицизмот, па така и „заевскиот евро-атлантски мистицизам“, подразбира слепо верување, верување во ветувања, верување во ништо опипливо и конкретно, верување во нешто сосема маглено и нејасно, верување во апстракции и невидливи и недопирливи идоли, верување заради верување, верување во ветер на магла, верување во голи доктринарни фрази.

Доктрините на „ветер на магла мистицизмот на ЕУ и НАТО“, најсурово применети врз Македонија, на македонскиот народ крајно агресивно, гебелсовски пропагандно му беа пласирани од страна на евроатлантските „евангелисти“ и „апостоли“, и од разноразни соседни, грчки, бугарски, албански и домашни „политички свештеници“, во форма на кратки, ступидни, подмолни, антицивилизациски и антидемократски твитови-заповеди и етикети од типот:

– демократијата мора малку да се поттурне кон напред (државен удар)

– промена на името или изолација (референдум)

– примена на балкански методи (менување на името и идентитетот)

– октроиран народ и октроирана држава

– народ без идентитет и без сопствена историја

– „ваша земја“, „ваш народ“

– северна земја

– невеста што треба да прифати друго/туѓо (през)име

– ...

Со тие црни фашистички доктрини, пароли и понижувачки „давидови ѕвезди“ на челото на секој Македонец, се-

којдневно, секоја минутка и на сите страни пласирани од „ЕУ и НАТО Црквата“, во име и во интерес на тој и таков „ЕУ и НАТО мистицизам“, Заев и неговата безобзирна банда истомисленици, како најправоверни ЕУ и НАТО „свештеници“, доследно и со вртолумна хистерија, до распаметеност ја индоктринираа својата верна шарена „паства заевски мистици“, жртвувајќи ја Македонија на олтарот на ултимативните и уценувачки туѓински интереси и посегања, причестувајќи се обредно со македонската национална „крв“ и со македонското национално „тело“.

Идиотскиот, кретенски „говор“ на Заев на Мечкин камен така сликовито и до крајност ги одрази неговото лично бунило, ментално растројство и распашаната политичка содомија. Тој „говор“ на еден ординарен глупак и аналфабет, самозаљубен во својата психо-интелектуална исколченост и поместеност, беше типичен синопсис/катихизис на заевскиот „северџански ЕУ и НАТО мистицизам“, наменет како опиум на заглупената „секта северни белокапци“, единствени, најретки примероци на човечката врста во светот, кои Лудилото, отелотворено во нивниот орвеловски „лидер во Регионот“, го доживуваат како чудесна „Објава“ на новиот, „северен“, „ЕУ и НАТО Свети Дух“. А сите други, и дома и во светот, слушајќи го, плачеа или на таа беда ѝ се „смееја“ низ горчливи солзи и со стегнати тупаници!

Северџанскиот Кретен, нашиот најстрашен непростлив национален Срам, мора да си оди и, сакал-несакал, ќе си оди! Тој може уште некое време да смета и да се повикува на своите грчки, бугарски, албански, евроатлантски и други „пријатели“, но, како што вели Матош, „и пријателствата ’рѓосуваат“.

Од друга страна, ужасно застрашува тоа што проблемот со „божескиот“ ЕУ и НАТО мистицизам, еднаш раширен и

вкоренет во Македонија, и натаму останува присутен, а воспоставените и бетонирани „догми“ и натаму ќе бидат апсолутно „затворени и конечни“. Во Македонија, и особено меѓу водечките политички партии и нивните поистакнати челници (со ретките исклучоци на некои помали конзистентни партии и некои поединци), претставата за ЕУ и за НАТО не само што е слична, туку е и сосема идентична. И за едните и за другите, политичките „елити“ од ЕУ, од САД, од соседните „пријателски“ земји, разни Столтенберзи од НАТО и едикоиси амбасадорчиња, се длабоко почитувани и пожелни појави и фигури, со кои е „гламурозно“, зад затворени врати, по партиските кабинети или по амабасадите, да се игра некаква „голема политика“, да се разговара „плодно и исцрпно, за европскиот пат на земјата, за демократските процеси, за реформите“ и за којзнае што сè, што останува под превезот на нивните „дипломатски дискрециски тајни“, или пак оттаму информациите до јавноста допираат само во вид на неколку реченици штури партиски соопштенија, и со по една-две фотки со кисела вода на масата. Но тоа е многу евтина, лоша, толкупати видена и крајно здодевна политичка театарска претстава! Dejà vu! Dejà vu!

Се прашувам во што, во кои (макар и најмали) детали се разликуваат гледиштата и ставовите на двете најголеми политички партии, кога станува збор за нашите безочни ништители ЕУ, САД и НАТО? За жал, во ништо! Едноставно, не постои никаква видлива, автентична разлика, ниту политичка, ниту филозофска, ниту практична, ниту емотивна. Евидентна е само една голема безидејност и премаленост на секоја слободарска мисла и став, и целосна подготвеност на иста сервилна подложност кон „надворешниот фактор“, кога ќе дојде времето да се сменат улогите. А јас, парафразирајќи го Наполеон, ќе речам: на тие туѓински натрапници Македо-

нија им е потребна само како воjнички и работен логор, а не како модерен, слободен, национален демократски форум и независен државно-правен и политички субјект!

На сите ни е јасно дека кога северџанскиот Кретен ќе отиде, зад него ќе ни остане само една страшна државна, правна, стопанска и финансиска урнатина од Република Македонија, но многу, неизмерно се лаже секој оној што сериозно претендира по него да заседне на власт дека Македонија кога и да е економски и општествено, онака како што треба, ќе се опорави и вистински ќе се поткрене, доколку не се опорави и доколку не закрепне морално, доколку не заздравее и општонационалниот дух и општонационалното достоинство, по сите страшни газења и понижувања, внатрешни копачења и растурања на народот по партиски и етнички основи, по сиот безобѕирен корупциски грабеж, но и грабежот од страна на соседите и трагичното своеволно самоодречување од сопственото национално-историско и културно минато, јазикот и името, што ги доживеаја македонскиот народ и целата македонска нација во ова црно, во ова мрачно време во кое Заев сееше само Лудило, а ние жнеевме само Пелин.

За жал, не гледам такво лице, не гледам таков Лик што енергично, суверено и уверливо ќе се извиши, ќе се исправи и јавно, без влакна на јазикот, пред народот и во името на народот, охрабрувајќи го во внатрешната национална обнова, решително ќе ја демистифицира сета подмолна предаторска политика на тнр. „меѓународна заедница“ што безочно ѝ се нафрли на Македонија за да ја разурне и да ја поништи, не гледам лидер и државник што недоделканите амбасадори ќе ги врати во нивните амбасади, кај што им е местото, и јасно ќе им даде на знаење веќе да не се мешаат во политичкиот живот на државата, човек што недвосмислено и прагматично ќе тргне кон енергично возобновување на пребришаниот државен и национален суверенитет и кон враќање на историското име

на македонскиот народ и на Република Македонија. За остварување на таков државнички и политички релевантен потфат не се доволни само млаки предизборни „победнички“ зборови упатени кон политичките противници во интервјуата по порталите и во официјалните партиски соопштенија, па така нема да биде доволно дури ниту тоа што можеби, но засега само можеби, изборно ќе биде победен оној што политички веќе тотално се самопоразил, и на „победникот“ му го отстапил испразнетото и на секој начин разнебитено и избербатено место.

За вистински лидер и државник на чело на Република Македонија ни е потребна крупна, неизмерно оригинална, општоприфатена и општопрепознатлива, смела политичка фигура, која, меѓу другото, нема да се држи цврсто и исклучиво само за скутот и за името на својата матична партија, со нејзините јасно дефинирани членски габарити и гласачки капацитети. Зашто без апсолутна изборна победа за која се потребни „сите“ – сè ќе си остане сосема исто, или дури ќе биде и уште полошо.

7 август 2019, Република.мк Online
Политичка Содомија и ментално Бунило!
https://republika.mk/kolumni/politichka-sodomija-i-mentalno-bunilo/

15 август 2019

НАЈСВЕЖИ ФЕЈК ЊУЗ ОД СЕВЕРЦАНИЈА И ОД ЕУ

Ангела Меркел до Заев: „И ти се тресеш како мене, драг пријателе“!

*

Јоханес Хан до Јавното обвинителство: “Или Заев и Јанева во апс – или изолација!“

*

Хан до Оливер Спасовски: „Берија, поттурни ја малку демократијата – веднаш уапси го Заев!“

*

Борис Џонсон до Заев: „Колега, во октомври 2055 година во ЕУ ќе ви го доделат испразнетото британско столче бр. 28. Ќе излезете ли до тогаш од затвор?“

*

Орбан до Заев: „Зоран, бргу избегај во Унгарија! Сè ќе ти организираме преку нашата амбасада“.

*

Могерини до Катица Јанева: „Шмизло една алчна! Отвориии, отвориии! А сега сите ќе мислат дека јас и Јункер сме биле најобични глупави ЕУ-кретени што на сила те инсталиравме во СЈО!“

*

Никола Димитров до Заев: „Зоране бе, што имаш ти против педерите?!“

*

Заев до „педерите“: „Во знак на извинување, час поскоро ќе ве снабдам со големи количества лубриканти, со евриња од инклузивната чаната на нашиот заеднички пријател Боки 13“.

*

Ципрас до Заев: „Е, најголем мој преспански пријателе, цената скокна! Не прифаќам веќе со тебе да ја делам само Нобеловата награда, па и да се две; ред е да ги поделиме и милионите од рекетарскиот бизнис!“

*

Интерпол до Заев: „Господине Заев, секоја чест за правната држава! Со вас на чело, Северџанија навистина стана сигурна балканска рута за меѓународно гонети злосторници!“

*

Јенс Столтенберг до Пендаровски: „Браво, браво команданте, речете ѝ на Радмила дека НАТО-војската ви е совршено подготвена за Општонародна одбрана и цивилна самозаштита“.

15 август 2019 Република.мк Online
Најсвежи фејк њуз од Северџанија и од ЕУ
https://republika.mk/kolumni/najsvezi-fejk-njus-od-severdzanija-i-eu/

17 ноември 2019

МОНСТРУОЗНА ПОЛИТИЧКА АНЕСТЕЗИЈА И ОТРОВ ДО СМРТ

Следбениците на Заев да се фатат за раце и да си повторуваат: „Јас сум анестезиран од заевското отровно лудило; јас сум заевски зависник; сакам да се ослободам од таа ступидна опсесија и измама, и одново да станам слободен човек, со свој интегритет и идентитет!“

Ги предупредувам почувствителните читатели дека колумнава содржи груби сцени и остри зборови!

Кога одите на забар да ви искорнат болен заб или од него да ви извадат живец, што предизвикува пеколни болки, ви даваат силна доза анестезија за да не почувствувате ништо. Но ако по првата инекција сè уште чувствувате болка, тогаш веднаш ви даваат уште една моќна доза анестетик вилицата да ви истрпне и сосема да се здрви. Е, тогаш можат да ви прават сè што сакаат. Се разбира, вие сосема јасно ќе знаете дека нешто крајно инвазивно ви се случува, дека ве обработуваат со груби забарски шила, клешти и борери, но нема да чувствате никаква болка. А ако зафатот се покаже покомплициран и бара повеќе време за целосна операција, постапката со нови инекции и нови дози анестетик може да се повторува уште онолку пати колку што е нужно додека не ве средат сосема, а вие и да не офнете.

А колку, пак, е застрашувачка и самата помисла на тоа кога на некој заболен треба да му се ампутира дел од телото, нога или рака, или дури, поради некоја страшна несреќа, и сите екстремитети. Замислете само колку силни дози анестетици

се потребни за да се умртват тие делови на неговото тело, а пак тој на долго време да се успие, при што тие анестетички „мртвила“ во континуитет му се додаваат сè додека трае тешката и болна операција на тоа отстранување на делови од неговото тело.

А замислете, пак, нешто уште пострашно: да ви го вадат срцето! Да, од оправдани медицински причини и тоа се прави за да се замени со друго срце, за да се зачува скапоцениот човечки живот! Но само оној што навистина го проживува и што го проживеал тој есктремен медицински чин може сосема да ги разбере крајните, апсолутни граници на исконскиот страв и на психофизичките болки поради страшната, надреална инвазија врз природната, органска структура и конзистентност на вашето тело, ковчежето и носителот на вашата душа и на вашата свест.

Да, сето тоа е нужно од разбирливи медицински и хумани причини. Но што ако, поради политичко лудило и кариеристичка хистерија, поради длабока нехуманост и безочна грабежливост, решат дивјачки грубо да ви ги искорнат срцето и душата засекогаш, за да им ги фрлат на бесните туѓински хиени и на острвени уличарски пци, а вас засекогаш да ве снема од овој свет!!! Замислете само колкава доза на најотровна психолошка и политичка анестезија се потребни беспоговорно да се согласите на таа автоевтаназија, и да прифатите да ви го сторат (да си го сторите!) тоа монструозно зло над сите зла, и така патолошки врз вас да се изживуваат најобични лудаци, политички лигуши и криминални мрсулковци?!!!

А пак колкава и колку бескрајно отровна доза на суров смртоносен анестетик е потребна за да се успие, за да се умртви, да истрпне и ментално и емотивно да се здрви цел еден народ, како македонскиот, и над него да се изврши сето

тоа вампирско, франкенштајновско крваво сечење, черечење и копање на неговите национални и духовни очи, целосно заглушување на неговите уши за вистината, кинење на неговата глава, и корнење на неговото срце и душа, дробење на неговите национални и духовни екстремитети, а од него самиот да се направи само безимено зомби-зомби-зомби?!!!

Е токму со таква неизмерна, летална доза (dosis facit venenum) на страшен антинационален, антимакедонски и смртоносен, мизантропски анестетички отров денес на светов располага само еден човек, а името му е Зоран Заев.

Признавам, неизмерно ја потценив неговата надмонструозна монструозност. Да, јас си го признав тоа, но за жал, се чини дека тоа сѐ уште не им е јасно на неговите политички опоненти, кои и натаму на политичката сцена (си) играат според правилата што тој ги наметнува, потценувајќи ја таа негова терминаторска надмонструозна монструозност, која алчно и вешто се храни и се напојува од сѐ што ќе искрсне пред него, од лево, од десно, одозгора, одоздола, однадвор и однатре, зашто тој е најобичен аморален опортунистички политички „сеждер“, кој само шиба и тера натаму, таму кај што може политички да се преживее и успешно да се граба.

Од времето на неговото насилно, незаконско квислиншко инсталирање на власт, напишав стотина колумни, постојано предупредувајќи на неговото длабоко лично лудило, задскриено зад онаа позната „лудачка луцидност“ (lucida intervalla) која на лудаците им овозможува времено да функционираат во општеството, на неговата невидена политичка хистерија и велепредавничка малоумност, на неговиот примитивизам во вистинската смисла на зборот („сељачиште!“), на неговото бесрамно и понижувачко распродавање и расфрлување на сите страни на националното, историското и културното наследство на македонскиот народ, на безочната антимаке-

донска и антидржавна деструктивност, и на неговата бесчувствителна иманентна кримогеност, и докажан криминал, на неговата континуирана гангстерска насилност и политичко, аморално измамништво, на неговата уценетост од разни фашизоидни и гебелсовски субјекти, како и на неговите фашизоидни уценувања на јавноста и притисоците врз сите човекови слободи, на неговата неизмерна беда на најобичен квислиншки слуга и лигав марионетски лазач пред дрските и безобѕирни туѓински посегања по нашата единствена татковина Република Македонија, и по сето она што таа нам ни значи и ни претставува – и наивно верував дека сите параметри, сите мерила што ги дефинираат тие нешта на општоцивилизациското ниво се доволни вистински и реално да ја димензионираат и неговата монструозна појава. Но, повторувам, се покажа дека неизмерно се излажав. За надмонструозната монструозност на Зоран Заев засега нема мерило. И можеби тоа мерило го имаат само оние што тој и таков Заев, тој политички смртоносен отровен анестетик на две нозе, „некаде далеку“ лабораториски го создадоа и го пуштија во пробна употреба над еден прекрасен стар, благ, европски народ со длабоко културно минато – македонскиот.

Заев мајсторски вешто успеа да отруе и со невидени количества безочни голи измами и илузии да анестезира еден голем дел од македонскиот народ. Потпрен и поддржан од цел еден внатрешен велепредавнички и големоалбански и надворешен фашистички, окупаторски анестезиолошки конзилиум, тој го држи македонскиот народ во невидено правно, политичко и ментално хипнотично заложништво.

Зоран Заев, пред сè, е еден опседнат лудак, кој од час во час, од минутка во минутка, токму онака како што со светлосна брзина се менуваат сликите и настаните во главата на таков ментално изместен човек, непрестајно фабрикуваше и натаму

интензивно фабрикува стотици и стотици разни настани и информации, лажни вести и полувистини, и континуирано ги пласира во јавноста, која, пак, со нив заслепено се занимава, ги коментира, спори со нив или се согласува, иако сами по себе тие баш ништо не значат, зашто се само дробенки од надреалниот заевски илузионистички перформанс, додека тој со своето политички лудо и хистерично тенгало ги крши и последните светлечки ламби над Македонија.

Но треба да биде јасно дека Заев не е само демонски опседнат, туку е и едуцирана хибридна опсесивна појава на која застрашувачки вернички слепо и безумно ѝ веруваат уште многумина граѓани во Македонија. Ги слушам нивните заблудени и збудалени гласови: „Заев ќе нè воведе во ЕУ!“ „Заев ќе нè воведе во НАТО!“ Заев ова, Заев она.

Не, мили, Заев само ве вцица во своето невидено ЛУДИЛО! Вие што го прифативте тоа космогониско заевско ЛУДИЛО, морате веднаш да се расоните. Таму каде што ве „води“ тоа негово ЛУДИЛО нема ништо друго освен ЛУДИЛО и СМРТ! Смрт и морална и национална, што значи и смрт индивидуална. Зашто ако си без својот човечки и национален идентитет, што велепредавничиштето Заев брзопотезно му го одзеде на македонскиот народ – тогаш за светот си никој и ништо, а таа СМРТ е пострашна и од физичкото ишчезнување.

Заевската отровна политичка анестезија зад која всушност не стои ништо друго освен неговото отровно ЛУДИЛО, предизвика кај вас, неговите следбеници, целосна анестетичка политичка истрпнатост, здрвеност, опседантост и зависност, а со зависноста, како што добро знаете, се излегува на крај само на еден единствен начин: решително да си ја признаете себеси таа болест, зашто заевштината е многу, многу тешка и опасна болест, и како што тоа го прават и алкохоличарите и наркоманите, да се фатите за раце и да си кажете: „Јас сум

анестезиран од заевското отровно лудило; јас сум заевски зависник; сакам да се ослободам од таа ступидна опсесија и измама, и одново да станам слободен човек, со свој интегритет и идентитет!“

Најслеп е оној што има очи а не гледа, а најглув е оној што има уши а не слуша! А токму врз таа психолошка основа функционира отровната, смртоносна доза на заевската монструозна политичка анестезија и анестетичка зависност, во која од разни причини, поради најразлични „волшебни“ илузии, заспивни идеолошки лулкања и замајувања, и упорни лаги, но и поради лични стравови и пусти надежи попаднаа многумина граѓани на Република Македонија. Но едно е сигурно: лекувањето против заевската отровна анестетична политичка зависност на тој заведен дел од нацијата ќе биде многу долго, многу мачно и многу болно, зашто најтешко е себеси да си се погледнеш в очи и храбро да си ја признаеш сопствената голема заблуда. Токму затоа лекувањето мора да започне веднаш, итно, за да си ги спасиме барем останките од останките на страшната институционална урнатина што од Република Македонија зад себе ќе ја остави безмерното лудило на најголемото зло во историјата на македонскиот народ – Зоран Заев.

17 ноември 2019, Република.мк Онлине
Монструозна политичка анестезија и отров до смрт
https://republika.mk/kolumni/monstruozna-politichka-anestezija-i-otrov-do-smrt/

20 ноември 2019

ЗА КОЈА ЦЕЛ СЕ БОРИ ТАКИ ФИТИ?

Повисока титула од академик е – корумпиран „национален академик“

Го слушам „националниот академик“ Таки Фити како кажува македонско-бугарски „комисиски“ глупости за Гоце Делчев. Но добро, во таа НАНУ-академија, очигледно, покрај ретките чесни, достоинствени и заслужни интелектуалци, има и цела збирштина такви „лојални“ мислители како него, кои длабоко веруваат дека, врз крилјата на политичкото лакејство, велепредавништвото и најприземниот кариеристички неморал што ги промовира агресивната дивјачка „цивилизација на заевизмот“, можат, и по највисоката титула до која лично се искачиле, а тоа е корумпиран НАНУ-академик, да се напредува уште понатаму, до небото.

Онака од високо, и НАНУ-академски надуено, на трагата на заевското растрошно „добрососедство“, Таки Фити, божем концилијантно, ни проповеда дека не било важно дали Гоце Делчев бил Македонец или Бугарин, туку било важно за која цел се борел. Така и на НАНУ-академикот Таки Фити лично воопшто не му е важно дали тој самиот е Македонец, Влав, Бугарин, Грк или Албанец, туку му е важна само целта за која се бори. А, еве, беспрекорно совесно и прецизно се бори токму за овој ужас до кој македонскиот народ и Република Македонија ја донесоа таквите велепредавнички, заевски, големоалбански, големобугарски и големогрчки, големоевропски и големонатовски мислители и борци – до оваа страшна трагедија, беда и невидени внатрешни и меѓународни понижувања што ги проживуваме во последниве неколку пеколни години.

Господине НАНУ-академику Фити, секое дете во градинките ја знае разликата помеѓу крушите и јаболката, а вам сето тоа очигледно ви е измешано, ѓутуре, заматено и страшно ве збунува.

Така постои и апсолутна разлика помеѓу нечија националност/народност, од една, и целите за кои тој се бори, од друга страна. Можам за тоа да ви наведам стотици конкретни илустративни примери, но земете го само случајот на писателот Ернест Хемингвеј. Како и безброј други луѓе од разни националности, и тој, со заедничка антифашистичка цел, учествувал во Шпанската граѓанска војна, а сепак по националност не бил Шпанец, туку Американец, а таков си останал и до крајот на животот. Но можеме да ги наведеме и примерите од нашата непосредна историја. Блиските соборци на Гоце Делчев – Христо Чернопеев и Пеју Јаворов, се бореа за истите цели како и Македонецот Гоце, за национално и социјално ослободување на македонскиот народ и за создавање независна македонска држава, а по националност биле Бугари, и такви, се разбира, си останале до крајот на животот... Значи, идеолошко-политичките и социјални идеи и цели, господине НАНУ-Фити, немаат никаква врска со нечија националност. Но за разлика од гореспомнатите, кај Гоце Делчев не постои таква биполарност, што вие, завиткана во тенка политикантска магличка, ја пропуштате на мала врата: големиот македонски син Гоце Делчев бил Македонец и се борел за македонски национални цели.

Навистина е голем срам што, како и вашето истомислечко велепредавничко друштвенце, го јадете чесниот македонски бел леб, зашто за тоа треба да се има и бел образ. Но тоа вам и така и така ви е сосема сеедно. Важно е што дотуркавте до онаа највисока академска титула од поднаднасловот на оваа колумна. Сепак, господине НАНУ-Фити, што и да правите,

колку и да му танцувате, колку и да му се вовлекувате на лажниот космополитски пророк, архипредавникот Заев, „повисоко“ од тоа до кај што дотуркавте веќе не можете да напредувате; оттаму, од таа вртолумна височина на „биполарен“ национален академик, постои само еден пат: нагло да се потоне удолу, да се тресне како патлиџан на асфалт! – но вие, ете, си ја избравте и си ја фативте токму таа и таква „научна“ и морална насока.

20 ноември 2019, Република.мк Online
За која цел се бори Таки Фити?
https://republika.mk/kolumni/taki-fiti-nanu-li-ti/

16 декември 2019

МАКЕДОНИЈА ВО БЕСТЕЖИНСКА СОСТОЈБА

Со „свилена изборна револуција“ не може да се урне квислингот Заев. На Македонија ѝ е потребен еден вистински решителен лидер; но, како што вели старата руска поговорка, „кај што нема луѓе, и Фома е благородник“.

Како глуварица носена и фрлана ваму-таму од разни внатрешни и меѓународни политикантски ветришта, препуштена на неизвесната судбина, Македонија немоќно лебди помеѓу Големи Исчекувања, разни Ништожности и купови Празни Зборови и лажни Ветувања, или, попрецизно, шлајфува во калта помеѓу евтино инсценирани божемни „возбудувања“ на домашните и странски пророци и политички прематари поради тоа што не ѝ бил доделен датум за почеток на преговорите со ЕУ. И тоа е општа тема која само се прецвакува, а реално ништо не значи и кон ништо не води, освен кон уште многу, многу години под туѓинска, па и внатрешна, политичка, економска и воена чизма. Сите ѓоамити се чудат, се колнат, се удираат в гради, се растрчуваат, повторуваат: „неправда! неправда!“, и се „заземаат“ „неправдата“ да се „исправи“ (напролет, хм, или во наредните години!). А притоа, цинично и до крајност понижувачки кон македонскиот народ, за сите нив воопшто не е никаква неправда тоа што со хипер-софистицирани наци-методи брзопотезно е извршен етноцид над тој наш стар, прекрасен, концилијантен, автентичен европски, македонски народ, и што со безобѕирни измами, фалсификати и невидено политичко-полициско-правно насилство е поништена нашата автентична, историска асномска држава Република Македонија,

туку низ најразлични форми само го вртат својот измамнички лајтмотив дека тој заевски „мултиетнички народ“, тие нови, орвеловски „среќни луѓе“, таа обезличена, аморфна, безимена шарена народна маса, и таа новосоздадена вештачка балканска државичка со измислено ступидно троделно име, сè уште има отворена европска перспектива.

Каков одвратен циркус, каков приземен популизам, каква евтина политичка ТВ-новела за наивна публика!

Но, не лажете се, мили мои, нема ништо од сето тоа: како и досега, сето тоа е само најобичен шоу на домашните и меѓународни политички илузионисти. Подмолната, валкана игра и шега со Македонија и со македонскиот народ едноставно, по тешкиот вековен „историски натпревар“, и во минатото и денес суден од најрасипани и поткупени странски и домашни „судии“, сега добива ново, долго и мачно продолжение, и тоа ни на небо ни на земја, туку некаде во задушливиот, всушност, апсолутно безвоздушен, нехуман, етноциден, мрачен, апатичен простор над нас, под нас, околу нас, меѓу нас, низ кој како збеснати чудовишта од сите страни се вдаваат, ни долетуваат и со веќе стопати изговорените лаги и ветувања се разлетуваат само разни комесари, амбасадор(к)и, „чудотворци“ и „спасители“, „спасители“, „спасители“... И притоа како најголеми „спасители“ сакаат да ни се претстават токму оние што ни го заринкаа ножот во срцето, во нашето име, во нашиот идентитет, во нашето постоење и во нашата самобитност.

Да наведам само неколку попрепознатливи примери.

Спасителот бр. 1, Јоханес Хан, тој бесрамен фашизоид, за македонскиот народ апсолутно persona non grata, не престана „наоколу“ страшно да „тагува“ и да „осудува“, и тоа не знам кого, веројатно некоја си друга, непозната, апстрактна Европска Унија, заради тоа што на Македонија не ѝ дала влез-

ница. Па токму тој Хан беше скапо платен синекурант на ЕУ, со совршено прецизна задача и со цел да ни ветува ветер на магла, и што поитно да го евтаназира македонскиот народ и да ја уништи Република Македонија, претворајќи ја во мртва буква со тапија. Илјада и безброј пати ќе ги повторуваме неговите подмолни, дивјачки, варварски, разнебитувачки твитови со кои вршеше најгруби сурови притисоци врз демократијата, слободата и правдата во Македонија. Така, кога беше извршен државниот удар во Собранието на Република Македонија на 27 април 2017 година, тој на велепредавникот Заев и на неговата велепредавничка и големоалбанска багра прв полетно им твитна честитка со лениновиот слоган: „Демократијата треба да се поттурне кон напред!“ Пред криминалниот референдум од 30 септември 2018 година, со кој македонскиот народ требаше самиот себеси официјално да си се поништи и да се избрише од лицето на светот, агресивно и од сите страни долетуваа неговите уценувачки и заканувачки, фашистички твитови: „Или договорот од Преспа (читај: самоубиство), или изолација!“ А пак кога референдумот беше масовно бојкотиран и бедно пропаднат, а „светлата“ евро-атлантска агенда инсистираше во нашето Собрание на сила да се отвори Уставот за промена на името и за конечно гаснење на Република Македонија, тој евроатлантски „чудотворец“ и „спасител“ Јоханес Хан, онака по европски, охрабрувајќи го и поттикнувајќи го на црн злостор своето бедно квислингче Заев, јавно му твитна: „Применете балкански методи!“ – И бидна мрак!

И сега, post festum, токму тој меѓународен политички примитивец и силувател на македонскиот народ ни се јавува како наш спасител! Бог да чува и да пази!

А погледнете го пак спасителот бр. 2, Тонино Пицула, лажниот хрватски социјалдемократ и до кожа разголен ло-

бист за освојувачките странски, пред сè грчки и бугарски, но и американски и НАТО интереси и цели во Македонија. Сега и тој најавува дека во ЕУ ќе се заземал за Македонија. А за која Македонија, господине Пицула, мрзителу наш? Па, се разбира, за онаа со срамното трочлено име, зашто тоа не е нашата автентична Република Македонија, туку некоја друга виртуелна државичка, обмислена во вашите евро-атлантски франкенштајновски ментални лаборатории. Е затоа на незаборавната свинштина на Тонино Пицула, на тој перфиден самонаречен „спасител“, безброј пати гласно и јасно ќе потсетуваме за да не се заборави: токму тој, со својот амандман бр. 14 на предлог-резолуцијата на Европскиот парламент за Република Македонија, која во јануари 2017 година пред Комитетот за надворешни работи ја претстави тогашниот известувач Иво Вајгл, и на која грчко-бугарските европарламентарци поднесоа 318 хистерични амандмани со барања целосно да се бришат термините „Република Македонија“, „Македонија“ и придавката „македонски“, а пак името Република Македонија да се замени со терминот „земјата“, а другите референци со безличните и бесмислени термини „нејзините“ или „таа“ – токму тој Тонино Пицула со својот мизерен амандман бр. 14 енергично побара во Извештајот да се избришат, да се пречкртаат, термините „Република Македонија“ и „Македонија“. – И бидна мрак! – За тој негов „модерен“, „цивилизациски“, „хуманистички“, „социјалдемократски“ потфат и потег уште тогаш пишував во својата колумна под наслов „Господине Пицула, зошто дувате во грчките и во бугарските едра?“, објавена во весникот „Дневник“ на 15 февруари 2017 година.

Ете, сами донесете си заклучок за моралните и етичките „вредности“, па и за сосема веројатните „конкретни цели“ на овој наш загрижен „пријател“ и „еу-спасител“, како и за

неговата длабока човечка беда, прозирно замаскирана со розовата социјалдемократска маскенбалска ќулавка, купена во некоја бриселска сувенирница.

Од горните катови на Европската Унија, ете ти ги, „возбудено, разочарано и загрижено“ се јавуваат и спасителите бр. 3, 4, 5: Жан-Клод Јункер, Доналд Туск и Федерика Могерини, со изјави дека со недоделувањето датум за започнување на преговорите со (и тука следи срамното троделно име, што тие со уживање го изговараат!) ѝ е направена „историска неправда“ на таа марионетска „држава“. Па добро, кој тука е луд? Кој се наоѓаше на највисоките позиции на таа ултрабирократска, мангупска ЕУ-организација додека таму ѝ се вареше црната смрт на Република Македонија? Там’ беа, мајче, там’ беа – и тоа главни! – токму тие „разочарани“ „спасители“. Некој ќе рече: „Ама, не оди тоа така, членките на ЕУ за прашањата на проширувањето мораат да одлучуваат едногласно, со консензус“. ОК, а како тогаш кога, за да ги задоволат дивјачките големогрчки, големобугарски и големоалбански апетити и своите со САД и НАТО синхронизирани фашизоидни агенди врз сметка на Република Македонија и на македонскиот народ, беа така еднодушни, едногласни и со тик-так постигнат консензус по тие мрачни прашања?

О друга страна, и нашите стари и „најзаслужни“ екстра-спасители, Република Грција и Република Бугарија, многу се „разочарани“, „тажни“, дури „несреќни“ што на државичката со срамното троделно име не ѝ е одреден датум за започнување на преговорите. Затоа хистерично се борат за тоа кој од нив попрв ќе добие мандат на поголем и помоќен протектор, со надлетување на воени авиони да ја „надгледува“, да ја „чува“, да ја „пази“ и да ни ја „спасува“ Македонија, истовремено додека гнасните велепрадвнички заевски сезнаечки меѓудржавни комисии интензивно ни ги

распродаваат останките од останките на нашата политичка и културна историја, и ги зачукуваат последните црни шајки во македонскиот идентитетски сандак, а Грција низ светот си се размавтува со брендот „Македонија“ што варварски ни го грабна, благодарение на забетонираните идентитетски мозоци на Зоран Заев, Никола Димитров, Радмила Шекеринска и на целата нивна велепредавничка и големоалбанска клика. А притоа, буквално од минутка во минутка, не престануваат и заканите од Бугарија дека за Македонија нема ЕУ доколку не прифатиме дека сме Бугари, и дека македонскиот јазик е бугарски, а Грците со истата бедна заканувачка реторика притискаат дека за нас нема ЕУ доколку не се почитуваат сите оние грабежливи грчки параграфи од капитулантскиот Преспански договор, како и сите други најдрски окупаторски барања надвор од него.

Ете, така изгледа црното македонско ропство под нашите големи „спасители“! А тоа е само почеток...

На ова место упатувам отворен апел до сета таа меѓународна спасителска братија, и до сета останата политичко-милитантна домашна и меѓународна багра што се поигрува со судбината ма македонскиот народ и на сите граѓани на Република Македонија веднаш да престанат да нѐ спасуваат. Подобро ќе си се снајдеме ние самите и полесно ќе преживееме уште со векови без нивното толку пожртвувано спасување.

Треба веднаш да ѝ се застане на крај на големата валкана ЛАГА, од чија страна и да доаѓа, и јасно и недвосмислено да се каже: Македонија нема никогаш да влезе во ЕУ, дури и поради самото тоа што е сосема возможно Унијата да се распадне пред воопшто и да дојде до некој таков „историски“ момент. Навистина, од разни меѓуполитикантски причини во „повисоките меѓународни сфери“, и со сите можни натегања, меѓусебни поткусурувања и компромиси, во догледно време

можеби формално и ќе ни дадат некакво „лижавче-датум за започнување на преговори“, но суштински тоа не значи ама баш ништо (погледнете го само случајот на Турција), освен што неинвентивните домашни политичари, кои во тој момент ќе се најдат на власт, со тоа до бесвест ќе се фалат наоколу. За Македонија и за македонските граѓани од тоа нема да има никаква полза. Запомнете: Америка, НАТО и ЕУ ништо не даваат; тие само земаат!

Македонија е со светлосни години далеку од ЕУ, па дури и од нејзината „трета брзина“. Пред сè, затоа што самата ЕУ е со светлосни години далеку од себеси, и длабински расштимана и расклатена однатре се бори со низа свои концепциски и организациски небулози и нејаснотии за тоа на кој начин и што да се прави понатаму, но и со тоа што е тоа, всушност, Европска Унија денес, или каква би требало да биде, кои се нејзините понатамошни цели, и дали веќе не е сосема исцрпена и самата идеја за една таква гломазна и сложена меѓународна организација, која, за волја на вистината, не е ниту вистинска држава со единствена внатрешна и надворешна политика, со заедничка војска и полиција, со единствена стопанска и монетарна политика, ниту е некаков вистински сојуз, туку едноставно на сите свои нивоа е само една многу комплицирана „унија“, што и да значи тоа, без реален политички капацитет во наредните стотина години од сегашнава дисхармонична компилација на нерамноправни држави и народи да прерасне во некаква, да речеме, фередална држава. Затоа, тоа што се случува со отпорот кон Унијата кај самите нејзини членки, меѓу кои прв најеклатантно експандира, сега неповратинот брегзит, а врие и во низа други земји, воопшто не е случајност, а постапките, пристапот и изјавите на францускиот претседател Емануел Макрон, па така и во примерот на Македонија, кога го сопре „доделувањето датум“, воопшто не се последици

само на неговиот личен терсене табиет или на некаква заговорничка ЕУ-интрига, туку и на едно реално согледување на присутниот внатрешен хаос и дисфункционалност на ЕУ.

За жал, на обичниот македонски граѓанин, на кој, особено сега во „предизборната“, небаре (нечија?) „победничка“ атмосфера, му се ветува „светла европска иднина“, „Рај на европското Небо“, таа и таква слика сосема му е заматена поради општите меѓународни и домашни политички и медиумски шумови и врева, а сега до бесвест умножени и хистеризирани од сите страни и со секакви слатко филувани информации и полувистини околу случајот со „недобивањето датум“. Именно, и челните луѓе на ЕУ, и бившите (како што видовме), а подеднакво и актуелните, но исто така и македонските политичари, и оние од власта и оние од главната опозициска страна, на сиот глас зборуваат само за „неправдата“ што ѝ е направена на Македонија, и создаваат една сосема лажна слика дека тоа бргу и едноставно, со високодецибелна бучава и постојано повторување на своите „музички желби“ ќе се „исправи“, и баш ним ќе им се посреќи кај ЕУ лидерите да изборат благонаклоност и милост за доделување „датум“. На тој начин Политиката, и меѓународната и нашата домашна, повротно, и повторно, и повторно, мамејќи ги граѓаните со илузијата дека „влезот во ЕУ“ е само прашање на некои нови политички опции и констелации во државава, што божем ќе уследеле веднаш по изборите (кога и да се случат!), и оти е речиси прашање на денот кога ќе ни биде доделен тој фамозен „датум“– по којзнае кој пат сосема уверливо и недвосмислено покажува дека таа, Политиката, како и секогаш досега, самата себиси си е цел и единствената смисла.

Да фрлиме овде уште еден поглед кон ЕУ, која панично бара нови внатрешни врзовни ткива, и настојува активистички самата себеси да си даде нов замав и да си влее самодоверба дека

всушност во Унијата е сè во ред, и оти останува непоматено и цврсто единството на членките. Но дека не е така тоа се гледа од авион. Безброј отворени прашања внатрешните тензии на ЕУ ги држат на највисоки фреквенции. Затоа сè уште актуелниот случај на „недоделувањето датум“ за новоформираната квислиншка балканската државичка со троделно име (кое сите тие, доживувајќи го како најголем досег на нивната „успешна“ заедничка меѓународна активност, го акцентираат со нескриено задоволство) баш добро им дојде да имаат околу што да бидат еднодушни, солидарни и обединети, и куртоазно, меѓусебно пријателски, и со наместени насмевки да си се тапкаат по рамо низ бриселските кулоари.

Во последно време, спроти хрватското преземање на председавачкото место во Унијата за наредните шест месеци, во таа смисла посебно активистички се раздвижи премиерот Андреј Пленковиќ. Неговото енергично инсистирање и сеопшта анимација одново да се разгледа прашањето на „давање датум“ за Албанија и за Македонија, има главно салонска, ревијално-пропагандна димензија, без какви и да е вистински официјални правно применливи ефекти и сила, и тоа пред сè, само во кругот на десно-центристичките братски партии во ЕУ, но всушност е со неспоредливо помала специфична тежина од цврстите и крајно влијателни ставови на Макрон дека воопшто нема збор за проширување сè додека Унијата не си се среди себеси однатре. На хаосот во ЕУ не му се потребни други хаотични држави, пред да се востановат нови принципи и нова методологија на приемот, затоа што секое поместување во таа насока би било уште еден чекор кон агонија, особено кога се во прашање балканските држави што се наоѓаат во чекалната на ЕУ, како да речеме Македонија, до гуша потоната во политички лаги, во висок криминал и корупција, со најопасно разурнат правен поредок, и со

медиумски неслободи, а кај некои други држави, дури и со несредените, нестабилизирани меѓусебни граници и други отворени прашања, како што е случајот со Косово и Србија. Макрон јасно даде на знаење дека на поранешната „Оруууук!"-методологија на проширување ѝ е дојден крајот. И самиот Пленковиќ многу добро го знае сето тоа, но одржувајќи ја продолжително вештачки на живот темата за „датумот" за Албанија и за Македонија, едноставно настојува да оствари сосема други, колатерални политички придобивки, што всушност немаат никаква врска со нас и со нашите „големи исчекувања и надежи".

Имено, во Хрватска на 22 декември ќе се одржат претседателски избори, а кандидатката на ХДЗ Колинда Грабар Китаровиќ е сериозно загрозена токму од кандидатиот од истата, десна, дури и истопартиска опција, Мирослав Шкоро, и не е мала можноста таа да не влезе ни во вториот круг. Затоа, како ангажиран промотор на својата фаворитка, всушност, како нејзиното второ јас, Пленковиќ, за внатрешна домашна употреба, бучно реактуализирајќи го прашањето за „датумот" со цел да се наметне и да се претстави како лидер во регионот, настојува на секој начин да го сврти вниманието кон себеси и кон лојалниот дел на својата партија, но и кај големото албанско гласачко тело во Хрватска, кое традиционално мнозински го поддржува владејачкиот ХДЗ. Освен тоа, не се далеку ниту парламентарните избори во Хрватска. Раководен од истите мотиви, тој постојано турира врз медиумските ефекти од надворешната (европска) регионална политика, во чие средиште пак ги става Албанија и Македонија и нивното „недобивање датум". Но, случајот овде е уште покомплициран, зашто хрватскиот премиер и неговиот ХДЗ веќе долго време се соочени со една значајна и мошне гласна суверенистичка фракција во самата партија, со јасни најави дека ќе уследат

и обиди на претстојните внатрепартиски избори токму тие да наметнат и да постават свој човек на чело на партијата. Доколку се остварат горните прогнози, и во првиот и во вториот случај, на Пленковиќ, кој инаку важи за крајно предан евро-политичар, му останува главно кариерата да ја продолжи во некоја од институциите на Европската Унија, и тој евидентно работи на тоа значително да го засили тој и таков евро-впечаток за себеси.

Затоа да не живееме во илузија, и да не прифаќаме некои други таа илузија да ни ја создаваат, дека во целата таа приказна со европските „пријатели" на Македонија, чии тривијални и неуверливи изјави околу „неправдата", под наслови со мрсни букви, деновиве како на федери искокнуваат пред нас низ медиумите, има нешто вистински свртено кон нашата поинаква и посреќна судбина, особено надежта (не знам чија?) дека скорешното хрватско претседавање со ЕУ ќе ни ја отвори нејзината порта. Сликата со општиот меѓународен, и собено европски вриеж околу „недоделувањето датум" е сосема иста како во горе спомнатиот случај со Пленковиќ: оние „бивши", како Хан, Могерини, Јункер, Туск, и други од истата морално-политичка фела што ни ги кинеа дробовите сè додека не ни го сменија името, од една страна сакаат малку да го изгланцаат јавниот впечаток за себе си по извршениот безобзирен фашистички етноцид над македонскиот народ, оставајќи ни го во црно наследство, како топче за забава на масите, и мега-криминалниот и мега-коруптивниот случај со СЈО, кое беше нивна „светла" идеја и проект, а од друга страна, заедно со Грција и Бугарија и натаму да го одржуваат максимално отворено и крваво ранливо македонското прашање сè додека со квислиншката влада на Заев не се спроведат до крај сите нивни подмолни агенди кои – не заборавете! – сè уште не се довршени. А такви има уште многу,

од постојаните сè поагресивни и побезобразни бугарски, грчки и големоалбански екстремни барања, уцени и изнудувања, до бегалските хот-спот кампови кои, порано или подоцна, ни се речиси пишана судбина. Оние пак кои низ ЕУ допрва ќе си ја плакнат устата со Македонија, само ќе се поместуваат од столче на столче, и од дипломатска маса на дипломатска маса, зашто македонското прашање во ЕУ, всушност, е трајно и непоправливо цврсто и смртно забетонирано, се разбира, доколку зборуваме за една вистински суверена, самостојна македонска држава, а не за сегашниов беден туѓински протекторат и окупирана земја со марионетска власт во каква што денес е претворена Македонија.

Тоа нè доведе и до следново сериозно прашање: со кои и какви уверливи аргументи и пред кого во меѓународната заедница денес излегува најголемата опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ, која „планира“ наскоро (?!) со „свилена изборна револуција“ да ја преземе власта во Македонија, и секако се надева бргу да го деблокира патот на Македонија кон ЕУ?

Имено, сите оние нивни, инаку сосема оправдани критики на сметка на заевската кримогена и корумпирана извршна и правосудна власт, до самите врвови и глави, како и на сметка на медиумските неслободи и нарушени човекови права во државата, воопшто не се добар и уверлив аргумент пред европските и светски лидери; зашто, на таков начин опишана, Македонија, како дезартикулирана земја, ним не им треба, независно од зачестените слатки, куртоазни зборови и спомнувања на тнр. „историска неправда“ што ѝ е направена. Но тоа се само зборови и зборови, празни и политикантски. Во меѓувреме, гледаме, СДСМ не престанува живо, агресивно, и притоа дури и мошне успешно, како за домашна, така и за меѓународна употреба, со фанфари да го труби токму

спротивното: дека сите потребни и барани реформи веќе се спроведени (притоа евидентно се мисли на сменетото име и избришаниот национален идентитет!). А видовме, за жал, дека на слична бранова должина се наоѓаат и изјавите на неколкуте главни меѓународни спонзори на Заев, неговите „лични пријатели“ и докажани непријатели на македонскиот народ. Американската амбасадорка во Македонија Кејт Мери Брнз неодамна дури не штедеше зборови да ја пофали подготвеноста на државата за напредување кон ЕУ, а во таа смисла, поседнакво интонирани беа и изјавите на новиот европски комесар за проширување Оливер Вархеји.

Е сега, што е тука вистина?

Вистината, како што знаеме, е и може да биде само една и единствена: или Македонија ги направила потребните реформи, или не. Ако „меѓународната“ оцени дека „ги направила“, тогаш заслугите политички ќе си ги капитализира квислингот Заев, а ако „не ги направила“ – тогаш ВМРО-ДПМНЕ ја кажува вистината која на „меѓународната“ може само грдо и неприфатливо да ѝ зазвучи. Но во исто време тука е и прашањето: дали со истите тие и такви аргументи најголемата опозициона партија (сега предизборно) излегува само пред домашната, македонска јавност, или на ист начин може, и дали воопшто смее на тој начин да разговара и со оние што го држат клучот од влезната врата на ЕУ? Зашто, и во тоа е парадоксот, ако сакаат нив да ги уверат дека Македонија е вистински подготвена за почеток на преговорите, тогаш и самите тие на меѓународните партнери треба да им тврдат дека реформите навистина се спроведени, а тоа, ете, повторно нè враќа кон „заслугите“ на нивниот штитеник Заев. Од друга страна, доколку им „признаат“ дека, поради грозоморниот криминал и корупција што ги донесоа и што си ги практикуваат Заев и неговата марионетска и

големоалбанска клика, потребните реформи ни оддалеку не се остварени, тогаш е јасно дека ќе одат против настојувањето на државата да се дограби до влезот во Европа.

За жал, и едните и другите го прават истото, и Власта и Опозицијата (мислам притоа на најголемата опозициона партија) им се обраќаат на сосема истите странски моќници, токму на оние што ни го инсталираа Заев, и оти приказната за божемните реформи за надворешна употреба речиси воопшто не им се разликува. Како и Заев, така и неговите политички противници, на туѓинците всушност им го „докажуваат" истото, т.е. дека реформите во најголемиот дел се успешно извршени, и оти Македонија апсолутно е подготвена за конечна евроинтеграција, но оти, а тоа им е и единствениот специфичен политички „аргумент", ѝ е потребна само една морална, неизвалкана, некорумпирана (вмровска) власт – па сè ќе си дојде на своето место, ЕУ процесот ќе се одмрзне, и Македонија нагло ќе процути. Но притоа во опозицијата забораваат дека моралот, правдата и добрината не им се доблести на тие „горе" кон кои со надежни погледи се обраќаат, и кои токму со најцрн неморал, антицивилизациска неправда и најмрачно зло безобѕирно го нападнаа и му зададоа смртни рани на македонскиот народ.

Затоа е крајно време да се престане со лелекањето поради „недобивањето датум" и со лагите дека ЕУ нè чека со раширени раце. На Македонија никогаш нема да ѝ се случи „Европа", освен како една неисполнета фантазија!

Патот на Македонија кон Европската Унија, со сите домашни и надворешни политички и политикантски замајувања, подметнувања, предаторски интриги и перипетии на надворешните и внатрешните непријатели, сомнежи и надежи на обичниот наш човек, надмудрувања и надигрувања на власта и опозицијата – сето тоа е само еден најбесмислен и

недоодлив пат по маѓепсаниот, илузионистички круг без излез. На Македонија ѝ треба некој како Борис Џонсон да ѝ каже НЕ на ЕУ, зашто додека не се појават независни, автентични, храбри, македонски суверенистички опозициони политички сили, со вистински авторитетни харизматични поединци како нивни лидери, кои знаат што сакат и што прават, на кои Македонија им е најважна, и кои на меѓународните фактори и поединци, длабоко инволвирани во нејзиното разурнување, решително, јасно, храбро и енергичнио ќе им дадат на знаење дека треба веднаш да си ги приберат прстите од нашава татковина, никому од актуелните домашни политички Месии и нивните партии, кои во моментов, според сосема идентичен урнек се загледани во туѓинските измамнички и окупаторски, европски, американски и НАТО Богови, и кон една реално за нас непријателска Европа – граѓаните нема да им ја дадат својата плебисцитарна, целосна доверба. А без целосна доверба на електоратот – со Македонија и натаму гангстерски ќе владее овој хермафродитски, аморален, велепредавнички политички гнилеж.

Значи, Македонијо, нема ништо од ЕУ! И подобро е што е така! Затоа не дозволете да ве лажат едните, другите и третите! Не дозволувајте и натаму пред вас да „раздиплуваат големи морски мапи, додека со трошно кајче ве веслаат по мочуриште“, да го парафразирам Н.И. Надеждин. Како секогаш во нашата историја кога ни било најтешко и најтемно, така и сега мораме исцело и предано да си се свртиме кон себе самите! Само во тоа ни е спасот! Мораме да си ја вратиме самодовербата што туѓинските насилници и предавничките идиоти ни ја потиснаа и ни ја одземаа! Ние сме народ со докажана оригинална креативна дарба, и имаме сосема доволно природни материјални ресурси и организациски потенцијали и искуство тоа да го остваримe! Единствено на

тој и таков начин ќе можеме вистински и трајно, еднаш за секогаш, да ја сопреме оваа сеопшта неморална, хистерична, примитивна панаѓурска распродажба и безмилосен грабеж на нашата татковина и на нејзините богатства!

16 декември 2019, Република.мк Online
Македонија во бестежинска состојба
https://republika.mk/kolumni/makedonija-vo-bestezinska-sostojba/

2 февруари 2020

ГОЛЕМ ДЕН ЗА ЕВРОПСКОТО СЛОБОДАРСТВО

WE'RE OUT! Така прекрасно и вистински револуционерно одекна тој, со полни гради извикнат британски восклик на 31 јануари 2020!

Блазе си ви, почитувани Британци!

Тој неминовно очекуван и неизбежен, свечен ден, тој убав петок, ќе биде забележан и запомнет како еден од најважните датуми во поновата историја на Европа, како непобитен „медицински" предупредувачки симптом дека онаа одамнешна, крајно благородна социо-политичка идеја на големите филозофски и хуманистички умови Анри де Сен-Симон (1813) и Михаил Бакунин (1867) за една заедничка Европа на среќни рамноправни народи, – на која, патем да речеме, ЕУ воопшто не се потпираше, ниту кога и да е ја истакнуваше како своја основа и темел, – до бесмисла е багателизирана и евтино распрчкана на глупости од безидејни, однатре сосема празни политички прематари и новоевропски фашизоидни кариеристи, глупи и грди артисти на една лажна, нарцисоидна меѓународна „елита", потоната во длабоки, меки, топли, бриселски кожени фотелји, опиена од својот „висок" „лет во место", сосема обневидена и слепа за стварноста во Европа и во светот, и за нивните, токму од нив самите изневерени и бедно предадени највисоки хуманистички идеали и вредности, безобзирна и бесчувствителна, носена од своите опасни, налудничави, но за жал, маркетиншки вешто дизајнирани, идеолошко-политички заразни, и скапо продадени освојувачки и поробувачки амбиции и цели.

Хистеричниот климакс на тоа мрачно, унитаристичко, окупаторско евроатлантско лудило најочигледно се виде во слу-

чајот на страшниот, насилнички, а во својата антицивилизациска непојмливост апсолутно фантазмагоричен етноцид извршен над македонскиот народ, преку квислиншката и големоалбанска власт на нивната валкана продолжена велепредавничка рака Зоран Заев и неговата аморална политичка, корумпирана и кримогена клика, што ЕУ, со нескриена, дури сосема разголена црна дипломатија и подмолни меѓународни интриги, заедно со САД и НАТО, грубо ни ги инсталира во Република Македонија за да ни ја поништат татковината и да ја избришат од лицето на светот.

Со конечното излегување на Обединетото Кралство од оваа историски, културолошки, и пред сè економски непоправливо асиметрична заедница, на ЕУ ѝ згасна една од најмоќните и најважни ѕвездички на небото, а ѝ останаа уште оние 27 за да може и натаму, како и досега, без компас да си патува по своето безидејно бирократско, унитаристичко и антихуманистичко мочуриште, сè додека не ѝ се изгаснат уште оние неколку ѕвездички што исто така веќе сериозно почнаа да трепкаат. Зашто, по бергзит, лека-полека, едно-по-друго ќе следат и други егзити, и само во таа смисла актуелниот ЕУ--фатализам по британското достоинствено WE'RE OUT! има точна прогноза. Сите други економско-политички и ини застрашувања и катастрофични предуредувања што се слушаат од ЕУ се само очајнички одгласи на доживеаниот пораз и на една тамошна голема, сериозна паника и загриженост. Но, веднаш да речеме, нема ништо од тие баучи, нема да се случи ништо особено, па ниту на Британците, барем не ништо полошо од она што досега го имаа со оваа и ваква криво насадена и расклатена Европска Унија. Се разбира дека секој радикален пресврт каков што е брегзитот носи и нови, радикални предизвици, па така и за Обединетото Кралство, но по кратко економско „боледување" и престројување сè ќе

си дојде на своето место. Обединетото Кралство не е од вчера. Да беше Обединетото Кралство од вчера немаше ни да излезе од ЕУ.

На ова место сакам да потсетам на срамната, примитивна, дрска „царска“ закана на донеодамнешниот „прв човек“ на ЕУ, Жан-Клод Јункер, бесно искажана веднаш по успешниот британски референдум за брегзит. Тој, инаку, многу често „развеселен“ еу-господин со рало чевли во две бои (од кои едната розова), кого при неговото заминување во дебела евро--пензија, заработена врз кутрите ЕУ-надежи на европската „периферија“, фасцинирано, втренчено загледана во ЕУ, каква што е денес и нашата тажна Македонија, најпреданите бриселски еврофундаменталистички лигуши емфатично го нарекуваа „најголем и најзаслужен европски политичар“, е тогаш, значи, по успешниот референдум за брегзит, тој „господин“ колку што можеше најбедно и најниско изјави дека на Обединетото Кралство ЕУ толку ќе ѝ го отежне и ќе ѝ го згнаси излегувањето од Унијата, што никому веќе тоа нема да му падне на ум. И навистина сторија сè што можеа процесот на брегзит сериозно да го отежнат, да го разнишаат, да го закомплицираат, и околу тоа прашање што повеќе да ја поделат и да ја поколебаат британската јавност, надевајќи се дури дека Британците на крајот и ќе се откажат од излегувањето. Познато е низ кои и какви сè политички искушенија, паѓања на влади и вонредни избори поради тоа мораше да помине Обединетото Кралство. Но еве, на крајот се виде: на Обединетото Кралство му се гнасеше само секое понатамошно останување во таа и таква нецивилизирана и нетолерантна ЕУ, за која премиерот Борис Џонсон сосема јасно и недвосмислено изјави дека претставува фашистичка организација. Па затоа, ако некому навистина нешто сега му се гнаси, тоа секако е ЕУ, која ја доби оваа силна, заслужена

меѓународна политичка и економска шлаканица од која тешко ќе се опорави, па дури и веднаш утре топтан да си ги прими Македонија, Албанија, Црна Гора, Косово, Србија и Босна и Херцеговина.

Знам, звучи многу смешно – но навистина е смешно. И тажно, додавам.

Затоа, повторно очигледно највлијателен меѓу ЕУ-лидерите, францускиот претседател Емануел Макрон – и единствено тој! – како и во случајот со проблемот на проширувањето, и овојпат беше апсолутно во право кога во првата изјава дадена по конечното излегување на Обединетото Кралство од Унијата загрижено рече дека тоа е големо и сериозно предупредување за Европската Унија. Предупредување, кое, само да се потсетиме, во последниве неколку кризни години на ЕУ не е прво, па дури и од самиот Макрон, но и покрај тоа во Унијата ништо не се смени, ниту пак се гледа оти нешто ќе се менува, освен што се сменија дел од пратениците по неодамна одржаните евро-парламентарни избори.

Кога станува збор за Македонија, во светлината на овој голем, историски, навистина слободарски и ослободителен потег од страната на Обединетото Кралство, треба да се рече дека за нас уште не е доцна. Граѓаните на Република Македонија имаат неотуѓив личен и колективен мандат на претстојните предвремени избори да им дадат „крошничка“ на сите оние компромисерски политики и политичари кои секојдневно, до здодевност се колнат во својата верност и преданост на евро-атлантските процеси, и натаму зашеметено се загледани кон веќе апсолутно пропаднатиот политички проект што се вика Европска Унија.

На крајот да спомнам дека истиот тој Борис Џонсон, уште како градоначалник на Лондон, а непосредно пред Република Хрватска да стане членка на Европската Унија, најискрено им

пожела на хрватските граѓани никогаш, ама никогаш да не влезат во ЕУ.

Ах, да им дојдеше барем една таква искрена порака од некој истакнат европски политичар од типот на Џонсон и на нашите збунети и опасно измамени македонски граѓани! Но, се разбира, случајот на Македонија е една сосема друга, болна, недоприкажана приказна, а самата таа сè уште е атрактивен предмет на подмолни меѓународни поткусурувања, интриги и незаситни туѓински интереси и посегања. Затоа ни останува само уште еднаш ние самите сериозно да се замислиме и да се запрашаме во кое тоа и какво несигурно трло или волчјо дувло нè тераат бриселските и домашните овчари, а ние како загубени овчички послушно, со наведнати глави си трчкаме кон таму.

12 февруари 2020, Република.мк Online
Голем ден за европското слободарство
https://republika.mk/kolumni/golem-den-za-evropskoto-slobodarstvo/

20 февруари 2020

ДАЈТЕ НИ „ДАТУМ", АМА ВО МАРТ!
ВО МАРТ! ВО МАРТ!

„Злосторниците имаат неотуѓиво
право да бидат казнети!"
Платон

Како и пред јуни минатата година, се сеќавате, нели, а подоцна и пред октомври 2019, кога на сите страни низ Европа, па дури и до самиот „господар на датумот" Макрон, сосема безуспешно се растрчуваа хистеричните велепредавнички и големоалбански „северцански мисионери" Заев, Османи, Димитров, па дури и карикатуралниот дрвен манекен-потписувач од водњанскиот пејзаж Стево Пендаровски, од една страна, бесрамно залажувајќи ги граѓаните на Република Македонија дека – еве сега, опа-иха! – и веднаш ќе добиеме датум за почеток на преговорите, а од друга страна, на европските ладнокрвни политички лидери-лазачи им се заканувааа дека ако не добиеме датум, и тоа веднаш, ќе ни дошле Русите или Кинезите, леле, и преку нас ќе ја поткопале Европската Унија и Западната цивилизација воопшто, – ете, така и сега, „пред март!", тие морални мивки и политички свлечковци (и пак апсолутно сервилно и стерилно!) се растрчуваат наоколу и со истата велепредавничка и квислиншка реторика, исполнета со куп бедни лаги за божемните „реформи" и со „застрашувања од источната опасност" настојуваат да ги уверат „новите еу-лидери-лазачи" дека е бескрајно важно – ама најважно на светов! – на Македонија да ѝ се даде датум, и тоа сега, „токму во март", никако подоцна, зашто, во спротивното, тоа страшно би влијаело на изборните резултати, и би овозможило „пов-

торно“ да ги кренат главите и да победат националистичките сили, наспроти заевските, замислете – проевропски. Деновиве, во текот на своето „државничко“ патешествие (ха, ха!), тоа особено сликовито, „полицајски“ прецизно, го дефинира нашиот Берија-премиер, Оливер Спасовски, силно нагласувајќи ги поимите „националисти“, наспроти „проевропејци“.

И не само тоа: на европските лидери-лазачи, со оние нивни наместени лицемерни насмевки и стаклести, студени очи, тие „растрчковци“ им ставаат на товар и голема „морална одговорност“ да постапат токму така, да ни дадат „датум“, и тоа „во март!“ – бидејќи инаку Европа ќе се покажела несериозна, некоректна и пред сè неуверлива пред светот, зашто, велат, ние исполнивме сè што баравте од нас: си ја самопоништивме државата, со потпишувањето на капитулантскиот и криминален Преспански договор го сменивме Уставот, на Грците им го дадовме своето историско име и се преименувавме во некоја троделна именка којашто НЕ ЗНАЧИ НИШТО, исцело си го избришавме националниот македонски идентитет и се откажавме од нашите браќа и сестри во соседните и во другите држави во светот, со Договорот со Бугарија на најбезобзирни туѓински ограбувачи на поддавалник им ги предадовме сета наша културна и политичка историја и нашето богато културно-уметничко наследство, во целост, па и далеку, далеку преку сите поставени барања, суицидно до последната точка ја исполнивме деструктивната и дезинтегрирачка примитивна големоалбанска Тиранска платформа, со криминални, неделовнички и незаконски постапки и со невидено политичко и секакво друго насилство, поткупување, измами и уценување во 5 до 12 пред распуштањето на парламентот, донесовме закони со кои се штитат сите сторени криминали на велепредавникот Заев и на сета негова кримогена братија, и, се разбира, до максимум ги задушивме човечките и медиумските слободи.

Значи, Европска Унијо, исполнивме ама баш сѐ што ни поставивте како задача за тотално да ја уништиме Република Македонија! Во тоа успеавме, а сега вам ви е редот, па затоа веднаш дајте ни „датум“, ама – посебно енергично инсистираше Берија-премиерот Спасовски – тоа да биде „во март, во март, слушате: во март! – пред изборите! По изборите, по 12 април ќе биде премногу доцна! Ќе победат националистичките сили, наспроти проевропските“!

Гледано така, тоа значи дека имавме навистина голема среќа што лани, по „ризичното“ недоделување „датум“, и вака ставени „во изолација” од страна на ЕУ, не ни се втурнаа ниту Кинезите, ниту Русите, ниту пак кренаа глава „националистите“, а за, не дај Боже, да не ни се случи нешто така страшно, и за да ни ја зачуваат троделно-именската вештачка државичка и забетонираниот „прозападен“ идентитет будно внимаваа господата Зоран Заев, Берија Спасовски, Никола Димитров, Бујар Османи, и особено хистеричната НАТО-фундаменталистка со маскирен шлем, Радмила Шекеринска. Уф! Шуќур!

Освен што покажаа надреална доза на индивидуално и политичко лудило и глупост, сите тие и нивната едноумна (хм?!) „прозападна“ македонско-космополитско-големоалбанска клика што во овие три страшни ништителски и понижувачки години, безобѕирно, брзопотезно и така вешто ја растураа и ја уништуваа Република Македонија, и примитивно, садистички се изживуваа и го понижуваа македонскиот народ – тој џган, таа црна багра, покажа и колку се тоа сурови, дрски, безобѕирни, смртно опасни луѓе, длабоко подмолни, превртливи, совршено истренирани за крајни злосторнички активности од овој вид, и подготвени за секакви застрашувачки крајности. До коска и до сржта загризоа во душата и во телото на македонскиот народ и не пуштаат, не се откажуваат од

своето црно зло до последниот момент, до последниот здив. Па сепак, почитувани граѓани, знајте, тоа се само најприземни уличарски велепредавници, злосторници и криминалци! А за таквите Платон вели: „Злосторниците имаат неотуѓиво право да бидат казнети, а ние треба да им овозможиме да си го одбранат тоа свое неотуѓиво право!“

Но тоа нивно „неотуѓиво право да бидат заслужено казнети“ за сите свои тешки криминали и злостворства кон државата и кон народот тие, заедно со корумпираните претставници на од нив инсталираната и безочно управувана слугинска судска власт, би можеле успешно да си го конзумираат по 12 април годинава. Ним тоа им е сосема јасно и затоа сега со сите сили настојуваат да си го зачуваат насилно наметнатото „феудално право“, својата неограничена моќ над државата што ја узурпираа до последното катче, и што, така заробена, сосема ја отуѓија од народот, претворајќи ја во сопствено, приватно, фамилијарно-политичко кримогено тендерско претпријатие. Се разбира, во тие очајнички обиди спаѓаат и сите овие најнови шизофрени трчања и коленичења кај своите европски налогодавателиси со молбата: ”Во март! Во март! Во март!“ – заборавајќи притоа дека тие се само нивни најобични бедни балкански измеќари и извршители што со уништувањето и поробувањето на Република Македонија веќе си ја завршија својата погана квислиншка работа, и сега ќе мораат малку да почекаат до некои нови распоредувања на други валкани и гнасни должности.

Од тие причини, по којзнае кој пат, уште еднаш треба јасно да се каже дека од „датумот“ „во март“ нема ништо! Во „мај“, кога одново на домашниот и на меѓународниот политичкиот пазар интензивно ќе се „нуди“ и ќе се ветува „датумот“, а „северџанците“ ќе трчаат нов ступиден маратон низ Европа – од тоа повторно пак нема да има ништо. Оние,

меѓутоа, на кои и натаму ќе им се лаже, само нека лажат, сè додека уште има некој што ќе ги слуша и што ќе им верува. Но на Македонија ѝ е одредена поинаква, за многу години сосема периферна судбина, независно од тоа дали во каква и да е утешителна форма, порано или подоцна, ќе ѝ се „додели" и некое за*бантско „датумче".

Затоа, за колку-толку да ја релаксираме состојбата од овие тешки „пред-мартовски" илузионистички теми околу „датумот", за кратко ќе го отворам „интелектуалното досие" на Берија-премиерот Оливер Спасовски, кој за ова ни даде и директен повод со паничното инсистирање на своите фантазмагорични „полицајско-лингвистички" разграничувања и кодирања од типот „националисти" и „проевропејци", но и некои други термини што во збудалено и незапирливо завртениот тапан на изместената заевштина и бериевштина постојано се тумбаат, чекајќи некој од нив, или некој од нивните бројни политички слепци, како некој си беби-ступидариус Костадинов што одвреме-навреме искокнува на федер, повремено, како во некаква терминолошка игра на среќа, да ги извлечат и тук-таму да ги залепат во своите незаборавни „говори", „изјави" и „соопштенија".

Веднаш треба да се нагласи дека сите предметни поими имаат свои антиподи, т.е. поделени се на *добри* и на *лоши*. Се разбира, *добрите* се само заевските затоа што се *проевропски*, а *лошите* се оние на сите други политички и јавни субјекти, затоа што се, едноставно, *антиевропски*. Во светлината на тој далтонистички црно-бел, „полицајски", апсолутно бесмислен заевско-бериевски систем поделен на добро и лошо, тешко е да се воспостави некој поинаков, нормален, навистина логичен, сложен, цивилизиран систем, зашто секој поим, разбирливо, има непрегледни котекстуални вредносни и семантички можности, за што завалијата Берија Спасовски и неговиот шеф-простак Заев си немаат блага врска.

Значи, според заевско-бериевската шизо-зофија и шизо--лингвистика тоа изгледа вака:

македонски = антидемократски, антизападно и антиевропски
патриотски = антидемократски, антизападно и антиевропски
национално = антидемократски, антизападно и антиевропски

Од друга страна пак:
големоалбански = демократски, прозападно и проевропски
големогрчки = демократски, прозападно и проевропски
големобугарски = демократски, прозападно и проевропски
големоалбански шовинисти = прозападни и проевропски демократи
големобугарски шовинисти = прозападни и проевропски демократи
големогрчки шовинисти = прозападни и проевропски демократи
македонски националисти = антизападни и антиевропски недемократи
проевропејци = прозападни демократи
антиевропејци = антизападни недемократи
прозападњаци = европски демократи
антизападњаци = антиевропски недемократи

И аналогно на сето тоа:
прозападно = демократско и проевропско
проевропско = демократско и прозападно
антизападно = антидемократско и антиевропско
антиевропско = антидемократско и антизападно
проНАТО = демократско, прозападно и проевропско
антиНАТО = антидемократско, антизападно и антиевропско

Е, ваквото идиотско заевско-бериевско разбирање на нештата, со кое секојдневно дивјачки ја трујат и ја индоктрини-

раат македонската јавност, е најсугестивен израз на нивната патолошка политичка лудост и надреална природна глупост, за разлика од големоалбанските „префинети“ шовинисти од нивниот заеднички владејачки тим, кои на сосема идентичен агресивен и одвратно бескрупулозен начин се служат со истата стигматизирачка полициска терминологија, особено гебелсо-идотот Артан Груби, но воопшто не се ниту луди ниту глупави, туку се само неизмерно расипани и без трошка цивилизациско и национално, албанско достоинство, при што вешто пливаат во катаклизматично заматените води на тажната македонска стварност. Тоа што вака безочно комплотираа со невидените шекспировски лудаци и глупаци од велепредавничкиот заевски блок, независно од сето тоа што, врз сметка на македонскиот народ и на другите народности што живеат во Република Македонија, успеаја до крв да го исцицаат од нив со своите најприземни, атпазарски и просирни пазарења и уцени само Заев да се одржи на власт, нема да бидат аболицирани пред судот на времето, што и да си мислат тие сега, вака опиени од успешното тргување со тие бедни малоумници и квислинзи, но се надевам дека и нив ќе ги дофати и овоземната рака на правдата за сите оние неуставни и незаконски дејанија во врска со државниот удар од 27 април 2017, и за сиот оној криминален, незаконски след на постапките што без прекин се редеа потоа, сè до денес.

Нејсе! Се враќам кон „проблемот“ на заевско-бериевската шизо-зофија и шизо-лингвистика, за да ги заокружам, и до крај да ги појаснам нештата.

Начинот на кој Берија Спасовски, неговиот шеф-простак и поедначков аналфабет, Зоран Заев, и сите нивни партиски подлизурковци и заслепени верници-следбеници, ја сфаќаат европската демократија, или демократијата воопшто, е начин на кој „размислуваат“ еднокелиските суштества, парамециуми и волвокси, или некои амеби од далечните егзотич-

ни мочуришта. Демократијата, од античките времиња кога е создаден тој општоцивилизациски поим па сè до нашево време, ги подразбира и иманентно ги содржи слободата на мислењето, слободата на самоопределувањето и слободата на себеизразувањето. „Сите тие слободи се сестри“, цитирам една стара револуционерна француска поговорка. Најцврсти елементи во темелите на современата европска цивилизација, од француската буржоаска револуција до денес, се токму тие недопирливи човечки, што значи демократски, слободи. И затоа секоја политичка етикета со која се настојува не само бедно дневно-политички да се дезавуира некого или нешто, туку и крајно опасно да се денунцира пред законот, или во најмала рака пред јавното мнение, претставува конкретен, совршено прецизен, непобитен и недвосмислен показател на опасна фашизација или сталинизација на општеството. А, впрочем, зарем тоа не го покажаа и не го докажаа и еклатантните, (бе)срамни антисемитски истапи во неодамнешниот случај на министерката Рахела Мизрахи, македонска Еврејка, скандалозно разрешена од „големиот проевропски и прозападен демократ“ Берија Спасовски, а потоа од истиот заевско-бериевски блок агресивно атакувана и мрачно стигматизирана со препознатливите нацистички ознаки од времето на холокаустот, и навредувана со познатата наци-шовинистичка треминологија?

Сега, по враќањето од ЕУ, Берија-премиерот може да се смета за „шетан чоек“. Можел таму малку и да се распраша што значи зборот „демократија“, и дали таму, во таа недосеглива, демократска Европа, сите до еден мислат заевски „прозападно“, „проевропски“ и „проНАТО“. Зашто, ако не мислат така едноумно сите, ако има поинакви, па и спротивни мислења, па дури и происточни, и антиНАТО, и суверенистички и националистички уверувања и ставови – а што да се прави кога ги има, и тоа баеги! – е, тогаш таа ЕУ, според мерилата на нашиот

Берија-премиер, и не е баш некоја демократска заедница, а пак ако не е демократска, се прашувам што мајка таму си бараме ние, предводени од големите нобеловци и демократи Заев и Берија Спасовски, со сета нивна убава велепредавничка и големоалбанска демократска братија? Море, сега се гледа дека на ЕУ ѝ се потребни еден Заев и еден Оливер Берија Спасовски малку да ги доведат во „демократски“ ред! И ако поради ништо друго, барем поради тоа треба таму да нѐ примат!

Затоа, вака на крајот, господа велепредавници и големоалбанци, големобугари и големогрци, запомнете: прекрасната, достоинствена триола **македонски/патриотски/национално** не е нешто срамно, туку, токму спротивното: таа означува еднаквост со другата наша суптилна македонска триола со која со право се гордееме: **демократско/европско** и **светско**! Тоа се нашите македонски цивилизациски знаци на препознавање, отсекогаш и за сите времиња!

20 февруари 2020, Република.мк Online
Дајте ни „датум“, ама во март! Во март! Во март!
https://republika.mk/kolumni/dajte-ni-datum-ama-vo-mart-vo-mart-vo-mart/

22 февруари 2020

ДО МАКЕДОНСКИТЕ „ГРАЃАНИ ОД ВТОР РЕД”

На тие што молчеа 1

Лазачи на мракот, на црната стега,
голтачи на трње и на дробна земја,
духот што се теши со молк и со темјан,
сениште е жално од себе што бега.

Зар тоа сте вие в глувчевата дупка?
Та не е од душа, ниту е од Бога.
Дур’ топло нѐ грее старинскиот оган,
тврдо срце епско уште во нас тупка.

Мегданот е овде, в мајчиниот двор,
низ нашиот дом се стркала Смртта,
ни скршија ’рбет, и сѐ уште вртат...
Ти го гледаш тоа без да кажеш збор.

Што ли беше тоа, каква ноќна мора,
каков кошмар стрвен го презема Сонот?
Слободата наша пак си појде в гора,
душманот ги држи жезлото и тронот.

На тие што молчеа 2

Како коцки в дланка,
на гради ве стискав,
во вас се колнев,
дваж-триж пати хукав,
ве целував, преколнував
– но од вас седумка не излезе.

Знам, така е, добиваш или губиш.
Јас без зијан-пријатели останав,
а вие, еве, од туѓи дланки фрлени,
сè уште се тркалате по зелената чоја,
но од вас никогаш седумка не бидува.

22 февруари 2020, Република.мк Online
До македонскиѿе „граѓани од вѿор ред“
https://republika.mk/kolumni/do-makedonskite-gragjani-od-vtor-red/

26 март 2020

МАКЕДОНИЈА Е КАКО ФИЌО – СЕ ПАЛИ СО ТУРКАЊЕ

Компромисите секогаш скапо се плаќаат. ЕУ веќе одамна јавно признава дека го плаќа цехот на својот политички компромис направен со приемот во своето членство на двете апсолутно „неподготвени“ земји – Бугарија и Романија, кои такви какви што беа тогаш си останаа и до ден денес. И затоа ЕУ постојано гласно си размислува (а сите го слушаме тоа), и си повторува дека тоа никогаш веќе не смее одново да ѝ се случи, но, еве, гледаме, од истите евтини, прозирни, божем стратешки, а всушност најбанални, брзопотезни дневнополитички причини сега, под разни неартикулирани притисоци, ја прави истата кардинална грешка со Македонија, навистина и овојпат како и толку пати досега само „во етер“, „во ништо“, во ветер на магла, зашто ниту датум видовме, ниту пак „датумче“ има на повидок.

Циркусот со Македонија продолжува!

Новозабревтаниот, евро-адреналузиран комесар за проширување Оливер Вархеји, кој безидејно го презема и истиот мизерен и невкусен стил на претходниот комесар за ”балкански методи“ Јоханес Хан, да ни ги испраќа своите „важни“ пораки преку Твитер, може колку што сака да ги побива коментарите на сериозните европски политички аналитичари, и да докажува дека тнр. „зелено светло“ што ни е „дадено“ не е само најобична еу-политичка „шатка“, но тоа не само што им е јасно на граѓаните на Македонија со кои, ете, и натаму безобразно, невкусно и понижувачки се мајтапат, туку и на сите слободномислечки поединци и медиуми во Европа.

Имено, реално, европската Комисија потврди дека тнр. „одлука“ на Советот на министрите за надворешни и европски

работи всушност е само уште една во низата „добри желби“ на Комисијата, а според изјавата на портпаролката на Вархеји, Ана Писонеро, сите што се заинтересирани навистина да дознаат што било и како било на тој министерски состанок, и каков ќе биде исходот со „датумот“, таа глатко ги пренасочи на друг бирократски еу-шалтер: до Советот на Европа. „Тоа е во рацете на земјите членки“, рече таа со студен потпаролски глас, а тоа буквално значи дека и натаму сме си таму кај што бевме, зашто според апсолутно прецизно дефинираната претходна најава на „Ројтерс” ние „добивме“ само „политичка согласност“ за отворање на преговорите, но не и согласност на сите членки на ЕУ, а уште помалку согласност за некаков конкретен датум. А да не зборуваме и за тоа што како опашка од конзерви по калдрма на тој недоодлив пат кон ЕУ ни ја закачија и Албанија, со сите нејзини недемократски, неевропски и други внатрешни и надворешни контроверзи.

На Вархеји, пак, не му ни текна да спомене каков и да е, па и најдалечен датум за првата меѓувладина комиисија, и не заборави да потсети дека „одлуката“ (каква „одлука“, за што, за кога?) не значи дека „земјата“ може да престане со реформски напори, но затоа од него ги чувме сите оние познати и илјада пати прецвакани натегнати и дубиозни изјави од типот:

„*Земјата* ја забрза работата од октомври, донесен е Преспанскиот договор и Договорот со Бугарија, што дава пример за целиот регион; ова треба да го отвори патот за *земјата*; *земјата* успеа да го донесе и Законот за јавно обвинителство во услови на техничка влада“... Ок, ок. Сето тоа ни е добро познато! А јас додавам: јавува провладината МИА од Брисел.

Ма, за кои реформи тоа зборува Оливер Вархеји?! Веројатно си знае само тој самиот. Или пак мисли дека знае. Или едноставно го преземал она купче такви бедни лаги и папа-

галски флоскули што на бирократската работна еу-маса му ги остави ништителот на Република Македонија Јоханес Хан.

Човеку, па Македонија е среде најсрамната криминално--корупциска рекетарска криза, невидена во Европа, криза која власта, со помош на аморалните партизирани судии од највисок официјален ранг, со сите сили настојува да ги прикаже како „реформа“ на до коска гнилото и корумпирано заевско „трас-трас“ правосудство. Македонија е заглавена во непрегледни долгови, без какви и да е инвестициски резултати. Македонија е задавена и задушена од антимедиумско насилство и највулгарна цензура. Република Македонија е уништена, згазена и понижена! А Вархеји ни раскажува бајки за напредок и извршени реформи. А притоа најважно од сè беше тоа по којзнае кој пат нам, на „глупаците“, великодушно да ни се повтори: ”Вашата иднина е во ЕУ”.

Ех, Македонија е како расипано фиќо – се пали со туркање. Расшрафена е, растурена, не мрда, но цело време ја туркаат, ја буткаат, малку ќе забрмчи, божем троа ќе се помести кон напред, и пак ќе се изгасне, ќе запре.

Патниците во фиќото „мудро“ си седат внатре и чекаат моторот конечно да проработи, а на оние што го туркаат им е јасна таа нивна психологија на стрпливи екскурзијанти кон ЕУ, и пак одвреме-навреме малку ќе турнат, ќе бутнат, вентилаторот малкуцка ќе зачкрипоти, ќе се заврти, еднаш – два пати, моторот ќе пробрмчи, а туркачите веднаш извикуваат: „Аааааа, аааааа, супер, еве, оди напред!“ – и свикуваат гала конференции за медиумите, на кои по сто пати urbi et orbi објавуваат: „Еве, оди! Оди! Готово е! Успеавме!“ И сето тоа придружено со многу идиотски селфиња со соодветни идиотски ликови.

Но, мора да се признае дека тоа многу подобро им одеше додека со сите сили фиќото безочно го туркаа удолу, кон ни-

каде, кон неизбежната смртоносна национална хаварија. Ама, да се разбереме, тогаш не беа ни сами. Целата гнила Европа, целата гнила Америка, целиот гнил НАТО, со сите заевско-големоалбански будали со сите сили и лудило го туркаа фиќото низбрдо, кон провалија, кон катастрофа, кон тоталка! И успеаја.

Фиќото не само што не пробрмче, не проработе, туку едвај од него останаа две скинати гуми, непрепознатлив костур и сосема скршената кичма, заедно со сè патниците...

Сега, меѓутоа, состојбата е сосема поинаква. Сега треба да се турка кон угоре, кон ЕУ – а тоа не оди лесно. Оние запалени, страсни меѓународни туркачи од ураааа!-фазата сега никаде ги нема да влечат нагоре. Главната пијанечка журка со уништувањето на фиќото помина, сите си се разотидоа кој каде веднаш по големата наркоманска „преспанска катарза“, кога фиќото е преименувано во нов, неупотреблив северцански хибриден модел што, еве, сè уште се дрнда, туркано и влечено со дебелокожните „коњски“ сили на заевско-големоалбанската, иако формално „техничка“ власт.

Навистина, одвреме-навреме, како и сега пред ден-два, со давањето „зелено политичко светло” ЕУ им спушта на неуништливите заевско-големоалбански туркачи и ништители некакви ли(з)гави јажиња, колку-толку да го закачат преименуваното раскапано фиќо, па божем малку тие одозгора да го влечкаат, додека овие одоздола го туркаат нагоре. Но тоа не оди така. Фиќото е премногу, ептен расипано, растурено, расшрафено. Ни со туркање, ни со влечење веќе не се пали. Му треба сериозна длабинска поправка и преправка, однатре. Му треба ВИСТИНСКА РЕФОРМА! Во спротивното, кому му е требна таква „крнтија“?! Па притоа и полна со чудни, ладнокрвни патници кои само чекаат некако да бидат извлечени „горе“, кајшто секако има многу добри „мајстори“, да го поправат фиќото, макар

и вакво, како северцански нов хибриден модел, конечно да проработи, „да излета“ на ЕУ и НАТО погон, и „да заблескоти“ во сиот свој „балкански“ сјај и убавина среде Европа со тврди карантински граници, па дури и оние шенгенските.

Тажниот циркус со Македонија продолжува, со подмолни и недуховити северцански кловнови! На никој воопшто не му е смешно! На секој нормален човек му е ужасно мачно и болно!

Ова „бутни-повлечи-потегни“ е крајната граница на европскиот театар на апсурдот, и на апсурдот на Европската Унија, која веќе со години, и особено сега кога – во светлината на епидемиската агонија, поради која за две-три недели се распадна на јасно изделени и разделени држави, всушност на една виртуелна Видео-Унија – и „судбоносните“ „одлуки“, каква што е и „политичката одлука“ за „давање зелено светло“ на „земјава“, ги донесува на виртуелни видео-конференции, што е и сосема нормално, зашто, како што знаеме, тука и станува збор за една всушност виртуелна држава со виртуелно троделно име, со која секој, па и ЕУ, може како што сака, па и на тој „виртуелно цивилизациски“ начин, да се поигрува и да се мајтапи. И сето тоа, замислете, со генијалното објаснување на Вархеји дека на тој начин се испраќа порака за конзистентноста и цврстината на Унијата, која и во овие најтешки услови, и исправена пред најсложени предизвици, божем функционира ефикасно, сложно и одговорно. Ми останува само да речам:

„Ха, ха!“

Но треба да биде сосема јасно оти сево ова упорито и насилно туркање на „македонското фиќо“, и во последниве три криминални и велепредавнички заевски години – и особено сега додека европското „село гори“, и изгоре, а дневно низ Европа се кремираат илјадници и илјадници трагично заболени и умрени од коронавирусот, а и Македонија ги по-

гребува своите жртви, при што е сосема јасно оти целиот свет е и на прагот на една тешка, драматична економска рецесија и депресија, поради стравотните стопански застои и загуби предизвикани од борбата против смртоносната зараза – претставува само една најобична патолошка политичка фарса, и европска, и наша внатрешна, северцанска, и се одвива вака брутално простачки, спротивно на здравиот разум и на хуманите и хуманистички принципи, само затоа по можност сето тоа, како-така, да се истурка до крај додека низ Македонија сѐ уште царува криминалната заевштина, па дури и со узурпираната и евидентно откradната „техничка" влада, бидејќи само додека е така, додека си го имаат како главен играч „мокниќот" Заев, Европската Унија, Америка и НАТО ќе имаат и цврсти гаранции дека „Обновата на Македонија" ќе биде апсолутно невозможна мисија. Врз неа треба да се фрли и последната трошка црна погребна земја.

Промислете и заклучите самите: па зарем на вакви какви што се, безочни и со своите бескрупулозни предаторски политики, Бугарија, Грција, Албанија, и внатрешните велепредавници и големоалбанските „платформистички" партии воопшто им одговара Обновена Македонија??? Кажете! Речете! Кој верува во такво нешто?! Па тие едвај и со сите стравотни сили, секој на свој начин и сите заедно, ја убиваа и ја убија Република Македонија, за сега некој на меѓународната политичка сцена повторно да им ја враќа за нив не „обновена", ами „повампирена" Република Македонија!

Болеста и глупоста на Европа, еве, се искачија до својот зенит, а случајот со даденото „зелено политичко светло", и тоа без „датумче", сега и во овие услови на глобален епидемиски помор, тоа совршено јасно го покажува.

Дали некој верува и се надева дека „датумот" ќе ни го дадат во мај? Можеби и да, зашто лудилото нема крај. Но што

потоа? Одговорот изгледа многу едноставен, но мај не е далеку. Далеку е Европа, далеку се колбасите со кои таму ги врзуваат магаријата.

Во секој случај, подгответе се уште да се нагледаме и да се наслушаме надувани, идиотски, церемонијални конференции за медиумите, особено од Заев, Димитров, Шекеринска, Спасовски, каква што беше врочем и онаа од пред неколку дена на големо-евро-албанецот Бујар Османи, кој како ординарен политички простак, без трошка политичко достоинство, наспроти стандардниот протокол, па дури и наспроти најбаналните хиерархиски „повисоки инстанци“ во власта, се стрча да го земе „муштулокот“, муждето, затоа што прв ни ја соопштува досега на заевски начин „кажи-лажи“ веќе безброј пати официјално соопштената стара „новост” дека сме добиле нешто што не сме го добиле, т.е. дека сме биле „примени“, овојпат, се разбира, и со неодминливиот симболичен албански беграунд, и – а може ли во Македонија поинаку?! – на брановите на албанскиот јазик, на чии крилја, впрочем, како држава и само можевме да одлетаме таму... во светлата ЕУ-иднина.

26 март 2020, Република.мк Online
Македонија е како фиќо – се пали со туркање
https://republika.mk/kolumni/makedonija-e-kako-fikjo-se-pali-so-turkanje/

31 март 2020

ЗА ГЛУПОСТА – САМО НЕБОТО Е ГРАНИЦА

Друго мислење. Една фасцинантна „лајномисла“ на НАТО-фундаменталистката Шекеринска, и други „мувосери“

Надворешните и внатрешни поробувачи на Република Македонија и на македонскиот народ имаат сосема предвидливо однесување: веќе знаеме дека секогаш кога нешто ќе се помести во политичкиот живот во насока што не им оговара, штом се очекува нешто да им запне и да им запре, или пак ако треба „свечено“ да „прослават“ уште некоја своја „нова“ „блескотна победа“, тие исфрлуваат куп најевтини комсомолски пропагандни пароли, и даваат емфатични изјави со големи зборови, специјално дизајнирани и милозвучни токму за ушите на оној кутар, навистина сè помал, но сè уште шашардисан дел на „заевската верна публика”, која исто така има сосема предвидливо однесување и предвидливи очекувања од своите безобзирни ментори и идеолошко-политички духовници. За првите, пред сè за дел од незаситната амбасадорска фела со неограничени, речиси апсолутни овластувања на балкански феудални везири, Македонија претставува жива лабораторија за гмечење, експериментално проучување и докажување на граничните можности на „стокхолмскиот синдром“, т.е. на патолошка восхитеност, зависност и предаденост на жртвата, односно на заевските слепи следбеници, кон своите осведочени злодејци, понижувачи, мачители и ништители.

Во духот на оној (си спомнувате, нели!) хистеричен, ступиден восклик „Време е Македонија да направи историја!“

– што врз македонскиот народ и врз сите граѓани на Република Македонија шареноревулуционерно ја изблувна заболениот Заев, како и непрегледната низа други негови (земјо голтни ме!) „мудрости“, и кај домашните и кај странските „интерпретатори” на евро-атлантски глупости се разви еден страстен, силен „уметничко-филозофски“ натпревар, една вистинска пандемија на кажување будалски „мудрости“, „мисли“ и „сентенци“, сè со намера, како старите мислители и креатори на дамнешната голема светска историја, и тие да се најдат на првите страници на „историјата“ што ја „создава“ еден најобичен кримоген, аболициран муртински простак, а притоа и сосема луд човек. Тешко е да се рече кој кому притоа му дал поголемо апсурдистанско вдахновение, едни на другите, или секој одделно си се потпира врз сопствениот таков перверзен талент и инспирација. Добро, за странците знаеме, тие самите постојано и многу вешто ги варат таквите отровни пучистички мирудии. Го помниме уште оној доскорешен балкански паша Јоханес Хан што особено се прослави во Македонија со своите плагирани, ленински, но и со своите автентични, авторски, ултра глупави твитови. Тој веќе на голема врата е влезен во горе спомнатата заевска „Историја на Глупоста“. Истовремено со него, а и потоа, се редеа тука разни Могеринки, Бејлиевци, Жбогари, па оној црн фашист од соседството ни Каракачанов, па бесмртниот мизантроп од јужната „најпријателска земја“ на светов, нераскинлив другар на Заев и на Димитров, и исконски македономрзител Kosиас, и кој ти сè не; навистина им нема крај на тие „големи историски фигури“, па дури ни на најкапацитираните светски компјутерски сервери нема место за толку незамисливи, блескотни „мудрости“ и „мудреци“, за толку црна, негативна, антицивилизациска енергија, и за толку многу најординарни глупости – и перфидности, перфидности на тони.

Еве и сега, деновиве, околу приемот на Македонија во НАТО, масовниот глупчо-натпревар продолжува. Повторно се наслушавме сè и сешто. Навистина е енормна и непресушна дарбата на подмолноста и глупоста со која располагаат и со која така штедро нè честат тие бесмртни заевски „создавачи на историјата на Македонија“. Но, мора да се признае уште нешто: многу се длабоко вовлечени (или пак сосема се дупнати) ушните тапанчиња на сите оние што сето тоа стрпливо го слушаат, и како топло лековито шурупче си го голтаат без да зборнат збор.

Така пред неколку дена американската амбасадорка Брнз, при средбата со полицискиот премиер Спасовски, изјави дека „влегувањето на земјата во НАТО и патот кон ЕУ им одговара на интересите на Соединетите Американски Држави и на ЕУ“. Колку убаво и колку точно е речено тоа, а нашата „влада“ тоа со гордост ѝ го проследи на македонската јавност. За оние што разбираат што значи таа изјава на Брнз – тоа е сосема доволно. А впрочем, што има тука воопшто и да се спомнуваат некакви бесмислени македонски интереси? Тие едноставно „се подразбираат“. Влегувањето во НАТО и патот кон ЕУ не само што сами по себе ја „подразбираат“ неизмерната „среќа“ на нашата нација и на секој наш човек, туку таа „небеска среќа“ иманентно и нераскинливо се содржи и во секоја наша клетка и ѝ дава смисла на постоење; особено кога таа и таква историска мудрост ни доаѓа толку лежерно од речиси веќе анектираното, „американско“ Кале во срцето на Македонија, и на Балканот.

Од друга страна, брзајќи да фатат чекор со останатите тркачи во заевскиот олимписки глупчо-натпревар, велекапитулантскиот ЦИА-министер Никола Димитров и големоалбанскиот наш ЕУ-спасител Бујар Османи, и меѓусебно се натпреварувaа кој од нив двајцата, секој на свој начин, по-

среќно и помудрословно ќе ја формулира следнава лигава фраза: „Коронавирусот ќе помине – но НАТО и ЕУ ќе ни останат вечно“. И има голема вистина во тоа: коронавирусот ќе помине, а вечно ќе ни остане тешката параплегија, општиот државен и економски колапс и национална и идентитетска парализа по велепредавничкиот мозочен и срцев удар што тие, заедно со сета своја заевска, велепредавничка, големоалбанска, и меѓународна безочна и насилна братија ги извршија врз нашата татковина Република Македонија. А за Срамот и Понижувањето до гроб и да не зборуваме!

Хроничната безидејност на заевистите, еве, штотуку, по којзнае кој пат, ја потврди и полицискиот премиер Оливер Спасовски, кој, по кревањето на македонското знаме пред седиштето на НАТО, оној погоре цитиран слоган – бла, бла, бла – го повтори, само во малку уште поразводнета форма. Во тој славенички контекст (а кој си слави нека си слави!) ја слушнавме и најновата ревијална стара глупост од устата на Јенс Столтенберг кој рече: „Договорот од Преспа го овозможи пристапувањето во НАТО и овозможи добрососедски односи и светла иднина за... (и тука во дводелна форма го наведе троделното ступидно име на вештачката заевска државна творбичка)“. „Вашата напорна работа“, додаде тој, „го овозможи овој ден“.

Е, гледате, таа многу напорна работа, како што ја нарече Столтенберг, поради која многу се намачија нејзините извршители, и со која до небо восхитено на сиот глас се пофали и полицискиот премиер Спасовски, повикувајќи го и целиот македонски народ на сеопшт восхит и гордеење, посебно истакнувајќи ги заслугите на Зоран Заев, им беше навистина многу напорна: требаше само да го спроведат она за што беа и инсталирани на власт: да извршат најмизерно државно и национално велепредавство – и таа шарена гангстерска багра

крвнички и безобѕирно го направи тоа срамно, криминално дело, и тоа во само неколку супер-брзи велепредавнички потези, без да им трепне окото, и без какво и да е почитување на Уставот, на демократските процеси и на јавното мислење и став за најделикатните, судбински прашања за нацијата и за државата.

Но сето тоа ни е премногу добро познато!

Сепак да се вратиме на главното: за „Кралица на глупоста“ и за лауреат на наградата „НАТО-шлем и црна чизма” ја прогласувам НАТО-фундаменталистката Радмила Шекеринска. Во овие незаборавни свечени НАТО-денови, кога пијано одекнуваат салви од славеничките северџански черешови топчиња и се развејуваат слободоносните НАТО-знамиња, нејзината државничка „мудрост“ ги надвиши „мудростите“ на сите останати забегани домашни и странски глупсони заедно.

Надреално вдахновена, испијанета од слободарскиот дух што се разлеа над и низ Македонија, понесена од восхитот на неповторливиот историски момент, летната на нежните крилја на НАТО-убавината и хуманизмот, бескрајно исплакани и оплакани од илјадниците невини старци, болни, мајки и деца ширум светот, таа (оф, немам баш убава придавка за неа), таа Шекеринска, на некој си свој заумен НАТО-јазик ја испувна, ја истиша во етер – „тшшшш“, простете – следнава незаборавна „мудрост”:

„Нашите претци се бореа за слобода и за независност – а ние се боревме за НАТО!“

Во превод на нашиот нормален, разбирлив, мајчин македонски јазик, тоа значи:

”Нашите претци се бореа за слобода и за независност – а ние се боревме и се изборивме за ропство!“

Е, оваа голема „лајномисла“ или „мувосер“ на Шекеринска, со специјален опстипација-фонт ќе биде размачкана ка-

ко мото на црните страници на општозаевската „Историја на глупоста“. За неа, драги луѓе, ќе се учи во основните и во средните училишта, цели семинари ќе ѝ бидат посветувани на сите можни факултети, а пак разиграните, насмевнати дечиња по градинките, освен што ќе добијат најдетални инструкции како да цртаат најубави и најнежни, цветни НАТО тенкови, топови, ракети и прекрасни атомски бомби, ќе учат и песнички, химни, за тоа колку била тешка велепредавничката борба на неколкуте заевски и големоалбански уличарски неранимајковци, простаци, примитивци и будали за да ни ги одземат славното историско македонско име, нашиот македонски национален идентитет, и слободата и независноста, и да ни го натоварат ова срамно и прескапо, црно ропство.

Но сепак, да имаме и малку разбирање за ситуацијава. Можеби сета оваа импресивна општозаевска глупсологија всушност е само едно итро, државнички добро обмислено сценарио. Зашто, на прагот од започнатата, суперзастрашувачка, длабока и допрва катаклизматично долга општосветска економска рецесија и депресија, предизвикана од пандемијата на коронавирусот, можеби НАТО ќе има добро срце и нема да ѝ ги побара на Шекеринска оние „ситни“ 2 насто финансиски обврски од домашниот буџет, со кои толку кабадаиски се ку*чеа таа госпоѓа и црпнатиот Заев, опиено седнувајќи „на иста маса со големите и најмоќните“. Можеби добриот стар пријател на Заев, Јенс Столтенберг, браем поради она нивно заедничко соблазнително, секси-фалоидно „бакнипенкално“ искуство, едноставно ќе им се смилува и ќе им се сожали кога ќе види дека не само што нивната „блескотна“ „влада“ успеала во државниот буџет да направи дветретинско црно дупчиште од цели 3 милијарди евра, туку и оти будалите, кои немаат ни за плати на државните службеници, ни за пензии, немаат ни очи во главата, а пак во главата ниту трошка од она што другите вообичаено го имаат.

Но ако, пак, независно од свечено развеаните знамиња, топовските истрели и излитените политички фрази, не испадне баш така романтично и оптимистично, ако на Столтенберг, да речеме, наеднаш му текне дека и НАТО е во дебела „габула“, како што всушност и е, и оти полнењето на неговиот воинствен буџет ни оддалеку нема да се одвива според очекувањата поради светската рецесија, што веќе опасно надоаѓа и се забревтува, а нејзиниот почеток јасно и недвосмислено го обзнани дури и Меѓународниот монетарен фонд, и која практично веќе ги зафати и „големите и најмоќните“ од истата заедничка НАТО-маса на која седеше овој убав северџански глупсонски тандем, е тогаш, да ја парафразирам на ова место онаа друга, поранешна, многу славна „лајномисла“ или „мувосер“ на Шекеринска кога, по повод ратификувањето на договорот со НАТО во Собранието, агресивно и простачки се закани: „Ај да видам сега кој јунак ќе се најде да го поништува Преспанскиот договор!“ – и да ѝ порачам: Ај, фундаменталистерке, да видиме кој северџански јунак сега ќе се најде на извршителот НАТО да не му го плати двепроцентниот воен арач! Зашто, ако не му се платат договорените воинствени евриња, фундаменталистерке, НАТО нема да сака со грчки авиони да ни ја „надгледува“ татковината, ниту да ни го „чува небото“ и, одозгора, со сета своја застрашувачка „хумана“ и „благородна“ оружена моќ да нè брани нас кутрите македонски граѓани, долу, наземи, од страшниот помор на незапирливиот микроскопски непријател – коронавирусот...

Еј, глупсони, бре!

31 март 2020, Република.мк Online
За глупоста – само небото е граница!
https://republika.mk/kolumni/za-gluposta-samo-neboto-e-granica/

5 а̄прил 2020

ВИСОК ДОСТРЕЛ НА СЕВЕРЦАНСКАТА ДАЈ-ГАЗ-ФИЛОЗОФИЈА

И цр̄ка̄та може да живее во не̄ација дека е цр̄ка, но...

Заев не е тој што ја измислил хистеричната хиперпродукција на најразлични дубиозни вести, лажни и полулажни вести, спинови, па изјави денес кажани, а истиот ден или утредента поништувани, негирани или преправени, и сето тоа, од ден во ден, од минутка во минутка, бескрајно умножено со сите такви дрдор-идиотарии од неговиот најблизок круг опасни и бесчувствителни, студени, мразни типови како што се Шекеринска, Димитров, Спасовски, Шилегов, Пендаровски и целата онаа мангупска заевска братија од „вториот, третиот, четвртиот... и најприземниот нивен ешалон“ на суперпартизираното општество, а паралелно со нив, умножено и помножено со сите оние груби (Артан Груби – и сите други гебелсовски) големоалбански вербални малтретирања, понижувачки шовинистички изјави, притисоци и психолошки тортури над македонскиот народ, од собраниската говорница, па сè до неброените примитивни, навредливи испади при разни јавни настани и настапи и изјави за медиумите. А за глутницата странски садисти што не престанаа да нè тормозат и да ни се ситат до бесвест и да не зборувам.

Тој подмолен и совршено разработен концепт на перманентна хиперпродукција на секакви стршел-вести, чија единствена цел е да ја вознемируваат, да ја збунуваат и да ја застрашуваат јавноста, при што, поради нивниот опсег и бројност, и нивното постојано зуење и брмчење во етерот, едноставно никој не е во можност против нив ефикасно да се бори, ниту со нив воопшто да излезе

на крај, потекнува уште од тектонските години по Француската буржоаска револуција, а својата кулминација ја постигна токму во Франција по тнр. Јулска револуција од 1830 година, кога најперфидно, па и со такво помпање на разни дезориентирачки вести, повторно му се виткаше и му се кршеше ’рбетот на францускиот народ. Оттогаш континуирано и на разни начини тој метод на создавање самозапалив информативен хаос само е доработуван, разработуван и усовршуван низ преостанатиот дел од XIX век, и низ целиот XX век, сè до нашиве дни, кога се здоби и со навистина неограничени технолошки можности за длабински и бескрајно сложени медиумски и други пресвртнички манипулации, во кои Заев, користејќи ја токму однатре сета можна странска, подмолна амбасадорска интервенционистичка логистика, но и своето природно, нездржливо, реално лудило, се покажа исклучително безобѕирен и вешт. Безброј негови лесно фрлени мамки, и многу остри јадици ги голтна опозицијата – (се разбира, тука не ја вбројувам фиктивната и реално само формална албанска опозиција) – и таа на нив секогаш одново и одново се фаќаше како сомче, очигледно не сфаќајќи до крај дека Заев не е само една бескрајно опасна човечка и институционална (и никако не привремена) појава и преголема несреќа за Македонија и за македонскиот народ, туку дека е во прашање стравотна виртуелно индуцирана, незапирлива, разурнувачка катаклизма од најекстремни, немерливи димензии, за која треба да се изнаоѓаат и да се применуваат и соодветни, конкретни, најекстремни политички, правни и полициски мерки. Зашто, секое префинето политичко пимплање со него, сите демократски разговори и договори, дебати, дуели, предлози, лидерски средби и ти реков – ми рече, сето она на што тој измамник со пет ѕвездички постојано, под превезот на својата речиси опеана „инклузивност“, успеваше да ја навлече опозицијата, сето тоа беше и е само една негова бескрајна патолошка игра.

Свесен или не за тие свои опасни манијакални потенцијали, соочен со ептен благата, главно кабинетска и премногу мека политичка опозиција со „европски манири“, или пак само онака муртински интуитивно воден од сето тоа кон (некакво негово) „напред“, т.е. кон сè поопасни и поопасни нивоа на својата бескрупулозна диктатура, Заев, и сета негова крим-политичка и коруптивна багра, и натаму, на различни начини, лично или преку други, секундарни актери, во изминативе за Македонија најтрагични три години не престанаа да сеат крупни и ситни заблуди, лаги и мачни етно-психози, и злонамерно да му ја трошат силата и енергијата на македонскиот народ. Премногу добра и скапоцена креативна и работна енергија е потрошена, и сè уште се троши на реакции и одговори на секакви северџански дневнополитички спинови, провокативни измислици, ступидни изјави и други будалски работи што секојдневно, па и од час во час, оттаму, откај нив, со лопати се уфрлуваа во кревкиот и ранлив македонски јавен простор, само со цел што повеќе да се заматат општествените води, зашто во матното најуспешно се манипулира и најдобро се лови. Колку што е послаб и понесигурен македонски народ – толку се посилни и поопасни велепредавничкиот диктатор Заев и неговата клика!

Спомнете си само колку подмолни нешта, лансирани од насилно и незаконски наметнатата, квислиншка и големоалбанска заевска власт и нивната сателитска колатерала, колку безочни лаги, колку ли бесмислици без какви и да е аргументи и упоришта во реалноста се искажани, колку ступидарии без вистинско значење и суштинска последователност се направени, со цел упорно, без прекин да го малтретираат, до крајност да го исцрпуваат и да го застрашуваат обичниот македонски граѓанин, и од темели да ги разнишуваат демократските структури и државните институции! И притоа најголемиот дел од нив едноставно поминаа и исчезнаа под радарот на официјалната јав-

ност, без каков и да е посериозен одговор или реакција, освен со по некој краток твит или пост на фејсбук, но затоа цврсто, како чички, се закачија за површните влакнести уши на оние кои беа способни да го чујат само она за што беа идеолошко--политички баждарени, за потоа како вирус да го разнесуваат и да го дистрибуираат од уста до уста, од уши до уши.

Сепак, не можеме на сите тие нивни свинштини, на сите нивни навреди, понижувања и на потценувањето на здравиот разум секогаш само презриво да одмавнуваме со раката и да велиме „ма, пушти ги, кретени низаедни“. Нужно е одвреме – навреме и да им возвратиме: пред јавноста, па и пред нивните заблудени политички верници и следбеници да им ја симнеме маската од дебелокожното претенциозно глупаво лице.

Веројатно веќе заклучивте дека насловот на колумнава го доведувам во логична врска со професорот на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Тони Дескоски. Тој „господин“, како современ ултрасеверџански „мудрец“ со заевска „црпка“ на вратот, со доза на најприземна маалска надуеност и агресивност деновиве изјави дека нашето знаме било „северномакедонско“. Ок, црпките и црпнатите само така и можат да „мислат“, но кога се обидуваат своето „мислење” безобразно да го наметнат како универзална вистина, а посебно да ни го наметнат нам, онака ex cathedra препотентно, е тогаш ќе мораат да се погледнат и во нашево огледало. А таму, замислете, наместо надуен универзитетски професор, се гледа само една обична, мултиклонирана, надуена муртинска црпка/лејка што си разговара со себе самата.

За жал, први на удар на неговото епохално „мислење“ се студентите на кои им предава, па затоа најнапред токму ним ќе им се обратам.

Почитувани студенти, како идни претставници на правната професија во Република Македонија, нека овој трагикомичен

случај на Тони Дескоски што го наведувам ви послужи како најочигледен и најтипичен пример кога еден сосема шашардисан ум, од една страна, и неговото интелектуално слепило и бедно полтронско „северџанско“ лазање по земи, „блескотно“ и „бомбастично“ настапуваат „со здружени сили“. Да те фати уплав! Затоа, драги млади луѓе, бидете многу претпазливи да не ви се случи професорот да ви ги инфицира умот и душата со својот опасен ступидо-синдом, и особено со применувањето на неговите плитки софистички „мисловни“ постапки и методи, и изведување хермафродитски заклучоци од бесмислени, инкомпатибилни премиси, т.е. со докажано неетички методи и принципи, што уште во античко време ги осуди и ги отфли еден од најголемите светски хуманисти, и една од најморалните личности што ни ги подари човечката цивилизација – Сократ. Таа своја благородност и најдлабока етичност Сократ ги плати со сопствениот живот, но, еве сега, две илјади и четиристотини години подоцна, во услови на оваа неподнослива умоболна заевска диктатура, Тони Дескоски се „досетил“ повторно да нуди еден апсолутно сигурен модел како најлесно да „преживеете“ и „да напредувате“ во недржавата „северџанија“ како морални инвалиди, со скршена кичма и со самопогазено национално достоинство. Сепак, јас најискрено верувам во вас, во вашата вдахновена младост, и во тоа дека со ширум отворени очи и во вистинската светлина ќе ја видите таа квази-интелектуална креатура што приземно се движи на своите хиперидеологизирани кратки северџански нозе, а притоа е и комично накитена со професорска титула.

Имено, тој Тони Дескоски, цврсто потпирајќи се врз живите искуствата од своето најблиско шаралатанско, заевско, северџанско окружение, си претпоставил дека нивното заедничко национално „кокошкино слепило“ ја карактеризира и целата македонска нација, па се обиде, на сметка на еден од најважните државни симболи, нашето македонско знаме, да ни протурка

една кутра софистичка досетка и плитка игра на зборови за да нѐ фасцинира и да нѐ восхити. Но она што навистина восхитува и фасцинира, тоа се длабочината на интелектуалниот понор на таа и таква заевска велепредавничка „дај-газ-филозофија“ и моралната тиња на најдолното дно до кое може да падне само човек толку смртоносно затруен од омраза кон сопствениот народ и кон сопствената држава.

Имено, тој северџански „лингвист“ под хипноза, за да го аргументира своето многу значајно „лингвистичко“ „мислење“ дека не постои македонско знаме туку само „северномакедонско знаме“, се провикна од заевски велепредавнички чардаци: „Отвори си Правопис на македонскиот литературен јазик: знамето на Северна Македонија е северномакедонско знаме“.

Oops!!! Па, оваа реченица е најобичен месечарски северџански фалсификат, а фалсификаторот Дескоски е фатен на дело.

Прво и прво, насловот на правописот на кој се повикува и на кој нѐ упатува тој „црпка-лингвист“ Дескоски гласи “Правопис на македонскиот литературен јазик“, а не „Правопис на севеномакедонскиот литературен јазик“.

Второ, последниот објавен „Правопис на македонскиот литературен јазик“ е од 2017 година (второ издание), кога уште абер си немало за ступидното троделно име на новосоздадената заевска вештачка државичка, па никако ни не можело таму да пишува „северномакедонско знаме“.

Тоа значи дека „црпка-лингвистот“ Дескоски е најобичен безобразен фалсификатор и дрзок лажливец, кој притоа, проширувајќи го своето „научно докажување“, испреплетка и исконструира уште цел еден куп будалски надри-социо-етно-лингвистички „толкувања“ само за да нѐ увери дека македонското знаме никако не е македонско знаме, туку е и може да биде само „северномакедонско знаме“. Колку ли е страшно да живееш со таков ментален хаос и со таков политички гнилеж во главата!

„Господине“ Дескоски, дури кога „најугледниот“ ваш заевски, црпнат северџански подлизурко-лингвист Људмил Спасов ќе ви напише „Правопис на северномакедонскиот литературен јазик“, и кога ќе го објавите, тогаш можеби во него ќе стои и поимот „северномакедонско знаме“. А тоа ќе биде на Куково лето!

За да се покаже уште и духовит и супериорен, „црпка-лингвистот“ Дескоски сака и „мајсторски“ да поентира над целиот македонски народ со една ваква софистичка досетка: „Може да се живее во негација, но некои луѓе негираат дека земјата е тркалезна...“

Во ред, но, еве, и неколку примери кои покажуваат дека „црпката“ на спомнатиот „мислител“ Дескоски не ги зела во предвид сите „филозофски“ можности. Заради поголема сликовитост ќе ги парафразирам и „стилот“ и истите негови основни премиси, за да се види колку е ли(з)гав и неограничен софистичкиот терен по кој тој така вдахновено и до занес заевски јазикословно се растанцувал:

Пример бр. 1: „Црпката може да си живее во негација дека е црпка, но некои луѓе негираат дека земјата е тркалезна...“

Или пак:

Пример бр. 2: „Црпката може да си живее во негација дека нема Македонци, но некои луѓе негираат дека земјата е тркалезна...“

Или пак:

Пример бр. 3: „Црпката може да си живее во негација дека не постои македонскиот јазик, но некои луѓе негираат дека земјата е тркалезна...“

Или пак:

Пример бр. 4: „Црпката може да си живее во негација дека не постои македонско знаме, но некои луѓе негираат и дека земјата е тркалезна...“

Гледате, во тоа е проблемот со „црпките“: во нив нема ништо што би можело да биде барем глупаво, а сепак самоуверено претендираат на тоа да се претстават како мудри и духовити „лингвистички црпки“, суперспецијализирани за македонскиот литературен јазик, и особено за нашето убаво македонско знаме, силно, заштитнички развеано над духот и душата на македонскиот народ.

Никогаш Северна – само Македонија!

5 април 2020, Република.мк Online
Висок дострел на северцанската дај-газ филозофија
https://republika.mk/kolumni/i-crpkata-moze-da-zivee-vo-negacija-deka-e-crpka-no/

9 мај 2020

ОТВОРЕНО ПИСМО ОД ВОЛТЕР ДО БЕЛООБРАЗНАТА Б'ЛГАРКА ЕКАТЕРИНА ЗАХАРИЕВА

Многуценета госпоѓо Захариева,

простете ѝ на мојава седа глава што си дозволив да ви се обратам вака непосредно, но тоа е затоа што верувам дека токму вие сте вистинскиот негибнат „балкански бел образ" (мудриот Русјаков слатко би дофрлил: „без образ"), што може да ми даде некаков длабок и сериозен одговор на големоевропските прашањата што ме мачат. Знаете, во моето рационалистичко време постоеше посебна, комплицирана, здодевна етикеција во комуницирањето, но за среќа, се појави вашата супер генерација европски политичари која е еп тен модерна, едноставна и до крајност, речиси ирационално сицилијански фамилијарна. А и зошто да не, кога тоа сега си е ваше царство, се дограбивте до своите пет минутки слава. Еднаш го видов вашиот шеф Бојко Борисов кој среде давањето изјава за медиумите се сврте и почна да вика: „Пленковичу! Пленковичу! Еј, Пленковичу!" – довикувајќи го како во некое кафуле хрватскиот премиер кој си минуваше педесетина метри одзади во длабочината на холот на бриселскиот парламент. Е тоа е таа нова, модерна, непосредна, царска култура на евро-балканските моќници, што постарите луѓе никако не ја разбираат. Но за среќа, јас минувам низ својата трета младост, па ништо човечко не ми е туѓо, дури и кога е така простачко и примитивно. Впрочем, сите вие таму, на својот Еу-Олимп, му припаѓате на истото збрано друштвенце на самоповикани пророци, па зошто и да не си се довикувате така присно како овчарите од рид на рид, а ние одоздола да ве гледаме и да ве слушаме?

Во својот долг век, белообразна госпоѓо Захариева, имав можност да запознам многу луѓе од сите општествени сфери, кралеви, кнезови, грофови, маркизи, но и луѓе од прекрасниот обичен свет. Блиско соработував со луѓе со чудесни знаења и таленти, луѓе умни, инвентивни, бескрајно надарени, творци на значајни остварувања, филозофи, благородни хуманисти што со своите дела го задолжија целото човештво, а пред сè Европа. Ех, би можел долго да ви раскажувам за таа вам несфатлива Европа во која хуманистичкиот дух беше во најсилен подем, така што овозможи, најпосле, од средината на минатиот век натаму, Европа да стане навистина хумана, топла, солидарна, со оптимистичен поглед свртена кон напред, Европа во која државите и народите, и човек со човека со љубов и со почит се однесуваа едните кон другите, Европа во која мудрите зборови и размислувања на големите хуманисти и мислители како Бертранд Расел или Жан-Пол Сартр, да не ги набројувам другите, имаа општочовечка тежина, вистинско значење и големо меѓународно општествено влијание, а не како што е случајот денес, во ова ваше време, студена Европа со Шенгени и жилет-жици, безидејна Европа со труење на обичниот човек со најприземни лудости и глупости, завиткани во целофан со розови панделки, кафкијански бирократски фантазии и ништожни ветувања, и сеопшти меѓусебни уценувања, потценувања и наддавања од современите сосема празни, минливи политички скородојденци и тепајмајковци, начичкани на власта по европските држави и во власта на лажната божиќна елка – Европската Унија.

Е, токму тоа сакав да ве прашам, белообразна госпоѓо Захариева, а вие по можност да ми одговорите што поскоро, дали и вие можеби сте забележале дека живееме во време на такви бедни, безочни, злобни, етноцидни и многу глупави, примитивни политичари и политичарки, кои, како магариња та и магариците, се јавуваат кога никој ништо не ги прашува, само за да реват и

да рикаат, а пак бетер овде кај нас на Балканот дури и како први соседи повеќе од 150 години си реват на својот ист магарешки начин, и на својот немушт магарешки политички јазик, кој само тие меѓусебно си го разбираат, патолошки упорни со тие гротескни анимални рикања да ги уверат и сите други да станат најобични глупави магарињa? Но се знае, како секогаш и секаде во природата, рикањето на магарињата и магариците ги привлекува другите магарињa и магарици, и особено тројанските коњи, да се тераат, да се парат и да прават нови магарињa и маски што ќе ја реват и ќе ја рикаат нивната стара магарешка прекугранична политичка песна, па така и меѓу „човец'те" одовде веднаш се најдоа оние три црни куколи што податливо ги поткренаа своите магарешки тројански шарени опашки.

И еве, сега дојдов до главното.

Белообразна госпоѓо Захариева, деновиве низ вирусната Европа и низ светот се пронесе глас дека некоја, простете ми на зборот, ступидна прекугранична министерка побарала од еден соседен народ едноставно да се прогласи за Б'лгари. Ќе им ја признаеле тригодишната вештачка квислиншка државичка со троделно име и без никаква иднина, ама, рекла таа, да се кажат Б'лгари, и наводно тврдела дека тоа било многу едноставно, па и се чудела: зошто им е тоа толку тешко? Ма, ве молам, замислете, белообразна госпоѓо Захариева, сте слушнале ли за поголема дрскост, подмолност и отворена расипаност од тоа? Ќе ви бидам бескрајно благодарен, ако дознаете нешто за тоа, или ако пак чуете нешто поконкретно околу некој таков идиотски предлог на таа сосема збудалена министерка, веднаш да ми јавите. Ок, можеби е во прашање само најобична невскусна измислица. Знаете каков е народот, секогаш коби, секогаш е претпазлив кога некои безобѕирни, невоспитани туѓински грабежливци дивјачки посегнуваат по неговото име, по неговиот идентитет, по неговиот јазик, по неговото национално културно-историско

минато. Јас верувам дека вие тоа добро го разбирате. Па не сте вие мачкина кашлица! Еве, замислете некој вам да ви каже едноставно да се прогласите за Татарка, иако додуша вие тоа и сте, но сепак, нели, се доживувате себеси како белообразна Б'лгарка. Па како тогаш би ви било вам? Татарка, Татарка, па Татарка! Верувам дека тоа би го доживеале како многу пострашен говор на омраза одошто некој в лице да ви плукне дека сте најобична плитка будала и балканска примитивна политичарка. Затоа, ако е вистина тоа што се зборува низ виртуелна Европа, ако навистина во нечија многу болна, хистерична глава се родила таква кретенска, етно-садистичка идеја, и ако се покаже дека не е во прашање непознавање на непобитните и општопознати историски факти и вистини, туку најобична криминална меѓународна политичка агресија врз еден сосема друг, соседен, мирољубив, пријателски, македонски народ, со сопствено автентично, славно историско минато и оригинално културно наследство, со свој автентичен мајчин македонски јазик, и со во целиот свет препознаен и признаен национален идентитет, тогаш, белообразна госпоѓо Захариева, лично ќе се заземам тоа да ѝ го објаснам на таа загубена татарска душа. А се надевам дека и вие директно ќе се ангажирате еднаш засекогаш да се искорени таа фашистичка идеја, тоа големо зло, како и секое такво екстремно лудило на некакви си ступидни министерки кои безочно посегануваат по најсветото на еден народ, по неговото национално име, по неговиот национален идентитет и јазик, и така, белообразна госпоѓо Захариева, да ѝ го обелите образот на оваа тешко заболена Европа која нема ни трошка чест, ниту морални и цивилизациски сили да се справи со тоа вандалско меѓународно насилство.

Останувам голем почитувач на вашата широкобелозабна насмевка.

Вашиот Волтер

9 мај 2020, Република.мк Online
Отворено писмо од Волтер до белообразната Б'лгарка Екатерина Захариева
https://republika.mk/kolumni/otvoreno-pismo-od-volter-do-beloobraznata-b-lgar-ka-ekaterina-zaharieva/

9 мај 2020

ЧАС ПО МАРКО ЦЕПЕНКОВ – ONLINE

До белообразната Татарка Екатерина Захариева.
Грлото си го содра од пеење, дајте ѝ сега пиење

Кога лажиш кај се пулиш?
Знаит Господ чие масло гори во твоето кандило.
Лажичник и газичник се познаа.
Во јазико мед носи пчелата, а на газо отруачка.
Ако правината не ни поможи, зер кривината ќе ни поможит.
Бог да нѐ чуа од преправени светци.
Водата спие, душмано не спие.
Волко магла барат да дави овци.
Вати го слепецо, извај му очите.
Но белото црно не бидуа.
Не преместуј туѓи меѓи.
Секое пиленце си седи на своето седелце.
Моето е мое, твоето е твое.
Останете збогум и добро видение.

До македонскиот народ
Кој ти ги изваде очите? – Брат ми. – Затоа толку длабоко.

Ако немаше темница, ич не ќе се милуваше виделината.
Дури не се излажиш, не можеш да се научиш.
Убавите круши, свињите ги јадат.
Ако се сториш овца, секој ќе те стрижит.
Ако ти ја клаат алката на носот, како мечка ќе ми те водат.
Бегајте, нозе, оти газ ве испостра.

Бог да те чуа од домашен арамија.
Ќешке да не се родеше Јуда.
Една суроица една кола грнци искршуат.
За една болва ја изгоре целата черга.
Продал коњо, купил самаро.
Шипје и глоѓе не раѓат грозје.
На свиња бисер не нижи.
Свиња милуе тиња.

14 мај 2020, Република.мк Online
Час по Марко Цепенков – Online
https://republika.mk/kolumni/chas-po-marko-cepenkov-online/

5 јуни 2020

ЖБОГАР, ТРГНИ ГО КОЛЕНОТО – НЕ МОЖЕМЕ ДА ДИШЕМЕ!

Леле! – Ако не одредиме брз датум за изборите, „корона-изолацијата" ќе нè фрли во „ЕУ-изолација"

Ако деловната корпорација Европска Унија на својот автомат-менаџер распореден во Република Македонија, Самуел Жбогар, му исплаќа годишни амбасадорски менаџерски бонуси според кажаните глупости, т.е. според успешно извршената работа во уништувањето на Република Македонија и поништувањето на македонскиот народ – тогаш тој е навистина мошне богат човек! Во изминативе неколку бескрајно мачни години од таа едвај жива европска кариеристичка санта мраз на две нозе, што лигаво се цеди низ македонскиот општествен, културен, етнички и духовен простор, и безобзирно го контаминира со безнадежност и очај, а ние будали го трпиме, се наслушавме сè и сешто: големи, надуени, злобни, подмолни, и над сè бескрајно здодевни изјави и закани, и притоа секогаш велемајсторски декорирани со онаа типично негова, парадигматична Жбогаровска Глупост, на која, кога ќе ви се најде на патот пред нозе, никако не сакате да стапнете, од разбирливи причини.

Во онаа голема и топла, отворена Европа, општоцивилизациска Мајка и Учителка, што уште вчера ни беше на дофат, и која тие и такви безочни и празни лажни пророци веќе дваесет години морално, етички и антицивилизациски ја растураат и на секој начин ја расшрафуваат, линеарно супституирајќи ги Смислата, Доброто, Благородното и Убавото со еден ултрабирократски редизајниран фашизам, што

се обидува да се задскрие зад оние познати цинични „пријателски“ „насмевки“, што до тегобност и со одвратност ги гледавме и кај оној Ципрас, и кај оној Косиас, и кај оној Борисов, и кај онаа Захариева, и кај оној злосторник Јоханес Хан, и кај цел еден куп европски, американски и НАТО политичари што абнормално до анималност се изживуваа и се изживуваат над Република Македонија и над македонскиот народ – е, во таа и таква некогашна Европа ни на сон немаше место за такви бедни пробисвети и неранимајковци, кои денешнава, однатре длабоко поделена ЕУ ја претворија во царско легло на хистеричен кариеризам, безочна корупција, нескриен и агресивен криминал по сите основи, и меѓуетнички напнатости без преседан во поновата историја на европскиот простор.

Во тој каубојски евро-политички шпагета-филм одвреме-навреме на македонскиот синемаскоп-екран искокнува Самуел Жбогар, во лик на еден од нашите гробари, како се турка на сцената да излезе во преден план. Кутриот, кога би знаел колку е минлив, безначаен, неталентиран, одбивен и нефотогеничен, можеби тој тоа не би го правел, дури можеби би се засрамил, но тој тоа не го знае, и си живее среќно и самозадоволно со својата кренатa амбасадорска ЕУ-кикиришка, како, впрочем, и сите оние ступидо-артисти од истиот антимакедонски хорор-филм.

Но и преку сето тоа, се чини дека тој Жбогар сосема се изгубил во времето, па мисли дека денес – во јуни 2020 година, кога на паднатиот му пулен Заев му се тресат коските од тоа што судски допрва го чека – сè уште е време на хистеричната, уривачка „шарена револуција“, со нас’скана, збесната и зашеметена толпа со презервативи во рацете, или дека е во 2017 година кога со сите оние меѓународни политички насилници со државниот удар од 27 април 2017 година го инста-

лираа на власт својот беден слуга, глупавиот криминалец и велепредавник Зоран Заев, со сета негова велепредавничка и големоалбанска клика, па оти и натаму на македонските граѓани може да им се обраќа дрско, препотентно, од високо, и уште да употребува императиви. Го слушам Жбогар како вели: „Од партиите очекуваме да одредат датум за изборите!“ Епидемијата, вели нашиот ЕУ-Нострадамус, ќе потраела и во наредните месеци, и наесен, па можеби и во зима... Можеби и со години... Можеби со векови... Нема време за чекање...

Еј, Жбогар, тргни го коленото од нашиот врат. Не можеме веќе да дишеме од тебе и од таквите!

Премногу добро се сеќаваме на сите оние ваши евро-атлантски притисоци и закани, што во тој стил, од минутка во минутка, низ македонскиот и низ целиот европски и светски медиумски простор агресивно ги повторувавте сите вие од истиот црн заговорнички меѓународен ништителски тим: „Мора итно да се формира влада! Нема време за чекање! ЕУ ја чека вашата земја!“ А по државниот удар хистерично се натпреварувавте кој попрв ќе му честита на извршителот на тоа гнасно антидржавно и антинационално политичко злодело, Заев, и на неговата насилничка толпа: „Честитки, демократијата мора да се поттурне кон напред!“ Веднаш потоа продолживте со најгруби притисоци за референдумот: „Или Преспанскиот договор или изолација!“ Насилството го крунисавте со „славната“ евро-атлантска „цивилизациска“ порака до, Заев, и до неговата клика: „Применете балкански методи!“ во менувањето на Уставот на Република Македонија и бришењето на нејзиното историско име и на самата неа како таква.

Побрзајте, побрзајте, „час поскоро“! Нема време за чекање, изолација, балкански методи! А сега, оп: Датум за изборите! – VOLITVE ZDAJ! – крикнува Жбогар.

И што ќе направите, господине Жбогар, доколку епидемијата не дозволи изборите да се случат според вашето валкано сценарио, онака заевски, хистерично, набрзина, во ненормални и здравствено смртно опасни услови, насила, без можност за сериозен и квалитететен меѓународен мониторинг на изборниот процес и на самото гласање?!!! Што тогаш ќе направите? Ќе нѐ ставите ли во ЕУ-изолација?! Или пак „нашата земја и нашиот народ“ нема да ги примите во Европската Унија? Ајде, ве молам. Ќе задоцниме таму кајшто датумот ни е веќе ковертиран во убаво сребрено плико со златни панделки, ха, ха, во таа среќна и благословена заедница на народите, заградена и разградена со остри жилет-жици? Престанете, господине Жбогар, со таа ваша ептен глупава вестерн-комедија, која никому не му е смешна. Само е одвратна. А белки и на ЕУ не ѝ е во интерес амбасадорот да ѝ биде таков.

Како интелектуалец кој длабоко верува во победата на Смислата, Доброто, Благородното и Убавото, искрено се надевам дека нашата цивилизациска Мајка Европа ќе најде сили за голем новохуманстички пресврт, и начин да си го врати своето високо достоинство, справувајќи се радикално со својата внатрешна ЕУ-Длабока држава, и со сиот тој и таков морален и непрофесионален џган кој така манијакално ѝ го валка името низ оваа грозна морална тиња што врз нас се разлева оттаму, од Европската Унија, низ која, еве, сопствените патолошки комплекси си ги изживуваат вакви нејзини претставници, чудаци, кои ја понижуваат и ја срамотат древната и ценета дипломатска професија, спуштајќи ја до најниското морално и професионално дно.

5 јуни 2020, Република.мк Online
Жбоѓар, тргни го колено̄то – не можеме да дишеме
https://republika.mk/kolumni/zbogar-trgni-go-kolenoto-ne-mozeme-da-disheme/

26 јуни 2020

СУВИ ГУРАБИИ КАКО АМБАСАДОРСКИ АФРОДИЗИЈАК

Неоколонијалистичките амбасадори во Македонија се големи гурмани, а особено уживаат секојдневно да јадат суви гурабии. Дури може да се рече дека јадењето суви гурабии е нивната најомилена активност. Некои од нив без прекин си јадат суви гурабии, и апсолутно е сигурно дека во јадењето суви гурабии никој во светот не им е рамен. Интересно е што сите тие воопшто и не знаат што се тоа гурабии, и веројатно затоа така експлицитно и препотентно си јадат суви гурабии пред македонските ТВ-камери и микрофони и пред мирните македонски граѓани, кои, пак, многу добро знаат што во Македонија значи „абе, не јади суви гурабии“, и, додека на своите екрани ги гледаат тие разлапани гурабијадци – си го мислат токму тоа.

Лека-полека, јадењето суви гурабии, како најразработен и најусовршен заевски балкански метод, и на амбасадорите во Македонија им стана прашање на нивниот личен, но и меѓудржавен престиж. Вистински се натпреваруваат кој ќе изеде што повеќе и што поголеми залаци суви гурабии за Македонија, за македонскиот народ, за македонскиот идентитет, за македонскиот јазик, за македонското минато, за македонското Име, и особено за македонската иднина. Сувите гурабии, што така слатко ги лапаат, за нив претставуваат вистински амбасадорски, но и личен афродизијак. Е, гледате, токму за таквите мераклии за јадење суви гурабии, ние итреци, овде, на широкиот и вдахновен Ориент, и ги измисливме гурабиите, па имаме и убава поговорка за тоа: „лапни гурабија, за да ти кажам кој си и што си“.

Амбасадорската фела во Македонија си воспостави свои узуси во јадењето суви гурабии. Главно тоа го прават индивидуално, претставувајќи ги своите важни неоколонијалистички држави, во кои за нивниот страшен гурманлак нема толку добри суви гурабии како што се македонските, но, еве, од пред ден-два сведочиме дека веќе почнаа да организираат и Jet-Set амбасадорски parties на колективно јадење суви гурабии. Таа, за светот апсолутно најважна вест, штотуку ни ја обзнани еу-амбасадорот Самуел Жбогар, кој изјави дека на своето последно неоколонијалистичко амбасадорско party во Скопје, јадејќи ептен многу суви гурабии, еу-амбасадорите рекле оти е добро што партиите во Македонија се договориле околу датумот за изборите. Е, од таа нивна голема и судбоносна мисла се гледа дека, сладејќи се со супер суви гурабии, тие продолжуваат интензивно и безрезервно да им се посветуваат на евро-интегративните процеси на Македонија. Навистина, испијанети од голема доза бистра боза која оди со гурабиите, тие и заборавија што значи што е тоа „евро-интеграција“ на Македонија, но од толку неуморното евро-интегративно шлајфување на нивните јазици во устите полни со суви гурабии сепак запомнија дека постои некаков таков збор кој навистина ништо не значи и не вреди ни пет пари, но секако ти гарантира дека уште со години ќе имаш кај да јадеш амбасадорски суви гурабии.

Треба да се нагласи дека вистински шампион над шампионите во јадење суви гурабии за Македонија беше и за сите времиња остана американскиот амбасадор Џес Бејли. Тој најнапред јадеше многу, многу суви гурабии во Турција, и кога дефинитивно им ги изеде сите суви гурабии, и тоа не само во Истамбул, туку и низ цела Анадолија и насекаде во внатрешноста, Турците едноставно му удрија клоца: нека се витоса и нека јаде суви гурабии на некое друго место. Американската длабока држава, суперспецијализирана за јаде-

ње гурабии, веднаш ни го испрати нам во Македонија, и тој тука до одвратност и при сеопшто гнасење се уби од јадење и лапање суви гурабии. Но кога тој Deep Guraby Gourmand Boy мораше, шуќур, да нè остави, се наметна оној EU-Deep Guraby Fant Самуел Жбогар, и сега тој ти јаде суви гурабии повеќе од сите други заедно. Сега во неоколонијалистичкиот амбасадорски круг едноставно веќе никој не му е рамен. Тој јаде суви гурабии и за појадок, и за ужина, и за ручек, и за вечера, понекогаш и во текот на непроспиените дипломатски евро-интегративни ноќи. Мачена гураби-душичка!

Но добра и утешителна вест е тоа што ние, во оваа наша заевска распашој „држава", имаме навистина така добро организирана власт што катадневно неуморно произведува енормни количества суви гурабии. Ќе има што да јаде и тој Жбогар и сиот неоколонијалистички амбасадорски дипломатски кор, но и сите наши домашни, и други странски јадачи на суви гурабии.

Ете, неќни суворакиот Никола Димитров, сиот запењавен од алчно јадење суви гурабии свечено изјави дека „била потребна голема храброст да се потпише Преспанскиот договор". А бре, сува црна гурабијо, за тоа беше потребно само твоето мизерно велепредавство, и патолошка омраза на сè што е македонско.

А погледнете го и лудион криминалец од Муртино, Заев, предизборно оди наоколу и јаде ли јаде суви гурабии за тоа дека додека го имаме македонскиот јазик ќе постоел и македонскиот народ; како некој нешто да го прашува тој бедник и таа морална нула, кој како најдолна уличарска „радодајка" трчаше на сите страни и на безочни туѓински освојувачи им раздаваше сè што не е негово, туку наше, народно, македонско, вековно – и Историјата, и Јазикот и Името.

Погледнете ги, пак, оние гебелсовски „дебелиот и слабиот“, Османи и Груби, како не престануваат да јадат суви гурабии за сè и сешто, само и натаму да создаваат смут, застрашување, напнатост и меѓуетничка омраза. Си спомнувате за она нивно одвратно јадење суви гурабии кога започна епидемијата дека ДУИ ќе испрател 11.000 волонтери до последното село и до последното катче во Македонија за големоалбански да им помагаат на заболените и на загрозените. О, црни расипани суви гурабии!

Скокнете преку границата на југ: ете ти го насмевнатиот Мицотакис кој секој божји ден јаде, и јаде, и јаде суви гурабии дека Преспанскиот договор не може да се менува, ниту да се поништи, и оти тоа е за сите времиња и до крајот на светот и векот свршена работа. А зошто, бре, Нострадамус Мицотакис, зарем историјата почнала и завршила со идиотите Заев, Ципрас, Косиас и Димитров, и зарем на нејзиниот натамошен тек ставиле точка тие грчки грабежливи трчилажговци, и бедните домашни велепредавници и криминалци? Не, кир Мицотакис, Преспанскиот договор е најобична засмрдена црна сува гурабија со која и натаму алчно и безумно се храните. Само вие голтајте, голтајте, додека Преспанскиот договор не ви заврши онаму кај што му е местото – на дното од историската канта за ѓубре, а потоа копајте таму.

А еве нè и на исток: оттаму пак ни доаѓаат сосема сериозни потврди дека наци-фашистичките идиоти неверојатно уживаат секојдневно, и секаде кај што ќе стасаат, да лапаат енормни количества суви гурабии. Таму дури се одвива и еден жесток натпревар кој меѓу нив ќе изеде што повеќе црни суви гурабии: кретенот Красимир Каракачанов или идиотот Ангел Џамбаски, татарскиот премиер Бојко Борисов или онаа татарска министерска Захариева, името ѝ го заборавив, како што, впрочем, во историјата ќе бидат заборавени и сите тие

суртуци и неранимајковци заедно. Погледнете ги, ќе препукнат од премногу ждерење црни суви гурабии, но што да им правиме кога не знаат кога е време да запрат и кога навистина е доста.

26 јуни 2020, Република.мк Online
Суви ѓурабии како амбасадорски афродизијак
https://republika.mk/kolumni/suvi-gurabii-kako-ambasadorski-afrodizijak/

18 јули 2020

НЕПОДНОСЛИВО МАЧНА КОЛУМНА

Си била еднаш една држава Македонија

За разлика од новинските колумни, графитите се граѓански, народни колумни, и имаат моќ да испратат силна порака, без каков и да е голем трошок, освен за еден евтин спреј. И притоа најчесто осамнуваат таму каде што сите можат многу лесно да ги видат, во оној универзален слободен медиум што се вика „јавна површина".

Така се случи веќе наредното утро по штотуку завршените парламентарни избори, по таа, како што велат демагозите, „свеченост на македонската демократија", уште пред сосема да се раздени, на едно одлично одбрано место на зградата на владата да се појави јасно испишан крупен графит со следнава содржина: „ГЛУПАВ НАРОД – СИЛНА ДРЖАВА".

Се разбира, тоа е наша стара македонска поговорка, наш вербален графит од времето на соцреализмот, кога не смеевме да пишуваме графити по зградите и по јавните површини, па се восхитувавме од оние западните, американските, а во неа беа синтетизирани и истовремено искажани најразлични незадоволства на малиот македонски човек кон неподносливите бесмислици и апсурди во општеството, па и незадоволство од себе самиот. Но откога конечно добивме „вистинска демократија", и тоа по евро-американски слободарски урнек и под нивен диктат, таа поговорка не мораше веќе да се шепоти само меѓу доверливи пријатели; едноставно можеше сосема гласно да се изговара, или да се испишува како секој вообичаен графит таму кајшто ќе ти текне.

Но сепак, за чудо, иако во изминативе триесетина години, додека уживавме во безмерна слобода и хармонична демокра-

тија, се изначитавме секакви други графити, слоганот „ГЛУПАВ НАРОД – СИЛНА ДРЖАВА“ ниту еднаш не се појави никаде низ државава. Веројатно затоа што ова „ГЛУПАВ НАРОД“ звучеше крајно неприфатливо и навредливо за еден докажано политички и национално апсолутно освестен, умен народ кој знаеал да си ја создаде и таква до денес да си ја зачува, својата суверена, независна, модерна, мултикултурна, конзистентна, либерална демократска држава, каква што е нашава, и тоа со најблагородни, најмудри и нај-најчесни политички првенци, а пак она „СИЛНА ДРЖАВА“ веќе самото по себе сугестивно ја афирмираше таа голема вистина, зашто и државата си беше апсолутно и непобитно токму таква, и никако поинаква.

Но ете, во тој постизборен „силно светнат ден“, во раните „бели мугри“, на една голема површина на зградата на владата се појави тој графит, таа граѓанска, народна колумна: „ГЛУПАВ НАРОД – СИЛНА ДРЖАВА“, и тоа во една ваква, недвосмислено спокојна и среќна земја каква што е Македонија. Навистина, беше премногу рано, некаде околу 5.00 часот наутро, и техничкиот премиер-полицаец, кој сè уште среќно си хркаше во својата постела, едноставно не можеше тоа да го забележи и итно енергично да интервенира кај надлежните дежурни молери натписот веднаш да го премачкаат, не толку заради содржината, колку за да не се оштетува јавниот имот.

И токму тогаш, пред владата, пред тоа длабоко инкриминирано политичко место, се случи следново:

Двајца постари мажи, по лика си секако браќа, одејќи во својата вообичаена раноутринска прошетка пред зградата на владата, каде што и инаку секојдневно се шетаат за да фатат малку од чистиот македонски слободарски воздух, а притоа и сè уште возбудени заради невиденото полноќно лудило во крадењето и фалсификувањето на изборните резултати,

застанаа како вкопани, збунети, вчудовидени пред графитот, со право прашувајќи се, дали можеби тоа го напишала самата влада, за што, се разбира, судејќи според претходниот изборен ден, и особено според претходните три ипол години нејзино фантазмагорично владеење без да ги полази мува, постоеја и низа најлогични аргументи. Па дури ако графитот „ГЛУПАВ НАРОД – СИЛНА ДРЖАВА“ и не го напишала самата влада своерачно, – си рекоа нашиве раноутрински пријатели, – владата апсолутно сигурно го дели тоа мислење, а некој гоголевски смртник од обичниот македонски свет ѝ ги прочитал мислите, и ѝ ги обзнанил на целата македонска јавност. Ете, барем нешто од нив да биде транспарентно!

Добро, си реков, кој сум јас тука да судам за нивните необични раноутрински размислувања, ама ова некако ми се виде многу точно и уверливо.

Едниот од браќата-соговорници, живи сведоци на овој радикален графитен политички предизвик, продолжи вака:

„Абе, толку безочно да крадеш, пред развластениот и осиромашен народ со лопати да грабаш и да си распределуваш милионски тендери за себе и за своите најблиски, да рекетираш милиони евра како црна сицилијанска или колумбиска мафија, да апсиш невини патриоти и да пушташ на слобода мрачни криминалци и убијци, државата безобзирно да ја растураш како со булдожери и пневматски чекани, за пет минутки на до сржта расипани туѓински ограбувачи и освојувачи да им ги распродадеш националното име, историскиот, културниот и етнички идентитет, и мајчиниот македонски јазик, во прав и пепел да ја претвориш својата севкупна историја од најстарите времиња до денес и како сувенирчиња-приврзоци да ги разделуваш наоколу најголемите синови на македонскиот народ, тотално да ја поништиш својата вистинска историска држава и да ја замениш со некаков патолошки квислиншки су-

рогат, секој ден одново и одново внатреполитички да тргуваш со незаситните големоалбански разурнувачи и мрзители на твојот народ, и однатре да ја раскопачуваш и да ја парчосуваш државата, насилно да ја правиш некаква неприродна целосно двојазична држава, а народот да го изложуваш на невидени меѓународни и внатрешни големоалбански понижувања и дивјачки психолошки газења на неговото елементарно достоинство, со бедно, аморално, продадено судство, со оние срамни лигуши Јовески и Русковска, како најмизерен гангстер да бегаш од своите криминални и политички злосторства, да ги крадеш и да ги фалсификуваш сите по ред избори, и притоа цело време граѓаните бесрамно да ги уверуваш дека сè е во најдобар ред, дека во државата, која веќе сосема ја растури, сè блеска и светка од успеси и од извршени правни реформи, и оти далечната и никогаш недоловлива ЕУ-иднина им е на дофат, само да ги поддадат врвовите од прстите, а народот и натаму слепо да ти верува – е, па тогаш владата навистина има целосно право да истакне уште поголем транспарент од овој овде „ГЛУПАВ НАРОД – СИЛНА ДРЖАВА“.

Тука вториот брат-соговорник нагло го сопре другиот.

„Чекај малку, брат, па знаеш дека не мислат баш сите така. Гледаш дека дури и на овие апсолутно лажирани и украдени избори односот во македонскиот блок испадна речиси фифти-фифти едни наспроти другите? Навистина, тоа е недоволно добро, вистина е и тоа дека сè си остана исто како што беше, дури и уште многу полошо, зашто безобѕирната големоалбанска уценувачка политичка трговија веќе доби нова, неограничена сила и зема нов надреален замав, во власта пак ќе ги гледаме и оние неподносливи, валкани велепредавнички и морални гнасови Димитров, Заев и Шекеринска, што во секоја друга цивилизирана држава веќе одамна би лежеле во темни црни зандани, но, еве, политичарите од вистинскиот

македонски, македонистички блок, јавно си ги признаваат своите пропусти. Велат дека знаат каде и во што грешеле за што граѓаните сега заслужено ги казнуваат, но оти во наредниот мандатен период ќе се трудат сето тоа да го исправат во интерес на народот и на државата.“

„Е, гледаш, брат“, рече првиот, „токму за тоа сакав да ти зборувам. Размислувам вака, и те молам да не ми замериш: триесет години македонскиот народ и сите граѓани на Република Македонија им даваа доверба и мандати на политичарите, а тие преземаа одговорност за управување со државата и со нивните национални и егзистенцијални судбини. Триесет години секогаш одново слушаме дека политичарите на изборите ќе бидат казнети за своето лошо работење и за своите штетни политики, зашто, велат, народот не простува. Триесет години народот на изборите ги „казнува“ политичарите, и им „простува“ и повторно ги избира, и сите ужасни неуспеси по ред ги става само на нивна одговорност, што не значи баш ништо, освен празен збор. Но, еве, конечно, после сè, се прашувам каде е тука одговорноста на народот, на електоратот, кога дозволува сè така бесконечно да се повторува и да се повторува. Да не се лажеме, државата сосема ни е уништена, докрајчена, и на сите им е многу добро познато дека овие предвремени избори беа последната вистинска шанса за македонскиот народ и за Република Македонија да се спаси од конечните кобни дотолчувања. Овојпат народот мораше енергично и сосема директно врз себе да ја преземе одговорноста за нејзино и за свое спасување. Овојпат сиот македонски народ, до последниот човек, требаше војнички сложно, како што и сега направија Албанците, да излезе на изборите и да покаже дека постои, дека е тука, дека има сила да ја возобнови својата етничка, национална и државотворна кохезија. Но македонскиот на-

род, брат, и овојпат реши господски, елегантно, од фотеља, одговорноста да им ја префрли на политичарите, тие да решат сè во нивно име, како што знаат и умеат. Но поради неподносливата, ступидна, илузионистичка, безидејна, празноидеолошка внатремакедонска поделба, и дури жестока уличарска омраза, сиот квантитативен македонски политички потенцијал сосема се истопи, стана безначаен, минорен, невлијателен, подложен на нови бедни големоалбански и сите други домашни и меѓународни манипулации и мангуплаци. По овие судбоносни избори на кои дома остана речиси педесет насто од електоратот, молкум чекајќи го исходот пред своите телевизори, и ги препушти своите политичари да се прпелкаат како што знаат и умеат, и потоа да ги објаснуваат ужасно поразителните резултати – според мене, овојпат македонскиот народ ја носи целосната одговорност за својата неминовна пропаст и за конечната пропаст на државата. Ова сега, брат, никако не беше момент за „казнување на политичарите“. Со ступидната и несфатлива апстиненција на овие судбоносни, пресвртнички избори, македонскиот народ, за жал, доживотно се казни самиот себеси, и во некои можни идни преданија ќе раскажува: Си била еднаш една држава Република Македонија и еден народ македонски“.

Уф, сево ова многу мачно и тешко ми падна, но во овие страшно песимистични зборови, за жал, видов многу непобитна вистина. И самиот имам напишано стотици колумни, и многу пати бев страшно лут поради неверојатната инертност на својот народ кој очекува некој друг, како да речеме политичарите на кои бјанко им ја делегирал својата целосна одговорност, да му ги реши најсудбинските национални прашања, но, признавам, никогаш, никогаш немав срце нештата да ги формулирам така остро, така строго, но така болно прецизно како овие двајца раноутрински чесни соговорници,

очигледно браќа, и, за среќа, на истата емотивна, политичка и национална страна, за разлика од многуте наши будалетинки браќа и сестри, и целиот македонски народ, очајно скарани, поделени во два спротивни и смртно непомирливи табори, со оној најмал заеднички именител содржан во циничниот графит „ГЛУПАВ НАРОД – СИЛНА ДРЖАВА“.

Нашите ретко умни двајца сложни браќа полека, нерасположено и сосема разочарано си заминаа удолу по Илинденска.

Во меѓувреме некој веќе очигледно го алармирал премиерот-полицаец, зашто од некое шарено-револуционерно комбе ангажирано истрчаа тројца молери со големи канти боја, четки и презервативи, и со брзи, крупни потези два-три пати едно по друго го испласкаа само првиот дел од графитот, а за домашна и за меѓународна употреба остана надалеку и нашироко да свети и да блеска само она: „СИЛНА ДРЖАВА“!

18 јули 2020, Република.мк Online
Неподносливо мачна колумна
https://republika.mk/kolumni/si-bila-ednash-edna-drzava-makedonija/

27 јули 2020

НОВА ЕТНО-ФАШИСТИЧКА „АЛБАНСКА ПЛАТФОРМА“ НА ДУИ

Албански платформи – колку што сакаш! Зборот „платформа“ веќе стана излитен, црнокомичен синоним за албанскиот политички хабитус. Искрено, да сум Албанец, јас би се срамел од толкава безидејност.

По „успешната“ Тиранска платформа, следуваше, се сеќавате, исмеаната и карикатурална, несупешна „албанска платформа“ на Косово кон Србија, а еве сега, и една нова, мрачна, чисто етно-фашистичка, тнр. „Албанска платформа“, со која во јавноста излезе лидерот на ДУИ, Бујар Османи. Иако во подлогата на сите тие фамозни „платформи“ – а ќе ги има уште којзнае колку до крајот на овој свет! – се содржи само суровата и апсурдна идеја за Голема Албанија и ништо друго, за разлика од првите две „платформи“, насочени против суверенитетот, правата и слободите на други народи, македонскиот, српскиот, итн., оваа „Албанска платформа“ на ДУИ е директно насрчена кон газење и потчинување на политичките слободи на сопствениот, албански народ, и сликовито покажува каков тежок, непросирен, патолошки, авторитарен мрак владее во умовите на тројцата најистурени лидери на таа партија, Ахмети, Османи и Груби. Од каде и да тргнеш во нејзина анализа, секогаш доаѓаш до истото: фашизмот има само едно, исто, препознатливо, црно диктаторско лице.

Примитивните и глупави луѓе, како овие тројца политички натрапници, кога сакаат да понижат и да прегазат некого, го прават тоа со невидена леснотија и дрскост, уверени дека оној другиот, според нив „глупавиот“, тоа нема да го сфати. Но јас

верувам дека освестените граѓани од албанската народност и лидерите на другите политички партии од албанскиот блок во Македонија овојпат тоа јасно ќе го распознаат и ќе го доживеат како безобѕирно, антидемократско, и, всушност, антиалбанско политичко насилство, безочна уцена, и дрска агресија врз политичките права, загарантирани во секое модерно повеќепартиско општество – слободата на политичко организирање, мислење и изразување.

Еве ги петте етно-фашистички точки на „Албанската платформа“ на ДУИ:

1. На изборите не се тркаме за повеќе од две листи.

2. Партијата која ќе добие глас повеќе зборува во име на Албанците во други општини.

3. Партиите и пратениците кои имаат глас помалку даваат поддршка на првата партија, која за стратешките линии ќе зборува во името на сите пратеници Албанци, а за дневно политички прашања ќе биде главен коректор.

4. Пратениците на партиите кои не победиле не водат разговори на страна за да не ги ослабнат преговарачките позиции на победничката партија.

5. Можност за соработка во разни форми во интерес на граѓаните меѓу албанските политички партии.

А еве што, всушност, овие „итри“ лидери на ДУИ со „платформата“ им порачуваат на „глупавите“ лидери на другите албански партии во Македонија:

1. Албанскиот политички блок треба да се сведе на само две политички партии: едната „појака“, читај ДУИ, и некоја друга, „послаба“ (...?).

2. Исклучиво „појаката партија“, читај ДУИ, ќе зборува во име на сите Албанци во Македонија.

3. „Послабата партија“ (...?) прифаќа да биде поданички подложна на „појаката партија“, читај ДУИ, и мора да се

согласи со сè што таа ќе одлучи и што ќе направи, а нема право на свое мислење без дозвола на „коректорот“ – „појаката партија“, читај ДУИ.

4. Пратениците на „послабата партија“ (...?) никако не смеаат да разговараат со никој друг, за да не ги ослабнат позициите на „појаката партија“, читај ДУИ.

5. И на крајот едно излигавено лижавче: можност за соработка во разни форми помеѓу (само две!) албански политички партии, „појаката“, читај ДУИ, и другата „послаба“ (...?).

Значи, според првата, втората, третата и четвртата точка на оваа етно-фаштистичка платформа на ДУИ (петтата точка е само „под разно“), повеќепартискиот систем никако не е добар и не важи за албанскиот политички блок во Македонија, и треба да се сведе на биполарен однос „појака партија“, читај ДУИ / „послаба партија“ (...?), т.е., со окрупнување, со своевидна „политичка комасација“ сите останати политички субјекти од тој дел на политичкиот спектар или да се стопат со „појаката партија“, читај ДУИ, или со „послабата партија“ (...?), или пак доброволно да си се самоизгаснат. Се знае и кој е следниот чекор: „појаката риба“ ќе ја лапне „послабата риба“, така што на албанскиот спектар ќе остане само една партија, „појаката“, читај ДУИ. Многу интересно е што генијалните креатори на оваа „ултракохезиска“ „Албанска платформа“ ни на сон не предвидуваат евентуално појавување и на можни независни кандидати како „најмали рипчиња“ во политичкиот живот, што, според нив, очигледно, подразбира едно апсолутно, тоталитарно, севернокореанско албанско едноумие во Македонија, без изразити индивидуални политички ликови и појави, со име и презиме, освен, се разбира, светото тројство на ДУИ: Ахмети, Османи и Груби.

Сосема идентичен е едноумниот фашистички концепт на Заев и СДСМ. Практично од првиот ден кога насилно беа

инсталирани на власт безочно сурово агресираат врз другите политички партии во македонскиот политички блок, со фантазмагоричната идеја најнапред да се парализира, да се пацифицира, да се дезавуира, да се поништи и сосема да се уништи најголемата македонска политичка партија ВМРО-ДПМНЕ, а по него и сите останатите „послаби“ партии, и македонскиот политички живот од биполарноста „леви – десни“ да се префрли на еден сосема друг вид манипулативна биполарност, на етно-биполарност, и тоа на само две политички партии, СДСМ и ДУИ, секоја со своја етно и крим интересна зона, што, се разбира, е апсолутно на трагата на бескрупулозната заевска квислиншка етно-политичка, административна и пред сè криминална деконструкција на Македонија.

Фашистоидите секогаш си се сметаат за најумни и најитри, сеедно дали доаѓаат од Муртино или од Мала Речица. Но ова нема да им помине.

За граѓаните на Македонија, од која и да се националност, па така и за Македонците и Албанците, едноствено најдобар, најсигурен и најцивилизиран пат е оној што ги поништува сите ступидни биполарности, омрази, наддавања и бедни криминални уцени, а се вика – соживот. Тоа е толку лесно кога на заедничка маса ќе седнат да разговараат добронамерни, умни и благородни луѓе, а толку тешко кога тоа го прават фашистоидни лудаци и социопати, и секогаш на неизмерна штета на сопствениот народ.

27 јули 2020, Република.мк Online
Нова етно-фашистичка „Албанска платформа“ на ДУИ
https://republika.mk/kolumni/etno-fashistichka-albanska-platforma-na-dui/

21 август 2020

MS. BYRNES, GO HOME!

Отворено писмо до американската амбасадорка,
по повод нејзината резил-честитка до Зоран Заев.[1]

Госпоѓо Брнз, за целиот цивилизиран свет не е никаква тајна дека вие Јенките, со својата општопозната „гази сè политика“, од нашето скопско, НАШЕТО(!) МАКЕДОНСКО(!) КАЛЕ ја држите Република Македонија под својата воено-политичка чизма, а несреќната американска агенда што веќе со години се спроведува над овој несреќен народ сакаше, по незајазливиот дипломатски насилник Џес Бејли токму вие сега да бидете гувернерка на оваа бедна квислиншка заевска државичка со понижувачко привремено троделно име, од кое секој нормален човек во Европа и во светот, секој нормален Македонец и секој нормален граѓанин на Македонија длабоко се грози и се гнаси, а вие, пак, уживате да ја наречувате „модерна држава“. За вас, госпоѓо Брнз, но и за сите нас кои сме сосема свесни за тоа што вие, неканети гости, правите во нашиот сопствен, дедовски, татковски и мајчин дом, таа ваша одамна излитена политикантска фразичка „модерна држава“ значи сосема исто што и „нова држава“, зашто, невербално велите вие, „Република Македонија ви ја згазивме, ви ја згаснавме, готово, ја нема веќе, ве нема ни вас како Македонци, навикнете се дека за нас вие сте само едно големо Ништо со кое ќе правиме сè што сакаме и како сакаме, и ќе ве наречуваме како што ќе ни се ќефне“.

Госпоѓо Брнз, јас лично, по арачењето на насилникот Бејли низ Македонија, ниту од вас немав никакви големи очекува-

[1] Погледни ја белешката на крајот од текстов (А.К.).

ња, и посебно не некакви убави работи, па досега ни не го свртував своето внимание кон вас и кон вашата општопозната американска рутина, усовршувана и специјализирана во длабоката држава, но еве, најпосле искокнавте од вообичаената слика кога му упативте честитка на Зоран Заев по повод доделувањето на мандатот за формирање влада. Со тоа, госпоѓо Брнз, всушност си честитавте самата себе си за успешното продолжување на она што бесрамно насилно го правеше вашиот претходник Бејли, со истата поданичка багра.

Ок, разбирливо е дека секој освојувачки гувернер кој управува со некаква привремена квислиншка државичка сака под себеси да има такви велепредавнички лигуши како Стево Пендаровски, и такви бедни, уценети криминалци како Зоран Заев, со сета негова криминална и диктаторска клика, но сепак верував дека и тука постои некоја минимална „гувернерска чест", барем трошка „гувернерско достоинство", дека постои некоја црвена линија под која властодржецот никогаш не оди во однос на своите мизерни и лигави поданици. Па такво „гувернерско достоинство", госпоѓо Брнз, имаше дури и кутриот Санчо Панса кога Дон Кихот го постави за гувернер на една имагинарна држава каква што е денес нашава, а не пак вие, донесена дури од Америка во оваа македонска Небиднина.

По оваа ваша сосема промашена амбасадорска постапка, госпоѓо Брнз, за вас е најдобро итно да си се вратите во Америка и веднаш да се запишете на некој забрзан курс, или вечерна школа по дипломатска етика. За да ве примат таму, применете проверени „заевски балкански методи", поткупете некого, зашто овде во Македонија сосема се изрезиливте, и ние сигурно нема да ви дадеме добра препорака. Но вашиот денешен голем демократски фаворит Зоран Заев може да ви даде извонредни инструкции за тоа, зашто за поткуп нема поголем виртуоз во светот од него, јал сакаш за сув кеш (168.000 евра), јал сакаш за крадење избори (милиони).

ОТВОРЕНО ПИСМО ДО АМЕРИКАНСКАТА АМБАСАДОРКА, ПО ПОВОД НЕЈЗИНАТА РЕЗИЛ-ЧЕСТИТКА ДО ЗОРАН ЗАЕВ.

Ms. Byrnes, Go Home!

Адо Климан КОЛУМНИ 13.08.2020 / 22:17

Госпоѓо Брнз, за целиот цивилизиран свет не е никаква тајна дека вие Јенките, со својата општопозната „гази сè политика", од нашето скопско, НАШЕТО МАКЕДОНСКО Кале ја држите Република Македонија под својата воено-политичка чизма, а несреќната американска агенда што веќе со години се спроведува над овој несреќен народ сакаше, по незајазливиот дипломатски насилник Џес Бејли токму вие сега да бидете гувернерка на оваа бедна квислиншка заевска државичка со понижувачко привремено троделно име, од кое секој нормален човек во Европа и во светот, секој нормален Македонец и секој нормален граѓанин на Македонија длабоко се грози и се гнаси, а вие, пак, уживате да ја наречувате „модерна држава". За вас, госпоѓо Брнз, но и за сите нас кои сме сосема свесни што вие, неканети гости, правите во нашиот сопствен дедовски, татковски и мајчин дом, таа ваша одамна излитена политикантска фразичка „модерна држава" значи сосема исто што и „нова држава", зашто, невербално велите вие, „Република Македонија ви ја згазивме, ви ја згаснавме, готово, ја нема веќе, ве нема ни вас како Македонци, навикнете се дека за нас вие сте само едно големо Ништо со кое ќе правиме што сакаме и како сакаме, и ќе ве наречуваме како што ќе ни се ќефне. Па не сте вие како оние храбри Виетнамци да ѝ дадете цврст, енергичен и невиден отпор на нашата безочна окупација. Вие сте само едно голо, најобично Ништо, и трпете".

Госпоѓо Брнз, лично, по арачењето на насилникот Бејли низ Македонија, ниту од вас немав никакви големи очекувања, и посебно не некакви убави работи, па досега ни не заслуживте да го свртам своето внимание кон вас и кон вашата општопозната американска рутина, усовршувана и

https://republika.mk/kolumni/ms-byrnes-go-home/ 1/7

Се прашувам, меѓутоа, за што всушност вие, госпоѓо Брнз, му честитавте на Заев?! Ве тераше ли некој да ја сторите таа глупост? За каков мандат зборувате?! За тоа ли што спротивно на сите демократски стандарди и политичка логика, спротивно на Уставот, бедниот клиентелист и инсталиран претседател Пендаровски му доделил мандатат на Заев, без потребните 61 пратеник, дури во наредните денови човекот лефтерно „да си прави мнозинство"? За таа и таква ваша непрофесионална постапка, госпоѓо Брнз, во Соединетите Американски Држави веднаш, без дискусија би ве суспендирале, би ве отповикале од

функцијата што ја вршите, и би покренале судска постапка. Вие тоа многу добро го знаете, но тоа е така во вашата демократска Америка, а овде, во оваа квислиншка заевска државичка вие сте гувернерка, опкружена со заевските велепредавнички и криминални слуги, и тука сè поминува, сè се голта.

Госпоѓо Брнз, вашата честитка во најмала рака е чудна?! Пред сè, затоа што од медиумите не видовме ниту една друга таква дипломатска реакција, освен вашата. Но, уште поупадливо е тоа што е интонирана така како формирањето на мнозинството на мандаторот Заев дека е веќе свршена работа, а вие, како што велите, ќе го поддржите во создавањето влада што ќе биде „посветена на демократските принципи, владеењето на правото и на нејзината европска иднина". Па како може еден повеќепати аболициран сериозен криминалец како Зоран Заев, човекот кој од првиот ден од своето инсталирање по државниот удар изведен во Собранието на Република Македонија на 27 април 2017 година, сè што направи направи со брутално насилство над демократијата и над демократските принципи, човекот кој во изминативе три години простачко владеење изговори повеќе најгруби лаги и изврши повеќе најподмолни измами од сите политичари во светот заедно, човекот што го зароби македонското општество, македонското правосудство, човекот што до гуша директно или индиректно е заплеткан во сите најголеми финансиски афери, што правно ги покриваат неговите судски поданици, човекот што највулгарно се изрази за својот народ и што, како што рече, ги „има в раце невладините организации" – како може тој, госпоѓо Брнз, да ја води државата врз „демократски принципи, владеење на правото и кон европска иднина"? Тој, госпоѓо Брнз, може само да продолжи безочно да граби, зашто никогаш не му е доста грабеж, бесрамно да лаже, зашто никогаш не му е доста да измамува, и до целосен институционален и финансиски банкрот да ја упропастува

државата, да ги гуши слободните медиуми и слободното јавно мислење, да апси и да апси свои неистомисленици, креирајќи типични сталино-фашистички монтирани судски политички процеси против сосема невини, добри луѓе, чесни граѓани на Република Македонија.

Оваа ваша резил-честитка, госпоѓо Брнз, упатена до квислингот и уличарски примитивец Заев ви беше голема и сосема непотребна дипломатска грешка, пред сè на штета на достоинството на Соединетите Американски Држави, а што се однесува до нас, македонскиот народ, ние, додека вака трпиме, ќе си ја сркаме таа горчлива, отровна заевска чорба.

Алдо Климан*

21 август 2020, Дудинка.орг.мк
Ms. Byrnes, go Home!
https://www.dudinka.org/ms-byrnes-go-home/?fbclid=IwAR0IqP_1QYlfz4iL5b3XylotFFL4aAYNfXdaKpDX4TipyoscseM-ixVr8qM

* Текстов за првпат е објавен на 13 август 2020 година под насловот „Ms. BYRNES, GO HOME!“ во рубриката Колумни на порталот „Република.мк“, чиј пожелен и редовен соработник бев неколку години, но веднаш, само неколку минути по објавувањето, редакцијата грубо го отстрани од своите страници. Во цврста намера сепак да го објавам, му се обратив на господин Миленко Неделковски и го замолив, по можност, да го објави во неговата реномирана и читана „Дудинка“. Тој безрезервно ми излезе во пресрет, а потоа уште некое време успешно ја продолживме соработката, за што сум му искрено благодарен, и особено за готовноста, во тој мошне деликатен момент, во име и во интерес на слободата на јавното мислење, промптно и на најсоодветен начин да ме поддржи.

На ова место ја приложувам нашата кратка преписка по тој повод.

Почитуван господине Неделковски,
слободен сум да ве замолам во „Дудинка“ да го објавите текстот „Ms. Byrnes, Go Home!“, што ви го испраќам во прилог. Како редовен колумнист на „Република“ од 2017 година, го напишав и, како вообичаено во изминативе речиси четири години, во нивната рубрика Колумни го поместив текстот веднаш по објавувањето на веста за честитката што американската амба-

садорка Брнз му ја упати на Зоран Заев по повод доделувањето мандат за составување влада. Колумната се појави во „Република“ на 13 август во 22.17 часот (https://republika.mk/kolumni/ms-byrnes-go-home/), а само десетина минутки подоцна беше блокирана и избришана (Error 404! We couldn't nd the page you are looking for.). Дека тој чин на груба автоцензура го сторила самата редакцијата на „Република“ е повеќе одошто очигледно, зашто истиот момент ми беше поништен и пасвордот и блокиран пристапот до уредничките страници за кои, како што ѝ е познато на македонската јавност, подготвив и објавив над 200 колумни и разни други прилози. Само ден-два по тој настан од насловната страница на порталот „Република“ беше тргната и мојата е-книга „Хроника на најавената смрт на името“, каде што беше поставена за слободно преземање веднаш по нејзиното објавување во почетокот на 2019 година сè до нејзиното нагло одстранување.

Мојата соработка со „Република“ беше плод на случајни околности. Првите свои колумни во врска со драматичните настани околу безочното внатрешно и меѓународно уништување на Република Македонија ги напишав за тогашниот печатен весник „Дневник“, но по неговото гаснење, редакцијата на „Република“ сама ме пронајде и ми го испрати пристапниот пасворд, и така почнав да објавувам кај нив. Тој наш однос беше речиси бесконтактен и, се разбира, сосема волонтерски, но коректен и без какви и да е пречки од нивна страна. Искрено сум им благодарен што ми овозможија да се чуе и мојот глас на слободен македонски интелетуалец, исцело посветен на борбата за Република Македонија и за македонскиот народ, но, за жал, во случајот на моето отворено писмо до амбасадорката Брнз покажаа дека и нив ги тресе трагикомичниот подложнички страв од Големиот Брат (во случајов Сестра), и оти слободата на мислењето и слободата на медиумите во Македонија и за нив е само млако чајче и најобична прикаска за мали деца, зашто Слободата нема граници ако е Слобода, а нивната медиумска и политичка слобода очигледно се протега само до оградата на американската амбасада на Калето.

Со почит,
Алдо Климан
Пула, 18 авгӯстӣ 2020

Господине Алдо,
Дудинка стана последното уточиште на слободната реч. Уточиште каде многумина откако ќе бидат избришани од „сериозните“ медиуми, бараат алтернатива.

Таа позиција за Дудинка да биде крајна алтернатива (да не биде прв избир) колку навредува толку и ме прави горд. Горд, бидејќи донесува признание дека мојот портал е последното острово на слободата.

Секако, ќе ми биде задоволство веднаш, утрово, да ја објавам Вашата колумна. Стојам на располагање, доколку сметате дека е добра идеа, и следните колумни да ви ги објавувам.

Бидејќи и пропратниов текст е исклучително атрактивен, дали имам слобода и него да го објавам?

Со почит,
Миленко Неделковски
МН
за Дудинка

Скопје, 19.08.2020
(Како доказ приложен од Алдо Климан, два скриншата од ја-има-па-ја-нема колумната).

Почитуван господине Миленко,
искрено сум ви благодарен на пресретливоста и отвореноста. Ќе ми биде голема чест да сораборувам на вашите станици, кои не се само македонски остров на слободата, туку и нејзин вистински бастион. Апсолутно сум согласен да го објавите и попратниот текст.

Срдечен поздрав,
Алдо

Почитуван Миленко,
се извинувам што не бев во состојба денес утринава веднаш да ви одговорам на пораката. Уште еднаш големо благодарам за пресретливоста и брзата реакција, но, искрено, следејќи ја веќе подолго вашата работа, на тоа некако и се надевав. Во секој случај, среќен сум што ја започнавме оваа соработка, и уверен сум во нејзин успешен и плоден тек. Во условите на вашата голема лична и професионална отвореност и интелектуална храброст, човек чувствува позитивна компетитивност, и потреба да даде сè од себе, зашто мотивацијата да се биде кај вас во друштвото на најслободоумните луѓе во Македонија е навистина голема, поттикнувачка, и секако обрзува.

Најсрдечен поздрав од Пула,
Алдо

22 септември 2020

БУГАРСКИОТ НАЦИ-ФАШИЗАМ СРЕДЕ ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Бугарската „висока“, приземна, т.е. подземна политика, денес водена од разни неранимајковци и посерковци, Борисови, Каракачанови, Захариеви и уште куп такви безобѕирни фашистоидни примитивци од типот на Џамбаски, Ковачев и други, тешко е заболена од неизлечливиот последен стадиум на антимакедонски шовинистички сифилис, што е всушност фаза на целосно и конечно морално распаѓање. Гниењето и реата на патолошките сифилистични големобугарски идеи траеше, и трае, повеќе од 150 мачни години, а еве сега, во 21 век, конечно пукна гнојниот чир со тие „големоидеи“, и гледаме како пред наши очи, во срцето на Европа, сосема се распаѓаат во најбедна, длабоко антицивилизациска и длабоко антимакедонска немерлива омраза и садистичко политичко лудило. Најновата бугарска злосторничка иницијатива кон Македонија и кон македонскиот народ, содржана во перфидните, уценувачки, наци-фашистички барања против интересите на Република Македонија, официјално упатени како Меморандум до институциите на ЕУ, означува слом и крај на бугарската, ионака мизерна надворешна политика, невешто прикривана зад маската на божемната европска префинетост и широчина. Но европската карневалска маска конечно падна, а остана само бугарската политичка мизерија.

За суровоста и безидејноста на бугарската меѓународна политика, потврдена и со бедно шурување со најпознатиот македонски криминалец и национален велепредавник Зоран Заев, веќе пишував, па овде само би ја оцртал во неколку

зборови: тоа е исклучиво вековен криминален и безобѕирен воен и политички грабеж на македонските територии, на македонската политичка и културна историја, на македонското име, на македонскиот јазик, на македонското културно наследство, со еден збор континуирано насилничко нарцисоидно себенаметнување, грабеж и поништување на сѐ што е апсолутно наше, автохтоно македонско. Бугарија нема никаква друга респектабилна надворешна политика, освен неуморно и здодевно прецвакување и превртување на македонското прашање и посегање по нашите највисоки национални вредности и стојности.

Наоѓајќи се на дното на сите најстроги вреднувања и оценки на бугарскиот статус во Унијата, и по однос на цутењето на стопанскиот и организираниот криминал и корупцијата, и во поглед на нефункционирањето на правната држава, непочитувањето на човечките и малцинските права, како и по однос на бедните економски показатели, подеднакво е така бедна и бугарската надворешна политика. Тоа е едно самрачно, ретардирано место во европскиот политички спектар, без какви и да е изгледи наскоро во неа да продре барем малку цивилизациска, хуманистичка светлина, независно од сегашниот сеопшт национален бунт против Борисов и против неговата разнишана корумпирана влада. Таа и таква бугарска надворешна политика е патолошки и опсесивно врзана само и исклучиво за Македонија. До коска заразена од најцрн антимакедонизам, за неа, освен Македонија, сите други нешта се само ситна боранија. И баш токму затоа бугарската надворешна политика во очите на меѓународната јавност и претставува само најобична ситна боранија, а може да функционира единствено благодарение на таквите лигави велепредавнички лазачи и туѓински слуги како Заев, Димитров и Шекеринска, и нивните слепи и заблудени северџански

верници, здружени со големоалбанските „европејци“ кои пак, терајќи си ја совршено прецизно и непоколебливо својата големоалбанска дезинтеграциска агенда, замислете, ќе ни граделе автопат братство-единство Скопје – Софија под името „Гоце Делчев“.

Но иако сето тоа со Бугарите веќе одамна ни е предобро познато, и не само нам, туку и на целиот свет, па што и да си мислат тие самите, – особено за нивното недвосмислено фашистичко минато што, кога тоа би било возможно, тие веднаш, за надворешна употреба, алхемичарски би си го претвориле во антифашистичко, – во овој контекст сакам нагласката да ја ставам на онаа нивна, од генерација до генерација илјадници пати повторувана, и од колено на колено пренесувана лага, што сосема ја проткајува и ја пронижува сета нивна гангстерска антимакедонска шизо-зофија, а која еве и сега, во овие најактуелни притисоци и уценувања пак ја турка во преден план бугарскиот трчи-лажи Бојко Борисов, а тоа е дека Бугарија и Бугарите се вечни спасители на Македонија и на македонскиот народ. Во неодамнешните медиумски пораки до својот балкански мафијашки колега, квислингот Зоран Заев, Борисов вели: „Ајде да го решиме Гоце Делчев, па да продолжиме со приемот во ЕУ“. Значи, повторно Бугарите ни се спасители: тие се тие што ќе нè примат во ЕУ; без нив никогаш не можевме, па не можеме ни сега. Доволно е само велепредавникот Заев да го даде Гоце Делчев, а ние да прифатиме дека сме Бугари, и оти македонскиот јазик е бугарски – и Бугарите ќе нè спасат, и веднаш ќе нè примат во ЕУ. Од тоа „веднаш“ со значење „на куково лето“ веќе ми се мачи! Кога ова што сега ќе го спомнам не би било сфатено како говор на омраза, јас на тој бугарски неранимајко Борисов би му рекол само: „Ѓубре едно непрокопсано!“ – но сега е многу модерно во хипердемократскиот режим на Зоран Заев

да се апсат до болка понижените и повредени чесни граѓани на Република Македонија, особено македонските патриоти што божем ги „навредиле“ нежните и хиперчувствителни мафијашки домашни и странски гнасови и лигуши, па затоа јас тоа, не дај Боже, никако нема да го изговорам. Само ќе си мислам така, за да не може да ме чуе оној полициски ќутук Берија Спасовски.

Но, македонски народе, морам да признам, неизмерно се чудам што по сите најцрни свинштини и понижувања што ни се случија во разнебитувањето на Македонија во името на таканаречените евро-атлантски интеграции, сè уште успеваат да ми те лажат и сè уште веруваш во таа празна измамничка ЕУ-бајка. Но веруваш ли навистина? Има ли таа невиност и наивност граници? Кога веќе еднаш ќе прогледаш со ширум отворени очи, кога ќе ги отераш сите „во мајчина“, и ќе тргнеш во конкретна, радикална и жестока самоодбрана? Кога повторно од јагне ќе станеш лав, зашто имавме такви прекрасни, храбри, горди македонски синови и водачи кои надалеку ни го пронесоа македонското име? До кога понизно ќе одиш по тој сув ЕУ-морков со кој пред нос ти мавтаат сите тие домашни и странски политички патолошки измамници, разни Заеви и Борисови, и куп други будали? Разбери, мил мој македонски народе: нема никогаш и ништо од ЕУ, а дури такво нешто и да ни се случи, ниту дотогаш, ниту оттогаш натаму, од ЕУ нема да ни дојде ништо ни бесплатно, ниту добро, и особено не од некоја си голема братска љубов. ЕУ е заедница на сурови меѓусебни интереси на големи неолиберални и неоколонијалистички играчи, кои се ту заедно ту едни против другите, а во сето тоа ние сме само нивни овчички за стрижење и поткусурување.

Од друга страна, што е воопшто денес Европската Унија, која така фраерски од ракав ја вади и со неа се расфрлува

„спасителот ни“ Борисов? Во моментов тоа е само еден опасно расклатен воз кој, по бегалската криза од 2015 година и во екот на актуелната пандемија на ковид-19, патува и патува според некоја своја бедна, безидејна, бесмислена и нелогична инерција. Ниту некој таму знае каде возот оди ниту каде ќе стаса, ниту пак има некаква јасна цел, освен голо преживување на Унијата низ своите скапи бирократски институции, а пак воопшто нема намера и не ѝ паѓа на ум патем да запира и на некои си „провинциски“ станици како што се Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија, а за Косово и да не зборуваме – за да ги собира тамошните безнадежни балкански патници. ЕУ-возот има задолжени и добро платени машиновозачи и кондуктери кои од организациски и морално одбегнатата „композиција“ (т.е. декомпозиција) само со наместени ЕУ-насмевки им мавтаат на тие што стојат таму надвор, долу, најдолу, и одвреме-навреме, за медиумски и политичко-пропагандни потреби, по нешто ведро и ветувачко (во смисла: „ЕУ нестрпливо ве чека“) им твитнуваат од раздуваните прозорци на шарените вагони, онака како што тоа се прави од возови што бргу минуваат низ периферииите и заминуваат којзнае каде, додека оние покрај пругата и на „провинциските станици“, т.е. ние, заблеани со зинати усти и очи полни надеж мечтаеме еднаш и ние некако да го дофатиме тој надреален ЕУ-воз, па и самите да стасаме некаде далеку, далеку, во ЕУ-јабана, кајшто всушност никој не нѐ пожелува ниту нѐ сака, ниту пак таму ќе најдеме нешто подобро и потопло од својата родна „провинциска станица“, од својата убава татковина.

И, најпосле, каква е воопшто таа Европска Унија денес, каков е тоа цивилизациски сурогат, кога така лежерно, ладно, без да трепне, дозволува една нејзина членка да испраќа до нејзините највисоките тела чист наци-фашистички Мемо-

рандум, едвај тенко завиткан во целофански бирократски флоскули, Меморандум смртно насрчен против една друга суверена држава – Македонија, и против нејзиниот суверен народ – македонскиот? Европската Унија морално е ужасно заболена, па дури и сериозно исплашена, и не знае што да прави со самата себеси, и таа денес не е и во никој случај не смее да ни биде никакво сериозно мерило за нашата судбина и за нашата иднина, и особено не затоа што до гуша, и на најгруб и насилнички начин, беше инволвирана во валканото и безобѕирно меѓународно поништување на изворната, низ тешки историски премрежија и национални жртви создавана држава Република Македонија, и во бришењето на македонскиот народ од мапата на светските суверени народи.

Ако така ја сфатиме, а само така треба да ја сфатиме реалната безначајност и беспредметност на надуваниот ЕУ--балон за Република Македонија и за нејзините граѓани, тогаш и сами ќе можете лесно да заклучите што воопшто може еден Бојко Борисов... кога онака длабоко „мислителски“ ќе се повлече на она приватно место... да направи со своите „спасителски“ закани, како и со својот приватен гробнососедски Договор со квислингот Заев. „Ѓубриња белосветски!“

Уф, господине Берија Спасовски, знаете, ова со „ѓубриња-ава белосветски“ е само во моите мисли, не го изговорив, да не испадне после дека е некаков говор на омраза.

22 септември 2020, Дудинка.орг.мк
Буѓарскиот наци-фашизам среде Европската Унија
(http://www.dudinka.org/%d0%b0%d0%bb%d0%b4%d0%be-%d0%ba%d0%bb%d0%b8%d0%bc%d0%b0%d0%bd/)

1 ноември 2020

НА ЗАЕВ ВТОРА НОБЕЛОВА *НАГРДА* ЗА ЕТНОЦИД

„Непочитувањето е темел на слободата“ (Марк Твен)
„Непочитувањето на велепредавниците и на диктаторите е темел на слободата на Македонија“ (Алдо Климан)

Од изворите блиски до славниот нобеловец дон Заев дознаваме дека овој неверојатен меѓународен лигуш и серотворен политичар од највисок светски ранг не му била доволна само една Нобелова *награда* за безочен етноцид над сопствениот народ што, по потпишувањето на грко-фашистичкиот Преспански договор, со злосторнички фанфари хистерично ја трубеа глутниците меѓународни окупаторски гнасови, заедно со неговите домашни квислиншки и големоалбански мрзители и ништители на Република Македонија, на нашето македонско име и на сè што е македонско. Но што е една Нобелова *награда*, изјавил Заев, ако не се барем две-три?!

Затоа, еве, тој подмолно, итро, тивко, тихо како грозоморен длабински политички прдеж, стиснат во брчките на сфинктерот, но чија смртоносна реа надалеку се чувствува, со своите мизерни велепредавнички, фалсификаторски слуги во тнр. историска комисија, тоа арамиско гнездо на апсолутни и семожни „господари“ на македонската историја, свечено се подготвува за уште еден голем антицивилизациски успех, за уште една Нобелова *награда*, овојпат за гранфиналето на здодевната и безидејна, до бесмисла излитена санстефанска оперетка, во изведба на бугарското гробнососедско фашистичко трио – Борисов, Каракачанов и Захариева, во придружба на ступидните бугарски европарламентарни кастрати, Ко-

вачев и Џамбаски, и секако со блескотен настап на самиот дон Заев во главната велепредавничка улога.

Од протоколот на „нобеловецот“ дознаваме и како ќе се одвива свеченоста на потпишувањето на анексот/Анусот на Гробно-соседскиот заевско-татарски договор:

Веднаш се истакнува дека до коска расипаниот модератор и инспициент на тој најнов бал на вампирите, Бујар Османи, на сцената ќе се појави само кратко, пред крајот од последниот чин на разврската, со едно големо-албанско пенкало во рацете, а во таа завршна слика, со исто такво големо-бугарско пенкало, нежно држејќи го во својата десна рака, ќе се појави и белообразната Татарка Захариева, заедно, космополитски, и онака како што им прилега на најблиски албанско-татарски соседи, да го потпишат Анусот на тапијата со која свечено се означува погребот на Македонците, на македонската културна и политичка историја, на нашиот македонски јазик и на нашата македонска држава. Е, во тој момент, во таа трагична разврска на апсурдната столетна мелопеја, сиот опиен од невидена космополитска среќа и бесмертнаја слава на еден вистински балкански неетнички гуру, потскокнувајќи уголгол, на сцената ќе истрча дон Заев, инаку општопознат голем љубител на фалусоидни предмети и столтенберговски пенкала, темпераментно ќе ги зграпчи за раце Османи и Захариева, и ќе почне страсно да ги бакнува ту големо-бугарското ту големо-албанското пенкало и, танцувајќи над сѐ уште топлиот македонски гроб, со присутните ќе си прави хистерични патолошки селфиња, за триумфално да им ги дели на своите големи евро-атлански пријатели, лицем светци срцем в’лци.

Завесата потоа се спушта. И крај! Нема повеќе. Само во темното фоаје на театарот на мртвата држава главните актери на овој злостор ќе одржат краток, последен, емфатичен, илузионистички, сосема излишен посмртен говор за медиумите.

Македонската публика, пак, евро-атлантски совршено хлороформирана и потоната во длабок анационален сон, воопшто нема ни да сети дека, во таа зашеметеност и омаеност во театралниот етноциден евро-атлантски амбиент, врз неа е извршена стравотна ултимативна културно-политичка и етничка лоботомија. Навистина, набргу ќе почувствуваат дека по таа костимирана циркуска претстава на овие безобѕирни балкански психопати веќе ништо и никогаш нема да биде исто, но евро-хлороформот уште некое време силно ќе им дејствува. Најпосле, сосема ќе се разбудат, ќе се расонат... во некоја друга стварност.

Од друга страна, од опозициониte политички кругови се најавува дека за време на таа многу скорешна евро-театрална изведба на потпишување на гореспомнатиот големоалбанско-големотатарски Анус, здружената парламентарна опозиција и неколкуте нивни упорни поддржувачи за инает ќе организираат радикални, масовни предупредувачки протести со точеци, тротинети, скејтови и ролшуи против зголемувањето на цените на јавните тоалети, против климатските промени, против сушите, дождовите и топењето на мразот на Арктикот, против тоа што параграфот 4 во некој закон е напишан со ситни а не со крупни букви, и што ти сѐ не, решени со еден таков енергичен, упорен и аргументиран атак врз власта, од царскиот трон да го урнат „нобеловецот“, дон Зоран Заев. „Е, ево ти га на!“ Заев ќе си ја лапне и втората Нобелова *наѓрда*, па нека пукнат душманите!

А опозицијата потоа ќе си ужива во спокојното утешно полноќно гледање на своите виртуелни фото-галерии од масовните тукуречи протести, снимени од дрон... Но, како што би рекла некоја добра средношколска наставничка по македонски јазик, проблемот е во тоа што темата им е сосема промашена, а за тоа се добива само една голема, стабилна единица.

1 ноември 2020, Дудинка.орг.мк
На Заев втора Нобелова „награда“ за етноцид
www.dudinka.org/втора-нобелова-нагрда-за-етноцид-на/

2 ноември 2020, Денешен.мк Online
На Заев втора Нобелова „награда“ за етноцид
https://denesen.mk/kolumna-na-aldo-kliman-vtora-nobelova-nagrada-za-etnocid-na-zaev/

5 ноември 2020

СИЛИТЕ НА ОСКАТА ПАК ЗАЕДНО

Некогашните сили на Оската, тогашната фашистичка Германија и тогашната фашистичка Бугарија, која впрочем во XIX век вештачки е и создадена врз чиста германофилска подлога и со недвосмислени германски геостратешки цели на Балканот, (потсетувам, првиот нововековен кнез на Бугарија Александар I Батенберг, всушност, бил германски офицер Александар фон Батенберг; по него, пак, како кнез и крал е избран Фердинанд Максимилиан Карл Леополд фон Захсен-Кобург унд Гота, од германската династија Захсен-Кобург-Гота; патем, иста е ситуацијата и со првиот нововековен грчки крал Отон I, кој бил син на баварскиот крал Лудвиг II од династијата Вителзбах) – тие две земји, значи, Германија и Бугарија, во духот на ова најбедно лицемерно време во кое живееме и во кое секое најневеројатно лудило и сè што е спротивно на разумот се прогласуваат за демократија, тие денес, со нешто поинаков политички предзнак но со сосема исти хегемонистички цели и методи, повторно се во истата реактивирана Оска, сплотени во црниот антицивилизациски потфат на етноцид, т.е. на „конечно решение“ на македонското прашање. Ова „конечно решение“ има сосема исто, нагласувам, апсолутно исто значење како и „конечното решение на еврејското прашање“, што, како што е општопознато од морбидната историја на холокаустот, и Германија и Бугарија консеквентно го спроведуваа во дело. Нивна цел е сега, конечно, еднаш засекогаш, но овојпат со пософистицирани методи и криминални технологии на масовен злостор над цел еден народ, да се докрајчи, да се истре-

би стариот и цивилизациски посведочен македонски етнос, со сите негови национални посебности и вредности: неговите национални корени, неговата национална историја, култура и јазик.

Но, да не претеруваме! Тие нови, божем „софистицирани методи“ воопшто не се ниту суптилни ниту нежни, па ни прикриени. Оние што вршат таков невиден злостор немаат „филинг“ за префинети „чувства“ и постапки, и не се во состојба својата безочност да ја видат со очите на жртвата.

Неверојатно ступиден пример во таа смисла е надреалната понуда на претседателот на Сојузна Република Германија, Франк-Валтер Штајнмајер, неговата држава да помогне во работата на македонската тнр. „историска“ или тнр. „експертска комисија“. Ок, таа понуда навистина сосема оправдано е упатена до еден ноторен глупак од исто така надреално голем калибар, Стево Пендаровски, но, колку човек мора да биде забеган, па од позиција на еден германски претседател да ѝ нуди помош на некоја си таму „експертска комисија за македонската историја“. Можете ли да го сфатите тоа лудило?! Веќе самото спомнување на тоа измислено, аморално, гнило, квази-научно „тело“ од страна на претседател на една европска држава, и воопшто земањето во предвид за каков и да е компетентен разговор и сериозна научна, историска, па дури и политичка одлука, втемелена врз ставовите на таа мизерна збирштина од креатури, таа политичка машичка за вртење ќебапи на велепредавничката скара, и најобична алатка за безочна манипулација и идиотско фалсификување на историјата, и македонската, и бугарската, и европската, и светската, и тоа само заради заевската лигава ултраквислиншка сервилност и лазење пред окупаторите и ништителите на македонскиот народ, претставува најбрутален израз и одраз на сета беда и приземност на актуелната европска политика,

која верува дека „таму долу, на Балканот“ сè може лесно да се замачка и да се анестетизира со европскиот вербален вазелин. Да, тој лизгав евро-атлантски „лек“ е супер за употреба на соодветно место кај велепредавничката и големоалбанска екипа: Заев, Пендаровски, Димитров, Шекеринска, Османи, и суријата нивни глупсони, и немам ништо против тоа „европејците“ со вазелини и мазелини до бесвест да си ги мачкаат тие осведочени будалишта, пред нивна „употреба“. Но за нас таа мазелинска европска политика е одамна прочитана книга, како петпаречко Х-100 романче со банална интрига, и, еве, по којзнае кој пат тоа јасно ќе им го кажеме в лице, но ќе им го повториме тоа, како последно предупредување, и на сите граѓани на Република Македонија, и особено на Македонците, додека сè уште, во нашата родна земја, во нашата татковина, црните злосторнички окупатори сосема не ни го забранат и со брусилки не ни го избрусат тоа убаво, старо, славно, достоинствено македонско име.

Сите оние во Македонија, па и обичниот човек, што сè уште се тресат пред „авторитетот“ на полумртвата Европска Унија, таа непрокопсана меѓународна заедница без каква и да е продлабочена хуманистичка иднина, само нека помислат дека е доволно нејзините лидери, дрдорливите а всушност немушти европски политичари, на чело со „треперливата“ старица Ангела Меркел, на која, замислете, големотатарчето Бојко Борисов ѝ бил многу благодарен затоа што, како што рече, помагала во изнаоѓањето „формула“, – значи, доволно е Ангела и нејзините европски партнери, на оној свој префинет, вазелински, евро-атлантски дипломатски јазик, на Бугарија да ѝ ја кажат оваа едноставна но волшебна „формула“: „Веднаш престани да јадеш гурабии, и остави ги на мир македонскиот народ и Република Македонија“ – е, гледате, тогаш сите нешта за час совршено би се средиле и би си дошле на своето место.

Но гнилата Европа, и особено Германија, немаат таква цел. Зашто, јасно се гледа дека врз апсолутно (ниту однадвор ниту однатре) небранетата и незаштитена Република Македонија, и врз небранетиот и од политиката и од сопствената интелигенција сосема изневерен и оставен на цедило македонски народ, здружените европски Сили на Оската, што денес ги подразбира и нивните безобзирни предаторски балкански сателити Бугарија и Грција, како и простачката и примитивна, племенска внатремакедонска големоалбанска багра, засилено, забрзано и сосема успешно ја приведуваат кон крај својата стара, столетна, злосторничка, хегемонистичка авантура, за која, еве, е потребен само оној последен чекор: по уште неколку блеферски „диломатски“ врткања ваму-таму, деновиве кон крај да се приведе ступидната и плиткоумна фарса на европското, читај: германско „посредување“ помеѓу бугарските фашистоиди и македонските велепредавници, при што, за крај, нема да ја заборавиме и онаа горе спомната, ах, неизмерно потребна „помош“ од страна на германскиот претседател Франк-Валтер Штајнмајер, понудена на фамозната заевска тнр. „експертската комисија“ за таа што поитно и што полесно да ги разреши тешките македонски историски и идентитетски прашања и „дилеми“, па да може онаа, кон Македонија одамна навратена црна евро-атлантска вода сосема да се смири над нашите потонати македонски души.

5 ноември 2020, Дудинка.орг
Силите на оската пак заедно
www.dudinka.org/силите-на-оската-пак-заедно/

18 ноември 2020

ИДИОТИТЕ НИКОГАШ НЕ СЕ ОТКАЖУВААТ

Почитувани граѓани на Македонија, не опуштајте се, нема здивнување. Ништо не е готово, ништо не е решено, Македонија не е спасена. Од Зоран Заев не може да нѐ куртули ни Господ. Идиотите никогаш не се откажуваат. Се лаже секој што помислил дека со оваа, за секој разумен човек сосема очекувана, а всушност најобична рутинска блокада на Бугарија во ЕУ, е ставен крај на нашите маки. Не, не, ни бугарските политички идиоти не се откажуваат. На недоодливиот пат кон Никаде ќе се нагледаме уште многу такви уценувачки, (н)евро-интеграциски штосови, и од нив, и од Грција, а, верувајте, ќе дочекаме тоа да ни се случи дури и со Албанија, но и со некои други земји, се разбира, од поинакви причини. Пред Македонија има уште многу челични, цврсто затворени и непробојни, па, без цена на целосна саможртва, и непреодни порти, како оваа на Бугарија, и затоа е во сериозна заблуда секој што се понадевал дека Заев сега ќе престане и натаму безочно да ги понижува Македонија и македонскиот народ. На тешките, неизлечливи психо-социопати од форматот на Заев ваквите екстремни предизвици само им даваат нова, невидена сила, енергија, агресивност и најмонструозни идеи во спроведувањето на своите мрачни, патолошки цели. Токму сега, на оваа најтешка, решавачка делница на патот на уништувањето на Македонија и на сѐ што е македонско ќе го видиме неговото најужасно демонско лице на глупав диктатор, велепредавник и лигав слуга на туѓинските, окупаторски и ништителски интереси во нашата татковина, бидејќи тој, едноставно, мора да „успее“ во својот лудачки наум, и во тоа

ќе оди до крај. Ни следат навистина тешки денови, недели и месеци, можеби и години, бидејќи за одржување на нацијата во таква долга мортална хибернација Заев, освен тони и тони слаткозборливи лаги и празни „оптимистични“ ветувања, како моќна институционална алатка на располагање го има и својот бескрупулозен, извежбан и разработен злосторнички, квислиншки и големоалбански тим, подготвен, како и досега, се разбира, од најразлични егоистични или политички интереси, цврсто да стои зад него и до крај да го следи на тој мрачен, деструктивен, безизлезен пат. А тука е и смртно молчаливата македонска интелигенција, алал да ѝ е! За неа молчењето е злато, а за криминалецот Заев – одобрување.

Оние, пак, во македонската политичка опозиција, што се понадеваа дека „сега му е мајката“ за оставки и паѓање на владата, треба да се свестат дека тоа никако нема да се случи. Таквите нешта не се случуваат во опскруни, самозаљубени диктаторски режими како овој на Заев, и особено не во оние што се поддржани од меѓународната заедница, од кои и да е нивни причини. Впрочем, од владата веќе препотентно ја отфрлија секаква примисла за нивна оставка. Им се може, бидејќи, всушност, и нема кој да ги урне.

Од друга страна, „неочекуваниот инцидент“ со блокадата на Македонија, на ЕУ баш ѝ добредојде како потребно и пожелно интермецо, како мал одмор од хистеричните задишани заевски, димитровски, османовски и општополитички македонски натрчувања, притисоци и романтични ЕУ-воздишки. Навистина, таа хистерија ЕУ самата си ја свари со преиздашните, „несебични“ празни ветувања и величања на Заев и на неговата мизерна багра, со циркускиот шарен и бучен каруселна „доделување“ Нобелови и какви ми ти сè не награди и признанија за мир, космополитизам и човекови права. Всушност, сето она што воопшто досега се случи

во насока на божемното „доближување“ до моментот на „започнување“ на процесот на преговорите, па и оној случај со изнудената fake-одлука за таква согласност, е резултат, или подобро, последица, од една страна, на неисцрпните и неуморни европски лаги и замајувања на македонската политика и на македонската јавност дека тоа секако наскоро, безмалу веќе утре, ќе се случи, иако за такво нешто немало и нема ниту збор, а сè во интерес на постапното, долгорочно манипулирање и цврсто овладување, и политичко и економско покорување на Македонија, како еден од највиталните геостратешки простори на Балканот, и од друга страна, на нашата домашна масовна хистеризација и хипевентилација и губење здив од страв дека ќе умреме од беда и глад, и оти ќе нè снема ако веднаш не влеземе во ЕУ и во НАТО. Не велам, притоа, дека меѓу европските земји нема и такви што искрено ни сакаат добро, и што веруваат во процесот на проширување и во позитивните ефекти од тие процеси, но треба да биде јасно дека во моментов Европа за тоа е сосема неспособна, едноставно ја нема потребната, па ни нужната внатрешна кохезија, ниту пак доволно позитивна енергија и волја тоа да го оствари, и тоа не само на соодветен цивилизиран начин, како што тоа би било нормално – туку никако.

Во невидената општа агонија поради ковид епидемијата, која кризата од незапомнети димензии од разнишаното здравство, што насекаде пука по шавовите, застрашувачки ја прелеа и врз економијата, со што се борат сите земји во ЕУ, и тоа главно секоја за себе и секоја на свој начин, – зашто од предвидените и договорени 1800 милијарди евра за наредниот седмогодишен буџет и за економска помош поради ковид кризата, досега никому не му е дозначено ниту едно евро (а во меѓувреме, Полска, Унгарија и Словенија на сето тоа дури ставија и вето), – прашањето на проширувањето на ЕУ им е

препуштено на европските комесари, портпаролите и другите добро платени ситни бирократски риби. Рамнодушниот, дури како мраз студен дипломатски став на Ангела Меркел, упатен неодамна од Софија, дека, кога станува збор за односот меѓу Бугарија и Македонија, двете држави треба да се договорат, буквално значи само едно: Македонија мора да ги прифати екстремните барањата на Бугарија, или за неа проширување нема да има. А сите многу добро се сеќаваме со колкава „страст", насрченост и агресивен политички ангажман Ангела Меркел дојде во Македонија да му даде поддршка на велепредавникот Заев и да го уверува македонскиот народ да се самопоништи на референдумот за името. Такви беа, си спомнувате, и сите до еден од нејзините европски колеги, кои со иста морбидна цел тогаш ходочастеа во Македонија, или ни испраќаа најразлични заканувачки видео-пораки за изолација и други антицивилизациски глупости. А каде е сега таа голема „европска" страст и неизмерна „европска" грижа за Македонија на Ангела Меркел и на ЕУ? Се истопи, омлитаве, ишчезна, како што, еве, се истопи, омлитаве и ишчезна дури и перверзната „надеж" на Заев, Димитров, Османи и нивната багра дека вратата на ЕУ ќе ни се отвори без нови, неограничени количества и новоизмислени форми на мизерни лазења, понижувања и велепредавства.

Што се однесува до Ангела Меркел, тнр. „најважна политичарка на денешнината" , засега таа/тие (Европската Унија) смирено, ладнокрвно, топчето го вратија во балканскиот двор, а тука се знае како се игра – бесконечно, со уцени и изнудување до исцрпување, доколку баш не е можна не-која нова брза освојувачка војна „со која сè ќе се реши" според старите, проверени урнеци на крв, смрт, палеж, грабеж и раселување. Се разбира, во еден евентуален таков случај Европа, како вообичаено, веднаш ќе „дотрча" да се најде тука „цивилизацис-

ки“ и „хуманистички“ да нè мири и одново да ни ги исцртува границите. Што се однесува, пак, до невиденото, незапирливо и неизлечливо заевско и големоалбанско лудило, според мене, никакво сценарио не е исклучено, па ни тоа најцрно, колку тоа и да се чини неверојатно. Во август 1914 година, пред Сараевскиот атентат, никој ни не помислувал дека ќе има светска војна, а таа сепак тик-так се случи, и тоа на најстрашен можен начин. Македонското и балканското политичко свлечиште, со Заев кој не престанува да поткопува и да урива сè што е цврсто вкоренето и стабилно, од една страна, и од друга страна, оваа и ваква однатре организациски разнишана, раскашавена, всушност виртуална и морално сосема каллива ЕУ, претставуваат апсолутно погодна почва за такви катаклизматични разврски. Зашто, видовме, Бугарија е решена со своите фашистички барања да оди до крај, до истребување, а според најновата, евтино компромисерска изјава на Заев за Гоце Делчев, која треба да најави попуштање на македонските позиции и повторно враќање во играта на оној негов познат, заевски, велепредавнички начин, и тој ја покажува истата готовност да оди до таков идентичен (бугарски, фашистички) крај, т.е. до целосно поништување на македонскиот народ, на македонскиот идентитет и на македонскиот јазик. Немерливо длабоката (политичка) пукнатина и раскол што во македонскиот народ ја предизвикаа велепредавничките политики на Заев, сега, со можното прифаќање на бугарските уцени за безусловно самопоништување, можат да доведат само до уште потешки, непремостливи тензии внатре во и така поделениот, оправдано лут и веќе разгорен македонски народ, со неизмерни трагични последици, немири, па и голем граѓански судир, што, се разбира, е еуфемизам за она што не сакам ни да го помислам, а не да го изговорам. Зашто, во изминативе за Македонија и за македонскиот народ ужасни

четири години, со серијата последователни длабоки понижувања и велепредавства на Заев, Димитров, Шекеринска и нивните големоалбански компањони, навистина се допрени сите крајни и непремостливи граници на трпението на секој оној што се чувствува како Македонец, но и на секој македонски граѓанин што Македонија си ја доживува како своја единствена, сакана татковина. И би било разумно во тоа безобзирно разнебитување да не се оди ниту педа понатаму. Но лудите се луди затоа што не се разумни, а ние, еве, лудите и „сумашедшите“ во македонската политика не ги сместивме во лудница, или таму кај што им е местото, туку ги пуштивме слободно да лудуваат, да арачат, да нè срамотат и манијакално да се изживуваат врз нас од узурпираните царски владетелските фотељи во владата, во парламентот и од Водно.

18 ноември 2020, Дудинка.орг
Идиотите никогаш не се откажуваат
www.dudinka.org/идиотите-никогаш-не-се-откажуваат/

27 ноември 2020

ОТВОРЕНО ПИСМО
ДО УРСУЛА ФОН ДЕР ЛАЈЕН & EU-Company

Почитувана госпоѓо Фон дер Лајен, јасно и недвосмислено ви порачуваме дека никого во Република Македонија веќе не можете да го импресионирате со големи, патетични зборови, пофалби, панегирици и награди за вашата квислиншка ЕУ-мивка, Зоран Заев. Во Брисел можете да му подигнете и дваесетметарски споменик од злато, но за македонскиот народ тој е морален мртовец, и засекогаш ќе остане само најбеден изрод и велепредавник.

Велите дека „тој ја доближил Република Северна Македонија поблиску кон ЕУ, таму каде што и припаѓа“. Но, госпоѓо Фон дер Лајен, да се послужам со сугестивни, за Македонците апсолутно одиозни кратенки, работите стојат вака: вашата РСМ е вештачка квислиншка државичка што ја создадоа ЕУ, САД и НАТО. Пред појавата на велепредавникот и квислиншкиот слуга Зоран Заев таа вештачка државна творбичка воопшто ја немаше на светов, а постоеше и меѓународно беше признаена единствено нашата достоинствена татковина Република Македонија, создавана и создадена низ органски историски процеси и вековни стремежи и неброени и немерливи жртви на македонскиот народ. Со груба сила и надреални измами донесен на власт од ЕУ, САД и НАТО, квислингот Заев, со криминални методи и со ваше заедничко, невидено политичко и медиумско насилство безобзирно ја поништи, ја избриша Република Македонија, и до болка го понижи македонскиот народ. Според тоа, госпоѓо Фон дер Лајен, вашиот миленик Заев немал што да ја „доближува РСМ до ЕУ“. Квислиншката државичка РСМ,

– која овде, кај македонските граѓани, ви стои на стаклени нозе, а не постои дури ни две цели годинки, – од познатите хегемонистички и неоколонијални причини ја создадовте вие неразбрани душмани на македонскиот народ; морате да знаете дека совршено ни е јасно оти таа е ваш геостратешки и неоколонијалистички проект, а во моментов и ваш обичен политички сателит, и како државно-правно мртвороденче ќе се врти околку ЕУ само додека успевате мивката Заев да си го одржувате на власт. Што подолго го гази, го дави и го понижува македонскиот народ, тоа подобро за сите вас што имате неоколонијалистички и освојувачки интереси во Македонија. Но морате да разберете дека македонскиот народ не ја признава РСМ, и штом квислингот Заев падне, а ќе падне, госпоѓо, зашто е однатре пеколно црвлив и гнил, ние Македонците и сите македонски граѓани ќе си ја обновиме и ќе си ја вратиме нашата изворна, историска, цивилизирана држава Република Македонија. А пак вие, штом сте толку восхитени и вљубени во Зоран Заев, земете си ја таа мивка во ЕУ; тој ви е супер крпа за бришење нечистотии од нео-колонијалистичките ЕУ-чизми, и тоа е сета негова „доблест“.

А што се однесува до тоа дека Заев, како што тврдите, „го сменил курсот на историјата“, во тоа сме сосема согласни со вас: тој навистина го смени курсот на историјата, така што македонскиот народ и Република Македонија, наместо забрзано да продолжат да се движат кон угоре, кон напред во времето, во афирмација на својата тешко здобиена државност, во својот економски и културен растеж, примитивниот политички дилетант и велепредавник Заев, дивјачки и брзопотезно курсот на историјата го смени и го сврте наназад за цели 150 години. Токму поради тој, госпоѓо Фон дер Лајен, според вас и за вашите незаситни нео-колонијалистички потреби, „голем

лидер“, како што свечено го наречувате тој мизерен уличарски лигуш, аналфабет, простак и најбеден подлизурко на туѓите интереси во Република Македонија, а безобѕирен криминалец и диктатор во своето мало квислиншко РСМ-царство –, токму поради тој ништожник Република Македонија и македонските граѓани одново се најдоа на самиот почеток од својата повторна, нужна меѓународна афирмација, но и на тешкиот пат на враќање на својата, длабоко во темелите разнишана државна и национална самодоверба и самопочит.

А еве порака и до вас господине Лајчак. Јасно е дека како добро платен ЕУ-синекурант и вие морате да го гладите, да го галите и да си го „Лај(ч)кате“ своето балканско велепредавничко куче, Зоран Заев, но срамно е, и засрамете се поради тоа што тој неранимајко, кој бесчувствително ни ги раздроби македонските срца и крвнички ни ги изгази македонските души, вам ви буди асоцијации на големиот државник Нелсон Мандела. Па кај ви е умот? Знаете ли вие што зборувате и како тоа ќе го избришете од нашата меморија кога вашиот северџански слуга Заев порано или подоцна ќе заврши на обвинителна клупа и во затвор за невидено национално велепредавство, но и за цел куп кримниални работи, и во своите стопански махинации (само да потсетам на изнудувањето поткуп од 168.000 евра), но пред сѐ и над сѐ за сето она што го направи од извршениот државен удар на 27 април 2017 година, со кој се дограби до власт, па сѐ до безобѕирното газење на законите и незапомнетата партизација и уништување на независноста на македонските медиуми, на македонските државни институции, и особено безочната узурпација и насилничка злоупотреба на правосудниот систем и правосудните органи за здобивање апсолутна моќ во државата. Е тогаш, ве молам, господине Лајчак, тогаш кога повторно ќе го видите Заев со лисици на рацете јавете ни се

со своите небулозни споредби на тој мизерен квислинг, со националниот херој на својот африкански народ, и големата, светла, светска политичка фигура Нелсон Мандела. А пак за следново ваше „зрнце европска мудрост“ што емфатично го изговоривте, т.е. дека љубимиот ви Заев „со добри намери, ја ставил својата држава пред себе и својата политичка кариера“ можеме само онака народски да речеме дека тоа е една најординарна, тешка глупост. Видете, господине Лајчак, таа реченица требало да ви гласи вака: „Заев, со подмолни намери и поради својата политичка кариера и свои лични интереси безочно ја стави државата на македонскиот народ под своите валкани нозе“. Кажете му, затоа, на вашиот пи-ар советник другпат да обрне поголемо внимание на тој мал детал, зашто вистината, од една страна, и црната лага и глупоста, од друга страна, се сосема различни работи.

А дури и оној Данаец Ципрас се најде умен да каже нешто во оваа хистерична врвулица од обиди за спасување на својот ко-„нобеловец“ Заев од длабоките политички лајн*. во кои дефинитивно длабоко се лизна. Но, ајде, Ципрас го разбираме. Верува, завалијата, дека на наредните избори во Грција повторно ќе дојде на власт, и оти би било добро дотогаш неговиот „брат“, најголемиот светски велепредавник, Зоран Заев, на Грците да им го одржува и да им го чува како „важечки“, за македонскиот народ апсолутно неважечкиот, криминален и капитулантски Преспански договор, како впрочем и нивниот воено-културен (читај: надзорно-авионски и надзорно-антички), брусилски, северцански протекторат.

На крајот, госпоѓо Фон дер Лајен, и вие господа Лајчак и Ципрас, – мораме да признаеме дека Зоран Заев е навистина жилав политички мрсул што безочно ни го исхрknавте во Македонија, но и за него има лек и крај. Затоа јавувајте се вака повремено со слични мудри изјави за да знаеме дека и

таа фантазмагорична Европска Унија сè уште постои, а и да добиете фидбек дали тој ваш отровен заевски мрсул е сè уште смртно заразен и опасен за средината, или веќе сосема се засушил на некоја стара, гнила пенушка покрај Вардар.

27 ноември 2020, Дудинка.орг
Отворено писмо до Урсула фон дер Лајен & EU-Сотрапу
www.dudinka.org/отворено-писмо-до-урсула-фон-дер-лајн/

Ноќта од 29 на 30 декември 2020, Пула

ПИСМО ДО ЈАНЕ ЧЕНТО

Драг Јане,
драг мој пријателе и брате,
те молам, прими ги од мене, во овие предоцни ноќни часови, овие спонтани болни размисли и чувства на еден обичен македонски човек, кој во душата страшно се бори со најцрниот и неизлечлив срам и со ужасно чувство на колективна вина, и својата сопствена, и онаа преземена од сите, од секој наш македонски човек, од цела наша Македонија, каде и да нè има, затоа што испаднавме толку никакви и толку слаби, и не сторивме, и натаму не правиме ништо навистина битно, и ништо навистина енергично и радикално важно за да му ставиме крај на ова безмерно дивјачко лудило, на ова бесрамно уличарско, велепредавничко, необалистичко и гангстерско арачење на нашата преубава татковина, и на сето она што таа навистина претставува.

Невидена, незамислива беда, искомплексираност и понизност – тоа се главните црти на безбојната и безлична македонска, плитка, петпаречка, партиска дневна, кабинетска, божем собраниска, парламентарна политика, на едните, другите или третите, политика без достоинство и авторитет, „решителна“ опозициона политика на „едвај тивко, тихо потkренат глас“, политика без државничка сила и уверливост, политика со меѓународно постојано наведната глава на глупаво селанче во голем град, политика импровизаторска и безидејна, со апсолутно дискутабилни и теоретски недокажливи, небаре различни идеолошки предзнаци а секогаш само со една единствена „идеолошка“ цел: да се дограби до власта – таа и так-

ва политика што не знае да каже и да покаже: „Не! Доста е веќе!“ а притоа некој тоа да мора и да го земе во предвид, таква политика што не е, ниту пак може да биде видлива, таму долу, во сивата балканска полутемнина, во последниот цивилизациски ред, – таа политика упорно срамно, всушност бесрамно, ѝ се подлизува, ѝ се додворува и ѝ се лигави на оваа фриволна, сосема разголена, подмолна, незаинтересирана и неспособна, лицемерна и грабежлива Европа, на оваа Европа-сурогат, на оваа бездушна и нехумана Европа со тркалезни закони и прописи за Хуманоста, Правдата и Слободата, напишани само затоа да бидат вешто изиграни, и токму кон оние на кои Хуманоста, Правдата и Слободата им се најпотребни.

Како тогаш, драг Јане, да заспијам мирно додека тие и такви млитави и млаки, или пак ситно продадени шаренковци и слабаци пред светот, пред овој суров и немилосрден, но освестен свет, што бара и очекува само цврста и непоколеблива компетитивност, го претставуваат мојот излажан и измамен народ? Како да пронајдам во себе мир и трошка спокојство кога знам дека сè треба и мора да биде сосема поинаку?

И не можам без грижа на совеста, и без длабока внатрешна стемнетост и замисленост, секој ден одново да се погледнувам в лице, а да не се запрашам зарем јас, зарем сите ние Македонци не можевме да постапиме разумно, да сториме нешто повеќе за да се разувериме едните со другите дека сме си судбински неразделно наши, дека сме си сами и единствени на светов, и во космосот, дека неизмерно си требаме едни на другите, цврсто сплотени како народ, и како нација, како убаво, препознатливо човечко и духовно јато во непрегледното цивилизациско небо?

Секоја, и најспонтана и најневина радост и ведра насмевка, драг Јане, веднаш ми исчезнуваат од лицето кога само за миг, однатре ќе ме облее пот и силно ќе ме преплави не-

сопирлива и неизлечлива тага, а низ мислите ќе ми прелета стравотната бројгеловска слика на надреалениот северџански вампирски бал што врлува над Македонија, dance macabre на безобѕирни идиоти, самозаљубени аналфабети и дилетанти, конвертити ЈНА/ОНА-офицери, распашани груби примитивци, терористи почесни доктори, ординарни „етнички“ глупаци, гребатори и синекуранти, и „граѓански“ заевски мајмуни и неранимајковци, алчни владини советници, аморални фалсификатори на историјата и на историските вистини, ќутуци и суртуци, фашистоидни агресивци, дилери, криминалци, насилници, поткупени и до коска расипани, мизантропски грди баби-судијки, и мизерни и одвратни партиски кадии-лигуши, уценувачи и уценети, рекетари, и секаков друг травеститски криминален и неолиберален џган, со еден збор, оној најдолен и највалкан, гнасен општествен шлајм, што во секое цивилизирано општество би бил уредно и трајно сместен по затворите и во лудниците.

Навистина би дал сè да знам што мисли мнозинството од мојот македонски народ, но притоа не тоа што пишува во прозирните, здодевни, филувани партиски соопштенија за медиумите, од едната или од другата страна. Зашто овој предолг и престравотен молк на македонскиот народ, овој смртоносен национален и етички колапс и повлекување во себеси пред невиденото баханалиско расипништво на лудаци, и дрско разбојништво однатре и однадвор, не само што злокобно предупредува, туку веќе доби и најзастрашувачки фантазмагорични димензии. Ова што се случува во и со Македонија го нема никаде на светот. Барем не од времето на Хитлеровиот Трет Рајх кога Лудилото беше прогласено за Мудрост и пуштено да беснее до мила волја, кога Лудилото ги пишуваше и ги донесуваше нечовечните и лудачки закони, и кога вака, како денес во Македонија, на ординарните лудаци

им беше допустливо и возможно сето она што е најсурово насочено и насрчено против цивилизациските вредности, против бескомпромисната логиката и здравиот разум, и особено против Правдината, Слободата и Човечноста.

И тогаш, драг мој Јане, во тие пресвртнички моменти за Европа и за светот, кога Хитлер „пишуваше нова историја на Германија“, како што денес Заев „пишува нова историја на Македонија“, само многу ретки, единствени, прекрасни луѓе, морални грамади, најхрабри меѓу храбрите и најдостоинствени меѓу достоинствените, со својот жесток бунт и отпор, со својата целосна и несебична, освестена саможртва, високо, бескомпромисно и апсолутно препознатливо се издигаа над непрегледната шума еуфорично и театрално испружени раце за лудачки поздрав на Фирер. И тогаш Европа и светот шуруваа со него како што шуруваат денес со своите квислиншки заевски и големоалбански слуги во Македонија... А потоа народите на Европа и на светот ја платија највисоката можна трагична цена.

Нашата реалност, меѓутоа, е „само“ Македонија. Нејзините димензии се мали во однос на Германија, но лудаците кои овде насилнички се инсталирани на власт се подеднакво големи, подеднакво башибозучки распашани и неверојатно опасни. Навистина, македонскиот антифашистички народ никогаш нема да ја крева десната рака за sieg heil на Црпнатиот со изгубен компас, кој себеси си се смета за социјалдемократ (sic!), иако воопшто нема поим што значи тоа, но сепак, мора тоа да се каже, народот „монолитно“ молчи пред безобзирниот и простачки заевски државен и големоалбански лудачки терор што над него се врши. Зошто молчи? Од страв ли? Или од изгубена верба во сè што му се кажува од разни страни? Јас би рекол: и од едното и од другото, но секако од ова другото многу повеќе, зашто до гуша и преку глава се

има наголтано купишта лаги, измами и заведувања. Големата германска мислителка Хана Аренд на едно место вели: „Тоа постојано лажење и нема за цел народот да поверува во лагите, туку целта е да не верува во ништо. На таков народ не му е одземен капацитетот за акција, туку капацитетот да мисли и да просудува. Со таков народ можете да правите што сакате“.

Но како и секогаш во сите времиња и кај сите народи, кога на националниот колектив му е одземено или нарушено чувството за ориентација во просторот и во времето, и кога се сомнева во сè, или верува во сè и сешто, судбината, која знае повеќе од нас, одбира еден човек со екстремно дисонантен став од ставот на масата, дури навидум сосема еретички, и чие мислење, уверување и готовност за борба за благородни идеи до последниот здив го претставуваат оној таинствен но моќен библиски глас на осамениот во пустината. Кога велам дисонантен, мислам на храброста, за која само малкумина најодбрани имаат сила и решителност, храброст која нè зачудува, која нè восхитува, но која за мнозинството обични луѓе е сосема несфатлива, како впрочем да има тука воопшто што да се сфати. Зашто, храброста е внатрешен индивидуален повик, посилен од рационалните конвенции и разбирањето на голиот опстанок во општеството, какво и да е тоа, па и најцрно.

Те молам, не мисли дека јас наивно и суеверно верувам во некакви мистични профетски појави и ликови. Не, но искуството нè учи дека таквите посебни луѓе, со онаа силна внатрешна ѕвезда, едноставно тивко и ненаметливо постојат меѓу нас, сè додека некои посебни историски настани и општествени околности нагло не ги исфрлат во преден план и ни ги направат видливи. Токму таква појава си ти. Во најдраматичните и најтешки лични моменти, со својот јас-

но искажан непоколеблив став дека правдината твоја и на твојот народ е апсолутно на твојата страна, и оти по никоја цена нема да побараш милост од оние што извршија невиден национален и човечки злостор, ти нагло, и во вистинскиот момент, пред македонскиот народ, и за него, воспостави најстрога мерка и највисок критериум за човечко, лично и национално достоинство, критериум за беспрекорна морална и животна храброст, и чист, непоматен патриотизам. Тоа неизмерно ги понижи тие лигави никаквеци, и тоа нема да ти го простат до крајот на своите бедни животеци.

Те молам, прости ми што си дозволив вака отворено да ја потцртам твојата човечка и патриотска посебност, но тоа е само затоа што знам дека си умен и разумен човек и оти никогаш и никому нема да му дозволиш кај тебе да поттикнува никакви месијански илузии. Во животот и во општата метафизика на нашето постоење на секој поединец, се разбира, му припаѓа по некоја помала или поголема лична „мисија“. Но колку и да е вистински голема, сложена и претставува неотповиклив предизвик, улогата што ни припадна понизно треба да ја разбереме и да ја доживуваме само како природен и сосема вообичаен дел од нашиот секојдневен живот. Во спротивното тоа се претвора во најобична лакрдија, во фарса, во карикатурална месијанска квази-космополитска, божемна „граѓанска“ фикс-идеја и ступидна поза со каква пред нас и пред целиот иронично насмевнат свет сосема гол парадира најголемиот балкански примитивец, „создавач на нова историја на Македонија“, чие име овде ќе го изоставам.

Знам дека таму, во таа долга осмаеност и стеснетост, ти требаат некои многу поедноставни, многу попрочистени мисли и поведри пријателски, помалку збунувачки зборови, и можеби не успеав да ти го кажам на најдобар начин сето она што го мислев, но пораката на ова долго, прости, предолго

писмо, е дека за нас кои сме од другата страна на преградниот ѕид на истиот мрачен затвор што се вика Македонија, ти си еден од ретките значајни симболи на слободата, и оти токму твоето нагласено отсуство е твое најголемо нагласено присуство меѓу нас. Ти зборувам за совеста, за нашата совест што денонoќно се измачува со неправдата што тебе и на сите твои храбри соборци уставобранители ви е нанесена од овој најдолен џган, опијанет од неконтролирано лудило и бес, за совеста која трепери, се гризе, страда и врие, но досега не пронашла прав начин суштински и ефектно да се раздвижи и да експлодира со сета сила. Но совеста за која што ти зборувам нема никаква врска со политиката, која во овој препрагматичен свет е само најобична професија, совршено прецизно дефинирана во оние мисли на Хана Аренд, цитирани погоре. Политиката, барем оваа што ја имаме на дело, не е и не може да биде објективен параметар за твојот негибнат слободарски дух со кој ја залужи нашата најголема почит. Сегашните политички парадигми, ниту кај нас, ниту во светот, не носат ни трошка слободарски идеи, и затоа идејата за Слободата зависи само од нас самите, од тоа колку ќе успееме да издржиме внимателно да ја негуваме во себе, и од нас несебично да ја еманираме кон другите, независно од било која, било чија и било каква политика.

Еве, драг Јане, наскоро ќе се раздени. Во голема дилема сум дали ова тешко писмо воопшто да ти го испратам. Со него ноќеска се измачував јас, но дали сега да те измачувам и тебе, драг пријателе...? Но, сепак, барем ќе видиш дека во своите нерамнодушни, постојано растревожени пријателски мисли сум постојано со тебе; а не сум единствениот...

https://www.webador.com/v2/website/1821304/editor/page/7286122
Писмо до Јане Чентo

9 јануари 2021

ТЕРОРИЗАМ И ПАТРИОТИЗАМ

Политичка мемла De luxe

Според утрото денот се познава. Еве, веќе во првите денови на новата 2021 година, безобзирните, агресивни, простачки надуени апашишта во власта, како и сосема неспособната, килава опозиција, јасно најавија дека и за едните и за другите најсигурно поле за стерилен политички натпревар и натаму ќе биде плитката политикантска кал на заемни обвинувања, нафрлувања и препукувања, по можност „мечот“ некако да се добие на бодови, а не со ефектен политички нокаут, за што се нема ни сила ни способност.

Од едната страна, онаа заевската, тоа се офанзивни, дрски лаги, патолошки самопофалби за цутење и благосостојба на државата на сите рамништа, од „блескотната“ меѓународна положба на Македонија, „забетонираниот идентитет“ и суверенитет, економијата и животниот стандард со чудесни, „квантни скокови“ (да, но надолу!), до човечките права и медиумските и други слободи, па сè до секојдневни најуличарски подметнувања и бизарни фејк информации (made in Костадинов) против политичките противници, а од другата страна, онаа мицкоската, млаки дефанзивни деманти, оправдувања, божемна соперничка лутина, барања лидерски средби (со кого, бе?), и постојано пекање по предвремени избори (ајде, па да видиме кој сега ќе победи, аха!), и некакви си брзи, сосема непродуктивни контри, со онаа препознатлива, излитена, здодевна фудбалска техника на кратки дупли пасови, со надмудрувања, дриблања и досетки, но без вистински дадени голови, и евентуално со по некоја полуоптимистична стратива. Затоа и едните и другите нека не се

чудат што интензивно ја губат својата „публика“, а стадионот, македонската јавна граѓанска арена, станува сè потаговна, сè поапатична, сè попразна и без нивни мотивирани подржувачи. Уште малку и ќе ги снема сосема, се разбира, освен оние на албанските етнички партии кои, разбашкарени во државата како бубрег во лој, на своите гласачи ред-по-ред и едно-по-друго им го испорачуваат не само сето она што им го ветиле од големоалбанската окупаторска Тиранска платформа, туку и многу, многу повеќе, а така ќе биде сè додека во тнр. „македонскиот блок“ има, на национална сметка, толку расипнички, дарежливи, самозаљубени, егоцентрични и егоистични будали.

Значи, нема сомневање дека и годинава нè чека еден, веќе неподнослив, застоен, мочварен политички status quo: власта со газојте цврсто си е залепена за своите меки кожени фотелји, всидрена во својата неограничена авторитарна моќ и дембелски пашалак, кој секогаш одново, и според потребата, како картичката за автобус за натамошно возење, може дебело, на народен трошок, да им се надоплати на непоколебливите, неуморни и незаситни уценувачи во „стабилното“ парламентарно мнозинство, додека опозицијата (не)стрпливо си чека некакви, какви-такви, ма било какви избори, надевајќи се дека (конечно) ќе победи. Но, за жал, она првото, т.е. ова на заевските кримо-квислинзи, сосема спокојно ќе си трае и натаму, па и во недоглед, сè додека на опозицијата единствената идеја за уривање и промена на власта ѝ е надевањето за „гарант“ изборна победа „следниот пат“, се разбира, во коалиција (и согласност исклучиво околу економските прашања – sic!) со некоја од големоалбанските партии (избор по волја!). Но ако опозицијата има намера во тоа да успее со истиот свој актуелен, неуверлив, заспивен и компромисерски политички наратив – бескрајно се лаже.

И на глатките, најпросирни лаги на простакот Заев повеќе им веруваат, одошто на „даскалот“ Мицкоски кога кажува вистина. Но дефектот не е во перцепцијата кај масите, туку во уверливоста, односно неуверливоста на комуникацијата со нив. Енергичната фашистоидна театралност на Заев моментално повеќе „пали“ од интелектуалната резервираност и од математичките показатели и графикони на Мицкоски и неговите повеќе пати déjà vu политички закани: „На следните избори ќе те поразам, Заев!“ Кога бе, Христијан?

Постновогодишната атмосфера ни најавува и уште нешто: како општество остануваме цврсто доследни на Лекоумноста, Лудоста, Глупоста, Подмолноста и моралната Перверзија од de luxe категории. По тоа сме веќе одамна надалеку познати и препознатливи.

Школски пример за најприземна морална Перверзија и немерлива Подмолност во исто време беше деновиве дадената изјава на „скубаната“ проамериканска „социјалдемократка“ (леле, само во Македонија може да има нешто такво!!?) Шугеринска, која неодамнешните настани во Вашингтон и настаните од 27 април 2017 година во Скопје, патолошки Перверзно, до коска Гнило, Расипано и Подмолно, и над сè Лудачки исконструирано, ги тутна во иста заевска квислиншка и големоалбанска вреќа, обидувајќи се притоа со тоа во јавноста и политички да поентира. Невиденото злосторство против Република Македонија и против македонскиот народот, што таа и нејзината пучистичка гангстерска дружина го извршија со државниот удар на 27 април 2017 год. во Собранието на Република Македонија, таа се обиде лежерно на јавноста да ѝ го подметне, да ѝ го проттури како божемно спасување на демократијата, за разлика од македонските уставобранители кои се саможртвуваа за да го спречат тој најцрн предавнички акт и тоа невидено политичко силување на демократијата што

токму однатре (а не однадвор како во Вашингтон), и токму од нив (а не од уставобранителите), беше криминално, агресивно, безобзирно нападната, згазена и прегазена на тој, за Македонија најтрагичен ден.

Кај Шугеринска до крајни граници се проткајуваат неверојатната Подмолност и фашистоидниот Цинизам, со тоталната морална Изопаченост! Но, бидејќи (политички) шизофрените лица имаат целосно поместена и сосема наопаку свртена слика на стварноста, таа нејзина изјава треба да се прочита и да се разбере едноставно, најбуквално, како обичен но мошне сугестивен нејзин личен, но и нивен групен заевски и големоалбански автопотрет:

„Се покажа“, вели Шугеринска како да говори за себеси и за своите пучистички компањони, „дека демократијата може да биде сериозно загрозена кога политичката моќ е во рацете на луѓе за кои функцијата е поважна од државата, и кои стимулираат поделби, омраза и насилство само за да ја задржат“... „тоа е предупредување“, додаде таа, „дека непријателите на демократијата не смееме да ги потцениме и дека тие се хранат од поделби, лаги и полувистини, манипулации и огромни дози на стимулирана омраза“...

На ова место, пак, од нејзината шизофрена потсвест за потиснатата кримогена вина, фројдовски незапирливо ѝ искокна и една ваква психотична реченица за која, верувам, никому не му е потребно никакво посебно толкување:

„Ако ги следите американските медиуми“, рече таа, дишејќи длабоко, „ќе видите дека најголемиот дел новинари и аналитичари воопшто не се колебаа да го користат вистинскиот збор ‚терористи‘ за оние кои со насилство сакаа да предизвикаат политички пресврт, спротивно на волјата на граѓаните“.

И, верувале или не, Шугеринска на крајот поентира вака:

„Американската демократија преживеа, како што преживеа и македонската“.

Е, па на оваа ептен Голема Гнасна Глупост со Големо Г од крајот на изјавата, кое има значење, вредност и тежина и на она друго општопознато големо шуГеринско Г, сликовито извлечено како headline во некои наши домашни медиуми, може да ѝ се одговори само вака: госпоѓо Шугеринска, на 6 јануари американската демократија преживеа затоа што во американскиот парламент немаше таква лигава, мизерна, предавничка, уличарска аморална политичка багра како вашата заевска и големоалбанска банда, која простачки, лудачки, безмилосно и на најсуров каубојски начин на 27 април 2017 година пред очите на целиот свет дивјачки ја уби и ја сотре македонската демократија. Со такви безобѕирни кариеристи и грабежливци во власта како вас, македонската демократија не само што не го преживеа 27 април 2017, туку денес е толку мртва што помртва не може да биде.

А што се однесува до „терористите“, зборот што фројдовски толку силно го потцртувате, проамериканска „социјалдемократке“ Шугеринска, вистинските терористи, и тоа без наводници, денес во Македонија сосема раскомотено си седат до вас, и цврсто гушнати со вас во едноумната двоглава криминална големоалбанско-заевска власт, заедно со вас безмилосно наоколу ја срамотат, ја понижуваат, ја блатат, ја ограбуваат и ја распрчкуваат Република Македонија, додека бранителите на нејзиниот уставен поредок и на правната држава, прекрасни млади луѓе, македонски национални херои, вистински патриоти, кои се жртвуваа за својата сакана татковина Македонија и за македонскиот народ, по директен сталино-фашистички налог на вашата заевска „демократска“ власт, во овој 21 век, во срцето на Европа, од вашато заевско

„демократско“ диригирано судство се осудени како политички затвореници, како во времето на најужасниот апсолутистички руски николаевски режим, да гнијат вкупно 211 години по вашите црни, небаре сибирски „демократски“ зандани.

Толку за македонскиот политички монструм Шугеринска и за неколкуте нејзини големи Г. Впрочем, што друго и би можело да се очекува кога еден така празен маскирен квислиншки НАТО шлем дава изјави?

Но за крајот на овој новогодишен почеток има уште нешто што треба да се одбележи: кога станува збор за страшната устоеност, неподвижност и мемливост на македонските политички идеи, оваа 2021 година започна крајно симболично инертно и безнадежно и по прашањето на приемот на Македонија во ЕУ.

Пред неколку дена, имено, веднаш по Новата година, македонските електронски медиуми донесоа ваква „возбудлива“ вест: „Шок од Европа: Сè помалку причини за проширување од Балканот, барајте други модели“. Од тоа едноставно и единствено може да се заклучи дека Македонија и натаму трагично останува болен и наивен заложник на овдешните политички и граѓански очекувања и илузии, и на аморалните меѓународни, особено европски заведувања и лаги, дека започнувањето на преговорите со Европската Унија, и приемот во нејзино членство еднаш, кога-тогаш, ќе се случи.

Таа и таква вест, меѓутоа, може да претставува „шок“ само за оние што упорно себеси, и на другите, им држат превез преку очите и не сакаат да сфатат дека тоа ветување е само евтино шарено лижавче за македонскиот народ и крајно успешна алатка за немилосрдна и неморална манипулација и диригирање со македонската политичка сцена и со судбината на македонските граѓани. Јас веќе четири години низ своите

колумни се обидувам на македонската јавност, и на обичниот македонски човек, да им ја искомуницирам свеста за тоа дека Република Македонија никогаш нема да биде примена во ЕУ. Не затоа што јас, во некои други можни, далеку посреќни и многу поцивилизирани меѓународни околности, не би го сакал тоа, туку затоа што тоа едноставно никогаш нема да се случи. Само вакви Македонија и македонскиот народ, држани во постојана нерамнотежа и несигурност, во постојана психоза на исчекување, перманентно потхранувани од голи и празни илузии за некаква си среќна иднина во таа убава, светла и просперитетна Европа, само така, со закостенети заблуди и опиени од лажни надежи, можат да бидат успешно контролирани во трајно, меѓународно неинституционализирано, диво подложништво и ропство, можат да бидат безочно искористувани и експлоатирани како незаштитен географски простор и аморфна народна маса, или само како привиден протекторат на големите и моќни држави. Единствено на тој начин сите околни предатори постојано и неумесно ќе ги држат своите алчни, валкани, силувателски раце врз Македонија, врз нејзината слобода, врз нејзиниот суверенитет и врз нејзиното достоинство. Само таква, обесмислена и распаметена Македонија, и само таков кон Ништо и кон Никаде заталкан македонски народ, ним им одговара.

Доведувањето во прашање на проширувањето на ЕУ од земјите на Балканот, значи смрт и за мртвородените програми на македонските политички партии, зашто приказната за НАТО и ЕУ беше долга, неисцрпна мантра за нивни изборни ветувања, лаги и меѓусебен натпревар пред македонските граѓани и пред меѓународната заедница. Во основа безидејни, преживувајќи од денес до утре, без автентични и автономни

политички, стопански и културолоишки концепти, сето свое дејствување го поврзуваа само со постојаните очекувања и прекумерните бесмислени и недобронамерни барања на меѓународната заедница, кои на Македонија ѝ донесуваа само нови и нови непремостливи проблеми. Затоа од сите страни така sверски и агресивно ни се нафрлија и фрчеа низ Македонија и низ нејзините официјални државни институции најразлични туѓински силуватели, министри, претседатели и премиери на држави, амбасадори без дипломатска етика и достоинство, и разни ступидни бироктарски гнасови-лигни од типот на Јоханес Хан, Федерика Могерини, мразни фашисти од типот на Каракачанов и Kosиас, или пак оној изветреан метузалем Метју Нимиц, кого никој повеќе ниту го врти ниту го спомнува, ниту пак воопшто се сеќава на него. Којзнае и дали воопшто е жив, а тој, довлечкан од џенем, ни беше оној феноменален формален кум-силувател со бесмисленото заевско троделно име на државата. Е, сега, post festum, останувајќи без никаква уверлива ЕУ-приказна, македонските политички партии останаа и без почва под нозете, без најголемиот „аргумент“ во своите политички мавтања со флоскули пред носот на граѓаните. Ќе мораат, значи, да смислат нешто друго, пооригинално, а тоа, по долгото безидејно шлајфување во ЕУ-место, баш и нема да им биде така едноставно.

Се чини дека Христијан Мицкоски во таа смисла лека-полека почнува тоа даа го сфаќа. Мислам притоа на неговата изјава од пред неколку дена дека „доколку во ЕУ постоеше расположение за проширување ќе ја притиснеа Бугарија“, што е апсолутно точно. Заев, пак, и натаму не се откажува од таа слатка меѓународна политичка игра и непотрошлива ЕУ-измама на своите верници кои упорно талкаат по него

кон некоја уште подлабока и понепремостлива Небиднина и Ништожност, а велепредавничката мизерија Димитров, сиот шарен и изорнаментиран од своите накитени погани софистички флоскули и досетки за оправданоста на потпишувањето на Преспанскиот договор, „мудро“ најавува дека ќе чекал да поминат изборите во Бугарија, па после ќе ги уверувал Бугарите дека ние сме Македонци, дека нашиот идентитет е македонски, дека нашиот мајчин јазик е македонски, оти Гоце Делчев и сите наши јавни и културни дејци од минатото се Македонци, па Бугарите, одеднаш расонети и уверени во македонската вистина, крајно беневолентно и весело ќе ни дадат ausvajs за ЕУ. А пак таму горе, во ЕУ, ќе нè пречекаат со леби и сол, со ширум раширени братски раце и топли хуманистички насмевки на лицето.

Но нема ништо од тоа. Таа приказна за мали деца беше завршена уште и пред да започне. Ако пред петнаесеттина и повеќе години и имало некакви тенкички реални надежи таквото сценарио за прием да се развие во некоја позитивна насока, денес од тоа веќе нема ништо. Европа веќе одамна не е иста, Европа денес е без компас и само преживува, без вистински јасни, прогресивни и пропулзивни идеи, а македонското европско досие засекогаш е турено на страна, на некој правлив бриселски рафт. Ок, нема сомнение дека европските професионални прематари и натаму ќе ни лансираат охрабрувачки твитови, препотентно ќе врлуваат низ Балканот и низ Македонија со најразлични ли(з)гави ветувања („Европа ве чека, на Европа вие сте ѝ приоритет“!), впрочем, за тоа примаат и плата, ќе се слик(ув)аат за медиумите и ќе даваат високоумни, важни изјави заедно со нашите малодржавни политичари, а пак тие во своите локални мини-балкански кампањи и натаму ќе го тегават, ќе го цвакаат и ќе

го развлекуваат тоа жилаво, непрегризливо ЕУ-црево, „остро ама тивко, тихо“ ќе ја „критикуваат“ и ќе ја предупредуваат Европа дека со неисполнувањето на ветеното го нарушила својот меѓународен кредибилитет (за што нејзе многу ѝ е гајле!), и таа здодевна ЕУ-приказна за светлата на далечниот волшебен Запад и натаму ќе си ја пресипуваат од шупливо во празно, сè додека имаат кој да ги слуша.

Па, веројатно ќе прашате, имам ли некаква порака на крајот од овој самрачен текст? Да, имам: Светлината е на спротивната страна од Политиката!

Сиот потенцијал и сета сила на еден народ и на неговата држава се длабоко во нив самите. На светот не постојат само некои 27 заслепувачки ЕУ-ѕвездички, со веќе одамна изгубениот хуманистички сјај. Прекрасното цивилизациското небо е бескрајно пошироко и неизмерно поубаво. Вистинските пријатели не се само во ЕУ, во САД и во НАТО. Светот е многу поголем, а и ширум него се одвива убав, благороден, креативен и продуктивен живот.

И најпосле, политиката не е сè! Ќе го цитирам Марк Твен, кој напиша дека „политиката е само најтенкиот и најповршен дел од суштината на еден народ“. А јас додавам: особено ако неговите политичари се толку глупави и неинвентивни. Во секој народ, па така и во македонскиот, постојат и многу, многу подлабоки и потрајни вредности од политичкиот илузионизам, но самиот народ, и секој човек одделно, мора да си пронајде пат и начин да се извлече, да се искорне, да се ослободи од страшната чума на XXI век: од хиперполитичката илузионистичка опсесија и од сопствената опседнатост од политичките светкави шарени лаги, и да си се врати кон своите длабоки изворни животни вредности, и кон своите неограничени потенцијали, кои само на тој начин

на политиката би ѝ го одредиле вистинското, реално место во светот: да биде сервис на граѓаните, а не нивен дрзок и безобзирен апсолутен господар и Бог.

10 јануари 2021, Дудинка.орг
Тероризам и патриотизам
www.dudinka.org/тероризам-и-патриотизам/

3 март 2021

МАКЕДОНИЈА ВО ИНДУЦИРАНА КОМА

Неколку уличарски кретени ни ја вртат Македонија, а ние..

Најсмртоносниот можен заевски велепредавнички, криминален и големоалбански отров длабоко и неповратно е навлезен во секој дамар, во секој и најситен капилар, и во секоја и најмала клетка на македонскиот национален и државен организам, кој притоа е потопен и во деструктивната, разјадувачка 100-процентна киселина на национално-политичко лудилото, што во историјата на човештвото никогаш не е видено, и надреално ги надминува и најдрастичните антички, средновековни, и нововековни хитлеровски и сталинистички патолошки урнеци.

При една таква екстремна, апсолутно летална доза на сеопшта длабинска затруеност на македонскиот организам, фрлен во тешка, индуцирана анационална Кома, врз кој и натаму, додека вака безизлезно и безизгледно етички и етнички боледува, упорно и без прекин агресираат најгнасните, вулгарни внатрешни дневно-мутантски вируси и бактерии од клоаката на шизофрени надри-историчари и надри-политичари од типот на Владо Бучковски и Љубчо Георгиевски, а за надворешните гангстерски фекални загадувања од валканите и подмолни усти на фашизоидите Захариева, Каракачанов, Борисов и оние неколкумина бугарски евро-брбушки од Брисел и да не зборуваме, – македонскиот национален и државен организам нема никаква шанса да преживее, да се опорави и да заздравее, или да биде барем вештачки одржуван во „живот“, освен онолку колку што е потребно да се потпишат последните тапии на уличарско примо-предавање на македонското име, идентитетот, историјата, културата и јазикот – денес нај-

бараната, а парадоксално, најевтина и „безвредна стока“ на црно-балканскиот и црно-европскиот политички пазар.

Од таква длабока Кома и под атак на толкаво количество натрупано, валкано, обединето Зло и монструозен коктел од предаторски шовинистички отрови, Македонија, и македонскиот народ, и македонската нација воопшто, не ќе можат да ја спасат само неколкуте слободномислечки интелектуалци и јавни дејци со своите недвосмислени и јасни реагирања и жестоки предупредувања на јавноста за тоа каков страшен злостор се врши над нив, во име на некаков реално непостоечки идеал и идол што се вика Европска Унија.

Од тоа забрзано расчеречување, убивање и бедна смрт македонскиот национален и државен организам не можат да го спасат ниту неколкуте квази-опозициски партии со своите постојани, здодевни „укажувања“ дека организмот е болен, отруен, на умирачка, за што е виновен „само“ „неуништливиот“ и „непобедлив“ северџански велепредавнички могул Заев, а тие се супер, и штом „победат“ – сè ќе се смени на подобро. Тоа едноставно се вика политичка импотенција! Македонската квази-опозиција е сосема импотентна! Некој друг дупи, а тие само коментираат и коментираат. Ок, и тоа е некаква политика; само каква? Се разбира, тоа е неинвентивна, плашлива политика, без решителна, радикална и решавачка акција, која навистина би можела нешто или некого и да смени – освен – еден убав ден (sic!) – во фотељите. Зашто, за да се спаси и да преживее, на Македонија ѝ е потребен радикален политички, та дури и физички операциски зафат, а не неуверливо и неинспиративно бапско дрдорење, и дрдорење. Па и Заев постојано си дрдори, дури и поуверливо од опозицијата, и никому ништо. Дрдорење наспроти дрдорење, моето против вашето, но резултатот и натаму останува 0 : 0, а тоа значи status quo, т.е. 100 : 0 за заевскиот безобзирен бандитизам.

За заевско-големоалбанско-големобуарско-големогрчкото лудило (можеби! – ако веќе не е предоцна!) постои само уште еден единствен ефикасен лек: македонскиот национален Организам – Народот, самиот масовно и непоколебливо да се Побуни, да се Крене, да даде најсилен можен Отпор од секој вид, и пасивен и активен, итно да почне однатре да си продуцира Имунитет против сите овие здружени тешки антицивилизациски болести, да излезе од својата смртоносна Кома, да излезе од своето неверојатно суицидно Молчење, да излезе од својот Страв од најобични лигуши и никаквеци, да излезе на Улица со нова, недвосмислено манифестирана Радикална енергија и уврливост пред домашната и пред целата светска јавност, со порака дека наци-фашистите и лудаците навистина и можат да „создаваат" историја, но оти таа и таква „историја" е цивилизациски апсолутно неприфатлива, зашто претставува производ на франкенштајновски лабораториски експерименти, а не на вистинските историски и политички реалитети во временскиот и во просторниот континуум. Само на тој начин и поширокатa светска јавност ќе се разбуди, ќе се заинтересира и ќе се заземе за трагедијата на Македонија, која вака, во пат-позиција, остава впечаток дека таму долу, на балканскиот југ, сепак, помалку или повеќе сè е во ред, барем на балкански начин, и оти лошите момчиња се добри, а добрите момчиња се лоши.

И што да се каже повеќе? Зарем – во овие неколку ужасни, заевски, велепредавнички, деспотски и криминални, злосторнички години, години на уцени, опасни, подмолни закани, политички судења, рекетарење, сеопшт грабеж и целосно, најдрско газење и поништување на државниот и на правниот систем, како и на основните човекови права и слободи, и особено слободата на медиумите – зарем не е речено сè?

Погледнете ја само листата на тие неколкумина кретени, уличари и лудаци што се заиграа со нашите судбини, со нашите животи, со вековното наше културно-наследство и со

нашиот вековен соживот, со нашиот и нашите идентитети, со нашиот мајчин македонски јазик и со нашето свето македонско име: Зоран Заев, Никола Димитров, Радмила Шекеринска, Али Ахмети, Артан Груби, Талат Џафери, Бујар Османи. Ѓубре до ѓубре! А ние дозволивме, и натаму дозволуваме, тој уличарски, искомплексиран психо-патолошки шлајм да нè гази, да нè влечка низ кал, и да нè распродава на својот манијакален политички ајванпазар.

Па гледате дека ги нема ни колку за сите прсти на двете раце, а успеаја сосема да нè растурат и да нè уништат!

Зарем тоа сме ние?! Такви и толкави будали?! Е, ако е така – пеки. Ќе си блееме и ќе си мавтаме секој со својата подвиткана опашка во туѓи, туѓински трла, со туѓински острвени кучиња-чувари.

3 март 2021, Дудинка.орг
Македонија во индуцирана кома
https://www.dudinka.org/%d0%b0%d0%bb%d0%b4%d0%be-%d0%ba%d0%bb%d0%b8%d0%bc%d0%b0%d0%bd-2/

28 март 2021

РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИТЕ ТАБУ-ТЕМИ: СЛОБОДА

„Тајната на среќата е Слободата, а тајната на слободата е Храброста“ (Тукидид).

Нема слободна Македонија без храбри луѓе!
Нашите најхрабри Македонци, нашите Уставобранители,
на чело со гордиот син на македонскиот народ – Јане Ченто,
гнијат во заевските црни политички затвори.
Тоа е страшна македонска и европска страмота!

СЛОБОДА ВЕДНАШ! – за цутот на македонскиот патриотизам и слободарство!

28 март 2021, Фејсбук
Речник на македонските табу-теми: Слобода
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0wQ3MK4xbKm4nQocerhLZP2tupgFFfV8G51j6rHbfnjj9om2exWvwHcafgtaW64B2l

28 март 2021

ОТВОРЕНО ПИСМО
ДО ПЕТМИНА ИСТАКНАТИ ЕВРОПСКИ ПОЛИТИЧАРИ
за ослободување на политичките затвореници во Република Македонија, осудени за настаните од 27 април 2017 година

ЛУИЦИ ДИ МАЈО (Luigi Di Maio), министер за надворешни работи и меѓународна соработка на Република Италија

БЕНЕДЕТО ДЕЛА ВЕДОВА (Benedetto Della Vedova), заменик државен секретар на Република Италија

ВИНЧЕНЦО ЧЕЛЕСТЕ (Vincenzo Celeste), директор на Одделот за Јадран и за Балканот на Генералната дирекција за Европската Унија при Министерството за надворешни работи на Република Италија

ГОРДАН ГРЛИЌ-РАДМАН, министер за наворешни работи на Република Хрватска

ВАЛТЕР ФЛЕГО, хрватски пратерник во Европскиот парламент, од Истра

Почитуван господине,
како македонски и хрватски интелектуалец и јавен деец, слободен сум да ви се обратам со молба да ги вложите сиот свој дипломатски и политички авторитет и влијание Република Италија / Република Хрватска* пред највисоките инстанци на Европската Унија да побара итно стопирање на сите натамошни дејствија околу приемот на Република Македонија во тоа

* Содржината на писмата до сите адресирани политичари на нивните јазици е сосема идентична, освен во делот каде што се спомнуваат Република Италија, односно Република Хрватска.

високо европско друштво, и да издејствува целосен мораториум врз сите натамошни активности во таа смисла, сè додека во Република Македонија безусловно не бидат пуштени на слобода сите политички затвореници, осудени во монструозните монтирани политички процеси во врска со настаните од 27 април 2017 година за наводен тероризам, со драконски затворски казни во вкупно траење од 211 години, како и сè додека не им се организира и не се одржи правично, објективно судење за учеството во настаните на тој ден, кои, всушност, беа на нивото на инсценирани нереди и груби туркања во просториите на Собранието, предизвикани поради апсолутно антиуставното и вонпроцедурално, насилно конституитрање на македонскиот парламент.

Актуелната власт на премиерот Зоран Заев тогаш бескрупулозно се послужи со своите политички и партиски сосема потчинети и узурпирани тела на највисоките судски власти во државата, за да може со тие, во поновата историја на Европа невидени политички процеси и пресуди, на сите граѓани на Република Македонија да им втера страв во коските и да го оневозможи секој натамошен отпор кон неговата безобѕирна авторитарна моќ која, како што сигурно ви е веќе добро познато, длабоко е потоната во корупција и криминал, во безобѕирно поништување на медиумските и на човечките слободи, во бројни молионски корупциски афери, од рекетирањето на видни деловни луѓе и претпријатија, па сè до директна цврста поврзаност со балканската и другите мафии и нејзините најопасни босови, по кои се распишани европски и светски потерници, а на кои токму властите на Зоран Заев, на сите од ред, им издале македонски пасоши со лажни имиња и дури со нив биле во најблиски и најдиректни контакти, за што сведочат низа документи и документарни фотографии, со што им овозможиле на тој начин слободно

да се движат низ разни европски држави, и им осигурувале и престој и криминално дејствување во и од Република Македонија кон други земји.

Република Македонија денес е единствената земја на просторот на слободна и цивилизирана Европа во која постојат политички затвореници, кои притоа се држат по македонските затвори во нехумани и животно загрозувачки услови. Станува збор главно за луѓе од помлада и на средна возраст, меѓу кои некои се и со позначајни здравствени проблеми, повеќето истакнати македонски интелектуалци.

Под силниот притисок на јавноста и за да ја намали политичката штета на своја сметка пред домашната и пред светската јавност, Заев беше приморан да ги пушти на слобода неколкуте исклучително видни македонски уметници и интелектуалци, меѓу кои беше и македонскиот баритон со светска слава Игор Дурловски, откако неправедно одлежаа во затвор по половина година или подолго, а на останатите им понуди „да се покајат“, што тие, не чувствувајќи се виновни, енергично и со индигнација го одбија. Меѓу нив најистакнато име е Јане Ченто, внукот на првиот претседател на Президиумот на АСНОМ (Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија) Методија Антонов – Ченто, првиот претседател на Демократска Федеративна Македонија (од 2 август 1944), легендарен македонски национален патриот и политичар, кој во повоените југословенски политички чистки доживеа токму таква судбина: на монтираниот политички процес е осуден, и како политички затвореник и осуденик е грубо одстранет од тогашниот политички и јавен живот, за потоа, во тие нехумани услови, во 1957 година да згасне и неговиот живот.

Неговиот внук, тириесетидвегодишниот адвокат, татко на малолетно четиригодишно дете, кое досега лично не го видел, бидејќи токму толку долго се наоѓа во строг политички зат-

вор, Јане Ченто, осуден на 15 години затвор под обвинение за тероризам (на апелациониот суд казната му е намалена на 13 години), се најде на чело на македонските Уставобранители, и стана симбол на македонскиот бескомпромисен национален отпор на срамната, ненародна, авторитарна, корумпирана и криминална власт на Зоран Заев.

За в недела, на 25 април 2021 година, во Македонија е закажан голем народен протест, и тоа без политички обележја, со барањето Јане Ченто и сите уставобранители безусловно да се пуштат на слобода, и да им се организира праведно судење за учествувањето во горе спомнатите немили настани.

Почитуван, ве молам, заземајќи се, од наведените причини, во самата Република Италија / Република Хрватска и пред највисоките инстанци на Европската Унија за мораториум на сите натамошни активности околу започнувањето на преговорите со Република Македонија за нејзино примање во ЕУ, како и за итно ослободување на македонските политички затвореници, да го искажете демократскиот дух со кој со право се гордее италијанскиот / хрватскиот народ, со кои македонскиот народ и сите граѓани на Република Македонија негуваат одамнешно, длабоко и посведочено пријателство и заемна благонаклоност.

Однапред ви благодарам за заземањето за оваа важна и неодложна хумана работа која најдиректно се однесува и на нашето сфаќање на Европа и на нејзините држави-членки како цивилизациски простор на непоматени човечки слободи, во кои поимот политички затвореник денес е и мора да биде само еден мачен историски анахронизам.

Примете изрази на мојата длабока почит,

Алдо Климан,

македонски и хрватски писател

23 април 2021, Фејсбук
Отворено писмо до петмина истакнати европски политичари
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0AHUc8auQMaWsECzzYPt18uwXtLqZpcCA9MFdFxQ7KuSee169L2x1Vn1JcGDt4h3ql

24 април 2021, Денешен.мк Online
Климан со писма до петмина истакнати европски политичари
https://denesen.mk/aldo-kliman-so-pisma-do-pettmina-evropski-politichari-oslo-boduvanje-na-politichkite-zatvorenici-vo-republika-makedonija-osudeni-za-nastanite-na-27-april-2017/

30 март 2021

РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИТЕ ТАБУ-ТЕМИ: БАУЧИ

Постојат два вида баучи:
1/ митолошки баучи за мали деца и
2/ заевски баучи за големи деца

МИТОЛОШКИТЕ БАУЧИ за мали деца се општопознати:
вештерки, вампири, сеништа, караконџоли,
духови, ѓаволи, аждери, змејови, чудовишта
- - -
ЗАЕВСКИТЕ БАУЧИ за големи деца се следниве:
Република Македонија, Македонка, Македонец,
македонско, патриот, патриотизам, националист,
национализам, антизападен, антиНАТО, антиЕУ,
проруски, прокинески, говор на омраза...
- - -
Наравоучение: Нема БАУЧИ.

Митолошките баучи ѝ припаѓаат на општата традиционална митологија.

Заевските „баучи“ ѝ припаѓаат на неговата сопствена лудачка митологија.

Време е Македонија Лудакот и лудаците да ги смести во лудница, за нормалните луѓе да можат да си го заживеат својот нормален живот.

30 март 2021, Фејсбук
Речник на македонските табу-теми: Баучи
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/109297957924469

31 март 2021

РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИТЕ ТАБУ-ТЕМИ: ИНДОКТРИНАЦИЈА

Индоктринациите и воспитувањето не се иста работа.

Индоктринацијата сфатена како воспитување, претставува најнегативно можно, приземно „воспитување“.

Кога во градинките и во училиштата го внесуваш опејувањето и славењето на НАТО, како во случајот на министерката Шекеринска – правиш етички индоктринациски злостор.

Образованието и воспитувањето треба да се ослободени од индоктринации, идеолошки, верски, политички, воени, и секакви други. Бебињата не се раѓаат со лево и со десно ориентирани души. Децата доаѓаат чисти и невини во овој свет, грозно контаминиран од старите, но и од најразлични видови нови, ужасни индоктринации, и, се разбира, стануваат нивни најлесни жртви.

Еднаш индоктриниран – човекот, главно, останува индоктриниран за цел живот. Процесот на освестена самоеманципација од која и да е индоктринација, не само што е мачен, бескрајно долг, до смртта, туку е и ретко кога сосема успешен. Сериозно индоктринираните луѓе се политички инвалиди, трајно зависни од своите „дилери“ и од стереотипите на усвоените индоктринациски заведувања и лаги.

Авторитарните режими, и поранешните и овие современи, како во случајот на екстремно хибридниот и безизлезен режим на Зоран Заев, претставуваат најопасни инкубатори за индоктринирани поединци и цели заедници. Република Македонија денес е застрашувачки пример за тоа до какви крајни рабови на лудилото може да оди индоктринацијата во ова софистицирано, информатичко време, кое овозможи

најопасни експериментални, еклектички форми на владеење со залудувачки индоктринации, како своевиден масовен ментален фастфуд во кој е измешано, испревртено, и затруено сè со идеолошко-политичко-верско-етнички, или со радикални активистички мирудии, и, што е уште пострашно и поопасно, со нечии тешки психо-патолошки индоктринациски „космополитски" фантазии и фантазмагории, кои Македонија безмилосно ја турнаа во невидена научно-фантастична индоктринациска агонија, што однатре ја подели, ја издроби и ја скара на сите рамништа и по сите општествени, економски, политички, национални и културолошки хоризонтали и вертикали.

Нема слободна и среќна Македонија без народ ослободен од лудилото на сите видови индоктринации, како една анахрона појава на одамна докажаните беспаќа на човештвото.

Го допревме самото дното. Време е решително да се оттурнеме од него, да изнурнеме од овој стравотен, наметнат хаос, повторно да продишеме чист воздух, да си ја спасиме прекрасната заедничка татковина Република Македонија, и на лицето да си ја вратиме насмевката на среќни, слободни луѓе.

А патот до таму се знае.

31 март 2021, Фејсбук
Речник на македонските табу-теми: Индоктринација
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0NuqdnSWxAYXHo3JxBrBgQCZuzZGszxDRqJ7GEXwCdn5yFU3A6Q8hTtoG1SC2WfuEl

31 март 2021

ПОРАКА ОД УСТАВОБРАНИТЕЛИТЕ ДО УСТАВОНИШТИТЕЛИТЕ

Не можете толку да нѐ затворите – колку што ние, со своите чисти татковински чувства, сме однатре Слободни и Свои!

Нашите патриотски и хуманистички идеали се нашата исконска македонска сила, и нашата непокорна Слобода!

Безобзирната отоманска абдулхамидовска политичка казна од 211 години затвор, без трошка вина, денес, во XXI век, во срцето на Европа, е апсолутно беспредметна, апсурдна, без преседан во современиот свет, и му ја одзема секоја правна сила и какво и да е морално значење!

Уставоништители, наближува денот на подмирувањето на сметките, а вие сте му неизмерни должници на македонскиот народ, и вашиот злостор ќе ви биде наплатен со соодветен, цивилизиран народен аршин!

Да живее Република Македонија!

31 март 2021, Фејсбук
Порака од уставобранителите до уставоништителите
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02kSf27xekUkdy8r36NVTxcwfjvu8f7qFp73MzcbU57fP8HswCazzmPBAWuUM5Zpqul

4 а̄прил 2021

РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИТЕ ТАБУ-ТЕМИ: ОМРАЗА

Во лингвистичка смисла, Љубовта и Омразата претставуваат два сосема невини, антиподни зборови, кои што од секогаш рамноправно постоеле и рамноправно се употребувале во сите јазици во светот, и нема таков човечки ниту божествен закон којшто би можел да им ја одземе моќта да значат и да го означуваат токму она што значат и што означуваат, и прецизно да го искажуваат токму тоа што го искажуваат.

Никој не може да нѐ натера на неприродна Љубов кон оној кој безмилосно нѐ гази и нѐ опседнува со примитивно и сурово насилство и со Омраза. Нема разумен човек што го сака Злото?! Затоа Злото толку и се плаши од нашата Омраза, зашто таа е само чекор до Бунтот, до Отпорот, до неговото уривање и уништување. Затоа Злото отсекогаш се оградувало, па и денес, еве, панично се оградува со високиот ѕид на цензурата, којашто сега, модерно, нагалено си ја наречуваат „говор на омраза“.

Јас лично – со сето срце, и со сите свои хуманистички уверувања сум за Љубовта, но си го задржувам и неотуѓивото право на исконска Омраза кон секој оној кој злосторнички ми ги загрозува моето национално и етничко Име, мојот Дом, моето Семејство, мојот македонски Народ, и мојата Татковина – Република Македонија, како и секој друг народ!

Го задржувам неотуѓивото право на употреба на апсолутно невиниот збор Омраза, како и на секој друг сликовит и сугестивен невин збор што постои во сите светски речници, кога ги искажувам своите недвосмислени чувства на жестока лутина и најостар отпор спрема таквиот наш смртен непријател и безочен поробувач.

Секому му го признавам неговото неотуѓиво право на индивидуално проштевање за нечии сторени злосторства, но мене никој не може да ме натера на таква прошка и од мене да бара некаков лицемерен, лажен „говор на љубовта“ кон современите безочни црни фашисти и кон модерниот, редизајниран, мимикричен фашизам, којшто подмолно и злокобно ни се задал, и којшто не знае за ништо друго освен за Омраза со фалсификуваната розова етикета на Љубовта.

Таа стигматизирачка измислица „говор на омраза“ е полна со најприземна злоба и цинизам како и натписите на нацистичките логори на смртта: „Работата ослободува“. Таа ни налага дека мораме да негуваме „говор на љубовта“ кон своите национални крвници, кон злосторниците, кон оние кои во нас бескрупулозно го поништуваат и го убиваат она најубавото во човекот – нашата самосвест и нашето самопочитување дека сме човечки суштества со свое јас, со свој идентитет, со свое име и достоинство, дека сме Македонци.

Таа неизмерно перфидна политичко-полициска формула, „говор на омраза“, што е дизајнирана така да ви се вовлекува под кожа, лапидарна како сугестивен пропаганден политички слоган, му наложува на македонскиот народ сето она библиско Зло што во последниве неколку години му го сторила, и што и натаму му го прави „меѓународната заедница“, со помош на своите инсталирани квислиншки и големоалбански слуги, самоиронично, самопрезирно и ропски понизно да го наречува „триумф на демократијата“.

Но зарем нашиот отпор против тоа насилство, искажан во забранетиот „говор на омраза“, воопшто и може да се чуе од заглушувачката дивјачка бучава на мрзителските шовинистички тапани и вандалскиот врисок на нивниот „говор на љубовта“ со кој како со најцрна кал без прекин врз нас се нафрлуваат големобугарските, големогрчките и големоалбанските водечки

политичари и нивните велепредавнички подлизурковци во нашата грабната татковина Република Македонија? Сите тие, секој на свој начин и секој со свој „стил“ на „балкански методи“, не престануваат urbi et orbi да ни плукаат в лице дека нас Македонците нѐ нема, дека едноставно не постоиме и оти никогаш не нѐ било и нема да нѐ има. Според нив, тоа средновековно освојувачко безумие воопшто не е „говор на омраза“, туку најтопол, европски, прозападен, хуманистички „говор на љубовта“.

Во невините речници на сите нормални, невини јазици во светот, тој нивен подмолен слоган „говор на омраза“ со сите сили настојува да го истисне изворниот невин збор Омраза, за да може на поводливите маси да им звучи поубаво, попропагандно, пополитично, поцивилизирано, и на тој начин и de facto и de iure си го припишуваат правото јавно, злобно клештејќи ни се в лице, да нѐ понижуваат и смртно да нѐ мразат од длабочината на душата, а нам ни го одземаат тоа исто право, терајќи нѐ, напротив, јавно да ги сакаме.

Ма зошто, добога?!

Не е никаков срам да го мразиш злосторникот. Зарем било срамота да го мразиш Хитлера?! Па зошто тогаш би било срамота да ги мразиш овие денешни, избезумени, пресоблечени, мимикрични Хитлерчиња што како најпатогени вируси надираат од сите страни, заразувајќи го и труејќи го со Злото целиот јавен простор, и кои безобразно, од високо, секојдневно и без прекин ни држат морални лекции и проповеди и нѐ дресираат за тоа како треба да ги третираме, како со убаво, на пристоен начин да им се обраќаме и колку да ги сакаме?

Но тоа е само нивен филм. Чистите, невини зборови и чувства како што е Омразата имаат целосно цивилизациско право на опстојување и употреба, и никој и ништо не смее да ги истисне од важното место што им припаѓа во општо-

човечкиот говор и во сите видови човечка комуникација кога за тоа постои причина.

Меѓу Омразата и Љубовта нема знак на еднаквост. Нашата исконска Омраза кон поробувачите и велепредавниците е последица на нивната „Голема Подмолна Фашистичка Љубов“ кон нас, а не обратно. Тоа не е наш избор. Тоа е грозоморна мачна последица, на најгруб и најциничен начин изнудена од страна на оние што сметаат дека нивното Зло и Насилство кон нас претставуваат израз на нивен највисок степен на „европска“ и „цивилизациска Љубов“. Таквата нивна „љубов“ не ни треба. Ние многу добро знаеме што се тоа вистинска Љубов и Добрина. Тоа се иманентни хуманистички состојки на нашата изворна, вековна, традиционална, блага и благородна македонска национална традиција. Но, за жал – онаа горчлива и болна состојка на нашата традиционална македонштина е и несфатливата готовност на преголемото, предолго и претегобно Трпение. До кога така?

4 април 2021, Фејсбук
Речник на македонските табу-теми: Омраза
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02cGFHnLSfoHWNcyP8yWPfeY7ApH1m3JxexNwhCRDHHDMmVabLx7n63GjufWPaw8TMl

4 а̄прил 2021

РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИТЕ ТАБУ-ТЕМИ:
ЉУБОВ – РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ако е забрането нашето свето име Република Македонија, тогаш е забрането името на Мајка ми, мојата единствена, најмила родителка.

Ако е забранета мојата љубов кон Република Македонија, тогаш е забранета мојата неизмерна љубов кон Мајка ми, моето најсветло Сонце.

Ако некој на сила ми ја граба и ми ја одзема Република Македонија, тогаш тој на сила ми ја граба и ми ја одзема Мајка ми, мојата невина душичка.

Ако некој мене ме одзема и на сила ме оттргнува од Република Македонија, тогаш тој од мене прави нешто Ничие, сираче истерано на темни беспаќа.

Ако некој пред мои очи безобѕирно ми ја силува Република Македонија, тогаш тој пред мои очи безобѕирно ја силува Мајка ми, мојата невина, мојата најсакана.

Ако некој невиден Лудак крвнички ми ја убива Република Македонија, тогаш тој крвнички ја убива Мајка ми, и сосема го поништува моето постоење. Ако ја нема Мајка ми – немало ни кој да ме роди – значи, ме нема, не постојам.

Па, зарем само бедно, кукавички да молчам, и сиот тој грозомор мирно да го гледам, својата најмила Мајчичка Република Македонија да ја препуштам на лудачки, мрачен заговор и црн дивјачки злостор?

БУНТ – Голем, Неизмерен во мене гргори и татни!

Го чувствувате ли, го слушате ли, мили мои сестри и браќа, Македонки и Македонци?!

4 април 2021, Фејсбук
Речник на македонските табу-теми: Љубов – Република Македонија
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid033qeYRB1Rr2MAEP8n8-LAm5P8XddcauVr8uuo7bdAT5NZyNJdfmVnaAPvuDys8fTDul

18 а̄прил 2021

РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИТЕ ТАБУ-ТЕМИ: УСТАВОБРАНИТЕЛИ

УСТАВОБРАНИТЕЛИ е Најстрашниот, Најзастрашувачкиот поим и Ноќна мора за ушите на бедната велепредавничка, големоалбанска и криминална братија на националниот злосторник Зоран Заев, и на неговите лигави политички кадии и сервилни извршители на едно срамно, тешко, само во најцрните тоталитарни системи видено правно насилство. Македонија денес е единствената и недвосмислено последна држава во цивилизираниот дел на светот во чии зандани гнијат невини луѓе, македонски политички затвореници, осудени на 211 години политички затвор.

Зборот УСТАВОБРАНИТЕЛИ во овие трагични години на најцрната заевска диктатура и безобѕирно газење на сѐ што е македонско е израснат во вистински македонски национален симбол на непоколебливата Човештина, на Храброста и на непоматено Достоинство на обичниот македонски човек. Во сите идни речници на македонскиот јазик зборот Уставобранители ќе се пишува со голема буква.

Зборот УСТАВОБРАНИТЕЛИ крваво и болно е искован на трагичната македонска заевска велепредавничка политичката наковална, и токму оттука, од Македонија, во сите идни времиња ќе биде наведуван во светските учебници по политички науки како пример за тоа како се брани и како со срце, со душа и со ум се сака и се чува Татковината, и тоа со високо крената глава и со свесна саможртва.

УСТАВОБРАНИТЕЛИ е поим што како моќен рефлектор ја осветлува и ја посведочува најкобната, глупава внатрешнополитичка грешка што, со апсењето и осудувањето на носителите на таа наша сјајна национална круна – УСТАВОБРАНИТЕЛИ-

ТЕ, ја направи уличарскиот сталино-фашистички политички дилетант Зоран Заев во својата безобѕирна насилничка агресија врз македонскиот народ, зашто тие, гледајќи го право в очи сето мрачно заевско зло, му кажаа НЕ, и му покажаа дека воопшто не му се плашат, ниту го признаваат неговиот политички суд на продадени души, велепредавници и злосторници кон својот народ.

На чело на УСТАВОБРАНИТЕЛИТЕ, на оние што решително се кренаа против вистинските терористи во Македонија, стои денес едно значајно име – ЈАНЕ ЧЕНТО, дете на македонскиот слободарски дух, момче однегувано врз славната традиција на личниот и национален македонски непокор на неговиот голем, незаборавен дедо, трагичниот македонски херој МЕТОДИЈА АНТОНОВ – ЧЕНТО, име што не може туку така да се избрише од најсветите места во асномската македонска историја, од македонскиот ум и од македонското срце, само со најобични гангстерски методи, безочни уцени и застрашувања, кои се, всушност, единствените ретардирани политички алатки на примитивецот Зоран Заев.

– Сиот македонски народ стои зад својот слободарски национален симбол – УСТАВОБРАНИТЕЛИТЕ!

– Сиот македонски народ енергично бара итно, неодложно и БЕЗУСЛОВНО ОСЛОБОДУВАЊЕ на ЈАНЕ ЧЕНТО и на сите УСТАВОБРАНИТЕЛИ, и безусловно поништување на беспредметните, незаконски решенија и осуди врз основа на монтираните политички процеси на корумпираниот, послушнички, диктаторски, заевски идеолошко-политички и партизиран суд!

– Околу овие барања нема пазарење!

18 април 2021, Фејсбук
Речник на македонските табу-теми: Уставобранители
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0GhE9mEP8gqQ91FwiEVqj9tGKk7mHGQVeefKV5tUA1qEGf2czofiNmKdoQWoMDEHPl

18 април 2021

РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИТЕ ТАБУ-ТЕМИ: ГОЛЕМОАЛБАНЦИ

Поимот ГОЛЕМОАЛБАНЦИ е најголемата македонска табу-тема.

Тој поим е заштитен со „албанско знаменце“, и не го спомнува ниту еден македонски политичар, иако тој претставува алфа и омега на политичката разврска на сите национални, државотворни, а со тоа и на сите други проблеми на Република Македонија. Не можеш да ги решаваш капиталните отворени државни проблеми, ако немаш држава, и ако секое од највиталните прашања на општествениот, економскиот и културниот живот ги одредува наметнатото „албанско знаменце“.

Нашите политичари „знаат“ сè и сешто, зборуваат сè и сешто, критикуваат сè и сешто, предупредуваат на сè и сешто, мудруваат за сè и сешто, но ниту еден од нив никогаш не го употребил зборот ГОЛЕМОАЛБАНЦИ, ниту во медиумите, ниту пак во македонскиот парламент, каде што на тој прецизен квалификатив му е и вистинското место, и каде што треба постојано да одзвонува и да ечи, за да може и политички и јавно да се освести најстрашната рак-рана на Македонија; и не само на Македонија, туку и на Балканот, и на Европа; но сега наша тема е Македонија. Се разбира дека сите граѓани на Република Македонија го знаат тоа; тоа многу добро си го знаат и големоалбанските платформистички политичари и нивните верни поддржувачи, кои веројатно во својот интимен шовинистички круг и си се викаат себе си ГОЛЕМОАЛБАНЦИ; тоа го знае и збудаленава Европа;

тоа, впрочем, го знае цел свет. И секој од нив, од свои причини околу тоа си трае, но, во таа смисла, најгорчлив е и најотровен големоалбанскиот залак, заплеткан во јазикот и меѓу стиснатите заби, или гадно заглавен во грлото на политичарите од македонскиот политички блок. Тие ниту имаат храброст да го исхркнат и да го исплукнат, ниту пак да го голтнат. Им стои така заглавен на полпат, ни горе ни долу, а тие, задавени и задушени од зборот ГОЛЕМОАЛБАНЦИ, бараат некакви други бенигни, описни зборови и имиња, иако единствено зборот ГОЛЕМОАЛБАНЦИ е совршено прецизен и кажува сè.

Ако дискурсот, начинот на комуницирање и темите во македонската реална политика се некакво колку-толку објективно мерило за актуелните, жешки прашања и проблеми во нашето општество, тогаш, според тоа и такво нивно мерило, може да се заклучи дека во Македонија – ама ич! – нема ГОЛЕМОАЛБАНЦИ, ниту пак интензивно се реализираат нивните црни големоалбански платформистички политики. Во таа смисла сè си е на своето место, и сите се само лојални граѓани на Република Македонија. Со оглед на тоа што воопшто не се спомнуваат никакви ГОЛЕМОАЛБАНЦИ, значи дека „нив воопшто ги нема“, а политичарите од македонскиот блок си измислуваат други еуфемизми, ублаженици, посредни, омекнати зборови и описни формулации, за, не дај Боже, да не ни се навредат ГОЛЕМОАЛБАНЦИТЕ. Така се зборува за бинационална и билингвална држава, за кантони, за декомпозиција на државата, и сето тоа е застрашувачки точно, но останува прашањето кој сето тоа го прави. Па, се разбира, ГОЛЕМОАЛБАНЦИТЕ. Затоа останува отворено прашањето, зошто реал-политичарите од македонскиот политички блок тоа не го именуваат така како што му е природното, органско име, лингвистички, етимолошки и функционално произле-

зено од неговата суштина, од големоалбанската политика на ГОЛЕМОАЛБАНЦИТЕ?

Дали поимот ГОЛЕМОАЛБАНЦИ е стигма, жигосување и говор на омраза, па затоа нашите политичари не се осмелуваат да го употребуваат? Ма, апсолутно не е ниту стигма, ниту говор на омраза.

Имено, во нашиот скуден политички спектар постојат три сувопарни политички насоки: тнр. леви, тнр. десни и – ГОЛЕМОАЛБАНЦИТЕ. Значи, сите си имаат своја ниша, свои концепти и политики. А какви се тие политики, тоа ни е добро познато, бидејќи го чувствуваме врз својот сопствен грб. Но во што е разликата? Па разликата е во тоа што „левите“ и „десните“ се убиваат јасно да ги разграничат своите спротивставени идеолошки политички концепти и ставови, додека ГОЛЕМОАЛБАНЦИТЕ имаат само еден наједноставен, најобичен – големоалбански концепт, кој нема никаква врска со никакви политички идеологии, во теоретска смисла на зборот. Нивната единствена „идеологија“ е создавање Голема Албанија. Сите нивни меѓусебни судири, караници, „навреди“ итн., се само дел од идеално разработениот големоалбански театар, и внатреалбанска борба за моќ. Тоа е сè, и сосема така примитивно и така сурово. И, се разбира, нивната причина за неупотреба и премолчување на зборот ГОЛЕМОАЛБАНЦИ е сосема јасна: тие до последниот здив, пред домашната и пред меѓународната јавност, ќе работат тивко-тихо и конспиративно врз реализацијата на својата опасна големоалбанска идеја, хранејќи ја и финансирајќи ја на најперфиден начин токму со средствата од буџетот на Република Македонија и на нејзините граѓани. И, како што на времето дрската големоалбанска Тиранска платформа за јавна употреба почнаа нагалено да си ја наречуваат „резолуција“, „декларација“ и со слични „одбрани зборови“, така на маке-

донските политичари на поддавалник им нудат слатки вербални канапеа за зборови што всушност претставуваат здружен злосторнички потфат против државата Република Македонија.

Ако сакаат да ги сфатиме сериозно, политичарите, и онаа, барем колку-толку слободномислечка интелигенција од македонскиот политички блок, мораат веднаш да го воведат во својот јавен речник и во својот дискурс и табу-поимот ГОЛЕМОАЛБАНЦИ, за да ја изострат сликата за вистината во очите на јавноста, која со премолчувањето на тој поим постојано им ја заматуваат, истовремено барајќи пат и начин да коалицираат со едната, другата, третата и којзнае која партија од шовинистичкиот големоалбански блок.

Соживотот ми е бескрајно драг и важен, но Вистината ми е многу поважна. Само таа ги решава проблемите. А нашиот најголем внатреполитички и државен проблем е постојано отвореният ГОЛЕМОАЛБАНСКИ „тендер" за коалицирање во искачувањето на власт, па каква и да биде таа. А за ГОЛЕМОАЛБАНЦИТЕ таа секогаш ќе биде супер.

Затоа, да се разбереме, секоја партија од македонскиот политички блок, вклучително и ВМРО-ДПМНЕ, што ќе коалицира со која и да е од овие сегашни политички партии од големоалбанскиот блок, едноставно ќе создаде исклучиво големоалбанска влада, како и сегашнава корумпирана партија на Зоран Заев, или нема да ја има. Македонскиот политички блок кој сака да создаде една нормална, цивилизирана, вистински граѓанска влада, што ќе работи во интерес на сите жители на Република Македонија, најнапред ќе мора да издејствува апсолутна победа на парламентарните избори, за да може еднаш засекогаш да ги сосече и да ги оневозможи сите натамошни големоалбански политички поткупи и уцени со кои веќе со децении, а во последниве четири години и ептен криминално, пред очите на целата домашна и светска јавност,

само се тргува, и се тргува, и се тргува – и тоа на штета на македонскиот народ, но, во крајна линија, и на сите граѓани на Република Македонија, и секогаш во интерес на трети, четврти, петти... држави, и милитантни воено-политички организации.

18 април 2021, Фејсбук
Речник на македонските табу теми: Големоалбанци
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0Z6zauUu1RrUU71euPKKLUAafh5a5hiGx6oow7W39K6CAAnkCqS5KsNsnexBwTqYQl

25 април 2021

„АЛО, АЛО! ОВДЕ ЗЕМЈА!“

Обид за контакт со космонаутот Драги Ѓорѓиев; Јапонско-бугарската комисија за македонска историја патува низ својот хаотичен космос без никаков контакт со стварноста.

Знаеме, Втората светска војна заврши со капитулациите на Германија на 7 мај 1945 и на Јапонија на 2 септември истата година, но со тоа, за жал, не заврши војната и за некои јапонски милитантни фанатици или, пак, неинформирани војници по зафрлените јапонски острови, како во случајот на островот Анатахан, каде што останаа под оружје дури до 1947 година, можеби дури и повеќе, водејќи си ја и натаму својата имагинарна војна, и опстојуваа хранејќи се со влакнести шумски стаорци, опасни гуштери и отровни змии.

Ете, таква, сосема идентична, е ситуацијата и со шарлатанскиот македонски „тим“ на заевската тнр. заедничка македонско-бугарска комисија за историски и образовни прашања, која и натаму упорно се храни со муртински влакнести стаорци, опасни муртински гуштери и отровни муртински змии, и, откако сосема го загубила контактот со стварноста, инкапсулирана во својот глупсонски, од сите страни заблиндиран сдсмовски шатл без прозорче и вентилација, така професионално и морално задушена си патува, и си патува низ некој свој имагинарен квази-научен хаотичен преговарачки космос, кон некоја своја далечна, лудачка, недофатлива цел. Можеби се сеќавате и на она мало ремек-дело на стариот црно-бел филм со дебелиот и слабиот, Олио и Станлио, кои, во екот на војната, оставени да чуваат стража, и сосема загубени во просторот и во времето,

упорно стражареа и го чекаа нејзиниот крај, иако таа веќе одмана завршила. Но тие, за волја на вистината, се хранеа малку подобро од Јапонците, со војнички конзерви од кои, кај рововите што ги чуваа од непријателски напад, најпосле се создаде цел еден огромен рид од празни конзерви, поради кои бојното поле веќе не се ни гледаше.

Приказната со јапонските војници, загубени во џунглата на Анатахан, беше навистина тажна, приказната со Олио и Станлио на военото поприште без поприште беше смешна и поучна, но приказната со оваа наша балканска јапонско-бугарска, Олио&Станлио квази-научна „историска комисија" на својот месечарски „Анатахан", прејадена од северџански опасно расипани конзерви, која не сфаќа, или фанатично не сака да сфати дека авторитарната велепредавничка власт на Зоран Заев е во тотално внатрешно и надворешно распаѓање, дека е готова, и оти е веќе без трошка тежина и поддршка во меѓународната заедница која квислингот го држеше над вода, а пак нивната „научна задача" на фалсификатори и искривувачи на историјата е сосема обесмислена, исцрпена и завршена – е всушност само неизмерно апсурдна и одиозна.

Еј, заевски космонаути, па зарем од таа височина не гледате дека од другата страна на границата веќе ги нема бугарските фашистички сеништа Борисов, Каракачанов и Захариева. Од кого толку се плашите, кому сè уште сте му толку должни и толку поданички верни, кому сте му положиле црна квази-научничка заклетва дека по цена на професионалното достоинството и чест ќе ја фалсификувате македонската историја? Или едноставно и вие сосема сте се фркнале како вашиот простачки налогодавател Заев, и сте си вообразиле дека македонската историја е ваша приватна сопственост, па упорно си го терате магарето по непроодни и непреодни врвици до провалијата?

(„Ало, Ало! Овде Земја!“

Драги читатели, простете, ова беше само уште еден неуспешен обид за контакт со „мозокот“ на заевско-бугарската „братска“ операција „Бугаризација на Македонците“, Драги Ѓорѓиев, и со неговиот марсовски „екипаж“, но, за жал, попусто, нивниот контакт со Земјата и со стварноста е сосема изгубен. Преговарачкиот вселенски брод, со многу сериозна и непоправлива конструкциска грешка, ги однесол ептен предалеку, кон крајните граници на хаотичниот, лудачки, заевски квази-научен космос. Ние, пак, овде долу, на Земјава, во нашава реална Македонија, повремено успеваме да ги чуеме нивните немушти сигнали и зачудувачки ступидни пелтечења, но, за жал, од друга страна, до нив воопшто и никако не допираат нашите сериозни пораки и предупредувања дека неповратно се движат кон Границата на хоризонотот, и оти веќе се на работ од безизлезната фалсификаторска Црна дупка. Проблемот е во тоа што никој оттаму веќе не може да ги врати).

Еве неколку монструозни изјави на „капетанот на забеганиот шатл“ Драги Ѓорѓиев и од еден од членовите на неговиот „екипаж“, од етерот фрагметарно фатени на македонските национални радари:

„Воопшто не дискутиравме за Гоце Делчев“, се слуша радио-гласот на Ѓорѓиев. „Морам да кажам дека во последните три средби ние не гледаме некоја желба за напредок кај бугарските колеги по таа тема. На претпоследната сесија ние рековме ајде да дискутираме за Гоце Делчев, меѓутоа бугарските колеги го одбија тоа“.

Е па, зошто, бре „космонаутски шефе“ Ѓорѓиев? Зарем имаш бугарско шило во газот та ти на Бугарите да им го туркаш Гоце Делчев како тема на поддавалник, кога тие самите тоа го одбиваат од некои свои подмолни тактички причини?

На снимката гласот на „астронаутот“ Ѓорѓиев вели и нешто вакво ступидно, во врска со идиотскиот предлог од некојси австриски европратеник Андреас Шидер за вклучување тројца надворешни експерти историчари во работата на „комисијата“:

„Ние предложивме“, вели радарски снимениот ступиден глас на Ѓорѓиев, „да бидат вклучени двајца експерти кои се запознаени со проблематиката на Балканот, но кои во исто време и работеле со големо искуство на надминување на вакви симболични политичко-историски спорови меѓу одредени нации и држави. Меѓутоа тоа беше категорично одбиено од бугарска страна“.... И, малку испрекинат од меѓувсезденатa оддалеченост на заблудениот квази-историчарски вселенски брод од Земјата, истиот ступиден глас на Ѓорѓиев додава: „Лично сметам дека една таква медијација, едни такви неутрални аутсајдери... би рекол... кои не се дури емотивно внесени во овој проблем... би можеле да бидат од корист на комисијата“.

Ок, преокупиран со неизмерно важните заевски „космонаутски“ прашања и задачи, Ѓоргиев не мора да знае дека, иако буквалното значење на зборот „аутсајдер“ во англискиот и во македонскиот јазик е исто, смислата им е сосема различна. На пример, во македонскиот јазик смислата на зборот „аутсајдер“ е еквивалентна на името на Драги Ѓорѓиев, значи некој од кој нема никакво чаре. Вистински научни аутсајдери се, да речеме, и сите членови на таа заевска слугинска „Комисија за историја“. А освен тоа, македонскиот народ и инаку премногу долго и премногу крваво страдал и страда токму од разни такви туѓински помочани генијални „аутсајдери“, „медијатори“ и „европратеници“, разни Нимици, Ханови, Могериниевки, и други големи „стручњаци“ за нашата македонска историја и за нашиот македонски идентитет.

... Во еден момент, на радарските снимки од далечниот квази-научен и квази-историски космос се уфрли и гласот на „копилотот“ Петар Тодоров, кој вели нешто во оваа смисла, во најмала рака чудно, а секако блесаво: „Со жалење можам да кажам дека во однос на бугарската страна политиката ни предизвикува сериозни пречки во работата на Комисијата. Политиката не треба да прави пречки, туку да создава услови за градење на добри односи“.

Бре, какви зборови – мали за Тодоров, но уште помали за човештвото! Сите стручни анализи на оваа негова месечарска изјава, долетана на ултра-кратки бранови некаде оддалеку од нивната квази-научна галаксија низ која безизлезно и безизгледно плутаат во својата херметична капсула, подгонувана на апсурдинот заевски велепредавнички погон, покажуваат дека овој мудар јапонско-бугарски мислител/преговарач сè уште не го сфатил она од вицот за Мујо и Хасо: „Абре будали, па вие токму затоа сте ставени таму да ѝ слугувате на највалканата политика, онаа заевска, велепредавничка, и, од друга страна, на предаторската големобугарска политика!“ – и дека сите тие „се вработени“ токму од политиката за што попослушно и што поуспешно да ја искриват и да ја исфалсификуваат историската вистина за Македонија, и официјално, пред целиот научен свет, да патентираат и да инаугурираат една сосема нова, досега непозната, невидена и, за нас обичните смртници тешко сфатлива, научно-историска дисциплина под името „Договор(е)на историја“.

. . .

„Ало, ало! Овде Земја!“

Не, пак ништо, нема контакт, сигурно ги голтнала квази-историската Црна дупка. Но ако им е. Налет да се сторат! Си имаме ние овде во Македонија други, одлични историчари, кои не ја прават историјата според нечии фантазмагорични

политички опсесии и директиви, туку пишуваат на оној вообичаен, општопознат и општоприфатен научен начин, врз основа на цврсти историски факти и аргументи, врз основа на непобитни историски вистини и длабински мултидисциплинарни истражувања на минатото на македонскиот народ. Ним и на нивните научни дела ние им ја даваме сета своја граѓанска и интелектуална доверба и поддршка. Од нив и од нивните книги за Македонија и за нејзината историја ќе учат нашите деца и нашите внуци, и нивните деца и нивните внуци.

25 април 2021, Фејсбук
„***Ало, ало! Овде Земја!***"
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0RGF4LopZY489yziqUhRJ7xaQqEGZHKxjcDwo6Rim9LRTfRVt5dxGk7Z714XejYSJl

29 април 2021

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТУРА ВО „ФАМИЛИЈАТА“ НА ДОН ЗАЕВ

Цинична насмевка, три слатки збора, и јамка околу вратот

Ја видовме на ТВ познатата расипана цинична насмевка на дон Заев, ги чувме неговите три слатки збора за Стојко Пауновски (му бил пријател, бил многу добар и стручен, ама законите мора да се почитуваат), но, како што рече, „имало и некои сериозни аргументи“ од вработените во Државниот пазарен инспекторат, па, како што тоа се прави во сите добро уредени демократии, каква што е и македонската, дон Заев изјави дека за судбината на Пауновски нема да одлучува тој самиот, туку владата. И така дон Понтиј Заев Пилат пред македонската јавност си ги изми своите неолиберални социјалдемократурски раце, а, се разбира, веќе порано подготвената јамка за директорскиот врат на Пауновски, која што неколку дена разбеснет ја влечкаше уредно спластрена во десниот џеб од сакото, не ја изваде пред македонската јавност, туку тоа го стори „префинето“, како што може и како што знае само дон Заев, дури на седницата на владата, за да се испочитува, нели, демократската процедура на пренесување на одговорноста врз другите. И тогаш пресудата можеше и официјално да биде изречена. Со оглед на познатата лесноти-ја и ефикасност на таа багра во донесувањето идиотски и, за граѓаните на Македонија апсолутно штетни одлуки, пресудата беше брзопотезна, кратка и јасна: Пауновски е разрешен од местото директор, а дон Заев на своите безбројни ќутенка--трпенка војници по партизираните јавни претпријатија им испрати недвосмислена, заканувачка, невербална порака: против мене, капиши, против моите глупости и свинштини

не смее да се буни никој, ниту пак да бекне нешто, капиши, зашто веднаш „ќе игра“ мојава мрсна „социјалдемократурска“ јамка, капиши.

Во светот на мафијата тоа е секогаш така: босот е господар на своите подредени војници, и, како што рече дон Заев, не можеш да му се спротивставуваш на оној што те вработил. Па тој самиот тоа најдобро го знае, зашто него си го вработиле големоалбанските босови од Мала Речица и од околните села, и тој, како нивно уценето бедно војниче мора беспоговорно да ги слуша и да ги спроведува сите нивни етно-фашистички наредби, особено наредбите на својот вистински, големоалбански, психотичен Oberführer, над-премиер и негов alter ego, Артан Груби, и не дај Боже да му се спротивстави. Дури и самиот Заев, сосема разголувајќи се онака расколниковски, изјави дека никој тоа не му го наметнал, и оти тоа е само негова одлука, зашто, како што повтори, законот мора да се почитува. Ок, апсолутно му веруваме. А, на крајот од краиштата, и што воопшто реално му значи на дон Заев некој си таму Стојко Пауновски наспорти 35-те нови партизирани рамковни војници во Државниот инспекторат, во кој веќе над 40% од вработените се етнички Албанци. Море, не Стојко, ами ако треба (а ќе треба!) „јамката“ ќе работи и за поголеми sверки во „социјалдемократурската фамилија“ на Заев(и).

И сега се поставува прашањето дали поради сево ова што му се случило на побунетиот Стојко Пауновски би требало да го жалиме? Навистина, тој малку првна, малку претна, малку се крена, алал да му е, но тоа е премногу ситна жртва за да се смета за големо херојство и страдалништво. Дотолку повеќе што веднаш потоа кога се случи тоа што за сите, па веројатно и за него самиот, беше сосема очекувано, т.е. разрешувањето, како што нагалено го нарекуваат грубото и беспоговорно сменување, тој помирливо си се посипа со пепел со библискиот

цитат „простете им, не знаат што прават“, релативизирајќи го, за жал, и евидентно искажаниот отпор на мнозинството вработени во ДПИ. Но, господине Пауновски, како тоа мислите „не знаат што прават?“ Па, тие се професионални гангстери, тие многу добро знаат што прават. Тука не е во прашање никаква стручност или нестручност на тие рамковни синекуранти, ниту е во прашање недостиг од простор, столови и работни маси, како што велите – тоа едноставно е чисто насилство, криминално, заевско-сдсмовско-големоалбанско безочно насилство, противно на здравиот разум, и кога веќе по сила на околностите се најдовте во таква мачна ситуација, тоа требало јавно да го кажете наместо да ја загладувате работата, зашто и самиот многу добро знаете дека сето тоа е токму така. Но, и покрај вашиот помирлив тон и правчето и пепелчето што се крена со вас и околу вас, дон Заев сеедно ова нема да ви го прости. Таа недисциплина, таа непослушност кај него нема да можете да ја поправите. Во „фамилијата“ тоа едноставно не оди така. Затоа, кога веќе излеговте во преден план, требало да одите до крај со јасна, енергична и недвосмислена осуда на сето тоа што се прави. Признавам, заевизмот ви тресна силна шлаканица та малку се расонивте, и тоа е супер, но додека не се разбудите сосема, и додека сите оние послушници што дон Заев ги насадил по јавните претпријатија не се соземат и не се искорнат од морбидниот заевски сон, и енергично и сите заедно, единствени, не му се спротивстават на тоа незапомнето заевско-големоалбанско лудило, против таа диктатура, против тој невиден аналфабетизам и дилетантизам во сите сфери, и против тоа најприземно силеџиство над државните јасли, што значи над егзистенцијата на секој граѓанин на Република Македонија, дотогаш само одвреме-навреме ќе имаме вакви пуф „вентил-случаи“ за истишување на преголемата, престравотна и премачна национална напнатост и бес што врие и што клокоти во луѓето.

29 април 2021, Фејсбук
Социјалдемократура во „фамилијата“ на дон Заев
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid08PPiq4VUirQUVK7gwLcFF1o9mUt1NQEc9nGhdVje5XVkfEtxSVwd8Uyd4Wi1qcbAl

29 април 2021, Денешен.мк Online
Социјалдемократура во „фамилијата“ на дон Заев
https://denesen.mk/aldo-kliman-socijaldemokraturata-vo-familijata-na-don-zaev/

2 мај 2021

РАНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Доста ни е веќе од тоа секој Велигден официјално да ни го честитаат оние црни Јуди што ни ја распнаа Македонија! Ајде да си ја симнеме од Крстот нашата најмила Мајчичка. Ајде да ја Воскреснеме во сета нејзина Светост и Убавина.

Раните на Македонија се страшни. Нема кој не стрелал во неа, нема кој не го заринкал во неа своето подмолно неверничко копје или нож на безочен убиец. Нема кој не го изживувал врз неа сиот свој освојувачки бес или своето дивјачко лудило. Раните на Македонија се смртни и нема да ни преживее ако веднаш не ја симнеме од Крстот, а нејзините крвави, болни и неподносливи рани темелито не ги исчистиме од страшниот отровен гнас насобран во нив.

Најрешките рани, најсмртоносните рани на Македонија ѝ ги зададе опасниот уличарски шизофреник Зоран Заев, кој, имајте го тоа на умот, во своето самозаљубено Зло секогаш оди до крај, до смрт, и притоа не одбира средства. Само погледнете го Лудакот: зарем има други попрецизни зборови што би можеле да го опишат. Таква немерлива доза на еруптивно, вулканско, неконтролирано лудило и расипаност до коска не запознало човештвото. Тој едноставно е и ќе остане најпрепознатливиот и најголем политички монструм на овие најтажни, најдолни, најпонижувачки години за Македонија, со него безизгледно заталкана по беспаќа и безизлези.

Народе македонски, и сите граѓани на нашата татковина, да ги собереме сиот свој човечки кураж и сета сила што потиснато тлеат во нас, моќно и бескомпромисно да се исправиме, и решително да го исчистиме тој ужасен змиски отров што и натаму секавично и незапирливо се шири низ болните

рани на нашата Македонија, низ раните на нашето згазено Срце. Крвотокот на Македонија, секоја нејзина артерија, секоја нејзина вена, до последната жиличка и до последниот капилар се затруени од неговото невидено, неспитомливо лудило и од жед по зло само по себе. Не, не можат, мили мои, на нашата преубава и преблагородна Македонија веќе да ѝ помогнат само инфузии на повремени дневни побуни, колку и да се добро организирани, колку и да се масовни, искрени и уверливи во своите пораки, и особено не млакото, разводнето, здодевно парламентарно политикантство и опозиционерско дрдорење. На Македонија ѝ треба решителна, најсилна, најжестока политичка и ментална трансфузија. На Македонија ѝ треба голема, радикална промена, и тоа: радикално, итно, веднаш, денес! Утре ќе биде предоцна, зашто карциномот на заевштината веќе предолго трае и земал преголем смртоносен замав во сите зафатени витални ткива на Македонија. Тешката миризба на некрозата на државното и национално битие кое е на умирачка ужасно се чувствува во сите делови на нејзиниот општествен, политички, економски, меѓународен, меѓуконфесионален, меѓународен, културен живот, како и во секојдневниот живот на обичниот човек.

Доста ни е веќе од тоа секој Велигден официјално да ни го честитаат такви црни Јуди што ни ја распнаа Македонија!

Ајде, сестри и браќа, да си ја симнеме од Крстот нашата најнежна, најмила Мајчичка Македонија! Ајде за сите времиња да ја Воскреснеме во сета нејзина Светост и Убавина!

2 мај 2021, Фејсбук
Раните на Македонија
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0VEZqEzv9dLtK76rxc6bgNmTJCVvHxAzuVUaUv3nydWPHXjRpBxD6SmviS2f39jFVl

6 мај 2021

ПРОТИВ НАЦИ-ФАШИСТИЧКАТА ПОЛИТИЧКА СТЕРИЛИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Да се стерилизира некој или нешто, тоа значи по пат на радикален инвазивен зафат да му се одземе плодноста, да се направи сосема стерилен, неплоден, нефункционален, непостоечки. Тоа го правеа нацистите низ своите „фабрики на смртта“. На целиот свет му е добро познато кои народи најмногу настрадаа од нивната садистичка стерилизаторска политика.

Кога со наци-фашистоидни правно-политички притисоци и уцени, како во актуелниот случај со Официјалниот дигитален речник на македонскиот јазик, се сака насилно да се пурифицираат и да се стерилизираат јазикот и говорот, грубо се поништува нивната најголема и најдлабока цивилизациска смисла, нивниот изворен метафизички гениј да се саморазвиваат и органски да растат во сите плодни насоки.

Правно-политичката пурификација и стерилизација на јазикот и на неговата изворна фразеолошка и смисловна употреба преставува негова целосна смрт. Смртта на јазикот на некој народ значи смрт на неговата употребна функционалност, на неговиот комуникациски потенцијал и на неговата примена во народната и во уметничката литературата. Смртта на функционалноста на јазикот и смртта на народната и на уметничката литературата на еден народ значи смрт на неговата култура. Смртта на јазикот, на културата и на литературата на еден народ значи смрт и трајно исчезнување на тој народ. Значи негово истребување. Но, еве, некои ромски мини-политичарчиња, чиј народ низ историјата го искусил

токму тоа најголемо зло, но не од македонскиот народ, очигледно никогаш не ја научиле таа страшна геноцидна лекција.

Таканаречените „непристојни“ и „навредливи“ зборови (вулгаризми) и цели фрази (подсмешливи поговрки, пцости, клетви и сл.) се широко присутни во сите јазици и во сите литератури, па така и во ромскиот, албанскиот, турскиот, влашкиот, српскиот, хрватскиот, бугарскиот, грчкиот и во сите други говори на светот. Наци-фашистичката правно-политичка пурификација на сите јазици и говори на светот е апсолутно невозможна, и затоа секоја идеја и примисла за таква безочна и аналфабетска инвазија и насилство врз јазикот/јазиците и врз говорот/говорите во светот претставува мрачна помрачена помрачена ограничена ограничена огранич

Плитката и просирна смисла на постоењето и на дејствувањето на ординарните аналфабети и на политикантските дилетанти е токму со вакво примитивно насилство на своето Незнаење и Глупост над Знаењето и Стручноста да си собираат евтини политички поени. Задача на македонската науката за јазикот и литературата, пак, и на сета обединета македонска интелигенција е најенергично да застане во одбрана на достоинството на знаењето и на нашата лингвистичка наука чиј импресивен резултат е извонредниот, штотуку објавен Официјален дигитален речник на македонскиот јазик.

6 мај 2021, Фејсбук
Против наци-фашистичката политичка стерилизација на македонскиот јазик
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02Ls1ypiTzfe9zDtanBXNB6jmLqQ9ENtcrQHEbwX1ApoSFAh3QoauJo3jSDrYo94nAl

6 мај 2021

МИСИРОТ БОЈАН МАРИЧИЌ: „ОД ЛАЈНО СУДЕЊА ПРЕМИНУВАМЕ НА ОНЛАЈНО СУДЕЊА“

По експертски докажано генијалната, револуционерна и апсолутно економична идеја на мисирката Мила Царовска за воведување дигитални учебници, шаренореволуционерната ера на сеопшта дигитализација на Македонија продолжува. Сега и мисирот за правда Бојан Маричиќ излегува со нов, шокантно генијален потег со кој дефинитивно ќе бидеме први, единствени и незаборавни во целиот светот: ќе имаме таканаречени онлајно судења на далечина со што, како што покажуваат анализите на неговата работна група за дигитализација, ефикасноста ќе се зголемела за 60 насто.

Од разбирливи причини, за да не се пробие тајниот код на оваа гениТална идеја што мисирот Маричиќ ја споделил со медиумите, тој не ја соопшти и втората незаобиколна димензија на заштедите при таквите онлајно судења. Имено, како сосема непотребни ќе бидат отпуштени и сите судии во Македонија, сите до последниот, и тоа на сите нивоа, зашто софтверот што за оваа намена специјално, за мали пари, им го набавил од себе самиот ИТ-експертот Драги Рашковски, има неверојатни онлајно способности, самиот да ги пронајде, самиот да ги обвини и самиот пред нивниот домашен компјутер да ги доведе потенцијалните виновници, особено криминалците и босовите на балканската и светската мафија со македонски пасоши, и притоа нив и сите други да ги сортира по категории на вина и невиност, потоа самиот да го свика онлајно судењето, и самиот да донесува онлајно судски пресуди.

Софтверот толку е умен што на тие онлајно судења не се потребни дури ни адвокати, зашто во него веќе се вчитани сите адвокатски штосови за во бескрај да се развлечат судењата. И на тоа, се разбира, многу ќе се заштеди. Ќе имаме онлајно обвинениja, онлајно судења и онлајно судски одлуки за само еден час, ма дури и побргу. Како во модерните банки кога подигате кредит: нема да има никаква „папирологија". Ќе ви треба само онлајно ОИБ, од оние дуплите. Со тоа се хуманизира и положбата на обвинетите: тие всушност ќе уживаат, зашто нема да мораат наоколу да собираат најразлична документација за своја одбрана, бидејќи софтверот е хиперкапацитиран и знае сè: мотивите за извршеното дело, психолошките и други состојби на обвинетиот, олеснителните околности, ама сè што треба за со еден клик на тастатурата да се отпечати совршено објективна онлајно пресуда. Софтверот сам ќе поставува судски прашања, сам ќе дава одговори на обвинетите, сам ќе прави адвокатски интервенции, воведни и завршни зборови, сам ќе им поставува прашања на сведоците и сам на нив ќе одговара, а бидејќи сè ќе биде толку онлајно иделано, нема да има дури ни апелација, ниту повторни онлајно судски тормозења. Сè ќе биде кратко, јасно, економично и совршено онлајно.

Третата димензија на овие онлајно судења и онлајно судски пресуди, за која мисирот Маричиќ исто така, онака мудро, како што го дал Госпо', молчи пред јавноста, се онлајно затворите. Сите затвори во Македонија ќе бидат непотребни и веднаш ќе бидат затворени, зашто Маричиќ преминува на онлајно затвори. Па така, да речеме, во случајот на Заев, Димитров, Шекеринска, Османи, Груби, Цафери и сите други бандити од нивното офлајно друштвенце, по одржаното економично онлајно судење и донесените онлајно судски пресуди за нивните злостори кон Република Македонија и против

македонскиот народ, ќе бидат онлајно изработени нивни фотографии во затворски „носии“ на хоризонтални штрафти што ќе се вкрстуваат со ветикалните штрафти на затворските решетки, со нацртано онлајно затворско прозорче зад нив, и тоа ќе биде онлајно објавено на сите виртуелни и социјални мрежи, а тие така дома ќе си го лежат својот онлајно затвор. Ок, како што е познато, таквите лајно домашни затвори веќе успешно и се практикуваат во заевската онлајно непристрасна држава, па тука веќе имаме соодветно искуство значајно за правната држава.

Притоа, пресметките на мисирот Маричиќ за онлајно судењата се совршено прецизни и несоборливи:

„Само со 15 институции приклучени на системот за онлајно интероперабилност“, вели мисирот Маричиќ „ќе се заштедат 15 милиони евра на годишно ниво, или 2,5 тони хартија, односно 3.000 дрвја“.

Но, сепак, мораме да забележиме, како и секоја генијална идеја во зародиш, што радикално ќе го револуционира не само македонското туку и целото светско правосудство, и оваа гениТална орвеловска идеја на мисирот Маричиќ има една своја голема слабост: во спецификацијата на заштедите во однос на трошоците, неговата онлајно комисијата не прикажа колку реално уште тони тоалетна хартија ќе треба да се потроши за да се избришат сите овие феноменални онлајно заевски политики и сите овие онлајно заевски мисирски лудачки експерименти.

6 мај 2021, Фејсбук
Мисиро̄т Бојан Маричиќ: „Од лајно судења пре̄минуваме на онлајно судења“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02XuyLwQeP7BBXXxHy3xw61cnnJYKmsNQKBRBcCPS67fpyBbGRPvXKFC1DVX4QUtXel

9 мај 2021

БОРБАТА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ УСТАВОБРАНИТЕЛИ ПРОДОЛЖУВА!

Подмолноста на хистеричниот диктатор Заев и кукавичлукот на неговиот невротичен измеќар Пендаровски не можат да нè поколебаат во борбата за ВИСТИНА, ПРАВДА и СЛОБОДА!

Тоа се скапоцените македонски народни начела од кои нема отстапување.

Доста веќе со извртување на тезите и со политичко насилство!

Ова е единствената вистина:

– На 27 април 2017 беше извршен државен удар во Собранието на Република Македонија, предводен од квислингот Зоран Заев и од неговата сдсмовска и големоалбанска клика на чело со Талат Џафери!

– На 27 април 2017 година демократијата и државно-правниот поредок беа дивјачки и безочно нападнати и урнати однатре во Собранието, а не однадвор!

– На 27 април 2017 година ѝ е скршена кичмата на македонската демократија, а македонската правна држава ја преземаа криминалци и безочни големоалбаски примитивци!

Татковината не се брани со мавтање со свилени шамивчиња кон освојувачите, насилниците и носителите на организираниот криминал! Кога криминалци ви го ограбуваат вашиот сопствен Дом, кога ви ја ограбуваат и ви ја поробуваат Татковината – се браните со сите расположливи средства! Така било и така ќе биде секогаш во светската историја!

ДОЛУ ВЕЛЕПРЕДАВНИКОТ ЗАЕВ!
ДОЛУ СЛУГАТА ПЕНДАРОВСКИ!
ДОЛУ СЛУГИНКИТЕ РУСКОВСКА И КАЦАРСКА!
СЛОБОДА ЗА УСТАВОБРАНИТЕЛИТЕ ВЕДНАШ –
БЕЗ ПОЛИТИКАНТСКИ ЛОМОТЕЊА!
СЛОБОДА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!

9 мај 2021, Фејсбук
Борбата за македонските уставобранители продолжува
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02XsnfHMYtYEfZMeBM9SkBSJy7TrZgUkRXHf8hUYjHxsePjDfmT6HSDGkUpQCpQmXUl

9 мај 2021

ОД ЗАЕВ НЕМА НИКОЈ ДА НЌ ОСЛОБОДИ.
ТОА МОРАМЕ ДА ГО СТОРИМЕ НИЕ САМИТЕ.

Иако е политички реално мртов, Заев, да не се лажеме, и натаму е апсолутно способен и готов да стори уште многу невидени подмолни зла, и за тоа има можности.

Зборовите човек, морал, чесност, народ, татковина – нему ништо не му значат. Индуциран да прави само зло заради зло, тој е како споулавен робот со расипани чипови кој шиба само напред и напред, и како булдожер гази сѐ пред себе, според некој и од некого одамна зададен импут. Ниту еден негов даден збор не значи апсолутно ништо. Кога тоа го бараат неговите моментални лудачки интереси, тој веднаш го погазува. Тоа го видовме безброј пати, и тоа токму за најважните национални прашања. Затоа верувајте им единствено на неговите дивјачки, простачки закани дека ќе јаде живи луѓе. Тој на најканибалски начин покажа како навистина безобзирно се јадат живи луѓе и како навистина се прождира и цел еден народ, и тоа сопствениот.

Премногу полема пустош остана зад него во овие изминати страшни четири години, и треба да престанеме да го потценуваме. Заев е, а таков и досега се покажа, екстремно опасен човек, во секоја смисла на зборот. Тој е најопасниот човек што се појавил на меѓународната политичка сцена по појавата на Хитлер, но, за разлика од него, кој од позиција на незапирлив моќник на една голема нација лудачки ги следеше своите манијакални освојувачки и геноцидни замисли и цели, Заев од позиција на една кревка мала нација, македонската, манијакално и лудачки ги следи и им слугува на

безобѕирните освојувачки цели и манијакални замисли на странските поробувачи и гнетители на македонскиот народ. Но Македонија и македонскиот народ не се некој далечен астероид во космосот. Македонија и македонскиот народ се жив дел од овој конкретен свет, и тоа дел од Балканот, од срцето на југоисточна Европа, кој отсекогаш бил, и до ден-денес останал најконтроверзен и воено најопасен геостратешки простор.

Со Заев, активно присутен во политиката, и натаму ќе се испишуваат само најцрни страници на современата историја, и тоа не само македонската, туку и на другите земји и народи на Балканот и пошироко.

Како секој смртоносен канцер тој постојано и незапирливо од час во час мутира и се прилагодува на моменталните услови, и од секоја криза до криза успева да преживее сè, хранејќи се токму од кризните екстреми. А тоа е затоа што никогаш не престанува да турира, да копа, да создава правно-политички и криминални интриги, да предизвикува нови контроверзни настани и ситуации, секој политички, медиумски и каков и да е друг отпор кон неговото разурнувачко дејствување да го разводнува со своите цинични мафијашки очи и со своите метално студени насмевки и напамет научени плитко-политикантски флоскули, и со мачна и исцрпувачка психотортура над нормалните граѓани постојано да ја поништува нивната човечка самопочит, и да го слабее и безочно да го разградува имунитетот на самобитноста на општо-националниот организам.

Лудаците обично се сместени во лудници, но вака пуштени на слобода и претворени во туѓи и туѓински поробувачки алатки, тие стануваат бескрајно опасни и застрашувачки.

Но од лудилото на Заев нема никој да нè ослободи. Тоа мораме да го сториме ние самите.

Нужно е итно создавање силен, широк надпартиски политички национален фронт и надпартиска влада во сенка, што ќе добие единствена и неподелена поддршка од народот. А клучот на сето тоа е општомакедонското и општонационално помирување. Се разбира, не со тој мрачен квислинг и со неговата аморална партиска, криминална и големоалбанска клика која мора да одговара за своите велепредавнички и други злосторства. Зборот ПОМИРУВАЊЕ е најдобриот и најсигурен лек против смртоносниот антинационален и антидржавен карцином, Зоран Заев и заевштината. Во помирена држава и во помирена нација тој нема што да бара. Карциномот Заев ќе биде уништен, а нацијата и државата сосема излечени и ревитализирани.

Знам, неговото лудило не му дозволува да верува дека такво нешто е можно. Страшните години на неговото владеење и нам силно ни го потиснаа тој нужен оптимизам и верба дека тоа е возможно. Но гнилежот на заевштината денес е преголем, неговите најважни велепредавнички ресурси главно се потрошени, и ајде да му помогнеме да ни се истреби од пред очите.

Ги повикувам опозициските политичари, ако сакаат народот навистина да им верува, да не наседнуваат веќе на ступидните, понижувачки стапици на тнр. „лидерски средби" со тие расипани луѓе и превртливи апашишта. Сосема треба да се одлепат од тој аморален гнас, за да се почувствуваат почисти и посилни, и за да бидат поуверливи во јавноста, зашто, како што толкупати видовме, перфидните заевски „соговорници" со невидена леснотија и бесрамност го поништуваат и го одречуваат секој постигнат договор во четири очи со најобична „изјава од овој или оној Кабинет", или слично. Не може и неприфатливо е да има лидерски средби со луѓе што всушност не се никакви лидери, туку најобична инста-

лирана багра, и бесрамни фалсификатори и поткупувачи на изборите.

Ова, сестри и браќа, не е шега, ова не е литература, ова не е само некаков нов политички ритус што ќе нè забавува пред телевизорите и на социјалните мрежи, ова не е прашање на некаков си лажен парламентаризам на каков предолго тажно сведочиме, ниту заемно полтикантско чешкање во бели ракавици за тоа да им се види поубаво и да им се допадне на странските амбасадори; ова дефинитивно е прашање на Животот и Смртта на македонската нација и на македонската држава: и тоа најнапред болна и брза Умирачка поради грубо здробениот и изгазен национален дух, а потоа и конечна политичка евтаназија, Смрт и исчезнување во Небиднина.

Имаме само ваков едноставен избор: да чекаме нешто само од себе да се случи, и со свои очи да го видиме и да сведочиме на доѓањето на тој пеколен национален Армагедон, или пак сите заедно решително да преземеме нешто крајно конкретно Зоран Заев веднаш и за секогаш да го тргнеме од власта.

Духот на големиот, спектакуларен и со најчисти патриотски чувста проткаен општомакедонски протест од 25 април јасно покажа дека силата, големата сила и моќ е во народот, и оти без чекање и премислување само треба да продолжи да се умножува и умно и благородно да се канализира кон крајната цел Република Македонија одново да стане правна држава, Република Македонија одново, како некогаш, не така одамна, да стане слободна и суверена татковина на сите свои слободни и заемно почитувани граѓани.

9 мај 2021, Фејсбук
Од Заев нема никој да нè ослободи. Тоа мораме да го сториме ние самите.
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0FYPevS8AN1KXygjsMP3igj5QGDZL8V35788e2grURDtLspQ5JL5rquVfgGhiY8wWl

10 мај 2021

ПО 101 ПАТ:
НЕМА НИШТО ОД ЗАПОЧНУВАЊЕ
НА ПРЕГОВОРИТЕ СО ЕУ!

Прво, на ЕУ ѝ се гади и се чувствува ужасно непријатно што во моментов е принудена јавно да се лигави со искомплексираниот никаквец што сама си го избра за партнер, примитивецот Зоран Заев, компромитираниот куќен пријател на мафијашките европски и светски босови.

Второ и најважно, затоа што (на подолг рок!) ЕУ си има низа сопствени сериозни внатрешни главоболки на разни рамништа: пред сѐ околу тоа како да излезе од ќорсокакот на мачната економско-политичка безидејност во која е попадната, но и со тоа како да го оствари она најнеостварливото, т.е. да ги помири полумртвиот евро-унитаризам на централната власт со раздвижениот и динамичен национал-суверенизам на неколкуте свои сериозни членки.

И трето, затоа што ЕУ, со насилното менување на името на Република Македонија и со нејзиното брзинско бутање во НАТО, реално веќе сосема ги исцрпи главните точки од тој дел на својата балканска агенда. Со тоа за неа таа приказна со Македонија засега е завршена, или барем на неодредено време оставена на страна.

Сево ова друго со растрчаниот и евро-задишан евробирократ Вархеји, со неговите големи зборови во врска со раздвојувањето на Македонија од Албанија, па бугарското вето, хаха, амбициозните евро-прошетки на разни македонски квази-полтичари со мали букви: пендаровски, димитров, османи и нивниот „вожд“ заев до Брисел и назад до нивната заевско-големоалбанска политичка волкоебина – сето тоа е само очеку-

ваниот, но сосема здодевен евро-северцански вариете-циркус за оние што немаат поважна работа од занимација со глупости и, се разбира, со ноторни глупаци.

Но, верувале или не, во моментов за Македонија тоа се оптимистични вести.

10 мај 2021, Фејсбук
По 101 пат: нема ништо од започнување на преговорите со ЕУ!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02mSyT6x3JPQBeoa3CjjkXM1KbB1MtkZY1ud4v73rXXTpvwQ2DprTgeyzVsiCC7B3Ql

11 мај 2021

ПРОДОЛЖУВА РЕШАВАЧКАТА БОРБА ЗА МАКЕДОНИЈА!
Нашата сплотеност и јакост ќе ја разголи сета мизерија и слабост на квислингот Заев!

Ништо не е готово додека македонскиот народ не каже дека е готово! Затоа да се подготвиме за сериозните настани што се пред нас.

Сите, до последниот, секој поединец кој е во можност и кому здравствената состојба тоа му го дозволува, заедно, здружени, единствени, братски и граѓански сплотени, надпартиски, да излеземе на претстојните протести и да ја покажеме енергијата и моќта на народот. Нашата цврста СПЛОТЕНОСТ И ЈАКОСТ до коска ќе ја разголи и ќе ја покаже сета уличарска мизерија, сета слабост и ништожност на тиранскиот канибал Заев, и на неговата мрдната канибалска дружина.

Најнапред, онака мирни и достоинствени, каква што е и нашата благородна цел, сите да излеземе на „Семакедонскиот народен протест – Македонците во светот и во татковината“, во сабота, на 29 мај, во Скопје, од 11 до 15 часот, и на Заев и на неговата безобѕирна клика да им покажеме дека неодамна одржаниот голем народен протест на 25 април, не беше само минлива адреналинска еуфорија како што тие би сакале да било, туку најсериозно и недвосмислено предупредување што ќе следува доколку не се спуштат на земја и не ги чујат и не ги разберат гласните и решителни барања на граѓаните. Тие не сфаќаат дека во народот врие и клокоти, и се играат со огнот на длабокото незадоволство на граѓаните. Тие не сфаќаат дека, и покрај сите нивни репресалии, притисоци, застрашувања и лаги, слободарскиот адреналин во нас не само што не е

стивнат, туку сè повеќе и жестоко надојдува со секоја нивна гнасна криминална и велепредавничка постапка.

Претстојниот голем народен протест на 29 мај, и сите оние наредни, јасно ќе им ја демонстрираат нашата еднодушна решителност на неподнослливото простачко заевското лудило и распашаност да им ставиме крај. Ќе им покажеме дека тие агресивни, примитивни узурпатори на правната држава, узурпатори на човечките права и слободи, не можат веќе со евтини лаги и прозирни дефокусирања да ја разводнуваат и да ја миноризираат силата на народната волја Република Македонија да си го врати своето историско име, да си го врати својот цивилизациски интегритет, да си ја возобнови својата изворна асномска државност, да се врати во матицата на светската заедница на правни држави, во кои криминалците, мафиозите, рекетарите, крадците и ограбувачите на општонационалното добро завршуваат зад решетки, а не управуваат со државата и со нејзините национални добра.

Ќе им покажеме дека е неприфатливо, и со тоа не се мириме, една бедна група неранимајковци, криминално здружени во организиран злостор за грабеж и за национално и државно велепредавство, неказнето, на разни странски предатори да ни ја раздаваат нашата, низ историјата тешко здобиена слобода и независност, да ни ги понижуваат и да ни ги газат идентитетот, јазикот, културното и вкупното наше национално-политичко наследство, што на предано чување и негување ни го доверија нашите татковци, дедовци, предедовци, нашите мајки, и нашите најголеми национални мислители и водачи, на чело со Гоце Делчев, Јане Сандански, Даме Груев, Никола Карев, Питу Гули... Крсте Петков Мисирков... Методија Антонов-Ченто... и сите оние други од недоброjната плејада македонски великани што тие така гангстерски ги погазија.

А потоа, и тоа многу скоро, на претстојните избори, да излеземе сите, до последниот! Да излеземе на гласање подеднакво СПЛОТЕНИ И ЈАКИ, решителни и еднодушни, народната и граѓанската волја повторно да завладеат со дветретинско, и поголемо, мнозинство во македонскиот законодавен дом, и да си ја вратиме во живот нашата вистинска, нашата легална АСНОМСКА Република Македонија, со нејзиниот изворен, единствено вародостоен Устав.

И не плашете се, сестри и браќа, од бесниот Кербер на заевското тиранско царство, оној Берија Оливер Спасовски, зашто и во полицијата и во војската владее подеднакво големо, оправдано незадоволство и разочараност од сите нивни лаги, мобинг и секакви нечовечки злоупотреби на власта. Никој нема да нѐ гибне, никој нема да ни застане на тој наш благороден пат, зашто и тие луѓе се дел од народот, и тие се граѓани на Република Македонија, и тие имаат очи и гледаат што се прави, и тие имаат свои семејства и свои деца, и мечтаат од работа дома да си се вракаат со кренатa глава на достоинствени, чесни граѓани.

ЗОРАН ЗАЕВ Е САМ – како гол прст, иако не верува во тоа. Но ќе се увери.

СПЛОТЕНИ И ЈАКИ!
ДА ЖИВЕАТ УСТАВОБРАНИТЕЛИТЕ!
ДА ЖИВЕЕ ЈАНЕ ЧЕНТО!
ДА ЖИВЕЕ СЛОБОДНА И СРЕЌНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!

11 мај 2021, Фејсбук
Продолжува решавачката борба за Македонија!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid036RbP1SFzVk6MASPNfP7QAfSJqLBaKj1Bk2Qva2CCJYDNCTKyjD2YqCEzbBL4oVkbl

14 мај 2021

НАРОДОТ СЕ ПОДГОТВУВА ЗА ПРОМЕНА НА ВЛАСТА
Блес(к)авоѓо и Блес(к)авиоѓ се ѓретворија
во Очајноѓо и Очајниоѓ!

Неподнослива хистерична паника ги одбележува последните недели и денови на диктаторот во нокдаун, Зоран Заев, пред конечниот домашен и меѓународен банкрот и слом на неговата промашена, неуспешна, криминална, велепредавничка, квислиншка, срамна, апсурдна и трагикомична политика.

Но диктаторите секогаш завршуваат така. Само што ние, за жал, го немаме големиот Чарли Чаплин со филмска карикатура да го овековечи „ненадминливиот Лидер во Регионот", додека онака во пијан, лудачки занес, и во „блескотна слава" танцува сиртаки низ својот мини-хитлерски кабинет со макета на Балканот во едната и со златна плакета на Нобеловата награда во другата рака, и притоа си прави селфија. Наместо тоа, барем засега, додека да се оправи упропастената ни кинематографија, ќе мораме да се задоволиме со еден крими-портрет на големиот шареноармеец, всушност еден калеидоскоп од неговите безбројни, филмски документирани, застрашувачки перформанси, од безобѕирното гангстерско барање поткуп од 168.000 евра, до сите оние негови невидени простачки гафови и белосветски „полиглотски" „лупинзи" (и во буквална, и во пренесена смисла на зборот).

Средниот Прст што деновиве ЕУ, во два наврати, ѝ го покажа на северџанската четворка со мали букви: пендаровски, заев, димитров и османи, го фрли веледиктаторот Заев во очај. Си остана сам пред огледало со тој Гол Среден Прст на ЕУ. Пред тоа доби Гол Среден Прст од батко му Борисов, како

и оној нему незаборавен Гол Среден Прст од милиот му батко Каракачанов. Со Гол Среден Прст, замислете, му се истопори дури и велетатарката Захариева. И што да прави завалијата Заев: мораше да отиде да коленичи за уште еден Гол Среден Прст кај премиерот на нашата смртно-пријателска земја Грција, Мицотакис, кој, бездруго, веднаш великодушно и ќе му го даде.

За тоа време македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија сериозно се подготвуваат за промена на власта... Зашто вака, со блес(к)авиот Зоран Заев, срамот, калта и глибот ни се единствената сигурна перспектива.

14 мај 2021, Фејсбук
Народот се подготвува за промена на власта
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0F2uRZiM1hoGWXiRvkE9CbG4ZDwUeVVPu9HTPTD6nkou1wQzhfPqze8wAFJXpoNb8l

17 мај 2021

КАДРОВСКО ЗУЕЊЕ ВО МАЛАРИЧНОТО ЛЕГЛО НА ЗАЕВСКИТЕ КОМАРЦИ

Свиња сака тиња (М. Цепенков)

Едно маларично мочуриште, колку и да му ја мешаш калта, колку и да му ја вртиш и да му ја превртуваш валканата отровна тиња, секогаш ќе остане само опасно, гнасно, заразно место, живо легло на смртоносни маларични комарци, а пак смрдливата тиња ќе си остане само смрдлива тиња. Но „свиња сака тиња“, вели нашиот народ.

Ете, толку за „конгресното“ кадровско зуење и мелиорација на приватното сдсмовско калливо мочуриште на свињогоецот Заев, и за најавениот настап на неговите, како што ги нарече, „нови млади идеи“.

Маларичните, тињави мочуришта не можат да се „поправаат“, да се „подобрат“, ниту пак да се „регенерираат“ самите себеси. За трајно решавање на проблемот на таквите опасни, заразни, маларични, национално и државно смртоносни мочуришта, постои само едно единствено сигурно средство – ФЛИТ за главнокомарецот и за неговото „младоидејно“ легло!

Калта, мочуриштето и маларичните комарци веќе предолго, цели престрашни четири години царуваат во Македонија и врлуваат низ нашите животи, не престануваат бесно да ни се залетуваат во очите, во ушите, во дишните патишта, опасно и болно да нè касаат, да трујат сè наоколу, и да шират тешка реа, смртоносна зараза и најстрашни морални болештини.

Навистина ни се дојдени преку глава, и нема веќе да дозволиме, вака унесреќени и понижени, и натаму да глибиме низ

таа нивна непрегледна и безизлезна длабока тиња само затоа што една „свиња сака тиња“!

Решението гласи: темелно исушување на мочуриштето, и ФЛИТ за комарчиштата!

17 мај 2021, Фејсбук

Кадровско зуење во маларичното легло на заевските комарци

https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0d5yPY8ALvtEJtjns6odJBffMwKLNUcnhgiJcvh84xWWF6AgkE713ko8Q9epsnSzkl

17 мај 2021 , Денешен.мк Online

Кадровско зуење во маларичното легло на заевските комарци

https://denesen.mk/aldo-kliman-kadrovsko-zuenje-vo-malarichnoto-leglo-na-zaevskite-komarci/?fbclid=IwAR2BzAS-DmlRUhxzpnVykLMOTlVQyaxWL7DPX-lP0nGrZ0A2wwWq2_3WTw0

19 мај 2021

БЕЗ ЗБОРОВИ

Никој не може толку да те гази
колку што можеш да трпиш и да траеш.
Наведни ја главата, молчи.

Ти рекоа дека Болката воопшто не боли
и оти тоа е само нова Среќа.
Наведни ја главата, молчи.

Тропаш на високата Порта. Не се отвора.
За тебе Клучот трајно е изгубен.
Наведни ја главата, молчи.

Небото и в испукана земја се огледува.
Чуму ти се очите? Чуму ти е Сонцето?
Наведни ја главата, молчи.

Мрачни свештеници со црни ќулафки
те предводат во долга смртна литија.
Наведни ја главата, молчи.

Нова Црква, еве, без крст се посветува,
без име, без песна, без икона и кандило.
Наведни ја главата, молчи.

Гасне последното огниште твое,
пепелот студен, дворот празен, штама.
Наведни ја главата, молчи.

Бесни кучиња под чардакот твој се котат.
Домаќине, домаќине, кај ти е стапот да ги разбркаш?
Наведни ја главата, молчи.

19 мај 2021, Фејсбук
Без зборови
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid022KQc1sinzTJEws7mwcLpyp8uy3xS4U4YCHtevZ3CfGEmmJEKLigCZxDxVJHbfy4pl

23 мај 2021

РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИТЕ ТАБУ-ТЕМИ: РАЗОЧАРАНОСТ

Зборот РАЗОЧАРАНОСТ денес е единствениот збор во Македонија кој никому не му претставува непознаница и табу. Тој збор се слуша насекаде во секојдневните тажни разговори на несреќните, РАЗОЧАРАНИ граѓани.

Во Македонија сите премногу добро и најдиректно, лично ја познаваат РАЗОЧАРАНОСТА, тоа тешко, депресивно, мрачно чувство, кое и во срцата и во душите интимно длабоко и болно го проживуваат. Ужасно е отровна и неподнослива таа насилно наметната нехумана и нецивилизациска состојба на безмилосна национална згазеност, како и етничката, но и економска пониженост и поробеност, и чувството на одземена сила, на немоќ и на целосна индивидуална и колективна беспомошност.

Таа неизмерна РАЗОЧАРАНОСТ преопасно влезе во сите, и смртно пронижа сè и секого, како последица на суровото, простачко, безобѕирно криминално разјадување однатре и незапирливото разурнување на македонскиот општествен систем, и како погубен резултат на сето она пеколно и незамисливо политичко и полициско силување, злосторство, дилетантизам и аналфабетизам што на сите рамништа се изживуваше во изминативе четири велепредавнички и ништителски години од инсталирањето на квислингот Зоран Заев на власт, и што, за жал, еве и денес, со несмален интензитет на насочено и диригирано лудило, сè уште се случува, се изживува, и трае, и трае, и трае.

Демонот на РАЗОЧАРАНОСТА царува над македонскиот народ и над сите разумни, чесни граѓани на Република Маке-

донија. Ја слушам и длабоко ја делам, а и јас самиот лично ја проживувам црната болка и РАЗОЧАРАНОСТА на обичниот македонски човек, и не само во Македонија, туку и насекаде низ светот, кој едноставно не може да верува дека се случува тоа што се случува.

Голема е РАЗОЧАРАНОСТА и на оној, за жал, многу помалуброен дел од македонската интелигенција кој во ниту еден момент немаше никакви илузии за тоа што, всушност, се случува, остро спротивставувајќи им се на безумните антидржавни и антинационални велепредавнички постапки на власта. Нивната бескомпромисна борба (и не без сериозен личен ризик!) за осветлување и освестување на грозоморната рак-рана на нашата татковина во поширокатa јавност, во ниту еден момент не престана ниту стивна, но, за волја на вистината, веќе се назира и нивната измореност, но и сериозна РАЗОЧАРАНОСТ, па дури и апатија од таа бескрајна нерамноправна битка на македонскиот цивилизациски, хуманистички, интелектуален Давид со насилството и лудилото на заевскиот криминален, насилнички, измамнички и големоалбански Голијат, цврсто заседнат на власта, со сите лостови на узурпираната државна моќ, што без пардон си ги користи за своите мрачни антидржавни и приватни, лични цели.

Евидентна е дури РАЗОЧАРАНОСТА и на оној поголем дел од „молчаливата“ македонска интелигенција, истовремената РАЗОЧАРАНОСТ на нејзините претставници од себе самите но и од трагичниот исход на настаните, поради тоа што во најтешките, пресудни моменти го изневерија и го оставија на цедило својот народ, изневерувајќи се и самите себеси и својата релевантна улога во општеството. Но не може да не се уочи ниту нивната нескриена РАЗОЧАРАНОСТ поради апсолутно погрешната и погубна проценка дека хистеричниот восхит од гангстерската импортирана copy-paste шарена револуција

и уривањето на претходната власт директно ќе нè однесат во ЕУ, а всушност нè однесоа цели 170 години наназад, длабоко, длабоко во XIX век, до самите почетоци на нашата тешка, недоодлива македонската национална Преродба, од каде што денес, еве, пак мораме да си ги прибираме коските на нашите големи национални политички и интелектуални првенци и водачи, и од нив да правиме нови бедеми против истите незајазливи вековни предатори, кои во своето лудило, во својата безочност и антицивилизациска острвеност дури си ги присвојуваат и нив, кои, во борбата за своите национални идеали, всушност, им беа најопасни противници. А знам и гледам дека многумина од таа наша интелигенција што молчеше и молчеше, а денес, повторно „РАЗОЧАРАНО молчи“, радо и со уверение би го вратиле филмот до оној кобен момент на инсталирањето на криминалната, безобзирна заевско-големоалбанска власт, но...

Има и уште нешто многу важно: и народот, обичниот македонски човек, длабоко е РАЗОЧАРАН од таа наша „РАЗОЧАРАНА“ македонска интелигенција. Кај ни е крајот?

А општо е РАЗОЧАРУВАЊЕТО и од политиката/политиките на опозиционите партии, поради нивната тотална млакост, евидентна неефекасност и во крајна линија неспособност да сменат нешто во овие неподносливи, екстремно антидржавни и антинационални услови со кои Заев ја држи Македонија во длабоко ропско заложништво. Како обичен граѓанин само го изразувам општото уверување дека нивното учество во „парламентарниот живот“, го сакале тоа или не, претставува составен дел од големата заевска „демократска“ фарса пред јавноста, домашната и странската, т.е. оставање впечаток дека во државава сè е во ред штом како-така „функционира“ парламентот. Но тој и таков заевско-големоалбански парламент едноставно не функционира:

тоа е најобичен парламентарен сурогат и навлекување, да не речам натегање, кој како ќе го сфати тоа. Сите многу добро знаеме како функционираат парламентите во демократскиот свет, па дури и тогаш кога политичките прилики во некои држави се крајно напнати и нестабилни. Сè што прави тој заевско-големоалбански парламент е насилно и незаконито, и страшно е што опозицијата му создава привид на легалност, во која, на крајот од краиштата, очигледно, на свој начин и верува штом е сè уште таму.

Партиските изјави и официјалните коминикеа на опозицијата, од кои би требало да заклучиме дека парламентарната борба е жестока и бескомпромисна, едноставно не се уверливи. Не да не им веруваме на зборовите, туку не им веруваме на постапките. Таа борба не само што не е жестока, туку е млитава и кабинетска, независно од повремено поткренатите тонови; но и во оперите и во оперетките има високи тонови, а сепак тоа се само оперетки. Така е и во оваа здодевна, стерилна заевска парламентарна оперетка, во која главни улоги имаат лица лишени од најелементарен слух, додека другите си имаат поинаков, тнр. големоалбански нотен систем, а опозицијата пак, таква каква што ја дал Господ, хорски дисхармонично си статира од почетокот до крајот на претставата.

Македонскиот народ е РАЗОЧАРАН што нема некого решително и достоинствено да го поведе во конечно расчистување и раскрстување со овие криминални гангстеришта и мангупчишта што цврсто и непопустливо му го стегнаа грклано, и не му даваат да дише, ограбувајќи го безмилосно и распродавајќи го и него и сето она што му припаѓа како на народ.

Македонскиот народ е РАЗОЧАРАН што не гледа вистински општонационален лидер во кој безрезервно ќе верува и за кого ќе си ја стави раката в оган, и по кој сите до еден ќе тргнат кога ќе им даде знак, онака заедно, сплотено, да излезат на

енергични, бескомпромисни, непрекинати демонстрации до конечното уривање на оваа безобѕирна банда на власт.

Македонскиот народ е РАЗОЧАРАН што ја гледа млитавата, заспана, кабинетска опозиција која чека од избори до избори некако, макар на тенко да победи, а од неизвесните избори до неизвесните избори поминуваат многу страшни години на ужасната заевска диктатура, која на опозицијата дрско ѝ фрла остри клинци в очи и в уста дека парламентарни избори ќе има дури во 2024 година.

РАЗОЧАРУВАЊЕТО во Македонија едноставно не може ниту да се измери ниту веќе да се поднесува. РАЗОЧАРАНИТЕ млади луѓе, талентирани, образовани, стручни, надежни – си заминаа и си заминуваат во други земји, ценем, во потрага по подобра и посреќна егзистенција, но и заради исконската потреба одново да почувствуваат што значи тоа и како изгледа еден нормален човечки живот во една нормална општествена средина.

Се разбира, единствените кои не се РАЗОЧАРАНИ од сето тоа што се случи и што се случува се само уличарските неранимајковци, мизерните насилници, тешките комплексаши, психопати и расипани кучкини синови кои го обмислија, го проектираа и успешно го произведоа тоа општонационално РАЗОЧАРУВАЊЕ. Нивната цел е сосема постигната: народот е застрашен, пацифициран, умртвен, мортализиран, РАЗОЧАРАН и обесхрабрен за какво и да е порадикално дејствување, и е фрлен во тешка лична и национална апатија и безнадежност, а тие непречено и натаму си ја тераат својата надреална криминална агенда. Таа „агенда“ со обичен јазик се наречува „организиран криминал“, и политички и стопански, но и оној стравотен од црното подземје, кој од филмските платна, еве, е пренесен директно во нашиот реален секојдневен живот. Организираната длабинска сплотеност и пронижаност на

заевската политика, на заевското судство и на заевскиот криминал на вкупната заевска власт е таа нивна единствена, крајно приземна, плитка, прозирна, сувопарна, опасна криминална „агенда“, ставена во лажна социјалдемократска обланда и залеана и премачкана со дебел фил од длабоко архетипско лудило. И, сакале или не, мораме да признаеме дека таа своја „агенда“ апсолутно поразително успешно си ја спроведуваат: дури многу поефикасно од кој и да е ненароден, криминален режим во светот денес, па дури и многу полесно и поефикасно одошто воопшто се надеваа, дрско влегувајќи во реализација на тој свој велегангстерски проект, и сосема преземајќи и приватизирајќи ја државата во своите незаситни криминални раце.

Но, мораме да констатираме дека РАЗОЧАРАНОСТА на македонскиот народ и на сите македонски граѓани не е никаква опција за решавање на овој наш библиски страшен проблем. Токму тоа го сакаат и токму тоа го очекуваат тие што ни ги донесоа сите овие антинационални и антидржавни ужаси – да останеме трајно РАЗОЧАРАНИ, апатични, пасивни и мртви.

Постои само еден начин тоа да се смени, и тоа не по институционален пат, зашто сите државни структури и лостови се цврсто окупирани од заевско-големоалбанскиот џган, кој по цена на животот и смртта нема да се откаже од благодатите на институционалната државна ризница, во секоја смисла на зборот и значењето.

Тој единствен, радикален начин ТАТНИ ОДНАТРЕ во народот. Тој РАДИКАЛЕН НАЧИН на сите добро ни е познат како единствено можно решение. За тоа се зборува. Во македонскиот експресен лонец предолго и престрашно ВРИЕ, и што порано одлета капакот и се ослободи потиснатата и насилно компримирана енергија на заробениот народ – до-

толку подобро! Време е и ние темелно да ги „РАЗОЧАРАМЕ“ оние што нас нѐ направија толку несреќни и РАЗОЧАРАНИ!

23 мај 2021, Фејсбук
Речник на македонските табу-теми: Разочараност
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0i8z1bt7fkCa62ySFdCwbED39NCJLcdzbmRweAHhKKfDcyUcDf2R8uHLEcmJCLMVWl

30 мај 2021

ЧЕКАЈЌИ ГО „ЈУНИ“, КОГА НЕМА НИШТО ДА СЕ СЛУЧИ

Колку се реални „јунските“ надежи и очекувања на Македонија свртени кон Европската Унија за започнување на преговорите со неа? Каква е состојбата во ЕУ и какви се нејзините идеи денес?

Европа денес не само што нема некакви големи идеи, таа веќе долго време воопшто нема никакви идеи. Разбирливо е што во меѓувреме топ тема стана короната и справувањето со неа, но реално, животот и вистинското внатрешно опстојување на ЕУ се одвиваат по силата на инерција. Тоа е голем конгломерат кој долго е создаван, па и процесот на неговото распаѓање исто така ќе биде долг и мачен. Се разбира, доколку не се случи некаков чудесен радикален пресврт внатре во неа самата, доколку не се појават некакви европски чудотворци со сосема поинакви, нови, пред сè хуманистички погледи и идеи. Тогаш сето друго би дошло самото од себе. Но јас не верувам во таков надреален пресврт. Закостенетоста и отпорноста на овој најнов, хибриден сој евро-бирократи – да, звучи како вируси, но тоа е така – е толку силна што нема да дозволат никаков „преродбенски“ провев во ЕУ. И Македонија нема што од таму да се надева и да се загледува во потрага по решенија за својата сегашност и иднина. Секој разговор за иднината на Македонија и овие неколку кутри балкански земји во ЕУ е чист илузионизам и манипулација. Со таков илузионизам и манипулација некои еу-политичари го одживеаја и сиот свој работен век и си заминаа во пензија.

Па, што тогаш би бил нужен предуслов нештата да почнат да се менуваат во внатремакедонската реалност? Како можеме сами да си помогнеме и сами да ги поместиме нештата

кон напред, кон излез од овој општествен и политички ќорсокак?

Единствен предуслов е со сите расположливи политички и граѓански средства итно да се сруши ненародната и незаконска власт на Зоран Заев, произлезена од серијата последователни незаконски, значи криминални, постапки од државниот удар изведен на 27 април 2017 година, па сè до денес. Уривањето на Заев не може да се изврши „милум"... ниту со политички муабети и наддавања, лидерски среби, и слични глупости. Да не се лажеме, диктаторско-полициското заевско дувло е толку самоуверено и агресивно затоа што во овие трагични четири години се здоби со застрашувачки силен имунитет кон квази-парламентарните дрдорења, кон стерилните политички препукувања и досетки, кон неплодните закани со негов пораз на некои од наредните избори... Немерливата расипаност, аморалност и вродената итроштина на вистински уличарски примитивец, кај Заев веќе прерасnаа во костенлив и исклучително отпорен, безобѕирен тирански модел, кој, за жал, сè уште располага и со значителна ценрипетална сила што и натаму ги „врти" околу себе оние гласачи со изгубен политички и национален компас.

Значи, нема ништо со „милум"... И што порано тоа се сфати, тоа порано работите за Република Македонија и ќе се придвижат кон напред.

А „јуни", со големите, надуени, евро-бугарски мадиња-балони, започнува задутре. Ајде да видиме што ќе се случи, освен можните нови велепредавства на патот кон Никаде.

30 мај 2021, Фејсбук
Чекајќи го „јуни", која нема ништо да се случи
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid059Dwh6ityg8HFKLdCtqqz1kUZHBtu9bEEvgy1Z3jFs85e1u7kssk5kLv4qFNyeZkl

30 мај 2021

ПОМОДНОСТА НА ЕУ-КОРСЕТОТ

Не сум стручњак за мода, и контроверзниот корсет овде не е моја тема. Ќе се послужам само со неговата симболика, во намера да ја дадам вистинска слика на ЕУ, која, во име на некаква си „убавина“ и „прифатливост во високото европско друштво“, со својот челичен ЕУ-корсет, како најразвикан и најрекламиран политички моден детал денес, безмилосно ѝ ги стега телото и душата на Република Македонија.

Според Википедија, вака ги читаме карактеристиките на ЕУ-корсетот:

1. „Корсетот е облека што се носи за обликување и оформување на трупот во саканата форма“.

2. „Корсетот им е наменет на луѓе со проблеми со ’рбетот“.

Од двете горе спомнати причини е сосема јасно зошто, преку квислиншкиот фејшн-гуру Зоран Заев и неговиот „свиткан ’рбет“, на Македонија и на македонскиот народ како задолжителен моден детал им е наметнат помодниот ЕУ-корсет, тој суров поробувачки и понижувачки предмет, изработен според старите колонијалистички модни теркови од XIX век, од најцврста, нефлексибилна челична мрежа, која толку ти го стега телото додека не ја испуштиш душата.

Велам „помодниот“, зашто коконата ЕУ, додека вака уголгола се вртка на високи штикли по ли(з)гавите балкански политички писти, би дала сè кога би можела барем малку да ѝ се доближи на неодминливата „модерност“ на Вечна Македонија, на таа преубава и толку понижувана Пепелашка, чија „бесмртна мода“ низ целиот свет трае со милениуми, сè до денес, а така ќе биде и засекогаш.

Да завршам со една парафраза на големиот француски писател Сент-Бев: сите тие смртници во Македонија што денес не веруваат во ништо друго освен во тој минлив, плиток помоден ЕУ-тренд, всушност не веруваат во она што никогаш не застарува, во вечно младиот гениј на македонскиот народ, кој ќе ја преживее и таа импортирана и надуена ЕУ-измислица, како што на времето е преживеан, одживеан и сосема отфрлен како апсолутно штетен и ветвиот челичен корсет што, во име на тогашната табиетлива, минлива мода, смртно го заробуваше, до болка го понижуваше, го изобличуваше и го уништуваше кревкото но здраво човечко тело.

30 мај 2021, Фејсбук
Помодноста на ЕУ-корсетот
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0NSyRcarPnVhhP2PFZifGc7fxyTgyE6WNkzSmpQyc7Tjmrpdiwj7zP436sSBm72NDl

3 јуни 2021

ОТРОВНИОТ МЕД ОД УСТАТА НА РУМЕН РАДЕВ

„Чаша мед не испил никој, што со жолчка не си ја загорчил“
(Петар Петровиќ Негош)

„Запознајте си ја бугарската Родина за да ја сакате повеќе“. Ете, тоа е новиот подмолен „феријален“ слоган на бугарскиот претседател Румен Радев за „превоспитување“ на македонските деца по бугарските летни „туристички“ логори и кампови, наменети за нивна „фина“ бугаризација.

Благодарение на велепредавничкиот лигав лигуш, Зоран Заев, во Скопје, во срцето на македонската државност, веќе ни инсталираат бугарска телевизија и бугарски факултет од Велико Трново, – колку симболично! – од некогашниот Трновград, кој бил главен град на тнр. Второто Бугарско Царство (1185 – 1393), а сега, еве, со „медни зборови“ ни нудат и бесплатна летна „уживанција“ за македонските дечиња, платена со пари од бугарската државна каса. Ма, кај го има тоа, освен во Рајот! Бугарија е Рај за Македонците, Македонците во бугарскиот Рај се среќни Бугари.

А, има и едно згодно совпаѓање! – тој најнов балкански хит истовремено е и меѓусебно внатребугарско одмерување на силите на двата дијаметрално спротивни бугарофашистички методи со истата окупаторска цел – конечното поробување на македонскиот народ. Првиот метод, се сеќавате, беше оној на мрсното сељачиште Красимир Каракачанов кој, накитен со кубуришта, се закануваше дека со тенкови и со војска ќе влегол во Скопје; вториот, „меден“ метод, пак, сега ни го лансира „префинетиот“ бугарски авиопревозник на педерсератело

Стево, Румен Радев, кој сиот се растопи од „добрина“ и од „слаткиот“ отров што се цеди од секој негов изговорен збор.

И навистина е во право: во меѓудржавните односи помеѓу Бугарија и Македонија веќе толку цути сè, сè е толку добро, сè е толку совршено средено, едноставно и беспрекорно чисто, што ни остана уште само летната уживанција на нашите дечиња низ бугарските „превоспитувалишта“, па Европа да падне на трепка од восхит поради невиденото бугарско-македонско братство-единство и рамноправност на народите, и да ни каже „абре, елате ваму, Македонци со докажани татарски бугарски гени и корени, и со родниот мајчин бугарски дијалект на устата, дојдете во ова елитно цивилизирано ЕУ-друштво на суверени, самостојни и високо ценети држави и народи, со можност за ваше самоопределување до расцепување!“

Да се разбереме, до свеченото започнување на преговорите со ЕУ, ни претстои уште само еден мал чекор, треба уште само квинслишката гнаса Зоран Заев да „скокне“ до Софија и, како што мило изјави, „да ги моли бугарските пријатели за помош пред институциите на ЕУ“. Но има тука и едно проблемче: кичмата на Заев веќе му е сосема свиткана доземи, и не може понатаму. Всушност, ако него го прашате, тој би можел да се витка и да се крши уште многу и многу подолу и пониско, но, на несреќа, таму долу има тврд бетон од цврсто бетонираниот македонски идентитет што токму тој така мајсторски ни го забетонира. И, еве, сега удира во него со глупавата му и тупава муртинска тиква, веќе сериозно напукната по средина, а внатре во неа ништо не се гледа.

3 мај 2021, Фејсбук
Отровниот мед од устата на Румен Радев
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/147600794094185?notif_id=1622694913818051&notif_t=page_share&ref=notif

4 јуни 2021
Пост 005

АЛИ АХМЕТИ: ГОЛЕМОАЛБАНСКИ ИЗНЕНАДУВАЊА!

Претседател на Северџанскиот парламент – Pse jo?
Премиер на Северџанија – Pse jo?
Градоначалник на Скопје – Pse jo?
Претседател на Северџанија – Pse jo?
Претседател на Европскиот парламент – Pse jo?
Претседател на Советот на ЕУ – Pse jo?
Генерален секретар на НАТО – Pse jo?
Генерален секретар на УН – Pse jo?
Господ Бог – Pse jo?

ХАШКИ СУД – PSE JO?

4 јуни 2021, Фејсбук
Али Ахмети: големоалбански изненадувања!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0TDAaj8aRdUEMmfMk-Gdw3e2umzhMRKBakpBVFvccjhH4EYtQXq5KR8TaGHRorCHkVl

6 јуни 2021

ЕУ-ТРЕСИГОРА И МУРТИНСКИОТ СТАОРЕЦ

Еве го јуни, тука е...

Португалското претседавање со ЕУ, по однос на проширувањето на Унијата, ќе заврши како и што започна: нема да се случи ништо особено. За Албанија и за Македонија сè си останува исто: куп „добри желби“, ветувања, адреналински вежби и изјави на разни нашминкани и строго дотерани „гласноговорнички“ и на безработни шминкерски министри за надворешни работи и комесари, европски и домашни блаблања за европската и домашна политичка употреба, многу новински коментари, анализи, претпоставки и проекции, и нов простор за кратките лаги од под долгиот нос на монструмот Зоран Заев.

Прво – и зарем тоа не е совршено јасно? – Бугарија нема да отстапи ниту за педа од своите декларирани фашистички барања кон Македонија, вообличени и во политички документ предаден на институциите на ЕУ, (и тоа ни „до“ ни „по“ тамошните избори), а ступидниот лажен, едноумен „принцип на демократско совршенство“, таканаречениот „европски консензус“, е единственото рамниште на кое сè уште се реализира какво-такво „единство и заедништво на ЕУ“. Бугарија си останува цврсто при своите барања, а ЕУ си останува цврсто при своето „совршеноство“, т.е. при својот „консензус“. Сè друго што во „големите дипломатски активности“ на разни кретени Бучковци и други такви мрсулковци ќе се „изнајде“, се само, како што нежно си ги нарекуваат, „формули“ за да можат ригидните фашистички ставови на Бугарија, со коцкичка розово шеќерче, да му ги поттурат на македонскиот народ.

Второ, Потургалија никогаш, и особено не вака на брзинка, во наредните неколку дена до истекот на нејзиниот мандат на чело на ЕУ, нема да се согласи со наци-фашистичките барања на Бугарија врз негаторските основи врз кои се одвива нејзиниот невиден простачки и нецивилизиран терор над Македонија и над македонскиот народ. Треба да се знае дека негативниот, или барем воздржан став на Португалија како претседавач на ЕУ кон барањата на Бугарија воопшто не беше случаен.

Имено, во свеста и во националната меморија на португалскиот народ длабоко е врежан вековниот негаторски став на Шпанија кон португалската историја и култура, уште од XII век, од времето на шпанските упорни настојувања за целосно физичко и културно запоседнување на Пиринејскиот полуостров, па на свој начин дури сè до ден денес, и тоа на сосема ист начин како што тоа речиси 170 години, и особено сега, во XXI век, го прави Бугарија кон македонскиот народ и кон неговото национално политичко и културно минато, и кон неговата сегашност. Во прилог на тоа дека тие и такви иритантни заблуди и заблудувања по однос на идентификувањето на португалската култура и португалскиот јазик со шпанската култура и шпанскиот, т.е. кастилјанскиот јазик уште се вртат дури и кај учените луѓе низ Европа, сведочи не толку одамнешниот случај на Бруно Базиле, приредувачот на критичкото издание на „Римите“ од Торквато Тасо, кој во предговорот на таа книга напиша дека апсолутно и недвосмислено најголемиот португалски национален поетски еп од легендарниот португалски поет Луис Ваз де Камоенс „Лузитанците“ (1572 г.) е напишан „in lingua espagnola“ (на шпански јазик). А ако најголемиот португалски национален еп е всушност шпански еп, па тогаш, како што сигурно би заклучиле и мудрите бугарски академици

и општобугарските политички каракачановски „мислители“, португалскиот народ и португалскиот јазик секако имаат апсолутно шпански, читај бугарски корени.

И трето, Заев дури и бјанко да им потпише на Бугарите дека сме стопроцентни гранки на нивниот азијатски татарски род, а тоа невидено предавничиште тоа може и да го направи веднаш, и веројатно ќе го направи со затворени очи, во уверение дека Нобеловата награда не му гине, ни тоа за Бугарите нема да биде ни оддалеку доволно, сè додека насилнички не ни ги истераат србците низ нос, и преку некои нови суицидни одлуки и „балкански методи“ на заевскиот северџански парламент културолошки и политички не ни ја анектираат Македонија, или барем оној дел за кој ќе си се договрат со своите големогрчки и големоалбански „браќа по култура“ на дивјачко посегање и разграбување на сето она што е наше, македонско.

Морам да речам дека е над сè многу тажно што и македонската политичка опозиција се утепа на Заев да му помогне по секоја цена да ја „внесе“ Македонија во ЕУ, не сфаќајќи дека кога во тој наум, вака „заедно“ со Заев на власт, би успеале, тој невиден велепредавник и организиран криминалец би бил инсталиран како доживотен премиер и цар на својата вештачка државичка, и оти никакви идни божемни „демократски избори“ не би можеле никогаш оттаму да го изместат. Тој тоа го знае, а тие, Бог да чува, си мислат нешто сосема друго. Но би биле многу помудри наместо со „Ајде, ајде, урааа! ЕУ, уште малку, турни, бутни, ќе влеземе!“ да му асистираат во натамошното газење и понижување на Македонија и на македонскиот народ, едноставно да го пуштат квислиншкиот муртински стаорец сам да се валка по подземните лавиринти на тешко застоената европска морална клоака, и, ако веќе не се способни храбро да ја одберат сосема

спротивната насока, барем да не ѝ се клањаат заедно со Заев на таа антицивилизациски бесрамно проституирана Европска Унија.

Но кој сум јас тоа да им го советувам. Тие знаат сѐ многу подобро и од својот народ, на кој сето тоа компромисно заевско-опозициско еу-сојузништво веќе ужасно му се гади.

А има и уште нешто. Според актуелната надуена медиумска „јунска“ еу-атмосфера испаѓа дека Бугарија во Европската Унија е алфа и омега за приемот на Македонија. Но не е сосема така; по однос на приемот на Македонија и на Албанија и натаму немаат усогласено мислење уште некои земји, но, ете, бидејќи и така и така знаат дека нема ништо да се случи, дипломатски ја пуштија „водечката ЕУ-држава“ (од крајот и од дното!) Бугарија да си се перчи, да не го употребиме оној друг збор што исто така завршува со ..рчи.

Заклучок за крај: засега, на среќа, сѐ уште ништо од започнувањето на преговорите со ЕУ... во јуни... во септември... и така натаму... and never.

6 јуни 2021, Фејсбук
ЕУ-тресигора и муртинскиот стаорец
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02difcgzrTRrfiRJrqsbo2ypyGmYDcy78WmwLvhdzXG2vqSJ7ubRJNR51vkVe9WdePl

8 јуни 2021

НАКУСО ЗА МАЛИГНОТО „ЗЕЛЕНИЛО“ НА АЛИ АХМЕТИ

Големоалбанскиот гуру Али Ахмети со фанфари и со грда насмевка најави „Големо изненадување“.

Прво, рече тој, ДУИ станува „зелена партија“.

Второ, Македонија ќе ја претворел во Швајцарија.

Со традиционалната кретенска насмевка на лицето тоа воодушевено прв го поздрави неговиот големоалбански „д(в)оглавник“ Зоран Заев.

Но, на сите на кои „смешната“ најава на Ахмети им се чини забавна им советувам да не се смеат, туку сериозно да се замислат. Бескрајно е наивен секој оној што поверувал дека подмолниот терорист Али Ахмети наеднаш станал балкански еколошки ангел.

Оваа божемна „трансформација“ и „модернизација“ на ДУИ не претставува никакво „изненадување“, туку фокусираниот големоалбански проектант и инженер Ахмети само вешто, со „насмевка и, цинично, на македонски јазик“, префрлува во повисока брзина за конечна деструкција на државата.

А еве за што, всушност, се работи:

Прво, со своето квази-еколошко „зеленило“ и буквалното „зелено“ бојадисување настојува во предизборието перфидно да заигра на довербата на поширокиот исламски електорат, не само во редовите на албанскиот етникум, туку и од редовите на исламизираните Македонци, Торбешите и Горанците, па дури, по можност, и во редовите на Турците, Бошњаците и Ромите со муслиманска вероисповед.

Второ, кога за Македонија ја употребува метафората за Швајцарија, тој поим „Швајцарија“ заколнатиот големоал-

банец Ахмети го користи како обична метафора за „Конфедерација“.

Е, ако некому ова му е смешно нека се смее.

На кретенот Заев тоа му е многу смешно, и дури „модерно“!

8 јуни 2021, Фејсбук
Накусо за малиѓното „зеленило“ на Али Ахмети
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0yq97tv5QmwwWWs4n8UsyFdZYyxGH4TYPURDy2k5QWGJsBNXYFWK857S4KfXiKtCrl

8 јуни 2021

ЗАЕВ, НОНПЕЈПЕРИ, ПРОМЕНИ НА ГРАНИЦИТЕ

Се забележува дека од устата на Зоран Заев сè почесто не се симнува темата за промени на границите во Европа и на Балканот. Пред неколку дена изјави оти не верува дека се реални идеите за некаква Голема Албанија. На слична тема, пак, ја слушнавме и неговата најнова изјава за „Еурољуз Албанија“ дека не ни требаат нови граници во Европа и оружје во рацете на децата.

Зошто сега промената на границите наеднаш стана една од зачестените жешки теми на овој политички манијак?! И што се чуди што таа тема сè повеќе се наметнува во јавноста?! Па, целиот меѓудржавен хаос на Балканот и низ Европа го создаде токму тој мизерен аналфабетски и дилетантски распашан монструм!

За жал, доколку не биде тргнат од власта по кратка постапка, со него допрва, и тоа наскоро, ќе доживееме уште многу крајно опасни и грди работи! Со него сè уште ништо ни оддалеку не е готово. Манијакалните отпадници од општеството како него никогаш не запираат, дури ни по цена на сите можни крајни жртви на народот/народите.

Таа и таква аморална и ментална гнаса како Заев, што сега во оваа невидена предизборна, и не само предизборна паника на целосна бесперспективност и безизлезност на неговата велепредавничка политика си вообразува дека тој е некој и нешто, и оти може со препотентни заканувачки изјави да ја притиска и да ја уценува ЕУ во врска со почнувањето на преговорите, очигледно веќе и таму е отпишан и не ѝ треба дури ни на таа и таква загниена Европа, која од невидена надреална глупост го произведе и го афирмира тој Лудак над Лудаците

во своите ултрабирократски бриселски бироа само за да им сврши партнерска работа на САД и на НАТО, и дефинитивно сите заедно да се ослободат од Балканската Убавица и вечното јаболко на раздорот – Македонија.

За жал, тоа е тоа. Или акција, или мрачното сценарио од насловот.

8 јуни 2021, Фејсбук
Заев, нонпејпери, промени на границите
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02VW5FZnq5s2TJQRinE2yQ2qpNUExkyoPKcvSiA39C8V66VB8mfLpq5TuhiTChy6MPl

9 јуни 2021

ПО ПОВОД ЦРНАТА ЛИСТА НА КОНКВИСТАДОРОТ ЏО БАЈДЕН

Американскиот претседател Џо Бајден, со штотуку потпишаната наци-фашистичка „Извршна наредба...“ на македонскиот народ му ги одзема националните и државните права сам да одлучува за својата судбина, и сам да решава за своите внатрешни и меѓународни договори, особено за со сила наметнатиот криминален, ништителски и капитулантски Преспански договор, за Договорот со Бугарија, за Охридскиот рамковен договор, за Законот за јазиците, или за било кој друг документ од национална важност наметнат и донесен со невидено евро-атлантско политичко насилство, баснословни поткупи и безочни уцени.

Од оваа „Извршна наредба...“ јасно се гледа колку е вистински кревок и неодржлив Преспанскиот договор кој, поради реалниот страв дека македонскиот народ ќе го поништи и ќе го фрли на ѓубриште, еве, мора да се брани и директно од Белата куќа.

Џо Бајден не може да ја замрзне историјата. Севишниот нема таков план со народите во светот. Такво нешто можат да си мислат само луѓе со поматени умови. Одвреме-навреме се појавуваат и низ светот се сменуваат такви сурови типови кои мислат дека се Господ Бог: Хитлер, Сталин, Бајден... Но светот секогаш одново наоѓа сили да се ослободи од тој антицивилизациски шкарт и оди напред. Така ќе биде и со господин Џо Бог.

Ве повикувам сите заедно уште позасилено и уште поенергично да ја продолжиме бескомпромисната борба за враќање на слободата и на достоинството на македонскиот народ

и на сите граѓани на нашата заедничка татковина Република Македонија, и да ги употребиме сите наши човечки права и сите расположливи демократски средства да ги поништиме Преспанскиот договор и Договорот со Бугарија, и темелито да ги ревидираме, или сосема да ги поништиме Рамковниот договор и Законот за употреба на јазиците.

Долу Преспанскиот договор!

Долу Договорот со Бугарија!

Слобода за македонскиот народ!

Слобода за Република Македонија!

9 јуни 2021, Фејсбук
По повод црната листа на конквистадорот Џо Бајден
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02xZkWcjdoKXCZw9bAxAWvEGEq6yD6uMitg4Xbs396J4nUbergktLtcHnY3qdFkvtel

9 јуни 2021

МАНИФЕСТ НА СЛОБОДАТА

Поробен Македонец е еднакво на секој поробен граѓанин на Република Македонија. Каштто има макар само еден роб – таму нема ниту еден слободен човек. За Слободата се живее, за неа се умира!

Македонски народе, граѓани на Република Македонија, Заев и неговата уличарска банда деновиве ги „испорачуваат“ нашите последни национални останки.

Како и секогаш досега во историјата, кога ни го држеа ножот под грлото, ни остана само нашиот национален лозунг: СМРТ или СЛОБОДА!

Овојпат дефинитивно сè е дотерано до крај, до ѕид, до агол, до безизлез. Ни преостана единствено решително да избереме: СМРТ или СЛОБОДА, како што знаеја храбро и достоинствено да одберат нашите најголеми национални синови низ историјата.

СМРТТА, понижувачка и срамна – тоа никогаш не смее да се заборави! – во нашиов мирен и благословен македонски дом ни ја донесе велепредавничкиот крвник Зоран Заев со својата бедна партиска и големоалбанска клика.

СЛОБОДАТА, тој најсветол збор за секој народ во светот – во наредните неколку денови за македонскиот народ до крај ќе се истопи со последната велепредавничка „испорачка“ на Зоран Заев. „Пакетот“ што го „испорачува“ со неповратна „пратка во една насока“ – тоа сме ние, македонскиот народ и сите граѓани на Република Македонија.

Затоа, сега ни преостанува само уште најдиректна, отворена, енергична и бескомпромисна ПОБУНА и БОРБА со таа

глутница мизерни предавници, дури и гради в гради, дури и човек на човека.

Ќе има ли во таа неизбежна Побуна индивидуални жртви?

Ако се препуштиме на судбината што ни ја зацртал квислингот Зоран Заев и дозволиме така евтино да нè продаде на туѓинскиот гнас – тогаш нема да има никакви индивидуални жртви. Ако не се кренеме многу помасовно, сега и веднаш, ако не излеземе уште поенергично на улиците во сите градови и села, и ако не покажеме решителен, најжесток можен отпор кон овој последен, смртен злостор над македонската нација – тогаш единствените и никогаш непрежални жртви ќе бидат целиот македонски народ и нашата вековна, заедничка, најголема, прекрасна, преубава романтична приказна – нашата најсакана татковина Македонија.

Имаме ли доволно храброст, имаме ли достатна решителност и сила за тоа, или ќе дозволиме да нè „спакуваат“ во своите софистицирани нацистички добиточни вагони и да нè интернираат кон Логорот на нашата национална смрт со голем фашистички натпис „Бугарија“?

Македонски народе, браќа и сестри, ве повикувам сите до еден, брат до брата, сестра до сестра, другар до другар, да се кренеме на нозе и да не дозволиме неколкумина нечовечки НУЛИ засекогаш да го уништат прекрасниот редок и неповторлив гениј и дух на благородниот македонски народ со сите негови цивилизациски и хуманистички доблести; да не дозволиме еднаш засекогаш да ни ја затнат устата со калта од своите валкани, црни, освојувачки чизми и да ни ги разбиваат забите со своите туѓински дивјачки кундаци и полициски пендреци.

Ги повикувам сите промакедонски партии и сите патриотски организации, веднаш да ги тргнат настрана своите мар-

гинални, секударни политички разлики и недоразбирања, и врз единствен македонски национален консензус, цврсто да се здружат во неизбежната пресудна заедничка борба за спас на Татковината, на македонскиот народ и на неговото заедништво со сите граѓани лојани кон Република Македонија.

Ова, браќа и сестри, е оној единствен, најважен момент во историјата на еден народ кога над сè ни е потребно општо македонско помирување, заедништво и братство. Не смееме да дозволиме тој судбоносен историски момент да нè одмине како бесмислено скарани, немушти набљудувачи на библиската трагедија и потоп на сопствениот народ и на сопствената нација.

Ја повикувам сета македонска интелигенција да заборави на сите меѓусебни разочарувања и поделби, да се сплоти во една македонска душа, да крикне за Македонија, зашто само на тој начин таа беше, таа е и засекогаш во светот ќе остане запомнета и препознатлива како израз на ненадминливиот гениј на македонскиот народ – и безрезервно да се придружи кон решавачката борба за спас на Македонија, зашто секогаш низ нашата историја, испишана со чисти, големи, слободарски букви, Синергијата меѓу македонскиот Народ и неговата Интелигенција, како меѓу високиот покрив на нашиот народен македонски дом и неговите цврсти и непоколебливи интелектуални столбови, непогрешливо нè водеше кон слободата, што во недалечното минато успеавме и да си ја изборime, што ја имавме, што уживавме во сета нејзина широчина и убавина, а сега, еве, безочни примитивци и предатори ни ја одземаат, ни ја разграбуваат, ни ја растураат и ни ја расфрлуваат на сите страни, претворајќи нè од слободни луѓе во ново багателно робје, изгазено, понижено и подложно на модерните конквистадори, оние далечните, и овие овде најблиски.

Ги повикувам сите македонски политички партии, сите релевантни слободни општествени субјекти и сите граѓани, во оваа тешка и нерамноправна борба да ја прифатат безрезервно поддадената патриотска рака на нашата македонска дијаспора во светот, а сите организации на македонското национално малцинство во околните земји да ѝ дадат братска, солидарна поддршка на борбата на македонскиот народ за целосно национално ослободување од страшните меѓународни и домашни гнетители и освојувачи.

Ги повикувам сите граѓани од немакедонска етничка припадност, Албанците, Турците, Србите, Власите, Ромите, исламизираните Македонци, и сите други народности што во својата испрелетеност и заемна проткаеност низ историјата и културата го чинат оној прекрасен, препознатлив цивилизациски симбол на Македонија – заедничкото Сонце, да си спомнат за долгите, незаборавни, мирни, братски десетлетија што ги делевме под ова благо и толерантно македонско небо, и безрезервно да се придружат во отпорот кон оваа сурова, стравотна, поробувачка, неолиберална и неоколонијалистичка машинерија, што е во постојан синхронизиран заеднички „погон“ со најмрачното светско криминално милје.

Зашто, браќа и сестри и драги пријатели на македонскиот народ, еден поробен Македонец е еднакво на секој поробен граѓанин на Република Македонија, без оглед на тоа на која националност или вероисповед ѝ припаѓа. Кајшто има макар само еден роб, таму нема ниту еден слободен човек.

Македонски народе, нè доведоа до работ на најцрниот национален понор! Ни остана само уште нашата решителна, бескомпромисна борба како единствено можно решение за спас на Татковината и на нашето општонационално битие!

Изборот е едноставен: СМРТ од ова стравотно велепредавство, или општонационална СЛОБОДА!

Да живее Слободата! За неа се живее, за неа се умира!

9 јуни 2021, Фејсбук
Манифест на слободата
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02mzeN7iuwcgWpJrUjV6Ea1T2P8SGZhBhYyvvWh6nTufuGEdqopq5SBzSLYMeDhdinl

9 јуни 2021, Macedonian Information Centre
Манифест на слободата
macedonianinformationcentre.org/article/item/814-manifestnaslobodata.html

10 јуни 2021, Денешен.мк Online
Манифест на слободата
https://denesen.mk/kliman-manifest-na-slobodata/

12 јуни 2021

Пост 007

КОНКВИСТАДОР

Беззаконието мое е Закон за вас!
За вашиот извор – трошарина!
За вашата нива – трошарина!
За вашета круша – трошарина!
За вашата трева – трошарина!
За вашиот пат – трошарина!
За вашата река – трошарина!
За вашиот ѕид – трошарина!
За вашето трло – трошарина!
За секое грло – трошарина!
За вашата насмевка – трошарина!
За вашата тага – трошарина!
За вашето Небо – трошарина!
За вашето Сонце – трошарина!
За вашиот Дом – трошарина!
За вашата Слобода – трошарина!
Јас сум ви Закон и Господ Бог,
Беззаконието мое е Закон за вас!
Трпете до века! Така ви било пишано!

12 јуни 2021, Фејсбук
Конквистадор
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02eTNJoUbSGFJRQSwwn7QoxfCAtSKdp3TYzvivErUW2vMyW9t2KLVeuUyih1A7JcTul

12 јуни 2021

МАКЕДОНИЈА, НАШИОТ ИЗГУБЕН АЛЕМ-КАМЕН

Индискиот нобеловец Рабиндранат Тагоре ја предвидел судбината на македонскиот народ. Интерпретирам дел од една негова лирска проза во која зборува токму за нас.

Некој човек тргнал пеш на пат да го пронајде алем-каменот, каменот на мудроста, со кој сѐ што ќе се допрело се претворало во злато.

Човекот околу појасот имал врзан железен синџир. Барајќи го алем-каменот, попат собирал камчиња и го допирал синџирот за да го претвори во злато.

Долго така одел по недоодните патишта, се наведнувал, собирал камчиња, го допирал со нив железниот синџир, и камчињата повторно ги фрлал во прашина.

Еден ден го пресретнало некое дете и му рекло: „Човеку, од каде ти е тој прекрасен златен синџир околу појасот?“

Вчудоневиден, човекот се погледнал, и навистина наместо железниот синџир околу појасот имал раскошен златен синџир. Тогаш, стаписан од ужас, сфатил што се случило: на долгите, тешки и недоодни патишта кон својата света цел, и не знаејќи, веќе го беше пронашол и го држел во своите раце толку бараниот, толку саканиот и толку ценетиот чудесен алем-камен, но – слепец при очи! – онака немарно и безумно го фрлил некаде во нечистата друмска прашина како нешто безвредно и безначајно.

Тогаш човекот, со стапала ранети и крвави од долгото залудно пешачење, тргнал назад по веќе одамна изодените недоодни патишта, одново да го бара прекрасниот алем-камен до кој толку тешко стасал, а така едноставно невнимателно го изгубил.

12 јуни 2021, Фејсбук
Македонија, нашиот изгубен алем-камен
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02Ugtrm19LyEmSPEdhooRbhmtCzGdehtKpPRDC85QpzsP8pptiLBsBfyBVzfHMHysml

18 јуни 2021

ОДЛИЧНИТЕ И ОБИЧНИТЕ / МУДРЕЦИТЕ И ПОЛИТИЧАРИТЕ

„Филозофијата лесно триумфира над минатото зло
и над злото што доаѓа во иднината,
но сегашното зло триумифира над неа“
Франсоа Ларошфуко: „Максими“, 22

Одличните се посебни, умни, длабоки, одмерени, со дистанца. Сите појави и нешта ги посматраат до нивната најфина суштина, ги спротивставуваат на други нешта и ги споредуваат со нив, поставуваат сложени премиси во нивното толкување и донесуваат филозофски заклучоци. Нивните констатации се јадровити како поговорки, совршено се прецизни, уверливи се и лесно се помнат.

Обичните се обични, плитки, површни, самоуверени и неодмерени. Сите појави и нешта ги посматрат во светлината на ситните случајни одблесоци околу себе, кои немаат никаква суштинска вмреженост во просторот и во времето, никаква длабинска смисла ниту последователност. Првото што ќе им падне на ум за нив е капитален мудар заклучок. Нивниот „филозофски концепт“ е „живеј од денес до утре“, „дејствувај од час до час“, „движи се одовде до онде“, па нешто ќе испадне.

Одличните се многу ретки. Обичните насекаде вреат.

Одличните им се сфатливи и со своите длабоки мисли и постапки допираат само до разумните. Обичните им се панаѓурски најпривлечни и најприфатливи на плитките и неразумните.

Одличните врз својот голем ум и дух го крепат и го креваат светот кон горе, кон чистото и убавото. Обичните само безмилосно го трошат, а неретко и брутално го уништуваат.

Одличните најчесто стануваат видливи и успеваат дури во иднината. Обичните со невидена леснотија успеваат и уживаат во својата „слава“ во сегашноста. Затоа одличните пресудно влијаат врз иднината, а обичните, многу често и сосема трагично, влијаат врз сегашноста.

Одличните, како скептици, можеби понекогаш и би посакале за кратко да се изгубат меѓу обичните, но добро знаат дека таму не им е местото, и во тоа никогаш не би успеале без грозоморна карикатурална разврска. Нивната метафизичка мисија е да бидат мудреци и да го поднесуваат агресивниот апсурден свет на обичните.

Обичните, пак, некои затоа што се само наивни, а некои затоа што се обични будали, секогаш се уверени дека спаѓаат меѓу најодличните и мудраците, но им припаѓа само неограничената безлична тривијлана обичност.

И одличните и обичните се нераскинливи делови од судбинското цивилизациско тркало.

За жал, тоа е доблеста, но и проклетството на светот.

18 јуни 2021, Фејсбук
Одличните и обичните / мудреците и политичарите
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0pJRpxT188wLwtP1wcinv5urqBNXfa5uvRfYvergS3p53FPFx18n6fwYD13bHAcapl

20 јуни 2021

ПРЕНАСОЧУВАЊЕ НА ИСТОРИЈАТА

Алфонзо де Албукерк (1453 – 1515), познат португалски адмирал, бескрупулозен освојувач и подкрал на Индија, со цел со глад и со жед да го уништи и воено да го покори Египет, во 1513 година имал намера да го пренасочи целиот тек на реката Нил кон некое ново устие во Црвеното Море. Доколу успееше во тој лудачки наум, јасно е какви немерливо трагични последици тоа би имало за целата човечка цивилизација.

„Пренасочувањето“ е една од најважните злосторнички методи при поништувањето и уништувањето на столетните и милениумските хуманистички дострели, во интерес на безочните освојувачи, господари на светот и тираните.

До која мера триковите со „пренасочувањето“ лесно и успешно се изведуваат најдобро покажуваат бенигните „пренасочувања“ на нашето внимание (за да не видиме што, всушност, се случува) со кое по кабареата нѐ забавуваат магионичарите. Сепак, по нивните изведени илузионистички точки, и по смеата и аплаузот, ние повторно среќно се враќаме во својата неизменета реалност.

Но историјата на светот е всушност историја на големи „пренасочувања“ (за да не видиме што, всушност, се случува) кон други, сосема неочекувани цели и настани, па сè до целосни „пренасочувања“ на некои најважни историски текови во сосема спортивната насока, кон назад. Наведувањето на тие и такви „пренасочувања“ би било предолго и пресложено за оваа прилика, но еве тука, пред наши очи, и врз нашиот македонски грб, се одвива едно од најстрашните злосторства на „пренасочување“ во светската историја:

Судбината на Македонија во последниве четири години, предадена во рацете на најголемите домашни и странски злосторници, е типичен пример на таквото невидено „пренасочување“ (за да не видиме што, всушност, се случува) и „свртување“ на вистината и на историјата кон назад. Како и нивниот брат по злосторство, португалскиот конквистадор Алфонзо де Албукерк, така и овие современи безочни ништители на Република Македонија и на македонскиот народ, со цел со национална глад и со национална жед и слепило сосема да ги сотрат за сите времиња, тие текот на објективната, низ долгите столетија органски создавана политичка и културна историја на Македонија и на македонскиот народ насилно го свртуваат кон вештачки создадените геополитички устија на тројната делта Бугарија-Грција-Албанија, кон тоа мрачно, антицивилизациско дело на евро-атлантските и НАТО инженери, криминално изведено од мизерните самозаљубени домашни велепредавнички идиоти.

Врвот, пак, на тоа „пренасочување“ на македонската историја по некои туѓински, вештачки „зацементирани“ корита кон туѓинските делти и устија е само дел од глобалното „пренасочување“ на најважната и најбистра река во човечката цивилизација, онаа на големиот Јохан Гутенберг – КНИГАТА, кон некои устија на матните дигитални и виртуелни води на интернетот, опасно контаминирани од најразлични неконтролирани состојки што длабински ја дерогираат и ја разводнуваат таа неспоредливо најголема и вечна придобивка на човештвото.

КНИГАТА Е МЕСТО НА ИСТОРИСКАТА ВИСТИНА!

МАКЕДОНСКАТА КНИГА Е МЕСТО НА МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИСКА ВИСТИНА!

Тоа што актуелно се случува со насилството над македонската книга и над македонските учебници во Македонија е

типичен пример токму на тоа дрско, примитивно и безочно „пренасочување“ (за да не видиме што, всушност, се случува) на нашите изворни национални дострели и цели кон насилно наметнатите туѓински цели и интереси, и тоа апсолутно КОН НАЗАД, што подлабоко и што подалеку кон темното, кон нејасното, едвај доловливо минато.

Доколку им дозволиме на тие злосторници до крај да успеат во остварувањето на својот лудачки наум, јасно е какви немерливо трагични последици тоа би имало за целото човештво. Зашто, Македонија е јадро на модерната европска цивилизација, и без нејзината изворна историска и културолошка центрипетална сила околу која со милениуми, со векови, и особено во последните 170 години, се вртат сите европски политики и меѓународни геополитички наддавања, тогаш сегашнава „политичка Европа“, која и така и така веќе се пресоздаде во своја целосна спротивност и во свој сопствен сурогат, едноставно самата ќе се пречкрта себеси од картата на цивилизираниот, хуманистички свет.

20 јуни 2021, Фејсбук
Пренасочување на историјата
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02AZbUgVDECY9NsjyxzLGH1bKp2Mw6irUv1TTWVKqkCicge3fiLWEsgrtdCEfho4Gl

22 јуни 2021
Пост 008

ДУШМАНОТ НЕМА НИ УШИ, НИ ОЧИ

Македонијо, пред библиски стравотното насилство – вербалниот пркос и клетвите не се доволни!

Душманот нема ни уши, ни очи, ниту какви и да е други човечки сетива под дебелата кожа, освен суровиот sверски порив крволочно да ја сотре и сосема да ја уништи својата невина жртва.

22 јуни 2021
Душманоѿ нема ни уши, ни очи
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0mBU5edQZq5egDGnbj4Vfx4GoCJUJebKwic75N5c2NikoUFatVjFgbT78aScEA4F7l

23 јуни 2021

ДО КОГА ЌЕ СЛУШАМЕ БЕСМИСЛИЦИ?

Британската амбасадорка во Скопје Рејчел Галовеј му порача на македонскиот народ: „И по ветото продолжете ја ЕУ агендата“.

А зошто, бре, госпоѓо Галовеј? Кога е таму толку добро и убаво, зошто тогаш Велика Британија, не обзирајќи се наназад, панично, со референдуми, ти реков ми рече, со тешки закани и уцени од страната на ЕУ, и со финансиски штети што со години ќе ги трпи поради напуштањето на Унијата, неповратно, среќна како мало дете со лижавче в рака, засекогаш избега од тој ужасен бирократски пекол?

Но сепак, мора да се признае, британската политиката ви е крајно доследна: Во екот на вашиот брегзит-циркус бившата премиерка Тереза Меи бесрамно дојде во Скопје да го уверува македонскиот народ на криминалниот заевски референдум да гласа против себе си, против своето национално Име и против својот национален Идентитет, и дрско и енергично да нè уверува оти местото ни било во ЕУ, која нè чека со раширени раце. Каков nonsens, и каква невидена непристојност! Време е, госпоѓо Галовеј, Велика Британија да си се погледне во своето никогаш непоматено хуманистичко огледало, во делото на Џонатан Свифт*. Таму ќе најдете одговор и за целофанската хипокризија со панделка на госпоѓа Меи, и за „мудроста со панделка“ што вие им ја упативте на македонските граѓани, се разбира, со подеднаква целофанска насмевка.

* Џонатан Свифт: „Вештината на политичкото лажење“.
(Jonathan Swift: The Art of Political Lying, October 1712).

За нас, за македонскиот народ, госпоѓо Галовеј, апсолутно најголем стимуланс да ја продолжиме ЕУ-агендата ќе биде само ако Велика Британија, солидарно со Република Македонија, реши веднаш, и тоа еднаш засекогаш, да се врати во топлите прегратки на маќеата ЕУ, зашто таму, во „европското цивилизирано друштво“ со големите „пријатели“ Бугарија и Грција, без вас ептен ќе ни биде празна душата!

23 јуни 2021, Фејсбук
До кога ќе слушаме бесмислици?
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0KN641rEexN4znXo1WT8A3SaV5pL1WNp8jT8AEjrdVqaVxdrYRfJNrT87Bz5CvKyrl

23 јуни 2021

ОСМАНИ ПРЕДЛАГА, ЗАЕВ ПРОЦЕСУИРА

1. Новата државна химна едноставно треба да биде само голо набројување на 140 националности, бидејќи од сите народи во светот во Македонија има барем по еден поединец, а никој не смее да биде испуштен од списокот на „мултинационалниот народ“ на Заев за да не биде повреден. Набројувањето на нациите во химната секако треба да оди според азбучниот редослед, зашто редно е новата македонска химна секако да започне со големата буквата А, а и секоја строфа исто така задолжително треба да започнува со буквата А, а да завршува со буквата Ш, која е изворно, општопознато име на големата буква А. И никаква друга содржина на химната воопшто не ѝ е ни потребна, особено не од минатото на македонскиот народ што воопшто не е важно, бидејќи Заев „создава нова историја на Македонија“. Најважно е, вели космополитскиот спортски работник Османи, химната „да нѐ спојува на спортските натпревари“.

2. Истиот принцип, продолжува тој, треба да се примени и при скорото повторно отворање на Тефтерот (според номенклатурата на еден наш истакнат филозоф) што во другите држави во светот вообичаено се вика Устав. Имено, од него итно треба да се исфрли сета останата содржина освен Преамбулата, во која, треба да се впишат пред сѐ Бугарите, а потоа и сите други 140 нации од светот чии поединци живеат во Македонија, за да нема меѓународен шовинизам, омрази, нетрпение и меѓуетнички недоразбирања во „мултиетничкиот народ“ на Зоран Заев. Со таков отвори-затвори Тефтер-Устав, конзистентно составен само од една долга Преамбула со попис на имињата на сите светски народи, се разбира,

освен македонскиот, кој е забранет, Македонија ќе стане најсовршена и најславна земја во целиот Космос, а Заев не само што ќе добие Нобелова награда, туку ќе биде прогласен и за најумен човек од мугрите на човечката цивилизација до денес.

Признавам, единствено не ми е јасно зошто сега политичката опозиција си се чешка на она незгодно место, наместо во три потези веднаш да му ја расплаче мајката и на клоци да го трупне во најстрого чуваната затворска лудница тој невиден Лудак, сега кога по сите негови квислиншки порази, ЕУ неуспеси и невидени криминали е апсолутно најслаб и кога вака, стиснат во ќорсокак, се ниша на стаклени нозе. Не знам – што мислите вие? – белки опозицијата чека Заев повторно да се соземе, како толкупати досега, пак да застане на нозе, да му се јави некој Хан или некој Сијарто со предлог за енергична „примена на балкански методи“, и пак да продолжи до бесконечност безочно да ги малтретира нормалните граѓани на Република Македонија. Ах!

23 јуни 2021, Фејсбук
Османи предлаѓа, Заев процесуира
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0wpwYbH3CzRxXPftgp7BNsn7iQhAzWezMW7QM1bvoGgN7XRuMHWkXrvJQhw98YghDl

27 јуни 2021

Пост 011

МАКЕДОНСКИ ПИСАТЕЛИ
(2017 – 2021 година)

Многу пролеано мастило за илузорна лична слава – малку пролеана пот за Македонија и за македонскиот народ.

27 јуни 2021, Фејасбук
Македонски пиѕаѓели (2017 – 2021 ѓодина)
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0SNZsNwiiWK2PkfeueB2oZGqF4vzWSwVeu64hZvJDHSPrJXqzRV1Dh5oXCzL7m6awl

29 јуни 2021

ЕУ – РАСАДНИК НА „ГЕНИЈАЛНИ МАКЕДОНИСТИ“

Ana Paula Zacarias, responda por favor: Qual é a sua profissão?

Ана Паула Закариаш, кажете ве молам, која е вашата професија?

Европската Унија (скратено: ЕУрека!) предничи во светот како македонистичка Мека, зашто таму, верувале или не, има најмногу „лингивсти“ кои се совршени специјалисти за македонскиот јазик. А зинат – а македонскиот јазик им е главна кулоарска „научна“ тема. Дури ниту ние во Македонија немаме такви врвни стручњаци за македонскиот јазик и за неговата историја.

Еве, штотуку од некоја црна дупка се измолкна уште едно такво с'скаво еу-лингвистичко сениште со расцепена lingua, државната секретарка на Португалија за европски прашања, АНА ПАУЛА ЗАКАРИАШ, која ex chatedra ни порача дека /северно/македонскиот јазик бил дел од бугарскиот јазик.

Ок, спокојни сме, зашто знаеме дека сега големоалбанското МНР со Бујар Османи на чело, веднаш ќе ја истресе од гаќи; и треба така! А ние, за секој случај, ќе ѝ порачаме на оваа сега веќе славна ЕУ-лингвистка, сосема разголена бугарска лобистка, своето феноменално јазикословно знаење да си го пренасочи во докажувањето на тезите дека португалскиот јазик не е само најобичен октроиран дијалект на шпанскиот јазик, и оти Португалците не се излезени од големошпанското палто.

Ana Paula Zacarias, responda por favor: Qual é a sua profissão?

29 јуни 2021, Фејсбук : ***ЕУ – расадник на „генијални македонисти“***
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid06LgV9zjZRXFg7dWm3KjsExBijwEJEMqu5hwE415yvyq4a5n7ght6ezZbjBQFceDm

29 јуни 2021

Пост 012

ИСПОРАЧУВАЊЕ

ЗОРАН ЗАЕВ:

„Интензивно испорачуваме! Согоруваме од испорачување! ЕУ? Декември – гарант!“

МАКЕДОНСКИОТ НАРОД:

„Среќа е што годината има само 12 месеци, а векот само 100 години“

ЗАЕВ МОРА ИТНО ДА БИДЕ УАПСЕН!!!

29 јуни 2021, Фејсбук

Испорачување

https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02RxKeMxugpNWZdMJVyYHHzEaR5JyYsjkZftHpppCypDRHiAhUyxhaZ4qUX86CTr6dl

30 јуни 2021

Пост 013

ИСТОРИСКИ ВАЖНА ИЗЈАВА
НА МИЦКОСКИ ВО БРИСЕЛ,
судбоносна за европската иднина на Македонија

Медиумите јавуваат дека претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски во разговорот со Комесарот за проширување на Европската Унија, Оливер Вархеји дал една судбоносно важна изјава:

„Забележливи се злоупотребите“, рекол Мицкоски, „кои власта во Македонија ги прави со европските вредности, а најеклатантен пример е воведувањето на поголеми давачки за граѓаните преку злоупотреба на европското знаменце. Таквото однесување нема никаква врска и е спротивно со вредностите на Европската Унија“.

И толку!

NO COMMENT!

Освен: Хахахахахахаха! Експлозивно, нема што! Брисел се стресе, а Заев веднаш падна ничкум!

30 јуни 2021, Фејсбук
Историски важна изјава на Мицкоски во Брисел
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid028P4geTy6Lv3Z2YYD9Q3Xuh4Mk4UwTEDCy2ckoPsyvc1WV37eoJVjNd2x6oLeonSPl

1 јули 2021

Пост 014

ДЕСЕТТЕ ЗАПОВЕДИ НА ЕУ

1. Барај глупави политичари и народ што им верува
2. „Квислинзите Напред – другите Стој!“
3. Гази ги и понижувај ги до смрт кревките народи
4. Лажи и ветувај сѐ што не мораш да исполниш
5. Цврсто консолидирај ги Силите на Оската
6. Антифашизмот на уста, фашизмот во пракса
7. Туѓото дишење е секогаш „говор на омраза“
8. Смртно мрази ги Русија, Кина и Турција
9. Македонците се Бугари, македонскиот јазик – бугарски
10. Македонија да ја снема, Голема Албанија да ја има

1 јули 2021, Фејсбук
Десеттте заповеди на ЕУ
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02hPjdydyrWy4wrXM34cGVzBDfjBRVDyjus38f2HTFomhLuJ2rbfp6xpBzUczX5CNWl

2 јули 2021

БАЛ НА ЗЛОСТОРНИЧКИТЕ СЕНИШТА НАД МАКЕДОНИЈА

Чествување на јубилеите на фашистичките злосторства над македонскиот народ. Неподнослива слика на триумф на Злото во нашата света столица Охрид.

Стуткани дома, разочарани, фрустрирани, депримирани, безнадежни, на ТВ и на своите компјутери и смарт-телефони ги гледаме како надуено се перчат овие безобзирни господари на македонскиот народ и на Република Македонија, собрани на купче, како она смрдливо купче што инаку надалеку го заобиколувате на патот: Зоран Заев, Алексис Ципрас, Метју Нимиц, Филип Рикер, Јоханес Хан, Федерика Могерини, Џорџ Робертсон, Талат Џафери, Никола Димитров, Бујар Османи, Радмила Шекеринска, Али Ахмети; недостасуваат само Бојко Борисов, Красимир Каракачанов и Екатерина Захариева, но и тие се тука, блиску, не ни излегуваат од мислите. Сите тие никаквеци безобразно ни се башкарат низ нашиот сопствен дом, низ нашата татковина, и како што ќе им текне ни „ја пишуваат историјата на Македонија“, а невидениот сторен меѓународен злостор и етноцид, на светот му го претставуваат како најголем цивилизациски исчекор во новата историја на Европа и на светот. Ужас!

Македонски народе, длабоко, длабоко замисли се: оваа петпаречка уличарска глутница, и тоа додека речеш „кекс“, ни ја растури татковината и нѐ претвори во свое црно, ментално, физичко и социјално робје. И тоа така едноставно, без каков и да е отпор, без да пуштиме глас...

Зошто си ја дадовме Македонија?

2 јули 2021, Фејсбук
Бал на злосторничките сеништа над Македонија
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02iX3TTbfyr15qNxXg6MCt6yxsbn2fmidMVdzsC9zArwDc8we8keXXF6gL6jcBABBol

3 јули 2021

ВИЗИТАЦИЈА НА БАЛКАНСКАТА КОЛОНИЈА „РСМ“

Ете, тоа, всушност, претставуваше собирот на никаквеци, наречен „Prespa Forum Dialog“.

Имено, од времето на првите безмилосни европски конквистадори и на создавањето на нивните први прекуморски колонии во Јужна Америка и Индија, во Африка и на Далечниот Исток, па преку морничавиот колонијалистички XIX век, сè до средината на минатиот век, кога постапно се привршува долгиот период на перманентната колонизација но и на борбата за деколонизација и ослободување од туѓинскиот јарем, колонизаторите, моќните европски сили, вршеле редовни официјални посети, таканаречени визитации на своите колонијални поседи, најстроги, неретко и брутални контроли и казнувања на домашните вазали и подвазали заради зајакнување на својата моќ и на својата власт во колониите, како и заради обесхрабрување на каква и да е примисла на поробените народи за отпор и ослободување од ропство.

Доаѓањето на вистинските актуелни гувернери, управители на Македонија, Рикер и Палмер, и организирање ваков претенциозен циркуски визитациски собир, со присуство на претставниците на европските вазали и на локалните подвазали е сосема очекувана работа. Колонизаторите си се колонизатори, колониите се колонии, вазалите се вазали. Нема тука никаква модернизација на постапката. Сето тоа е веќе безброј пати видено во историјата на безочниот светски колонијализам, кој никогаш не умира, туку постојано се врти како perpetuum mobile од еден крај на светот кон другиот. А бидејќи Азија, Африка, Латинска Америка, домородците во Амазонија, Индијанците и Аборицините сосема ја освестија

нужноста за своја политичка, национална и културна самобитност, на новите запенети колонизатори им останаа овие овде „будали“ на дивиот Балкан да ги поробуваат и да ги гнетат како што ќе им текне. Подобро нешто одошто ништо. Но ова „нешто“ никако не е малку. Тоа е Македонија. Многу, многу голем залак.

Сепак, во случајов со вештачкава квислиншка државичка што се вика „РСМ“ има и некои битни разлики:.

1. Овојпат колонизатор се, не европските земји, туку Соединетите Американски Држави и нејзината милитаристичка алатка НАТО, вазал е Европската Унија, а подвазали се малите локални политички ѓубриња, велепредавници и осведочени терористи. Реално, ЕУ нема сили ни себе си да се држи под контрола а не пак таму некоја си нова колонија „РСМ“ на Балканот. Но воената сила НАТО ѝ е многу важен партнер, и затоа улогата на современ колонијалистички субјект им ја отстапи на САД, а самите тие ту малку ваму-таму ќе им претаат на Американците, ту малку ќе ги слушаат, токму онака како што прават сите вазали, гледајќи ги и своите лични интереси на теренот. Улогата на подвазал, пак, му припадна на овој локален, валкан политички џган – Заев, Димитров, Шекеринска, Османи, Ахмети, Џафери, Груби и некои други ситни фашистоиди, кои Америте како нога од кокошка ги исчепкаа на најголемото политичко ѓубриште на Балканот, во Македонија.

2. Оваа колонијалистичка гувернерска визитација на Рикер и Палмер на нивната бедна балканска колониичка „РСМ“, меѓутоа, не беше сосема типична. Наместо да ги „контролираат“ своите цијашки, квислиншки и терористички подвазали и ефектноста на нивното слугување, тие дојдоа со јасна намера, и токму во одредено време, помпезно да ги величаат нив и нивните „големи дела“, и да ја ресетираат нивната

сосема разнишана и поткопана позиција во македонската и во светската јавност по сите евидентни политички и дипломатски неуспеси, срамни порази, безобзирни криминали и економски колапс на државата, и особено по неуспесите во започнувањето на преговорите со ЕУ. Затоа сето тоа и се крена на највисоко пропагандно ниво. Целиот тој таканаречен „Форум“ не беше никаков форум, туку една најобична, гола, гебелсовска пропаганда. Слушнавте ли од „форумот“ нешто ново или нешто друго освен патолошки забегани апологии и апотеози на големината и значењето на Рамковниот и на Преспанскиот договор, и се разбира апологии и апотеози на велепредавничкиот и туѓински слуга Заев? Се разбира, тоа е така затоа што тие многу добро знаат дека колонијата „РСМ“ засега ја држат само со едната рака, но сè уште им се лизга меѓу прстите од другата. Секоја нова изразито патриотска, мнозинска македонистичка власт лесно може да ги поништи, и секако ќе ги поништи, и Рамковниот договор, и Преспанскиот договор и Договорот со Бугарија. Значи, колку и да се конквистадорски надуени и препотентни, тие воопшто не спијат мирно поради длабокото незадоволство меѓу македонските граѓани, и особено кај македонскиот народ поради безумната деструкција на државата и на нејзините граѓански институции.

Конечно, дека целта на собирот беше најобична прозирна пропаганда а не дијалог и размена на мислења покажува и тоа што меѓу учесниците на „Форумот“ немаше ниту еден претставник од македонската политичка опозиција. Тие свесно беа бутнати во целосна невидливост, во циркускиот backstage, како воопшто да не постојат, а секако и да се покаже дека на „меѓународната заедница“ ѝ се сосема неважни.

3. Шарлатанскиот циркус на кој сведочевме, со учество на такви најдолни неранимајковци како Јоханес Хан, Федерика

Могерини и Метју Нимиц, имаше и недвосмислена задача на колонијалистичкиот „партнер“ на САД, Европската Унија, низ разни форми и формулации – а „форумите“ и служат за тоа – да ѝ се порача да се „охрабри“ во насока на нови потези кон проширувањето. Но сето тоа, видовме, е речено токму толку колку нешто да се каже, и со шарени политички пердуви и натаму да се мавта пред очите на македонскиот народ, зашто, се разбира, од сето тоа со ЕУ нема да има ништо, а ним тоа им е многу добро познато. Европската Унија е пресложен политички конгломерат за некои си Рикер и Палмер со суријата свои зинати подвазали нејзе да ѝ го одредуваат ритамот на срцето додека тоа страда од сериозна аритмија.

4. „Форумот“ во таа смисла ѝ беше сосема ирелевантен на Бугарија, која едноставно го избагателизира, го изигнорира, па што и да си блада Заев околу причините што „неговите пријатели“ од Софија не дошле во Охрид. Тие не дошле затоа што им било јасно дека ништо ново нема да чујат на еден таков чисто рекламно-пропагандистички собир. А не дошле и затоа што имаат тврдоглава, јасна и недвосмислена национална агенда да ги пребришат македонскиот народ и македонскиот јазик од лицето на светот, и нема што тука некој си Рикер или Палмер, а најмалку слугинчето и потрчкото Заев за тоа да им го соли умот.

Сѐ-на-сѐ, на „Форумот“ не се случи ништо важно и ништо ново. Тоа беше еден глупав и здодевен маркетиншки квази-спектакл. Рикер и Палмер беа сосема неинвентивни „визитатори“, а баш и немаа што да визитираат.

Единствено што беше навистина бескрајно мачно и крајно неподносливо, тоа беше свеста дека тој мизерен меѓународен и домашен, патолошки самозаљубен џиган, фалејќи се до бесвест, до ментален оргазам, својата валкана окупаторска чизма немилосрдно ја притиска и ја разгазува врз образот на наши-

от благороден народ, и тоа токму во Охрид, во престолнината на европската цивилизација, на сесловенската писменост и култура.

Господ нека ни вдахне сила и доверба во нас самите за да погледнеме кон иднината, зашто, и покрај сето најстрашно што ни се случи, и што така глупо дозволивме да ни се случи, Иднината и натаму е сосема отворена кон Слободата. А што ќе направиме со нив тоа зависи само од нас самите.

3 јули 2021, Фејсбук
Визитација на балканската колонија „РСМ“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02i4WGsaur6GioHSwGKj9Tu4RQghGXL7XCrL6HuGWMhzhff8mZATVDfBZLpyxx5sJhl

7 јули 2021

ПОРАКА ДО СИТЕ МАКЕДОНСКИ СИНДИКАТИ И ДО РАБОТНИЧКАТА КЛАСА НА МАКЕДОНИЈА

Ве молам, браќа по труд, не верувајте му ништо на неолибералниот ултракапиталист Зоран Заев! Тој бесрамно ве гледа во очи и безобзирно ве лаже. За своите болни капиталистички интереси тој ќе ви ги извади и очите. Тој не е и никогаш не може да биде на страната на работниците и на работничките синдикати. Историјата на човештвото не познава таква неприродна симбиоза капиталистите и работниците да се сакаат и да имаат заеднички јазик, бидејќи интересите им се дијаметрално спротивни: капиталистите сакаат од работникот да измолзат сè, нивната сила, нивната младост, нивната желба за живот, и да ги претворат во апатично работничко робје што в зори се буди, станува, оди на работа да им го спечалува нивното богатство, нивните мерцедеси, квадови, јахти, а навечер легнува да преспие и да собере сили за утредента да продолжи евтино да го продава својот црн труд; работниците, меѓутоа, само сакаат чесно да бидат наградени за вложениот труд, но кога тоа би се случило, капиталистите не би имале таков екстремно голем, неподнослив голем профит. Затоа никаков договор меѓу едните и другите не е можен. Македонија стана држава на милионери и на ситно работничко робје, независно дали станува збор за приватниот или за јавниот сектор. Неолибералниот капитализам е бескрајно алчен и прождира сè, а го спроведуваат неолибералните и криминални влади во светот каква што е и „владата“ на Заев.

Квислингот Зоран Заев досега беше, и сè уште е до гуша зафатен со распродажба и уништување на државните и на-

ционални интереси на Република Македонија и на македонскиот народ. Сè уште не стаса да се „занимава“ со уништување на македонските синдикати, како изворна, незаобиколна и важна сила на работните луѓе и на работничкиот социјален слој. Но морам да предупредам: македонските синдикати допрва ќе доживеат најдрски неолиберални расточувања и одземања на силата од страната на Зоран Заев и на неговата криминална влада. Засега само купува време и само ги влече за нос со умилни подмолни реченици од типот на оваа флоскула која претставува најмал заеднички содржател на сите негови ултракапиталистички заведувања, измами и лаги: „Владата е на страната на работниците“. Каква бесрамна лага! Ако е така, за што тогаш се борат синдикатите?!

Почитувани работни луѓе и работници, ве молам не лажете се, не дозволувајте вашата нужна и неизбежна Борба никаквецот Заев со бедни лигавења и подлизурковски флоскули да ја претвори во вечни „Преговори“. Од „Преговорите“ со него нема да видите ништо арно. Затоа ви останува само отворена бескомпромисна Борба за вашите работни и работнички права. Борба без здив и без пардон. На македонските неолиберални капиталисти и на лажниот социјалдемократ Зоран Заев очите им се закрвавени од немерливо богатење и од потреба по уште поголемо и понемерливо богатење врз вашиот грб. Со оглед на тоа што со вас, доколку бидете единствени и доследни, ништо нема да му оди како подмачкано, ќе стори сè да ги смени актуелните синдикални првенци и водачи кои не му се по ќеиф и да си постави свои лажно синдикални измеќари, тој ќе стори сè да ве разедини, да ве минимизира, со закон да ви одреди тнр. „квоти“, т.е. определена бројност на синдикатите кои единствено ќе имаат право да преговараат со Владата, а останатите, помали, ќе мораат или да им се приклонат на поголемите, или да исчезнат од синдикалната

сцена. Тој модел на однесување кон синдикатите не мора да го измислува Заев, тоа веќе одамна постои. Тој само ќе го примени врз познатиот неолиберален шаблон.

Запомнете, браќа по труд, поимот „социјален дијалог“ е најобична идиотска ултракапиталистичка измислица на глобалистичките неолиберални влади во светот. Нема ништо од тоа! Не постои достоинствен и коректен „социјален дијалог“. За вас постои само бескомпромисна синдикална Борба за своите права, Заедништво на работните луѓе и на работништвото, и постојан цврст и непоколеблив Притисок!

Не верувајте му на криминалецот и квислинг Зоран Заев, кој итно треба да биде уапсен по низа основи за сторен државно-политички и стопански криминал!

7 јули 2021, Фејсбук
Порака до сите македонски синдикати
и до работничката класа на Македонија
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/172668348254096

13 јули 2021

Пост 016

ЕВРОПСКОТО ЗНАМЕНЦЕ

Европското знаменце стана срамен симбол на политичко насилство и на хермафродитското едноумие на квислиншката власт на диктаторот Зоран Заев.

13 јули 2021, Фејсбук
Европ̄ско̄то знаменце
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/176816554505942

28 авѓуст 2021

НЕМА СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА – НЕМА ВЕСТФАЛСКИ МИР!

Сѐ додека Европа, Америка и другите фашистички марсовци низ светот ѝ доделуваат лигави награди и признанија на расшрафената велепредавничка проститутка Зоран Заев – тоа е најдобар знак колку смртно се плашат од ништовноста на Преспанскиот договор и на сите други заевски квислиншки договори, што топтан ќе завршат на меѓународното фалсификаторско ѓубриште каде што плебисцитарно ќе ги отфрли македонскиот народ.

Еј, бедни гнасови, црни колонијалистички арачлии, нацифашисти, да ви биде јасно, нашата македонска сто и педесетгодишна национална крвава борба за слобода и независност сѐ уште не е завршена!

Нема слобода за македонскиот народ и за Република Македонија – нема Вестфалски мир!

28 август 2021, Фејсбук
Нема слободна Македонија – нема Вестфалски мир!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/208030578051206

29 авѓуст 2021

ИМА САМО ЕДЕН НАЧИН...

Нашата мајчичка, нашата убавица Македонија сета е завиена во црно. Пронижана со неподнослива болка, со длабока горчлива тага од безочни повреди и понижувања. Како да се преброди, како да се преживее тоа? Лутината, бесот и пцовките, кои веќе одамна нездржливо го преминаа прагот на нашата пристојност, ништо не помагаат, зашто пред себе имаме страшен криминално-политички монструм со мразни сетила за сè што е човечко, едно сосема дехуманизирано суштество што в миг sверски се прилагодува на секој предизвик, а секоја нагла и неочекувана промена бескрупулозно ја пренасочува исклучиво кон својот лудачки интерес. Секое ново невидено зло за македонскиот народ одново му ги полни батериите, му дава нова хистерична сила да продолжи со деструкции од невидени размери. Тоталнато разурнување на сè што е разумно и логично е неговата единствена „конструктивна“ идеја водителка, нешто во што здравиот разум едноставно не се снаоѓа и не се разбира, та останува ужаснат, неподносливо збунет, парализиран, шокирано запрашан над уверливоста на Вистината, свртена сосема наглавечки.

Разединетоста на македонскиот народ е нашата неизлечлива Ахилова петица, нашата најслаба и најболна национална точка, и Заев и сите негови меѓународни, како и внатрешните големоалбански спонзори, кои многу добро знаат со каков патолошки самозаљубен идиот и будала имаат работа, од таму, од тоа наше најранливо место, од нашата поделеност и себеспротивставеност, не го тргаат своето заринкано злосторничко копје, туку постојано сè поподмолно го вртат и го заринкуваат уште подабоко и поболно.

Мораме да бидеме реални и да кажеме дека примислата дека ВМРО-ДПМНЕ со неколку прогнозирани дубиозни процентни поени предност пред СДСМ, и во коалиција со опозиционите албански партии, вистински ќе го „победи“ Заева на претстојните локални избори, не само што е наивна, туку е и сосема контрапродуктивна. Зашто, партијата на Мицкоски доброволно си стави в пазува две подеднакво отровни големоалбански змии потајници; дури и да им успее на изборите заедно да остварат победа, со тоа во Македонија нема ништо да се смени, освен власта на локално ниво, бидејќи никаков договор со големоалбанците апсолутно ништо не значи, тие немаат човечко и политичко достоинство, тие не држат „беса“, тие безочно лажат, тие ќе управуваат со локалните заедници со сопственото етничко мнозинство на својот препознатлив шовинистички, антимакедонски садистички начин. Кога имаш в пазува змија отровница, таа одвреме-навреме болно ќе те каснува за да ти вбризга прецизна доза отров, токму толку колку да не те убие а да те парализира за да може да си го тера своето студено лазачко зло. Мицкоски и ВМРО-ДПМНЕ не се мунгоси, никогаш нема да можат да излезат на крај со тие безочни политички насилници, кои, кога станува збор за големоалбанскиот проект, остануваат нераскинливи партнери со своите големоалбански собраќа од другите такви партии. Во таа смисла и приказната за божемната „заедничка борба против заевската корупција и за економски просперитет“ е приказна за мали деца. Целиот свет ја гледа и знае сè за заевската мрачна корумпирана држава. Таа, всушност, во светски рамки стана парадигма за тоа како безочно сред бел ден и пред целата јавност се ограбуваат народот и државата. Но оние на кои им е потребен лигавиот измеќар Заев, кој ќе прифати сè што ќе му се нареди само за да биде на власт, тоа апсолутно ништо не им значи: повремено

ќе даваат индиферентни изјави дека во Македонија имало корупција „на највисоките нивоа“, дека сме на сто и некое место на листата на корумпираните земји, и други слични глупости... и заевскиот карван ќе си оди натаму. Ним не им треба „даскалот“ Мицкоски. Ним им треба токму ваква муртинска суровица.

Единствена вистинска политичка победа и вистинска радикална промена во Македонија може да донесе само целосна, апсолутна победа над заевизмот и над големоалбанството! Но за тоа ниту ВМРО-ДПМНЕ, ниту другите македонски политички патрии со македонистички, патриотски но и граѓански концепт немаат ќефало, ниту способност, ниту храброст да одат до крај. Длабоко се потонати во екстатична партитократска, идеолошка или лична лидерска нарцисоидност, која потхранува само кариеризам и ништо друго. Без и најерлементарно чувство за реалност и капацитираност за македонистичка и граѓанска меѓусебно неоптоварена надпартијност, тие едноставно не се во состојба да направат сериозен политички исчекор што би ја извлекло Македонија од оваа ужасна невиделина и длабока цивилизациска дупка.

Без единство на македонскиот народ – нема ни единствена Македонија!

Се разбира, сите што си ја сакаат татковината, без оглед на националната припадност, се многу важни за создавање услови за нејзино закрепнување, граѓанско и економско заздравување и постапно враќање во реалноста од сегашниов виртуелен и виртуелно создаден кошмар, но без национално единство на бројно најдоминантниот македонски народ нема ништо од тоа. Сите вештачки коалиции со големоалбанците ќе останат само вештачки про-големоалбански коалиции, погодни само за реализирање на најразлични партикуларни партиски, етнички и лични интереси.

Ете, тоа неолибералистичкиот монструм Заев совршено го знае. Јавно глуми чедност, социјалдемократско „големо срце“ и политичка инклуизивност, безрезервен космополитизам и мултинационалност, а апсолутно не му е гајле за ништо од сето тоа и за никого освен за него самиот, и наоколу безпоштедно раздава сè што му припаѓа на овој народ, а најнапред националната слобода, националното достоинство и, се разбира, тула по тула, ќерамида по ќерамида, забрзано го раздава и нашиот единствен дом – Македонија.

Како, на кој начин во ваква македонска политичка безидејност и партиска млитавост, само со „идеја“ некако да падне власта на Заев, а други да се качат таму – на кој начин, значи, можеме да се решиме од сатаната и националниот сатрап Заев?

Да, има еден начин... Но не, не дај Боже, нема од тој велепредавнички, квислиншки и криминален гнас да правиме европски, американски и НАТО херој. Мора да ни биде јасно и да се помириме со тоа дека смртното зло што тој невиден злосторник ни го нанесе никогаш нема да можеме соодветно да му го наплатиме, ниту со доживотен затвор, што не му гине, ниту пак со некои други практични методи. Болките и понижувањата на македонскиот народ, за жал, главно ќе останат ненаплатени.

Постои само еден вистински начин: со сите сили и секојдневно жестоко, упорно да се бориме еден за другиот како Македонци и како граѓани, да не креваме раце едни од другите дури и кога наидуваме на неразбирање на проблемот или на апатија, да се обидуваме да го простиме она што може да се прости, да ја зајакнуваме и на сите страни да ја афирмираме нашата македонска национална свест, нашето македонско име, да не дозволиме веќе да стивнуваат и да гаснат нашата македонска национална жар и нашето национално чувство, каде и да сме. За жал, како што сега ни стојат работите, со

сегашниве македонски неспособни и кариеристички поткупливи политички лидери, ќе мора да протече уште доста вода низ Вардар пред да видиме бел ден, но ќе дојде моментот кога и Заев в неврат ќе го однесат матни води. Но сето тоа зависи пред сè од нас самите, од цврстината на нашиот дух, од нашата непоколебливост дека сме тоа што сме – Македонци, од силата на нашата национална меморија од која мораме љубоморно да чуваме и да запазиме сè, од нашите прекрасни народни песни, и оние ненадминливи, љубовни, но и оние прекрасни, единствени, патриотски, револуционерни, па сè до нашата литература, и белетристичка и историска, до нашата ликовна уметност, до нашиот топол емотивен македонски здив, до нашата човечка широчина и надалеку позната гостопримливост. Мораме да останеме тоа што сме – Македонци. Мораме да останеме интегрални во своето благородно македонство и во својата национална поврзаност. Премногу саморазјадувачки отров ни пуштија низ нашите национални жили, премногу нè отроваа и нè затроваа со мачни идеолошки омрази, заемни сомнежи и тешка недоверба.

Знам, знам дека најскептичните ќе речат дека само мечтаам, но од мечтата тргнува сè. Мечтата и реалноста беа тие што ги носеа нашите најголеми синови низ историјата кон угоре, до остварувањето на нашата асномска, слободна, независна Република Македонија. Без такви надежи, без такви мечти и копнежи по нашето повторно нераскинливо национално единство ќе ни остане само застрашувачката, монструозна, нихилистичка, серазурнувачка и сеуништувачка заевска реалност.

29 август 2021, Фејсбук

Има само еден начин...

https://www.facebook.com/page/107534494767482/search?q=%D0%98%D0%BC%D0%B0%20%D1%81%D0%B0%D0%BC%D0%BE%20%D0%B5%D0%B4%D0%B5%D0%BD%20%D0%BD%D0%B0%D1%87%D0%B8%D0%BD

1 септември 2021

Пост 018

НЕИЗЛЕЧЛИВО!

Главна тема во светот – Ковид-19.
Главна тема во Македонија – Албанците и нивните човекови и управувачки права во државата.
Сличност: НЕИЗЛЕЧЛИВО!

1 септември 2021, Фејсбук
Неизлечливо!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/210351781152419

9 септември 2021

Пост 019

ЗОШТО ГО ДОЗВОЛИВМЕ ТОА?!

Си ја гледам татковината Македонија, и се чувствувам немоќно како граѓаните на Њујорк, кога на 11 септември 2001 година стаписано гледаа како терористите пред нивни очи им ги уриваат Твинсите.

Зошто, зошто толку лесно им дозволивме пред наши очи да ни ја разурнуваат нашата преубава Македонија? И кому тоа? На најмизерни велепредавници, криминалци, терористи и фашистички окупатори!

9 септември 2021, Фејсбук
Зошто го дозволивме тоа?!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/215447037309560

13 септември 2021

КУМАНОВСКИ МЕЗ'Л'К

Читам „многу голема вест“: бедниот „советник“ од платниот список на Зоран Заев во најцрниот, најмрачен и најболен период за македонскиот народ, за Република Македонија и за македонската демократија, самопрогласениот „пристоен моралист“ Венко Андоновски, се вклучил – и тоа „со испратено писмо“! – во кампањата за претстојните локални избори, давајќи му поддршка на независниот кандидат за градоначалник на Куманово Максим Димитриевски. Опаааа! Од заевската богата синекурантска советничка трпеза спадна на кумановски мез'л'к. Подобро речено, сторил ниет Венко низ мала локална изборна кумановска порта пак да се врати во демократијата. Е, Венко, не оди тоа така. Твојот пријател по аморално филозоферско светочувствување Ферид Мухиќ, заевољубецот Људмил Спасов и ти имате на челото длабоко врежани две големи букви – ЗЗ. Тој валкан знак на заевски партиски слуги црвено ќе ви свети на челото до крајот на вашите морално сосема избербатени животеци.

Своето „советникување“ на велепредавничкиот квислиншки диктаторски гнас Зоран Заев Венко Андоновски го објаснуваше со божемни „големи културолошки проекти“ што ќе ги реализирал под власта на Заев, за кои тогаш „не можел јавно да зборува за да не му биде украдено авторското право на идеите“, но главно тоа требало да биде втемелување на значајни „македонски културни центри“ низ Балканот... Бла-бла-бла... Бла-бла-бла... Засега не знаеме колку народни пари добил „советникот“ Венко од вработувачот си Заев за тоа бесрамно јавно лажење.

Слугувањето на Заев никогаш не се заборава! ЗЗ! ЗЗ! ЗЗ!

13 септември 2021, Фејсбук
Кумановски мез'л'к
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/2185509003325071

19 октомври 2021

МЕЃУ НАЈМРАЧНИ ЗЛОСТОРНИЦИ НЕ СЕ БИРА ПОМАЛО ЗЛО!

Од сосема евтини политикантски причини, некои медиуми, па и оние што се сметаат за слободни и опозициски, го преземаат подметнатиот расипан наратив на заевското „скопско крило“, тнр. „интелектуално“, и ни лансираат ступидни целофански пораци за Радмила Шекеринска, постојано „изделувајќи ја“ и „разликувајќи ја“ од Зоран Заев.

Не, господа, никогаш, никогаш не смее да се заборави дека Радмила Шекеринска е една најобична велепредавничка МОРАЛНА НУЛА, која учествуваше во сите најпогубни дејанија против македонскиот народ и против Република Македонија. Спомнете си само за нејзината беда кога се облече во боите на окупаторското грчкото знаме. Беда, беда, беда!

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА Е ПОДМОЛНА ВЕЛЕПРЕДАВНИЧКА МИЗЕРИЈА, исто како и велепредавничката отровна змија Никола Димитров, кој исто така „скопските интелектуални заевисти“ почнаа да ни го гланцаат и да ни го подметнуваат како некој „поинаков“ од квислингот Зоран Заев. Никола Димитров, тоа лигаво велепредавничко ѓубре е оној слатко насмеан потписник на црниот капитулантски Преспански договор, и сите тие тројца, заедно со својата бандитска големоалбанска и криминална братија Ахмети, Османи, Џафери и Груби треба да лежат во најстрог доживотен затвор.

И примитивецот Заев, и „интелектуалците“ Шекеринска и Димитров се ВЕЛЕПРЕДАВНИЦИ и ништители на Република Македонија и на македонскиот народ!

Меѓу тие најмрачни злосторници во историјата на македонскиот народ нема да бираме помало зло. Македонија

има свои достоинствени, умни и чесни ќерки и синови да ја водат!

19 октомври 2021, Фејсбук
Меѓу најмрачни злосторници не се бира помало зло!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/241666608020936

1 ноември 2021

ЗАЕВ ПАДНА, НО ЗАЕВИЗМОТ НЕ Е ПОРАЗЕН

Македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија на штотуку одржаните локални избори сосема ги делегитимираа квислингот Зоран Заев и сите негови катастрофални политики и погубни неуспеси, но мора да биде јасно дека со тоа не е поразен и заевизмот, како најцрна и најопасна појава во целокупната македонска историја. Заевизмот претставува гнасен политички, економски и ментален општествен чир што треба сосема и трајно да се одстрани од телото и од душата на нашата татковина, ако сакаме Македонија национално-политички, општествено-економски, меѓуетнички и културолошки повторно да заживее како слободна модерна демократија.

Имено, веќе во изборната вечер, и тоа не само од небулозниот, небаре „победнички" говор на Заев, туку и од некои домашни аналитичари слушнавме безмалу чудни наративи, кои настојуваа неговиот пораз до колена, онолку колку што е можно да го релативизираат, толкувајќи ни дека тоа всушност и не е победа на изборно обединетите опозициски партии, предводени од ВМРО-ДПМНЕ, туку само пораз на СДСМ, и оти тоа не значи дека поради тоа требало веднаш да падне и владата, па дури дека не било нужно ниту тој самиот да даде оставка. Како да е тоа прашање на некаква фина политичка етикеција, а не резултат на немерливите штети што во сите насоки и во сите сегменти ги предизвикаа неговото лудачко владеење и неговата распашана „влада"! „Аналитичарот" Александар Кржаловски, така, излезе со тезата дека сега е најдобра опција и вистински момент во македонскиот парламент да се создаде голема коалиција меѓу победените и победниците, веројатно со некаква малку ретуширана иста влада, со Ар-

тан Груби на чело, за кој, онака лежерно, рече дека „сега тој е премиер“... И несомнено, според Кржаловски, веројатно наеднаш сите ќе станат добри, целиот оној заевски џган во парламентот кој рафално и безочно донесуваше погубни одлуки и закони за смрт на Република Македонија, за смрт на нејзините национални и државни институции, за смрт на нејзината државност, за смрт на македонскиот народ, на македонскиот јазик, за претворање на Република Македонија во бинационална држава, за смрт на македонското национално-историско минато и сето наше македонско културно наследство, за промена на името, со што дивјачки ја изгаснаа нашата изворна, историска национална градба, нашата длабоко осмислена асномска држава Република Македонија, и создадоа една бедна вештачка квислиншка квази-државна творбичка со ступидното троделно име, со чие воспевање и екскламација на тоа одиозно троделно име упатена кон македонската јавноста, која евидентно му го сврте грбот, Заев политички предсмртно го заврши и својот последен официјален говор.

Таквите прозаевистички наративи, со кои се започна веќе во текот на изборната вечер, кога се виде дека неговиот пораз е огромен, апсолутно се неприфатливи. Заевистите нека си живеат во тој свој маѓепсан круг сè додека не сфатат дека таа нивна недостоинствена фашистичка битка е сосема изгубена. Можеби некому, како на Кржаловски, да речеме, му се чини дека овој голем, радикален пресврт на локалните избори е само релативна политичка појава и релативна политичка победа, но треба да се знае дека со неа од темели е разнишано и немерливото заевско лудило, и сега преостанува само уште до крај да биде поразено, и тоа што поитно.

Железото се бие додека е жешко. Без запирка и воопшто без земање здив забрзано треба да се оди на создавање ново парламентарно мнозинство, на избор на техничка влада и на

брзи предвремени парламентарни избори, со кои сосема, или онолку радикално колку што тоа со своите доверени гласови ќе го одреди електоратот, треба од разорниот вирус на заевизмот да се прочисти и да се смени крвотокот на вкупното политичко одлучување во македонскиот законодавен дом, и Република Македонија да излезе од манијакалната коруптивно-криминална и квислиншка агонија на прегазена, окупирана и заробена земја каква што безобѕирно ја направи велепредавничкото и криминално царување и арачење на Зоран Заев и на неговата клика.

Само со бескомпромисен, убедлив и целосен пораз на заевизмот во сите сегмемнти на општествениот, економскиот, меѓуетничкиот и правно-политичкиот живот, Република Македонија ќе се врати на патот на едно слободно, нормално и вистински хуманистичко општество, во секој поглед компетитивно и според стандардите на сиот современ демократски свет.

1 ноември 2021, Фејсбук
Заев паднa, но заевизмот не е поразен
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02hB73rpiri6ouCo3d8x69B76bwad8vTB8rPxy6CacwjRDxW7ynMcy7q574VHLK5mWl

1 ноември 2021, Денешен.мк Online
Заев паднa, но заевизмот не е поразен
https://denesen.mk/kolumna-na-kliman-zaev-padna-no-zaevizmot-ne-e-porazen/

4 ноември 2021

ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР Е НАЦИСТИЧКИ ЗЛОСТОРНИЧКИ ДОКУМЕНТ

Видете, многу, многу е едноставно да се каже: „Преспанскиот договор е апсолутно ништовен, и наша политичка задача е сосема да го поништиме“.

Сите други, долги, сложени, заматени, измечтаени, измистифицирани толкувања, објаснувања и оправдувања дека шокантните изјави на македонските политичари оти тој е „реалност“ и оти затоа „треба да се почитува“ божем претставувале израз на нивна голема политичка итрина за да се надмудрат нашите надворешни и внатрешни окупатори – едноставно, и најблаго речено, се наивни, дилетантски или, за жал, најобично партиско кокошкино слепило, и прифаќање на мантрата дека зад очигледната, очебијната содржина на тие изјави се одвива некаква божемна сложена дипломатска битка. Но тоа е само начин да се изнајдат други имиња и еуфемизми за ступидната покорност и свиткана кичма пред окупаторот, кој во исто време не бара никакви забошотени и благи форми јасно и дрско да ни повторува: „Преспанскиот договор мора да се почитува! Преспанскиот договор мора да се почитува!“

На таа нивна безобѕирна силувателска секојдневна порака секој автентичен и уверлив македонски политичар би требало енергично да одговори: „Преспанскиот договор е ништовен, и кога ќе дојдеме на власт ние и официјално ќе го поништиме“. Само на таквите политичари ќе им веруваме, и само такви заслужуваат наш кредибилитет да се најдат на челото на македонскиот народ и на Република Македонија.

Преспанскиот договор е нацистички злосторнички документ и е „реалност“ само за оние што ја прифаќаат таквата брутална „окупаторска реалност“.

4 ноември 2021, Фејсбук
Преспанскиот договор е нацистички злосторнички документ
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/252218876965709

4 ноември 2021

Пост 032

САМО ПОИНАКВА НОМЕНКЛАТУРА

Коинциденција, или апсолутно совпаѓање?!

Двата партиски противнички слогани на едно место:

„Најдоброто за Македонија“ е „Новата иднина“ (со Преспанскиот договор како „реалност“).

Срам да ви е, бедни ненародни политичари!

Без крвава и отворена јавна дипломатска борба за итно поништување на криминалните велепредавнички договори, Преспанскиот договор и Договорот со Бугарија, сите вие ќе останете запомнети и запишани во историјата како велепредавници и квислиншки колаборационисти.

Преспанскиот договор и Договорот со Бугарија претставуваат најобично криминално, насилничко ѓубре, и македонскиот народ никогаш нема да ги прифати, освен изродите, и никогаш нема да ви ги прости подмолните измами.

4 ноември 2021, Фејсбук
Само ѿинаква номенклаѿура
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/251929526994644

4 ноември 2021

Пост 033

БЕДА НА ПОЛИТИЧКАТА ФИЛОЗОФИЈА

Премиса 1: Преспанскиот договор е „реалност“ и треба да се почитува.

Премиса 2: СДСМ и Заев се реалност.

Премиса 3: Преспанскиот договор, СДСМ и Заев се реалност.

Заклучок: „Реалноста“ треба да се почитува. Значи, не е потребна никаква промена.

4 ноември 2021, Фејсбук
Беда на политичката филозофија
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/252037986983798

4 ноември 2021

Пост 034

ВЕСЛАЧИ И ПЛИВАЧИ

Големоалбанските политички веслачи, распоредени во различни тимови, и натаму успешно си веслаат кон истата заедничка цел.

Македонските политички (не)пливачи, со гумени пајчиња под мишките, и натаму успешно се даваат во матната политичка вода до колена.

Судиите навиваат за веслачите.

(Не)пливачите навиваат за судиите.

4 ноември 2021

Веслачи и пливачи

https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/252230710297859

5 ноември 2021

Пост 035

ИМЕТО ПОСИЛНО СВЕТИ!

Што поагресивно го бришете името,
тоа сè посилно свети!
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!

5 ноември 2021
Името посилно свети!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/252762530244677

6 ноември 2021

ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

Верувам дека на наредните, многу скорешни предвремени парламентарни избори, ќе се појават голем број, особено помлади, квалитетни НЕЗАВИСНИ, интелектуално и стручно потентни кандидати, кои во позитивна, цивилизациска смисла ќе ја сменат сликата на македонскиот парламент. Тоа е неминовен процес. Стилот на партитократското владеење на Мурто и Курто е сосема излитен, се отвора простор за нови, пропулзивни идеи и пристапи. Во овие неколку изминати, за Македонија најтрагични години, стасаа нови луѓе кои со свои очи го видоа сето она што е најпогубно за државата и за општеството. Честитки до сите оние што учествуваа во тешката и нерамноправна борба за уривањето на Заев и на неговата велепредавничка и криминална клика, но и предупредување да не се успиваат на ловориките: промената што ја изборија отсега натаму ќе биде незапирлив процес и нов голем демократски предизвик и за нив самите. Ништо веќе нема да остане исто. На политичката сцена ќе опстанат само тие што ќе умеат да се прилагодат на тие радикални промени. Македонија се разбуди, Македонија се охрабри, Македонија секогаш била и е колепка и место на заеднички живот на различности, па така треба да биде и простор на толерантен соживот на различни политички концепти. Не мора и не смее веќе сè да завршува во најекстремна и најпогубна омраза, од кој и да е вид. Под македонското топло небо и под македонското сјајно сонце има место за сите добри и благородни луѓе. Политика која се храни исклучиво од екстремни поделби и омраза однапред е осудена на тежок, траен пораз и валкање во длабока кал и гнасотии, како што, еве, штотуку смртно

заврши и политиката на тешкиот и безобѕирен политички злосторник, Зоран Заев.

Ги поттикнувам сите умни, способни млади луѓе, на претстојните предвремени парламентарни избори решително да се кандидираат, и радикално да ја сменат сликата НА Македонија и сликата ЗА Македонија. Особено ги охрабрувам и ги поттикнувам жените да го прифатат тој голем и важен предизвик, зашто во нив лежи една енормна раздвижувачка и креативна сила, која досега ниту во Македонија, како ниту во многу други земји од политичката транзиција, не можеше да дојде до соодветен израз во застоените и закостенети патријархални архетипски претстави за политиката како зададен, најчесто многу здодевен, ексклузивен машки клуб.

6 ноември 2021, Фејсбук
Предвремени парламентарни избори
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/253248000196130

7 ноември 2021, Денешен.мк Online
Предвремени парламентарни избори
https://denesen.mk/kliman-predvremeni-parlamentarni-izbori/

7 ноември 2021

ОПАСНА ВОИНСТВЕНА РЕТОРИКА НА ГУБИТНИЧКАТА ДУИ

Во својата изјава по штотуку одржаното заседание на Генералниот совет на ДУИ, портпаролот на партијата, Бујар Османи, изјави дека граѓаните во Македонија треба да бидат мирни, бидејќи лидерот на ДУИ Али Ахмети ќе ја одржувал безбедноста во државата, така што Османи, контекстуално, но многу јасно, алудира на божемна нестабилност на државата и нарушена безбедност, и со тоа директно имплицира дека наводно постоела и закана од немири, а пак единствена респектабилна личност, според него, бил „генералисимусот" на УЧК, Али Ахмети, кој како некој „татко на државата", ќе се грижел за одржување на мирот, за нејзина стабилност и за безбедност на граѓаните. Претходно, како нарачано за истата мачна психоза на некоја новообмислена меѓуетничка напнатост, ги слушнавме и воинствените закани на едикојаси Шкодране Дардишта...

Очигледно е дека архетипското терористичко лудило на ДУИ и натаму тлее во тие луди глави. „Кајшто имало оган, доволно е само жарче огнот повторно да пламне", вели старата поговорка, сосема илустративна за суштината на пораките што на јавноста сѐ повжештено заканувачки ѝ ги испраќаат водечките лидери а, ете, гледаме и некои острвени членови на ДУИ.

Секако дека никако не треба да се потценуваат овие опасни тонови во реториката на ДУИ, од устата на нивниот портпарол Османи, кој притоа сѐ уште е и актуелен министер за надворешни работи на Република Македонија, но јасно треба да им се порача и нему и на Али Ахмети, и на сите нивни воинствени истомисленици дека како лидери и членови на

една политичка партија се само најобични рамноправни учесници во политичкиот живот во Републикава, и оти нивниот демократски „остварен“ изборен пораз не значи и аларам на сите ѕвона за меѓуетничка војна, дотолку повеќе што од другата страна на политичкиот спектар во тек е формирање на ново парламентарно мнозинство во кое консензуално треба да влезат и неколку политички партии со албански етнички предзнак.

За какви немири тогаш, за каква нестабилност и небезбедност говори Бујар Османи?

ДУИ, партијата и поединците што до политичкиот врв во Македонија се искачија со тероризам, насилство, закани и притисоци, а денес радикално ја изгубија довербата на својот електорат, едноставно треба да го смират својот воинствен газ, да забораваат на „чизмите“ на таванот, и да ја сфатат новата политичка реалност, т.е. дека отсега натаму веројатно ќе бидат партија во опозиција, можеби и засекогаш, и оти никој за нивните политички, директорски фотелји и лични царски бенефиции, ниту за нивните криминали, нема да води ни етнички ни граѓански војни. Тој филм заврши. На повид е една можна поинаква македонска внатреполитичка реалност, несомнемно сложена и мошне предизвиклива, но ДУИ во никој случај веќе не е и не може да биде некаков си фактор на стабилност и сигурност во државата, а пак најмалку Али Ахмети, со своите „пајдаши“ Османи, Груби и Џафери, и македонскиот велепредавник бр. 1, Зоран Заев, со својата партиска квислиншка клика, кои сите заедно, со безочни узурпации, ѝ нанесоа немерливи и непоправливи штети на младата македонска демократија, на македонскиот правно-политички систем, на државната економија, и, над сѐ, на мирниот заеднички меѓуетнички соживот во Македонија.

„Почесниот доктор“, офицерот на УЧК, Али Ахмети нека се зафати со пишување мемоари за своите терористички и

„политички“ години, исполнети со воено и политичко насилство и најпримитивна квази-политичка дрскост и агресивност; можеби ќе раскаже нешто што досега не ни било познато за него и за „неговите“, и нека не ни изигрува никаков самоповикан „татко на нацијата“.

За својот дефинитивен неуспех да стане претседател на државата (Pse jo?), што широкоградо му го вети онаа најдолна морална гнида, невидениот велепредавник и најмизерен квислиншки слуга, муртинскиот „нобеловец“ Зоран Заев, нека разговара со него лично, и нека си се договорат на кој начин Заев тоа ќе му го надомести. Веројатно за тоа има некаков соодветен начин во духот на метафоричните „чизми“ од таванот.

7 ноември 2021, Фејсбук
Опасна реторика на губитничката ДУИ
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/254110213443242

8 ноември 2021, Денешен.мк Online
Опасна реторика на губитничката ДУИ
https://denesen.mk/kliman-opasna-voinstvena-retorika-na-gubitnichkata-dui/

9 ноември 2021

ГОЛЕМОГРЧКА ГЛУПОСТ НА КВАДРАТ

Секој има право да зборува глупости, па така и Александрос Маљас, бивш грчки амбададор во Македонија, кој изјави дека Преспанскиот договор е вечен и никој не може да го раскине.

„Мало сутра“, господине Маљас, што би рекол вашиот гркофашистички слуга Зоран Заев.

Преспанскиот договор е најобично неважечко фалсификаторско политичко криминално ѓубре, потпишано од две фашистички ѓубриња, Димитров и Косиас, и во соодветен политички момент во Македонија ќе биде едностранo откажан и фрлен на буниште, кај што му е местото.

Кога господин Маљас барем малку би верувал во светата вечност и во бесмртност на тој ништовен силеџиски „документ“, воопшто не би се пењавел толку во негова одбрана, како и сите други грчки политичари. Но наглото актуелно искокнување на Маљас на федер од црната гркофашистичка ѓаволската кутија сега треба само да послужи за брза дневна дезавуација на новото македонско парламентарно мнозинство во фаза на формирање, и за спас на политичкиот мртовец Зоран Заев, пред неговото претстојно уривање од власт.

Вашата изјава е најобична големогрчка глупост на квадрат, господине Маљас. Седнете си пред телевизор и гледајте вести за да видите како вашето слуганско велепредавничко миленичe, Зоран Заев, си ги собира парталите и се готви за долг престој во Идризово.

9 ноември 2021, Фејсбук
Големоѓрчка ѓлуѓост на квадраѓ
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/255295006658096

9 ноември 2021

Пост 040

АСНОМСКА МАКЕДОНИЈА

САМО АСНОМСКА МАКЕДОНИЈА Е ГАРАНТ ЗА СТАБИЛНОСТА ВО ОВОЈ ДЕЛ НА БАЛКАНОТ!

9 ноември 2021, Фејсбук
АСНОМСКА МАКЕДОНИЈА
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/255311226656474

9 ноември 2021

Пост 041

„МАЛО СУТРА!“

Започнување на преговорите со ЕУ во декември:
„МАЛО СУТРА!“

9 ноември 2021, Фејсбук
„Мало сутра!“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/255347953319468

10 ноември 2021

Пост 043

ПОДВОЕНА ЛИЧНОСТ

Заев: „Ќе поднесам нова привремена оставка во декември кога ЕУ ‚мало сутра' ќе ми даде датум за почеток на преговорите. Дотогаш супер ќе ја стабилизирам државата и со мирна душа ќе можам да се повлечам и да му ја препуштам на својот наследник – Црпко".

10 ноември 2021, Фејсбук
Подвоена личност
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/255779039943026

15 ноември 2021

Пост 049

ДИПЛОМАТСКИ ПОГОН

Највисоки дипломатски извори во ЕУ и САД ја потврдуваат изјавата на „киднапираниот“ пратеник Кастриот Реџепи:

Во Европската Унија сите служби се ставени во најитен апсолутен денонoќен погон и подготовки за да може Македонија на 14 декември свечено да биде примена во ЕУ.

„Без Македонија“, велат изворите, „за ЕУ нема ниту прогрес ниту иднина. Го молиме, го преколнуваме Зоран Заев до тој судбоносен датум да ја стабилизира државата, и да ја спаси од криминал, корупција, политичко и полициско насилство, и особено од лагите што ѝ се закануваа на демократијата, доколу паднеше неговата (во ЕУ и во САД) според транспарентноста и чесноста на работа, најценета светска владата“.

Уф, добро е што највисоките дипломатски извори оваа убава вест му ја јавија на Реџепи, а ние замалку тотално ќе ја оплескавме работата и немаше на 14 декември да влеземе во ЕУ!

15 ноември 2021, Фејсбук
Дипломатски погон
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/259102829610647

15 ноември 2021

Пост 052

СПОДЕЛЕНА „ДРЖАВНИЧКА МУДРОСТ“

Бојко Борисов до Заев: „Батко Зоран, дадов оставка поради тоталниот крах на изборите. Што понатаму?“

Зоран Заев до Борисов: „Немај гајле, брату Бојко, ништо полесно од тоа: сега само одложи ја оставката на неодредено време, додека ги стабилизираш партијата и државата“.

15 ноември 2021, Фејсбук
Споделена „државничка мудрост“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/259315802922683

16 ноември 2021

Пост 053

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 1

УШТЕ САМО 29 ДЕНА до „влегувањето“ во ЕУ – според „киднапираниот“ Рецепи.

16 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 1
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/259543006233296

16 ноември 2021

Пост 054

ЛИДЕРИТЕ НА ЕУ ВО ПАНИКА!

Деновиве САД живее во трескавична паника. Црвените телефони на европските премиери, претседатели и министри се вжештија од меѓусебни повици, и од контактите со Америка. Владее паничен страв, и над севкупниот политички живот се наднесе кобното прашање: „Боже, ќе успееме ли да го исполниме ветувањето што му го дадовме на ‚киднапираниот‘ Рецепи, Македонија на 14 декември да влезе во Европската Унија, барем со отворање на преговорите?“ Одовде, пак, од Македонија, Заев смирено порачува: „Не грижете се, јас и прогресивните сили, еве, интензивно ја стабилизираме државата. Поарно – здравје!“. God Bless Rexepi!

16 ноември 2021, Фејсбук
Лидерите на ЕУ во паника
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/259644702889793

17 ноември 2021

Пост 056

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 2

УШТЕ САМО 28 ДЕНА ДО ВЛЕГУВАЊЕТО ВО (ЕУ) – (Рецепи).

17 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 2
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/260178659503064

17 ноември 2021

Пост 057

ПОЛИТИЧКИ САМОВОЗБУДИ

Политичари, ма бидете веќе еднаш сериозни, и не правете меѓународни глупи смешки и циркуси со вашите наивни, „самовозбудени“ пораци до ЕУ. Па зарем е толку тешко да се сфатат нивните безброј пати совршено јасно декларирани и манифестирани студени пораци дека нема ништо од приемот на Македонија. Тој воз е поминат. Определете се за некое друго достапно средство за превоз кон иднината. Не лажете го народот.

17 ноември 2021, Фејсбук
Политички самовозбуди
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/260282749492655

18 ноември 2021

Пост 058

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 3

BREAKING NEWS: Уште само 27 дена до влегувањето на Македонија во ЕУ (Source: Rexepi).

18 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникоѿ на Рецеѿи 3
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/260757466111850

18 ноември 2021

Пост 059

АКТУЕЛНО ОД БРИСЕЛ

Од Советот на ЕУ ја известуваат светската јавност дека со приемот на Македонија, предвиден за 14 декември годинава, ќе се доцни барем еден ден. Имено, во подрумот на Европскиот парламент се откриени големи инсталации на мајнери за копање биткоини, и има многу сериозни докази дека некој безочно ја краде европската струја. Дури има сомневања дека тоа го прави владата на Зоран Заев.

Истрагата околу овој голем скандал е во тек. Заев, меѓутоа, бара „одложување“ на истрагата на неодредено време „додека ги стабилизира партијата и државата“.

18 ноември 2021, Фејсбук
Акѿуелно од Брисел
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/260872242767039

18 ноември 2021

Пост 060

СТАБИЛИЗАЦИЈА

Од „висок, неименуван извор“, најблизок до лидерот во Регионот, Зоран Заев, неочекувано во јавноста се пронесе една најстрого чувана државна тајна: „Партијата и државата сè уште не се стабилизирани“. Заев бара итна одговорност за тоа.

Хм, за откриената класифицирана вест, или за нестабилноста на државата?

18 ноември 2021, Фејсбук
Стабилизација
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/260884079432522

18 ноември 2021

ЗАЕВ ЈА ОТВОРА ЕВРОПА КАКО ПУПКА

За најновиот „План на Заев за датумот“, жешкиот меѓудржавен костен да ѝ го тутне в раце на ЕУ, Истровенетите колоквијално би рекле: „Idea xe buona, ma poeta xe monna“, во значење „Идејата му е добра, но поетот е пизда“. Тоа е народна умотворба која иронично се подбива со нечија екстремна Глупост, со големо Г, каква што е, веќе по својата неповторлива природа, Глупоста на квинслиншкиот „поет“ од северџанскиот чардак ни на небо ни на земја.

Суштината на генијалната „идеја на пизда-поетот“ е решавањето на проблемот „да се одложи на неодредено време“ како и неговата „оставка“, „додека не ги стабилизира партијата и државата“ .

Ок, можеби идиотскиот тандем Димитров и Османи, со своите поср*ни „диломатски торби полни со аргументи“, спектакуларно успеале да им ги скршат срцата и умовите на Макрон и на сите други европски лидери, и оти внесувањето на таков стравотен, неразмрслив бугарско-македонски хаос во актуелниот хаос на самата ЕУ ќе биде нешто супер добро, но проблемот е во тоа што ЕУ веќе има полни дланки такви и слични многу жешки костења, па едвај чека да го преземе врз себе и немерливото бугарско политичко лудило и пеколната неизлечлива лудост на Заев.

Прашањето за милион долари гласи: кому сега да му веруваме: на Рецепи, кој има уверливо волшебно стапче од „висок дипломатски извор“, или на докажаниот илузионистички пизда-поет Зоран Заев?

18 ноември 2021, Фејсбук
Заев ја отвора Европа како пупка
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/260834152770848

19 ноември 2021

Пост 061

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 4

Само уште 26 дена до ЕУ!

19 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 4
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/261384829382447

19 ноември 2021

Пост 062

АВТОРИТЕТОТ НА РЕЦЕПИ НА ПРОВЕРКА

А бре Кастриот, те молиме, вложи го својот голем меѓународен авторитет, и јави му се на тој свој „висок дипломатски извор“ и кажи му дека Бугариве ни прават страшни проблеми со датумот. Нека ги стегне малку. Еееј, човеку, ќе задоцниме за ЕУ на ветениот 14 декември. Поради тебе Заев нема да успее да ги стабилизира ниту парт(ал)ијата ниту владата.

19 ноември 2021, Фејсбук
Авторитетот на Рецепи на проверка
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/261491519371778

20 ноември 2021

Пост 064

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 5

Само уште 25 дена до ЕУ! WOW!

20 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 5
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/261818072672456

21 ноември 2021

Пост 068

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 6

Уште само 24 дена до ЕУ!
Самото Небо ни го прати „киднапираниот“.

21 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 6
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/262465482607715

22 ноември 2021

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 7

Пост 069

Уште само 23 дена до ЕУ!

Само вакви храбри, некорумпирани политичари како „киднапираниот“ Рехепі, можат да нѐ воведат во Европа! Ние сме среќна нација што ги имаме толку неброено многу, и што се „активираа“ во најклучните моменти за државата.

22 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникоѿ на Рецепи 7

https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/263328565854740

23 ноември 2021

Пост 071

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 8

Уште само 22 дена до ЕУ!

Копното на Европа е на повид! Луѓе, итно снабдувајте се со пиротехнички средства за свечени огномети! Наскоро ќе славиме до бесвест! „Киднапираниот“ Рецепи е во секојдневен контакт со „високиот дипломатски извор“.

23 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникоѿ на Рецепи 8
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/263822109138719

23 ноември 2021

Пост 073

ШТО ТОЧНО РЕКОЛ МАКРОН?

Сопругата на Рецепи веднаш да одржи конференција за медиумите! Јавноста има право директно од неа, како од „висок дипломатски извор“, да дознае што точно рекол Макрон, а потоа во МАНУ да одржи и предавање на тема „Велепредавствата како пат на Македонија кон ЕУ“.

23 ноември 2021, Фејсбук
Што точно рекол Макрон?
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/264146395772957

23 ноември 2021

Пост 074

УТЕШЕНИЕ ГРЕШНИМ

Утешно е барем тоа што „киднапираниот“ Рецепи е во 24-часовен директен контакт со „високиот дипломатски извор“ – неговата сопруга.

23 ноември 2021, Фејсбук
Утешение грешним
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/264149029106027

23 ноември 2021

Пост 075

НА ВИСТИНСКАТА СТРАНА

Тешко е, боли, но ќе се издржи. Но чувството дека си на вистинската страна во борбата против најголемото ЗЗло што ја погоди Македонија во текот на целата нејзина историја, секогаш одново ти влева нови сили и несопирлива енергија за борба и отпор.

Да живее Република Македонија!

23 ноември 2021, Фејсбук
На вистинската страна
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/264204979100432

24 ноември 2021

Пост 079

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЏЕПИ 9

Уште само 21 ден до ЕУ!

Од „високи дипломатски извори“, меѓутоа, дознаваме дека преку проверени дипломатски канали Макрон дочул оти „киднапираниот платеник“ Реџепи, екс-потпретседател на партијата „БЕСА“, бедно и срамно си ја погазил албанската света беса, па затоа и Макрон ќе си земе за право да ја погази својата света евро-интегративна беса за која „Радио-Фатиме“ слушнала нешто во некои вести на некоја телевизија. Во Македонија владее длабока загриженост дали на 14 декември „нобеловецот“ Заев ќе седне до Макрон на иста маса al pari со најголемите европски лидери на денешнината.

24 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Реџепи 9
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/264544119066518

24 ноември 2021

Пост 080

НЕ... NON... JO...

Владата на Заев по итна постапка му одобри стипендија на „високиот дипломатски извор“, сопругата на „киднапираниот платеник“ Рецепи, за курс по француски јазик за да може точно да ги разбере негативните „евро-интегративни“ пораки на Макрон, т.е. да го научи едноставниот збор НЕ, non, jo... Non, jamais!

24 ноември 2021, Фејсбук
He...non...jo...
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/264747872379476

25 ноември 2021

Пост 081

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 10

Уште само 20 дена до ЕУ!

Според „високиот дипломатски извор“ (ги пренесува „киднапираниот платеник“ вестите на „Радио-Фатиме“), Макрон му упатил остра порака на Зоран Заев со децидно барање, цитираме: „Ајде бре веќе еднаш стабилизирај ги државата и својата парт(ал)ија, не тегави веќе. Ни здодеа со разни идиотски пролонгирања! Демократијата треба да се поттурне кон напред! ЕУ ве чека со нетрпение! Ни изгоре душата по вас! Снема време за чекање! Во спротивното, во последен момент ќе бидете изолирани и препуштени на туѓи антизападни влијанија, и нема да има ништо од Нобеловата награда, а тебе ќе ти биде блокиран и извозот на ајвар“.

25 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 10
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/265105085677088

25 ноември 2021

Пост 082

СЕКОЈ ПЕТОК ОСТАВКА

Народе, добро е! Државата и парт(ал)ијата на Заев се стабилизирани! В петок поднесува НОВА ОСТАВКА!

25 ноември 2021, Фејсбук
Секој петок оставка
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/265187925668804

25 ноември 2021

Пост 083

СДСМ ГО ДАВА – ДУИ НЕ ГО ДАВА

ДУИ не го дава Заев. Тој „мора“ и натаму да биде премиер! Уште не ја сотрел Македонија до крај, според големоалбанската агенда на ДУИ.

25 ноември 2021, Фејсбук
СДСМ го дава – ДУИ не го дава
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/265508822303381

26 ноември 2021

Пост 084

„АПСОРПЦИЈА“

„СЕВЕРНА“ НИКОГАШ НЕМА ДА БИДЕ
„АПСОРБИРАНА“ ОД МАКЕДОНСКИОТ НАРОД.
(Нео-идиотизмот „апсорбирана“
е „креација“ на идиотот Фрчковски).

ЗА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПОСТОИ САМО ЕДНА
ТАТКОВИНА: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!
ДА НИ Е ВЕЧНА!

26 ноември 2021, Фејсбук
„Апсорпција“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/265563832297880

26 ноември 2021

Пост 085

ОКТРОИРАНИОТ

Најмал заеднички именител за заевскиот „политички концепт“ на владеење во парт(ал)ијата и во државата е зборот ОКТРОИРАН.

„Држава тоа сум јас – октроиран“.

„Партија тоа сум јас – октроиран“.

„Слуга квислиншки и големоалбански тоа сум јас – октроиран“.

„Октроиран сум да октроирам“.

Сдсмовци, не се залажувајте дека вашето мислење и вашите зборови воопшто имаат некаква вредност и значење за Октроираниот Октроител. Тој ќе ги прими на знаење и ќе ги сфати само доколу веднаш ДЕНЕСКА на клоци, буквално на тврди и недвосмислени клоци го исфрлите од своите редови. Но вие за тоа не сте способни. Затоа, не правете си бајрам на умот: ништо не му значите и ништо не му можете, а Октроираниот ќе Октроира и натаму сè додека тој невиден гнас и мизерија конечно не ги запознае вистинските клоци од македонскиот народ што толку безочно го газеше и го понижуваше.

26 ноември 2021, Фејсбук
Октроираниот
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/265784438942486

26 ноември 2021

Пост 086

КУРТОАЗНИ ПОЛИТИКАНТСКИ „ЛЕКОВИ“

ВМРО-ДПМНЕ бара оставки од Спасовски и Бочварски. Хахахахахаха! Гарант ќе ги дадат.

Луѓе, зошто упорно употребувате проверено бескорисни куртоазни политикантски „лекови“ за тешката смртна болест која бара само радикален, инвазивен зафат?

26 ноември 2021, Фејсбук
Политички куртоазни „лекови“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/265826575604939

26 ноември 2021

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 11

Пост 087

Уште само 19 дена до ЕУ!

Аирлија! Помалку од 3 седмици до европските ѕвездички. Ни идат морници од невидена среќа! 14 декември не е далеку, ќе издржиме уште толку.

26 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 11
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/265831442271119

26 ноември 2021

Пост 089

ХИЧКОК: „КРИК НА СТРАВОТ“

Благословена ли е онаа држава чијашто европска иднина ја спасуваат Заев, Ахмети, Гаши и Рецепи!

26 ноември 2021, Фејсбук
Хичкок: „Крик на стравот“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/266094368911493

27 ноември 2021

Пост 090

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 12

Уште само 18 дена до ЕУ!

Денес, без зборови. Секој нека си ја врти својата размисла за овој невиден суициден феномен што ни се случува.

27 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 12
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/266424365545160

28 ноември 2021

Пост 093

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЏЕПИ 13

Уште само 17 дена до ЕУ!

„Радио-Фатиме“ јавува дека, според најблискиот семеен „висок дипломатски извор“, инаку моментално на курс по француски јазик, „киднапираниот платеник“ Кастриот Реџепи во моментов врши секојдневна интензивна инспекциска контрола на владата. По контролните интервјуа со премиерот Заев за текот на стабилизацијата на државата, и со министерот Османи за актуелните прашања во врска со текот на процесот на создавање Голема Албанија, пред Реџепи отчет мораше да даде и министерот Маричиќ за остварувањето на нашите највисоки стандарди во правосудниот систем и во почитувањето на човековите права и слободи. Сите тие енергично, речиси навредено што Реџепи така сомнежливо ги контролира, му потврдија дека „нашата држава“ и „нашиот мултитнички народ“ се апсолутно подготвени веќе „утре сабајле“ да влезат во ЕУ, а за 14 декември и да не зборуваме. Според истиот извор, Реџепи наводно им го рекол и следново: „Им ветивме на граѓаните – ајде сега и да им го испорачаме ветеното“.

28 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникоѿ на Реџеѿи 13
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/266997802154483

29 ноември 2021

Пост 094

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 14

Уште само 16 дена до ЕУ!

Од вчера имаме уште еден ЕУ-бројчаник. Бујар Османи пресметал дека до договорите со Бугарија и отворањето на вратите на ЕУ ни се потребни само 14 дена. Очигледно е дека големоалбанците се стручњаци за политички календари.

Во моментов календарската разлика помеѓу ЕУ-бројчаникот на Рецепи и ЕУ-бројчаникот на Османи е 3 дена, што може да се смета за вообичаена статистичка грешка. Но, како и да е, со едната нога, онаа големоалбанската, веќе сме во ЕУ.

29 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникоѿ на Рецепи 14
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/267641055423491

30 ноември 2021

Пост 095

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 15

Уште само 15 дена до ЕУ!

... Освен доколку визионерите Османи и Гаши не го скратат тој рок радикално, зашто владата, СТАБИЛИЗИРАНА со такви големоалбански ОЛОВНИ ТЕШКИ СИДРА, силно броди напред по ширното европско море...

30 ноември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникоѿ на Рецепи 15
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/268232855364311

30 ноември 2021

Пост 096

ДАТУМ

ДАТУМ – нов апсурден поим во светската политикологија.

Вообичаена употреба: „Има датум“ – „Нема датум“.

Главно: НЕМА ДАТУМ!

30 ноември 2021, Фејсбук
Да̄тум
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/268247405362856

30 ноември 2021

Пост 097

МАРТИНКИ

Ахмети не го дава Заев до март. До тогаш треба со Македонија „сѐ да биде готово“, и големоалбанците и големобугарите, на Баба Марта, на квислиншкото копиле, наместо полициски лисици, на рацете да му врзат мартинки. О, жална Македонијо, што диви копита те газат!

30 ноември 2021, Фејсбук
Мар̄тинки
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/268464982007765

1 декември 2021

Пост 098

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 16

Уште само 14 дена до ЕУ!

... Оф леле. Ете ти го сега и Артан Гебелс Груби, со тврдењето дека на Бугарите ќе им дале „нешто пријатно“ и оти „знаат“ дека на 14 декември им се отвора портата на ЕУ. Ок, само да не заборават да си земат од лубрикантите на Заев, добро ќе им дојдат во таа тензична евроинтегративна зделка.

Не знам како на ова „нешто пријатно“ гледа „високиот дипломатски претставник“ на Рецепи.

1 декември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 16
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/268647838656146

1 декември 2021

Пост 101

КРИЗНА СОСТОЈБА ДО КРАЈОТ НА СВЕТОТ

ВЛАДА: Бараме продолжување на кризната состојба до крајот на Светот.

1 декември 2021, Фејсбук
Кризна состојба до крајот на Светот
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/269028418618088

2 декември 2021

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 17

Пост 102

Уште само 13 дена до ЕУ!

Леле, дојдовме до несреќниот број 13, но сепак сме многу јаки; имаме дури тројца вице-премиери: вице-ГРУБИ, вице-ГАШИ и ВИЦ'то ЗАЕВ.

Колкава жива раскош во црни ВИЦо-ви.

2 декември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 17
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/269418058579124

2 декември 2021

Пост 104

РАЗМЕНА НА ИТНИ ДЕПЕШИ

Европскиот Совет упати итна депеша до актерите во формирањето на новата бугарска влада во која енергично им се наложува владата секако да биде конституирана најдоцна до 13 декември, за да може да се исполни ветувањето на „киднапираниот платеник“ Рецепи Македонија да влезе во ЕУ на 14 декември попладнето.

Од Бугарија, истовремено, е упатена итна депеша до Зоран Заев и до Кастриот Рецепи веднаш да ја стабилизираат државата, најдоцна до 12 декември, за да можат тие на 13 декември претпладнето, веднаш по конституирањето на бугарската влада, на ЕУ да ѝ дадат согласност за прием на Македонија во Унијата.

Од владата на ЗЗ, пак, е упатена итна депеша до Европскиот Совет со информација дека е сè веќе апсолутно подготвено за влегување на „нашата држава“ во ЕУ на 14 декември, и за голема прослава со „шарени“ огномети, фрлање презервативи со боја по државните и приватни објекти, и изведување најразлични кловновски точки во духот на работата на владата. Прославата ќе трае од 15 до 20 декември, а потоа ќе се продолжи со интензивен грабеж на народното добро.

2 декември 2021, Фејсбук
Размена на итни депеши
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/269517865235810

2 декември 2021

Пост 105

АЈВАНГАРДА

Артан Груби е вистинска а(ј)вангарда. Отиде многу далеку пред Османи и „киднапираното платеник“ Рецепи. Додека тие сè уште цврсто се држат за 14 декември, тој е веќе во јануари, февруари, март... 2022... Очигледно и тој има некој свој сигурен „висок дипломатски извор“. А на Заев не му се јавува никој Одозгора... Да не го пуштиле низ вода? А? Што мислите?

Ајвангардниот, пак, Никола Димитров стана песимист. Вели: „Да не се надеваме многу за да не се разочараме!“ Како бе, нели ја крстосуваше Европа со „торба полна аргументи“? Да т’ибам аргументите велепредавнички и цијашки! „Срамотаааа е, бе луѓе, срамотаааааа!“

2 декември 2021, Фејсбук
Ајванґарда
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/269736701880593

3 декември 2021

Пост 106

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 18

Уште само 12 дена до ЕУ!

Народе, издржи само уште малку до топлата и цврста прегратка на ЕУ, што ни ја овозможија и ни ја осигураа „киднапираниот платеник“ Кастриот Рецепи и неговиот семеен „висок дипломатски извор“.

Навистина, малку е напнато, но тоа е затоа што меѓу нашите благородни политичари е многу, многу тешко да се пронајдат доволен број „киднапирани платеници“ како Рецепи и осумтемина што така лесно ни го сменија името. Едноставно, многу слабо стоиме со велепредавниците.

3 декември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 18
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/270069098514020

4 декември 2021

Пост 108

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЏЕПИ 19

Уште само 12 дена до ЕУ! („Ден што се повторува“)

Секавично се доближува денот на лансирањето на Македонија меѓу сосвездието на ЕУ. Уште само денес и утре, и ќе започне НАСА-одбројувањето 10, 9, 8...

Во меѓувреме, се чини дека „киднапираниот платеник“ Реџепи повторно е киднапиран. Немаме баш никаков абер од него. А можеби само скокнал до Рутета му, на интензивни инструкции за „лет во место“ кон блескотната европска галаксија.

Вие, пак, почитувани граѓани, бргу пакувајте се за долго ветуваниот и бескрајно очекуван пат кон Светлата Иднина, што ќе започне токму на 14 декември...

4 декември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Реџепи 19
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/270636248457305

5 декември 2021

Пост 111

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЏЕПИ 20

Уште само 11 дена до ЕУ!

Ништо не се слуша Одозгора. Глувило. Штама.

Рацепи бе, спасителу наш европски, кај си? Јави се, јави се...! Прашај го дома „високиот дипломатски извор“ како во моментов стојат работите. Да не нѐ зезнат случајно. И никако, никако не дозволувај и тебе да те корумпираат и да те купат со големи пари оние гангстеришта Заев и Ахмети, зашто ти си најуверлив Симбол на чистата и цврсто дадена албанска беса и на моралот на квислиншката владата што ти само за кратко ја изваде од лајн*.

5 декември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникоѿ на Реџепи 20
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/271292371725026

5 декември 2021

КВИСЛИНГОТ ЗАЕВ И ГОЛЕМОАЛБАНЕЦОТ ГАШИ – ЈАЗОЛ ОД ЛУДИЛО И ЗЛОБА

*или: и т̄ехнички п̄реп̄равено̄то г̄***
*ос̄танува сосема исто̄ г̄***

Сржта на „договорот“ Гаши-Заев е, според докажаниот големоалбански ДУИ-рецепт, засилено интензивирање и уште поголемо директно мешање на „меѓународниот фактор“ во внатрешните работи на Македонија. Ќе се формира ново меѓународно Специјално јавно обвинителство (како и да го наречат) по мера на големоалбанските потреби, за аболиција на осудените големоалбански терористи и злосторници, до последниот, а македонските јавни, државни институции стануваат сега и непосреден институционален протекторат на некоиси непознати, неименувани, меѓународно неофицијални странски фактори. Сите други бла-бла-бла големи ветувања, се темелат врз „практични и едноставни“ планови за натамошно безумно пијано задолжување на државата. Заев ќе им потпишува сè на големоалбанските ограбувачи само за да остане на власт, тие во парламентот ќе му гласаат сè за одобрување на големобугарските барања, тој до крај ќе „ја испорача“ државата на туѓинските интереси, а од ЕУ постојано ќе ни блескоти единствено „европското знаменце“ при донесување ненародни и антидржавни велепредавнички и големоалбански закони. Од ЕУ, пак, нема да видиме ни Е ни У.

Сликата е црна и таговна, но јас не го прифаќам, па ни во реторичка смисла некаде изрекениот повик до младите да си одат од Македонија. Напротив, ги повикувам да си ги стегнат забите, да останат во Татковината, во Дедовината, на своите

стари огништа, и до последниот здив да се борат против ова невидено монструозно зло што безочно за секогаш им ги одзема и минатото и иднината.

За диктатурата и теророт на Заев врз сопствениот народ постои само еден лек... Да, да, тој... проверен народен лек...

5 декември, Фејсбук
Квислингот Заев и големоалбанецот Гаши – јазол од лудило и злоба
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/271472128373717

6 декември 2021

Пост 115

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 21

Уште само 10 дена до ЕУ!

Во меѓувреме, на „прогресивните партии“ ЛДП и ДОМ им е ветено дека за нив од ЕУ се наручани специјални наочари со диоптрија 300 за да можат внимателно да го прочитаат коалициискиот договор Гаши-Заев и лично да се уверат дека со „стабилно парламентарно мнозинство“ на 14 декември евро--интеграцијата успешно ќе биде приведена кон крај.

Стручњаците за политички очила, меѓутоа, тврдат дека всушност воопшто не постојат такви оптички справи, и оти тоа била само добра зае*анција со организаторите и учесниците на конференцијата за забрзување на „евроинтегративните наративи“, или преведено на обичен јазик: евроинтегративни прикаски за глупави и ќорави политичари кои веруваат во заевските квислиншки и велепредавнички бајки.

И ајде сега, оди ти разбери што е тука вистина.

6 декември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 21
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/271734961680767

7 декември 2021

Пост 119

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЏЕПИ 22

Уште само 9 дена до ЕУ!

...но ЕУ-бројчаникот на Реџепи нагло и неочекувано се расипа. Е па, да простите, од многу разни навивања и нагатања, и пренапрегнувања, на „датумот“ едноставно му пукна федерот. Моментално е кај некој си перфиден евроатлантски саатчија на Кале то. Наводно тој многу се разбирал во северџански и квислиншки федери. Па нема белки да дозволиме да не го дочекаме свечено 14 декември, тој голем судбоносен ден на влегувањето на „нашата земја“ во ЕУ само затоа што времето за Македонија нагло запрело во семејното „високо дипломатско“ Немајкаде на „киднапираниот платеник“ Кастриот Реџепи!

И една многу интересна „коалициска“ новост: Мицкоски искажа целосна доверба кон прецизноста на ЕУ-бројчаникот на „киднапираниот“ Реџепи. И тој, веројатно брифиран од некој, можеби дури од истиот (?) „висок дипломатски извор“, со голема сигурност најави започнување на преговорите со ЕУ „за нешто повеќе од една недела“. Опааа! Можеби под маса со големоевропеецот Реџепи пак се кове некакво ново јако, стабилно мнозинство? Само се плашам некој одново да не ни киднапира некого од нашите силни и неуморни Пророци, или пак, не дај Боже, сите заедно, онака топтан. После шу праиме кутрите ние?

7 декември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Реџепи 22
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/272696031584660

8 декември 2021

Пост 120

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 23

Уште само 7 дена до ЕУ!

9 па 7, бројчаникот очигледно и натаму „прескокнува“. Во тек е неговата итна репарација горе на Калето.

Инаку, г. Рецепи вчера поднесе пријава во Агенцијата за авторски права против сите неповикани актери на натпреварот во прогнозите на кој ден точно ќе „влеземе“ во ЕУ. Имено, тој во Агенцијата го депонирал и оригиналот на тапијата издадена од Заводот за научни патенти дека самиот лично го патентирал „Датумот“ 14-ти декември. Според неговата изјава, што ја пренесуваат „високите дипломатски извори“, последна каписла за оваа негова реакција бил обидот на Христијан Мицкоски да му го преземе прогнозерскиот примат, собирајќи евтини политички бодови. Разврската следи наскоро.

8 декември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 23
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/273082354879361

9 декември 2021

Пост 121

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 24

Уште само 6 дена до ЕУ!

Полноќта само што помина. Еве, не можам да заспијам од возбуда што ни останаа само овие 6 дена до влегувањето во ЕУ. Слушам дека Албанија ја молела Бугарија да не нè делат од неа, па заедно, здружени, одеднаш (за две) да го зголемиме бројот на ѕвездичките во знамето на ЕУ.

Браво бе Кастриот, ма како само ти текна за овој бројчаник?! Колку силна надеж ни даде, и среќа, и волја за живот. На 14 декември, со влегувањето на Македонија во ЕУ – и ти ќе влезеш во историјата – на најголемите „киднапирани платеници“.

9 декември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникоѿ на Рецепи 24
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/273522068168723

10 декември 2021

Пост 122

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 25

Уште само 5 дена до ЕУ!

Здружението на Прогнозери на „Датумот“ за добивање влезница во ЕУ упати најостро, дури луто отворено писмо до францускиот претседател Еманuел Макрон затоа што така лежерно повторно рече „НЕ“, ги избагателизира и сите од ред ги направи крајно комични во очите на македонската јавност. Море, не им помогна ни повикувањето на филмските крим-наслови: „амстердамска врска“ на Кастриот Рецепи, ни „француската врска“ на Артан Груби, ниту „високите дипломатски извори“ на Бујар Османи, ниту пак „интуицијата“ на Христијан Мицкоски дека „преговорите со ЕУ ќе започнат за нешто повеќе од една недела“, ни „куферите полни со аргументи“ на Никола Димитров. За специјалниот кретенски кретен на Кретенот Заев Владо Бучковски и да не зборуваме. Му остана само и натаму да јаде црни гурабии за Датумот, но нејсе, јадењето големи количества црни гурабии добро му оди; само нека ги јаде, му личи.

Еманuел Макрон сосема ги стаписа, будалите. Отвори сосема друг и сосема поинаков муабет за некакви идни разговори за Западниот Балкан, таму некаде за средината на наредната година, но ниту спомна проширување на ЕУ, ниту Македонија, ниту Албанија. Е сега, се прашувам, кога ЕУ е „Аш, Нема“, што натаму ќе ломотат нашиве „проевропски“, „прозападни“, „прогресивни“ и други политичари за да го мамат и натаму да го маткаат народот. Не успеаја да ја спасат „нашата држава“ од продорот на варварските Руси и опасните кососоки Кинези. Нивниот продор и нивното влијание веќе

силно се чувствува. Готови сме. Затоа Шеќеринска и ни пушта грчки авиони над Македонија, да следат до каде сè веќе се проширило застрашувачкото происточно руско и кинеско влијание.

Светски познатиот давач на редица „оставки“, пак, Зоран Заев не успеа да ја стабилизира државата и да ја внесе во ЕУ. Ни Рецепи, ни Гаши, ни Калето веќе не го вадат од лајн*. Освен ако „оставката“ не ја пролонгира до јуни 2022 година, додека му се смилува Макрон...

Не знам како со ваков неочекуван песимизам ќе продолжиме да го следиме ЕУ-бројчаникот на Рецепи за преостанатите 3-4 дена до ветениот свечен „Датум“ на влегувањето во ЕУ, 14 декември. Признавам, и мене ми папсува енергијата, зашто не гледам никакво светло на крајот од заевскиот квислиншки и велепредавнички тунел, туку само Македонија завиена во мрак, и овој политички, и оној поради исклучувањето на крадената струја.

Ајде бе, луѓе, да ги отераме во три мајчини овие неспособни политички прематари. Доста ни е од овој лажен евроатлантски џган! Каква ми ти ЕУ?!

МАКЕДОНИЈА Е НАШЕТО ПРЕУБАВО, НАШЕТО ТОПЛО И НАШЕТО ПРЕЧИСТО СОНЦЕ И СВЕТЛИНА!

10 декември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникот на Рецепи 25
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/274162058104724

10 декември 2021

ЗА НОВАТА ИДНИНА И ЗА МОТОРОТ

Главниот возач на „Моторот на промените“ што ќе вози некаде џенем, на релација кон државата наречена „Нова иднина“, не гледа завалијата дека возилото му е оптоварено со тешки расипани големоалбански приколки, и упорно и неподвижно му шлајфува в место, и дури евидентно полека се лизга наназад. Македонскиот народ на локалните избори се присобра, му го поттурна, му го подбутна возилото за „Моторот“ некако да проработи, да се загрее, ама „возачот“ очигледно постојано дреме и ете ти го, стасал само до Калето, и сега постојано таму се вртка во кругче околу Тетовската трошарина. Но тоа е незгодно место, зашто таму најстрого ги контролираат „возачите“ што возат кон државата „Нова иднина“, (што некои други „возачи“ ја нарекуваат и „Нова историја“), и проверуваат дали „возачите“ со себе ја имаат „возачката дозвола“ што официјално се вика Преспански договор. На контролната точка секогаш одново мораат три пати да ја бакнат таа „велеумна книшка“ како „прозападна“ политичка Библија и од збор до збор трипати да ја повторат евроатлантската интегративна формула: „Преспанскиот договор е реалност, Преспанскиот договор е реалност, Преспанскиот договор е реалност“.

О, далеку е, далеку е сонцето на таа држава „Нова иднина“, па што и да им значи тоа! Ние си ја сакаме нашата оригинална асномска држава Република Македонија!

10 декември 2021, Фејсбук
За Новата иднина и за Моторот
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/274451101409153

11 декември 2021

Пост 123

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЦЕПИ 26

Уште само 4 дена до ЕУ!

Започна последниот викенд во Македонија надвор од Европската Унија. Во вторник, на 14 декември, влегуваме во ЕУ, и веќе наредниот викенд ќе уживаме како рамноправна членка на високото европско друштво, конечно сосема спокојни, зашто најпосле ни стасуваат и долго очекуваните големи европски плати и бесплатното европско здравство. ЕУ веднаш, во истиот момент, во 00.01 часот по полноќ, ќе започне да нè храни, а крадената европска струја веќе нема да биде крадена, туку ќе биде братска распределба на економската и технолошката ЕУ-благосостојба. Ме гризе совеста што бев толку непоправлив евроскептик, и што се посомневав дури и во совршено прецизната информираност на семејниот „висок дипломатски извор“ на „киднапираниот платеник“ Рецепи. Признавам, верував дека го поткупиле со многу пари, а еве, човекот како Мојсие нè искорна од западноВалканската, криминална, мафијашка кал, и нè однесе директно во Европа. Ете што ти значи една прозападна, проевропска, прогресивна, чесно и цврсто дадена беса!

11 декември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникоѿ на Рецеѿи 26
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/274783328042597

11 декември 2021

Пост 124

ХАОС ОД КИЧ ЕУ-ДАТУМ КАЛЕНДАРИ

Во ова предновогодишно време масовно се продаваат најразлични календари, па и на македонскиот политички пазар веќе подолго време се вртат низа таканаречени „ЕУ-ДАТУМ КАЛЕНДАРИ“, со портретите/ликовите на нивните креатори.

Еве ги најпознатите модели:

Заев еу-датум календар
Рецепи еу-датум календар
Груби еу-датум календар
Османи еу-датум календар
Димитров еу-датум календар
Бучковски еу-датум календар
Мицкоски еу-датум календар

Еден слабо, т. е. никако, не поминуваат на пазарот, а еве ја и сериозната причина:

Меѓународниот институт за стандардизирање на мерките, па така и на годишните календари, јавно обзнани дека сите се апсолутно фалични, со тешки календарски и секакви други фелери. ДАТУМОТ се појавува ступидно и бесмислено расфрлан насекаде низ месеците на годината/годините, како кому ќе му текне. Создаден е тотален календарски хаос – ДАТУМ ваму, ДАТУМ таму, година ваму, година таму – без каква и да е врска со реалната меѓународна политичка календарска практика, што има непоправливи последици врз рецепцијата на јавноста, која поради таа несопирлива календарска инфлација дефинитивно, и со право, веќе никому не ништо не му верува.

ДАТУМ ЕУ-КАЛЕНДАРИТЕ се прогласени за најгрд политички кич и се продаваат на истите тезги со порно-календарите, за кои, инаку, владее многу поголем интерес. Од тие причини во последно време цената на ДАТУМ ЕУ-КАЛЕНДАРИТЕ драстично им падна на само 0 денари, па колпортерите и продавачите се обидуваат дури и бесплатно да ги разделат, но ни така никој не сака да ги земе, зашто јавноста сака и бара еден вистински, уверлив, конкретен календар со ТОЧЕН ЕУ-ДАТУМ, а таков едноставно нема ниту на македонскиот, ниту на европскиот политички пазар.

Засега најголем успех постигнаа „Заев еу-датум календарот“ со ликот на велепредавникот Заев, со вкупно продаден 1 примерок преку интернет, а го нарачал некој си Јоханес Хан, и „Рецепи еу-календарот“ со ликот на „киднапираниот платеник“, со вкупно 1 примерок, исто така продаден преку семејниот интернет на некој си „висок дипломатски извор“. „Бучковски еу-календарот“, меѓутоа, се дистрибуира главно во Бугарија, каде што владее одреден ограничен интерес поради „чудесната привлечност“ на неговата „тинтара“, залепена на насловната страница.

11 декември 2021, Фејсбук
Хаос од кич ЕУ-да̄тум календари
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/275080648012865

11 декември 2021

Пост 126

СУДБОНОСЕН БРИФИНГ НА ЗАЕВ

Сабота, ден за судбоносни вести од Мочуриштето: рано изутринава, уште неразденето, читаме дека специјалниот предавник за Бугарија Зоран Заев директно го „брифирал“ „киднапираниот платеник“ Реџепи оти сигурно влегуваме во ЕУ во јануари, зашто сега за декември им недостасувале уште две-три документчиња, за што владата веќе поднесла барање во Матичната служба, која за жал е претрупана со дневни обврски, па ете, малку задоцнила. Реџепи, пак, горд на тоа што специјалниот предавник Заев токму него лично го „брифирал“, изјави дека „бесата на Заев за него е закон“, и оти апсолутно ѝ верува, дури повеќе одошто на својата сопствена света албанска беса, зашто дотичниот Заев притоа и цврсто ја држел раката на градите додека се колнел во сите свои најмили оти ќе биде токму така како што велел.

Мене да ме прашате, сепак ми се чини дека Заев в лице го лажел наивниот Кастриот, и оти многу ќе го повреди тој неверојатно чесен човек, кој не може да поднесе никаква, ни најмала лага, а не пак во вака важни државни прашања за кои одлучуваат Реџепи и таквите големи меѓународни политички играчи како него.

11 декември 2021, Фејсбук
Судбоносен брифинг на Заев
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/274961038024826

12 декември 2021

Пост 127

ГОЛЕМНО ЕУ-„НЕ“

ГОЛЕМО „НЕ“, СО „ЕВРОПСКО ЗНАМЕНЦЕ“!

12 декември 2021, Фејсбук
Големо ЕУ-„НЕ“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/275766614610935

12 декември 2021

Пост 128

ЕУ-БРОЈЧАНИКОТ НА РЕЏЕПИ 27

Уште само 3 дена до ЕУ!

И баш на третиот ден пред „свршувањето“, на 14 декември – одеднаш coitus interruptus! „Им падна“ на Заев, Реџепи, Груби, Османи, Димитов и Бучковски! Е, импотентни „мажишта“, ниту виаграта на вашите евтини политикантски лаги, ниту африканската слива на купување денови за опстанок на власт воопшто не може да ви помогне. Ви виси, ви гледа удолу кон чевлите. Сосема сте импотентни, неспособни. Не ве бива за ништо освен да се кур*ите по своите раскошни кабинети и во своите официјални соопштенија што ги објавуваат вашите поткупени и потчинети медиуми. Крај! Доста беше! Бројчаникот на „киднапираниот платеник“ Реџепи го исклучуваме. И така и така беше сосема расипан, и технички и човечки, покажуваше тотално нетокму време од куп тотално нетокму велепредавнички и големоалбански глаучи.

12 декември 2021, Фејсбук
ЕУ-бројчаникоѿ на Реџепи 27
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/275755617945368

13 декември 2021

КАКВО ЗНАЧЕЊЕ ИМА ЗБОРОТ „ДОКТРИНА“ ВО ПОЛИТИЧКИОТ РЕЧНИК НА ДОКТРИНАРОТ МИЦКОСКИ?

А еве што пишува во Википедија за зборот „доктрина“:

Доктрината (латински: doctrina, учење) претставува целина на мислења, поставки или начела во некоја насока на филозофијата, науката и уметноста, но и кодификација на верувања, учења или упатства, научени принципи или позиции, како суштина на учењата во одделна гранка на знаење или во систем на верувања. Етимолошкиот грчки аналог е „катехизам“. Честопати зборот доктрина конкретно сугерира тело на верски принципи објавени од црква. Доктрината е систем на принципи на некое политичко движење или партија, како и збирка на прописи и догми на некоја црковна организација. Доктринар е лице кое во своите постапки круто се придржува до апстрактните поставки, и не се осврнува врз практичните околности, и без да ги просудува им ги пренесува на други луѓе.

Од Мицкоски ова е вистинска „Доктрина на шокот“ за сите оние кои знаат што значи поимот „доктрина“ и кои размислуваат за вистински слободна, слободномислечка и толерантна демократија во Македонија.

СОСЕМА ПОГРЕШНО! И тотално без врска. Само да се каже голем, загрижувачки збор: ДОКТРИНА!

13 декември 2021, Фејсбук
Какво значење има зборот „доктрина“ во политичкиот речник на докринарот Мицкоски?
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/276619064525690

18 декември 2021

Пост 131

МУВОЛОВКА

ЕУ е отровна муволовка за Македонија и за македонскиот народ. Сè уште мавтаме со рацете и со нозете, но главата трагично ни е залепена таму, за таа подмолна еу-илузија.

Грција, Бугарија, внатрешните големоалбански партии, ЕУ и САД, домашните велепредавници и неспособната и загубена, безидејна опозиција, само досипуваат и досипуваат нови отровни лаги и лепила врз проверената светликава ЕУ--муволовка. Рацете и нозете со кои само претаме ваму-таму веќе се сосема изморени, главата е затапена, заглупавена и умртвена, очите станаа сосема слепи за толку очигледната вистина. Играта на смртта, на безочното, немилосрдно убивање на македонскиот народ и на Македонија сосема успешно се одвива. Жртвата е фатена во ЕУ-стапица. На убијците не им се брза. Политичарите само ломотат и се натпреваруваат во досетки. Интелигенцијата молчи. „ЕУ нè чека со раширени раце“.

ДО КОГА ЌЕ ДОЗВОЛУВАМЕ СО ТОА ЕУ-ЗЛО ДА НИ ЈА ПИЈАТ КРВТА?!

18 декември 2021, Фејсбук
Муволовка
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/279471917573738

5 јануари 2022

ЕУ-РЕЛИГИЈА

или: верување во живоѿ на македонскиоѿ народ
ѿо неѓоваѿа смрѿ

Македонските политичари слепо веруваат во лажниот Господ Бог ЕУ.

Најголем дел од македонските граѓани сè уште веруваат во лажниот Господ Бог ЕУ, иако „ЕУ-верата“ полека и ним им папсува.

И едните и другите слепо веруваат дека Македонија некогаш ќе се искачи на европското Небо и ќе седне барабар до лажниот Господ Бог ЕУ.

И едните и другите слепо им веруваат на лажните ЕУ-пророци и на „божјите“ ЕУ-емисари што низ Македонија упорно и безобѕирно ја шират лажната ЕУ-вера.

Лажната ЕУ-вера во Македонија има и свои безбројни лажни ЕУ-свештеници, попчиња, попадии и клисари, нивен архиепископ е лажниот нобеловец и лажен премиер, осведоченият квислинг и криминалец Зоран Заев, а нивната лажна ЕУ-Црква во Македонија се вика СДСМ. Најфанатичната и најслепа, еу-фундаменталистичка струја на лажната ЕУ-религијата во Македонија се вика Заевизам.

Лажната ЕУ-вера е најопасен отров за македонскиот народ.

Лажната ЕУ-вера учи дека без ЕУ нема живот на светов, и своето „учење“ најскапо му го наплатува на поробениот македонски народ.

Лажната ЕУ-вера не е монотеистичка, туку паганска, зашто има и свои мали официјални регионални лажни „богови“ на Балканот: Грција, Бугарија и Албанија.

Лажните балкански „богови“ мавтаат пред очите на македонскиот народ (секоја со свои) лажни Небесни Клучови што ја „отвораат“ Портата на лажното европско Свето Небо,

Големобугарските, големогрчките и големоалбанските пагански балкански лажни „богови“ воопшто не се ЕУ-верници, туку се најобични прагматични, криминални ЕУ-атеисти, кои во немилосрдно виртуелно ЕУ-ропство им го држат заробен умот на македонските слепи ЕУ-верници, како во политиката, така и меѓу македонскиот народ.

Македонските компромисерски опозициони лидери и партии слепо веруваат дека воопшто е можен рамноправен политички соживот со големоалбанските партии, затоа со нив прават евтини, однапред осудени на неуспех, компромисерски божемни про-ЕУ коалиции, наместо да градат автентична македонска национална политика.

Големоалбанските партии во Македонија наци-фашистички го промовираат АЛБАНИЗМОТ како вера во Албанецот како Надчовек, узурпирајќи му го и одземајќи му го на обичниот албански човек правото и достоинството да биде само обичен човек и брат на другиот обичен човек, различен по националност и по вера.

Големоалбанските партии во Македонија, заедно со големобугарските и големогрчките партии во нивните земји претставуваат дел од суровиот ЕУ и НАТО освојувачки кластер сосема посветен исклучиво на уништувањето на Македонија и на македонскиот народ.

Верувањето во лажниот ЕУ Господ Бог и во малите лажни балкански големобугарски, големогрчки и големоалбански ЕУ и НАТО божества, е слепо верување во живот на македонскиот народ по неговата смрт.

5 јануари 2022, Фејсбук
ЕУ-религија
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/290655093122087

5 јануари 2022

СТОЛБ

На мојот брат Јане Чентo

Мислите, чувствата, копнежите и соништата
не можеш да ги заробиш во темна комора.
Цврсто стиснатата тупаница и густо збиените прсти
немаат моќ во дланката да ја задржат бистрата жива вода.
Таа, како и самиот Живот, секогаш си го пронаоѓа патот,
и стреми кон својата цел – кон Слободата,
тој мечтовит сталактит што без прекин
го испраќа својот примамлив морзов колоратурен шепот
до тивкиот сталагмит, кој, таму долу, молкум го презема,
а потоа заедно, капка по капка, растат во двете насоки,
сè додека не се допрат и не создадат
еден чудесен нескршлив столб,
единствена вертикала на убавината, љубовта и смислата.

5 јануари 2022, Фејсбук
Столб
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/295798242607772

13 јануари 2022

Пост 134

ТАНЦ НА ПОЛИТИЧКИТЕ МРТОВЦИ

ТАНЦ НА ПОЛИТИЧКИТЕ МРТОВЦИ НАД
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.
ДОЈДОА, ВИДОА, УНИШТИЈА СÈ.

13 јануари 2022, Фејсбук
Танц на политичките мртовци
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/295798242607772

17 јануари 2022

САМО ПРИРОДНИОТ МЕД Е ДОБАР

Пред почетокот на краткиот, лажен,
бугарско-македонски меден месец

Прашајте го секој искусен медар да ви каже каков мед е најдобар, и секој веднаш ќе ви одговори дека тоа е природниот домашен мед од пчели. А пак кој е најлошиот? Па, се разбира, тоа се сурогатите, вештачки направени од чист шеќер и вода, и особено оној што длабоко расипаните „медари“ го мешаат од разни видови „мед“ на кои потеклото им е сосема сомнително. Така ви подметнуваат некаква смеса што ќе ви личи на мед, па дури и вкусот оддалеку ќе ве потсеќа на тоа, но секој повнимателен и поискусен дегустатор веднаш ќе го препознае горчливиот лажен вкус на крајот од јазикот, пред непријатно да се зарипне, а може да има и потешки последици.

Е, оваа сладникава медарска тема за нас во Македонија моментално е многу актуелна, зашто од утре, со доаѓањето на новиот бугарски премиер Кирил Петков во Македонија, по долгите „возбудливи“ маркетиншки најавувања и „плакатирања“ за тој „настан“ низ еу-балканската чаршија, – ќе започне една силна медиумска распродажба на лажниот, од сè и сешто измешан бугарско-постзаевски мед, оној со горчлив вкус на крајот од јазикот, но и длабоко, длабоко, во срцето и во душата на секој Македонец.

Краткиот фразерски меден месец на бугарско-македонските односи, всушност, веќе започна. Од устата на Петков, инаку докажан голем негатор на македонскиот народ, на македонскиот јазик, и, се разбира, на постоењето на македон-

ското национално малцинство во Бугарија, одеднаш потече и тече ли тече наголемо оној општопознат презасладен, презашеќерен бугарски мед, сварен во политичката шовинистичка негаторска медарница во Софија, според кој, Бугарија нема да се меша во идентитетските прашања, бидејќи и така и така „сме биле исти“, „имаме иста музика“ (засега само толку, зашто сè повеќе би го расипало вкусот на лажниот мед!), а решавањето на билатералните историски прашања ќе им ги препуштел на „европските институции“. Ма, што велиш?!

А пак од устата на новиот квислиншки намесник, лажниот премиер Димитар Ковачевски, кој штотуку се врати од строгиот рапорт и превземањето на квислиншките инструкции кај северџанската гувернерка, северноамериканката Брнз, тече оној друг познат, заевски, северџански, тенкичок, анационално токсичен мед на политички блефер и тотален аналфабет, кој не само што не знае што зборува, ниту колку длабоко е насаден на заевските велепредавнички јајца, туку ултра-дилетантски нарцисоидно верува дека сега токму тој е „избран“, и оти и тој, како и шефот му Заев, е „црпнат“ од партискиот сдсмовски список на анонимните членови за да се справи со тешкиот, непремостлив идентитетски, историски и културолошки проблем што ни го наметна Бугарија, и тоа, верува новоцрпнатиот, ќе го стори онака генијално, во неколку потези, па и самиот да се кандидира за Нобелова награда за етноцид.

Ковачевски верува дека со утрешниот „свечен“ ден завршува грдиот освојувачки и негаторски санстефански бугарски сон, и оти наеднаш од Бугарија кон Македонија ќе потече, не само мед, ами и млеко од пиле, „светецот“, „брат“, Кирил Петков, ни донесува здив на најголемо пријателство и разбирање, и пред сè признавање на тоа што сме биле, што сме и што ќе бидеме во иднината – Македонци, со својот

мајчин македонски јазик, со својата автентична македонска историја и со својата автентична македонска култура, а сите во Бугарија ќе здивнат со олеснување, зашто конечно нивната земја и нивната политика, па и тие самите со утрешниот ден ќе ги фрлат преку рамо сите свои претензии кон Македонија, и сите свои илузии дека сме ист народ, т.е. оти всушност сме „потитовени" Бугари.

И притоа е интересен „методот" врз кој планира дипломатски да се потпре Ковачевски. Тој метод се вика „Надевање дека..."

„Се надеваме", вели новоцрпнатиот лажен премиер Димитар, „дека правејќи еден дијалог на ниво на теми кои го исполнуваат животот на луѓето во однос на нивните очекувања и во однос на подобрувањето на тоа како живеат, тие ќе надвладеат над историските теми и дека врз основа на таков дијалог и врз основа на таков разговор меѓу две добрососедски и две соседни држави, разговор што ќе се базира на европските вредности, на почитување меѓу сите граѓани и на почитување на достоинството на двете држави, ќе успееме да дојдеме до решение".

БЛА, БЛА, БЛА...

Па за какви „европски вредности" и за какво „почитување" блада лажниот премиер Димитар кога Бугарија не нè признава ниту нас Македонците како народ, ниту го признава нашето македонско национално малцинство во Бугарија, а создава фама и драма за „спас" и за „правата" на „загрозеното" бугарско малцинство во Македонија?! Јасно е во која насока ќе оди тоа „заемно медено разбирање" и од тоа што „прекомандуваниот" министер Маричиќ изјави дека ние нема да се мешаме во вантрешните политики на соседните земји по однос на нивните малцинства. Е не, токму спротивното: ќе се мешаме, и ќе се бориме за националните и човечките права

на секој наш Македонец и во Бугарија и во Грција и каде и да ги има, и тоа до последниот здив, сè додека нѐ има како народ. Патолошката заевска квислиншка велепредавничка капитулантска политика во никој случај не е и нема да биде последниот збор за судбината на македонскиот народ!

Од сево ова погоре, го чувствувате, нели, „вкусот и мирисот“ на тенкиот северџански сурогат-мед, разлигавен и разретчен со полтронски, подлизурковски пелтечења, кои не познаваат граници во снисходливоста и виткањето на кичмата. Ок, со Ковачевски квислингот Заев уфрли во игра една „нова кичма за виткање“, ама, ни пет ни шест, виткањето на кичмата на лажниот премиер Димитар веднаш започна со поклонувањето пред налогодавецот си Заев, па продолжи да се витка надолу и надолу пред северноамериканката Брнз, а од утре продолжува виткањето и пред Петков, кој „не барал многу“, само, вели, „да нема, и да се казнува ако има, секој говор на омраза“. Е, човек да крикне, и да излета од радост, колку всушност сè било едноставно, а ние толку сме си ја заплеткале со Бугарија! Па Ковачевски и Петков ќе нѐ спасат, ќе договорат работи што многу ќе ги радуваат граѓаните и на едната и на другата земја и тие веднаш сосема ќе забораваат на проблемите што ги создава историјата, особено онаа лажната, бугарската, негаторска квази-историја која е најординарен и најнецивилизиран говор на омраза кон македонскиот народ.

Ве молам, мили мои, никако не „купувајте“ од овој лажен, токсичен, мешан бугарско-заевски мед. Отровен е и опасен за македонскиот народ и за Република Македонија. Нека си го лижат самите тие што го произведуваат. Тој лажен, мешан бугарско-заевски „мед“ е добар само за една работа: за лепење на обезглавените северџански муви.

Нашиот оригинален национален мед се вика АСАНОМСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, и сè она што тој поим го

подразбира: автентичната македонска национална историја, автентичната македонска национална култура, автентичниот, автономен и прекрасен македонски јазик, и нашите прекрасни македонски народни песни кои, господине Петков, не си вообразувајте, ни на сон не се исти со вашите бугарски песни, против кои ние немаме ништо; нека ги има, пејте си ги, уживајте, но тргнете ја раката од Македонија. Вкусот на вашиот лажен мед што, како и вашиот претседател Радев, по којзнае кој пат и на којзнае кој сè начин се обидувате да го протуркате на нашиот политички пазар, е добро познат и многу горчлив, опасен, отровен. Ќе ви поверуваме дури тогаш кога ќе дојдете со еден друг вид мед, со јавно признание дека секогаш, од векот, сме биле и сме два сосема различни народи со сите наши историски, јазични и културолошки посебности, и оти целосно го признавате македонското национално малцинство во Бугарија. Тогаш вашиот „мед“ можеби ќе биде прифатлив за македонскиот народ, иако и двајцата знаеме дека тоа сепак ќе биде на куково лето. Но овие ваши перфидни „слатки“ дефокусирања со други божемно поважни теми од историските, културолошките и лингвистичките, кои, како што велите, планирате со Ковачевски да им ги доверите на европските инстанци и институции, сеептен лош, лажен и расипан политички бугарски „мед“, со непријатна предаторска реа и со апсолутно горчлив вкус во грлото на македонскиот народ, кој врз својот грб веќе толку пати го доживеа најсуровото вплеткување на некои си „еминентни“ „меѓународни инстанци“ и „фаци“, кои најпосле и насилно ни го сменија името.

Засега, а веројатно така ќе биде уште долго, долго, нашиот оригинален, природен македонски мед е бескрајно подобар од вашите бугарски фалсификувани „медарски“ производи, и особено измешани со заевскиот велепредавнички медар-

ски шкарт, и затоа тие никако не можат да поминат кај македонскиот народ.

17 јануари 2022, Фејсбук
Само природниот мед е добар
https://docs.google.com/document/d/1eHztODv9XzkCqnOu-h5vvao377r1NXIYPkEObLTlxJA/edit

19 јануари 2022

Пост 135

„ОН ЛАЈНО“ МАРИЧИЌ „МИСЛИ“

По „он лајно генијалните“ виртуелни „он лајно судења“, фашистичкиот „он лајно мислител“ Маричиќ продолжи со своите „он лајно изјави“ за македонското национално малцинство во соседните земји. Што да се очекува повеќе од едно големо „он лајно Ништо“ како него во „он лајно влада“ со „он лајно премиер“, некојси „Таче“, и во држава со „он лајно претседател“ Стево, кој со нив ја дели истата северцанска „он лајно филозофија“?!

19 јануари 2022, Фејсбук
„Он лајно“ Маричиќ „мисли“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/299336535587276

22 јануари 2022

ЗА ЖАЛ, НАСКОРО ЌЕ ИМА ВОЈНА

Пишував за тоа уште ноември 2018 година, кога нагло почнаа да се вадат и да се острат „воените секири“, и тоа баш на просторот на Европа. Глобалниот фашизам едноставно веќе не може да издржи во својата кожа без да има голема светска војна. Фашизмот сега, очигледно, повторно се почувствувал доволно силен да започне нова катаклизма. И како и секогаш, во погрешно време и на сосема погрешно место. Се разбира, на крајот ќе биде поразен до колености, но крајот ќе биде многу далеку, а Европа, поради тие глобални психопати, повторно ќе се крева од пепел, но никогаш веќе нема да биде иста.

22 јануари 2022, Фејсбук
За жал, наскоро ќе има војна
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/301471825373747

23 јануари 2022

МИЛИТАРИЗАЦИЈАТА НА УКРАИНА ОПАСНО ГО ЗАГРОЗУВА МИРОТ ВО ЕВРОПА И ВО СВЕТОТ

Ниедна војна не е случајна. Евентуално можат да бидат случајни околностите во кои се истрелува првиот куршум, но во принцип секоја војна, особено оние големи, претставува резултат на крајно внимателно разработено и добро извежбано милитантно и деловно сценарио. Секоја војна претставува своевидна „продукција“, или „копродукција“ на најопасни милитантни финансиери и „режисери“. Како и во продукциите на филмските мега-спектакли, така и околу „продукциите“ на војните се концентрираат моќни трустови на милитантни „мозоци“ и огромен капитал кој мора да им донесе и енормен финансиски профит на „продуцентите“, на „режисерите“ и на „главните актери“. Статистите, пак, обичните смртници, вцицани во сиот тој најцрн антицивилизациски и расчовечувачки, нехуман пекол, на крајот добиваат само студени надгробни споменици и можеби по некој помпезен општ паметник на незнајните јунаци.

Во Украина и околу неа деновиве врие од интензивна милитаризација и забрзана подготовка за војна. Војна во срцето на Европа! Масовното транспортирање и довлекување на невидени количества најмодерно, најсофистицирано и најопасно оружје во Украина и на границата со Русија американските и европските медиуми на светската јавност цинично ѝ го интерпретираат вака: „На Украина од сите страни и стасува воена помош“, како да станува збор за некаква хуманитарна помош на некоја земја погодена од елементарна непогода, а не за стравотно затрупување на секој милиметар од државата со вооружување што допрва ќе произведе нова, страшна хума-

нитарна катастрофа во Европа, и во Украина пред сè. Па дури и да не се случи директен, отворен судир, Украина никогаш веќе, или барем за децении и децении, нема да се спаси од тој милитантен херпес и од тој ужасен воинствен арсенал. Туку што се извлече од мрската јамката на сталино-фашистичкиот Варшавски договор, а околу вратот сама си ја стави јамката на само номенклатурно прероденият нов наци-фашизам со баба-дедо насмевките на Меркел и Бајден, и поза-насмевките на Макрон и Фон дер Лајен.

„Ко-продукцијата“ и подготовките за таа нова ужасно опасна актуелно пароксизматична предвоена состојба во Украина, со можна скорешна најкобна воена разврска, трае веќе со години, а пак во последните неколку години евидентно интензивно и се засилуваше. Општите места во врска со ЕУ, Украина и Русија се познати, но најважен елемент и мотив секако е контролата и освојувањето на тековите на фосилните енергенти во Русија. Но до неодамна Америка и ЕУ имаа еден голем меѓусебен проблем – претседателот Трамп. Сигурно се сеќавате на оние не толку одамнешни но познати екстремни изјави на Меркел и Макрон дека всушност најголеми непријатели на Европаската Унија ѝ се Русија, Кина и Соединетите Американски Држави, и тоа особено последниве, на кои, тврдеа, ЕУ веќе не може да се потпира ниту да ги смета за свој стратешки и воен партнер. Но во меѓувреме нештата се сменија: на чело на Америка дојде Цо Бајден, со своите метузалемски отровни воинствени закани против Русија, и тоа, се разбира, како спасител на светот и на Европа од божемната руска воена наезда – и наеднаш повторно меѓу ЕУ и Америка потекоа мед и млеко.

Европската Унија, со своето ултра-бирократско кокошкино слепило и целосна безидејност за тоа како, што и каде понатаму со себеси, цело време бара некакво, какво-такво,

врзовно ткиво што би ги оснажило однатре разлабавените концептуални врски. Во таа смисла, во еден момент многу добро ѝ дојде и ковидот: членките консензуално, со насмевки на лицата и со тапкања по рамо, се собраа околу големата донаторска и кредитна финансиска торта за справување со пандемијата. Но тортата веќе одамна е подлена, делумно и изедена, а од некаква внатрешна кохезија нема ни трага. И еве сега им се „укажаа“ „светите“ Америка и НАТО повторно да ги собираат околу случајот на Русија. Типичен порив на острвени хиени. А хиените имаат тактика: сите се собираат околу жртвата што имаат намера да ја нападнат. И како и хиените, кои долго ги демнат своите жртви пред да атакуваат, така и најмилитантните сили и нивните генерали, генералчиња и аѓутантчиња, собрани околу (и под) САД и НАТО веќе неколку години до детали го „испишуваат“ ова „сценарио“ со Русија и во исто време наоколу бараат „копродуценти“. И се чини дека дојде моментот за реализација на sверскиот атак. Невидена сила се собира во Украина, небаре ќе вршат десант на Нормандија. Но дури и во филмот „Денот Д“ сите артисти беа бескрајно подобри и поуверливи од овие евтини глумци од политичките кабинети со маскирни шлемови по воени теренски вежби на полигоните на разни новопечени НАТО-земјички кои имаат свои Криволаци и свои политички будали што тоа им го дозволија.

Дали треба да бидеме загрижени поради сериозната предвоена состојба на границата меѓу Украина и Русија? Секако! Апсолутно! Сето тоа се случува во нашиот европски, па и во нашиот балкански двор, и сите сме најдиректно засегнати и загрозени. И нашиве соседи, во духот на општиот тренд на бесмислено вооружување се фалат со нови набавки на најсовремени авиони и хеликоптери. Хрватска од Франција неодамна купи дванаесет најмодерни офанзивни авиони „рафал“,

што во секој случај повеќе ќе му служат на НАТО одошто на Хрватска. И Грција се пофали дека купила два нови „рафали“ со кои ќе ја прелетува и „ќе ја чува“ Македонија, а за да не биде подолу и Србија се пофали дека нарачала цела ескадрила најмодерни, најдобри во светот хеликоптери какви што нема ниту една земја во најблиското соседство. На што ви личи сето тоа ако не на општо вооружување и загрозување на мирот, во време кога нашиве народи копнеат по елементарна мирна егзистенција и пекаат по нормален човечки живот.

И токму овде, на крајот, ќе ја истакнам и втората, евидентна, и многу важна цел на Соединетите Американски Држави со случајот на Украина и Русија: водејќи војна на територијата на Европа, далеку од својата територија, конкурентната Европа, на која Америка секогаш низ историјата ѝ завидувала, уште повеќе да ја поткопаат однатре, да ја раскостат, да ја изморат, да ја истрошат, да ја исцрпат, да ѝ го одземат оној витален здив на некогашна голема плодоносна енергија насочена кон прогрес и коегзистенција, и еднаш за секогаш да ѝ ја намалат конкурентната моќ на сите подрачја. Во тој спектар треба да се гледаат и војните што Америка и НАТО ги водат наоколу низ светот, меѓу другото и затоа да го разбркуваат тамошното население, и да создаваат големи, непрегледни, трагични колони бегалци кон Европа за кои таа е првенствената спасоносна дестинација, а пак Европа, колку и да сака да одговори на тој сложен хуманитарен предизвик, едноставно не е во состојба сите да ги апсорбира, да ги акултурира и егзистенцијално трајно да ги вдоми во своите земји.

23 јануари 2022, Фејсбук
Милитаризацијата на Украина опасно го загрозува мирот во Европа и во светот
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/301813958672867

23 јануари 2022

ДРЖАВАТА Е ТРАЈНО „ВО СИГУРНИ РАЦЕ“

Секако се сеќавате на онаа позната диктаторска изјава на Зоран Заев кога Оливер Спасовски беше поставен за премиер на тнр. „техничка влада“ пред последните парламентарни избори, дека, како што рече, „до изборите државата ќе биде во сигурни раце“. Се разбира, буквалното значење на изјавата беше: „Мојата приватна државичка е во сигурни полициски раце“. Полициската суштина на нејзиното вистинско значење, пак, Оливер Спасовски најбуквално и најгрубо ја спроведуваше до самите избори: немаше ни провевче од некаква можна демократска предизборна атмосфера во општеството, но затоа имаше широка примена на разни „дозволени видови заевски политички, правосудни, и вистински криминали“, итроштини со ковид мерките и комплексашко изживување со квадови низ жална Македонија. А потоа Спасовски повторно си заседна во фотељата на министер на МВР, и државата пак се најде во „сигурните“ приватни полициски валкани диктаторски раце на Зоран Заев.

Сосема идентична ситуација имавме и по неколкуте негови бедни пишман-оставки пред конечната „формална“ оставка, кога даде една поинаква, преформулирана изјава, но со сосема исто буквално полициско значење како и оваа горе спомната, т.е. дека „оставката ќе ја формализирам штом ги стабилизирам владата, партијата и државата“, односно „штом ја предадам на чување мојата приватна државичка во сигурни полициски раце“. И така бидна: за претседател на партијата и за премиер е октроиран мизерниот ступиден клон на Заев – „Таче“, а за шеф на полицијата повторно е инсталиран Берија Оливер Спасовски. На тој начин Зоран Заев само формално

не е директно присутен во законодавната и во извршната власт, но конците на „својата приватна државичка“ и натаму цврсто ги држи во сопствените раце.

Длабоко расипан како човек, со силна, речиси анимална интуиција и способност речиси да го надуши и да го подзасилува стравот на своите бледи противници, но секако и далеку повешт играч од килавата, пимплава опозиција, зацапана во плиткото македонско политичко мочуриште што тој им го подметна, стана „премиер на влада во сенка“, и оттаму, од таа заштитена и сосема недопирлива позиција (без директна одговорност за настаните) ги повлекува истите свои едноумни и еднонасочни велепредавнички потези за докрајчување на Македонија. За тоа време пак опозицијата и натаму „успешно“ им статира на конвертитот Џафери и на сите оние незаконски инсталирани заевски квислиншки и големоалбански министри во таа самопрогласена и самоизбрана „влада“ што сосема ги узурпирала и правдата и политичкиот систем; упорно се матка низ лажниот парламент, „оди на работа“, таму поднесува некакви залудни законски предлози и смешни барања за предвремени избори, и се „заканува“ дека на нив секако „ќе победи“, се занимава и се фали со некакви рејтинзи според кои води за неколку сигурни проценти пред „Таче“, си тера некаква компромисерска кабинетска политика, и се надева... не знам на што...

Македонија нема да ја спасат политичари што се „надеваат“ на некаква инстант изборна разврска. Тоа едноставно нема да се случи. На Македонија ѝ требаат политичари готови да ја радикализираат неприродната, лажна политичка состојба. Да, навистина, треба да се признае дека има и неколкумина такви политичари што се одлични реторичари, и не само што знаат да зборуваат убаво, туку зборуваат и аргументирано и токму онака како што треба. Но сепак тоа не е доволно. Јас

не можам да им се изначудам што упорно веруваат дека нешто од тоа што го зборуваат воопшто допира до спротивната глува владејачка страна. Нивното обраќање е упатено на сосема погрешна страна, на онаа страна што узурпирала сè, па ги узурпирала дури и нив самите, и затоа таа нивните парламентарни дискусии, предлози и пекања со невидена леснотија и презир ги игнорира. Препоставувам дека самите тие веруваат и се надеваат оти „јавноста гледа“ дека се борат со сите политички средства, па би требало и да ги награди на изборите кога и да се случат. Но сето тоа што го прават се одвива во астмосфера на тотално непочитување на Уставот, на законите и на деловниците на институционалните тела, па така и нивната „политичка борба“ е чисто губење на време и на достоинството. Сето тоа нема никаква смисла, и кога само малку би го послушнале гласот на народот би им било сосема јасно дека јавноста смета оти на тој начин на „владејачкото мнозинство“ само му даваат легитимитет за неговите нелегитимни постапки.

Не, на македонскиот народ и на граѓаните на Република Македонија ѝ се потребни сосема поинакви, крајно решителни политичари што се способни бескомпромисно и конкретно да го поведат народот, да го повикаат, на пример, организирано и енергично да се собере пред „резиденцијата“ на штитениот злосторник и невиден велепредавник Зоран Заев, со денови и недели да создаваат јавни тензии, да протестирааат и енергично да бараат негово итно апсење и испраќање на суд за сторените тешки антидржавни и криминални злосторства. Но тажно е што тие очигледно и самите се плашат од него и од тоа што знаат дека всушност тој ја има „својата државичка во сигурни полициски раце“ и оти и нив ќе ги уапси и ќе ги разбрка на сите страни. Сега, post festum, гледаме и надреални настојувања злосторникот и криминалец Зоран Заев да се са-

кралзира како голем државник кој ни ја спасил државата од пропаст, тој нечовек, тој простак и политичка мизерија кој растури сè што беше национално и државно длабоко обмислено, логично и цврсто. Потсмевањето со тие лудости и будалаштини политичарите треба да им го препуштат на карикатуристите и на сатиричарите, а не тие со тоа да се занимаваат. Задача на сериозни политичари е пред домашната и светската јавност на Заев да му ја „одерат криминалната кожа“ и да се изборат по што пократка законска постапка да заврши на доживотна робија.

А што е најстрашно, тоа е што имаат неверојатен уплав од Калето, од „баучот“ што таму се сместил во своето гувернерско дувло, се самоповикал и се самопрогласил за универзален исповедник и духовник на македонските политичари „од првиот ешалон“. Деновиве, спроти доаѓањето на бугарскиот премиер Петков ги видовме таму бедно нацртани пред „баучот“ двете новоинсталирани узурпаторски гнаси, „Таче“ и Маричиќ, како преземаат конкретни американски команди и примаат американска причест и благослов за докусурување на Македонија. Но, за жал, таму на аџилак често се упатува и опозицијата, а налозите од „баучот“, се разбира, за сите се идентични.

Морав да го кажам сево ова и заради нешто друго. Во последно време, во општата психоза на безизлез, на горчлива лутина, на бес и на атмосфера на очигледна национална анксиозност, на социјалните мрежи често срекавам постови од некои поединци со, дури и груби, обвинувања на македонскиот народ како народ, на обичниот македонски човек што дозволува и натаму сето тоа да му се случува во неговиот сопствен дом, во Македонија. Наместа тие обвинувања и себеобвинувања се заемни и проткаени со некои измешани вистини и заблуди, но и со лесно искажани и непромислени

оценки, натопени со безнадежност, предаденост на судбината и со апатија. И самиот не знам колку пати тешко ја доживував таа неверојатна неподвижност, препуштеност на судбината и отсуство на конкретен отпор, сосема разбирлив за такви екстремни општествено-политички состојби во кои ни се наоѓаат народот и државата. Особено во времето на изборите кога несфатливо недостасуваше поголема, радикално поголема излезност на електоратот со својот сопствен глас да ги смени сосостојбите. Но секогаш одново се повлекував, и колку што можев ја отстранував секоја таква примисла, зашто реално, народот не може да се однесува како уличарска толпа. Секој поконкретен, концилијантен, потранспарентен обид политичките партии да го организираат народот да реагира на неправдите се покажа успешен и со општетствени и политички ефекти, а за будењето на реалниот оптимизам и покренување на националната енергија и да не зборувам. Но, за жал, од опозиционите партии пламнуваат само мали, повремени пламенчиња, раководени од којзнае кои и какви сè партиски околности, и главно за теми што во нашата стравотна национална агонија, иако се важни, сепак се теми од втор ред, додека националните и државотворните теми очигледно сосема свесно се буткаат под тепих.

Не, народот не е виновен! Народот е длабоко патриотски настроен! Народот си ја сака Македонија! Народот е готов да се бори за својата слобода и независност!

Виновна е млакоста и неспособноста на водечките опозициони партии, и особено на лидерите, кои сакаат да им изгледаат убаво, кабинетски уредно и префинето на „меѓународните" скородојденци и скоропојденци, наместо на својот народ да му ја покажат и да му ја докажат онаа прекрасна, онаа робустна, онаа изворна сила и непоколебливост во борбата за највисоките национални цели каква што ги водела нашите великани

низ историјата. Не гледам ниту еден таков препознатлив и национално универзален лик зад кој недвосмислено ќе застанат и ќе го поддржат масите. Не гледам таков човек во опозицијата кој в лице ќе им каже на големоалбанците дека се безочни и безумни големоалбанци и оти, работејќи против интересите на Република Македонија, работат и против заедништвото и против интересите на албанското национално малцинство во Македонија. Не гледам таков политички лик пред кој со респект ќе се стресат и разни Мицотакиси и разни Петковци и кој и да е друг од овие фашистоидни странски политичари што ни се изживуваат. Гледам само ликови кои со задоволство би се искачиле до своите мини--култови на личности и кои на политичките собири уживаат да го чујат скандирањето на своето име. На македонскиот народ не му требаат такви самозаљубени политичари, и сè додека не се појави еден силен, автентичен, државнички лик, никој, па ниту ние самите, едните со другите, немаме право и не смееме да се обвинуваме за апатија и неорганизираност. Токму спротивното, треба меѓусебно да се пронаоѓаме, да се препознаваме и безрезервно да се поддржуваме во борбата за нашата единствена татковина Македонија. Вистината и правдата за Македонија и за македонскиот народ ќе победат. Премногу длабоки ни се корените за некои примитивци и минливи луѓе да нè искорнат од нашата најсакана мајчинска почва.

23 јануари, Фејсбук
Државата е трајно „во сигурни раце“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/302002695320660

26 јануари 2022

Пост 138

„ЕЛИТНА“ ПОЛИТИЧКА ИМПОТЕНЦИЈА

Судејќи според настаните, контактите и фашистичката бугаро-шовинистичка иконографија во текот на престојот на македонската делегација во Софија, воопшто не е тешко да се заклучи до која мера квислиншкиот лажен „премиер“ „Таче“ е политички и дипломатски апсолутно импотентен политичар, со свиткана и скршена кичма од самиот почеток. Импотентен лажен „премиер“, со импотентна лажна „влада“ – ете ти отровен рецепт за импотентна лажна „држава“.

26 јануари 2022, Фејсбук
„Елитна“ политичка импотенција
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/303484988505764

30 јануари 2022

КУТРО „ТАЧЕ“

Лажниот „премиер“ на лажната „влада“, анационалниот микроорганизам, кутро „Таче“, свечено изјави дека решил енергично да го порази национализмот, и тоа преку борба против непријателската „националистичка пропаганда“. И тоа ќе го сторел заедно со бугарскиот премиер Петков. Ок, глупоста отсекогаш им припаѓала на глупавите, па кој може и на овој недоквакан дилетантски „политичар“ да му забрани од длабочината на својот аналфабетизам да треска такви бесмислици. Политичката филозофија е сериозна наука, нешто што се проучува и нешто што треба вистински да се знае, а не туку така идиотски да се верува оти си станал политички филозоф и вистински политичар само затоа што мангупски си ја узурпирал власта, и едноставно си го презел сталино-фашистичкиот диктаторски терк на оној што те истресол на северџанскиот политички пазар од своите валкани ѕиври, сељачиштето Зоран Заев.

За да поразиш нешто, најнапред тоа нешто треба добро да го запознаеш и да го разбереш, и да ги сфатиш ПРИЧИНИТЕ и ПОСЛЕДИЦИТЕ на појавата што сакаш „да ја поразиш“. Но скудниот и лажен „Таче“ едноставно во врска со тоа апсолутно ништо не знае и не разбира, па си вообразува дека има демиуршка моќ да „поразува национализми“, и наоколу се расфрлува со пцовисаниот муртински заевски „лажен космополитизам“, сега во новоидиотско издание.

Е кутро „Таче“, низ историјата националистичките движења и национализмите се појавувале како неминовен отпор и биле директна ПОСЛЕДИЦА на големодржавните шовинизми и поробувања на помалите народи. Големодржавните шо-

винизми, кутро „Таче“, секогаш биле вистинската ПРИЧИНА за појава на националистичките движења и на национализмите. Сите национализми низ историјата, сè до ден денес, кутро „Таче“, биле основа и за уривање на колонијализмот низ светот и за создавање на слободни, суверени национални држави. Врз основа на македонското национално-ослободително движење, врз основа на македонскиот национализам, како впрочем и кај сите народи низ Европа и низ светот, во втората половина на XIX и во првата половина на XX век, кутро „Таче“, се одвивала и нашата вековна борба за создавање на самостојна, слободна и суверена држава, Република Македонија. Национализмот како поим, кој ни е оставен во „наследство“ како некаков застрашувачки „бауч“, е само реликт на големите апсолутистички мултинационални царства од XIX и соцреалистичките мултинационални творби од XX век. Големодржавните национал-шовинизми, кутро „Таче“, смртно се плашат од национализмите на народите што ги држат во ропство или сакаат да ги поробат, зашто пред нивните сурови големодржавни окупаторски шовинизми, омрази и насилства, национализмот е единственото вистинско и најздраво политичко засолниште и јадро околу кое се собира и се концентрира сета национална енергија на секој поробен и потиснат или загрозен народ, како што тоа сега е случајот со македонскиот народ, безочно сардисан од дивјачкиот атак на големоалбанските, големогрчките и големобугарските шовинистички, освојувачки политики, поддржани од големоевропските и глобалостичките неоколонијалистички центри на моќ, што расипано ни мавтаат пред очи со своите лажно-космополитиски пароли и знамиња.

Кутро „Таче“ има „генијална идеја“: заедно со бугарскиот премиер Петков во Македонија да ги порази национализмот и „националистичката пропаганда“.

Прво, кутро „Таче“ и големобугарскиот му компањон Петков сметаат дека слободата на мислењето и изразувањето на своите национално-политички ставови во македонската политичка и во поширока македонска општествена јавност се „националистичка пропаганда“ и тоа сакаат да го поразат. А се знае како тоа се прави: само треба да ги преземат и да ги практикуваат темелните Гебелсови наци-фашистички упатства за терор над слободата на мислењето, т.е. на Слободата воопшто. Впрочем, тој наци-фашистички, или, ако сакате, сталино-фашистички ултра-цензорски концепт, веќе е вграден во заевско-големобугарскиот Договор за гробнососедство, кој предвидува формирање на комисии за надзор и сузбивање на тнр. „говор на омраза“ во Македонија, па само е потребно кутро „Таче“ тоа сега уредно да го спроведе, а тој, очигледно, решил токму така и да постапи.

Второ, кутро „Таче“ не само што нема да успее да го потисне и да го победи македонскиот национализам, туку со својата плитка анационална и антидржавна, велепредавничка политика, наследена од квислингот Заев, само уште повеќе ќе го засили и ќе го разгори, а така ќе биде сè додека македонскиот народ дефинитивно не го порази тоа невидено велепредавничко и квислиншко лудило, и не ја исправи својата национална кичма пред монструозните големобугарски, големогрчки, големоалбански и ини шовинизми.

Македонски народе, само со силно разгорување на нашиот национален дух, само со разгорувањето на нашиот здрав и освестен македонски национализам, како одговор на остервените шовинистички чудовишта што безочно и на најсуров начин ни се наднесоа над националната судбина и над нашата опстојност како народ, можеме да го зачуваме своето национално македонско Јас, своето македонско национално Име, својот мајчин македонски Јазик, и својата единствена Држава, Република Македонија.

Кутро „Таче“, оди си на време, додека со својот дилетантизам и веќе посведочената тешка политичка глупост, под себе не си направил уште поголем лизгав бербат, па макар и само со своите надувани лажно-космополитски, велепредавнички изјави, кои ги есапат за „добри“ само оние што го есапеа за „добар“ и „татка ти“ Заев, па сега и тебе те есапат само за уште една ординарна балканска будала што на дланка им ја подарува нашата национална судбина за да можат со нас да прават што сакаат.

Долу големодржавните освојувачки и ништителски големобугарскиот, големогрчкиот и големоалбанскиот шовено-фашизам!

Да живее освестениот ослободителен македонски национализам!

Да живее во слобода македонскиот народ! Да живее и слободно да цути и да пее преубавиот македонски јазик!

Да живее слободна Република Македонија!

30 јануари 2022, Фејсбук
Кутро „Таче“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/305949548259308

30 јануари 2022, Денешен.мк Online
Македонски народе, само со силно разгорување на нашиот национален дух, како одговор на шовинистичките чудовишта можеме да го зачуваме своето македонско Јас
https://denesen.mk/kliman-makedonski-narode-samo-so-silno-razgoruvanje-na-nashiot-nacionalen-duh-kako-odgovor-na-shovinistichkite-chudovishta-mozeme-da-go-zachuvame-svoeto-nacionalno-makedonsko-jas/?fbclid=IwAR2rDQFB4IEcTkbpPNpQLAztEfvCODDUVxiYHRKhoHbprwfeCI531YUiEvo

1 февруари 2022, Macedonia News Online
Кутро „Таче“
https://www.macedonia-news.com/%D0%B0%D0%BB%D0%B4%D0%BE-%D0%BA%D0%BB%D0%B8%D0%BC%D0%B0%D0%BD-%D0%BA%D1%83%D1%82%D1%80%D0%BE-%D1%82%D0%B0%D1%87%D0%B5/

1 февруари 2022

АЈДЕ ДА СИ ЈА ВРАТИМЕ МАКЕДОНИЈА ДОМА!

Мил мој народе, еднаш се живее. Зошто да не бидеме среќни во овој единствен наш живот? Зошто да бидеме несреќни во својата сопствена Татковина? Зошто да не бидеме среќни и слободни во својата слободна и среќна татковина Македонија?!

Ајде да си ја вратиме Македонија дома! Онаа Македонија на нормални, чесни луѓе, каква што си ја имавме, Македонија на непоткуплива и достоинствена правда, Македонија на целосна смисла и разумен поредок на нештата, онаа Македонија обединета во човечноста и во радоста на хармоничната коегзистенција на различности. Македонија на вистинските хуманистички вредности. Македонија која беше нашата најголема Љубов, наша Гордост и наша Убавина.

Ја имавме таа преубава, таа топла земја, таа наша прекрасна родокрајна Мајка. Но дозволивме безочно да ја силуваат никаквеци и да нѐ уверуваат дека така требало да биде, и оти тоа го прават во име на некој неизмерно голем цивилизациски идеал, во име на некоја имагинарна, виртуелна иднина-недојдина, заради која таа треба да се фрли под нозе, да се изгази, и засекогаш да се избришат и нејзиното и нашето минато и нејзината сегашност.

Не, мили мои, не постои на светов таква иднина поради која би смееле и да помислиме да се откажеме од својата света мајчичка Македонија, од нашата вековна родилка и хранителка, и бедно да ѝ го свртиме грбот. Нашата жална Македонија, еве, денес, стои на последниот судбоносен историски крстопат, вчудовидена нашата маченица, што нејзините родени чеда што ги однишала во својата мајчинска прегратка, ги кре-

нала на нозе подарувајќи им го своето големо, своето свето македонско име, дозволуваат толку немилосрдно да ја гнетат, да ја газат, пред нивни очи да ја силуваат, да ја понижуваат, да ја убавиваат најобични мафијаши и грабежливи туѓински силователи и бедни домашни изроди, кои, со сета своја внатрешна празнина и безначајност, живеат само од своето бедно денес до своето уште победно утре.

Ајде да си ја вратиме Македонија дома! Таа му припаѓа на нејзиниот чист, невин народ, на кој навистина веќе му е доста од сите овие неподносливи омрази и сурови бесмислени поделби, што како најсмртен отров меѓу нас подмолно ги расфрла сал еден грст ужасно опасни гангстери и подеднакво опасни и безмилосни, неморални политички шпекуланти и продадени души, кои покажаа дека се апсолутно во состојба, без да им трепне окото, за своите најегоистични мизерни интереси веднаш, на најгруб начин, да го поништат секое цивилизациско добро и секоја благородна, хуманистичка и историска вредност за чие создавање биле потребни векови и векови духовни и интелектуални напори, и неизмерен, тежок човечки труд и саможртва на генерации и генерации луѓе.

Ајде да си ја вратиме Македонија дома! Сега и веднаш! И нека во тоа не ни понедостига најголема доблест и најголема човечка храброст тоа бескомпромисно да го избориме до крај, зашто sверишта, овие сурови туѓински и домашни sверишта што ни ја грабнаа и што пред наши очи ја растргнуваат, нема со лесно да ни ја вратат во нашата синовска и ќеркинска прегратка. Нашата единствена мајчичка Македонија тоа го заслужува со трепетот на секој свој дамар, и таа тоа го очекува од нас. Ајде сите заедно цврсто да си ја гушнеме и да ја тргнеме од овој страшен злосторнички крстопат, од ова страшно, немилосрдно невреме и распаќе, на кое туѓинците, скородојденците, квислинзите и криминалците насекаде нао-

колу разместија толку шарени патокази што водат кон Никаде, и да си ја однесеме дома, нашето македонско дома, во татковинската сигурност и во реалноста на Љубовта што таа од нас бескрајно ја заслужува.

1 февруари 2022, Фејсбук
Ајде да си ја вратиме Македонија дома!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/306865771501019

3 февруари 2022, Денешен.мк Online
Ајде да си ја вратиме Македонија дома!
https://denesen.mk/kliman-ajde-da-si-ja-vratime-makedonija-doma/

4 февруари 2022

АИРЛИЈА ИДЕЈАТА, ГОСПОДИНЕ МИЦКОСКИ

Христијан Мицкоски гледа многу лесно решение со фашистоидната и предаторска политика на Бугарија кон Македонија: Тој полетно изјави оти таа само треба „да даде писмени гаранции дека нема да нѐ блокира и да се извини за интернираните Евреи од Македонија"... и уште „фуснотата нека ја тргнат од јазикот, не треба повеќе, и ние ќе речеме браво, има промени во позициите".

Прво, господине Мицкоски, Бугарија и сега веднаш по вашата изјава, овој час, да даде златни писмени гаранции и тапии со златни панделки и тешки државни мурови дека нема да нѐ блокира во ЕУ, тоа апсолутно не значи дека патот кон ЕУ воопшто ќе ни се отвори. Таа ваша хипероптимистична изјава се потпира врз неверојатното уверување, што инфантилно со вас го делат и речиси сите други ваши „колеги" лидери на политичките партии дека, освен рачната кочница на Бугарија, останатите земји членки на ЕУ претставуваат еден единствен, едноумен, челично цврст промакедонски блок, и напнати како пушки само го чекаат одобрувачкиот ишарет од Бугарија. За жал, краткиот одговор на оваа дилема гласи: Не, во ЕУ воопшто нема такво „едноумно" расположение кон Македонија, всушност, во моментов кон неа нема никакво расположение, па што и да ни „продаваат" нивните здодевни евроинтегративни „трговски патници" што севезден ни се маткаат низ дворот. Тоа ваше и нивно самозалажување и залажување на македонската јавност само покажува дека навистина немате никаква реална претстава за актуелните состојби и за односите во ЕУ.

Второ, господине Мицкоски, само да ве потсетам дека еднаш веќе опасно и непоправливо сме се изгориле со тнр. „писмени гаранции“. Квислингот Зоран Заев, си спомнувате, нели, не само што „симнуваше ЕУ-ѕвезди од небото“, туку на претседателот Иванов му потпиша „писмени гаранции“ дека ни на сон нема да води политика против државните и национални интереси , а еве, свртете се наоколу, додека да речеш „кекс“ сосема ни ја разглоби и ни ја уништи државата, при што за почетокот на својата невидена, хистерична, морничава деструкција не почека дури ни да се исуши мастилото на дадените му „писмени гаранции“. Е сега, ве прашувам, од кои причини вие повеќе би им верувале на бугарските „писмени гаранции“ одошто на „писмените гаранции“ на Зоран Заев? Зарем официјалната освојувачка, фашистичка политика на Бугарија е помалку расипана и помалку подмолна од Зоран Заев? Вие сигурно имате некакво објаснување за таквото ваше верување.

Трето, четврто и пето: 3/ Бугарија никогаш нема да потпише таков документ 4/ таа никогаш нема да се извини за својот наци-фашистички прогон на Евреите од Македонија и 5/ таа никогаш, никогаш нема да ја тргне фуснотата за македонскиот јазик.

Е, кога сево ова го гледаме вака на едно место, се поставува и прашањето, зошто тогаш, господине Мицкоски, давате такви површни реторички изјави, кои ниту нешто значат, ниту нешто менуваат, ниту имаат сила на уверливост пред македонската јавност, па ниту пред оние што од сѐ срце би сакале да ви веруваат? Одговорот секако вие си го знаете најдобро, но јас се плашам дека сепак е во прашање само најобична безидејност или, едноставно, едно банално немање „прпа“ за вистинска радикална, автентична македонска политика, која на Македонија вистински ѝ е нужна, и која по најбрза,

најенергична и најкратка постапка би се справила со оваа ужасна, бедна, срамна, квислиншка заевско-големоалбанска грдотија од „власт“ и со божемната „постзаевска“ а подеднакво криминална и велепредавничка политика на нови тешки национални и државни порази.

Ајде, поведете таква радикална, храбра македонска политика и, да се послужам со вашите оптимистични зборови, сите „ние ќе речеме браво, има промени во позициите“.

Но додека вие, господине Мицкоски, само смирено, кабинетски си смислувате нови и нови реторички фигури за своите ТВ-изјави – ѓаволот, еве, дојде по „своето“, и в неврат си однесува едно по едно!

4 февруари 2022, Фејсбук
Аирлија идејата, ѓосподине Мицкоски
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/308762671311329

4 февруари 2022

ВЕСЕЛА МАТЕМАТИКА

Опа! Христијан Мицкоски изјави: „Подготвен сум да разговарам со Ковачевски ако целта е доброто на Македонија“.

Е сега, ако тајната не е во некаква чудесна ајнштајновска математичка визија што наеднаш ќе го воодушеви целиот математички свет, се прашувам како еден математичар како господин Мицкоски би бил подготвен да разговара со една 0 (нула) каква што е Ковачевски.

Искрено, не знам како го замислува тоа: ќе земе столче и ќе седне наспроти Нулата, и со неа ќе разговара? Зашто, сите добро знаеме дека што и да правиш со Нулата, да множиш, да делиш, или да разговараш со неа – Нулата секогаш си останува Нула. Мицкоски во таа надреална математичка „лидерска“ верига спомнува две, повеќе филозофски одошто математички константи: „цел“ и „добро“. Но Нулата, која во македонските „математички“ неприлики е добро позната како „Ќурка“, или заевски на галено „Таче“, едноставно нема никаква „цел“, и особено не може да има „добра цел“. Таа едноставно си опстојува како најобична ќуркинска Нула, а сега математичарот Мицкоски, вклучувајќи се себе си како 1 (единица) веројатно сака со таа 0 (нула) да создаде некаков чуденесен, пресвртнички македонски политички бинарен систем. Му се чудам, зашто во изминативе најтрагични години за Македонија и за македонскиот народ, не успеа да направи барем некакво бинарно системче ни со далеку поголемите заевски и големоалбански нули, а сега, еве, е готов да се игра „весела математика“ со една мала, малечка, најнезначителна, ништожна ќуркинска нуличка.

Ох, простете, јас сум само човек од перо, па најпосле ги измешав нештата: големи нули, мали нули, лидерски нули, Бог да чува од таа математика.

4 февруари 2022, Фејсбук
Весела маш̄емаш̄ика
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/308789121308684

4 февруари 2022

БЕДНА ЛУДАЧКА ПРЕГРАТКА НА ДВА ФРЕНЕТИЧНИ ФАНАТИЗМИ

Гоце Делчев не е само параграф во некоја бедна криминална купо-продажна меѓудржавна, плитко-политичка спогодба. Гоце Делчев е нашето македонско Срце, нашата македонска Душа, нашето македонско национално Достоинство. Гоце Делчев е состојба на нашиот македонски ум и дух. Залудно посегаат по него! Никогаш нема да можат да ни го одземат и да си го присвојат!

Заев насекаде посеа страшен анационален отров, а македонскиот народ поради него веќе со години жнее само горчлив пелин на туѓински газења и понижувања, на кои тој, како клисар на сето антимакедонско зло, ширум им ја отвори портата.

За жал, мил мој народе, сведочиме на незаприлив климакс на безобѕирно лудило на френетичниот големобугарски фашистички антимакедонски фанатизам и на неспитомливо лудило на френетичниот квислиншки велепредавнички фанатизам на македонскиот државен врв. Тешко е да се рече кој во тоа немерливо безумие е погнасен, поизвалкан, поодвратен: бугарските политички антимакедонски ѕверишта, или лигавите велепредавнички отровни змии Димитровски и Пендаровски со своите мизерни велепредавнички и големоалбански багри.

Но и трагедиите имаат крај. И цунамито поминува. Ќе заврши и ова страшно цунами што нѐ погоди, оваа тажна, непреболна, срамна епизода на современата македонска историја што ја испишуваат најдолни и најподмолни никаквеци, крволоци и силувателина македонскиот народ. Ѕверски ги

размавтаа над Македонија своите пеколни злосторнички знамиња и знамења, но вистината за Македонија и за македонскиот народ е бескрајно посилна од тоа невидено, надреално зло.

Светиот Августин вели: „Вистината е како лав; не мораш да ја браниш; таа самата ќе се одбрани“.

Знајте, аморални гнасови и туѓински мразни лазачи, Вистината за Македонија и Вистината за нашиот најголем македонски син Гоце Делчев, ќе ја пишуваме ние, зашто вие ниту ја знаете, ниту ја чувствате, ниту ја разбирате нејзината суштина, и таа Вистина за сите времиња ќе остане како најавтентично, најаргументирано и најуверливо трајно сведоштво за оваа страшна, морбидна заевско-големоалбанска квислиншка луња, ова морничаво невреме што ни се истури над душите и во животите, кога лагата и подмолноста во вампирски преграб танцуваа над Македонија и над светиот македонски гроб на најголемиот син на македонскиот народ и таткото на нашата македонска нација, Гоце Делчев.

Танцувајте, танцујвајте, Вампири! Вашиот танц на Злото ќе ве однесе рамно на вампирското буниште на историјата.

4 февруари 2022, Фејсбук
Бедна лудачка прегратка на два френетични фанатизми
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/309211521266444

5 февруари 2022

ПРОЧИТАНИОТ „MEIN KAMPF“ ОД БУЈАР ОСМАНИ

Бујар Османи ни забранува да зборуваме за Гоце Делчев!

Фашизмот на Бујар Османи веќе не можеше да се воздржи и искокна од својата црна подмолна кожа, бесно излетувајќи низ неговата црна фашистичка уста.

Со години се обидуваше да ја сокрива својата црна фашистичка кошула под сина министерска вратоврска, ги буткаше нејзините црни фашистички манжетни под ракавите на своето сино министерско сако, објавуваше „романтични“ глоптротерски фотографии од Венеција кои требаа да нè импресионираат со некаква негова европска широчина, додека народот, обичниот човек, скапува од немаштија и тежок живот во нашата поробена и понижена Македонија, самозаљубено се расфрлуваше со снимки од незаслужениот и узурпиран министерски кабинет, голем како фискултурна сала, и со енормни плазми по ѕидовите, со кои требаше да се манифестира неговата неограничена простачка политичка моќ, – но ние веднаш ја видовме и ја препознавме, и од првиот ден укажувавме на таа негова прикриена црна фашистичка кошула, ги видовме нејзините црни фашистички ракави, и одамна, од секој негов изговорен збор, го прочитавме неговиот подмолен, насилнички црн фашистички и големоалбански „Mein Kampf“.

Сите Хитлери и хитлерчиња низ времето си вообразувале дека се поумни од останатиот свет и оти само тие знаат каква црна јамка му врзале на народот околу неговиот небранет гол врат. Така самозаљубено си мислеше и во своето неограничено безобразие разбашкареният недопирлив фашист Бујар

Османи, и си тераше натаму низ лудачкото заевско квислиншко, велепредавничко и големоалбанско царство.

Но дојде часот кога, по сите неподносливи трпења и проголтани горчливи солзи и голтки, е допрена и најтенката и апсолутно најболна нишка на македонскиот народ, безочно е допрено светото име на Гоце Делчев, на најголемиот македонски национален син и херој, последното упориште на достоинството на нашиот напатен македонски народ, последното Упориште со голема буква, Упориште како Градобран, како клучно место на македонскиот и општонационалниот Отпор.

Фашистичкиот гнас Бујар Османи се дрзна да ни забранува да зборуваме дури и за Гоце Делчев!

А на тоа беше поттикнат поради тоа што конечно експлодира и личната човечка и научничка свест и совест на македонските историчари, експлодира достоинството на Умот и на Знаењето наспроти безобѕирното простачко фашистичко насилство кое веќе не се трга, и добивме голема, пресудна јавна реакција на еден од најклучните делови на македонската академска заедница. Јасно, гласно и непоткупливо македонските историчари, со највисоки научни титули и звања, ѝ дадоа на политиката на знаење дека веднаш и трајно треба да си ги прибере прстите од историската наука, зашто таму никако не ѝ е местото, и да престане грубо да манипулира со неа и да креира срамни квази-научни фалсификати во интерес на застрашувачките меѓународни политички трговии и распродажби на недопирливите национални културно-историски вредности.

И, сосема очекувано, Бујар Османи панично искокна од својата црна фашистичка кожа која веќе не можеше да го додржи. Веднаш следи неговата очекувана бесна фашистичка реакција. Тој изјави дека историчарите нема што да се мешаат

во политиката. Очигледно, според неговиот црн фашистички светоглед, политиката, неговата мрачна големоалбанска политика пред сè, е и треба да биде заштитено подрачје, фашистички ловен резерват, недопирливо и недофатливо место за никој друг освен за најтесната заевско-големоалбанска фашистичка „елита“, зашто таа политика е семоќна, таа знае сè, таа за сè ќе одлучува според своите фашистички мерила, и не дај Боже некаква си историска или која и да е друга наука да ѝ се плетка во нејзиниот црн атар. Политичарите и политиката имаат неограничено право, смета фашистот Османи, без консултации на најстручната и најквалификувана историска фела, без консултации и договор со академската заедница, без консултации и расправа во поширокатa научна и културна јавност, токму онака како што тоа го направи квислингот Заев, да инсталира некакви квази-историски комисии, според својот диктаторски, кабинетски и сосема аналфабетски вкус, и својот политички строго насочен и диригиран избор, воден од фашистичките политички интереси на избезумената власт, со што тие и такви комисии истовремено добиваат од државата загарантиран статус на најумни, најквалификувани и апсолутно недопирливи во своето лудачко арачење и раздавање на историското минато и на историските личности на македонскиот народ, како и на македонската нација како целина.

Ниту македонската историска наука, ниту кој и да е друг во Македонија, заклучува Османи, немаат право да зборуваат ни за Гоце Делчев. Тоа е задача на политиката во „решавањето“ на меѓудржавните прашања со соседите. Историчарите само ѝ прават штети на политиката!

Е па, Бујар Османи, доста ни е од тоа ваше црно фашистичко насилство! Доста ни е од вас сите! Ја превршивте мерата! Историската наука е таа која Знае – а вие сте еден нај-

обичен аналфабет за историската наука, која низ илјадници години, сè до денес, ги создавала и натаму ги создава своите истражувачки и аналитички ситеми и методологии. Вие сте најобичен аналфабет и за македонската национална историја, и никој не ви дал право и мандат, ниту на избори ниту на некој друг начин, вие да одредувате во кои проценти македонската наука ќе учествува во донесувањето највитални, судбоносни одлуки за македонската нација, и во кои проценти во меѓународната заедница и со соседите ќе зборува за минатото (10-20 насто), а во кои проценти (80-90 насто) за сегашноста и за иднината. Тоа е најобичен идиотизам, катрактеристичен за фашистичките еднокелиски мозочиња и креиран во вашиот фашизиран мозок. Тоа е најобичен идиотизам на вашата лична, и на вашата големоалбанска мрачна фашистичка политика во Македонија.

Сите знаеме дека на вашиот црн фашизам му пречи секој пробив на здравата демократија, му пречат слободното мислење, вистинската научна мисла, знаењето. Во вашиот црн фашистички свет вие сте навикнати на мизерни слуги, послужители и колаборационисти, на бедни предавници и лигави потрчковски, какви што сте и вие самите во однос на оние фашисти од погорните меѓународни „катови“, што како грди антицивилизациски страшила ве насадија во Македонија за да им слугувате на нивните фашистички и колонијалистички интереси, а врз грбот на македонскиот народ.

Но, мора да ви стане сосема јасно дека на нашиот незапирлив и нескршлив порив по Слободата, по таа највисока хуманистичка смисла на човечкото постоење, смртно му пречи, му се гади и веќе не се мири со невиденото насилство од страна на вашиот црн, разуларен, простачки и безумен фашизам, и затоа секавично му се ближи крајот. Ја претеравте, разбојничишта уличарски!

НАУКАТА НА НАУЧНИЦИТЕ!
СЛОБОДА ЗА ПРОБЕНИТЕ! СМРТ НА ФАШИЗМОТ!
ДА ЖИВЕЕ СЛОБОДНА И ДЕМОКРАТСКА МАКЕДОНИЈА!
ВЕЧЕН ДА НИ Е СПОМЕНОТ НА НАЈСЛАВНОТО И НАЈЧЕСНО МАКЕДОНСКО ИМЕ – ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ!

5 февруари 2022, Фејсбук
Прочитаниот „Mein Kampf“ од Бујар Османи
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/309983237855939

11 февруари 2022

ПОЛИТИЧКИОТ БУГАРСКО-МАКЕДОНСКИ ЦЕПЕЛИН

Штотуку е покрената најнеекономичната, чисто политичка авионска линија во Европа, а можеби и во светот. Бугарско-македонскиот политички надуен „цепелин“ ќе „лета“ помеѓу Софија и Скопје врз државни субвенции, и таа „линија“, се разбира, ќе трае сè до крајот на агресивната пропагандна војна за побугарчување на македонскиот народ и на сите негови национални културно-историски достоинства, а пак главни „излетници“ ваму-таму секако ќе бидат членовите на неброените „експертски комисии“. Ок, на прочуениот „ексел“ на лажниот премиер Ковачевски набргу ќе му се појават чудни цепелин-минуси, зашто за затворање на финансиска конструкција за авионска линија на ваква мини-релација е потребна малку посериозна математика од онаа на болно амбициозниот „Таче“, освен ако во државниот буџет видовито веќе не биле планирани за расфрлување такви значајни наменски средства. Но, ајде, овде сепак е во прашање една повисока, „евро-атлантска цел“ – влегувањето на Македонија во ЕУ, се разбира, на Куково лето, за „летање“ на куково летување.

А можеби сето тоа од своите општопознати „администраторски“ причини ќе го плаќа Бугарија? Зашто, пробен „администраторски“ лет веќе имаше претседателот Радев кој, си спомнувате, нели, дури до Рим го „провоза“ северџанскиот педерсерател Пендаровски. Но Ковачевски има далеку поголема чест: еееј, него го „лета“ бугарскиот „Мандела“ Петков.

11 февруари 2022, Фејсбук
Политичкиот бугарско-македонски цепелин
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/313679567486306

11 февруари 2022, Денешен.мк Online
Надуениот политички бугарско-македонски цепелин, најнеекономичната авиолинија во Европа, а можеби и во светот
https://denesen.mk/kliman-nadueniot-politichki-bugarsko-makedonski-cepelin-najneekonomichnata-aviolinija-vo-evropa-a-mozebi-i-vo-svetot/

27 февруари 2022

ЦИНИЗМОТ НА УКРАИНСКАТА ВОЈНА, ИЛИ ВОЈНА НА СВЕТСКИТЕ ОЛИГАРСИ

Сите војни се неизмерно цинични. Ги покренуваат и ги водат милитантните политичари и олигарси во име на народот, а народот е нивната најтрагична жртва. Иста е судбината и на украинскиот народ, изложен на оваа екстремно цинична и апсолутно непотребна војна што најгрубо удира по неговиот грб, и по животните судбини на обичниот, невин украински човек.

Војната отсекогаш, и тоа без исклучок, била и е голема деловна зделка, судир на разни држави како острвени конкурентски „воени претпријатија“, и на нивните деловни спонзори од вториот план, цинично заседнати на сигурно, во удобните набљудувачки ложи на крвавите воени арени. Испоставувањето на последните меѓусебни трговски сметки, или сметки за воени репарааации, понекогаш траат со децении. Некои такви зделки и побарувачки уште од Втората светска војна ни до ден-денес сè уште не се намирени. Колку што е поголема војната, и колку што е поголем деловниот влог, толку е поголема и деловната зделка, па толку се поголеми и деловните добивки. Зашто, иако војната сама по себе секогаш е и високо ризична зделка, во деловна смисла таа редовно им носи добивка на нејзините богати финансиери. Во хуманитарна смисла, пак, сите војни се неизмерна и непоправлива трагедија и цивилизациска загуба. Така е и со војната во Украина.

Бидејќи на целиот свет му е совршено јасно дека војната сама по себе е изразито нехумана, расчовечувачка појава, и

затоа апсолутно непопуларна и крајно одиозна, политичарите и милитантите што ги поттикнуваат, што ги покренуваат и што ги водат војните од своите најегоистични и лудачки интереси секогаш прават сè, пред својата современа јавност и пред историјата во којашто ќе бидат запишани, да ги оправдаат причините за нејзиното покренување и водење. Така е и со украинската војна.

Денешните модерни медиумски технологии им овозможуваат на завојуваните страни, секоја за себе и според своите воинствени причини, да ги креираат и до нијанси да ги дизајнираат пропагандните информации и нивните конечни ефекти. Судирот на тие спротивставени и завојувани информации и пропагандни пораци во комплексниот јавен медиумски простор свесно и сосема намерно предизвикуваат ужасно опасни, зашеметувачки забуни, дилеми и контроверзни расположенија во јавноста, со сите средства настојувајќи да ја придобијат нејзината морална наклоност, зашто тогаш потфатот полесно се реализира. И во тоа, повеќе или помалку, успеваат и едните и другите, и сите заинтересирани или инволвирани страни. Така е и со украинската војна и со нејзините одгласи во јавноста, низ која, освен во неподелената општа остра осуда на самата војна, и освен сочувствувањето со страшната, длабоко трогателна судбина на украинскиот народ, за причините на војната и за нејзините виновници се слушаат најразлични спротивставени мислења и ставови, а низ бескрајниот простор на социјалните мрежи дури и секакви невкусни навивања.

За да нема никакви, па ни случајни дилеми и злонамерни алузии на моите ставови, веднаш ќе се согласам со сиот разумен и добронамерен свет дека украинската војна е една срамна и трагична манифестација и апсолутно мачен израз на незајазливите стари и нови геополитички страсти, амбиции

и апетити на големите светски сили, и страшна трагедија за обичниот мал човек на Украина.

Но сепак, треба да се рече дека во разграничувањето и во дефинирањето на мотивите и на поводите за нејзино започнување постои една мошне прецизна и непобитно транспарентна црта-водителка по која, движејќи се кон најблиското минато, само неколку години наназад, и потпирајќи се врз конкретни факти во развојот на настаните во светот, и особено во Европа, лесно можеме да ја препознаме и вистината за тие мотиви и причини, и за поттикнувачите и виновниците на оваа војна која баш и не мораше да се случи, иако долго време постојано лебдеше во воздухот, и невербално јасно беше најавувана. А таа линија пред сè води до агресивните конквистадорски фашистоидни политики на Соединетите Американски Држави, НАТО и ЕУ. За можноста на скорешно избувнување на војна во Европа пишував уште во ноември 2018 година, но и пред многу кратко време пред нејзиното започнување. Затоа најневеројатно, па дури и смешно и наивно, звучат некои воено-политички коментатори и политички аналитичари кои деновиве, речиси сите од ред, искажуваат некаква вчудоневиденост што денес, во XXI век, во Европа, ете, започнала и се води крвава војна, небаре наеднаш согледуваат дека со руската инвазија на Украина целосно е погазено меѓународното право, и оти се создава нов меѓународен поредок!

Но, да се разбереме, уривањето на меѓународниот правен поредок започна, и оттогаш со различен интензитет трае уште од моментот на самото негово воспоставување и зацврстување по страшните општочовечки искуства од Втората светска војна, и, за жал, не престана, чекор по чекор, а потоа и сè позасилено (и особено во последниве десетина години) да се одвива сè до ден-денес. Спомнете си само на

сите безочни инвазии и окупации на разни земји низ светот во текот на изминатите шест-седум децении! Тие и такви антицивилизациски процеси, барем што се однесува до Европа, сосема парадоксално се одвиваа колку-толку со поткрената рачна кочница во деликатниот и ризичен периодот на студената блоковска војна, но посебен и незапирлив замав добија по распаѓањето на Советскиот Сојуз, пропаѓањето на комунистичките режими низ Европа, и распуштањето на Варшавскиот договор. Во таа смисла, жестокиот геополитички дивјачки грабеж на Балканот претставуваше најтипичен и најдрзок пример на уривање на меѓународните правни норми и стандарди и општоприфатените узуси на меѓународно-правното однесување. Еклатантни и јасно предупредувачки примери беа бомбардирањето на Белград и насилната, интервенционистичка сецесија на Косово од Република Србија, а пак неколкугодишното безобѕирно, безочно, силувателско дивеење на САД, НАТО и ЕУ врз судбината на македонскиот народ, инсталирањето на квинслишката и големоалбанска влада на Зоран Заев, целосното уривање на правниот и институционален поредок на Република Македонија, непризнавањето на референдумското големо НЕ на македонскиот народ, насилното отворање на уставот на Република Македонија, целосното редефинирање на неговата изворна асномска преамбула, и промената на името на државата, како и понижувачкото национално обезличување на македонскиот народ, недвосмислено дадоа на знаење дека од меѓународниот правен поредок, па дури ниту од елементарната меѓународна етикеција не останала ни трага. Најпосле, тоа непобитно го потврди и руската анексија на Крим, што, разбирливо, во рамките на создавањето на таквиот нов меѓународен поредок, остана само вербално отворено меѓународно прашање, а во реалноста веќе трајно затворено, а сега и запечатено.

Во меѓувреме, крајно милитантната алијанса НАТО дрско и комотно си се распосла низ југоисточна и источна Европа, па сè до пред самите врати на Русија, со намера преку Украина буквално да се залепи и до западната руска граница, и сето тоа во условите на глобалниот, острвен, незајазлив, алчен, неолиберален капитализам, таа сурова економска игра во која единственото правило е да нема никакви етички правила. Беззаконието нема и не прифаќа никакви граници, па така глобалното економско, ограбувачко беззаконие, ставено во фина целофанска форма под името „неолиберален капитализам" ги разбуди и демоните на меѓудржавното беззаконие, поттикнување на разни „револуции" (розови, портокалови, шарени и тн.), инсталирање на бедни, импотентни марионетски влади, и поставување амбасадори како гувернери на одделни земји, и сето тоа во име на некаква си „западна демократија", со што не само што до темели е разурнат постојниот меѓународен правен поредок, туку веќе е и создаден нов меѓународен поредок на сите рамништа што тој поим ги подразбира, а сега, еве, тој процес само се довршува. И војната во Украина е само дел од тие незапирливи деструктивни и пресвртнички процеси, кои не се одвиваат само на Запад, туку и на Исток, и низ целиот свет, и сосема е разбирливо што во таа борба за заземање што подобри и што повлијателни економски, политички и воени позиции во тој нов меѓународен поредок требало да се очекуваат и вакви неверојатни војни, па и во самото срце на Европа. За жал, ова нема да биде и последен таков деструктивен, воен предизвик на Стариот континент. Зашто, во тој нов меѓународен поредок и самиот поим Европа за новоцивилизациските конквистадори е само име на дел од вкупната светска Територија која сега одново се дели и воинствено се „исколчува", се означува за старите-нови господари, околу кои, под поимот „демократи-

ја“, кој одамна го изгубил своето изворно, вистинско значње, се собираат помалите државни субјекти како нивни едноумни вазали. А разликите што отскокнуваат од „едноумноста“ се симболични, и само се дел од новата, лицемерна политичка етикеција.

Деновиве, додека се одвива оваа страшна украинска драма, ги слушаме водечките западни лидери како до здодевност, до зевање, ја повторуваат и ја верглаат мантрата дека „од ништо непредизвикана Русија ја нападнала Украина“, за да се создаде слика за Русија како единствен виновник за војната. Со покренувањето на инвазијата против Украина Путин, за жал, им го подари тој „аргумент“. Но на целата светска јавност предобро ѝ е познато многу пати повтореното барање на Путин НАТО-алијансата да ѝ даде гаранции на Русија дека нема да се прошири на Украина, на што НАТО „гласно!“ се оглушуваше, цинично тврдејќи дека остварувањето на таа цел е исклучиво демократско право и избор на украинскиот народ. Со други зборови, кога не сакаш нешто да се реши цивилизирано и по мирен пат, се повикуваш на излитениот поим демократија, и тоа на туѓа „демократија“ што всушност си ја вјавнал со својата воена и финансиска моќ, и со своите бесрамни измами и празни ветувања, и особено со наметната одговорност.

Втор отворен проблем во односите помеѓу Русија и Украина, се разбира, беа и договорите од Минск, од кои вториот Украина дури никогаш не го ни ратификува.

Јас лично не ја оправдувам оваа инвазија на Русија врз Украина, зашто верувам дека по досегашните, долгогодишни дипломатски натегања, иако навистина сосема неплодони, сепак можел да се пронајде уште некој дополнителен простор за нови, можеби поуспешни, посреќни обиди. Но смешни се обвинувањата на западните политичари дека Путин ги из-

лажал, зашто тврдел дека нема да ја нападне Украина, како да станува збор за некаква салонска етикеција, а не за сложени, класифицирани воени прашања. Смешен аргумент.

Борбата за Украина од страна на Соединетите Американски Држави, НАТО и Европската Унија, всушност, тивко-тивко и сè погласно, трае уште од распаѓањето на СССР, но сега очигледно дојде редот сето тоа сосема разголено да избие и на самата површина, и тоа на најлош можен начин. Во тие игри и наддавања на големите сили Украина стана трагична колатерална жртва; од една страна, сосема неспособната, лажлива, ултра-бирократска но алчна Европска Унија, ја мамеше со големи ветувања и минимални исполнувања на ветеното, што, впрочем, на најгрд начин го почувствувавме и го чувствуваме и ние во Македонија, додека Соединетите Американски Држави и НАТО, со нивните самозаљубени, милитантни освојувачки амбиции силно ја охрабруваа идејата на Украина да стане членка на западната алијанса. И едните и другите ја туркаа во сè подлабока илузија за некаква светла евро-атлантска иднина, по истиот оној терк како што тоа го правеа по Балканот, и особено во Македонија, иако нема никакво сомневање дека за Украина апсолутно најсреќна и најуспешна иднина би ѝ донесло само нејзинато, сега веќе невозможно, мирно определување за меѓународна неутралност, како своевидна важна тампон-зона и важен меѓународен коридор помеѓу Руската Федерација и Европската Унија, раздвојувајќи го притоа и НАТО од директен допир со некогашните стари воени и политички ривали и непријатели. Но тврдоглавоста и глупоста превладаа. Високата цена сега се плаќа.

Западните и прозападните медиуми војната во Украина ја наречуваат ПУТИНОВА ВОЈНА, алудирајќи на тоа дека тоа е негова лична војна. Но тоа е крајно натегнат поим кој во

политикологијата и во историографијата нема да фати корен. Ако судиме според типот на санкциите што Америка и ЕУ ѝ ги наметнаа на Русија, а пред сѐ на руските финансиски институции и олигарсите, веројатно многу попрецизен поим би бил ВОЈНА НА СВЕТСКИТЕ ОЛИГАРСИ. Зашто Украина е само трагично поприште на кое директно се судрија и војуваат токму интересите на светските олигарси, а не демократијата и диктатурата. Таа војна можеби и ќе има победник, но светската цивилизација секако за долго време ќе биде исфрлена од својот хуманистички колосек.

Не толку одамна лично Џо Бајден најави дека со сите сили Америка ќе работи да го оневозможи Путин да победи на следните претседателски избори во Русија, т.е. дека од оваа 2022 година ќе почне да го урива од власта. Ова што сега се случува е почеток на тој американски „демократски" обид, и западните аналитичари и медиуми во контекстот на настаните во Украина, а веројатно потпирајќи се и на таа претенциозна изјава на Бајден, постојано го истакнуваат тврдењето дека војната во Украина е почеток на политичкиот крај на Путин.

А тоа, пак, нѐ води и до заклучното прашање: кој во оваа голема грда воена зделка на крајот добива, а кој губи?

– Најголем трагичен губитник секако се жртвуваниот украински народ и жртвуваната држава Украина. Ниту ќе влезат во ЕУ, ниту ќе влезат во НАТО. Нивните лажливи и подмолни „стратешки партнери" САД, ЕУ и НАТО ги навлекоа на инаетливи односи и на војна со Русија, а сега божем „морално се искупуваат" со праќање воена и хуманитарна помош. Сликовито: им помагаат токму толку, или значително помалку, колку што е потребно да останат на својот status quo пред почнувањето на војната, status quo што одден-наден ќе се влошува или што ќе се растегне на долги наредни десетлетија.

– Русија ќе изгуби во меѓународниот престиж, ќе биде и економски значително погодена, но сето тоа е веќе однапред вградено во последиците од овој нејзин воен поход. Но таа бездруго ќе добие, ќе ги задржи, и веројатно ќе ги анектира новоосвоените краишта што територијално ќе ги хомогенизираат нејзе важните воени и економски коридори кон Руската Федерација, а ќе го постигне и тоа на запад да ја добие на секој начин крајно ослабнатата и пацифицирана, издробена, а можеби и надве поделена Украина.

– Европската Унија е вториот голем губитник. Сметајќи ја за загрижувачки конкурентна производствено-трговска сила која би требало на секој начин да се разниша и да се ослабне, Америка успеа да ја вовлече во оваа за Европа сосема непотребна валкана конквистадорска и олигархиска воена авантура со Русија, со засега несогледливи последици. Сакала-несакала за кратко време ќе добие неколку стотици илјади, а можеби и неколку милиони бегалци од Украина, ќе го изгуби, зашто самата си го сосече, поволното и континуирано енергетско снабдување од Русија и ќе мора под понеповолни услови да се снабдува од други извори, веројатно во најголема мера од или преку Соединетите Американски Држави, а ќе мора да живее и со свеста за неуспехот во проширувањето на Унијата и штетите предизвикани од тој неуспех, како впрочем и со неуспехот на сопствената суштинска внатрешна консолидација. Едно е да бидеш консолидиран само на вербално, фразерско, бирократско рамниште, за потребите на сопствената и странската јавност, а друго е да бидеш вистински консолидиран и свртен кон економски, но и хуманистички прогрес во секоја смисла на зборот. Наместо да се пронајде себеси, ЕУ со оваа војна, во чии предвоени психози и создавање напнатости длабоко е инволвирана и виновна, уште повеќе се изгуби. А тука е и постоечката и претстојна

уште поголема економска криза што наскоро како капка ќе ѝ ја прелие полната чашата грижи.

– Единствен привремен профитер од сево оваа лудило се Соединетите Американски Држави. Тие успеаја прилично да ја разнишаат ионака однатре разнишаната Европска Унија, го испровоцираа Путин да се впушти во непотребна агресивна војна против Украина, а сега се поставуваат и како нејзин хуман спасител и донатор. Америка успеа психолошки, но само на тоа рамниште, да ги консолидира и да ги присобере околу себе ЕУ и НАТО; на ЕУ по значително повисока цена ќе ѝ ги продава своите енергенти, и, што ѝ е најважно, остро ги зацрта новоблоковските граници на студената војна, овојпат речиси без идеолошки, туку изразито врз олигархиски основи. Но сепак, сето тоа е само за кратко. Новиот меѓународен поредок, таквиот неприроден, мрачен и застрашувачки нов меѓународен поредок со разурнати и поништени стандарди на провереното и докажано меѓународно право, е резултат на суровите, самозаљубени и сосема промашени политики на Америка, и затоа тоа е дива градба што нема да може долго да се додржи, зашто во нејзините темели не е вграден најважниот цивилизациски и коегзистенцијален супстрат – хуманоста и хуманизмот. Нема да чекаме долго време за да видиме како се распаѓа и како во себе самата се урива сета таа цинична новобиблиска олигархиска гнилеж.

27 февруари 2022, Фејсбук
Цинизмот на украинската војна, или војна на светските олиґарси
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02jxhcjVH3rQMmniiEVNYizpHe5npYpA5ov6b5q9LWoaGsGhtidXZHuRFDrQVrK1Bnl

1 мар̄т 2022

Пост 143

МЕЃУНАРОДНИ ПРЕМАТАРИ

Старо име за Новиот меѓународен поредок што го креираат Америка, ЕУ и НАТО: ФАШИЗАМ!

Но тие секако ќе си го викаат „демократија“.

1 март 2022, Фејсбук
Меѓународни према̄тари
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02Kq4i9LEXhvHZhrM1nH1xy7yGRXei9SnPKZMHpt339FSYsEoQWcbdB8fUo4Q5iPDdl

1 мар̄т 2022

Пост 144

ПРЕВИСОКА ЦЕНА ЗА ЕУ

По завршувањето на руско-украинската војна, независно од нејзиниот исход, ЕУ ќе се разбуди во невидена економско-политичка агонија поради своето непромислено интервенционистичко вплеткување во неа, како и заради лажната парадно-патетична нагла евроатлантска „консолидација“ и „сплотување“. Тоа не е онаа изворна Европа на плодоносни хуманистички различности и спротивности. Тоа е Европа вазалски врзана во неприродно фашистичко „снопче“ (fascio) и потчинета на американските имеријалистичко-олигархиски интереси. Превисока цена за Стариот благороден континент, само заради неверојатната безидејност, глупост и слепило на самозаљубените ЕУ-бирократски паразити!

1 март 2022, Фејсбук
Превисока цена
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02xtyW33wqbChVSnZSQ38BbxUiGZKF1iDq16BQ5qPNnY3Cxk7B6mRD4XVAVAV7SX7Fl

4 март 2022

Пост 146

ДИПЛОМАТИЈА СО ЗАДОЦНЕТО ПАЛЕЊЕ

Зеленски изјави дека „дипломатијата е најважна во решавањето на конфликтот“. Еурека! Кај беше „дипломатот“ Зеленски кога Русија ѝ предлагаше на Украина да биде неутрална земја, и кога само ден-два пред руската инвазија сè уште тврдоглаво и инаетливо инсистираше на тоа Украина да стане членка на НАТО? Сега неговата земја е соочена со ужасни разурнувања, со невидена хуманитарна трагедија, и со потенцијални 10 милиони бегалци. Post festum дипломатијата има многу висока цена.

4 март 2022, Фејсбук
Дипломатија со задоцнето палење
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0xtyY53CuBgbjxhAzDgPsdW8FGY9KgHC1ErXXoGoPZTNB5KqPaEo8fRX1gsu5285el

4 март 2022

Пост 147

„НАТО-ТЕРИТОРИЈА“

Јенс Столтенберг: Предупредувам, НАТО ќе ја брани секоја педа на „својата“ територија.

Опааа! Од кога тоа НАТО има „своја“ територија?

Зарем НАТО е држава која има „своја“ територија? Или е некаква самопрогласена „над-држава“, хиерархиски повисоко од државите членки, и чиј „политички“ идентитет го сочинуваат само постојани воинствени ПРИТИСОЦИ, ЗАКАНИ и ВОЈУВАЊЕ низ светот?

4 март 2022, Фејсбук
„НАТО-територија“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0yLy5BGqG8kZQeKeSQ16Lc85TwZwKDmMAbxw6mDBNpsavxodVRf5UaAiGMzjo98Zcl

7 мартѿ 2022

Пост 151

ОКОЛУ ПОИМОТ „ТЕРИТОРИЈА НА НАТО“

По Јенс Столтенберг, а сега и американскиот државен секретар Блинкен стопати нагласено го повторува и го афирмира поимот „Територија на НАТО“. Ова отсега ќе го слушаме постојано.

Тоа значи дека НАТО недвосмислено настојува себе си во новиот меѓународен поредок да се издигне на нивото на вистинска (над)држава, да се здобие и да се инсталира со таков меѓународен институционален статус, без преседан во светската историја!

Тоа е преопасна, ужасна милитантна наци-фашистичка идеја за една глатко, без какви и да е расправи и отпори во светската јавност, консензуално создадена парадржава, втемелена исклучиво врз цврсти воени структури и исклучиво со воени диктаторски цели, на чие чело „демократски“ треба да биде инсталирана „елитна“ и трајна воена НАТО хунта.

На маргините на трагичните настани во Украина, и неочекуваната „консолидација“ на НАТО, шепнешкум е започната голема внатрешна реформа на Алијансата, меѓу другото, и во таа застрашувачка насока, а очигледно е дека прва задача им е тнр. „источно крило на НАТО“ да го натрупаат со енормни количества најразновидно офанзивно оружје и со неброени локални и импортирани силни воени единици, што токму сега почнуваат да го остваруваат.

Збогум мирна хуманистичка Европо, и збогум мирољубив свете!

7 март 2022, Фејсбук
Околу ѿоимоѿ „Теріѿорија на НАТО“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0Yrug1DetPL6UCN8WrHJgo5LWN83GwguUJ9m2z6yVGQ6XYJX4towmNnQ1rzi2Y71ml

12 март 2022

Пост 152

ДРВЕНОТО ЖЕЛЕЗО НА ЕУ

ЕУ сака да патентира дрвено железо: да ги обедини во едно своето лицемерно едноумие со својата лажна демократија. Резултатот ќе биде дезинтеграција. Нема долго да чекаме, зашто процесот е веќе започнат, иако тоа не им је јасно. Заедно ги држи стравот и срамот од неуспех на проектот ЕУ. Тие добро знаат дека кај нив многу нешта не функционираат, но сè уште се надеваат дека тоа може да се поправи со уште полицемерно едноумие и со уште полажна демократија, а прв чекор на поцврста консолидација, парадоксално, ќе им биде јакнење на воено-одбрамбените потенцијали на ЕУ против Русија. Глупоста секогаш упорно оди до крај.

12 март 2022, Фејсбук
Дрвеното железо на ЕУ
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0sGSKV4YmMg82At7C2f6BzkWUMk9EjfjxoU7vjbCDmst7VYSUtZVv8Fm3ce1b8xJ5l

15 март 2022

Пост 156

СИСТЕМАТИЧНО ЗЛО!

Пандемија:

1. Прва доза вакцина
2. Втора доза вакцина
3. Трета доза вакцина
4. Четврта доза вакцина...

Војна во Украина:

1. Прв пакет на санкции против Русија
2. Втор пакет на санкции против Русија
3. Трет пакет на санкции против Русија
4. Четврти пакет на санкции против Русија...

15 март 2022, Фејсбук
Систематично Зло!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02YXuSVVnqaXWSFzjCeiDntySBp2qZN2zXYR4XEA2WcddxJV2Btz5cLVB61DxAHfQ9l

16 март 2022

Пост 158

„ЕДНО ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ“

Со безобѕирна сила, фашистичко дивјаштво, беззаконие и беспризорно лудило, ѓутуре се измешаа шеќер, сол и прав. Вкусот е горчлив, „јадењето“ отровно.

Народ што не е способен во најпресудните историски моменти со жестока и непоколеблива борба да си ја зачува нераскинливата кохерентност околу своите највитални национални и идентитетски прашања бесповратно е осуден на маргинализација, на бедна пропаст и на исчезнување од светската сцена.

16 март 2022, Фејсбук
„Едно општество за сите“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0Ucrj7NbYvif44ra3aP2FTYY3FVQBkDL4JdRZ9Zu9ZKX3bwGQbyntUYsDgSw93LDPl

16 март 2022

Пост 160

ЗАЕВ ГИ „СТАБИЛИЗИРАШЕ ДРЖАВАТА И ПАРТИЈАТА“ – МИЦКОСКИ СЕГА ГО „СТАБИЛИЗИРА СВЕТОТ“

Мицкоски, округло па на ќоше, трт-мрт, самиот убаво си рече дека му дава вештачко дишење уста на уста на Зоран Заев и на неговиот заево-нацизам, не повикувајќи го екстремно незадоволниот и разочаран народ на улица за, како што рече, да не ги дестабилизирал Европа и светот. Македонскиот народ е крајно незадоволен, но, според Мицкоски, очигледно е и многу неинтелигентен, зашто, замислете, бара веднаш да се излезе на улица и да се урне оваа криминална велепредавничка и големоалбанска власт; но Мицкоски е политичар со филинг, дипломат, далеку поумен од народот, и бара од него трпение, и тоа во недоглед, сè додека не се разобличи и не се растури Македонија до последното институционално ковче. Е, тогаш „меѓународната заедница од Калето“ ќе му каже: „ви благодариме, г. Мицкоски, зашто со сите килави сили помогнавте да се стабилизираат Украина и светот. Заев си ги стабилизираше државата и партијата, а вие, еееее! – го стабилизиравте светот“, и ќе му овозможи на дотичниот и натаму да си биде кутра, смешна опозиција на заево-нацистите и на големоалбанската багра.

16 март, Фејсбук
Заев ги „стабилизираше државата и партијата“ – Мицкоски сега го „стабилизира светот“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid01JDgcfPiHdp9XzfbyZDKFFh2id4qqaLGegfPfdS4r3rv8d2mzzjGCMw6VbFTwftal

17 март 2022

Пост 161

ИНФЛАЦИЈА ОД НОБЕЛОВИ НАГРАДИ

Е, сега веќе имаме инфлација од „Нобелови награди за мир“! Небаре Сорош ги откупил авторските права за нејзино масовно дистрибуирање и доделување на кој ќе му текне меѓу обоените „револуционери“ што безглаво си го упропастуваат својот народот.

Но сепак, се чини дека Зеленски ќе мора братски да ја дели Нобеловата награда за мир со Владимир Путин, зашто тие, нели, секогаш одат во пар, како што, впрочем, им беа „доделени“ и на прославените балкански „нобеловци“ Заев и Ципрас.

Се чека само деновиве на брзинка да заврши демилитаризацијата и денацификација на Украина, па сите да сведочиме на глобалната церемонија на нејзиното врачување на одбраните миротворци, иако има непотврдени информации дека Зеленски побарал да има ексклузива како лауреат, а на Путин да му се даде Украина како утешителна награда.

17 март 2022, Фејсбук
Инфлација од Нобелови награди
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02FKPzwjtXLRNg8mcY2XkaCJV7ofLssRM8byir42WMharHB42eszHqnJmNVSZ7zbkDl

18 март 2022

Пост 163

ДИСТИНКЦИЈА

Западните медиуми прават ваква дистинкција: бегалците од Украина кои одат кон ЕУ се „спасувани“, а оние што одат во Русија се „интернирани“.

20 март 2022, Фејсбук
Дистинкција
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02ns6w215XQ96Rtzy7MDCQVktP4HvPpJWJirVbf7yqw5JfTuMPu5wJx1P8NUjKQhm5l

1 април 2022

Пост 169

СЕВЕРЦАНСКИОТ ИДИОТСКИ СЛОГАН: „СВРШЕНА РАБОТА“

Преспанскиот договор е „свршена работа“.

Самоил е „свршена работа“.

Пописот е „свршена работа“.

На ред е Гоце да биде „свршена работа“.

Поништен македонскиот народ – „свршена работа“.

Со ваква смртно неспособна опозиција сите најгруби и најневеројатни антимакедонски фалсификати еден по еден стануваат „свршена работа“.

Само заевизмот не е „свршена работа“. Заевизмот и натаму отровно цути и цинично си царува низ жална Македонија.

1 април 2022, Фејсбук
Северцанскиот идиотски слоган: „Свршена работа“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid031ZwfNAdqGbTC6AADKdndSEy1azJZE7kSkKhe1kovfyb9YJSDA9Hb2sWFswenQe4il

7 април 2022

КАЈ Е И ШТО ПРАВИ Д-Р ЉУДМИЛ СПАСОВ?

Д-р Људмил Спасов да поднесе јавен отчет како претседател на Советот за македонски јазик при владата на Република Македонија.

Отворено прашање до македонските лингвисти и до пошироката македонска јавност:

Што и дали воопшто нешто во изминативе четири, за македонскиот јазик најтрагични и најтешки разурнувачки и ништителски години, работел, и какви резултати оставил зад себе Советот за македонски јазик при владата на Република Македонија, на чело со нејзиниот добро платен претседател д-р Људмил Спасов?

Потсетувам: неодамна Људмил Спасов, по истекот на неговиот четиригодишен мандат, повторно е поставен на истата функција, а при првото негово именување даде силни, најневеројатни ветувања, дека тој лично и Советот интензивно ќе работат врз заштита и унапредување на македонскиот јазик, врз отворање на лекторати по македонски јазик ширум светот, врз лингвистички издавачки проекти и афирмација на македонскиот јазик, и уште многу, многу други „убави“ нешта.

Од друга страна, сето тоа сега сосема јасно личи на неподносливо голема лага, зашто гледаме жесток и безобѕирен атак врз македонскиот јазик од страна на бугарската научна и политичка фела, со недвосмислено негирање на неговото постоење, на неговата автохтоност и самобитност, а нови лекторати по македонски јазик, со кои така се расфрлуваше Спасов, не само што не се отвораа низ светот, туку постапно

и се гаснеа, или добиваа понизок формален статус. А од Советот и од господинот Људмил Спасов не слушаме никаков глас, никакво гласче, никаква реакција, никаков одговор ни отпор, туку само еден долг и застрашувачки молк и пуштање на македонскиот јазик низ Вардар...

Време е тој господин Људмил Спасов да поднесе јавен отчет за (не)стореното, или подобро речено, за својот добро платен паразитизам на оваа важна научна функција, и да му го препушти местото на некој од нашите угледни лингвисти на кој македонскиот јазик му е животно важен, и кој е способен со сите научни, но и организациски знаења и методи да се бори за него на сите рамништа и на сите попришта.

Почитувани македонски лингвисти, почитувани стручњаци од сите области на македонската лингвистика, почитувани професори по македонски јазик, и сите заинтересирани за неговата судбина, ве молам да се вклучите со свои можни прашања и одговори на оваа неизмерно важна тема. Македонската јавност мора да ја дознае вистината за тој стравотен велепредавнички молк и црн мрак што доаѓаат од д-р Људмил Спасов и од Советот за македонски јазик, чиј претседател е тој веќе петта година на ред.

7 април 2022, Фејсбук
Каде е и што прави д-р Људмил Спасов?
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0Cp9ZrBMLCKGEDr1CvQDrpPSexJVtou3bxYzRDaWAY28AJpTpc9VxT81pcDafohBEl

7 а̄прил 2022

ДВЕ ЗАБЕЛЕШКИ ДО АЛФА ТВ

Две најостри забелешки на известувањето на Алфа телевизија од отворањето на бугарскиот клуб „Ванчо Михајлов“ во Битола:

1. Веднаш во најавата на настанот водителот на емисијата рече: „Не му е денес лесно на бугарскиот премиер Петков...“ а по него тоа го повтори и новинарката која известуваше.

2. Цитирајќи ја јавната реакција на Здружението на антифашистите дека Ванчо Михајлов бил фашист, новинарката ги уфрли зборовите „според нив“ (значи, според антифашистите), релативизизајќи ја општопознатата вистина за крвникот на македонскиот народ, наци-фашистот Ванчо Михајлов.

Во однос на првиот неприфатлив и неподнослив пропуст на водителот на вестите, би рекол дека ако некому денес не му е лесно, и ако некого го боли секое катче на душата – тоа е понижениот и изгазен македонски народ. Тоа требаше да биде првата и последната реченица во вестите. Таа бугарска фашистичка багра со Петков, Каракачанов и Захариева само оргазмично уживаа во нашето национално понижување до болка.

Второ, дека Ванчо Михајлов бил наци-фашист, не е „според нив“, според македонските антифашисти, туку е непобитен историски факт. Новинарката се удави во куртоазија, внимавајќи не дај боже да не ги повреди нежните уши на бугарските промотори на повампириот фашизам во срцето на Македонија, не обѕирајќи се кон тоа дали ќе ги повреди чувствата на македонските антифашисти, и на целиот македонски народ.

Најостро ги осудувам овие два тешки професионални пропусти, а во најмала рака би било пристојно, во натамошните известувања за овој настан, Алфа да ја смени неприфатливата реторика.

16 април 2022, Фејсбук
Две забелешки до Алфа ТВ
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0krgiywnqMGDdEUqqA84mowULrJYFV6Abt19KHjdyxVbXn93dgsbHCM8TvE1vo66bl

18 април 2022

Пост 172

ШТРАЈК НА ПРОСВЕТНИТЕ РАБОТНИЦИ

Почитувани просветни работници на Македонија, не попуштајте во ниту едно од своите оправдани синдикални барања! Вие сте столб на македонското општество! Владата нека им ги одземе ограбените милиони евра на своите криминални јатаци, и нема да има никаква инфлаторна спирала. А против нив нека покрене судски процеси за тежок криминал и грабеж на добрата на македонските граѓани. Вие немате ништо со тие безочни грабежи и со нивната неспособност да раководат со државата, освен што поради тоа сте оставени на социјалното дно. Не предавајте се! Децата ќе стасаат да го надоместат пропуштеното. А ќе им дадете и пример како утре и самите да се борат за своите социјални и човечки права.

Да живеат македонските просветни работници! Обединувајте се и со другите синдикати, не дозволувајте мафијата во власта и околу неа да ве дели! Тоа се бедни простаци и примитивни насилници! На Македонија ѝ се потребни вашите знаења и вашите вредности!

Голема почит кон вашата борба!

18 април 2022, Фејсбук
Штрајк на просветните работници
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02MNQ3qsy5GqifCta5xzaXYo7DHs6j2SvA9GebHXqFcPcvwnHaHpstW7r5Bjnfitppl

30 мај 2022

Пост 176

ПАТОТ КОН ЕУ

Евро-ентузијазам –

Евро-скептицизам –

Евро-евтаназија на Република Македонија и на македонскиот народ!

30 мај 2022, Фејсбук
Патот кон ЕУ
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02pzBY1B2RqA9YtLEh7M86RvXV5hq21uNZ3NxNnmF1vZABKXG1WnT99q8DEd5oUvtpl

15 јуни 2022

NAZI-FASCHISMUS REDIVIVUS

Во раната младост, во седумдесеттите години од минатиот век, размислувајќи за времето на тогаш не толку одамна поразениот наци-фашизам, често се прашував како било тоа да се живее и да се опстојува под еден таков страшен, нечовечен терор низ кој поминаа нашите стари, и тоа на сите рамништа, не само физички, туку и ментално, и психолошки, кога сосема ти е запоседнат и заробен умот, и в прав и пепел згазена слободата на мислењето и на изразувањето.

За жал, еве, и мојава генерација, која длабоко веруваше дека тоа зло, тој морбиден, патолошки сатанизам никогаш веќе нема да се врати, денес го доби и тој одговор со оваа безмилосна, хиперагресивна, лудачка европска, американска и НАТО наци-фашистичка апсолутна институционална и медиумска окупација и терор над слободниот свет. Тешко се дише во оваа мрачна меѓународна и домашна атмосфера, целосно смртно затруена со лажна идеологизација, со сите видови шовинизми, со крвави омрази, поделби, лудило, примитивизам, глупост, и над сè со застрашувачкиот милитаризам, кога, еве, повторно масовно се лиферува и химнично се воспева најсмртоносното оружје како модерно мерило на цивилизациските вредности.

Ох, колку тешко се дише! Господе, ти благодарам што во годините на младоста ме проведе низ рајската градина на концилијантното, благопријатно, културно поле на вистинската човечност и длабока потреба од коегзистенција на различностите, која тогаш, и вистински се живееше меѓу народите во светот. Од срце ја жалам оваа прекрасна нова младост што веќе на самиот почеток од својот живот безизгледно длабоко

е заринкана во мракот на современиот, софистициран и уште поподмолен наци-фашизам од оној што го доживеаја и против кој се бореа нашите мајки и татковци во Втората светска војна. Зашто, ова денес повторно е титански, библиски судир помеѓу Доброто и Злото, но поприштето сега е сосема замаглено, непросирно, непрегледно и апсолутно зачадено од канонадите медиумски бомби, лаги и од невидено пропагандно насилство, но овојпат не преку баналните наци-фашистички звучници по улиците на окупираните градови и села, туку најдиректно, во интимата на нашите домови, на нашите ТВ екрани, на екраните на нашите компјутери и на дисплеите на нашите мобилни телефони што ни се секогаш при рака... Секое, и најодвратно, и најдолно уличарско политичко ѓубре во светот, а така и во нашата тажна поробена татковина Македонија, доби неограничена можност до болка, до излудување, до одвратност и до мачнина да нè малтретира со својата глупост, со својата перверзна хистерија и со својот извртен, болен ум. И притоа, цинично, сето тоа финансирано директно од нашиот џеб, од нашите даночни давања преточени во државните буџети над кои немаме никаква контрола ниту какво и да е влијание...

15 јуни 2022, Фејсбук
Nazi-Faschismus redivivus
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0n33yVHXxBsEFY3nsBBuwX9fxtaJXPDdftBQRZgNHN6aZdTkhD1MTkiGakew4UNnYl

17 јуни 2022

БУГАРСКИТЕ БАРАЊА И ПРЕДЛОГОТ НА МАКРОН

Пендаровски и Ковачевски поставуваат услов „бугарските барања“, посредувани во предлогот на францускиот претседател Макрон, да бидат последни, да нема други, нови.

Па се разбира, глупсони со тапија, дека, доколку македонската страна ги прифати „бугарските барања“, а се гледа дека на власта гаќите ѝ се на пола копје, тие секако ќе бидат последни, зашто после тоа веќе нема да постојат ниту македонскиот народ, ниту македонскиот јазик, ниту пак македонската историја и култура. Според „бугарските барања“ и прифаќањето на францускиот предлог, во Македонија едноставно тогаш ќе постојат само Бугари, а сите останати што нема да го прифатат тој фашистички наметнат статус на нова „националност“ ќе мораат, како и во случајот со Грција и со Преспанскиот договор, некаде на друго место „да си го бараат својот нов идентитет“.

Македонски народе, не дозволи овие невидени велепредавничишта така бедно да те докусурат на својот наци-фашистички ќутук, и како одрани овци да те закачат на својот крволочен антицивилизациски големобугарски ченгел.

17 јуни 2022, Фејсбук
Бӯгарскӣте барања и пр̄едлого̄т на Макрон
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02dAnL8e9URJCE6pU5Sft6f4s9NUTADBPxX7oELQegWKF886YVzNxtqdge42s3qE7Ml

20 јуни 2022

СЛОГАНИ

Ова се слоганите што во последниве неколку години ги исфрли ВМРО-ДПМНЕ:

– Обнова на Македонија

– Мотор на промените

– Нова доктрина

– Нова иднина

– Премногу е

Понудата е богата, за различни вкусови и најразлични расположенија, а веројатно ги има уште што не сум ги запомнил. Премногу (с)е! Но морам да забележам дека добрите и успешни „фирми“ создаваат препознатливи и трајни слогани, и не ги интересира како и од каде дува ветерот...

Мошне ефектен им беше слоганот „Обнова на Македонија“, но, за жал, многу, многу бргу го сменија со слоганот „Нова иднина“, кој очигледно е во подобар дослух со Калето и со Преспанскиот договор, кој, како што знаеме, за ВМРО-ДПМНЕ е веќе „свршена работа“ .

20 јуни 2022, Фејсбук
Слоѓани
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02AdaJtEusysCrLoNw2fKxvKTEoR5o731TkNEmVeeck18rMC887ZPJUxqZGo1hGrcUl

25 јуни 2022

Пост 184

ФЕНОМЕН

Неверојатен феномен на македонскиот народ: и натаму само двајца-тројца осведочени идиоти одлучуваат за неговата конечна судбина, кои своите хистерични велепредавнички „дипломатски“ манипулации ги држат во целосна тајност. Се прашувам: чија е оваа држава, чија е Македонија, кому му припаѓа македонскиот народ?

25 јуни 2022, Фејсбук
Феномен
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02xGxoZDpexfCCobwo1S44dzDxWFAsD8D69JJTLogr1yJqzJpxj4CUL99qraqk15uml

27 јуни 2022

Пост 185

ИЗМАМА! ИЗМАМА! ИЗМАМА!

„Дипломатскиот“ циркус на Османи во врска со „извинувањето“ на Макрон поради „северномакедонците“ е само прозирно дефокусифање на македонската јавност од главниот мачен, подмолно прикриен проблем: содржината на тнр. „француски предлог“ со кој се зачукува последниот, најцрн антимакедонски клин во процесот на насилната бугаризација на македонскиот народ, на македонскиот јазик, на македонската културна и политичка историја. До 30 јуни, т.е. до крајот на француското претседавање во ЕУ, останаа уште три дена, и сега сакаат набрзинка, во тие три дена, да ја одиграат најрасипаната игра на дефокусирање, за да имаме впечаток дека конечно среќно е решен проблемот со бугарското вето и со датумот. Добро ни е позната содржината на екстремните и неприфатливи бугарски барања што ги содржи „францускиот предлог“!

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ, НА НОЗЕ, НЕ ЛАЖИ СЕ! ОВА Е НЕВИДЕНА ПОДМОЛНА ИЗМАМА! ПРИФАЌАЊЕТО НА ТНР. „ФРАНЦУСКИОТ ПРЕДЛОГ“ Е ПРИФАЌАЊЕ НА НАШАТА КОНЕЧНА СМРТ. НЕ НИ ТРЕБА ЗАВЕДУВАЧКОТО, ЛАЖНО, НЕУВЕРЛИВО, ИЗНУДЕНО „ИЗВИНУВАЊЕ“ НА МАКРОН.

ОСТАВКА НА ОСМАНИ, МАРИЧИЌ И КОВАЧЕВСКИ ВЕДНАШ! ВЕЛЕПРЕДАВНИЦИ! ИЗМАМНИЦИ БЕЗ ОБРАЗ!

27 јуни 2022, Фејсбук
Измама! Измама! Измама!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02aVQGWMYDj1DpTLthJcti7j3aETJSNs2H97dzVZxCFhXrJ9NjvzRJp2CwK6QnbSx9l

11 јули 2022

Пост 195

ОСНОВНАТА ГРЕШКА

Основната грешка е ставот „ДА“ за ЕУ – „НЕ“ за францускиот предлог.

Единствен исправен став е: „НЕ“ за ЕУ – „НЕ“ за францускиот предлог!

„НЕ“ за ЕУ значи „ДА“ за СЛОБОДА!!!

11 јули 2022, Фејсбук
Основната ѓрешка
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0hpfecmNnEDLQWxTMNxNKMTKXFY4v1XutCxod4J2S6Ub59E328N5LPCX56KDvF6eYl

13 јули 2022

Пост 198

НЕОСТВАРЛИВА ФАНТАЗИЈА

На Македонија никогаш нема да ѝ се случи ЕУ, освен како една неисполнета фантазија, со страшни, деструктивни, разурнувачки последици!

Затоа едно големо и силно „НЕ“! за француско-бугарскиот предлог.

„НЕ“ за Урсула фон дер Лајен!

„ДА“ за македонскиот народ и за нашата асномска Република Македонија!

13 јули 2022, Фејсбук
Неостварлива фантазија
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0TyRi69JQ4ycTTLh3vGjddZHmQdqqCMtJ4HYXwAnWoqPmCy7QkaLq3nJNsHs27jYNl

14 јули 2022

Пост 200

ОТРОВНА „ЉУБОВ“

Госпоѓо Брнз и госпоѓо Фон дер Лајен, оној што ве сака не мора стопати упорно да ве уверува во тоа. Не трошете ги своите празни, лицемерни, ништовни зборови, зашто нашите души и нашите срца, и нашата страдна татковина Македонија многу, многу добро ја познаваат вашата отровна „љубов“. Чувајте си ја за своја интимна употреба.

14 јули 2022, Фејсбук
Отровна љубов
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02mbXJHgxyFPsmQZ2MqAKhe4xdAHPEPVD2wq5SQmUDaopHzPLSuQhNhLeC93xaENWSl

16 јули 2022

Пост 203

ГОЛЕМА И МАЛА ПОЛИТИКА

Македонските политичари никако да сфатат и да научат дека „големата политика“ на надмудрување и наддавање им припаѓа на големите империјалистички држави со вековно искуство во водење „големи, насилнички, подмолни, итри политики“, а на малите држави каква што е Република Македонија им останува само политика на жестока, непоколеблива, автентична Борба, Отпор и Непокор кон освојувачите. Сè друго е најобично политичко лигавење на локални вазали и предавници на својот народ пред силата на освојувачите што не се способни политички да ги надитрат и да ги амортизираат нивните посегања. Во историјата на нам географски поблиските народи, тоа ѝ успеа само на славната Дубровничка Република, и во таа смисла таа претставува единствен државнички и дипломатски феномен.

16 јули 2022, Фејсбук
Голема и мала политика
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0345mS8FRc3uPfDfpAdHFR1FaBzRpkAvt4KrkGVT59AomdFhjNKsk8yGwjvyk2Cm7Nl

16 јули 2022

Пост 204

НЕБИДНИНА И ЗЛОДОБА

Еруптивната изворна сила на преубавиот и благороден наш македонски јазик им овозможи на двајца големи македонски поети, Ацо Шопов и Јован Котески, со својата единствена јазикотворна дарба и со својата неспитомлива поетска и животна интуиција да создадат два чудесни збора, кои претставуваат и своевидни естетски и литературно-филозофски меѓници во нашата богата уметност на пишаниот збор: НЕБИДНИНА и ЗЛОДОБА.

Денес, еве, по толку успешни години и десетлетија на континуиран хуманистички растеж и самопотврдување пред себеси и пред целиот свет, нѐ достаса таа нивна хуманистичка и творечка предупредувачка интуиција: во оваа застрашувачка цивилизациска ЗЛОДОБА се накотија најдолни, најмрачни никаквеци, кои решиле нашата единствена и неповторлива мајчичка Македонија, нашата родителка и хранителка, и нашиот божествен мајчин македонски јазик, нашата колепка и наше небо, помеѓу кои се препознаваме и гордо исправени живееме како поединци и како народ, да ни ја пратат во НЕБИДНИНА.

Нема да им го дозволиме тоа! Премногу се неважни во бескрајното македонско простор-време што му припаѓа на македонскиот народ, како и на сите оние добри луѓе што сакаат да си живееме мирно и благословено под ова наше топло заедничко македонско небо.

16 јули 2022, Фејсбук
Небиднина и Злодоба
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0gohBuKpUueuLud857e592V7zztLbyiHEEnE1HGAH8sEkR5crDYhcmWTpLbSWTFryl

16 јули 2022

Пост 205

ОПАСНИ ГРАДЕЖНИЦИ: БЕТОНИРААТ И БРУСАТ

До денеска имавме „бетон идентитет“ и „бетон јазик“.

Од денеска, според Ковачевски, имаме и „бетон коалиција“.

Освен брусењето, ете, и бетонирањето стана крајно препознатлив симбол на „градителскиот“ заевизам! Темелито го избрусија минатото, иептен дебело ја забетонираа иднината!

16 јули 2022, Фејсбук
Опасни градежници: бетонираат и брусат
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0Q3HZyY26sATbwtQ9kQFhD2oZEKtKjFcjU73uEkQ3RUV5KPv7zq7t6AxMn3bUES3Hl

17 јули 2022

Пост 206

ВО ПРЕСТОЛНИНАТА НА АДМИНИСТРАТОРИТЕ

Со многу успешниот и многу развиканиот авионски превоз Софија-Скопје & retour, во низок поданички лет, Таче оди во Софија со **бугарската влада во оставка** да го потпише велепредавничкиот протокол, за да трасира нови успеси на својата „ексел дипломатија“. Ете, дури и тој чин на потпишување квислингот величествено ќе го коленичи во престолнината на старите-нови администратори од силите на Оската. Но тоа е само симболика и театралност на повампиреният фашизам, ништо страшно.

17 јули 2022, Фејсбук
Во престолнината на администраторите
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0a7zpwrWZCJiv4Y69PRYTinSdCZ9AtLrxwAv5JT1CL2Pbw5nRaKQfcw7h59ZXcDFDl

19 јули 2022

Пост 207

КВАЗИ-ИНТЕЛЕКТУАЛНА КЛИЗМА БЕЗ КРАЈ!

Простете ми, драги мои обични луѓе, мили мои до смрт ранети собраќа и сестри Македонци и Македонки, со кои ги делам овие тешки и болни несоници, но морам ова гласно да го крикнам по којзнае кој пат до ступидните политичари и до неколкуте наши клизма-интелектуалци: престанете веќе еднаш да се унередувате со флоскулата „го отфралме пакетот, но останuваме на европскиот пат“. Тоа е неподнослива хермафродитска идиотарија и лицеметство кои нѐ донесоа во овој мрачен егзистенцијален безизлез! За каков „европски пат“ зборувате?! Па зарем при здрави очи не гледате дека тоа е најобичен европски ќенеф-ќорсокак?! Според вашите високопарни мисли, зборот „Пат“ би требало да нѐ увери дека кон некаде среќно се движиме, а зборот „Европски“ дека сме цивилизирани. Но на тој ваш омилен „европски пат“ ние, всушност, се „движиме“ во место. Или, попрецизно, останuваме трајно спакувани во „Пакетот“, закопани до гуша во вашите квази-политички и квази-интелектуални лајн*. Без отфрлување на „Европскиот пат“ не може да се отфрли ни „Пакетот“! „Пакетот“ и „Европскиот пат“ се две нераскинливо поврзани различни имиња за истиот наци-фашистички злостор што се врши над македонскиот народ.

19 јули 2022, Фејсбук
Квази-интелектуална клизма без крај!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02pWgvpPQmTL9UuutncBHMvsot95jF5Mw9fcmNkBXTqrqzcaVJBQf1nbr1ywx1ff1fl

20 јули 2022

Пост 208

ЉУДМИЛ СПАСОВ
И БУГАРСКИОТ ФАШИСТИЧКИ ПРОТОКОЛ

Заевскиот велепредавнички платеник Људмил Спасов е креаторот на делот за македонскиот јазик во бугарскиот фашистички Протокол. Притоа, има измислено и нова лингвистичка терминологија за да ѝ помогне на бугарската квази--лингвистика во бугаризацијата на македонскиот народ. Ете зошто е инсталиран за претседател на Советот за македонски јазик, ете зошто веќе пет години лапа пари од македонските даночни обврзници. Бесрамна велепредавничка беда од човек. А научник? – „Ма хајте, молим вас!“

20 јули 2022, Фејсбук
Људмил Спасов и бугарскиот фашистички Протокол
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0ZTEC3uaZd76NvuVGVJgphK4bsk8hUHTsdrzApEaCCLqgMpovfgUcoQ33KhetQ9Pcl

23 јули 2022

Пост 209

БЕСРАМНОСТ БЕЗ ГРАНИЦИ

Радев: „Бугарскиот антифашизам е најсветлата страна на бугарската историја!“

О, луѓе, има ли граници бесрамноста?!

23 јули 2022, Фејсбук
Бесрамност без граници
nAldo/posts/pfbid0Ki6xxdmZTTtke51fkJeUmM8tHj3RKYf54B66edhXE39MX9dEtyDwqn3QHTFb54KTl

23 јули 2022

Пост 210

MONSTER

Бугар Османов, MONSTER of Foreign Affairs of North Macedonia.

23 јули 2022, Фејсбук
Monster
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0hg3FNkkatSkYRg6manMWtUiNrcXMvjYJvJMCKWNkXdWaYHH1yVr9K2d31oyMr83Tl

28 јули 2022

Пост 211

СЛОБОДА ЗА ЈАНЕ ЧЕНТО!

Ништожни во Бога, пуштете го на слобода нашиот Јане Ченто, да видите што е тоа лидер!

Околу себе веднаш ќе го прибере сиот разбркан македонски народ, и ќе ви покаже што се тоа благост и чест, и што е тоа национална гордот и достоинство, нешта што вам, ништожни, апсолутно не ви се познати.

28 јули 2022, Фејсбук
Слобода за Јане Ченто!
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02vSGJZDSqwd5X9rNGwnBsNg912ra5NAzrscWEiX1wpeCe1ppDXc5a93357j9bWbznl

28 јули 2022

Пост 212

ЦЕЛАТИ НА МАКЕДОНИЈА

Пендаровски врши декапитација на најспособните Македонци во воениот врв.

Спасовски врши декапитација на најспособните Македонци во македонската полиција.

Ковачевски врши декапитација на македонскиот народ и на Република Македонија.

28 јули 2022, Фејсбук
Целати на Македонија
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0eVoT9csgtXBxGBH6UaqqHs78riPFWMxTYmms7uX2LNX5UvoPrXFWhBTwAuFxWMb7l

1 авгӯст 2022

САМОЖРТВА

Размислувања и по̄раки сѝро̄ти најго̄лемио̄т наш македонски национален пра̄зник Илинден

Денес е повеќе одошто јасно дека големата саможртва на нашите уставобранители, на тие решителни македонски патриоти и храбри поединци, не беше доволна да се спречи безобѕирното квислиншко-големолабанско насилничко цунами, невидениот велепредавнички злостор, државниот удар, извршен во Собранието на Република Македонија на 27 април 2017, и се разбира сето она брзопотезно дивјачко растурање, поништување и обеспредметување на македонските државни институции, распродавање и бришење на македонската политичка и културна историја, на македонското име и на македонскиот национален идентитет и јазик. И не само тоа, таа нивна саможртва, со сето она што следи потоа со нивното апсење и нарачано заевско безочно политичко судење и осудување во монтираните процеси на сурова заедничка вековна затворска казна за тероризам, им даде крилја и невиден садистички замав на злосторникот Зоран Заев, на неговите самрачни заевисти и на безобѕирниот големоалбански уличарски смет за нови и нови политички и криминални злосторства против македонскиот народ и против Република Македонија.

Но, сценариото на националниот институционален суицид низ одлуките на киднапираниот македонски Парламент, всушност, беше и многу посложено конципирано одошто воопшто можеше и да се претпостави. Се покажа дека ступидната и простачка кукла на конец, или, подобро, кукла на разни конци, зависно од тоа кој и на која страна ќе ги по-

влечеше, Зоран Заев, си имал во ракавот и своја уште поступидна и побезочна самозаљубена дрвена сурогат кукла на конец, Димитар Ковачевски, кој, како што се покажа, има добиено конкретна задача по скратена постапка да ја доврши морбидната, трагична претстава на наци-фашистичкиот европски „куклен театар“ во Македонија. Си спомнувате, нели, на зборовите на Заев во времето на неколкукратното давање-недавање оставка, дека оставката ќе ја активирал „штом ги стабилизира партијата и државата“. Сега на дело гледаме што му значеше тоа: и натаму полициски совршено покриен безобѕирен велепредавнички комплот со бугарските и европските наци-фашистички власти во поништувањето и во капитулантското предавање на последните, највитални национални вредности, македонскиот јазик и македонскиот идентитет, што ги подразбира и целокупната македонска национална историја и сите најголеми македонски историски личности од минатото, кои, пак, со својата голема херојска борба и саможртва, и врз својот патриотски грб, ни ја изнесоа и ни ја издигнаа татковината Македонија до слободна, независна и самостојна држава. А еве, сега, пред наши очи, штотуку се одвива последниот чин на морничавиот багателен водвил на одвратни демаскирани балкански кукли на конци, криминалци, кловнови и мизерни шутови на сосема споулавените и цивилизациски дезориентирани европски господари.

Да не се залажуваме, во овие најсурови, најпресудни, решавачки моменти за судбината на македонскиот народ, постои само еден единствен излез: целосна радикализација на отпорот кон ненародната и антидржавна власт, сѐ до нејзиното соборување. Никакви референдуми, ниту глупави лидерски средби и преговори со квислинзите за некакви консензуално договорени предвремени избори. Ниту со едното, ниту

со другото тие никогаш нема да се согласат, а имаат доволно институционални алатки, разработени подмолни политички механизми и неизмерно многу искуство во минирањето и во насилното газење и гаснење на демократијата и на демократските процеси. Затоа е нужно итно, решително и достоинствено, но и со далеку порадикални ставови и постапки од оние што ги видовме на мирните протести на граѓаните, пред народот, како вистински национални водачи, да застанат и да го поведат и други, нови, одбрани, храбри, способни, благородни патриотски личности, и самите безрезервно подготвени дури и за нова голема македонска историска саможртва, која, впрочем, ќе ѝ даде целосна смисла и на саможртвата на нашите великани од минатото, но и на саможртвата на нашите храбри уставобранители. Во спротивното, ни останува нашите неправедно осудени и заточени уставобранители само повремено пригодно куртоазно да ги величаме, и само по разни инцидентни поводи да ги спомнуваме, и виртуелно на социјалните мрежи да им се заблагодаруваме, сѐ до целосниот конечен банкрот на тој мрачен македонски велепредавнички северџански театар, и до ставање клуч во неговата расшрафена, ’рѓосана брава. На прашањето, пак, дали ние воопшто имаме такви личности, без задршка одговарам: „Да, имаме, апсолутно“, само во најширокаата јавност треба сосема да се смени устоената перцепција на лидерската релевантност на партитократите во разврзувањето на овој македонски Гордиев јазол, и во преден план да се стави кохезиската сила на одделни јаки личности со интелектуална, професионална и морална харизма. Не е важно на кој начин натаму, по соборувањето на заевско-големоалбанската хунта, организмот на македонската држава ќе се реорганизира и ќе се движи, но битно е исколчените демократски механизми и институциите да се вратат во своите природни зглобови, и на

демократијата да ѝ се отворат дишните патишта, бидејќи сега е сосема задавена, задушена, и натаму безочно се задушува со крајно нелегитимни, насилни, „балкански“ премостувања и октроирања на разни измислени премиери, министри и други високи функционери од сдсмовскиот и големоалбанскиот партизиран криминален сој.

Сосема е јасно дека ништо нема да се случи само од себе! Тоа што сега се случува само од себе, по веќе зададената стравотна инерција, тоа е забрзано и сигурно умирање на нацијата, тешко отруена од смртни, подмолни лаги, од самопрезир и самонедоверба, од невидена раскараност на македонскиот народ и од тешкото самопонижување пред баграта мизерни, нехумани луѓе, безобзирни криминалци, подготвени на сешто и на секакви мрачни крајности.

Прашањето е дали и ние сме подготвени на тоа сè и сешто и на сите крајности што ни се готват и кон кои нè водат како овчички на колење? Можеме ли во оваа нерамноправна и решавачка битка на живот и смрт со злосторниците сите заедно да собереме непоколеблива решителност, еруптивни сили за борба и, се разбира, готовност за саможртва, и на клоци да ги разбркаме гнилите, аморални, аналфабетски наци-фашистички слуги од нашите македонски државни и национални институции, и повторно да ги преземеме во свои раце, зашто тие му припаѓаат на македонскиот народ, или пак, веќе сме тивко помирени со судбината и молкум подготвени на она друго страшно, катаклизмично што во спротивното нè чека – нашиот конечен бледникав национален крај, нашето ноктурно, нашето исчезнување во ништожноста и во општиот заборав, кои се застрашувачки толку, толку блиску?

1 август 2022, Фејсбук
Саможр̄тва
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02fo3eS2zF6vpKq3fmspXyaKohYWRYuGJcxUbS8uwU2SyGQACsog1GViTPxnMMGFvJl

2 август 2022, Денешен.мк Online
Саможр̄тва
https://denesen.mk/aldo-kliman-razmisluvanja-i-poraki-sproti-najgolemiot-nash-makedonski-nacionalen-praznik-ilinden/

5 авгӯст 2022

Пост 213

ОСТАВКА ЗА НЕО-СТАЛИНИСТИЧКАТА ВЕШТЕРКА ВО XXI ВЕК!

Министерката Бисера Костадиновска – Стојчевска допрва, по 70 години слобода, ни го открива ждановизмот како вистинско решение за потребите на својата квислиншка поданичка државичка, која не знае како да се справи со слободата на мислењето и со слободата на уметноста воопшто.

Таа сталино-заевската вештерка предлага уметноста да биде весела, ведра, шарена, за да ги разведрува луѓето, и да не нѐ враќа кон црнилата на минатото.

Е па, сталино-министерке, ждрановизмот, тоа ваше неочекувано идиотско „откритие“, е едно од најцрните црнила на минатото и на длабокиот мрак на сталинизмот, со кој Македонија, примете на знаење! – во уметноста се справи уште пред седумдесетина години, во она време кога уметноста во Бугарија уште носеше советска рубашка, црни кожени кагебеовски јакни и пиштоли околу појасот, а Тодор Живков им беше највисокото мерило на демократските и уметнички слободи на тнр. диригирана уметност.

Толку за вас и за вашите „диригирани“ идеи, за Протоколот, за ждановизмот и за сталино-заевизмот со кои „спектакуларно“ ја одбележавте оваа година. Веднаш поднесете си оставка. Немате вие што да барате во културата, особено не како министерка.

5 август 2022, Фејсбук

Оста̄вка за нео-ста̄линистӣчка̄та веште̄рка во XXI век!

https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0adbMzf9zSYC3kX9sTWpTX7egtZ3GYzMSZYaxHmU1FuKC2cozyBoa3So6e8oKLEkl

6 август 2022, Денешен.мк Online
Оставка да напише заевската вештерка која бара да се пишува и твори уметност која ќе биде весела, ведра и шарена
https://denesen.mk/kliman-ostavka-da-napishe-zaevskata-veshterka-koja-bara-vo-makedonija-da-se-pishuva-i-tvori-umetnost-koja-kje-bide-vesela-vedra-i-sharena/

20 декември 2022, МКД Online
За ждановизмот на министерката за култура
https://www.mkd.mk/kultura/knizhevnost/aldo-kliman-ostavka-za-neostalinistichkata-veshterka-na-21-vek

14 авгӯст 2022

Пост 214

„МАЈЧИНИ ПИСАТЕЛИ“

На „мајчин јазик“ е напишана цела една „мајчина литература“ од „мајчини писатели“, кои денес сосема се загубија „во мајчина“ . Ќе имаат голема работа сите библиотеки, универзитети и институти во светот во своите каталози македонската литература и македонскиот јазик да ги преименуваат во „мајчина литература“ и „мајчин јазик“. Голем поздрав до „мајчините писатели“.

14 август 2022, Фејсбук
„Мајчини пӣсатели“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0gUb8JrcdiXHXR9NMzCxt4HX4JfmoVZ8hgtoBUcrZPwSu8CPnyKmTs4b2fjWFCZFUl

8 септември 2022

Пост 215

МИТОЛОГИЈА И МИТОМАНИЈА НА НЕУСПЕХОТ

Тој што не знае да управува со сопствениот дом, нема да знае да управува ниту со вашиот дом. Тој што е ступиден уличарски лакрдијаш, сето она што го прави го претвора во ступидна уличарска лакрдија. Тој што е апсолутно неспособен да управува со Европската Унија, е апсолутно неспособен и не може да управува ниту со Македонија. Тој што очигледно лудачки однатре ја упропастува Европската Унија, подеднакво лудачки однадвор ја упропастува и Македонија. Затоа е крајно време во Македонија еднаш засекогаш здраворазумски да ѝ се стави крај на таа ступидна, лудачка ЕУ-митологија и ЕУ-митоманија. Митологијата и митоманијата на Европската Унија се митологија и митоманија на ќорсокак, на безизлез, и на целосен политички и економски неуспех и самоуништување.

Ќе се послужам со една мошне сликовита парафраза на големиот швајцарски писател и мислител Макс Фриш за *имаѓинацијата* и *фантазијата*: актуелните лидери на ЕУ имаат *фантазија* но не поседуваат никаква *имаѓинација*. Имено, тие само дрско и препотентно политички и економски фантазираат, но немаат ниту трошка хуманистичка имагинација за суштината на круцијалните општочовечки потреби и стремежи. Нивната политичка фантазија е, всушност, болно фантазирање по некаква си нова суперколонијална моќ и господарење над народите во светот, кои не им припаѓаат ниту историски ниту културолошки, а нивната стерилна, непродуктивна економска фантазија се потпира главно врз купишта новоотпечатени, всушност, безвредни, таканаречени „хеликоптерски“ пари, без фундаментално стопанско покритие, и претставуваат сигурен и неизбежен пат кон поразител-

на, сеопшта, сеуништувачка инфлација и економски крах. За секој вистински успех на сите полиња на човечкото дејствување е потребна имагинација. „Да фантазира може секоја будала“, вели Макс Фриш.

Малите македонски безидејни политичари-лакрдијаши се само мали бедни копии на малите безидејни европски политичари-лакрдијаши, кои имаат *фантазија* но немаат ниту трошка *имаѓинација*. Затоа малите македонски бедни безидејни политичари-лакрдијаши само си фантазираат за фантазиите на малите бедни безидејни европски политичари-лакрдијаши, а силата на имагинацијата што едноставно ја немаат безобѕирно му ја одземаа и натаму му ја одземаат на благородниот и вдахновен македонски народ, кој сиот свој цивилизациски растеж и подем низ историјата го темелел врз сопствената неспитомлива државотворна и културолошка имагинација и оригиналност.

Малите бедни безидејни македонски политичари-лакрдијаши се способни бескрајно да продуцираат само мали, ступидни, безидејни, бедни политички лакрдии и ординарни лудости. За тоа им беше потребен еден онанистички лакрдијашки театар, и една таква лакрдијашка сцена, при што весели, идиотски исклештени артисти и истовремено весела, идиотски исклештена публика ќе си бидат тие самите на себеси, заедно со своите ступидни весели лакрдијашки идиотски исклештени налогодавци и спонзори од Европската Унија. И, ете, затоа нашата жална Македонија си ја претворија во сопствен приватен ЕУ-ЛАКРДИЈА-ЛЕНД за политичко фантазирање и самозаљубено политичко, егзибиционистичко самозадоволување.

8 септември 2022, Фејсбук
Митологија и митоманија на неуспехот
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02AeenVMvs5nbUdnBaMq8vd4UguyZBuQd1nyCwN5J6L311pEhxruCNjVkx3kdsQ6itl

10 септември 2022

Пост 216

ПАРАДОКС

Денес, во најтрагичните, несомнено пресудни, решевачки моменти за судбината на Република Македонија и на македонскиот народ, прашањето на Европската Унија, на тој морален и политички гнилеж без преседан, и на тоа црно легло на етноцидниот антимакедонизам, наеднаш, после сè што видовме и што доживеавме од нив, повторно силно се наметна како недопирлива табу-тема и на власта и на опозицијата во Македонија.

И токму во тоа е проблемот: тоа несфатливо патолошко, хистерично проевропско единство на власта и на водечката опозиција, наспроти разочараниот и веќе доминантно евроскептичен македонски народ, кој токму тие лажни заштитници на демократијата и на прогресот и натаму успешно го држат потчинет така раскаран и нас'скан внатре во себе самиот и против себе самиот.

Тага, болка, и тешка национална парализа!

10 септември 2022, Фејсбук
Парадокс
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid02WMRxWRsZwKi3MMs9tKvLZSSsc7ZEqWE2bYRZ2xU8FfKvm5vvSRzXbCo3JGktPyjRl

16 септември 2022

Пост 217

МАКЕДОНСКА КРИПТОБИОЗА

Состојба помеѓу Животот и Смртта

Најнапред краток енциклопедиски цитат: „Криптобиозата (*Cryptobiosis*) е метаболичка состојба помеѓу животот и смртта, во којашто попаѓа некој организам како одговор на екстремно неповолни услови во неговата околина. Во криптобиотичката состојба сите мерливи метаболички процеси сосема престануваат, оневозможувајќи репродукција, развој и закрепнување. Дури тогаш кога условите на средината ќе се вратат во нормала, и организмот може да се врати во онаа состојба на животот каква што била пред појавата на криптобиозата“.

Употребувајќи го биолошкиот поим криптобиоза, можеме да речеме дека Република Македонија како држава и како општество минува низ долга фаза на национална, политичка и економска криптобиоза, низ најекстремно тешка состојба помеѓу Животот и Смртта.

Сите органски, логични, мерливи и со општоцивилизациските стандарди споредливи национални, политички и економски процеси во Република Македонија се сосема запрени до работ на летална, крајна, предсмртна состојба. Едноставно, веќе нема никакви објективни услови за реална општествена репродукција, развој и закрепнување. Сите јавно објавувани податоци во таа смисла се чиста кабинетска измислица и лага. Заев ја воведе бесрамната Лага во јавниот живот како стандард, како мошне успешно средство за опстојување на власт, а со тој и таков криминален стандард, еве, безобзирно се користи и новата постзаевска власт на чело со лажниот премиер Димитар

Ковачевски. Сурогатот на државата и на општеството насилно се одржуваат со вештачки, импортирани средства и со најгруби бирократски механизми и инструменти.

За државите, за општествата и за народите криптобиозата не е природна појава и состојба, па во случајот на Република Македонија таа е директна застрашувачка последица на невиден лудачки меѓународен и внатрешен лабораториски социоциден и етноциден експеримент, кој, иако, на крајот од краиштата, секако ќе доживее неуспех, еве, и натаму упорно, напрегнувајќи ги силите на отпорот на логиката и на разумот до крајните граници, до прснување, безумно се спроведува, предизвикувајќи страшни, немерливи и непоправливи штети за општеството, за државата и за нејзините жители, особено за македонскиот народ.

16 септември 2022, Фејсбук
Македонска криптобиоза
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0pr6RKVRDesKG9dJsxjgcrZ2D6bVQKHNYBcY2npEm4FFAKtLGDGfcCKbcsnArgK2Pl

16 септември 2022, Денешен.мк Online
Македонска криптобиоза
https://denesen.mk/kliman-makedonska-kriptobioza-zaev-ja-vovede-lagata-vo-javniot-zivot-kako-standard-sega-ja-koristi-i-lazniot-premier-kovachevski/

9 септември 2022

Пост 218

МАКЕДОНСКО ПОЛИТИЧКО ЗЕМЈОДЕЛИЕ

О, македонски политички и патриотски земјоделци, ве гледам и чудом ви се чудам како тотално дилетантски се обидувате и бедно се мачите барем нешто плодно да ви никне на таговно запуштената и заборавена македонска нива. Но погледнете се малку подобро: од сите страни, и на сите страни, како најлоши и најнеодговорни домаќини, без вистински обмислен план, без вистински продуктивни идеи, секој за себе, и слушајќи ги само советите на странските агрономи, безумно наоколу расфрлувате разни сорти неплодно хибридно семе по запуштената, закоравена, во бурјан и пелин зарасната македонска нива, и очекувате некој да ве доживее како умни, сериозни политички и патриотски земјоделци, и да ви поверува дека знаете што правите. Но тоа не оди така, ништо не постигнувате само со експерименти и импровизации од сезона до сезона, според вашиот непринципиелен принцип на обиди и неуспеси.

За да ви успее сетвата, и напролет жетвата да биде бериќетна и богата, почвата најнапред мора добро да се подготви. Пред сè, нашата нива, нашата македонска рајска градина треба да се третира како една целина, зашто не ви бива ништо од работата штом постапувате вака како што постапувате сега, парцелите што сакате да ги засеете или да ги засадите бесмислено ги држите оддалечени едни од другите и расфрлани наоколу која каде, па секој за себе, кој како што ќе му текне, со разни несоодветни алати, те копни ваму, те заорај таму, и белки нешто ќе никне. Не, секоја меѓу вас сега егоистично наметната меѓа треба веднаш да се одстрани, сета земја да се

поврзе во едно и единствено наше заедничко поле, и сè, со здружени сили, сложно, многу длабоко, добро и обмислено да се прекопа, да се преора, да се оплеви од изникнатите диви треви и коштреви, богато да се наѓубри со нашето најздраво традиционално домашно стајско ѓубре, а не со овие увезени вештачки отрови што ја уништуваат благородната издашност на нашата автентична земја, навикната на нашиот проверено успешен национален третман во одгледувањето и негувањето на автохтоните култури. И тогаш нашата земја ќе ви каже благодарам, тогаш раскошно ќе ве награди, тогаш Македонија штедро ќе ви возврати како единствено, најубаво и најплодно поле на Балканот.

9 октомври 2022, Фејсбук
Македонско политичко земјоделие
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid0Bp3HVytyiJuyPErW2y-K6Kg1csRvmqWwdiaYzCivRxM9CpiRsC7k4EfwQnkr38E32l

20 октомври 2022

Пост 219

„ЗАДОЛЖИТЕЛНА СОЛИДАРНОСТ“

ЕУ-глупоста добива нови крилја

Во врска со енергетската криза, која станува сè поголема, понеподнослива, позастрашувачка и понепремостлива, и околу која, како што известуваат европските медиуми, во ЕУ постои „цврсто неединство“, побарано е од сите нејзини членки да покажат таканаречена „задолжителна солидарност“. Со таа идиотска измислица, која сама по себе претставува contradictio in adjecto, повторно е „збогатен“ апсурдниот политички речник на ступидните европски ултра-бирократски ништители на секоја цивилизациска смисла и на длабокото хуманистичко значење на поимот „солидарност“. Поимот „задолжителна солидарност“, всушност ,значи „обврска“, а она што е „задолжителна обврска“ претставува „наредба“, и никако не може да биде израз на солидарност, која е и може да биде само спонтана, ослободена од секакви државни и политички стеги и наредби. Затоа и се вика солидарност. Се разбира, таа „задолжителна солидарност“ е веднаш осудена на неуспех и на пропаст, а заканата дека во претстојнава зима „на еу-волкот ќе му се смрзне опашот“ е сè поизгледна и поверојатна. Во бриселските рајски одаи веќе интензивно се исклучува, или радикално се намалува греењето. Ќе има таму многу еу-настинки, еу-грип, и еу-кашлици, додека на едно друго место, на топло, ќе се пие чајче по избор...

Да не биде заборавено: еден од клучните креатори и актери во паничното обмислување на бесмислицата „задолжителна солидарност“ е стручњакот за „балкански методи“ Јоханес Хан. Ај, со здравје!

20 октомври 2022, Фејсбук
„Задолжителна солидарност“
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid037sF3awvouyf8CB32fCjiSnSgxDSxSeSYyyVxJNWkPz8pBGoCucFeDTMzzHc9yc1Ql

3 февруари 2023

ДВЕ МАФИИ И МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА АГОНИЈА

Македонија е заложник на две опасни атипични мафии со кодни имиња ЗЗ и АА, и со официјално регистрирани мафијашки фирми – СДСМ и ДУИ. Текстот што следи е обид и нив самите, – тие што ни ја уништија Македонија – и нивните верни поданици, да ги освестиме дека тие се најобични мафијаши, криминалци, а не никакви политичари и угледни луѓе како што си се замислуваат себе си и како што сакаат и ние да ги третираме.

Од криминал до „углед“, и назад на дното

По повеќе од шест години надреална општествено-политичка агонија на Македонија и особено на македонскиот народ, неминовно се ближи и моментот на разврската на нашата македонска национална драма, и веројатниот крај на оние најдолни ништожници што ги предизвикаа сите тие невидени бури, што ги создадоа сите наши ужасни национални и лични понижувања, болки и црнила, и што и натаму нè држат како заложници на својот организиран политички, стопански и секаков друг криминал и корупција, на своето лудило, и на своите безочни велепредавства.

Знам, можеби некој и ќе се запраша чуму ваков текст сега, кога конечно и така и така сè излезе на видело, кога веќе сè е кажано, и кога сè ни стана сосема јасно, но, по некаква несопирлива инерција на општиот колапс на самодовербата и на самопочитта, многу нешта сè уште се чинат нејасни, несфатливи и се надвор од досегот на нашето логично расу-

дување и на какво и да е позначајно влијание. Едно, меѓутоа, е сосема сигурно: сакале тие или не, па дури и на што и да излезе, се ближи крајот на виновниците на овој страшен, повеќе од полудецениски национален кошмар, терор и срам, а сепак некои нешта, барем во смисла на нивната конкретна и цврста, и не само некаква необврзувачка и лесно соборлива колоквијална дефиниција пред современата македонска и меѓународна јавност, сè уште не се искажани до крај прецизно, и особено не без куртоазни политички влакна на јазикот. Затоа, на крајот од овој „дел" од „новата историја" што ни ја создаде патолошкиот заевизам, барем ќе се обидам да дадам една поизострена слика за вистинската мафијашка рамка и основа на овој морбиден, велепредавнички, авторитарен, диктаторско-полициски период, кој несомнено е на издишување, но кој сè уште не само што може да ни задава страшни, смртни удари, туку тој тоа, гледаме, и натаму хистерично и безочно го прави.

Уште од самиот почеток на македонската библиска трагедија со инсталирањето на заевската квислиншка власт, иако тоа поради низа пресложени фактори навистина не беше лесно веднаш да се сфати, во Македонија се издиференцираа две официјални мафии, екстремно опасни криминални организации со најоригинална генеза во општопознатиот мафијашки свет, во кој токму како такви се прифатени и интегрирани на еден свој, сосема особен начин. Нивните кодни имиња се ЗЗ и АА, а зад тие иницијали стојат имињата на Зоран Заев и Али Ахмети, лидери на две, при македонските државни институции уредно регистрирани мафијашки фирми – СДСМ и ДУИ, како единствен пример во светот на совршена симбиоза и кохабитација на државата и мафијата.

Како и безброј други, за едно нормално, цивилизирано, демократско општество апсолутно застрашувачки прецизни

и неприфатливи поими, кои, за жал, во последниве шест години на манијакално разгорениот сеуривачки и сеуништувачки заевизам сосема ја одредуваа и ја одредуваат општествената стварност во Македонија, така и зборовите „мафија“, „мафијаши“, „мафијашки“, „мафиозо“ и сл., мошне фреквентно се појавуваат и функционираат во колоквијалната употреба меѓу народот, и особено на социјалните мрежи, а во последно време, неретко, иако поради перфидната стигма „говор на омраза“ и мошне претпазливо, се појавуваа дури и во политичкиот речник на некои актуелни актери на општествено-политичката сцена во Републикава. Па сепак, и покрај стравотниот деструктивен замав што го земаа на сите полиња и во сите сегменти, од клучните државни и институционални артерии до најситните општествени капилари на јавниот живот и на јавните дејности, и покрај тоа што сосема разголено, нескривечки безобзирно дејствуваат во најразлични интересни насоки, досега не се најде никој, ниту во политиката, ниту во судството, ниту во безбедносните служби, ниту пак во медиумите, јасно да ги дефинира и да ги официјализира како такви, како мафии, и на тој начин да им ја одреди и да им ја обзнани онаа општествено-политичка и економска сериозност и тежина, што навистина ја имаат во безочното криминално разјадување, растурање, ограбување, и однатре и однадвор, на државното, економското, институционалното и социјално ткиво на Македонија.

Но, како што реков погоре, мора да се признае дека реално и не било така едноставно да се даде таква категорична и конечна дефиниција за тие две мафии, ЗЗ и АА, пред сè заради апсолутно оригиналниот урнек на генезата и на сложените и слоевити ефекти на нивното здружување во опасни криминални организации, што е досега навистина невидено во познатиот мафијашки свет. Затоа зборовите „мафија“, „мафи-

јаши“, „мафијашки“, „мафиозо“, како означители на нивното бескрупулозно мафијашко однесување и дејствување, главно инцидентно се појавуваа, и постапно се разводнуваа во секојдневната колоквијална комуникација на обичните граѓани, или на нивото на повремен, речиси сосема немоќен изблик на јавен вербален одговор и отпор кон тоа најцрно општествено зло што ја погоди Република Македонија.

Овој текст е обид и нив самите, и нивните верни поданици, да ги освестиме дека тие се најобични мафијаши, криминалци, а не никакви политичари и угледни луѓе како што тие си се замислуваат себе си и како што сакаат и ние да ги третираме.

Во што е посебноста на генезата на двете атипични мафии на Зоран Заев и на Али Ахмети?

Имено, сите познати мафијашки организации во светот својот зародиш го имаат во ситниот уличен криминал и насилство, кои постапно окрупнуваат, цврсто се структурираат на нивоа на дејствување од најмалите улични криминалци, извршители, тнр. *војници*, кон сè повисоките позиции во *фамилијата*, така што се создава онаа позната пирамида на моќ на чиј врв е главниот *бос*, *газдата*, *capo di tutti capi*, во сицилијанската мафија именуван и како *дон*. И сите тие, на сите нивоа на мафијата – а ова посебно го нагласувам! – се сосема свесни дека се криминалци, дека се луѓе надвор од законот, независно од тоа дали тоа бил нивен личен избор, или пак по стек на околностите попаднале во криминални води. Конституирањето на тие мафии, значи, се одвива одоздола кон горе, и трае со години и со децении, сè додека не се оформат сосема и додека цврсто не се етаблираат во останатиот постоечки мафијашки свет, со јасно изделени постапно заземени територии, како и со видови на некои нивни предоминантни активности: дрога, проституција, трговија со оружје, трговија со бело робје, перење пари, рекетирање

или сето тоа комбинирано... Денес навистина многу се знае за организациските карактеристики на мафиите и за нивните *modus operandi*, и тоа не само од обемната светска публицистика и низата врвни документарни филмови, туку и од крајно сериозните, содржински и уметнички продлабочени и мошне уверливи филмски и тв-екранизации, какви што беа, да речеме, филмската трилогија „Кум“, или серијата „Сопраноси“.

Најголемите мафијашки организации во светот, какви што се сицилијанската, руската, колумбиската, јапонската или албанската мафија, се екстремно опасни, распространети низ светот и цврсто меѓусебно вмрежени во сите оние сегменти во кои имаат важни допирни точки. Секако, една од нивните главни „грижи“ е како да функционираат непречено и „невидливо“ пред своите перманентни прогонители, полицијата и судовите, но веќе самото нивно постоење и опстојување во толкав неверојатен број, и со толкава финансиска моќ и несомнено општествено влијание во низа средини во кои што дејствуваат, говори за тоа дека таа нивна мимикрија успешно функционира. Повременото „паѓање“ на босовите е сосема симболично во однос на нивниот број и на способноста на мафиите во таквите случаи веднаш и бргу да се регенерираат и да се реконституираат.

Најмоќните босови во мафијашкиот свет уживаат во тоа да се покажуваат со својот гламурозен живот и со својот божемно висок општествен статус (големи, непрегледни имоти, хациенди, вили, приватни авиони, скапи коли, патувања, најлуксузни хотели, значајни познанства во џет-сет круговите, убави жени, слуги), но, на крајот, сепак, единствен сон на секој од нив останува преку таа своја валкано здобиена моќ постапно „на општеството да му се вратат“ како пречистени, фини, угледни, ценети граѓани, сосема пожелни дури

и за најважни места во највисокото политичко милје. Во тоа главно мошне ретко успеваат во текот на својата прва, „крвава“ мафијашка генерација, иако несомнено има и такви случаи, но многу поуверливо тие и такви цели на „граѓанска лојалност, интелектуална префинетост, образование и углед во општеството“ им поаѓа од рака дури на претставниците на втората, третата, или најчесто на четвртата генерација, кога правта за најдолните, највалкани, крвави криминални почетоци и незаконското минато на нивните претци веќе сосема се слегнала, а водата околу нивните валкани животи целосно се смирила. Ете, тоа е тој сонуван пат на секој мафијаш: од уличен криминал до општествен углед, од тепач, уценувач и гангстер, до господин во убави, скапи, маркирани облекла и вратоврски, со фенси диоптриски наочари што даваат изглед на божемен редок интелектуалец и мудрец, а притоа и мошне ценет граѓанин во својата средина, и пошироко, втемелител, сопственик и претседател на некаква измислена хуманитарна фондација, и слично.

Стремежот на мафијашите и на нивните организации за подем кон највисоките сфери на општеството, сè до самиот државен врв и до највисоките позиции во клучните државни институции, има две компатибилни причини: првата е исклучиво „деловна“, што подразбира создавање услови за непречено криминално дејствување на организацијата, а втората е „лична“, би рекол, „фројдовска“, што значи патолошки обид за општествено редефинирање на својата личност од беден криминалец и злосторник во влијателен, угледен член на општеството, сосема ослободен од мизерното минато. Во познатиот мафијашки свет тоа не е ништо особено ново, и оттаму доаѓа и онаа позната, многупати цитирана реченица: „Сите држави имаат мафии, а нашата мафија си има своја држава“.

Се разбира, во оваа претходна, штотуку претставена слика за мафијашите, нема никакви скриени алузии за мафијашките босови, „нобеловецот“ Зоран Заев и „почесниот доктор“ Али Ахмети. Но, како што вели Наполеон, од *големото* до *смешното* има само еден чекор.

Сите нешта кажани погоре исцело важат и за нив двајцата и за нивните две мафијашки организации во Македонија, СДСМ и ДУИ, само што принципот на нивното дејствување и патот до тие нивни лични патолошки фантазии да станат „угледни граѓани“ бил сосема поинаков и, мора да се признае, во однос на познатите мафијашки примери, мошне оригинален, иако поседнакво валкан до грло.

Нивната „оригиналност“, меѓутоа, не беше одредна, ниту пак дефинирана, од некаква си нивна невидена мафијашка „генијалност“, туку пред сè од вантрешно- и надворешно-политичките околности, а се состоеше во тоа што, наместо да растат од ситниот уличен криминал „кон горе“, веднаш, со сите средства тргнаа „од горе“, од државата, од заземањето најмоќни позиции во политиката, во власта, во правосудството, во полицијата, во војската, и во сите јавни и општествени институции и во медиумите, а патем паралелно ја зацврснуваа својата мафијашка мрежа во физичките и социјалните ареали на своето криминално дејствување, така што „базата“, т.е. таканаречените „втори, трети и четврти ешалони“, па сè до последните најдолни, банално индоктринирани, но егзистенцијално осигурани *војници*, насилници по улиците, на стадионите, на социјалните мрежи, и на други јавни места, се конституираа сами по себе, во услови на за нив една сосема релаксирана мафијашка клима. Навистина, многу нешта притоа им одеа и на рака, а Заев и Ахмети, и двајцата психолошки сосема поместени, секој на свој начин, тоа совршено вешто го искористија за успешно да си ги структу-

рираат пирамидите на своите две мафии, ЗЗ и АА, како одделно секоја за себе, така и едната во однос на другата во поглед на договорената меѓусебна поделба на сите сегменти на нивните јасно назначени интересни сфери во државава. Меѓу овие две мафии е воспоставен цврст, нераскинлив мир, а изјавите за божемните повремени „тензични разговори“ помеѓу двајцата босови претставуваа само дел од циничниот мафијашки фолклор пласиран во јавноста. Токму затоа за сето време на нивното безумно царување и арачење толку „глатко“ функционираше, и еве, и во актуелнава, донекаде флексибилно редефинирана форма со лажниот премиер и политички кловн Ковачевски alias Заев на чело, сè уште успешно функционира нивниот комплексен злосторнички потфат врз Македонија и врз македонскиот народ.

Врз што се втемелени и врз што толку цврсто се потпираат овие двајца опасни мафијаши и нивните атипични мафии?

Од моментот на наглиот целосен цивилизациски пресврт и радикалното ресетирање на меѓународниот поредок во деведесеттите години од минатиот век, па сè до денес, како економски, општествено-политички и етнички најнестабилно и најтрусно подрачје во светот се покажаа токму државите од распаднатиот социјалистички и комунистички блок, вклучително и Република Македонија, и со самото тоа станаа широм отворено и небрането, атрактивно ловиште за сите видови на отелотворено внатрешно и надворешно Зло. Во заемниот остервен и немилосрден натпревар во преземањето и грабежот на државите и на нивните витални институции, на нивните социјални содржини и на стопанските, економските и финансиските ресурси, најагилни се покажаа *политиката*, т.е. *политичарите* (или оние што себе си така си се дефинираа), и, се разбира – *мафиите*. Очекувано, како клучен катализатор во тие незапирливи драматични промени веднаш се наметнаа

и светските центри на политичката, економската и воената моќ за да можат брзопотезно, ангажирано и најдиректно да учествуваат во распределбата на новите интересни сфери, па и на оние старите до кои дотогаш не успеала да досегне нивната предаторска рака.

Најважниот, пак, конститутивен елемент на секоја држава – народот, во новосоздадените пост-комунистички држави, речиси без исклучок, остана со кратки ракави. По првата поетична фасцинација и восхит од крајно површно сфатениот поим – демократија, дотогаш апсолутно непроверен врз сопствената кожа, и по разбирливата егзалтација и оптимистична загледаност кон „новата иднина", народот почна „демократски" да им ги доверува мандатите на политичарите од најразлични општествени провениенции, од оние од старите, закоравени соц-реалистички и комунистички кадрови, нагло пресоблечени во „ново демократско руво", до новопечените политички скородојденци, неретко и најобични дилетанти и аналфабети. Се покажа, меѓутоа, дека во „младите демократии", буквално сфатениот поим „мандат" подразбира сосема одврзани раце и практично неограничено дискрециono право во располагањето со државата и со нејзините вредности. А во таа најсложена општесвено-политичка транзиција што секавично протатни низ источноевропските и балканските земји, поради општопознатите специфични културно-историски околности и вековните безобѕирни посегања на соседите, најтрагично помина токму Македонија.

За македонскиот народ беше погубна целосната сосема некритичка *идентификација*, поточно вешто извршената *замена* во претставите на јавноста на овие две опасни, морбидни *мафии* со официјалната *политика*, идентификација која тие, со сите расположливи средства и квази-државни и квази-политички инструменти и натаму мошне успешно ја одржуваат во нај-

големиот дел од поделената македонска јавност. Мафиите ЗЗ и АА, цврсто етаблирани како насилно однадвор инсталирани или само *pro forma* демократски избрани носители на државната политичка, судска и стопанска / финансиска моќ, се чувствуваат сосема безбедно таму каде што се наоѓаат – т.е. на врвот на апсолутната, подарена но и насилно дограбена моќ, и немаат никаква намера оттаму да се истават, да ги соблечат своите лажни господски политички облекла и свилени вратоврски, и одново да се покажат онака соголени, валкани, во своите отпаднички, криминални, мафијашки рува.

Веднаш ќе се обидам да објаснам како се структурирани, од една страна, „целите“ и „методологиите“ на тие две мафии, но, од друга страна, и илузиите, заблудите и интересите на нивните крајно предани *војски* и *војници*, на што, вчудоневидени, сведочиме веќе цели шест години, но чувствувам дека на ова место би требало да одоговорам и на прашањето кое како да лебди во воздухот уште од првите редови на овој текст: имено, зошто воопшто го спомнувам Зоран Заев кога тој веќе „евидентно“ не е во врвот на македонската државна политика?

Не, мафијашкиот бос Зоран Заев од разни тактички причини, свои и туѓи, само привремено се повлекол, или е ставен во втор план, во „лер“, со намера како своевидна *сива еминенција* и натаму, како некаков „невин виновник“, да ја сокреира квислиншката државна политика, и, се разбира, со крајна цел повторно, на голема врата, но сега „како угледен господин“, „успешен деловен човек“, „мудрец“ и „голем добротвор“, да се врати во високата државна политика, а како несуден „нобеловец“ – зошто пак не и во меѓународната. Верувам дека времето ќе покаже оти тој негов, донекаде и меѓународно и внатрешно изнуден потег, за него всушност беше една ризична авантура, со разни можни исходи, на кои мошне скоро ќе сведочиме, но исходи секако неповолни за него. Веќе и неодамнешните ме-

шаници во СДСМ, и засега само благо покажаните амбиции на Заев и на Филипче повторно сосема да загосподарат со мафијата регистрирана под тоа партиско име, укажуваат на тоа дека статусот на Заев како бос на својата мафија значително е разнишан, како, врпочем, и статусот на Али Ахмети во неговата мафија ДУИ, на кој, од една страна, неговиот *Underboss* или *Consiliere* Артан Груби постојано јавно му ја искажува својата божемна верност и преданост, додека, од друга страна, во ДУИ многу поизразено и во подолг континуитет, речиси секојдневно, се одвиваат турбулентни мешаници, со цел нивниот актуелен бос да биде турнат од тронот и заменет токму со вице-босот Артан Груби, или со некој друг чиешто име сè уште не протекло во јавноста, но кои очигледно имаат претензии да го тргнат Ахмети и самите да заседнат на местото на *capo di tutti capi*.

Дека мешаниците, возбудите и напнатостите во овие две мафии се реалност, и оти Зоран Заев сè уште е признаен бос на својата мафија, сведочи и неодамнешната ненадејна „посета“ на Али Ахмети и на Артан Груби во домот на Заеви кога, „во духот“ на мафијашката „етичка“ лојалност и немешање во работите и во „територииte“ и „подрачјата на дејствување“ на другата страна, требаа меѓусебно да си ја искажат довербата и добрата волја за заемен мир и соработка на мафиите, што тие, според некои медиуми, наводно и го сториле.

Инаку, во општопознатиот свет на мафиите за тие „смени“ на босовите постои многу прецизна, холивудска парадигма: крвава внатремафијашка пресметка, или некаква местенка, бомба во автомобил, и слично. Но во светот на овие две оригинални мафии, ЗЗ и АА, кои пред сопствената и пред меѓународната власт го заиграа театарот на високата политика и на демократијата, главите на босовите не можат да паѓаат така едноставно. За тоа е потребна некаква божемна цивилизира-

на политичка атмосфера, потребен е некаков изборен ритуал, божемно придобивање на внатрепартискиот (читај: внатремафијашкиот) електорат, фарсата мора да се одигра до крај, па дури и кога сите знаат дека сето тоа е театар, па дури и кога сите знаат дека се бедни проѕирни артисти, па дури и кога знаат дека и тнр. „меѓународни фактори" знаат оти тоа е само нивна и заедничка евтина мајмунска игра, сите тие и натаму упорно глумат и глуматаат некаков си „фестивал на демократијата". Тоа тегавење реално им создава тензии, вриења во мафиите, се појавуваат вакви и онакви изјави во медиумите, а потоа и деманти, и постојано нови перформанси на јавни потврдувања и колнења во верност кон актуелниот бос, „зад кој", како што велат, „стојат сите", само имаат некои мали забелешки кон неговата „работа".

Ете, такви големи проблеми во таа смисла имаат „мафиите што имаат своја држава", и не можат туку така да си ги декапитират босовите. Дури и сосема растурената држава каква што ја направија Република Македонија сè уште е рамка, некаква нивна „мафијашка етичка рамка", но сепак рамка што колку-толку ги држи собрани на едно валкано, длабоко лицемерно криминално купче.

Но сосема е евидентно дека во двете мафии, ЗЗ и АА, лесно можат да се уочат и разликите во однос на решавањето на тие нивни „кадровски прашања" и потребите од повремени декапитации на босовите и издигање на нови мафијашки лидери, а тоа, се разбира, произлегува од различноста на нивните „програмски цели", на нивните модели на однесување внатре во самите мафии кои исцело дејствуваат од позиција на највисоката државна политика.

Основен стожер на успешната транзиција, трансформација и структурирање на СДСМ и ДУИ од партии во мафии со блеферски политички бекграунд е, како што самата си се на-

речува, „меѓународната заедница“, сочинета од Соединетите Американски Држави, НАТО и Европската Унија. За нив и за нивните цели во Македонија веќе сè е кажано, и воопшто нема смисла за тоа да се трошат зборови: нивната единствена цел е Република Македонија и македонскиот народ како негова основна и највитална конститутивна сила да ги снема од лицето на светот, и тоа на најперфиден начин – „со убаво“, по институционален пат, преку консензуални „демократски одлуки“ во Собранието, самите да си се укинат себе си.

„Со сила ли? Не, зашто на тоа ќе му се даде отпор,
Туку со измами и лаги.“
Џон Милтон: „Изгубениот Рај“, V, 242-243

... Иако, за волја на вистината, зборот „сила“, денес, во време на најсофистицирани хибридни методи на владеење, има сосема друго значење, а македонскиот народ е единствениот во современа Европа што врз својот страдалнички грб веќе ја искуси неговата сурова, деструктивна и смртоносна моќ. Крајната цел на „нашите“ таканаречени „стратешки партнери“ е територијата на поништената држава Република Македонија сосема да се редефинира според нова, за нивното господарење екстремно поедноставна геостратешка формула, т.е. со еден, до неодамна релевантен, етнички/национален, односно државен/политички субјект на Балканот – Република Македонија – помалку.

Уверувањата, идеологиите

Политичките концепти успеваат или пропаѓаат доколку се или не се во дослух со *уверувањата*, *стремежите* и *очекувањата* на јавноста, која самата по себе е иманентно комплексна по сите овие прашања.

Првото ниво на раздробувањето и овладувањето со политичката јавност се *уверувањата*, *идеологиите*. На македонските политичари од сите фели во изминативе триесеттина години им успеа, според нивните недржавнички, најегоистични и ступидни интереси, апсолутно да ја раздробат и сосема да ја атомизираат македонската политичка јавност. Од првите класични престројувања на *лево*, на *десно* и на *центар*, денес дојдовме до една целосна политичка „идеолошка" какофонија во која е измешано сè и сешто, а *уверувањата* и *идеологиите* претставуваат само параван за сосема други нешта. И *левите* и *десните* и *центарот* си одбраа одделни историски *мемории* како свои идеолошки ниши и заштитни знаци и како основа за своите политички наративи насочени кон домашната и кон меѓународната јавност, но кога сите, или особено, според нивната бројност, најглавните партиски субјекти во државава, ќе ги ставиме на исто рамниште на нивните основни декларирани политички *стремежи*, а тоа е влегувањето во НАТО и во ЕУ, сите нивни идеолошки разлики веднаш исцело се поништуваат и исчезнуваат во најобично неуверливо политичкото фразерство и продавање флоскули.

По раздробувањето и консолидацијата на масите во божемни *идеолошки* блокови врз тие и такви, всушност, сосема квази-идеолошки основи, бидејќи, реално, воопшто не се темелат врз никакви сериозни научни истражувања или јавно декларирани научни политички теории, туку врз најобични импровизации на случајни политички скородојденци, приучени, квази-политиколошки партиски дилетанти и аматери – во Македонија паралелно се одвиваше и политичкото раздробување врз *етнички* основи. Притоа јасно се издиференцираа *македонскиот* и *албанскиот* политички блок, да ги спомнам само најрелевантните. *Македонскиот политички блок* ги подразбира македонските политички партии собрани око-

лу непомирливите, смртни политички противници СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, а *албанскиот политички блок* неколкуте помали партии и најголемата ДУИ. Се разбира, немам намера да откривам топла вода, зашто ова на сите им е познато, туку сакам само да го потцртам она што длабински ги разликува нивните концепти, и причините зошто Македонија е турната во толку длабока, безизлезна црна дупка.

Стремежите и мотивите

По предвремените парламентарни избори во 2016 година и со насилното меѓународно инсталирање со државениот удар извршен во Собранието на Република Македонија на 27 април 2017 година на квинслишката, велепредавничка власт на Зоран Заев и на СДСМ во колациија со големоалбанската ДУИ, нагло се создадоа услови за брзо и радикално свртување на курсот и на судбината на Република Македонија од независна, самостојна, суверена држава, кон некаква си аморфна вештачка државичка со реален статус на обичен меѓународен протекторат, изложен и подложен на сите можни манипулации, грабежи и деструкции, институционални и финансиски. Тие тенденции не беа ништо ново, туку само продолжение на истите (надворешни – меѓународни, и внатрешните – големоалбански) стремежи уште од нејзиното осамостојување, но со уривањето на државното уредување и со силециската, криминална промена на Уставот на Република Македонија и нејзиното неуставно преименување започна процесот на хистеричната велепредавничка распродажба на нејзиниот суверенитет и на меѓународно завереният државен идентитет, безобзирно поткопување на сите македонски државни и институциолни носечки столбови, и уривање на државата однадвор и однатре.

Токму во тој момент започна и забрзаната трансформација на СДСМ и на ДУИ од политички партии во криминални

организции со јасни мафијашки белези, а таквото нивно реконституирање имаше целосна логистичка поддршка од надворешните центри на политичката, економската и воената моќ: САД, НАТО и ЕУ. Така за кратко време крајно дрско сосема ја преземаа и практично ја приватизираа државата и нејзините институции, и почнаа башибозучки да арачат низ сите нивни структури.

На ова место дојдовме и до прашањето на *стремежите* и на *мотивите* на едните и на другите.

Недвосмислените и агресивни барања на НАТО, на Соединетите Американски Држави и на Европската Унија на кои тие најсервилно поданички одговараа, силно ги стимулираа, пред сè личните *стремежи* и *мотиви* на двајцата босови, Заев и Ахмети, но и на нивните партиски војски во насока на јакнење на авторитарната држава, при што дојде до нивната целосна идентификација со неа и со нејзините институции, како и до запоседнување на сиот јавен сектор низ кој се разлеаја краците на невидена меѓусебно договорена партизација од страна на едните и на другите, заради јакнење на нивната тоталитарна политичка, институционална, правосудна, репресивна и, се разбира, стопанска / финансиска моќ, и создавањето поданичка пирамида „кон долу", како и цврста, безусловна егзистенцијална поврзаност со својата политичка и изборна база. За кратко време вистинската моќ на Заев и на Ахмети, и на нивните *андербосови* и *консилиери* стана апсолутна, а судбината на целата држава и на нејзините жители премина во рацете на десетина опасни мафиози распоредени во министерствата во Владата и во Парламентот. Претседателот Пендаровски пак беше замислен и избран (читај: поставен, инсталиран) само како *претседателска карикатура* на *државата како карикатура*, кој со својот потпис ќе ги аминува нивните мафијашки злодела.

Одовде веќе може да се следи разделницата на *стремежите* и на *мотивите* на Заев и на Ахмети, како мафијашки босови,

точките каде што тие се допираат и се преклопуваат и каде што одат во различни насоки, со истата конечна цел – уништување на автентичната асномска Република Македонија и зацврстување на својот мафијашки простор на дејствување, но, во исто време, и илузиите на нивните партиски и поданички *војски*, едните егзалтирани и занесени од илузорните квази-космополитски и исцело фашизирани идеологии, а другите хранети и носени од нескриена шовинистичка омраза, а главно и едните и другите сосема несвесни дека опасно им припаѓаат, оти бедно им служат, и се дел од мафијашките ЗЗ и АА структури.

Допирната точка на двајцата мафијашки босови се нивните идентични *стремежи* кон евро-атлантските интеграции, но *мотивите* што во тоа ги раководат им се сосема различни.

Тешката психопатолошка изместеност и нескриениот нарцизам, аналфабетизмот, најприземниот уличарски примитивизам, кримогениот карактер и апсолутно плиткото „разбирање" и токму таквото негово (само) вербално „практикување" на „социјалдемократијата" и на „космополитизмот" беа карактеристиките на Зоран Заев поради кои од странските фактори е доведен и грубо инсталиран на власт, и индуциран до крај да ги реализира нивните планови за целосна деструкција на Република Македонија, а сето тоа под мантрата за евро-атлантските интеграции кои се издигнати речиси до некаков фанатичен западњачки верски симбол и дури до своевиден апстрактен фетиш.

Стремежите на Заев за остварување на евро-интегративните цели се водени од неговите *мотиви* за патолошко самодокажување на беден човек-опинок, и шокантно создавање „кариера на голем, модерен домашен и светски политички космополитски лидер", (но особено во „Регионот"!), „нобеловец", сопственик и претседател на хуманитарна фондација, но истовремено воден и од мотиви за енормно богатење со сите средства, па и со поткупи, изнудувања и криминал, под закрила на сопствената власт и на нејзините контролирани правни лостови.

Раководен од тие цели, тој околу себе го присобра најдолниот аморален шлајм од редовите на СДСМ и надвор од него и создаде моќна врвушка што ѝ се наметна на партијата и сосема ја потчини и ја претвори во сопствена квази-политичка фирма, а користејќи го упорно и без прекин истиот банален лажнокосмополитски и оперетски патетичен евро-интегративен речитатив, успеваше да го мотивира и да го контролира своето „партиско“ и гласачко тело.

Стремежите на Ахмети за остварување на евро-интегративните цели се поклопуваат со истите *стремежи* на Заев, меѓутоа неговите *мотиви* се и многу попрагматични: да, целосна и неповратна деструкција на Република Македонија и креирање на внатрешни и меѓународни услови за создавање на Голема Албанија, но, за разлика од Заев, кој е само беден квислиншки пион и велепредавнички извршител на туѓинските предаторски цели, на Ахмети тоа му е политичка програма, којашто, впрочем, е сосема во дослух и со странските наручатели и замешателски фактори во Република Македонија. Со таа цел, и со поддршка од истите тие фактори, тој терористичката УЧК успеа да ја наметне и да ја регистрира како легална политичка партија, а пак во новосоздадените услови по државниот удар од 27 април 2017 година и создавањето коалиција со својот мафијашки партнер од другиот политички и национален табор, Зоран Заев, да ја трансформира во атипична мафијашка организација, со неколку клучни *консилиери* околу себе и покрај себе, инсталирани на најклучните министерски места во државата и на чело на Собранието, и истовремено со силна партиска и гласачка база во долниот дел на пирамидата. Цврстото мафијашко структурирање на државата од страната на Заев, се разбира, доби не само соодветен, туку и многу појак антипод во мафијашкиот одговор од другата страна, од ДУИ, кој сосема го потчини јавниот сектор и го наполни со свои вработени *војници* до последнато слободно работно место, а за тие потреби создаде и низа други измислени

места. Мечтата по граѓанските почести и уважувања на некаков си божемен „почесен доктор на науките“ за Ахмети е само примитивна колатерална придобивка, која очигледно многу му значи, па затоа е и инсцениран тој ступиден академски циркус со него, но луѓето што го опкружуваат во ДУИ, како Артан Груби, Бујар Османи, и воениот конвертит Талат Џафери, многу повеќе од него држат до тој и таков граѓански статус, иако не се во состојба, зад маркираните алишта, скапите чевли, „уметничките бради“ и царските канцеларии низ кои се башкарат да го сокријат својот најдолен примитивизам и својата мафијашка препотенција на политички скородојденци и новопечени моќници.

Во својата политичка база, во својата мафијашка организација СДСМ, Заев има многу помалку слични проблеми, зашто неговите поданици и натаму упорно го цицаат социјалдемократскиот, космополитски и западњачки идеолошки палец што им го поддаде Заев да се забавуваат и да им даваат отпор на „националистичките“ и „антизападни“ настојувања на опозицијата. Во ДУИ приказната, очигледно, е малку поинаква: се има впечаток дека главните антидржавни и антимакедонски цели успешно се одвиваат, но оти ни оддалеку не се искористени сите можности за безобзирен грабеж на разни нивоа. Во поширокатa слика на албанскиот опозициски блок, на кој ДУИ му е главното огледало, своевидно мерило за оваа политичка и граѓанска незаситност и потреба од натамошен безочен грабеж на државните ресурси е и своевременото уривање на тогаш потенцијалното ново парламентарно мнозинство (случајот на Реџепи) и итното влегување во владата на Заев од страна на Алтернатива, како, впрочем, и сегашните перманентни вртења и прецвакувања на темата за влегување на Алианса на Албанците во актуелната „влада“ на заевскиот кло(в)н Ковачевски , што секако, по најсвежите големоалбански „платформистички“ инструкции неодамна добиени во Тирана, наскоро секако и ќе се случи.

Очекувањата

Очекувањата на двајцата мафијашки босови, Заев и Ахмети, и на нивните мафии СДСМ и ДУИ, се дека оваа состојба, која реално претставува апсолутна парализа и целосен државен и национален безизлез, и натаму ќе потрае, и оти лека-полека, чекор по чекор, ќе ги доведе до нивните посакувани и сонувани цели:

– првите, дека со своите мизерни, подлизурковски, квислиншки и велепредавнички политики и најбезочни лаги на ступидни нарцисоидни кариеристи и злоупотребувачи на официјалната државна законодавна, извршна, судска и репресивна полициска моќ, на Македонија најпосле ќе ѝ го отворат Вишното ЕУ-Небо, а тие пред народот и пред светот ќе се докажат и ќе блеснат како неповторлива цивилизациска авангарда во задушливиот балкански политички котел, никако не занемарувајќи ги притоа слатките тендери и хедонистичкото уживање врз сметка на државните општонародни добра;

– вторите, пак, силно поддржувани од надворешните црни непријатели на Македонија и на македонскиот народ, а, меѓу другото, и благодарение на аналфабетските политички идиоти од другата, партнерска мафија на Зоран Заев, длабоко се уверени дека, успешно до крај ќе ја реализираат својата фашистичка големоалбанска Платформа за целосна декомпозиција и деконструкција на Република Македонија, притоа перманентно, на сите рамништа и на секој можен начин, ограбувајќи ја безочно токму со таа и таква примарна цел, вклучително и за политичка и секаква друга промоција на Косово и лобирање за него низ светот со средствата од македонскиот државен буџет, што значи од џебот на македонските граѓани, но, се разбира, и со цел за типично мафијашко богатење и создавање уште поцврсти, несоборливи кули на сопствената мафијашка, но и граѓанска моќ, и создавање на некаква си божемна „надчовечка“ албанска интелектуална елита.

Какви се можните очекувања на македонските граѓани за излез од оваа бесконечна национална агонија?

Оние што, и покрај сиот општествен ужас, креиран од велепредавникот и осведочен криминалец Зоран Заев и од неговата квази-партија СДСМ, сосема избербатена, згазена и потчинета од него, и трансформирана во атипична мафијашка организација, докрај инструментализирана и впрегната да им служи на неговите лични криминални и бизнис-интереси, како и на туѓунските освојувачки цели во Македонија, сè уште веруваат во него, тие, се разбира, исполнети со празна надеж, си ја очекуваат својата светла ЕУ-иднина која никогаш нема да стаса во Република Македонија, та дури ниту во заевската вештачка пачавра-државичка – северџанија, со мала буква.

Оние пак што дозволија да ги заведе, и лесно прифатија смртно и антицивилизациски да ги затруе најцрниот големоалбански сецесионистички, антимакедонски национал-шовинизам, и да му слугуваат на мафијашкиот бос Али Ахмети и на неговата атипична национал-крим-политичка мафија ДУИ, ќе мораат да го платат цехот на своите длабоки разочарувања што ќе уследат на крајот од оваа трагична заевско-големоалбанска антидржавна и криминална епизода, бидејќи Република Македонија, спротивно на нивните очекувања и надежи, нема да се распадне, зашто нејзиниот највитален конституент, македонскиот народ, и другите народности што живеат во неа, отсекогаш посветени кон вечната хуманистичка идеја на соживот под нашето заедничко македонско небо, едноставно, нема да го дозволат тоа.

Но, од каде кај мене ваков непоколеблив оптимизам? Зашто, знаеме дека единствено организираната држава има институции и правни алатки да се справува со мафијата и со нејзините злострорства, но кога мафијата, т.е. мафиите, каков што е случајот денес во Македонија, исцело ја поседуваат и управуваат со државата и со нејзините највитални институции, се чинат сосема

нереални очекувањата мафијата самата себе си да си се прогонува и да се уништува.

Тоа е затоа што јас верувам во народната мудрост која вели: „Никому свеќата не му горела до утрото“. Така ќе биде и со нив: ќе ги снема и пред да го сфатат тоа.

Зашто Македонија како Идеја е неизмерно поголема, немерливо постара и историски, и кон минатото и кон иднината, несогледливо потрајна од ступидното заевско-големоалбанско и евро-атлантско лудило, и има иманентен милениумски цивилизациски капитал и изворна хуманистичка сила и моќ да се справи со овој дивјачки, насила импортиран и внатре во нејзините недра бескрупулозно разгорен голобалистички и евро-атлантски сатанизам и Зло.

Не си ја даваме Македонија!

3 февруари 2023, Фејсбук
Две мафии и македонската национална аѓонија
https://www.facebook.com/KlimanAldo/posts/pfbid025TbQuRJGjRaJE33NKa35F4585sCgJY6QFUuS5LWqbsPwjvuReHfy63GSgUY2AY3Al

Алдо Климан, 2023 (фото: Катја Климан)

Алдо Климан, македонски и хрватски писател, прозаист, поет, есеист, литературен критичар, преведувач, новинар, издавач. Автор е на неколку книги кратки раскази, песни и книжевни критики, и член на Друштвото на писателите на Македонија и на Друштвото на хрватските писатели.

Роден е во Битола во 1950 година, а детството и младоста ги поминува во Скопје, каде што се школува. Основното образование го завршува во училиштата „11 Октомври“ и „Кузман Јосифовски – Питу“ во Скопје, средното во гимназијата „Орце Николов“ во Скопје, а книжевност дипломира на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Неколку години работи како новинар во Радио-Телевизија Скопје, а од 1982 живее и создава во Пула, Република Хрватска, каде што професионално се занимава со издавачка дејност. Организатор е и сподвижник на македонската национална заедница во Истра и во Хрватска, и еден од основачите и претседател на Македонскиот културен форум од Пула.